Број триесет и еден

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

_____

1. НАМЕНЕТО ЗА ЦРКОВНИОТ СОБОР

Болдер, Колорадо, 25. септември, 1881.

Драги браќа и сестри што ќе се соберете на црковниот собор во Мичиген:*

За овој собор се интересирам повеќе отколку за било кој друг одржан оваа година. Во Мичиген не е извршена работата којашто требаше да се изврши. Бог посадил важни институции меѓу вас и со тоа примивте на себе поголеми одговорности од било кои други Области во целото поле на работа. Ви беше дадена голема светлина, но малкумина ја примија; па сепак моето срце е полно со нежна загриженост за нашиот возљубен народ во Мичиген. Предупредувањето дека Синот човечки наскоро ќе се појави на небесните облаци на мнозина им станало како позната бајка. Тие повеќе не чекаат и не бдеат. Себичноста и световниот дух кои се покажуваат во животот го откриваат чувството на срцето: „Господарот мој уште за долго време нема да дојде". Мнозина се опфатени со толку голема темнина што отворено му даваат израз на своето неверие, и покрај тоа што Спасителот објавил дека сите такви се неверни слуги и дека делот ќе им биде со лицемерите и неверниците. {5C 9.1}

Нашите проповедници не ја извршуваат својата целосна должност. Треба да се обрне вниманието на народот на значајниот настан кој е толку блиску. Треба постојано да му се укажува на знаците на времето. Пророчките виденија на Даниел и на Јован претскажуваат едно време на морална темнина и опаѓање, но во времето на свршетокот - во кое живееме ние, видението треба да говори, а не да лаже. Кога претскажаните знаци ќе почнат да се остваруваат, тие што чекаат и бдеат треба да го насочат погледот горе и да ги подигнат своите глави радувајќи се, бидејќи се приближува нивното избавување. {5C 9.2}

Ако размислуваме за овие работи така како што треба, ќе се покажат подбивачи што живеат според своите страсти, говорејќи: „Каде е ветувањето на Неговото доаѓање? Зашто, откако татковците наши изумреа, сè си стои така како од создавањето на светот". Но „кога ќе речат: 'Мир и безбедност', тогаш ненадејно ќе ги снајде пропаст". „Но вие, браќа, не сте во темнина, та тој ден да ве затече како крадец". Фала му на Бога, нема сите да бидат заспиени во лулката на телесна сигурност. Ќе има и верни кои ќе ги препознаат знаците на времето. Иако голем број кои тврдат дека веруваат во сегашната вистина со своите дела ќе се одречат од својата вера, сепак ќе има некои кои ќе истраат до крај. {5C 10.1}

Во нашите денови постои истиот оној дух на себичност и прилагодување на световните практики како и во Ноевите денови. Мнозина, кои говорат дека се Божји деца, толку ревно се посветуваат на своите земни интереси, така што со тоа ја порекнуваат својата вера. Тие до последниот момент на своето време на проба (милост) ќе садат и градат, ќе купуваат и продаваат, ќе јадат и пијат, ќе се женат и мажат. Во таа

состојба се наоѓа голем дел на нашиот народ. Бидејќи беззаконието се намножило, кај мнозина љубовта оладила. Малкумина се оние за кои може да се каже: „Сите вие сте... синови на денот; ние не сме синови на ноќта, ниту на темнината”. {5C 10.2}

Мојата душа е обременета кога ќе видам голем недостаток на духовност меѓу нас. Модата и обичаите од овој свет, гордоста, љубовта кон забавувањето, љубовта кон покажувањето, претерувањето во облекување, во куќите и имотите - сето ова ја краде Божјата ризница, бидејќи парите кои би требало да се искористат светлината на вистината да се испрати во светот, луѓето ги употребуваат за задоволување на своите желби. Себичните интереси доаѓаат на прво место. Делото на квалификување на луѓе кои треба да работат за спасение на души не се смета за толку важно како земните потфати. Душите пропаѓаат поради недостаток на сознание. Оние што ја примиле светлината на сегашната вистина, а сепак не чувствуваат дух на работа да ги предупредат своите ближни за доаѓањето на страшниот суд, ќе мора да одговараат пред Бога за занемарување на својата должност. На нивните облеки ќе се најде крвта на душите. {5C 10.3}

Старите знаменосци станаа немоќни и паѓаат. Нашите млади луѓе не се поучени да ја чувствуваат својата одговорност кон Бога; малку мотивација им се дава ним за да работат во делото, така што се посветуваат на работа која најмногу се исплаќа, а бара најмалку труд и одговорност. Како што се приближува крајот, ние како народ, не напредуваме во духовноста. Не ја сфаќаме големината и значењето на работата што стои пред нас. Затоа и нашите планови не се пошироки и пообемни. Постои еден жалосен недостаток на мажи и жени подготвени да го вршат делото за ова време, кое побарува сè повеќе работа. {5C 11.1}

Ние не го извршуваме ни дваесеттиот дел од она што Господ го бара од нас. Луѓето се оддалечија од едноставноста на делото, го направија сложено, тешко за сфаќање и за извршување. Беа водени и управувани повеќе од човечки дух и мудрост отколку од божествениот. Мнозина сметаат дека немаат време да бдеат над душите, како оние кои мораат да положат сметка. И со што ќе го оправдаат запоставувањето на тоа важно дело што им е ставено во должност? {5C 11.2}

Младите луѓе во нашиот колеџ треба да се образуваат што е можно повнимателно и посеопфатно да се подготват да работат за Бога. Тоа беше целта заради која е основана оваа институција. Нашите браќа треба да се заземат не само да го помагаат туку и да го чуваат колеџот, за да не скршне од своите цели и да не стане сличен на другите институции од овој вид. Верските аспекти треба постојано да се чуваат. Времето се ближи кон својот крај. Вечноста е блиску. Големата жетва треба да биде собрана. Што треба да правиме за да се подготвиме за оваа работа? {5C 11.3}

Водачите во нашиот колеџ треба да бидат побожни и посветени луѓе. Тие треба да ја земат Библијата за правило и водач на својот живот, посветувајќи внимание на сигурното пророчко слово како на „светлина која свети во темно место”. Никој не смее да се осмели ниту еден момент да биде невнимателен, „зашто Синот Човечки доаѓа во часот кога не очекувате”. Само тие што верно ќе продолжат да ја вршат својата должност ќе добијат награда. Дозволивме меѓу нас да најдат место многу нешта кои немаат дел во Христа. Непосветените проповедници, професори и наставници му помагаат на сатаната да го подигне своето знаме во самите наши тврдини. {5C 12.1}

Целите на нашиот колеџ неколкупати беа изложени, но богот од овој свет до таа мера заслепил мнозина што тие не ја сфаќаат неговата вистинска цел. Бог сака младите луѓе да бидат доведени кај Него, за да се подготват за проповедање на Христовото

евангелие, да го изнесат на виделина неисцрпното богатство на Божјото слово, и ново и старо, за поучување и воздигнување на народот. Учителите и професорите би требало да имаат јасно чувство за опасностите на ова време и за задачата која мора да се изврши за народот да се подготви да опстане во Божјиот ден. {5C 12.2}

Некои учители наместо да ги доведуваат луѓето кај Христа, тие ги растураат од Него. Тие со својот пример ги наведуваа учениците, кои беа доверени на нивна грижа, да ги прифаќаат навиките и обичаите на световните луѓе. Тие ги поврзуваат учениците со неверниците кои одат по модата и забавите од овој свет и ги носат еден чекор повеќе кон светот и настрана од Христа. И тие го прават тоа и покрај предупредувањата од небото - не само оние што се дадени на целиот народ, туку и ним лично. За сето ова се распламти Божјиот гнев. {5C 12.3}

Бог ја испитува верноста на Својот народ. Многу грешки што ги направија Божјите слуги беа последица на нивното самољубие и нивните копнежи за одобрување и жед за популарност. Заслепени со ова тие не согледуваат дека се дел од темнината, а не од светлината. „Излезете од нивната средина и одделете се, вели Господ, и не допирајте се до нечисто и Јас ќе ве примам. И Јас ќе ви бидам Татко, а вие ќе Ми бидете синови и ќерки, вели Господ Седржителот". Ова се услови врз кои можеме да бидеме признаени како Божји синови - одвојување од светот и одрекување од оние нешта кои измамуваат, маѓепсуваат и фаќаат во стапица. {5C 12.4}

Апостол Павле објавува дека е невозможно Божјите деца да се соединат со световните луѓе: „Не впрегнувајте се заедно со неверниците". Ова не се однесува само на бракот; секое блиско доверување и партнерство со тие што немаат љубов кон Бога и вистината претставува стапица. {5C 13.1}

Апостолот продолжува: „Зашто какво заедништво постои меѓу праведноста и неправедноста? Што заедничко има меѓу светлината и темнината? Какво согласие може да има меѓу Христос и Велијар? Или, што има заедничко меѓу верник и безверник? Каква спогодба има храмот Божји со идолите. Вие сте храм на живиот Бог, како што рекол Бог: 'Ќе се вселам во нив и ќе одам меѓу нив; и ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ.'" Имајќи го во вид тој факт, Павле извикнува: „Затоа излезете од нивната средина и одделете се". „И така, возљубени, имајќи вакви ветувања, да се очистиме од секоја нечистота на телото и на духот, усовршувајќи светост во страв Божји". {5C 13.2}

Ако се усогласиме со условите, Господ ќе ни го исполни Своето ветување. Но пред нас стои работа која никако не треба да ја занемариме. Во Христова сила ние можеме добро да ја извршиме. Секогаш треба да копнееме сè повеќе да одиме понатаму, постојано напредувајќи (растејќи) во благодатта и во познавањето на вистината. {5C 13.3}

Децата на светлината и на денот не треба околу себе да ги собираат сенките на ноќта и на темнината која ги опкружува оние што вршат беззаконие. Напротив, тие мора верно да стојат на стражарското место, како оние кои носат светлина, собирајќи светлина од Бога и праќајќи ја на оние кои се во темнина. Господ бара од Својот народ да го одржува својот интегритет, да не се допира - т.е. да не ги имитира - постапките на безбожниците. {5C 13.4}

Христијаните во овој свет ќе бидат „света нација, посебен народ", покажувајќи ја пофалбата на Оној што ги повикал „од темнината во Својата чудесна светлина". Оваа светлина не смее да слабее, туку мора да свети сè посилно и посилно, додека не стане целосна како ден. Христијанските знаменосци никогаш не смеат да ја напуштат должноста. Постои еден буден непријател кој постојано стражари и бдее за да ја заземе

тврдината. Некои христијански стражари го повикаа непријателот во тврдината, се здружија со него и во својата желба да му угодат ги срушија сите разлики меѓу Божјите деца и децата на сатаната. {5C 14.1}

Господ никогаш немал намера нашиот колеџ да имитира други училишни институции. Верскиот аспект треба да биде владејачка сила. Добро ќе биде ако неверниците го изберат ова влијание; Бог сака оние кои се во темнина да дојдат кон светлината. Но би било против Божја волја кога би попуштиле во будноста и би им дозволиле на световните влијанија да поведат, само за да добијат ученици. Силата на нашиот колеџ лежи во тоа што верското влијание треба да доминира. Ако учителите и професорите ги жртвуваат своите верски начела за да ѝ угодат на световната класа која ги сака забавите, треба да се сметаат за луѓе кои станале неверни на својата доверба и треба да се отпуштат. {5C 14.2}

Потресната вистина која многу години одзвонува во нашите уши: „Господ е близу; бидете подготвени," не е помалку вистинита денес отколку кога ја слушнавме првпат. Овде се во прашање најдрагоцените интереси на црквата и Божјиот народ, и судбината не непокајаниот и безбожен свет, за сега и за вечноста. Ние одиме кон судот. „Сам Господ со заповеднички повик, на глас на архангел и при труба Божја, ќе слезе од небото, и најнапред ќе воскреснат мртвите; а потоа, ние, што сме останале живи (при Господовото доаѓање), заедно со нив ќе бидеме грабнати на облаците, за да се сретнеме со Господа во воздухот, и така секогаш ќе бидеме со Господа". Тогаш Христос ќе се појави од небото „да им се одмазди на оние кои не го познаваат Бога, и не му се послушни на евангелието". {5C 14.3}

Овие значајни моменти се близу, а сепак мнозина кои тврдат дека веруваат во вистината, спијат. Ако и понатаму останат во својата сегашна состојба на пријателство со светот, тие сигурно ќе бидат вброени меѓу неверните слуги кои велат во своето срце: „Господарот мој нема да дојде уште за долго време". Христос ќе се појави без грев и за спасение само на оние кои чекаат со надеж и вера. Мнозина ја имаат теоријата на вистината, но не ја познаваат силата на побожноста. Ако Божјата реч живее во срцето, таа ќе управува со животот. Верата, чистотата и усогласеноста со Божјата волја ќе сведочат за нејзината сила која посветува. {5C 15.1}

Одговорноста на проповедниците

На стражарите лежи свечена одговорност. Тие мораат постојано да се трудат што подобро да го сфатат Божјото слово и да им го објаснат на другите. „Блажен е оној кој чита и оние кои ги слушаат зборовите на ова пророштво и пазат на напишаното во него". Пророкот Езекиел кажува: „'Сине човечки: кажи збор кон синовите на твојот народ и речи им: ако пратам врз некоја земја меч и народот на таа земја меѓу себе избере човек и го постави за стражар, и тој, штом ќе го види мечот кој се протега врз земјата, ќе затруби во труба и ќе го предупреди народот, па, ако некој го чуе трубниот глас, но не обрне внимание, тогаш кога ќе дојде мечот и ќе го достигне, крвта негова ќе падне врз главата негова. Тој го чул трубниот глас, но не обрнал внимание, па затоа крвта негова ќе падне врз него; а кој ќе обрне внимание, тој ќе си го спаси животот. Ако, пак, стражарот го види мечот што доаѓа и не затруби со трубата, така што народот нема да биде предупреден, тогаш, кога ќе дојде мечот и некому ќе му го одземе животот, тој ќе биде погоден заради гревот свој, но крвта негова ќе ја барам од стражарот. И тебе, сине човечки, Јас те поставив како стражар на домот Израелов: ти ќе слушаш слово од Мојата

уста и ќе ги вразумуваш од Мене. Кога ќе му речам на грешникот: ‘грешнику, ти бездруго ќе умреш‘, а ти не му кажеш ништо, не го опоменеш беззаконикот да го остави неговиот пат, грешникот ќе умре за својот грев, но крвта негова ќе ја барам од раката твоја. Ако, пак, беззаконикот си го предупредил, да се врати од својот пат, а тој не се одвратил од патот свој, тој ќе умре за својот грев, но ти ќе ја зачуваш душата своја” (Езекиел 33:2-9). {5C 15.2}

Одговорноста на стражарите денес е многу поголема отколку во деновите на пророците, затоа што нашата светлина е појасна од нивната, а нашите предности и можности поголеми. Должност на проповедникот е да го опомене секој човек и да го поучи, во кротост и мудрост. Тој не треба да се прилагоди со постапките на светот, туку како Божји слуга да се бори за верата која им е дадена еднаш засекогаш на светиите. Сатаната постојано се труди да ги сруши тврдините кои му го попречуваат слободниот пристап кон душите, и ако нашите проповедници не се духовно настроени, ако не се поврзат тесно со Бога, непријателот ќе здобие голема предност, а Господ ќе го смета стражарот одговорен за успехот на сатаната. {5C 16.1}

Би сакала денес да затрубам со трубата на опомена на оние што ќе се соберат на нашиот собор. Се ближи крајот на сите нешта. Браќа мои, проповедници и лаици, мене ми беше покажано дека вие морате да работите на поинаков начин од тоа како сте имале навика да работите. Гордоста, зависта, самобендисаноста и непосветената независност ја имаат нарушено вашата работа. Кога луѓето ќе дозволат сатаната да им ласка и да ги воздигнува, тогаш Господ може да направи малку за нив или преку нив. До какво бескрајно понижување се спуштил Синот Човечки за да може да го воздигне човештвото! На Божјите работници, не само на проповедниците - туку и на сиот народ, потребни им се Христовата кротост и понизност, ако сакаат да им се корисни на своите ближни. Како Бог, нашиот Спасител се понижил и примил човечка природа. Но тој се спуштил уште пониско. „Како човек Сам Себе се понизи, и стана послушен се до самата смрт, и тоа смрт на крст” (Филипјаните 2:8). О, кога би можела да најдам зборови за да ви ги изложам овие мисли. Би сакала да ви се симне превезот од очите и да ја согледате причината за вашата духовна слабост. Кога само вие би ги согледале богатите извори на благодатта и силата што на вас чекаат, оние кои се гладни и жедни за праведност ќе бидат наситени. Мораме да имаме повеќе вера кога му се обраќаме на Бога за сите благослови кои ни се потребни. Мораме да се бориме и да се мачиме за да влеземе низ тесната врата. {5C 16.2}

Христос кажува: „Дојдете кај Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам; Земете го Мојот јарем на себе и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете мир за душите ваши” (Матеј 11:28). Ви кажувам, драги мои браќа и сестри, проповедници и народе, дека сè уште не сте ја научиле таа поука. Христос претрпел срам, агонија и смрт заради нас. „Вие треба да ги имате истите мисли, што ги има Исус Христос” (Филипјаните 2:5). Примајте укор и малтретирање без одмазда, без дух на реваншизам. Исус умрел не само за да нè откупи, туку и да биде наш Пример. О, колку чудесна снисходливост, неспоредлива љубов! Кога го набљудувате Принцот на Животот на крстот, можете ли да негувате себичност? Можете ли да ѝ попуштате на омразата и одмаздата? {5C 17.1}

Нека се наведне во понизност гордиот дух. Нека се скрши тврдото срце. Немојте повеќе да се галите, сожалувате и воздигнувате себеси. Погледнете, о погледнете на Оној Кого го прободоа нашите гревови. Гледајте како слегува чекор по чекор по патот на понизноста за да нè издигне, толку понижувајќи се што не можел да оди пониско, и сето

тоа за да нè спаси нас кои сме паднале среде гревот! Зошто сме толку рамнодушни, толку студени, толку формални, толку горди, толку самодоволни? {5C 17.2}

Кој од нас верно го следи Примерот? Кој од нас почнал и кој води борба против гордоста на срцето? Кој од нас навистина се бори против себичноста сè додека таа повеќе не пребива во срцето и се открива во животот? Бог нека ни даде, гледајќи го Христовиот крст и знаците кои го навестуваат приближувањето на Страшниот суд, толку длабоко да ги врежеме во своите срца примените поуки, за да станеме по понизни, повеќе да се самодрекуваме, да бидеме полљубезни едни кон други, помалку себични, помалку критичари и поподготвени да го носиме товарот едни за други отколку што сме денес. {5C 18.1}

Покажано ми е дека ние како народ се оддалечуваме од едноставноста и чистотата на евангелието. Мнозина се наоѓаат во голема опасност. Ако не го променат својот живот, ќе бидат отсечени од Вистинската Лоза како некорисни прачки. Браќа и сестри, покажано ми е дека се наоѓаме на прагот на вечниот свет. Сега треба да победуваме на секој чекор. Секое добро дело е како посеано семе кое ќе донесе плод за вечен живот. Со секој постигнат успех се качуваме сè повеќе на скалите на напредувањето и добиваме духовна сила за нови победи. Секое добро дело го подготвува патот за своето повторување. {5C 18.2}

Некои веќе го завршуваат своето време на проба; а во каква состојба се наоѓаат? Дали се подготвиле за вечниот живот? Зар нема записите за нив да ги откријат напразно потрошените можности, занемарените предности, живот полн со себичност и световност, кој не донел никаков плод на Божја слава? И колку многу работа, што Господарот ни ја оставил да ја извршиме, останала неизвршена? Околу нас се наоѓаат души кои треба да ги предупредиме, но колку често времето беше искористено во самослужење и записот заминал при Бога за душите кои неопоменати и неспасени заминаа во гроб. {5C 18.3}

Господ сè уште има цели на милост кон нас. Постои можност за покајание. Ние можеме да станеме Божји возљубеници. Ве преколнувам вас кои мислите дека е далеку доаѓањето на нашиот Господ, сега да почнете да го откупувате времето. Проучувајте го Божјото слово. На овој собор сите нека направат завет со Бога дека ќе се одречат од празниот, ништожен и несериозен разговор, безначајното читање, и дека во годината која доаѓа, грижливо и со молитва ќе ја проучувате Библијата, за да можете да му одговорите на секој човек што ќе ве запрашаат за вашата надеж, во кротост и страв. Зар нема веднаш да ги понизите своите срца пред Бога и да се покаете за своето повторно запаѓање во грев? {5C 18.4}

Никој нека не мисли дека жалам или дека сакам да повлечам некое јасно сведоштво кое сум го изнела на поединци или на народот. Ако згрешив нешто, тоа беше затоа што не го укорував гревот уште поодлучно и поцврсто. Некои браќа си земаа на себе одговорност да ја критикуваат мојата работа, предлагајќи полесен начин на кој би се исправиле грешките. На овие луѓе би сакала да им кажам: јас одам по Божјите патишта, не по вашите. Тоа што го кажав или го напишав во сведоштвата или укор не беше премногу јасно изразено. {5C 19.1}

Бог ми го дал моето дело и јас ќе морам да се сретнам со записот на својата работа на судот. Тие што тргнаа по сопствен пат, што се спротивставија на јасните сведоштва што им беа дадени и копнееја да ја поколебаат верата на другите во нив, ќе мора да одговараат пред Бога. Јас ништо не повлекувам. Јас ништо не ублажувам за да ги задоволам нивните идеи или да ги оправдам маните на нивниот карактер. Не говорев

толку јасно како што случајот тоа го бараше. Тие што копнеат на било кој начин да ја ослабнат силата на острите укори кои Бог ми ги даде да ги изречам, ќе мора да се соочат со својата работа на судот. {5C 19.2}

Последните седмици, наоѓајќи се лице в лице со смртта, јас имав близок поглед кон вечноста. Ако му е на Господа по волја да ме избави од сегашната состојба на слабост, се надевам дека во благодатта и силата која доаѓа одозгора, верно ќе ги искажам зборовите што ми се дадени. Целиот живот ми беше мошне тешко некого да го навредам и да ја нарушам нивната самоизмама објавувајќи сведоштва кои ми се дадени од Бога. Тоа е спротивно од мојата природа. Тоа ме чини голема болка и многу непроспиени ноќи. Тие што на себе земале одговорност да ме укоруваат и во својот ограничен суд да ми предложуваат начин кој им се чини помудар, повторувам: Јас не ги прифаќам вашите напори. Оставете ме на Бога, и Тој нека ме поучува. Ќе примам зборови од Господа и ќе им ги зборувам на народот. Не очекувам дека сите ќе го примат укорот и ќе го реформираат својот живот, но сепак морам да ја вршам мојата должност подеднакво во секој случај. Ќе одам понизно пред Бога, вршејќи го своето дело за ова време и за вечноста. {5C 19.3}

Бог на моите браќа не им го дал делото што мене ми го даде. Беше наговарано дека мојот начин на давање на јавни опомени ги навел другите да бидат остри, критични и строги. Ако е така, тие ќе мораат да го средат тоа со Бога. Ако другите прифатиле должност која Бог не ја положил врз нив; ако не им обрнувале внимание на пораките што им ги праќаше повеќе пати да бидат благи и трпеливи преку понизното орудие кое Тој го избрал, тие самите ќе мораат да одговараат за последиците. Со срце преполно со болка ја извршував својата непријатна должност кон своите најдраги пријатели, не осмелувајќи се да си попуштам себеси задржувајќи го укорот, дури и кога беше во прашање мојот сопруг, и нема да бидам помалку верна опоменувајќи ги другите, без оглед на тоа дали тие ќе послушаат или не. Кога му зборувам на народот, јас кажувам многу нешта за кои не сум размислувала предвремено. Господовиот Дух често се симнува врз мене. Ми се чини како да се вознесувам од и настрана од себеси; животот и карактерот на разни личности мошне јасно се појавуваат пред мојот ум. Тогаш ги гледам нивните грешки и опасности, и се чувствувам принудена да го зборувам тоа што ми е покажано. Не се осмелувам да му се спротивставам на Божјиот Дух. {5C 20.1}

Знам дека на некои не им се допаѓаат моите сведоштва. Тие не им годат на нивните горди, непосветени срца. Сè подлабоко и подлабоко ја чувствувам загубата што ја претрпе нашиот народ затоа што не ја прифати и не ѝ се покоруваше на светлината што Бог ми ја подари. Мои млади браќа во службата на проповедање, ве преколнувам повеќе да размислувате на вашата света одговорност. Ако се посветите на Бога, можете да вршите моќно влијание на добро и во црквата и во светот. Но вас ви недостасува срдечна побожност и посветеност. Бог ве прати да бидете светлина на светот со своите добри дела, како и со своите зборови и наука. Но, мнозина од вас можат верно да се прикажат со лудите девојки кои немале масло во своите светилници. {5C 20.2}

Браќа мои, примајте укор и совет од Верниот Сведок, и Бог ќе работи за вас и со вас. Вашите непријатели можат да бидат силни и одлучни, но Еден помоќен од нив ќе биде ваш помошник. Нека светлината свети и таа ќе ја изврши својата задача. Господ над војските е со нас; Богот Јаковов е наше прибежиште. {5C 21.1}

---

2. НАШИОТ КОЛЕЏ*

Постои опасност нашиот колеџ да скршне од своите првобитни цели. Луѓето беа запознаени со Божјата намера дека нашиот народ би требало да има можност да студира науки, а во исто време да ги запознае барањата на Неговото слово. Треба да се одржуваат предавања од Библијата; проучувањето на Светото Писмо треба да биде најважно во нашата програма. {5C 21.2}

Токму заради таа цел, за да примаат поуки од предавањата за библиски предмети, доаѓаа ученици од голема оддалеченост за да учат во колеџот во Батл Крик. Но веќе година или две, се преземаат напори нашиот колеџ да се преуреди според примерот на другите. Ако се направи тоа, нема да можеме да ги охрабруваме родителите да ги праќаат своите деца во Батл Крик. Моралните и верските влијанија не треба да се турнат во позадина. Во минатото, Бог ги помагаше напорите на учителите, така што многу души ја увидуваа и ја примија вистината и заминаа во своите домови за да оттогаш живеат за Бога. Сето тоа беше резултат на нивната поврзаност со колеџот. Кога согледаа дека во колеџот проучувањето на Библијата се предава како редовен предмет, почнаа истиот да го сметаат за предмет од поголем интерес и важност. {5C 21.3}

Премногу малку внимание се обрнуваше на оспособување на млади луѓе за проповедници. Тоа беше првата цел која требаше да се постигне со формирањето на колеџот. Таа цел во никој случај не смее да се запостави и да се смета како прашање од второстепено значење. Но во текот на неколку години само малкумина излегоа од колеџот оспособени да ги поучуваат другите на вистината. Некои што дојдоа со големи трошоци, со желба да станат проповедници, беа советувани од страна на учителите да поминат низ целосен курс на студирање кој би траел со години и за да дојдат до потребните средства, тие почнаа да се занимаваат со колпортажа и ја напуштија секоја мисла за проповедање. Ова е потполно погрешно. Ние немаме многу години за работа. Учителите и раководителите би требало да бидат проникнати со Божјиот Дух и да работат во согласност со Неговата откриена волја наместо да ги спроведуваат своите планови. Ние губиме многу секоја година затоа што не обрнуваме внимание на тоа што Бог го рекол за тие прашања. {5C 22.1}

---

*Читано во салата на колеџот, декември, 1881. година, пред делегатите на Генералната Конференција и водечките луѓе во Преглед и Гласник, санаториумот и колеџот.

Божја замисла е колеџот да ја задоволи растечката потреба во ова време на опасност и морална расипаност. Само учењето од книги не може да им ја даде на учениците дисциплината што им е потребна. Мора да се гради на поширок темели. Колеџот не е формиран за да се раководи според сфаќањата на било кој човек. Управникот и учителите треба да работат сложно, како браќа. Тие треба да се советуваат меѓу себе и со проповедниците и одговорните луѓе, а над сè треба да бараат мудрост одозгора, за сите нивни одлуки во поглед на училиштето да бидат такви кои што Бог може да ги одобри. {5C 22.2}

Целта на оваа институција не е на учениците да им се пружи само книжевно знаење. Такво образование може да се стекне во било кој колеџ во земјата. Ми беше покажано дека сатаната има намера да го спречи остварувањето токму на оние цели

заради кои е основан колеџот. Попречени со неговите измами, неговите управители планираат како светот, ги имитираат неговите планови и неговите обичаи. Но ако постапуваат така тие нема да можат да го постигнат планот на Божјиот Дух. {5C 22.3}

Потребно е посеопфатно образование - образование кое од учителите и управниците ќе бара такви умни напори какви што не се бараат за обично проучување на науките. Карактерот мора да прими соодветно обучување за својот најцелосен и најблагороден развиток. Учениците во училиштето треба да примат такво обучување кое ќе ги оспособи да држат положба на почит, искреност и доблест во општеството, наспроти деморализирачките влијанија кои ги расипуваат младите. {5C 23.1}

Би било добро кога со колеџот би било споено и обработување на земја и работа на разни занаети под надзор на стручњаци, кои ќе ги поучуваат учениците во разни гранки на физичка работа. Многу е загубено затоа што физичкиот напор не се поврза со умниот. Слободните часови на учениците често се исполнети со празни задоволства кои ги слабеат нивните физички, умствени и морални сили. Среде унижувачката сила на сетилните наслаудувања и прераното возбудување од додворувањето и бракот, многу ученици не го достигнале оној степен на ментален развој кој инаку можеле да го постигнат. {5C 23.2}

На учениците секој ден треба да им се предочуваат нивните обврски кон Бога. Неговиот закон постојано се крши дури и од деца на религиозни родители. Некои од овие исти млади, често одат на места каде луѓето се оддаваат на пороци заради што страдаат духовните и телесните сили. Тие наведуваат и други да тргнат по нивниот опасен пат. И така, додека управителот и учителите даваат поуки за науката, сатаната со својата пеколна лукавост ги напрега сите свои сили за да добие власт над умовите на учениците и да ги турне во пропаст. {5C 23.3}

Општо зборувајќи, младите имаат многу малку морална сила. Тоа е последица на запоставеното воспитување во детството. Познавањето на Божјиот карактер и нашите обврски кон Него не треба никако да се смета за значење од втор степен. Религијата на Библијата е единствената заштита за младината. На моралот и побожноста треба да се посвети посебно внимание во нашите образовни установи. {5C 23.4}

Библијата како учебник

Ни едни студии не можат така да ги облагородат мислите, чувствата и стремежот како проучувањето на Светото Писмо. Ова Свето Слово претставува Божјата волја откриена на луѓето. Од неа можеме да дознаеме што Бог очекува од суштествата создадени според Неговиот облик. Од неа ќе научиме, како можеме да го поправиме својот земен живот и како да си го осигуриме вечниот живот. Ни една друга книга не може да го задоволи прашањата на умот и копнежите на срцето. А со добивањето на знаење од Божјото слово и со живеење според него, човекот може да се воздигне од најдлабоките длабочини на незнаење и деградација и да стане Божји син, и другар на безгрешните ангели. {5C 24.1}

Јасната претстава за тоа, што е Бог и што Тој сака ние да бидеме, ќе нè мотивира да имаме поскромно мислење за себе. Тој што правилно го проучува Светото Писмо ќе

сфати дека човечкиот ум не е семоќен и дека без помошта која само Бог може да ја даде, човечката сила и мудрост не се ништо друго освен слабост и незнаење. {5C 24.2}

Како образовна сила, Библијата е без конкуренција. Ништо нема да придаде таква сила на сите способности како барањето од студентите да ги сфатат возвишените вистини на откровението. Умот постепено се адаптира себеси на предметите на кои му е дозволено да размислува. Ако е зафатен само со обични прашања, не давајќи место на големите и возвишените теми, тој ќе закржлави и ослаби. Доколку од него никогаш не се бара да се занимава со тешки проблеми или да се напрега за да сфати значајни вистини, умот по извесно време ќе ја загуби моќта да се развива. {5C 24.3}

Библијата е најопфатна и најпоучна историја која што луѓето ја поседуваат. Таа дошла свежа од вечниот извор на вистина, а божествената рака ја сочувала нејзината чистота преку сите векови. Нејзините сјајни зраци го осветлувааат најоддалеченото минато во која човечките истражувања напразно настојуваат да продрат. Само во Божјото слово го наоѓаме вистинскиот приказ на создавањето. Тука стекнуваме поим за моќта која ги положила темелите на земјата и го распнала небото. Само тука можеме да ја најдеме историјата за нашиот род, неизвалкана со човечки предрасуди или човечка гордост. {5C 25.1

Умот во Божјото слово наоѓа предмети за најдлабоко размислување, највозишено вдахновение. Овде општиме со патријарсите и пророците и слушаме како гласот на Вечниот зборува со луѓето. Исто така го набљудуваме небесното Величество кога се понизило за да стане наша замена и гаранција, за осамено да се соочи со силите на мракот и да здобие победа заради нас. Стравопочитното размислување за таквите прашања не може а да не го омекне, очисти и облагороди срцето и истовремено на разумот да му вдахне нова сила и енергија. {5C 25.2}

Ако сакаме моралот и верата да живеат во училиштето - тоа мора да биде преку познавање на Божјото слово. Некои би можеле да кажат дека нашето училиште ќе стане непопуларно ако верската настава биде на прво место; дека оние што не се од наша вера нема да се запишуваат во него. Добро, тогаш нека одат во други колеџи каде ќе најдат систем на образование кој им одговара на нивниот вкус. Нашето училиште е формирано, не само да учи науки, туку со цел да поучува за големите начела на Божјото слово и за практичните должности во секојдневниот живот. {5C 25.3}

Таквото образование е мошне потребно во денешно време. Ако влијанието на светот треба да преовладее во нашето училиште, тогаш продајте го на световни луѓе и тие целосно нека го земат во свои раце. А тие што вложија свои средства во таа институција ќе основаат ново училиште, кое нема да се заснова на плановите на популарните училишта, ниту во согласност со желбите на управителот и учителите, туку според планот што Бог го одредил. {5C 25.4}

Ги преколнувам, во името на мојот Господар, сите што се наоѓаат на одговорни положби во тоа училиште да бидат Божји луѓе. Кога Бог од нас бара да бидеме различни и посебни, како можеме да копнееме за популарност и да се трудиме да се поведуваме по обичаите и навиките на овој свет? Бог ја објави Својата цел да се основа еден колеџ во оваа земја во кој Библијата ќе го има своето соодветно место во образованието на младите. Нема ли ние од своја страна да го направиме тоа што е потребно за да се оствари таа цел? {5C 26.1}

Може да изгледа дека учењето на Божјото слово има слабо влијание врз умот и срцето на многу ученици. Меѓутоа, ако учителот ја извршувал својата работа во Бога, некои поуки на божествената вистина ќе се задржат во меморијата дури и на оние што

се најрамнодушни. Светиот Дух ќе го залева посеаното семе и тоа често ќе изникне после долго време и ќе роди плод на Божја слава. {5C 26.2}

Сатаната постојано се труди да го одврати вниманието на народот од Библијата. Зборовите што Бог им ги упати на луѓето и на кои треба да им се посвети внимание од прв степен се занемаруваат заради човечка мудрост. Како може Оној, Кој е бесконечен во моќта и мудроста, да ја трпи таа дрскост и безобразност од луѓето! {5C 26.3}

Со помош на печатот знаење од секој вид се наоѓа на дофат на сите луѓе, а сепак колкав број луѓе во секоја населба се морално расипани и површни во менталното достигнување. Кога тие луѓе би ја читале Библијата, и кога би ја проучувале тогаш нештата би изгледале сосема поинаку. {5C 26.4}

Во век каков што е нашиот, во кој изобилува беззаконието, и во кој еднакво се презираат Божјиот карактер и Неговиот закон, мора да се посвети посебна грижа младите да се поучуваат да ја проучуваат, да имаат стравопочит и да ја извршуваат божествената волја што им е откриена на луѓето. Стравот Господен исчезнува од умовите на нашите млади бидејќи се запоставува проучувањето на Библијата. {5C 26.5}

Управителот и учителите треба да одржуваат жива врска со Бога, и треба да стојат цврсто и бестрашно, како Негови сведоци. Божјото слово никогаш не смее да биде потиснато во позадина поради плашливост или следење на световни начела. Библијата ќе им користи на младите од морален, духовен и интелектуален аспект. {5C 27.1}

Цел на колеџот

Бог не ја одобрува состојба во која што денес се наоѓа нашиот колеџ. Ми беа покажани опасностите кои ѝ се закануваат на таа важна институција. Ако одговорните луѓе во колеџот се раководат според правилата на светот, ако се угледаат на плановите и методите на другите колеџи, тогаш Божјото негодување ќе биде врз нашето училиште. {5C 27.2}

Дојде време да зборувам решително. Божјата цел при воспоставувањето на овој колеџ јасно е изложена. Постои итна потреба за работници во евангелското поле. Младите луѓе кои имаат намера да се посветат на проповедништво не можат да поминат неколку години во стекнување на образование. Учителите треба да ја сфатат ситуацијата и своето поучување да го адаптираат на потребите на оваа класа. Треба да им се даде можност за кратко, но сепак детално проучување на сите гранки кои се најпотребни за да ги оспособат за нивната работа. Меѓутоа ми беше покажано дека тоа не беше постигнато. {5C 27.3}

Братот _____ можеше повеќе да направи за оние што се подготвуваат за проповедници. Бог не е задоволен со неговиот став по тоа прашање. Тој не се приспособи на околностите. Луѓето што го напуштија своето поле на работа со значајни жртви за да научат сè што можат во краток период не добија помош и охрабрување, кои можеа да им бидат пружени. Луѓето што се наоѓаат во зрели години, што дури стигнале и до половината на својот живот и кои имаат свои семејства беа подложени на непотребна засраменост. Братот _____ и самиот е крајно чувствителен, но не сфаќа дека и другите можат исто толку остро да го почувствуваат осилото од потсмевањето и укорот. Тој на тој начин ги навредил своите браќа и му причинил незадоволство на Бога. {5C 27.4}

Учителите во колеџот

За секој учител во нашиот колеџ треба да се изврши една работа. Ниеден од нив не е без себичност. Кога моралниот и верскиот карактер на учителот би бил таков каков што треба да биде, подобро влијание би се ширело врз учениците. Учителите не се трудат поединечно да ја извршуваат својата должност, насочувајќи го погледот само на Божјата слава. Наместо да се гледаат кон Христа и да го имитираат Неговиот живот и карактер, тие обрнуваат внимание на себе и премногу настојуваат да ги достигнат човечките стандарди. Би сакала кога би можела да влијаам врз секој учител целосно да ја сфати својата одговорност за влијанието кое го има врз младите. Сатаната е неуморен во своите напори да ги привлече младите во својата служба. Тој мошне внимателно ги поставува своите стапици за неискусните нозе. Божјиот народ треба внимателно да се чува од неговите измами. {5C 28.1}

Бог е олицетворение на добродетелството, милоста и љубовта. Тие што навистина се поврзани со Бога не можат да бидат меѓусебно несложни. Неговиот дух, кога владее во срцето, создава хармонија, љубов и единство. Спротивното на тоа се забележува кај децата на сатаната. Негова работа е да поттикне завист, судир и љубомора. Во името на својот Господар ги прашувам оние што тврдат дека се Христови следбеници: Каков плод донесувате? {5C 28.2}

Во системот на настава во обичните училишта се запоставува најнеопходниот дел од образованието, имено библиската вера. Образованието не само што во голема мера влијае врз животот на ученикот во овој свет, туку неговото влијание се проширува во вечноста. Колку е значајно тогаш учителите да бидат личности способни да вршат правилно влијание. Тие треба да бидат мажи и жени со верско искуство, кои секојдневно примаат божествена светлина за да ја пренесат на своите ученици. {5C 28.3}

Меѓутоа, не треба да се очекува учителите да ја вршат работата на родителите. Многу родители ужасно ја занемариле својата должност. Како Илија, тие правилно не ги зауздуваат своите деца, и ги испраќаат недисциплинирани во колеџот за таму да добијат воспитување кое требало да им го дадат родителите во домот. На учителите почива задача која малкумина ја ценат. Ако успеат да ја реформираат таа застранета младина, ним слабо им се признаваат заслугите. Ако учениците одберат лошо друштво и ако паѓаат од лошо на полошо, тогаш се критикуваат учителите и обвинува училиштето. {5C 29.1}

Во многу случаи укор всушност заслужуваат родителите. Ним им се дава првата и најповолната прилика да ги учат и контролираат своите деца, додека духот прима поуки и додека лесно се влијае на умот и срцето. Меѓутоа, среде мрзоволноста на родителите, на децата им се дозволува да се поведуваат по сопствена волја додека тие не затврднат на лошиот пат. {5C 29.2}

Родителите треба помалку да го проучуваат светот, а повеќе Христа. Треба помалку да се трудат да ги имитираат обичаите и модата на овој свет, а повеќе време и напори да посветат на развивањето на умот и карактерот на своите деца во сообразност со божествениот Пример. Тогаш можат своите синови и ќерки, засилени со чист морал и благородни склоности, да ги испраќаат таму каде што ќе добијат образование за позиции на корисност и доверба. Учителите во кои владее љубов и страв Божји можат понатаму да ја водат таа младина напред и нагоре, воспитувајќи ја да биде благослов на светот и на чест на својот Создател. {5C 29.3}

Поврзан со Бога, секој наставник ќе влијае на своите ученици да го проучуваат Божјото слово и да бидат послушни на Неговиот закон. Тој ќе го насочи нивниот ум да

размислува за вечните работи, отворајќи пред нив широко поле за размислување, големи и благородни теми за кои најсилниот ум може да ги протегне сите свои сили за да ги сфати таквите прашања, а сепак да чувствува дека зад нив постои бесконечност. {5C 29.4}

Од себичноста произлегува злото на самоценење и непосветена независност, кои највеќе ја слабеат нашата корисност и кои ќе ја предизвикаат нашата пропаст ако не ги победиме. „Советувајте се помеѓу себе" - тоа е веста која Божјиот ангел постојано ми ја повторуваше. Влијаејќи на расудувањето на еден човек, сатаната се труди да ги намести работите според својата волја. Тој може да успее да заведе два човека, но кога повеќе луѓе се советуваат меѓу себе тогаш е посигурно. На тој начин секој план подробно се разгледува, секој чекор погрижливо се проучува. Според тоа, помала ќе биде опасноста од избрзани и непромислени чекори кои доведуваат до забуни, збрки и порази. Во единството е силата, во неслогата е слабоста и поразот. {5C 29.5}

Бог води еден народ и го подготвува за вознесување. Дали ние, кои учествуваме во тоа дело, стоиме како Божји стражари? Дали настојуваме да работиме сложно? Дали сме волни да станеме слуги на сите? Дали се угледуваме на нашиот голем Пример? {5C 30.1}

Браќа соработници, сите ние сееме семе на нивата на животот. Какво е семето таква ќе биде и жетвата. Ако сееме недоверба, завист, пакост, себичност, горчливи мисли и чувства, ќе пожнееме горчина во нашите сопствени души. Ако покажуваме љубезност, љубов, нежно внимание кон чувствата на другите, истото тоа ќе ни се врати. {5C 30.2}

Учителот кој е строг, критичен, арогантен и кој не обрнува внимание на чувствата на другите, мора да очекува и кон него да се манифестира ист дух. Оној кој сака да го сочува своето достоинство и самопочит не смее непотребно да ја навредува самопочитта на другите. Мораме на ова правило свето да се придржуваме кон најтапиот, најмладиот ученик кој прави највеќе грешки. Не ни е познато каква намера има Бог со тие наизглед младинци во кои сте незаинтересирани. Тој во минатото прифаќал лица кои не биле поприврлечни ниту пак ветувале повеќе, да вршат големо дело за Него. Неговиот Дух, кој влијаел на срцата, ја задвижил на силна активност секоја способност. Бог гледа во тој груб, необработен камен, драгоцен материјал кој ќе ѝ се спротивстави на бурата, жештината и притисокот. Бог не гледа како што гледа човекот. Тој не суди според надворешноста, туку го испитува срцето и суди праведно. {5C 30.3}

Учителот мора да се однесува како благороден христијанин. Тој спрема своите ученици секогаш треба да зазема став на пријател и советник. Кога сиот наш народ - учителите, проповедниците и лаиците - би негувале дух на христијанска учтивост, тие би можеле многу полесно да најдат пат до срцата на луѓето. Многу поголем број на луѓе би биле наведени да ја проучуваат и прифатат вистината. Кога секој учител би заборавил на себе, кога би чувствувал длабок интерес за успехот и напредокот на своите ученици, сфаќајќи дека тие се Божја сопственост и дека мора да полага сметка за влијанието што го вршел на нивниот ум и карактер, тогаш ќе имаме училиште во кое ангелите со задоволство ќе престојуваат. Исус со одобрување ќе ја набљудува работата на учителите и ќе ја испрати Својата благодат во срцата на учениците. {5C 31.1}

Нашиот колеџ во Батл Крик е место каде што помладите членови на Господовото семејство треба да се обучуваат во согласност со Божјиот план за раст и развивање. Тие треба да сфатат дека се создадени според ликот на својот Творец и дека Христос е примерот кој треба да го следат. Нашите браќа дозволуваат нивниот ум да остане

премногу тесен и ограничен. Тие не го држат пред очите божествениот план, туку ги насочуваат своите погледи во примерите на овој свет. Насочувајте ги своите погледи на Христа кој седи од десната страна на Бог и потоа трудете се вашите ученици да дојдат во сообразност со тој совршен карактер. {5C 31.2}

Ако го спуштите стандардот за да добиете популарност и да го зголемете бројот на учениците, и ако тоа зголемување на бројот ви причинува радост, тогаш покажувате големо слепило. Ако бројот би бил доказ на успех, тогаш сатаната би можел да тврди дека надвладеал, бидејќи во овој свет неговите следбеници претставуваат големо мнозинство. Доказот за успех на колеџот е моралната сила која владее во него. Доблеста, интелигенцијата и побожноста на народот кој ги сочинува нашите цркви, а не нивниот број, треба да биде извор на радост и благодарност. {5C 32.1}

Без влијанието на божествената благодат образованието нема да биде никаква предност; ученикот станува горд, суетен и полн со предрасуди. Но образованието што ќе се стекне под облагородувачкото и префинето влијание на Големиот Учител ќе го издигне човекот на скала на моралната вредност пред Бога. Тоа ќе го оспособи да ја потчини својата гордост и страст и да оди понизно пред Бога, зависејќи од Него за секоја своја способност, секоја можност и секоја предност. На работниците во нашиот колеџ пак им велам: Вие морате не само да исповедате дека сте христијани, туку и да бидете пример за христијански карактер. Мудрост одозгора нека ги проникне сите ваши поуки. Во овој свет полн со расипаност и темнина нека се види дека духот што ве поттикнува на делување доаѓа одозгора, а не одоздола. Ако се потпрете целосно на сопствената сила и мудрост, тогаш вашите најдобри напори ќе имаат само малку успех. Ако сте мотивирани од љубов кон Бога и ако Неговиот закон биде ваш темел, вашето дело ќе биде трајно. Додека сеното, дрвото и сламата ќе изгорат, вашето дело ќе ја издржи пробата. Пред големиот бел престол повторно ќе мора да се сретнете со младите за кои денес се грижите. Ако дозволите со вас да владеат ненегувани манири и неконтролираниот темперамент, и со тоа пропуштете да влијаете на тие млади за нивното вечно добро, вие тој ден ќе се најдете пред тешки последици на вашето дело. Преку познавање и покорување на божествениот закон, луѓето можат да станат Божји синови, додека со кршење на тој закон стануваат робови на сатаната. Тие можат да достигнат најголеми висини на морално совршенство, или пак да паднат до било која длабочина на беззаконието и деградацијата. Работниците во нашиот колеџ треба да покажуваат ревност и срдечност која е во сразмерност со цената што е во прашање - душите на нивните ученици, Божјото одобрување, вечниот живот и радоста на откупените. {5C 32.2}

Како Христови соработници на кои им се дава толку поволна прилика да го пренесат на други знаењето за Бога, нашите учители би требало да работат како оние што се инспирирани одозгора. Срцата на младите не се толку стврднати, ниту нивните сфаќања се толку оклопени како кај старите. Можете да ги придобиете за Христа со своето свето однесување, со својата посветеност, со своето христијанско однесување. Би било многу подобро помалку да ги оптоварувате со чиста научна работа и да им дадете повеќе време за верско воспитување. Во тоа е направена сериозна грешка. {5C 33.1}

Ја загубивме од вид целта која ја имаше Бог формирајќи го овој колеџ. Божјите проповедници покажаа дека немаат мудрост одозгора соединувајќи световни аспекти со колеџот. Обезбедувајќи забави за студентите, тие се здружија со непријателот на Бога и вистината. Тие пред Бога ќе мораат да одговараат за таа своја работа и за сите нејзини

последици. Луѓето кои така постапуваат покажуваат дека не заслужиле доверба. Можеби ќе ја признаат својата грешка откако злото ќе биде направено, но дали ќе можат исто толку лесно да го неутрализираат злото што го предизвикале? Дали на тие луѓе кои беа неверни кон својата должност ќе им се каже „добро направено”? Овие неверни луѓе не градеа на Вечната Карпа. Ќе се покаже дека граделе на лизгав песок. „Не знаете ли дека пријателството со овој свет е непријателство на Бога? Зашто кој сака да му е пријател на светот, му станува непријател на Бога” (Јаков 4:4). {5С 33.2}

Нашето влијание нема граници. Еден непромислен чин може да предизвика пропаст на многу души. Начинот на постапување на секој работник во нашиот колеџ остава впечаток врз умовите на младите, и тие се понесени од нив за да бидат репродуцирани на другите. Целта на секој учител треба да биде да го подготви секој ученик кој е под негова грижа да биде на благослов на светот. Оваа цел не смееме никогаш да ја загубиме од вид. Има луѓе кои тврдат дека работат за Христа, но кои сепак повремено преминуваат на страната на сатаната и го вршат неговото дело. Дали Спасителот за овие луѓе може да објави дека се добри и верни слуги? Дали тие како стражари со трубата даваат јасен звук? {5С 33.3}

Секој на Страшниот суд ќе ја прими својата плата според делата што ги направил телесно, без разлика дали се добри или лоши. Нашиот Спасител ни наредува: „Бдејте и молете му се на Бога да не паднете во искушение”. Кога ќе наидеме на тешкотии и ќе ги пребродиме со Христова сила, кога ќе наидеме на непријателот и го натераме на бегство со силата Христова; кога на себе ќе примиме одговорности и ги извршуваме верно со Христова сила, ние стекнуваме драгоцено искуство. Како на ниту еден друг начин дознаваме дека нашиот Спасител ни е присутна помош во секое време на потреба. {5С 34.1}

Во нашиот колеџ треба да се изврши едно големо дело, дело кое бара соработка од секој учител. Затоа на Бога му е неугодно кога тие се обесхрабруваат еден со друг. Но скоро сите изгледа забораваат дека сатаната е клеветник на нашите браќа и тие му се придружуваат на непријателот во неговата работа. Додека тие луѓе кои исповедаат христијанство се расправаат со зборови, сатаната ги подготвува своите стапици за неискусните нозе на децата и младите. Тие што имале искуство во верата треба да настојуваат да ги заштитат младите од неговите лукавства. Тие никогаш не смеат да заборават дека некогаш и тие биле занесени со задоволствата на гревот. Нам секој час ни се потребни Божјата милост и долготрпеливост, и колку ќе биде недоследно за нас да бидеме нетрпеливи кон грешките на неискусните млади. Зар ние кои сме смртници како и нив, се осмелуваме да ги отфрлиме, додека Бог сè уште има трпение кон нив? {5С 34.2}

Мораме секогаш да имаме на ум дека младите се купени со крвта Христова. Како такви, тие имаат право на нашата љубов, трпение и наклонетост. Ако сакаме да одиме по Исуса; не смееме својата љубов и наклонетост да ја ограничиме само на себе и на своето семејство, не смееме својата енергија и своето време да ги трошиме само на земни работи, заборавајќи на вечното добро на оние кои се околу нас. Видов дека заради нашата себичност денес не постојат сто млади таму каде сега има еден кој е ангажиран во срдечна работа за спасение на своите ближни. „Љубете се еден со друг, како што Јас ве возљубив”, гласи Исусовата заповед. Угледајте се на Неговото самоодрекување; гледајте каква љубов Тој ни подарил нас и тогаш потрудете се да го следите Примерот. {5С 34.3}

Кај младите мажи и жени кои ја вршеа должноста на учители во колеџот имаше многу нешта кои му беа неугодни на Бога. Вие толку мислевте на себе и толку бевте лишени од духовност што не можевте да ги водите младите кон светоста и кон небото. Заради вашиот недостиг на љубов спрема Бога и Христа, мнозина се вратија во своите домови поодлучни во својата непокајаност. Живеејќи без Исусовиот Дух, вие поттикнувавте нерелигиозност, лекомисленост и нељубезност со тоа што и самите сте попуштале на овие зла. Вие не ги сфаќате последиците на таквото попуштање - загубени се души кои можеле да се спасат. {5C 35.1}

Мнозина негуваат силни нељубезни чувства против Братот _____. Тие го обвинуваат него за нељубезност, суровост и строгост. Но некои од оние кои го осудуваат ниту самите не се помалку виновни. „Кој од вас е без грев, прв нека фрли камен" (Јован 8:7). Братот _____ секогаш не постапувал мудро и било тешко да се убеди дека некаде погрешил. Не сакал да прима совети и да го промени овој начин на настава и својот начин на однесување со учениците како што тоа требало да го направи. Но оние кои го осудуваат заради неговите мани, исто така би можеле да бидат оправдано осудени. Секој човек има свои својствени карактерни недостатоци. Можеби некој ги нема оние слабости кои ги гледа кај својот брат, но сепак може да има други кои се уште потешки во Божјите очи. {5C 35.2}

Ова нечувствителното критикување на друг е целосно сатанско дело. Мене ми е покажано дека братот _____ заслужува почит за она добро што го направил. Со него треба да се постапува благо. Тој вршел работа која требало да ја работат три човека. Нека оние кои укажуваат на неговите грешки покажат што направиле во споредба со него. Тој се мачел работејќи кога другите барале одмор и забава. Тој е уморен; Бог сака тој за некое време да ги одложи од себе тие претерани товари. Тој мора на толку работи да го посветува своето време и внимание, така што не може сите правилно да ги изврши. {5C 35.3}

Братот _____ не треба да му дозволи на својот борбен дух да се возбуди и да го води кон самооправдување. Тој дал прилики за незадоволство. Господ тоа му го покажал во сведоштво. {5C 36.1}

Учениците не треба да се поттикнат во нивното изнаоѓање на мани кај другите. Тој поплакувачки дух ќе се зголемува ако се поттикнува, и учениците ќе си земат за слобода да ги критикуваат учителите кои не им се допаѓаат. Со тоа брзо ќе се зголеми духот на незадоволство и судир. Ова мора да се обесхрабри сè додека не исчезне. Дали ова зло ќе се коригира? Дали учителите ќе се откажат од својата желба за превласт? Ќе сакаат ли тие да работат со понизност, љубов и во хармонија? Времето ќе покаже. {5C 36.2}

_____

3. РОДИТЕЛСКО ВОСПИТУВАЊЕ

Покажано ми е дека многу родители кои говорат дека веруваат во свечената вест за ова време не ги воспитувале своите деца за Бога. Не се обуздувале себеси и се лутеле на секого кој ќе се обидел да ги обузда. Тие секој ден со жива вера не ги приврзувале своите деца за Божјиот олтар. На мнозина од овие млади им е дозволувано да ја кршат четвртата заповед и да ги исполнуваат своите желби на Божјиот свет ден. Не чувствувале никаква грижа на совеста шетајќи се во сабота по улиците заради забава. Мнозина одат

каде што сакаат и работат што им е според волјата, а нивните родители со страв да не им неугодат, се повеле по примерот на Илија и не положуваат заповеди врз нив. {5C 36.3}

Оваа младина на тој начин на крајот го губи секое почитување спрема саботата и нема никакви склоности спрема верските состаноци и за она што е свето и вечно. Ако нивните родители ги укорат благо, се бранат со тоа што кажуваат грешки на некои членови на црквата. Наместо да го замолкнат секое нешто од таков вид, родителите го мислат истото тоа што и нивните деца: кога овој или оној би бил совршен, нивните деца би биле добри. Наместо тоа, тие би требало да ги поучат дека гревовите на другите не се оправдание за нив. Христос е единствениот вистински пример. Грешките на мнозина не би ја оправдало ниту една нивна грешка, ниту пак би ја намалило нивната вина. Бог им дал еден пример, совршен, благороден, возвишен. Тие мораат да се угледаат на истиот, без оглед што прават другите. Но многу родители како да го губат разумот и здравиот суд во својата приврзаност кон своите деца, така што сатана ги упропастува всушност и самите родители преку нивните себични деца на кои им се има попуштано и со кои погрешно се има управувано. Укажано ми е на Божјиот гнев што ги снашол недоверливиот и непокорен стар Израел. Ним јасно им била покажана нивната должност да ги воспитуваат своите деца. Истата обврска ги обврзува и родителите на ова поколение. „Послушај го, народе Мој, Мојот закон, приклони ги своите уши кон зборовите на Мојата уста! Ќе ја отворам Својата уста во парабола, ќе ги изнесам тајните од древните времиња. Она што чувме и научивме, што ни раскажуваат татковците, нема да го криеме од нивните деца, ќе го предадеме на идното поколение: Господовата слава и Неговата сила, и чудесните дела што ги направи" (Псалм 78:1). {5C 37.1}

Децата стануваат тоа што од нив ќе направат нивните родители со своите поуки, дисциплина и пример. Затоа од необична важност е родителите верно да ја вршат својата должност воспитувајќи ги младите за Божја служба. На децата од рано треба да им се укажува на светоста на верските должности. Тоа е еден од мошне значајните делови на нивното воспитување. Својата должност спрема Бога мораме да ја извршуваме пред сите други должности. Строгото почитување на Божјиот закон, од начело, треба да биде поучувано и присилено. „Тој подигна сведоштво во Јаков и положи закон во Израел, и им заповеда на татковиците наши сето тоа да им го објават на децата свои, за да знае идниот род, децата, што ќе се родат, та и тие во свое време да им раскажуваат на своите деца, да ги полагаат надежите свои во Бога, да не ги забораваат делата Божји, да ги чуваат Неговите заповеди и да не бидат како татковците нивни - род тврдоглав и бунтовен, непостојан по срце и не Му остана верен на Бога со духот свој" (Псалм 78:5-8). {5C 37.2}

Овде се гледа големата одговорност која лежи на родителите. Децата на кои ќе им се дозволи да станат мажи и жени со недисциплинирана волја и неконтролирани страсти, најчесто во подоцнежниот живот ќе појдат по патот кој Бог го осудува. Тие копнеат по суетни задоволства и нерелигиозно друштво. Ним им се дозволувало да ги занемаруваат своите верски должности, и да им попуштаат на склоностите на своето срце, и како последица, сатаната завладеал со нивниот ум и начела. Во _____ родителите му дале нему широки можности за работа. Најголемиот дел од отпаѓањето од Бога што се случило во тоа место, се случило заради тоа што родителите не ги воспитувале своите деца за совесен, верски живот. Состојбата на тие деца е жална. Тие исповедаат дека се христијани, но нивните родители не го земале на себе бремето да ги поучат како да бидат христијани - како да зборуваат за делата на Божјата милост, како

да му оддаваат пофалба, како во своите животи да го прикажат со пример Христовиот живот. {5C 38.1}

Кога овие деца ќе дојдат во училиштето и ќе влезат во друштво на другите ученици, оние кои вистински копнееле да бидат христијани се срамат да живеат според својата вера меѓу оние кои имале толку многу светлина. Тие се срамат да изгледаат посебни и да се одрекуваат од своите склоности, и така го отфрлаат својот оклоп токму тогаш кога им е најпотребен, кога силите на темнината работат преку тие нерелигиозни другари за да ги одведат од Христа. Тие одат по патеката полна со опасности без заштита и поддршка на верските начела, сметајќи дека ќе им биде тешко и непријатно да живеат според својата вера во своето одделение, на игралиштето и во сите свои допири со другите. Со тоа тие своите души ги изложуваат на сатанските стрели. Каде се чуварите на оваа младина? Кој со една рака цврсто се фатил за Божјиот престол, додека со друга ја опкружил оваа младина привлекувајќи ја кон Христа? На тие деца токму тука им е потребно да ја запознаат силата на религијата, да бидат зауздани со силна рака. {5C 38.2}

Мнозина кои толку долго ја отфрлале божествената заштита и помош брзаат по патот на лекомисленоста и себичното задоволство, и што е уште полошо, по патот на нискоста и валканоста на телото. Среде ова и нивниот дух станува расипан и верата им станува одвратна. Некои толку далеку отишле по тој пат кој оди надолу и толку сесрдно оделе по стапките на Содомјаните така што денес се близу до проклетство и гласот на укор и предупредување немаат повеќе никакво дејство на нив. Тие нема никогаш да бидат спасени, и родителите се виновни за нивната пропаст. Унижувачките задоволства за кои тие направиле таква огромна жртва - здравјето, духовниот мир и вечниот живот - ќе бидат огорченост на крајот. {5C 39.1}

Родители, заради Христа немојте да грешите во својата најважна должност - во изградувањето на карактерот на своите деца за сегашноста и за вечноста. Една ваша грешка во вашиот дел на занемарување верно да ги поучувате или да попуштате на онаа немудра љубов која ве прави слепи за нивните мани и не ви дозволува соодветно да ги зауздате, може да биде на нивна пропаст. Вашата постапка може да ги упати во погрешна насока за целиот иден живот. Од вас зависи што тие ќе станат и што ќе прават за Христа, за луѓето и за својата сопствена душа. {5C 39.2}

Постапувајте чесно и верно со своите деца. Работете храбро и трпеливо. Не плашете се од крстови, не жалете време, напор, бреме или страдање. Иднината на вашите деца ќе сведочи за карактерот на вашата работа. Својата верност кон Христа може подобро да биде изразена преку симетричниот карактер на вашите деца отколку на било кој друг начин. Тие се Христова сопственост, купени со Неговата крв. Ако нивното влијание е целосно на Христова страна, тогаш ќе бидат Негови соработници и ќе им помогнат на другите да го најдат патот на животот. Ако пак го занемарувате делото кое Бог ви го дал, вашиот немудар начин на дисциплина ќе ги постави меѓу класата на оние кои растураат од Христа и го засилуваат царството на темнината. {5C 40.1}

Кога велам дека кај нашата младина, кај образованите млади луѓе чиишто родители исповедаат христијанство постои еден тешка соблазна во Божјите очи и која е толку распространета што претставува еден од знаците на овие последни денови, јас го говорам она што го знам, го сведочам она што сум го видела. Тој грев содржи во себе толку многу зли тенденции така што треба одлучно да се изложи и разобличи (осуди). Тој се состои во лекоумноста и презирањето на нивниот поранешен завет дека ќе се посветат на Бога. Во време кога биле заинтересирани за религијата, тие под влијание на Светиот Дух го зазеле своето место целосно под со крв попрсканото знаме на кнезот

Емануел. Но родителите биле толку и самите далеку од Бога, толку зафатени со своите земни работи или пак толку исполнети со сомнежи и незадоволство спрема своето сопствено верско искуство, така што целосно не биле во состојба да им дадат поуки. На оваа неискусна младина им била потребна една мудра цврста рака, која ќе им укажува на вистинскиот пат и преку совети и зауздување да постават бариера на погрешниот пат. {5C 40.2}

Треба да се покаже дека верскиот живот е во забележителна спротивност со животот на световните луѓе и на оние кои бараат задоволства. Оној кој сака да биде Христов ученик мора да го земе крстот и да појде по Исуса. Нашиот Спасител не живеел за да си угоди на себеси, затоа не смееме и ние. Високите духовни постигања бараат потполно посветување на Бога. Но родителите на младината не им ја дале таа поука, бидејќи таа би била во спротивност со нивниот начин на живот. Децата биле оставени да добиваат знаење за христијанскиот живот како знаат и умеат. Кога биле во искушение да бараат друштво на световни луѓе или да учествуваат во световни забави, приврзаните родители, не сакајќи да им одречат какво и да е угодување, заземале - ако воопшто нешто укажале или презеле - толку нејасен и нерешителен став, така што децата на основа на тоа дошле до заклучок дека патот по кој сакале да одат е во согласност со христијанскиот живот и карактер. {5C 40.3}

Поаѓајќи еднаш по тој пат, тие обично оделе и понатаму по него, сè додека во нив не завладеал световниот аспект и додека не почнат да ги исмејуваат своите поранешни убедувања. Тие ја презираат едноставноста која ја покажувале кога нивните срца биле благи и изнаоѓаат разни изговори да не ги извршат светите барања на црквата и распнатиот Откупител. Овие луѓе нема никогаш да станат тоа што би можеле да бидат кога не би работеле против убедувањата на сопствената совест и кога не би ги задушувале своите најсвети и најнежни чувства. Ако и после многу години станат Христови следбеници, сè уште ќе носат на својата душа белези кои ги оставило непочитувањето спрема она што е свето. {5C 41.1}

Родителите не ги увидуваат овие работи. Тие не можат да ги предвидат последиците на својот начин на работа. Тие не увидуваат дека на нивните деца им е потребна најнежна нега и најгрижлива дисциплина во божествениот живот. Тие не ги сметаат како оние кои се на посебен начин Христова сопственост, откупнина на Неговата крв, трофеи на Неговата благодат и, како такви, вешти орудија во Божјите раце кои ќе се искористат за изградба на Неговото царство. Сатаната постојано се труди оваа младина да ја истргне од Христовите раце, а родителите не гледаат дека големиот непријател го поставил своето знаме покрај нив. Тие се толку заслепени така што мислат дека тоа е Христовото знаме. {5C 41.2}

Преку славољубието или мрзеливоста, сомнежот и самопопуштањето сатаната ја заблудува младината да скршне од тесниот пат на светоста поставен за откупениците Господови да одат по него. Тие не го напуштаат тој пат одеднаш. Тие се придобиени постепено. Откако ќе направат еден лош чекор, тие го губат осведочувањето на Духот дека Бог ги прима. Така запаѓаат во состојба на малодушност и недоверба. Тие не ги сакаат верските служби бидејќи совеста ги осудува. Тие западнале во сатанската стапица и постои само еден пат на спасение. Треба да се повратат и во понизност на душата да ја признаат и се одречат од својата нецелосна оддаденост. Нека го обноват своето прво искуство кое толку лекомислено го земале, нека ги негуваат светите амбиции, нека во нивните души владеат оние свети чувства кои само Божјиот Дух може да ги вдахне. Верата во Христовата сила ќе им даде сила да издржат и светлина да ги води. {5C 41.3}

Христијанските родители треба да бидат подготвени на своите деца да им ги даваат тие практични поуки во верското искуство. Бог го бара ова од вас и вие ја запоставувате својата должност ако не ја вршите оваа работа. Поучувајте ги своите деца во поглед на начинот на воспитување кој Бог го одредил и условите потребни за успех во христијанскиот живот. Учете ги дека тие не можат да му служат на Бога, а истовремено нивните умови да бидат преокупирани со премногу грижи за потребите во овој живот; но, не дозволувајте им да мислат дека не мораат да работат, дека можат своите слободни часови да ги поминуваат во безделништво. Божјото Слово е јасно во поглед на ова. Исус, небесното Величество, оставил пример за младината. Во работилницата во Назарет, Тој со тешка работа го заработувал Својот секојдневен леб. Бил послушен на Своите родители и не се стремел да управува со Своето време или да работи што Му е волја. Преку живот на угодување младите никогаш нема да можат да постигнат вистинска совршеност како луѓе ниту како христијани. Бог во Својата служба не ни ветува леснотија, чест или богатство; меѓутоа тој нѐ уверува дека сите потребни благодати ќе бидат наши, „со прогонства," а во идниот свет „живот вечен". Христос нема да прими ништо помалку од потполна посветеност на Неговата служба. Тоа е поука која секој од нас мора да ја научи. {5C 42.1}

Оние кои ја проучуваат Библијата, бараат совет од Бога и се потпираат на Христа, ќе бидат во состојба да постапат мудро во секое време и под сите околности. Божјите начела ќе бидат илустрирани во реалниот живот. Ако вистината за ова време срдечно се прифати и стане основа на карактерот, ќе произведе таква решителност на намерата и целите, така што заводливоста на уживањата, променливоста на обичаите, презирот на луѓето кои го љубат светот и повиците на сопственото срце за самоугодување ќе бидат немоќни да делуваат. Најпрвин мора да се просветли совеста, волјата мора да се потчини. Љубовта кон вистината и праведноста мора да владее во душата и на тој начин ќе се изгради карактерот кој небото може да го одобри. {5C 43.1}

Ние имаме изразити примери на подржувачката сила на цврстите верски начела. Дури ниту стравот од смртта не можела да го натера заслабениот Давид да пие од витлеемската вода за која храбрите луѓе ги ризикувале своите животи. Отворената лавовска јама не го одвратила Даниела од неговите секојдневни молитви, ниту вжарената печка можела да ги наведе Седраха и неговите другари да се поклонат на идолот што го подигнал Навуходоносор. Младите луѓе кои имаат цврсти начела ќе ги избегнуваат задоволствата, ќе одбијат да бидат победени од болката, и ќе бидат смели дури и во лавовската јама и во вжарената печка, попрво отколку да бидат неверни на Бога. Погледнете го карактерот на Јосиф. Неговата доблест беше силно испитана, но нејзината победа беше целосна. Ова благородно момче ја издржало пробата во сите точки. Возвишеното, непоколебливо начело се покажало при секое искушение. Господ бил со него и Неговиот збор бил закон. {5C 43.2}

Таквата цврстина и неизвалканото начело блескаат со најголем сјај наспроти слабоста и неделотворноста на денешната младина. Со мал број на исклучоци, младите луѓе се колебливи, поведувајќи се со секоја промена на приликите и околината, денес едно утре друго. Само нека им се покажат привлечностите на задоволствата или себичните уживања, и тие ќе ја жртвуваат совеста за да дојдат до тоа што го посакуваат. Може ли во таквата личност да се има доверба? Никогаш! Кога нема искушенија, таквата личност може така пристојно да се однесува така што вашите сомнежи изгледаат неоправдани. Меѓутоа, нека само и се даде можност, и таа ќе ја изневери вашата доверба. Таквата личност е несигурна. Токму во моментот кога најмногу се потребни

цврстина и непоколебливост таа ќе попушти, и ако не стане Арнолд или Јуда - тоа е само затоа што не ѝ се покажала поволна прилика за тоа. {5C 43.3}

Родители, вашата прва грижа треба да биде да го послушате гласот на должноста и со срце и душа да се посветите на делото кое Бог ви го доверил. Ако и доживеете неуспех во сѐ друго, бидете овде целосни и делотворни. Ако вашите деца излезат од домашното воспитување чисти и доблесни, па дури ако го заземат најмалото и најниското место во големиот Божји план за доброто на овој свет, за вашиот живот никогаш нема да може да се каже дека претрпел неуспех и вие никогаш нема да го посматрате со грижа на совеста. {5C 44.1}

Погрешна е мислата дека мораме да се покориме на волјата на изопачените деца. На Елисеј, на самиот почеток на неговото дело, му се подбивала и потсмевала младината на Ветил. Тој бил човек со мошне благ дух, но Божјиот Дух го присилил да изрече проклетство над оние што го исмевале. Тие слушнале за вознесението на Илија и тој свечен настан го направиле предмет на исмејување. Елисеј докажал дека ниту старите ниту младите не смеат лекомислено да го земат неговиот свет повик. Кога му рекле дека и тој би требало да се вознесе како што пред него се вознел Илија, тој ги проколнал во името Господово. Страшната казна што ги снашла била Божја казна. После тоа Елисеј немал повеќе незгоди во својата мисија. Педесет години поминувал низ портите на Ветил, тој одел и доаѓал од град во град, поминувајќи низ мноштво на најлоша, најгруба, безработна, распуштена младина, но никогаш никој не му се потсмевал ниту лекомислено го сфатил неговиот повик како пророк на Највозвишениот. Овој единствен случај на страшна строгост на почетокот на неговиот повик бил доволен да влее почитување кон него, што траело цел живот. Кога би дозволил исмејувањето да помине незабележано, и понатаму би бил исмејуван, навредуван и дури би го убиле, а неговата задача да го поучи и спаси народот кој се наоѓал во најголема опасност би претрпела неуспех. {5C 44.2}

Дури и љубезноста мора да има граници. Авторитетот мора да се подржи со цврста строгост инаку многумина ќе го дочекаат со потсмев и презир. Таканаречената нежност, наговарањето и попусливост кои кон младината ги покажуваат родителите и старателите се најголемо зло што може да ги снајде. Во секое семејство се потребни цврстина, решителност и дефинитивни барања. Родители, прифатете се за своите запоставени должности; образувајте ги своите деца во согласност со Божјиот план, „покажувајќи ја пофалбата на Оној што ги повикал од темнина во Својата чудесна светлина” (1. Петрово 2:9). {5C 45.1}

---

4. ЗНАЧАЈНО СВЕДОШТВО

Халдсбург, Калифорнија, 28 март, 1882.

Драги брате _____, твоето писмо го примив на време. Иако бев радосна што добив вест од тебе, се натажив, кога ја прочитав содржината на писмото. Примив слично писмо од Сестрата _____ и Братот _____. Меѓутоа, немам никакви вести од Братот _____ ниту од било кого од оние кои го подржуваат. Од твоето писмо дознав по кој пат сте тргнале во постапката против Братот _____. {5C 45.2}

Не сум изненадена дека таква состојба на нештата можат да постојат во Батл Крик, но мошне ми е тешко што ти, многу почитуван брате, си замешан во тоа прашање и тоа на погрешната страна, со оние кои што јас знам дека не ги води Бог. Некои од тие луѓе се чесни, но се измамени. Тие ги примиле своите впечатоци од други извори, а не од Божјиот Дух. {5C 45.3}

Јас грижливо избегнував за важните прашања да не го изразувам своето мислење на поединци, затоа што луѓето често се користат неправилно со она што јас ќе го кажам, дури и за најдоверливите прашања. Луѓето се трудат да ми извлечат забелешки за разни прашања, а потоа ги искривуваат и погрешно прикажуваат така што зборовите одразуваат идеи и мислења целосно различни од оние кои јас ги имам. Но тие луѓе за тоа ќе одговараат на Божјиот суд. {5C 45.4}

Што се однесува за сегашните ваши потешкотии, јас одлучив да молчам. Мислев дека можеби е најдобро нештата да се развијат, за да оние кои беа толку подготвени да го критикуваат мојот сопруг увидат дека духот на негодување постои во нивното сопствено срце и дека сè уште таму живее и сега, кога на човекот кога се жалеле мирно почива во гробот. {5C 46.1}

Знаев дека мора да дојде до криза. Бог на овој народ му дал јасни и одредени сведоштва за да ја спречи ваквата состојба на работите. Кога браќата би го послушале гласот на Светиот Дух во предупредувањата, советите и преколнувањата, тие сега би биле во мир и слога. Меѓутоа овие сведоштва не ги послушаа оние кои тврдат дека веруваат во нив, и како последица на тоа дојде до одвојување од Бога и до повлекување на Неговиот благослов. {5C 46.2}

Бог употребува разни средства за да го издејствува спасението на луѓето. Тој им говори преку Своето слово, преку Своите проповедници и преку Светиот Дух им упатува вести на предупредувања, укори и поуки. Тие средства се замислени да го просветлат разумот на луѓето, да им укажат на нивните должности и нивните гревови и на благословите кои можат да ги добијат; да пробудат во нив сфаќање на духовните потреби за да го примат Христа и во Него да најдат благодат што им е потребна. Но мнозина одбираат да одат по сопствените патишта наместо по Божјите. Тие не се измириле со Бог, ниту можат да се измират додека не го распнат своето „јас“ и додека Христос не почне да живее во нивните срца преку вера. {5C 46.3}

Секој поединец со своите постапки или се оддалечува од Христа со тоа што одбива да го негува Неговиот Дух и да го следи Неговиот пример, или пак стапува со Христа во лично единство преку самоодрекување, вера и послушност. Ние треба, секој за себеси, да го одбереме Христа, затоа што Христос прв нè избрал нас. Тоа единство со Христа треба да го постигнат оние кои по природа се во непријателство со Него. Во тој однос на крајна зависност треба да стапи гордото срце. Таа работа допира блиску до срцето и мнозина, кои тврдат дека се Христови следбеници, ништо не знаат за тоа. Тие на зборови го прифаќаат Спасителот, но не како единствен владетел во нивното срце. {5C 46.4}

Некои ја увидуваат својата потреба од помирувањето и кога ќе ја увидат таа потреба и кога ќе почувствуваат желба за промена во срцето - тогаш започнува борба. За човекот да се одрече од својата волја и можеби од досегашните предмети на љубов и копнеж потребен е напор пред кој многумина се колебаат, заслабнуваат и му свртуваат грб. Меѓутоа таа борба мора да ја води секое вистинско обратено срце. Мораме да се бориме против внатрешните и надворешните искушенија. Мораме да извојуваме победа над самите себе, да ги распнеме склоностите и телесните желби - и

тогаш започнува врската на душата со Христа. Како што сувото и на изглед безживотното гранче се калеми на живото дрво, така и ние можеме да станеме жива прачка на Вистинската Лоза. И плодот што го донел Христос ќе го донесат сите Негови следбеници. Кога тоа единство ќе се постигне, тоа може да се сочува само со постојани, усрдни и болни напори. Христос ја пројавува Својата сила за да ја сочува и пази таа света врска, и зависниот и беспомошен грешник мора да ја одигра својата улога со неуморна енергија, инаку сатаната со својата свирепа, подмолна сила ќе го одвои од Христа. {5C 47.1}

Секој христијанин мора да биде постојано на стража, внимавајќи на секој пристап на кој сатаната може да и пристапи на душата. Тој мора да се моли за божествена помош и истовремено решително да ѝ се спротивставува на секоја наклонетост кон гревот. Тој може да победи преку храброст, истрајни напори и вера. Но нека има на ум дека за да придобие победа Христос мора да пребива во него и тој во Христа. {5C 47.2}

Единството на верниците со Христа природно ќе доведе до меѓусебна слога и таа врска е најтрајна на земјата. Ние сме едно во Христа како што Христос е едно со Таткото. Христијаните се прачки, и само прачки на живата Лоза. Една прачка не смее да ги црпи своите животни сокови од друга. Нашиот живот мора да доаѓа од родителската лоза. Само со лична врска со Христа; само ако секој ден, секој час општиме со Него можеме да ги донесеме плодовите на Светиот Дух. {5C 47.3}

Црквата во Батл Крик ја зафатил дух кој нема врска со Христа. Тоа не е ревност за вистината, ниту љубов спрема Божјата волја како што е откриена во Неговото слово. Тоа е самоправеден дух. Тој ве наведува да се издигнете себеси над Христа и своите гледишта или мислења да ги сметате поважно од единството со Христа и меѓусебната слога. Кај вас постои жалосен недостаток на братска љубов. Вие сте црква која повторно западнала во своите поранешни патишта. Да се познава вистината, да се тврди дека сте соединети со Христа, а сепак да не се донесе род, да не се живее со постојано исполнување на вера - тогаш вашите срца ќе закорават во непослушност и самодоверба. Нашиот раст во благодатта, нашата радост, нашата корисност - сето тоа зависи од нашето единство со Христа и од степенот на нашата вера која ја пројавуваме кон Него. Тука е изворот на нашата сила во светот. {5C 48.1}

Мнозина од вас бараат други да им оддаваат чест. Меѓутоа, што значат почестите или одобрувањето на човекот за оној кој се смета за Божји син, сонаследник Христов? Што претставуваат задоволствата од овој свет за оној кој секојдневно учествува во Христовата љубов која го надминува секое знаење? Што значат презирот и противењето на човекот за оној кого Бог го прифаќа преку Исуса Христа? Себичноста не може повеќе да живее во срцето кое прикажува вера во Христа, отколку што светлината и мракот можат истовремено да постојат. Духовното студенило, мрзеливоста, гордоста, како и кукавичноста - сето тоа се повлекува пред верата. Можат ли тие, кои се блиску поврзани со Христа, како прачките со лозата, да зборуваат макар за било што друго освен за Христа? {5C 48.2}

Дали сте во Христа? Не сте ако не признаете дека сте заблудени, беспомошни, осудени грешници. Не сте ако се воздигнувате и славите себеси. Ако во вас има нешто добро, тоа може да се припише исклучиво на милоста на сочувствителниот Спасител. Вашето потекло, вашиот углед, вашето богатство, вашите способности, вашите доблести, вашата побожност, вашето човекољубие и сè што е во вас, нема да оформи врска помеѓу вашата душа и Христа. Вашата поврзаност со црквата, начинот на кој браќата гледаат на вас, нема да биде ниту од било каква корист ако не верувате во

Христа. Не е доволно да верувате за Него, вие морате да верувате во Него. Морате потполно да се потпрете на Неговата спасоносна благодат. {5C 48.3}

Мнозина од вас во Батл Крик живеат без молитва, без мисли за Христа, не воздигајќи го Него пред оние кои се околу вас. Немате зборови да го воздигате Христа; вие не правите дела во Негова чест. Мнозина меѓу вас се вистински странци за Христа, како никогаш да не слушнале за Неговото име. Немате мир Христов, затоа што не сте ги удоволиле условите за мир. Не општите со Бог, затоа што не сте соединети со Христа. Нашиот Спасителот рекол: „Никој не доаѓа кај Таткото, освен преку Мене" (Јован 14:6). Вие не сте корисни во Христовото дело. Ако не пребивате во Мене, вели Исус, не можете да направите ништо - ништо во Божјите очи, ништо што Христос ќе прифати од вашите раце. Без Христа нѐ можете да имате ништо освен лажна надеж, затоа што Самиот Тој објавува: „Ако некој не пребива во Мене, ќе биде исфрлен надвор како прачка, и ќе се исуши; а таквите ќе ги соберат, и во оган ќе ги фрлат, и ќе изгорат" (Јован 15:6). {5C 49.1}

Напредувањето во христијанскиот живот е обележано со сѐ поголема понизност, што е последица на сѐ поголемото знаење. Секој, кој ќе се соедини со Христа, ќе се одвои од сето беззаконие. Ви кажувам, во страв Божји, покажано ми е дека мнозина од вас нема да го достигнат вечниот живот, затоа што своите надежи ги градите на лажни темели. Бог ве препушта на самите вас, за да ве „понизи, за да ве испита и да знае што ви е во срцето". Вие го запоставувате Светото Писмо. Ги презирате и отфрлате сведоштвата затоа што тие ги укоруваат вашите омилени гревови и ја нарушуваат вашата самозадоволност. Кога Христос живее во срцето, Неговата сличност ќе се открие во животот. Тогаш понизноста ќе владее таму каде што некогаш владеела гордоста. Покорноста, кротоста и трпението ќе ги омекне грубите црти на една по природа изопачена и нескротлива природа. Љубовта спрема Христа ќе се покаже во љубовта спрема Неговиот народ. Таа љубов не е променлива ниту повремена, туку смирена, длабока и силна. Животот на христијанинот мора да биде лишен од секаков изговор, сето преправање, итрина и лага. Тој живот е сериозен, вистински и возвишен. Христос говори преку секој збор. Тој се гледа во секое дело. Животот блескоти со светлината на Спасителот што пребива во него. Во општењето со Бога и радосното размислување за небесните работи, душата се подготвува за небото и се труди да приведе други души во Христовото стадо. Нашиот Спасител е способен и сака да направи за нас повеќе отколку што можеме да побараме, или пак да замислиме. {5C 49.2}

Црквата во Батл Крик има потреба од дух на самопонизност и скромност. Покажано ми е дека мнозина негуваат несвета желба за превласт. Мнозина сакаат да им се ласка и будно внимаваат да не бидат запоставани или омаловажени. Тука постои закоравен, дух кој не простува. Постои завист, кавга и натпреварување. {5C 50.1}

Ништо не е понеопходно за општење со Бога од најдлабоката понизност. „Јас живеам", говори Возвишениот и Светиот „со оние што имаат покајничко срце и понизен дух" (Исаија 57:15). Додека толку ревно се трудите да бидете први, имајте на ум дека ќе бидете последни во Божјата благонаклоност ако не негувате кроток и понизен дух. Гордоста на срцето ќе причини мнозина, кои можеле да имаат успех, да претрпат неуспех. „Пред честа се наоѓа понизноста," „и трпеливиот по дух е подобар отколку гордиот" (Изреки 18:12; Проповедник 7:8). „Кога Ефрем зборуваше со треперење, Тој беше првенец во Израел; но кога се огреши со Ваал, загина" (Осија 13:1). „Зашто, мнозина се повикани, а малкумина избрани" (Матеј 22:14). Мнозина го слушаат повикот на милоста и биваат испитувани и проверени, но малкумина се запечатени со печатот

на живиот Бог. Малкумина се кои ќе се понизат како мали деца за да можат да влезат во небесното царство. {5C 50.2}

Малкумина се оние кои ја примаат Христовата благодат со самопонижување, со длабоко и постојано чувство на нивната недостојност. Тие не можат да го поднесат манифестирањето на Божјата сила, затоа што тоа би поттикнувало во нив самоценење, гордост и завист. Заради тоа Господ може денес толку малку да направи за нас. Бог сака секој од нас да копнее кон усовршување на љубовта и понизноста во сопственото срце. Доделете си најголема грижа на себеси, негувајте ги оние доблести на карактерот кои ќе ве подготват за друштво со оние кои се чисти и свети. {5C 50.3}

Потребна ни е Божјата преобратувачка сила. Вие треба да го барате Бога за себеси. Заради вашата душа, не ја занемарувајте повеќе оваа задача. Сите ваши неволи се последица на вашето одвојување од Бога. Вашата неслога и раздор се плод од нехристијански карактер. {5C 51.2}

Мислев да молчам и да ве пуштам и понатаму да одите по својот пат сè додека сами не го увидите и не се згрозите од грешноста на своето постапување. Но одвојувањето од Бога доведува до закоравеност на срцето и заслепеност на умот, така што луѓето сè помалку и помалку сфаќаат во каква положба се наоѓаат, се додека Божјата благодат конечно не е повлечена, како што било случај со Евреите.

Би сакала правилно да се сфати мојот став. Мене не ми се допаѓа начинот со кој се постапува кон Братот _____. Во срцата на мнозина непријателот поттикнал чувство на омраза. Луѓето еден на друг ги прераскажувале неговите грешки, постојано зголемувајќи ги, додека озборувачки јазици долевале гориво на огнот. Родителите, кои никогаш не ја чувствувале грижата која треба да ја чувствуваат за душите на своите деца и никогаш не ги поучиле ниту ограничиле онака како што треба, се оние кои манифестираат најогорчена опозиција кога нивните деца се зауздани, укорувани или коригирани во училиштето. Некои од овие деца се срам за црквата и за името на адвентизмот. {5C 51.3}

Родителите самите го презираа укорот, и го презираа и укорот даден на нивните деца, и не се трудеа тоа да го сокријат од нив. Гревот на родителите започнал со нивното лошо управување во самиот дом. Некои души од овие деца ќе бидат загубени, затоа што не примале поуки од Божјото слово и не станале христијани во својот дом. Наместо да сочувствуваат со своите деца во нивните изопачени постапки, родителите требало да ги укорат и да го поддржат верниот учител. Овие родители самите не биле поврзани со Христа и тоа е причина зошто толку страшно ја занемариле својата должност. Тоа што го посеале тоа и ќе го жнеат. Жетвата нема да изостане. {5C 51.4}

Во училиштето Братот _____ не беше обременет само со погрешните постапки на децата, туку и преку непромисленото управување на нивните родители, кои произвеле и негувале омраза кон зауздувањето. Заради преморе ност, постојани грижи, без помош дома, туку постојаната раздразливост, тој понекогаш губеше власт над себе и постапуваше непромислено. Некои го користеа тоа и тие негови грешки со мало значење ги прикажуваа како големи гревови. {5C 52.1}

Класата на оние кои исповедаат дека ја празнуваат саботата кои настојуваат да склопат сојуз меѓу Христа и Велијар, кои едната рака ја испружуваат кон вистината, а другата кон светот, ги опкружиле своите деца и ја заоблачиле црквата со атмосфера која е сосема спротивна на верата и Христовиот Дух. Тие не се осмелија отворено да станат против барањата на вистината. Не се осмелија да истапат и да кажат дека не веруваат во сведоштвата; меѓутоа, на име верувајќи во двете, тие не се покоруваа ниту на едното

ниту на другото. Тие со своите постапки се одрекоа од двете. Тие би сакале Господ да ги исполни врз нив Своите ветувања, но одбиваат да се покорат на условите со кои се условени тие ветувања. Не сакаат да се одречат од сите нешта кои сакаат да го заземат местото на Христа. Под впечаток на проповедите, тие делумно ја потиснуваат својата световност, но не постои темелна промена на срцето. Световните желби, похота на телото, похота на очите и гордоста во животот најпосле задобиваат победа. Сите вакви исповедаат христијанство. Нивните имиња се наоѓаат во книгите на црквата. Тие некое време живеат наизглед побожен живот, но потоа ги предаваат своите срца, премногу често конечно, на преовладувачкото влијанието на светот. {5C 52.2}

Какви и да се пропустите на Братот _____, вашите постапки се неправедни и нехристијански. Вие го истражувавте неговото минато и баравте нешто што би било неблагопријатно, ја баравте секоја сенка на злото и го прогласувавте за грешник само заради еден збор. Ги повикавте во помош сите можни сили за да се поддржите себеси во своите обвинувања. Знајте дека Бог исто ќе постапи кон секој од вас. „Зашто, со каков суд судите, со таков ќе бидете судени; со каква мерка мерите, со таква и ќе ви се мери" (Матеј 7:1). Сите кои учествуваа во овој срамен напад ќе мораат да одговараат за тоа. Што мислите, какво влијание вашите постапки ќе има врз учениците, кои секогаш негодуваа на зауздувањето? Како сето ова ќе влијае на нивниот карактер и на целата нивна животна историја? {5C 53.1}

Што кажуваат сведоштвата за ова? Дури една погрешна црта на карактерот, една негувана грешна желба може по одредено време да ја неутрализира сета сила на евангелието. Преовладувањето на грешната желба ја покажува измаменоста на душа. Секое попуштање на таа желба ја засилува душата во нејзината антипатија за Бога. Неволите во вршењето на должноста и задоволствата на гревот се јажиња со кои сатаната ги врзува луѓето во своите стапици. Како верни ќе се покажат само тие што попрво би умреле отколку да направат некое погрешно дело. {5C 53.2}

Некое дете може да прими солидни верски поуки; но ако родителите, учителите и старателите дозволат неговиот карактер да се наклони на некоја лоша навика, таа навика, ако не се искорени, ќе стане најмоќна сила и детето е загубено. {5C 53.3}

Сведоштвото што ви го даде Божјиот Дух гласи: не преговарајте со непријателот. Уништете ги трњата, инаку тие ќе ве уништат вас. Изорајте ја необработената почва во срцето. Работата нека биде длабока и целосна. Плугот на вистината нека ги искорне плевелта и трњето. {5C 53.4}

Христос им рекол на гневните фарисеи кои обвинувале: „Кој од вас е без грев, прв нека фрли камен на неа" (Јован 8:7). Дали беа без грев тие што толку ревно го напаѓаа и осудуваа Братот _____? Кога нивниот карактер и живот би се истражувал толку блиску и јавно како што тие го истражуваа животот на Братот _____, некои од нив би изгледале многу полоши од тоа како тие се обидуваа да го прикажат него. {5C 53.5}

Јас не се осмелувам да молчам повеќе. Ви зборувам вам и на црквата во Батл Крик. Направивте голема грешка. Бевте неправедни кон човекот на кого вие и вашите деца му должат голема благодарност која вие не ја согледувате. Вие сте одговорни за влијанието што го вршевте на колеџот. Мирот е воспоставен, затоа што се постапи според волјата на учениците. Во некоја друга криза, тие ќе бидат исто толку решителни и истрајни како што беа во оваа прилика и ако најдат еден толку вешт бранител како Братот _____, тие повторно ќе ја спроведат својата цел. Бог им проговори на учениците, учителите и членовите на црквата, но вие ги отфрливте Неговите зборови. Сметавте дека е подобро да одите по својот пат, без оглед на последиците. {5C 54.1}

Бог нам како народ ни има дадено опомени, укори и предупредувања од лево и десно, за да нè одвои од световните обичаи и световните начела. Тој бара од нас да бидеме посебни во верата и карактерот, и да дојдеме до ниво на живот кој е далеку напред во однос на светот. Братот _____ дојде меѓу вас, не познавајќи го Божјото постапување со нас. Бидејќи е нов во верата, нему речиси сè му претстои да научи. Но вие без стеснување се сложивте со неговите сфаќања. Вие кај него одобрувавте дух и начин на постапување во кои нема ништо заедничко со Христа. {5C 54.2}

Кај студентите поттикнувавте дух на критикување којшто Божјиот Дух се стремеше да го потисне. Ги наведувавте да ја злоупотребат довербата. Меѓу нас не се малкумина млади луѓе кои за своите најдобри особини му должат на знаењето и начелата примени од Братот _____. Мнозина се должни на неговите поуки за тоа што станаа корисни не само во саботната школа туку и во различни други гранки на нашето дело. Но сепак вашето влијание поттикнувало неблагодарност и ги водело учениците да го презираат тоа што би требало да го негуваат. {5C 54.3}

Луѓето, кои немале неволи на кои биле изложени другите, наклонети се да веруваат дека се подобри од нив. Но, ставете ги во огнот на неволите, и ќе видите дека ниту оддалеку нема да се држат толку добро како тие што ги критикуваат и погрешно проценуваат. Колку малку знаеме за агонијата што ги погодува срцата на другите! Колку малкумина ги сфаќаат околностите на другите луѓе. Затоа е мошне тешко да се даде мудар совет. Тоа што нам може да ни се чини дека е соодветно, може, во реалноста да биде сосема спротивно. {5C 55.1}

Братот _____ искрено копнеел за сознание. Тој се стремел да ги убеди учениците дека тие се одговорни за своето време, таленти и можности. Не е возможно човек да има толку грижи, да носи толку тешки одговорности а да не стане забрзан, заморен и нервозен. Тие што не сакаат да примаат товари, кои би ги напрегнале нивните сите сили до крајност, не знаат ништо за притисоците кои се поставени врз оние што мора да ги носат тие товари. {5C 55.2}

Некои во колеџот ги имаа на ум само непријатните и неповолни нешта во нивната поврзаност со Братот _____. Овие луѓе го немаат тој благороден дух, сличен на Христовиот, кој не мисли зло. Тие го преувеличуваа секој непромислен збор и постапка и ги изнесуваа во време кога зависта, предрасудите и љубомората беа активни во нехристијанските срца. {5C 55.3}

Еден писател рекол: „Меморијата на зависта не е ништо друго освен една низа од алки за закачување на чувства на негодување или огорченост”. Во светот има многу луѓе кои мислат дека тоа е знак на надмоќност да зборуваат за нештата и личностите кои „не можат да ги поднесат”, а не за нештата и личностите што им се пријатни. Големиот апостол не правел така. Тој ги поттикнува своите браќа: „Понатаму, браќа мои, на она што е вистинско, што е чесно, што е праведно, што е чисто, што е љубезно, што е достојно за слава, на она што е добродетел, што е за пофалба, само на тоа мислете” (Филипјаните 4:8). {5C 55.4}

Зависта не е само изопаченост на карактерот, туку лош темперамент кој ги нарушува сите добри особини. Таа се зачнала со сатаната. Тој сакал да биде прв на небото, и бидејќи не можел да ја добие сета моќ и слава за кои копнеел, се побунил против Божјата власт. Тој им завидувал на нашите прародители и ги искушал на грев, и на тој начин ги упропастил нив и целиот човечки род. {5C 56.1}

Завидливиот човек ги затвора своите очи за добрите особини и благородни дела на другиот. Секогаш е подготвен да го потценува и погрешно да го прикажува она што е

извонредно. Луѓето често пати ги исповедаат и оставаат другите дефекти, но за ова има малку надеж кај завидливиот човек. Да му се завидува на некој човек значи да се признае дека тој е поголем, додека гордоста не дозволува никакво отстапување. Ако се обидеме да го убедиме завидливиот човек во неговиот грев, тој ќе стане уште поогорчен кон својот предмет на завист и често станува неизлечив. {5C 56.2}

Завидливиот човек истура отров каде и да се појави, оттуѓувајќи ги пријателите и поттикнувајќи омраза и непокорност кон луѓето и кон Бога. Тој копнее другите да го сметаат за најдобар и најголем, но не така што со јуначки и пожртвувани напори ќе се издигне до извонредноста, туку останувајќи таму каде што е и потценувајќи ги заслугите на другите. {5C 56.3}

Некои луѓе во колеџот и во црквата негуваа завист во своето срце. На Бога му е неугодно таквото постапување. Ве преколнувам, заради Христа, никогаш да не постапувате еден кон друг така како што постапувавте кон Братот _____. Благородната природа не ликува во нанесувањето на болка, ниту се радува во обелоденување на маните на другите. Христовиот ученик со гадење ќе се оттргне од гозбата на озборување. Но некои кои активно учествуваа во тоа, и понатаму продолжуваат со тоа непријателство кон еден Господов слуга кој се наоѓа во неволја, човек кој служејќи им нив, го жртвувал здравјето и силата. Господ го одбрани случајот на угнетениот и светлина од Неговото лице го осветли Неговиот напатен слуга. Тогаш видов дека Бог повторно ќе ги испита овие луѓе, како што прави сега, за да се открие што имаат во срцата. {5C 56.4}

Кога Давид згрешил, Бог му дал да одбере: Да ја прими својата казна од Бога или од човечки раце. Покајничниот цар одбрал да падне во Божјите раце. Нежната милост на злите е сурова. Заблудениот и грешен човек, кого само Божјата сила може да го одржи на вистинскиот пат, сепак е закоравен и не му простува на својот брат кој прави грешки. Браќа мои во Батл Крик, каква сметка ќе положите пред Божјиот суд? Вие добивте голема светлина преку опомени, укори и молби. Како ги отфрливте тие зраци испратени од небото! {5C 57.1}

Апостол Јаков вели дека од пеколот е запален јазикот кој ужива во злото, јазик кој е дрдорлив и кој зборува: кажи ми и ќе ти кажам. Тој шири оган на сите страни. Што му е грижа на оној кој озборува дека тој го оцрнува невиниот? Тој нема да престане со својата зла работа, иако ја руши надежта и храброста во оние кои веќе тонат под своите товари. Тој се грижи само да ѝ угоди на својата тенденција на љубов кон скандалот. Дури и луѓето кои се сметаат за христијани ги затвораат очите пред она што е чисто, чесно, благородно и добро и го примаат она што е непожелно и непријатно и го разнесуваат понатаму. {5C 57.2}

Вие самите широко ја отворивте вратата на сатаната да влезе. Му дадовте почесно место на состаноците на кои испитувавте и истражувавте. Меѓутоа, не покажавте никаква почит кон извонредноста на карактерот изградена преку години на верност. Завидливите и одмаздољубиви јазици ги прикажуваа делата и побудите на начин како што нив им беше мило. Црното направија да изгледа бело, а белото црно. Кога беа укорени за таквите изјави, некои одговорија: „тоа е вистина”. Признавајќи дека фактите што ги изнесоа се вистина, дали тоа го оправдува нивниот начин на постапување? Не, не. Кога Бог би ги собрал сите обвинувања што можат во вистина да се изнесат против вас и ако од нив сплете камшик за да ве казни, вашите рани би биле побројни и подлабоки од оние што му ги нанесовте на Братот _____. Дури и фактите можат да се прикажат на начин што ќе предизвика погрешен впечаток. Вие немате право да го

собирате секој збор против него и да го користите тоа за да ја уништите неговата репутација и неговата корисност. Кога Господ би го манифестирал истиот дух кон вас каков што вие манифестиравте кон вашиот брат, би биле немилосрдно уништени. Зар немате грижа на совеста? Се плашам дека немате. Уште не е дојдено време ова сатанско влијание да ја загуби својата сила. Доколку Братот _____ би бил навистина таков каков што вие го прикажувате - а јас знам дека не е таков - вашата постапка сепак би била неоправдана. {5C 57.3}

Кога ќе слушнеме некоја осуда против некој наш брат, ние ја примаме. На прашањето: „Господи, кој може да престојува во Твоето живеалиште? Кој може да се всели на Твојата света гора?", псалмистот одговара: „Оној, што оди непорочно, што врши правда и во срцето свое говори вистина. Кој не клевети со јазикот свој, не прави зло на ближниот свој и не прима укор против својот ближен" (Псалм 15:1-3). {5C 58.1}

Колку озборувања би се спречиле кога секој би помислил на тоа дека тој што му зборува за грешките на другите исто така ќе зборува и за неговите мани во првата згодна прилика. Треба да настојуваме да мислиме добро за сите луѓе, особено за нашите браќа, сè додека не сме натерани да имаме поинакво мислење. Не треба веднаш да им поверуваме на злите зборови. Тие често се плод на завист или недоразбирање, или пак претерување и делумно извртување на фактите. Ако на зависта и сомнежот еднаш им се дозволи место, тие ќе се сеат себеси нашироко, како семињата кои летаат од растенијата. Ако некој од нашите браќа застрани, тогаш е време да го покажеме својот вистински интерес за него. Пријдете му благо, молете се со него и за него, имајќи ја на ум бесконечната цена што Христос ја платил за негово откупување. Така ќе спасите една душа од смрт и ќе покриете мноштво гревови. {5C 58.2}

Еден поглед, еден збор, па дури и акцент можат да бидат важни за лагата која како стрела продира до срцето и му задава неизлечива рана. Со тоа може да се фрли сомнеж и укор на човек преку кого Бог можел да направи некое добро дело. Неговиот углед е разорен, неговата корисност уништена. Кај некои животни, ако едното е рането и падне, другите се нафрлаат на него и го растргаат на парчиња. Истата свирепост се сретнува и кај луѓе кои носат име на христијани. Тие, како и фарисеите, со задоволство би ги каменувале тие што се помалку виновни од нив. Има луѓе кои укажуваат на туѓите мани и грешки за да го одвратат вниманието од своите или за другите да поверуваат во нивната голема ревност за Бога и за црквата. {5C 59.1}

Неколку седмици подоцна, јас во сон видов еден ваш состанок за истражување. Ги слушнав сведоштвата кои учениците ги изнесуваа против Братот _____. Токму на тие ученици многу им користеа неговите темелни, совесни поуки, некогаш, додека тие тешко можеа да кажат доволно во негова пофалба. Но сега дува друг ветар. Овие луѓе го развија својот вистински карактер. Видов еден ангел кој во една голема книга ги запишува сите искажани сведоштва. Со секое сведоштво беа запишани гревовите, маните и грешките на оној што го изнесуваше. Потоа беа забележани и големите благодети кои овие лица ги имаат примено од Братот _____. {5C 59.2}

Ние како народ береме плодови од напорната работа на Братот _____. Меѓу нас нема човек кој на својата работа посветил повеќе време и мисли од Братот _____. Тој чувствуваше дека нема никој да го поддржи и беше благодарен за секое охрабрување. {5C 59.3}

Една од големите цели, заради кои е основан нашиот колеџ, беше за да ја одвои нашата младина од духот и влијанието на светот, неговите обичаи, лудости и идолопоклонство. Колеџот требаше да стане брана против неморалот на сегашното

време, заради што светот стана исто толку изопачен како во деновите на Ное. Младите се маѓепсани со страста на додворување и склопување на бракови. Насекаде владеат љубовни копнежи и сентименталност. Потребна е голема будност и тактичност за младите да се сочуваат од сите зла. Многу родители се слепи за склоностите на своите деца. Некои родители со самодоверба ми зборуваа дека нивните синови и ќерки немаат никакви склоности да се дружат со спротивниот пол, иако токму тие нивни деца во исто време тајно укажуваа и примаа такво внимание, и родителите беа толку обземени со световност и озборување што ништо не знаеја за тоа. {5C 59.4}

Основна цел на нашиот колеџ беше да им се обезбеди на младите луѓе прилика да се образуваат за службата на проповедање и да ја подготви младината од двата пола да станат работници во разните гранки на делото. Овие ученици требало да добијат образование во општите гранки, а над сè да ја запознаат Божјата Реч. Во овој поглед нашето училиште беше во недостаток. Немало ниеден на Бога предан човек кој би се посветил на ова гранка на работа. Младите луѓе кои Божјиот Дух ги поттикнал да се посветат на повикот за проповедници доаѓале во колеџот со оваа цел и се разочарале. Не се извршиле никакви подготовки за овие луѓе, додека некои учители, знаејќи за ова, ги советувале овие млади да се посветат на други студии и да се оспособат за некој друг повик. Кога оваа младина не би била истрајна во својата намера, би ја напуштила помислата на студирање за службата на проповедање. {5C 60.1}

Такви биле последиците од влијанието на непосветените учители, кои работат само за плата, кои не се проткаени од Божјиот Дух и немаат заедница со Христа. Никој не бил повреден во оваа работа од Братот _____. Библијата треба да биде најглавниот предмет на проучување. 5C 60.2}

Ова книга, која ни укажува како да го искористиме овој живот за да го задобиеме идниот, бесмртен живот, е од поголема вредност за учениците од било која друга. Ние имаме само малку време што можеме да го искористиме за да се запознаеме со нејзините вистини. Но сепак од училиштето бил одвоен човекот кој Божјата Реч ја направил предмет на проучување и кој можел повеќе од било кој друг учител да им помогне на младите да се здобијат со знаење од Светото Писмо. {5C 61.1}

Професорите и учителите не ја сфатиле целта на нашиот колеџ. Ние во него вложивме пари и мисли и се трудевме да го направиме според Божјата волја. Волјата и расудувањето на оние кои се во незнаење за тоа како Бог нè водеше како народ, не треба да имаат управувачко влијание во колеџот. Господ неколку пати покажал дека не смееме да се угледаме на популарните училишта. Проповедниците на другите заедници поминуваат години во стекнување на образование. Нашите момчиња треба да го добијат своето образование во кратко време. Каде што денес работи еден проповедник би требало да бидат дваесет луѓе кои нашиот колеџ ги подготвил со Божја помош да влезат на полето на евангелието. {5C 61.2}

Многу од нашите помлади проповедници, дури и некои со позрело искуство, ја занемаруваат Божјата Реч и ги презираат сведоштвата на Неговиот Дух. Тие не знаат што пишува во сведоштвата, а и не сакаат да знаат. Тие не сакаат да ги запознаат и исправат маните на својот карактер. Многу родители не бараат поуки за себеси во сведоштвата, затоа се разбира и не можат да ги дадат на своите деца. Тие покажуваат презир кон светлината која Бог ја дал, живеејќи во спротивност со Неговите упатства. Пример за ова дале луѓето кои работат во срцето на делото. {5C 61.3}

Вие сте го откриле својот спор пред светот. Дали мислите дека како народ стоите во подобра светлина во Батл Крик? Христос се молел Неговите ученици да бидат едно

како што и Тој бил едно со Својот Татко, за светот да знае дека Бог го испратил. Какво сведоштво сте изнеле за овие неколку месеци? Господ гледа во срцата на сите. Тој ги мери нашите побуди. Тој ќе ја испита секоја душа. Кој ќе го издржи ова испитување? {5C 61.4}

---

5. ОМАЛОВАЖУВАЊЕ НА СВЕДОШТВАТА

Хелдсбург, Калифорнија, 20 јуни, 1882.

Драги браќа и сестри во Батл Крик, дознав дека сведоштвото, што му го испратив на Братот _____* за да се прочита во црквата, вам не ви беше предадено неколку недели откако тој го прими. Пред да го испратам ова сведоштво, бев под такво дејство на Божјиот Дух, така што немав мир ни дење ни ноќе додека не ви напишав. Тоа не беше задача што самата би ја одбрала. Пред смртта на својот сопруг решив дека не е моја должност да изнесувам сведоштва до било кој укорувајќи го погрешното или бранејќи го исправното, затоа што луѓето користејќи се со моите зборови, грубо постапуваа кон оние кои погрешиле и немудро ги издигаа другите чиј пример ниту малку не сум го поддржала. Мнозина ги толкуваа сведоштвата, како што ним им одговара. Божјата вистина не е во хармонија со традициите на луѓето, ниту пак се сложува со нивните погледи. Таа е непроменлива како и нејзиниот Творец, иста е вчера и денес и засекогаш. Оние кои се одвоиле од Бога ја нарекуваат темнината светлина, и заблудата вистина. Но темнината нема никогаш да стане светлина, ниту заблудата ќе стане вистина. {5C 62.1}

---

*Се мисли на сведоштвото од претходното поглавје

Световните обичаи, световните практики и световните влијанија толку го помрачиле и збркале умот на луѓето, така што изгледа како да е уништена секоја способност да ја разликуваат светлината од темнината и вистината од заблудата. Имав малку надеж дека моите зборови ќе бидат сфатени; но кога Господ одлучно ме трогна, не можев да се спротивставувам на Неговиот Дух. Знаејќи дека самите сте западнале во сатанските стапици, сфатив дека опасноста беше премногу голема за јас и понатаму да молчам. {5C 62.2}

Господ со години ви укажуваше на состојбата што владее во црквата. Повторно и повторно добивавте укори и предупредувања. На 23 октомври, 1879. година Господ ми даде едно многу импресивно сведоштво за црквата во Батл Крик. За време на овие последни месеци што ги поминав со вас, носев тешко бреме за црквата, додека оние кои тоа морале да го почувствуваат до длабочината на душата, беа релативно мирни и незагрижени. Не знаев што да работам, ниту што да кажам. Немав доверба во насоката по која мнозина одеа, затоа што ги правеа токму оние работи за кои Господ ги предупреди да не ги прават. {5C 63.1}

Бог, кој ја знае нивната духовна состојба, кажува: Тие негуваа зло и се одвоија од Мене. Тие појдоа по погрешен пат, секој еден од нив. Ниеден не е невин. Ме оставија Мене, изворот на живата вода, и си ископаа испукани кладенци кои не држат вода. Мнозина го расипаа својот пат пред Мене. Завист, омраза еден спрема друг, љубомора,

зли претпоставки, соперништво, раздор, огорчување, - тоа се плодови на нивниот живот. И тие не сакаа да обрнат внимание на сведоштвата кои им ги праќав. Не сакаат да сфатат колку е изопачен нивниот пат и да бидат обратени, за Јас да ги исцелам. {5С 63.2}

Мнозина со самозадоволство гледаат на долгите години во кои ја застапуваа вистината. Тие сега сметаат дека заслужуваат награда за тие неволи и за таа послушност. Но тоа вистинско искуство во Господовите нешта кое го стекнале во минатото ги прави уште повиновни пред Него затоа што не го зачувале својот интегритет и не продолжиле по својот пат кон совршенство. Верноста во минатата година никого нема да го оправда за неверноста во оваа. Вчерашната вистинитост на еден човек нема да го оправда за неговата лажливост денес. {5С 63.3}

Мнозина го оправдуваат своето занемарување на сведоштвата со зборовите: „На сестра Вајт влијае нејзиниот сопруг; сведоштвата се обликувани од неговите ставови и расудување". Некои пак се обидуваат да добијат нешто од мене кое тие би го толкувале за да ги оправдаат своите постапки и за да стекнат влијание. Тогаш одлучив од моето перо да не излезе ништо сè додека не видам дека во црквата се чувствува влијанието на обратувачката сила на Божјиот Дух. Но Господ стави бреме на мојата душа. Работев срдечно за вас. Колку тоа го чини мојот сопруг и мене ќе каже вечноста. Зар јас не ја познавам состојбата во црквата кога Господ ми ја покажа таа состојба толку многу пати во текот на годините? Беа давани повторувани опомени, но сепак не дојде до одлучна промена. {5С 63.4}

Видов дека Божјото негодување почиваше врз Неговиот народ затоа што му се прилагодил на светот. Видов дека децата на Братот _____ беа стапица за него. Нивните сфаќања и мислења, нивните чувства и зборови влијаат на неговиот дух и го заматија неговото расудување. Овие деца се силно наклонети на неверство. Мајката го пренесе на своите деца недостатокот на вера и доверба во Бога. Нејзината преданост на децата е поголема од нејзината преданост на Бога. Таткото ја занемари својата должност. Последиците од нивната погрешна работа се откриваат во нивните деца. {5С 64.1}

Зборувајќи ѝ на црквата, се обидов да им ги предочам на родителите нивните свечени обврски кои ги имаат кон своите деца, бидејќи знаев во каква состојба се наоѓаат тие младинци и кои тенденции ги направија тоа што тие се. Но оваа опомена не беше примена. Јас знам какви товари ме притискаа при моите последни напори за вас. Да не увидев во колкава опасност се наоѓате, никогаш немаше да се напрегам до таа мера. Се трудев да ве пробудам, за да ги понизите своите срца пред Бога за да Му се обратите во покајание и вера. {5С 64.2}

А сега, кога ви праќам сведоштво на опомена и укор, мнозина од вас велат дека тоа е само мислење на сестра Вајт. Вие ужасно го навредивте Божјиот Дух. Вие знаете како Господ се откри Себеси преку духот на пророштвото. Пред мене поминаа минатото, сегашноста и иднината. Ми беа покажани лица кои никогаш ги немав видено и кои ги препознав штом ги видов неколку години подоцна. Се будев од сон со живо сеќавање на сè што гледав и пишував на полноќ. Писмата патуваа преку целиот континент, пристигнувајќи во време на криза и го спасуваа Божјото дело од големи несреќи. Ова беше мојата должност низ годините. Една сила ме тераше да ги посочувам и да ги укорувам злите дела за кои не ни помислував. Дали тоа дело во последните триесет и шест години доаѓаше одозгора или одоздола? {5С 64.3}

Да претпоставиме - како што некои сакаат, иако неточно - дека писмата кои ги добивав од членовите на црквата ме поттикнуваа да пишувам. Каков бил случајот со

апостол Павле? Вестите што ги примал од домот на Хлои за состојбата на црквата во Коринт, го навеле да го напише првото послание на оваа црква. Тој добивал приватни писма кои му ги прикажувале фактите такви какви што биле, па во својот одговор поставил општи начела кои би ги искореniле постоечките зла ако кон нив се обрне внимание. Тој со голема благост и мудрост ги советувал сите да зборуваат една иста работа, за да нема поделби меѓу нив. {5C 65.1}

Павле бил вдахновен апостол, но Господ сепак секогаш не му ја откривал вистинската состојба на Неговиот народ. Оние кои се грижеле за доброто на црквата и ги виделе злата кои се вовлекуваат во неа, го известувале за тоа. Светлината што порано ја примал му овозможила да го просуди вистинскиот карактер на овие настани. Тие што искрено копнееле за светлина, не ја отфрлале неговата порака како обично писмо, само затоа што Господ не му дал посебно откровение токму за таа прилика. Не, навистина не. Господ му ги открил тешкотиите и опасностите кои ќе се појават во црквата, така што знаел како треба да се соочи со нив кога тие навистина ќе се појават. {5C 65.2}

Тој застанал во одбрана на црквата. Тој морал да бдее над душите како оној кој мора да му даде сметка на Бога и зар требало да не обрне внимание на вестите кои зборувале за анархијата и поделбата? Сигурно; укорот кој им го пратил бил исто така вдахновен со Божјиот дух како и сите други негови посланија. Но кога дошле укорите, некои не сакале да се поправат. Зборувале дека преку Павле не зборува Бог, и дека тој им дал мислење само како човек и сметале дека нивниот суд е исто толку добар колку и Павловиот. {5C 65.3}

Истото се случува со мнозина од нашиот народ, кои застраниле од старите меѓи и се раководат според своето расудување. Би им било големо олеснување кога би можеле да ја убедат својата совест дека моето дело не е од Бога. Но вашето неверство нема да ги измени фактите. Вие сте дефективни во поглед на моралот, карактерот и верското искуство. Можете да ги затворате очите пред тој факт, но тоа нема да ве направи ниту најмалку посовршени. Единствен лек е да се измиете во крвта на Јагнето. {5C 66.1}

Ако се трудите да го отфрлите Божјиот совет за да си угодите себеси, ако ја поткопувате довербата на Божјиот народ во сведоштвата што Тој им ги пратил, вие сте исти такви бунтовници против Бога какви што биле Кореј, Датан и Авирон. Вие ја знаете нивната историја. Знаете колку упорно се придржувале на своите мислења. Сметале дека знаат подобро од Мојсеј и дека тој му нанесува голема штета на Израел. Тие што се соединиле со нив, толку се држеле до своите мислења, што, и покрај тоа што Божјиот суд толку страшно ги уништил водачите и кнезовите, следното утро дошле кај Мојсеј и му рекле: „Вие го убивте Господовиот народ”. Гледаме во колкава страшна заблуда може да западне човечкиот ум. Колку е тешко да се убедат душите кои се проникнати со дух кој не е од Бога. Како Христов амбасадор, сакам да ви кажам: Внимавајте каква позиција заземате. Ова е Божје дело и вие ќе морате да одговарате за начинот на кој постапувате со Неговата вест. {5C 66.2}

Додека стоев на смртната постела на мојот сопруг, знаев дека тој можеше да живее ако и другите го носеа својот дел од бремето. Јас тогаш преколнував со големи душевни маки присутните да не го жалат Божјиот дух со своето затврднето срце и понатаму. Неколку дена подоцна самата се најдов лице в лице со смртта. Тогаш добив најјасно откровение од Бога во поглед на самата себе и во поглед на црквата. Иако мошне слаба, ви дадов сведоштво, не знаејќи дали тоа ќе биде моја последна прилика. Дали заборавивте на тој сериозен настан? Јас никогаш нема да го заборавам тоа бидејќи изгледаше како да бев донесена пред Христовиот суд. Вашето отпаднишство,

закоравеноста на вашето срце, вашиот недостаток на љубов и духовност, вашето отстапување од едноставноста и чистотата кои Бог сака да ги сочувате - сето тоа го знаев и чувствував. Наоѓање на мани, критикување, завист, борба за висока положба - сето тоа се наоѓаше меѓу вас. Јас го видов тоа и видов каде ќе ве одведе тоа. Се плашев тој напор да не ме чини животот, но грижата која ја чувствував за вас ме наведе да зборувам. Тој ден Бог ви зборуваше. Дали тоа на вас остави траен впечаток? {5C 67.1}

Кога заминав во Колорадо, бев толку загрижена за вас, што, иако слаба, напишав многу страници кои требаше да бидат прочитани на вашиот црковен собор. Слаба и изнемоштена, станав во три часот наутро за да ви пишувам. Бог проговори преку прав. Можете да кажете дека таа комуникација беше само едно обично писмо. Да, тоа беше писмо, но писмо за кое инспирација даде Божјиот Дух за да ви ги покажам нештата што ми беа покажани. Во писмата што ви ги пишувам, во сведоштвата, јас го изложувам тоа што Господ ми го покажа. Јас не сум напишала ниедна статија во весниците за да го изложам само моето сопствено гледиште. Тоа се гледишта кои Бог ми ги даде во видение - драгоцени зраци на светлина кои сјаат од престолот. {5C 67.2}

По доаѓањето во Оукленд бев обременета со чувство за состојбата на нештата во Батл Крик, а и тоа што сум слаба и немоќна да ви помогнам. Знаев дека квасецот на неверието дејствува. Тие што не обрнуваат внимание на јасните заповеди во Божјата Реч, не обрнуваат внимание ниту на сведоштвата со кои се повикуваат да го послушаат тоа слово. При посетата на Хелдсбург, минатата зима, се молев многу и бев под товар на грижа и болка. Но Господ во еден момент додека бев на молитва, ја отстрани темнината и голема светлина ја исполни мојата соба. Еден Божји ангел се наоѓаше покрај мене и како да се најдов во Батл Крик. Се најдов на вашите состаноци. Слушнав зборови и видов и слушнав нешта кои, ако е Божја волја, би сакала засекогаш да бидат избришани од моето сеќавање. Мојата душа беше толку ранета, што не знаев што да направам ниту да кажам. Некои нешта не можам да ги споменам. Ми беше кажано дека за тоа не смее никој да дознае, бидејќи уште многу нешта треба да се покажат. {5C 68.1}

Ми беше речено да ја соберам светлината што ми беше дадена и нејзините зраци да го осветлат Божјиот народ. Јас тоа го правев преку статиите во весниците. Станував во три часот скоро секое утро со месеци, и го собирав она што го пишував по двете последни сведоштва кои ми беа дадени во Батл Крик. Ги напишав тие прашања и бргу ви ги пратив; меѓутоа занемарив соодветно да се грижам за себе и заради тоа паднав под тој товар. Моите списи не беа готови за да ви бидат упатени на Генералната Конференција. {5C 68.2}

Додека се молев, Господ повторно ми се откри. Повторно се најдов во Батл Крик. Бев во многу куќи и слушнав што зборувавте на своите трпези. Поединостите сега немам слобода да ги изнесувам. Се надевам дека никогаш нема да бидам повикана да ги изнесам. Исто така сонував неколку највпечатливи сонови. {5C 68.3}

Кој глас ќе го признаете како Божји глас? Каква сила има Господ во резерва да ги исправи вашите грешки и да ви покаже по кој пат да одите? Каква сила да дејствува во црквата? Ако одбивате да верувате додека не биде отстранета секоја сенка на неизвесност и секоја можност за сомнеж, тогаш никогаш нема да верувате. Сомнежот што бара потполно знаење никогаш нема да попушти пред верата. Верата почива на доказите, а не на демонстрацијата. Господ бара од нас да го слушаме гласот на должноста, иако други гласови нѐ повикуваат да одиме во спротивна насока. Нам ни е потребно сесрдно внимание за да го разликуваме гласот што зборува од Бога. Ние мораме да се спротивставуваме, да го победиме нагонот и да го послушаме гласот на

совеста, без колебање или одложување, за да не замолкне и за да волјата и нагонот не победат. Божјата Реч ни доаѓа на сите нас кои не се спротивставуваме на Неговиот Дух, подготвени да го чуеме и послушаме. Тој глас се слуша во предупредувањата, советите и укорите. Тој е Господова порака на светлина до Неговиот народ. Ако чекаме на посилни повици или поповолни прилики, светлината може да се повлече и ние да останеме во мрак. {5C 68.4}

Мнозина кои еднаш попуштиле да одговорат на повикот на Божјиот Дух и Неговиот збор, затоа што послушноста бара носење на крст, многумина загубиле многу – а колку многу загубиле ќе дознаат дури во последниот ден, кога книгите ќе се отворат. Посредувањето (молбите) на Духот, кои денес се запоставуваат поради тоа што задоволството и наклонетоста ги одвлекуваат луѓето во спротивен правец, утре можеби ќе бидат немоќни да убедуваат или влијаат. Единствен пат да растеме во благодатта и познавањето на вистината лежи во тоа со подготвени и волни срца да ги искористиме можностите што денес ни се даваат. Треба секогаш да бидеме свесни за тоа дека како поединци стоиме пред Господ над војските. Од нас не смее да излезе ниту еден збор, ниту една постапка, дури ниту една мисла што е одвратна за окото на Бесконечниот. Не треба да се плашиме од човек ниту од земните сили затоа што нашите дела ги познава Владетелот чиешто царство е вселената, Кој ја држи во Своите раце судбината на секој поединец сега и во вечноста. Кога би чувствувале дека во секое место сме слуги на Највозвишениот би биле повнимателни. Целиот наш живот за нас би ја имал таа смисла и таа светлина која никогаш не можат да ни ја дадат земните почести. {5C 69.1}

Мислите на срцето, зборовите на усните, и секоја постапка во животот ќе го направи нашиот карактер подостоен доколку постојано го чувствуваме Божјото присуство. Нека зборовите на срцето бидат: „Ете, Господ е на ова место". Тогаш животот ќе биде чист, карактерот неизвалкан, а душата постојано ќе се издига кон Господ. Вие во Батл Крик не одите во тој правец. Покажано ми дека сте заболени од тешка и заразна болест која ќе ве доведе во духовна смрт ако не се излечите. {5C 70.1}

Мнозина ги упропастила желбата за живот на удобност и задоволство. На таквите самоодрекувањето им е непријатно. Тие постојано се трудат да ги избегнат искушенијата, кои го придружуваат животот на верност на Бога. Тие се желни да се здобијат со добрите работи од овој живот. Тоа се земните успеси, но зар тие не се добиваат на штета на идниот, вечен живот? Големото дело на овој живот се состои во тоа да бидеме верни Божји слуги кои ја сакаат правдата, а го мразат беззаконието. Мораме со благодарност да го прифатиме оној обем на сегашна среќа и сегашен успех што ќе го најдеме на патот на должноста. Најголема сила ќе постигнеме кога ќе ја увидиме и признаеме нашата слабост. Најголема загуба која било кој од вас во Батл Крик може да ја претрпи е загубата на ревност и истраен труд да го чините она што е право, губењето на сила да им се спротивставите на искушенијата, загубата на вера во начелата на вистината и должноста. {5C 70.2}

Ниеден човек нека не си ласка дека постигнал успех ако не ја сочувал чесноста на својата совест предавајќи се потполно на вистината и Бога. Мораме постојано да одиме напред, не губејќи никогаш храброст или надеж во доброто дело, какви и да се искушенијата на нашиот пат, каков и морален мрак да нè опкружува. Трпение, вера и љубов спрема должностите - тоа се поуките кои мораме да ги научиме. Победувањето на самиот себе и угледувањето на Исуса е секојдневна должност. Господ никогаш нема да ги напушти душите кои на Него се надеваат и кои ја бараат Неговата помош. Круната на животот се става само на челото на победникот. Секој може додека трае овој живот

да изврши срдечно, свечено дело за Бога. Како што сатанската моќ се зголемува и се умножуваат неговите стапици, оние на кои им е доверено чувањето на Божјото стадо треба да пројавуваат вештина, способност и остра моќ за водење. Не само дека секој од нас има должност кон сопствената душа, туку секој е должен да ги поттикне другите за да се здобијат со вечен живот. {5C 70.3}

Тешко ми е да ви кажам, драги браќа, дека вашето грешно занемарување да одите во светлината ве обвиткало во мрак. Можеби сега сте искрени кога не ја препознавате и не ѝ се покорувате на светлината; сомнежите што сте ги негувале, вашето занемарување да обрнете внимание на Божјите барања, толку го заслепиле вашето сфаќање така што денес за вас мракот преставува светлина, а светлината мрак. Бог ве повикува да напредувате кон совршенство. Христијанството е прогресивна религија. Божјата светлина е потполна и обемна и чека да ја побарате. Макар колку и да дава благослови, Господ секогаш поседува бескрајна, неисцрпна резерва со која можеме да се користиме. Сќептицизмот може да се потсмева, и да ги порекнува светите тврдења на Библијата. Духот на овој свет може да расипе мнозина и да контролира неколкумина; Божјото дело може да се одржува со голем напор и со постојани жртви но сепак, и покрај сето тоа, таа на крајот ќе победи. {5C 71.1}

Лозинката гласи: Одете напред, вршете ја својата должност, а последиците препуштете ги во Божјите раце. Ако одиме по оној пат по кој нè води Исус, ќе ја видиме Неговата победа, ќе учествуваме во Неговата радост. Мораме да учествуваме во борбата ако сакаме да го носиме венецот на победата. Мораме да се усовршуваме низ страдања, како и Исус. Ако Христовиот живот бил живот на удобност, тогаш би можеле да ѝ попуштаме на мрзливоста. Бидејќи Неговиот живот бил одбележан со постојано самоодрекување, страдање и пожртвуваност, не смееме да се жалиме ако со Него во тоа учествуваме. Можеме да одиме безбедно по најмрачната патека, ако ни е водич Светлината на светот. {5C 71.2}

Господ нè испитува и испробува. Тој ве советуваше, поттикнуваше и проколнуваше. Како последица на тие свечени укори, црквата ќе стане или подобра или убедливо полоша. Колку често Господ зборува за да исправи или советува, и вие го отфрлате Неговиот глас, толку ќе бидете понаклонети да го отфрлате Неговиот глас, додека Бог не каже: „Јас викав, а вие не послушавте; ја протегав Својата рака, но никој не ја забележа; вие ги отфрливте Моите совети, не внимававте кога ве изобличував. Затоа ќе се насмеам на вашата погибел; ќе се зарадувам кога ќе ве снајде ужас, кога ќе ве нападне ужас како бура, и зло како виор ќе мине над вас, кога ќе ве снајде неволја и мака. Тогаш ќе Ме викаат, но Јас нема да чујам; ќе Ме бараат и нема да Ме најдат. Затоа што го намразија знаењето и не го примија стравот Господов; затоа што не го примија Мојот совет и ги презреа Моите разобличувања. Поради тоа тие ќе јадат од плодовите на своите патишта и ќе се наситуваат од своите замисли" (Изреки 1:24-31). {5C 72.1}

Зар не се колебате помеѓу две мислења? Зар не занемарувате да обрнете внимание на светлината што Бог ви ја даде? Чувајте се во вас да нема зло срце на неверство, за да не се одвоите од живиот Бог. Не го познавате времето на својата посета. Големиот грев на Евреите се состоел во тоа што ги пропуштале и отфрлале приликите што им се давале. Кога Христос гледа во каква состојба се наоѓаат оние кои тврдат дека се Негови следбеници, Тој гледа ниска неблагодарност, празен формализам, лицемерство, фарисејска гордост и отпадништво. {5C 72.2}

Христос пролевал солзи на Маслинската гора заради закоравеноста и неблагодарноста на секој поединец до последниот ден. Тој гледа дека Неговата љубов

се презира. Храмот на душата е претворен во место за обесветена трговија. Во човечкото срце се негува себичност, сребролубие, лукавство, завист, гордост и страст. Неговите предупредувања се отфрлаат и исмејуваат, кон Неговите пратеници се зазема рамнодушен став, нивните зборови се сметаат за празни приказни. Исус зборувал преку Своите дела на милост, но тие дела на милост останале незабележани. Говорел преку свечени предупредувања, но тие предупредувања се отфрлени. {5С 72.3}

Ве преколнувам вас кои одамна исповедате вера и кои на зборови сè уште оддавате признавање на Христа, немојте да ги измамувате сопствените души. Исус го цени само целото срце. Само верната душа има вредност во Божјите очи. „Кога и ти би узнал, дури барем во овој твој ден, што е потребно за твојот мир!" „Ти, . . . токму ти". - Христос во овој момент ви се обраќа вам лично, наведнувајќи се од Својот престол, исполнет со сочувствителна нежност кон оние кои не ги увидуваат своите опасности, кои немаат сожалување спрема себе самите. {5С 73.1}

Мнозина само привидно живеат, додека всушност се духовно мртви. Тие еден ден ќе кажат: „Господи! Господи! нели во Твое име пророкувавме? И зар во Твое име демони не изгонувавме? И нели во Твое име многу чуда правевме? И тогаш Јас ќе им кажам: Никогаш не сум ве познавал; бегајте од Мени вие што правите беззаконие" (Матеј 7:22, 23). Проклетство ќе биде искажано против тебе, ако се двоумиш и одложуваш додека не зајде Сонцето на праведноста. Мракот на вечната ноќ ќе биде твојата судбина. О, кога би се растопило студеното, формално, световно срце! Христос не пролевал само солзи за нас, туку и Својата крв. Зар тие докази на Неговата љубов нема да нè наведат на длабока понизност пред Бога? Потребно е да се покориме и понизиме за Бог да нè прими. {5С 73.2}

Човекот кого Бог го води ќе биде незадоволен со себе затоа што го осветлува светлината на совршениот Човек. Но оние кои ќе го загубат од вид Примерот и кои се преценуваат самите себе, ќе ги забележуваат и критикуваат недостатоците кај другите; тие ќе бидат груби, ќе се сомневаат и ќе осудуваат; тие ќе ги урнат другите за себе да се подигаат. {5С 73.3}

Кога Господ последен пат ми го изнесе вашиот случај и покажа дека ја отфрлувате светлината што ви ја дал, наредено ми е отворено да зборувам во Негово име, затоа што Неговиот гнев е распален против вас. Мене ми се изговорени овие зборови: „Твоето дело Бог ти го наменил. Мнозина нема да те слушаат, затоа што одбиле да го слушаат Големиот Учител. Мнозина нема да ги исправат своите грешки, затоа што во нивните очи нивниот пат е исправен. И покрај сето тоа соопшти им ги укорите и предупредувањата што ќе ти ги дадам, било да ги послушаат или не". {5С 73.4}

Ви го пренесувам сведоштвото Господово. Неговиот глас ќе го чујат сите оние кои ќе сакаат да се поправат. Но оние, кои непријателот ги завел, не сакаат да ѝ пристапат на светлината за нивните дела да не бидат прекорени. Мнозина не можат да ги распознаат Божјите дела и Неговото присуство. Не знаете дека тоа е Тој. Господ сè уште е милостив, расположен да им прости на сите што ќе Му се обратат во покајание и вера. Господ рекол: Мнозина не знаат на што се сопнуваат. Ти не го слушаат Божјиот глас, туку одат по светлината на сопствените очи, по расудувањето на сопственото срце. Неверството и сомнежот го заземале местото на верата. Тие се одрекле од Мене. {5С 74.1}

Покажано ми е како мајките и татковците се оддалечиле од својата едноставност и го занемариле светиот повик на евангелието. Господ ги предупредил да не се расипуваат со присвојување на световните обичаи и погледи. Христос дарежливо и

обилно би им го дал богатството на Својата благодат, но тие се покажале недостојни. {5C 74.2}

Мнозина се вознесуваат во својата суета. Откако некој ќе поверува дека има особини кои би можеле да бидат од корист за Божјото дело, почнува да ги преценува своите дарови и да се смета за еден од столбовите на црквата. Тој ја напушта работата која би можел да ја врши прифатливо и ја остава за некој друг со помалку способности отколку што самиот мисли дека поседува. Тој мисли и зборува за некоја повозвишена положба. Неговата светлина би требало да им свети на другите, но наместо благодат, кротост, понизност на умот, љубезност, благост и љубов, насекаде се појавува и истакнува само неговото „јас," важното „јас". {5C 74.3}

Христовиот дух треба така да владее со нашиот карактер и постапки, така што нашето влијание секогаш да биде за другите на благослов, охрабрување и поправање. Нашите мисли, нашите зборови и нашите дела треба да посведочат дека сме родени од Бога и дека Христовиот мир владее во нашите срца. На тој начин ќе ја шириме онаа милозлива светлина на која мисли Христос кога ни наложува да дозволиме да им свети на другите. Сите кои се така поврзани со Христа ќе бидат поделотворни проповедници на правдата отколку најспособните напори од проповедалната без тоа небесно помазание. Најголема светлина шират околу себе оние кои најмалку се свесни за тоа, како што најубаво мириса цвеќето што е најскромно според обликот. {5C 75.1}

Нашиот народ прави мошне опасни грешки. На кого и да му ласкаме, му правиме големо зло; тие што го праваат тоа, многу ќе се разочараат. Премногу се потпираат на ограниченият човек, а малку на Бога кој никогаш не греши. Копнежот за слава и популарност е знак на отпаѓање од Бога и пријателство со светот. Тоа е духот кој го карактеризира денешното време. Тој покажува дека луѓето го немаат Исусовиот Дух; дека му подлегнале на духовното слепило и сиромаштво. Личностите со пониски умови често ги одвратуваат своите очи од Исуса и прифаќаат човечки мерила, така што не ја согледуваат својата безначајност и добиваат претерано мислење за своите способности и таленти. Меѓу нас како народ се обожуваат човечките орудија и човечките таленти, и тоа со површен карактер. Мораме да умреме за себе и да негуваме понизна, детска вера. Божјиот народ ја напушти едноставноста. Тие не го направиле Бога своја сила и затоа духовно се слаби и немоќни. {5C 75.2}

Ми беше покажано дека световниот дух брзо делува како квасец во црквата. Вие одите по истиот пат по кој одел стариот Израел. Како тие, и вие се одрекувате од својот свет повик да бидете Божји својствен народ. Се здруживте со бесплодните дела на мракот. Вашите врски со безбожниците го предизвикаа Божјото незадоволство. Не ги познавате нештата од кои зависи вашиот мир и тие бргу исчезнуваат од пред вашите очи. Заради одбивањето да одите по светлината ќе се најдете во понеповолна положба од Евреите над кои Христос изрекол проклетство. {5C 75.3}

Ми беше покажано дека неверството во сведоштвата постојано се зголемува колку повеќе народот се одвојува од Бога. Во нашите редови се забележува неверство, во целото наше поле на работа. Но малкумина знаат какво ќе биде искуството на нашата црква. Видов дека засега уживаме Божја трпеливост, но никој не може да каже колку ќе трае тоа. Никој не знае колкава е милоста која ни се укажува. Малку се тие што вистински му се предани на Бога. Малку се тие кои, како ѕвезди во бурна ноќ, светат понекаде меѓу облаците. {5C 76.1}

Мнозина кои задоволно ја слушаат вистината на Божјата реч сметаат дека се живи, додека всушност се духовно мртви. Тие со години доаѓаат во нашите цркви, но сè

помалку ја чувствуваат вредноста на откриената вистина. Тие не се гладни и жедни за правда. Тие немаат никаква наклоност кон духовни или божествени нешта. Тие се согласуваат со вистината, но не се посветиле преку неа. Врз нив ниту Божјото Слово, ниту сведоштвата не оставаат траен впечаток. Нивната казна ќе биде во сразмер со светлината, предностите и можностите кои ги презреле. Мнозина кои им ја проповедаат вистината на други и самите негуваат беззаконие. Молбите на Божјиот Дух, како божествени мелодии, ветувањата на Неговото слово, толку богати и обилни, предупредувањето против идолопоклонството и непослушноста - сето тоа е немоќно да го омекне закоравеното световно срце. {5C 76.2}

Мнозинството од нашиот народ се млаки. Тие се слични на Мероз, ниту за ниту против, ни студени ни врели. Тие ги слушаат Христовите зборови, но не постапуваат според нив. Ако останат во таква состојба, Христос ќе ги отфрли со гадење. Многу од оние кои примиле голема вистина, на кои им се пружени поволни прилики, кои уживале духовна предност, го слават Христа и овој свет истовремено. Тие се поклонуваат и на Бога и на Мамона. Уживаат во задоволствата со децата од овој свет, а сепак полагаат право на благословите со Божјите деца. Сакаат Христос да биде нивен Спасител, а не сакаат да го носат крстот и Неговиот јарем. Господ нека ви биде милостив, бидејќи ако продолжите по тој пат, за вас може да се прорече само зло. {5C 76.3}

Божјото трпение има своја цел, но вие го злоупотребувате. Тој извесно време ја допушта состојбата на нештата и вие постепено ќе посакате таа да се промени, но ќе биде премногу доцна. Бог му заповедал на Илија да го помаже свирепиот и измамлив Азаил за цар на Сирија за да биде камшик за идолопоклоничкиот Израел. Кој знае дали Бог вас нема да ве препушти на измамите кои ги сакате? Кој знае, можеби верните и непоколебливи проповедници ќе бидат последни кои ќе го шират евангелието на мирот на нашите неблагодарни цркви? Можеби уништувачите веќе вежбаат под раководство на сатаната и само го чекаат заминувањето на уште неколку знаменосци за да ги заземат своите места и со гласот на лажниот пророк да повикаат: „Мир, мир," кога Господ не рекол дека е мир. Јас ретко плачам, но сега моите очи се заслепени од солзи; тие паѓаат врз мојата хартија додека пишувам. Можеби наскоро ќе дојде крај за сите пророштва меѓу нас и можеби, гласот кој го поттикнуваше народот, нема повеќе да го нарушува неговиот телесен сон. {5C 77.1}

Кога Бог повеќе нема да го врши Своето чудесно дело на земјата, кога светите раце нема повеќе да бидат над ковчегот, тогаш тешко му на народот. О, кога би можел во овој ден да го дознаеш она што е потребно за твојот мир! О, кога нашиот народ би се покајал со сите сили, како Ниневијците, и кога со целото свое срце би верувал за Бог да го одврати од него Својот жесток гнев! {5C 77.2}

Исполнета сум со страдања и болка кога ќе видам дека родителите се прилагодуваат на светот и дозволуваат децата да се раководат според светските правила во време како што е ова. Бев запрепастена кога ми беше покажана состојбата на семејствата кои ја исповедаат вистината. Речиси е неверојатно колкава е расипаноста на младината, дури и на децата. Родителите не знаат дека тајниот порок го уништува и брише Божјиот лик во нивните деца. Меѓу нас има гревови на Содом. Родителите се одговорни, бидејќи не ги воспитувале своите деца да го љубат и слушаат Бога. Тие не ги зауздуваа ниту ги поучуваа на Господовите патишта. Тие им дозволуваа да одат и доаѓаат како што им се допаѓа и да се дружат со деца од овој свет. Влијанието кое го уништува родителското воспитување и авторитет, може насекаде да се забележи

во таканаречената добро друштво. Со своето облекување, изглед и забави децата се опкружуваат со атмосфера која е спротивна на Христовата. {5C 78.1}

Нашата единствена безбедност лежи во тоа да бидеме Божји својствен народ. Не смееме да отстапиме ниту една педа пред обичаите и модата на овој изопачен век. Мораме да бидеме морално независни, не правејќи компромис со расипаните и идолопоклонички обичаи на овој свет. {5C 78.2}

Ќе ни биде потребна храброст и независност за да се издигнеме над верските мерила на христијанскиот свет. Тој свет не се угледува на Спасителовото самоодрекување, не поднесува жртва, туку постојано се труди да го избегне крстот кој Христос го прогласил за знак на Своите следбеници. {5C 78.3}

Што би можела да кажам за да го пробудам нашиот народ? Ви велам дека не е мал бројот на проповедници, кои истапуваат пред народот да го објаснуваат Светото Писмо, а кои се осквернети. Нивните срца се расипани, нивните раце нечисти. Но сепак мнозина викаат: „Мир, мир," и оние кои чинат беззаконие не се вознемируваат. Раката на Господа не е скусена за да не може да спасува, ниту Неговото уво не отежнало за да не може да чуе, туку нашите гревови нè одвоија од Бога. Црквата е расипана заради своите членови кои ги сквернават своите тела и ги поганат своите души. {5C 78.4}

Кога сите оние кои се собираат на состаноците за изградба и молитва би можеле да се сметаат за вистински христијани, тогаш би можеле да негуваме надеж, иако уште многу преостанува да се сработи. Меѓутоа, напразно е самите себе да се измамуваме. Нештата ниту оддалеку не се такви какви што изгледаат. Од далечина многу нешта изгледаат убаво, но кога се набљудува одблизу се забележуваат многу изопачености. Во нашето време преовладува духот на неверство и отпадништво - дух кој изгледа просветлен со познавање на вистината, додека всушност претставува слепо вообразување. Постои дух на противење на јасното Божјо Слово и сведоштвото на Неговиот Дух. Постои дух на идолопоклоничко воздигање на човечкиот разум над откриената Божја мудрост. {5C 79.1}

Меѓу нас има луѓе на одговорни положби кои сметаат дека треба повеќе да им се верува на неколкумина таканаречени вообразени филозофи отколку на вистината на Библијата или сведоштвата на Светиот Дух. Верата како што е Павловата, Петровота и Јовановата, се смета за застарена и неснослива за сегашно време. Таа е прогласена за несварна, мистична и недостојна за интелектуалниот ум. {5C 79.2}

Бог ми покажа дека тие луѓе се Азаиловци кои треба да бидат камшик за нашиот народ. Во сите општествени слоеви наидуваме на неверување во вистината на Божјата Реч затоа што човечкиот разум не може да ги сфати тајните на Неговото дело. Тоа се поучува во најголем број од нашите училишта и е внесено во лекциите во забавиштето. Илјадници, кои тврдат дека се христијани, обрнуваат внимание на лажливи духови. Насекаде ќе наидете на духот на темнината облечен во облека на вера. {5C 79.3}

Кога сето тоа што се претставува како божествен живот, навистина би бил таков, кога сите кои ја исповедаат вистината би се заложувале за вистината, а не против неа, и кога би биле Божји луѓе кои ги води Неговиот Дух - тогаш би можеле да видиме нешто ведро помеѓу темнината која преовладува. Но духот на антихристот преовладува како никогаш досега. Би можеле да извикнеме: „Помагај, Господи, зашто не остана побожен, ги снема верните меѓу синовите човечки" (Псалм 12:1). Знам дека мнозина имаат премногу поволно мислење за сегашното време. Тие души кои ја љубат угодноста ќе се урнат во општа пропаст. Но ние при сето тоа не очајуваме. Наклонети сме да веруваме дека нема вистински христијани каде што нема верни проповедници; меѓутоа, тоа не е

така. Бог ветил дека сам ќе се грижи за стадото ако нема пастири. Бог не го оставил стадото во потполна зависност од луѓето. Деновите на прочистување на црквата нагло се приближуваат. Бог ќе има народ кој ќе биде чист и верен. Во силното решетање кое наскоро ќе дојде, ќе можеме подобро да ја измериме силата на Израел. Знаците покажуваат дека е близу времето кога Господ ќе се појави како Оној Кој во Својата рака држи лопата, и Кој целосно ќе го очисти Своето гумно. {5C 79.4}

Бргу се приближуваат деновите на голема забуна и збрка. Сатаната, облечен во ангелска облека, ќе ги измами, ако е можно, дури и избраните. Ќе има многу богови и господари. Ќе дува секој ветар на науката. Тие што на „таканаречената лажна наука" ѝ оддавале најголема почест тогаш нема да бидат водачи. Тие што се потпирале на разумот, генијалноста или талентите нема да стојат на чело. Тие не оделе во чекор со светлината. На оние што се покажале како неверни нема да им биде доверено стадото. Во последното свечено дело ќе учествуваат мал број на големи луѓе. Тие се самодоволни (вообразени) и независни од Бога и Тој нема да може да ги употреби. Тој има верни слуги кои ќе се покажат во времето на решетање и испитување. Има драгоцени луѓе кои денес се скриени, а кои не му се поклонувале на Ваал. Тие не ја имале светлината која вам толку јасно ви светеше. Но под грубата и неуредна надворешност може да се открие чист и свет христијански карактер. Ние и преку ден гледаме во небото, но не ги гледаме ѕвездите. Тие се тука, на небесниот свод, но нашето око не може да ги види. Дури во ноќта го гледаме нивниот вистински сјај. {5C 80.1}

Близу е времето кога пробата ќе дојде на секоја душа. Принудното давање на белегот е токму пред нас. Тие што чекор по чекор им попуштале на барањата на светот нема да се стеснуваат да ѝ попуштат на таа сила, за да не бидат изложени на потсмев, навреди, закани за затвор и смрт. Борбата се води меѓу Божјите и човечките заповеди. Во тоа време во црквата ќе се одвои златото од троскотот. Вистинската побожност јасно ќе се разликува од лажната. Ќе потемнат многу ѕвезди на чиј сјај се восхитувавме. Ветрот ќе ја разнесе плевата, дури и оттаму каде што гледаме гумна со богата пченица. Сите кои ги присвојуваат украсите на светилиштето, а не се облечени во Христовата праведност, ќе се појават во срамот на својата голотија. {5C 81.1}

Кога ќе се исечат бесплодните дрвја кои се испостувачи на земјата, кога лажните браќа ќе се одвојат од вистинските, тогаш ќе се појават тие што се скриени и ќе се соберат под Христовото знаме, воскликнувајќи: Осана! Луѓето кои беа срамежливи и без доверба во себе отворено ќе се изјаснат за Христа и за вистината. Тие што се најслаби и најнеодлучни во црквата ќе бидат како Давид - смели и решителни. Колку е подлабока ноќта за Божјиот народ, толку се посјајни ѕвездите. Сатаната немилосрдно ќе ги напаѓа верните, но тие во Христово име, од борбата ќе излезат како победници. Тогаш Христовата црква ќе се појави „убава како месечина, светла како сонце, страшна како војска со знамиња" (Песна над песните 6:10). {5C 81.2}

Семето на вистината кое сега се сее со мисионерска работа тогаш ќе никне, ќе расцвета и ќе донесе плод. Тогаш вистината ќе ја примат души кои ќе ги поднесат сите страдања и ќе го слават затоа што можат да страдаат за Исуса. „Во светот ќе имате маки; но не плашете се, зашто Јас го победив светот" (Јован 16:33). Бог ќе му биде помош на Својот народ кога казните ќе ја поплават целата земја и кога лопатата ќе го чисти гумното Јеховино. Трофеите на сатаната можат високо да се издигнуваат, но верата на чистите и светите нема да се поколеба. {5C 82.1}

Илија го одвоил Елисеј од плугот и ја фрлил на него својата наметка на посветување. Повикот на оваа големо и свето дело беше упатен на угледните и учени луѓе. Ако имаа

скромно мислење за себеси и целосно се потпреа на Бога, Тој ќе ги почестеше со носење на Неговото знаме до триумфалната победа. Но тие се одвоија од Бога, им попуштија на влијанијата на светот и Господ ги отфрли. {5C 82.2}

Мнозина ја воздигаа науката, а го загубија од вид Богот на науката. Ова не беше случај со црквата во најчистите времиња. {5C 82.3}

Бог во нашите денови ќе изврши едно дело кое само малкумина можат да го предвидат. Тој меѓу нас ќе повика и ќе воздигне луѓе кои ќе ги оспособи со помазување со Свет Дух подобро од надворешното образование во научните институции. Овие институции не треба да се потценуваат, ниту да се осудуваат; и тие се од Бога, но можат да дадат само надворешно образование. Бог ќе покаже дека не зависи од учените и самобендисаните (вообразени) смртници. {5C 82.4}

Меѓу нас навистина има малку посветени луѓе, малкумина кои се бореле со себе и победиле. Вистинското обратување се состои во одлучна промена на чувствата и побудите, во вистинско напуштање на врските со овој свет, во избегнување на неговото духовно влијание и во повлекувањето од контролираното влијание на неговите мисли, сфаќања и влијанија. Одвојувањето предизвикува болка и огорченост кај обете страни. Тоа е она раздвојување за кое Исус рекол дека дошол да го предизвика. Но оние, што се обратиле, треба да сакаат и нивните пријатели да напуштат сè заради Христа, знаејќи дека одвојувањето ќе биде вечно, ако не го направат тоа. Вистинскиот христијанин не смее да биде несериозен и лекомислен во друштвото на неверниците. Вредноста на душите за кои умрел Христос е премногу голема. {5C 82.5}

Оној „кој нема да се откаже од сè што има," вели Исус, „не може да биде Мој ученик" (Лука 14:33). Мораме да се откажеме од сè што ја одвојува нашата љубов од Бога. Парите се идол на многу луѓе. Тие со своите златни синџири ги врзуваат за сатаната. Други пак обожуваат углед и световна чест. Трети се оддаваат на задоволства и избегнуваат секоја должност. Ова се сатанските стапици во кои се фаќаат невнимателните. Но овие ропски окови мора да се разбијат; телото мора да биде распнато со своите страсти и желби. Не можеме со една половина да му припаѓаме на Бога, а со друга на светот. Можеме да бидеме Божји народ само ако целосно бидеме тоа. Секоја тежина, секој грев кој нè опседнува мора да се положи настрана. Божјите стражари не смеат да викаат „Мир, мир," кога Бог не објавил мир. Зборовите на верните стражари треба да бидат: „Излезете оттаму, не допирајте се до нечисто; излезете од средината негова, очистете се, вие што носите садови Господови" (Исаија 52:11). {5C 83.1}

Црквата не смее да се мери себеси според светот и мислењата на луѓето, ниту да се вреднува себе според тоа што некогаш била. Таа мора да ја споредува својата вера и својата сегашна положба во светот со она што би можела да биде доколку постојано се воздигала и одела напред. Црквата ќе биде мерена на мерилата на светилиштето. Ако нејзиниот морален карактер и духовна состојба не одговараат на даровите и благословите кои ги добила од Бога, таа ќе биде означена како лесна. Нејзината патека ја осветлуваше силна и јасна светлина и светлината од 1882. година ја повикува да положи сметка. Ако не ги умножила своите таланти, и не донела совршени плодови пред Бога, ако нејзината светлина станала темнина, ќе биде измерена и ќе се најде лесна. Познавањето за нашата состојба пред Бога, изгледа дека е скриено од нашите очи. Ние гледаме, но не забележуваме; слушаме, но не разбираме; и ние почиваме незагрижено, како над нашето светилиште да има столб од облак дење и столб од оган ноќе. Ние исповедаме дека го познаваме Бога и веруваме во Неговата вистина, но со

своите дела се одрекуваме од Него. Нашите дела се спротивни со начелата на вистината и правдата, според кои тврдиме дека се владееме. {5C 83.2}

---

6. РАБОТНИЦИТЕ ВО НАШИОТ КОЛЕЏ

Основен услов за секој вистински напредок на нашиот колеџ лежи во тесната поврзаност на нашите учители и ученици со Бога. Стравот Господен е почеток на мудроста. Неговите одредби треба да станат животен закон. Бог во Библијата им ја откри Својата волја на Своите деца. Каде и да се чита таа - во семејниот круг, во училиштето или во црквата - сите треба да ѝ подарат тивко и предано внимание, како сам Бог да е присутен и да им зборува. {5C 84.1}

Во нашето училиште не се одржувал секогаш висок религиозен степен. Мнозинството учители и ученици постојано настојуваат да ја држат настрана од вид својата вера. Ова посебно беше случај кога светски луѓе почнаа да се заземаат за колеџот. Христос од сите Свои следбеници бара отворено и храбро да ја исповедаат својата вера. Секој мора да го заземе своето место и да биде тоа што Бог му наменил да биде - гледање на светот, ангелите и луѓето. Секој христијанин треба да биде свеќа која не се става под сад, туку на светилник за да им свети на сите што се наоѓаат во куќата. {5C 84.2}

Учителите во нашиот колеџ не треба да се поведуваат по световните обичаи, ниту да усвојуваат световни начела. Бог најмногу цени две доблести: љубов и чистота. Тие доблести треба да ги негува секој христијанин. „Секој, кој љуби, е роден од Бога и го познава Бога". „Ако се љубиме еден со друг, Бог пребива во нас и љубовта Негова е совршена во нас". „И секој што ја има таа надеж во Него, се очистува самиот себе, како што Тој е чист" (1. Јованово 4:7, 12; 3:3). {5C 85.1}

Бог во срцата на младите пробуди желба да се посветат на проповедничкиот повик. Тие дојдоа во нашиот колеџ со надеж дека овде ќе имаат предност која нема да ја најдат на ниедно друго место. Но учителите лекомислено ги сфатија свечените убедувања произведени од Божјиот Дух, бидејќи сосема малку знаеја за вредноста на душите и чувствуваа мала одговорност за нивното спасение. Тие настојуваа младината да ја одвратат од патот по кој Бог сакаше да ги поведе. {5C 85.2}

Квалификуваните учители примаат многу поголема награда од нашите проповедници, а учителите ниту оддалеку не работат толку напорно, ниту се изложуваат на непријатностите кои ги има проповедникот кој целосно му се посветил на своето дело. На младите луѓе им се укажуваше на ова и така во нив будеа недоверба во Бога и Неговите ветувања. Мнозина го избраа полесниот пат и се подготвија за наставници или за некој друг повик наместо проповедничкиот. {5C 85.3}

На тој начин непосветените учители го спречуваа Божјото дело. Тие тврдеа дека веруваат во вистината, но во нивните срца немаше љубов кон неа. Го учеа образованото момче своите способности да ги смета за премногу големи за да ги посвети во Христова служба. Но зар Бог нема никакви права над него? Кој му ги дал способностите да го стекне тоа образование и тие достигнувања? Зар ги поседувате под услови независно од Јехова? {5C 85.4}

Многу млади луѓе не го познаваат светот, своите слабости и својата иднина, па не чувствуваат ниту потреба за божествена рака која ќе им го покажува патот. Веруваат дека се способни сами да го управуваат својот брод по бурното море. Тие момчиња треба да знаат дека не се наоѓаат надвор од Божјото подрачје, каде и да се. Тие не се слободни да ја извршуваат својата волја без да обрнат внимание на волјата на својот Творец. {5C 86.1}

Талентот најмногу се цени и најдобро се развива таму каде што е најпотребен. Но мнозина што сакаат да се истакнат ја забораваат оваа вистина. Нивното површно верско искуство, образованиот ум и кратковидото славољубие копнее за некој делокруг на работа повисок од оној кој им го доделило провидението. Господ ги повикува како што ги повикал Јосиф и Даниел да им се спротивстават на искушенијата на светските почести и високи положби, но тие самите се изложуваат на опасности и го напуштаат единственото место на должност за кое се способни. {5C 86.2}

Од сите страни ни доаѓа маќедонскиот повик. „Пратете ни работници," - тоа е итното барање од Исток и од Запад. Насекаде околу нас нивите се „зрели за жетва. Жетварот веќе добива плата и собира плод за живот вечен" (Јован 4:36). Нели е неразумно да се напуштат овие полиња и да се прифатат занимања кои даваат само парична корист? Христос не сака себични работници кои копнеат за колку што е можно поголема плата. Тој ги повикува луѓето кои се подготвени да станат сиромашни поради Него, како што Тој станал сиромашен за нив. Кои биле предизвиците претставени пред Христа во овој свет? Навреди, исмевање, беда, срам, отфрлање, предавство и распнување. Дали потпастирите треба да копнеат за полесна судбина од таа на својот Учител? {5C 86.3}

Божјата реч е голем поедноставувач на сложените цели во животот. На секој кој бара сесрдно, таа му дарува божествена мудрост. Никогаш не смееме да заборавиме дека сме откупени преку страдање. Драгоцената Христова крв е тоа што прави помирување (со Бога) за нас. Евангелието на светот му е донесено преку жртви и опасности, загуба на земни добра и душевни маки. Бог ги повикува младите луѓе во силата и ревноста на нивната младост да учествуваат со Него во самоодрекувањето, жртвите и страдањата. Ако одговорат на Неговиот повик, од нив ќе направи орудија за спасување на душите за кои Тој умрел. Но Тој сака тие да бидат запознаени со цената која се бара и потполно да се запознаат со условите под кои ќе му служат на распнатиот Спасител. {5C 86.4}

Одвај можам да ги изразам своите чувства кога мислам како се запостави намерата која Бог ја имаше при формирањето на нашиот колец. Луѓето, кои само надворешно покажуваат побожност, со својот непосветен живот ја негираат моќта на вистината луѓето да ги направи мудри за спасение. Помислете на историјата на апостолите, кои трпеле беда, срам, малтретирање, па дури и смрт заради вистината. Тие се радувале затоа што биле сметани достојни да страдаат за Христа. {5C 87.1}

Ако со големи напори и страдање можат да се постигнат големи дела, кој од нас, кои сме предмет на божествена благодат ќе ја одбие жртвата? Христовото евангелие има барања од секоја душа што ја слушнала радосната вест. Што треба да направиме за Бога за сите благослови со кои нè опсипал? Никогаш нема да можеме да се оддолжиме за Неговата неспоредлива милост. Единствено што можеме е со својата послушност и благодарна служба да ја потврдиме својата верност и да го крунисаме со слава својот Откупител. {5C 87.2}

Немам поголема желба од онаа да ја видам нашата младина проникната со дух на чиста вера која ќе ги наведе да го земат својот крст и да појдат по Христа. Млади Христови ученици, тргнете, управувани според начелата, облечени во облека на чистота и праведност. Вашиот Спасител ќе ве постави на место кое најмногу одговара на вашите способности и каде што ќе бидете од најголема корист. Бидете сигурни дека на патот на должноста ќе примите благодат доволна за вашиот ден. {5C 87.3}

Проповедањето на евангелието е од Бога одбран пат за спасение на душите. Но наша прва должност треба да биде своите срца да ги доведеме во хармонија со Бога, бидејќи тогаш ќе бидеме во состојба да работиме за другите. Порано нашите работници ревносно го испитуваа своето срце. Тие се советуваа меѓу себе и се соединуваа во понизна, срдечна молитва, барајќи божествено водство. Меѓу нашите проповедници и учители сè помалку има мисионски дух. А Христовото доаѓање сега е поблизу од тогаш кога поверувавме. Секој ден што ќе помине нè остава со еден ден помалку за објавување на веста на светот. О, кога денес би имало повеќе срдечно застапување при Бога, поголема понизност, чистота и вера. {5C 87.4}

Сите се наоѓаме во постојана опасност. Ја опоменувам црквата да се чува од оние луѓе кои на другите им ја проповедаат речта на животот, а самите немаат дух на понизност и самоодрекување кои таа реч ги влева. На таквите луѓе не можеме да се потпреме во време на криза. Тие исто така го занемаруваат Божјиот глас како што тоа го направил и Саул и како и тој, подготвени се да ги оправдуваат своите постапки. Кога Господ го укорил преку Својот пророк, Саул упорно тврдел дека му се покорува на Божјиот глас, но блеењето на овците и рикањето на воловите покажале дека не го правел тоа. На ист начин и денес многумина уверуваат за својата преданост на Бога, но нивните собири и забави, нивното световно друштво, нивното самоиздигање и копнежот за популарност сведочат дека не му се покориле на Неговиот глас. „Угнетувачи на Мојот народ се децата, и жени владеат над него" (Исаија 3:12). {5C 88.1}

Гледиштето што евангелието го постави пред нас е мошне возвишено. Доследниот христијанин не е само ново, туку и благородно создание во Исуса Христа. Како постојана светлина, тој на другите им укажува на патот кон Бога и небото. Човекот кој својот живот го црпе од Христа нема да има желба за лекомислените, суетни задоволства од овој свет. {5C 88.2}

Меѓу младите постои голема различност на карактерот и воспитувањето. Некои живееле под околности на самоволно зауздување и строгост, кое во нив развило дух на упорност и отворена непослушност. Други беа разгалени во домот и пренежните родители им дозволуваа да се управуваат според своите склоности. За секоја мана се нашло некое извинување, така што најпосле целиот нивен карактер станал изопачен. За да се има успех во работата со овие различни умови, на учителот му е потребна голема тактичност и префинетост, како и цврстина во управувањето. {5C 88.3}

Често ќе се покаже одвратност, па дури и презир кон соодветни правила. Некои со сета своја промисленост ќе се трудат да ја избегнат казната, додека други ќе покажуваат целосна рамнодушност кон последиците на своите престапи. Сето тоа бара повеќе трпение и поголеми напори од оние на кои им е доверено нивното воспитување. {5C 89.1}

Една од најголемите тешкотии со која треба да се борат учителите е недостатокот на соработка на родителите да соработуваат во спроведувањето на дисциплината на колеџот. Кога родителите би се заветувале да го поддржат авторитетот на учителите, би се спречиле многу непослушност, пороци и расипништво. Родителите треба од своите

деца да бараат да го почитуваат авторитетот на оние на кои со право им припаѓа да му се покоруваат. Тие, со неуморна грижливост и ревност, мораат да се трудат да ги поучуваат, водат и зауздуваат своите деца сè додека не зацврстат исправни навики. Со такво воспитување младите ќе бидат во потчинетост на општествените правила и општите ограничувања на моралните обврски. {5C 89.2}

Младите со зборови и пример треба да се поучуваат на едноставност во облекувањето и однесувањето, работливоста, трезвеноста и штедењето. Многу ученици прекумерно ги трошат своите пари кои им ги праќаат нивните родители. Тие се обидуваат да се покажат помоќни од своите другари на тој начин што расипнички трошат пари за облека и задоволства. Во некои образовни институции тоа прашање е сметано како толку важно што постои пропишано облекување, а употребата на пари ограничена со закон. Меѓутоа, попустливите родители и попустливите ученици ќе најдат некој начин да го избегнат законот. Ние не треба да прибегнуваме кон такви средства. Треба да ги повикуваме христијанските родители внимателно и во молитва да ги земат овие работи во предвид, да побараат совет во Божјото слово и да настојуваат да постапуваат во согласност со нејзиното учење. {5C 89.3}

Кога нашиот колеџ би им пружил на учениците можност за телесна работа и кога од нив би се барало одреден дел од своето време да го посветат на некое занимање, тоа би било гаранција против злите влијанија кои преовладуваат во училишните институции. Машките, корисни занимања наместо површните и изопачени забави, би дале корисни можности за бујноста (енергијата) на младиот живот и би поттикнало цврстина и трезвеност на карактерот. Треба да се вложат сите можни напори за да се поттикне желба за морален, телесен и умствен напредок. Кога девојките би биле поучувани на готвење, а особено како се меси добар леб, тогаш нивното образование би имало далеку поголема вредност. Навикнувањето на корисна работа во голема мера би го спречила оној болен сентиментализам кој упропастува Илјадници души. Вежбањето на мускулите како и вежбањето на мозокот поттикнуваат наклонетост кон домашните должности на секојдневниот живот. {5C 90.1}

Овој век е век на покажување и површна работа во воспитувањето. Братот _____ природно поседува наклонетост кон ред и совесност што се претворило во навика со долгогодишното обучување и дисциплина. Заради тоа, тој ужива Божја наклонетост. Неговата работа има вистинска предност бидејќи не дозволува учениците да бидат површни. Меѓутоа, тој при своите први чекори кон формирањето на училиштето наиде на многу тешкотии. Ако беше помалку истраен и решителен, тој ќе ја напуштеше борбата. Некои родители не даваат средства за издржување на училиштето, а нивните деца не го почитуваат учителот затоа што носи сиромашна облека. Тие дозволија неговиот надворешен изглед да создаде кај нив предрасуди против него. Господ го укори ова непочитување и го охрабри учителот во неговата работа. Меѓутоа, жалбите и неточните известувања кои децата ги носеа во своите домови предизвикаа предрасуди кај родителите. Додека братот _____ се залагаше да ги всади вистинските начела и да ги зацврсти исправните навики, децата се жалеа поради претераното учење. Ми беше покажано дека токму на тие деца им било тешко затоа што нивниот ум не бил доволно зафатен со тоа што треба да биде. Нивните мисли беа зафатени со неморални нешта и нивните тела и умови ослабнуваа поради навиката на самомалтретирање. Тој порок, а не прекумерното учење, предизвика чести заболувања кај тие деца и ги спречуваше да го постигнат успехот што го посакуваа родителите. {5C 90.2}

Господ го одобри ставот на братот _____ при полагањето на темелите на училиштето кое функционира денес. Меѓутоа, тој и премногу напорно работеше, без цврсто, благотворно, охрабрувачко домашно влијание - влијание кои би ги олеснило неговите товари. Под товарот на претераното работење, тој направи одредени грешки кои, меѓутоа не се ниту половина тешки како грешките на оние што негуваат огорченост против него. Во односите со учениците, тој наиде на дух на непослушност и дрскост за кој апостолот вели дека претставува еден од знаците на последните денови. {5C 91.1}

Некои учители во колеџот не ја сфатија одговорноста на својата положба. Тие самите не се ученици во Христовото училиште и според тоа не се подготвени да поучуваат други. {5C 91.2}

Меѓу учениците постојат безделнички, порочни навики. Таквите ученици треба да се укорат и да се дисциплинираат. Меѓутоа, ако не можат да се реформираат, не треба со нетрпение и грубост да се туркаат во уште поголема бездна. Учителите треба секогаш да имаат на ум дека младите души, купени со Христовата крв, им се доверени на нивна грижа, и дека се членови на Господовото семејство. Христос поднел бескрајна жртва за да ги откупи. Учителите мора да согледаат дека се мисионери кои треба тие ученици да ги придобијат за Христа. Ако по природа се борбени, тогаш мораат грижливо да внимаваат да не ѝ попуштат на таа особина. Тие што поминале низ критичниот период на младоста, никогаш не треба да ги забораваат искушенијата и тешкотиите на младиот живот и колку копнееле за наклонетост, љубезност и љубов. {5C 91.3}

Тој што се посветува на напорна јавна работа во корист на човештвото често нема доволно време да му посвети на сопственото семејство, така што на некој начин е без семејство и без домашно огниште, и влијанијата од семејното дружење. Така беше и со братот _____. Неговиот ум постојано беше преоптоварен. Тој немаше доволно прилики да ја задобие љубовта на своите деца ниту да ги зауздува и води како што треба. {5C 92.1}

Во колеџот има мнозина кои треба потполно да се обратат. Никој нека не бара раска во окото на својот брат, кога има греда во своето око. Секој треба да го очисти храмот на својата душа од нечистотијата. Исфрлете ја зависта и злобата заедно со натрупаната нечистотија. Возвишени, вистински и небесни достигнувања, купени за нас со неизмерна цена, ни се нудат да ги примиме. Секој поединец е одговорен пред Бога за светлината и предноста што Тој ни ги дал. И ако на Бога не му ја вратиме добивката од талантите што ни се доверени, тогаш ќе ја загубиме Неговата наклонетост. {5C 92.2}

Професорот _____ добро би ви послужил ако некои не му ласкаа, додека други го осудуваа. Тој стана збунет. Во неговиот карактер имаше мани кои требаше да се искоренат. Некои беа одушевени од него и му укажуваа незаслужена доверба и пофалби. Тој човек го поставивте на место на кое му беше тешко да заздрави и да ја согледа својата вистинска положба. Тој беше жртва на двете страни во црквата, затоа што не ги послушаа советите на Божјиот Дух. Со тоа му е направена неправда. Тој беше нов во верата и не беше подготвен за настаните кои се случија. {5C 92.3}

Колку малку знаеме за тоа какво влијание ќе имаат нашите постапки на идниот живот на нас самите и на другите. Мнозина сметаат дека не е важно што работат. Сметаат дека ништо нема да им наштети ако отидат на некој концерт или ако со светот учествуваат во некоја забава. Така сатаната ги води и управува со нивните желби, а тие ниту насетуваат колку кобно може тоа да биде за нив. Тоа може да биде алка во синџирот со која сатаната ги врзува душите и ги одвлекува во вечна пропаст. {5C 92.4}

Секоја постапка, колку и да е незначајна, има свое место во големата драма на животот. Помислете на тоа дека само едно попуштање на апетитот го вовело гревот во нашиот свет, со сите негови страшни последици. Осквернетите бракови меѓу Божјите синови и човечките ќерки довеле до отпаднишство, кое завршило со уништување на светот со потоп. Еден најмал акт на попуштање на желбите предизвикувало големи револуции. Како и децата Израилеви, мнозина не ги слушаат зборовите на совет, туку се управуваат според своите склоности. Тие се соединуваат со световните луѓе во посетување на собири каде што ќе бидат видени од другите, и така поставуваат пример кој го следат другите. Тоа што го направиле еднаш, ќе го направат и по втор пат, а по нив многу други. Секој нивен чекор остава трајно дејство, не само на нивната совест и начинот на живеење, туку и кај другите. Сето ова му дава голема сериозност на човечкиот живот. {5C 93.1}

Ноќ по ноќ и ден по ден моето срце ме боли поради наште цркви. Многумина напредуваат, меѓутоа наназад. „Патеката на праведните. . . свети сè повеќе и повеќе, дури не настане ден" (Изреки 4:12). Нивниот пат води напред и нагоре. Тие напредуваат од сила во сила, од благодат во благодат, од слава во слава. Тоа е предност на сите наши цркви. Но колку далеку се тие од тоа! Ним им е потребно божествено просветлување. Тие мора да го променат својот правец во целосно спротивна насока. Јас знам што зборувам. Ако навистина не станат христијани, ќе одат од слабост во слабост, расцепот ќе биде сè поголем и мнозина ќе бидат турнати во пропаст. {5C 93.2}

Сè што можам да ви кажам е да ја прифатите светлината што ви ја подари Бог и да ја следите истата, колку и да ве чини тоа. Тоа е единствен сигурен пат за вас. Морате да се потрудите да воспоставите слога меѓу себе, и Господ нека ви помогне да го постигнете тоа, па дури и ако морате да се распнете себеси. Примете ги зраците на светлината што ги презревте и отфрливте. Примете ги понизно, треперејќи и во страв. Гревот на стариот Израел бил во тоа што ја презрел изричната Божја волја и се повел по склоностите на своето непосветено срце. Современиот Израел верно ги следи Неговите стапки и затоа Господовиот гнев е на него. {5C 93.3}

Никогаш не е тешко да го работиме тоа што ни е пријатно, но да се оди по патот кој е спротивен на нашите склоности значи да се земе крстот на себе. Христос се молел Неговите ученици да бидат едно, како што и Тој бил едно со Таткото. Тоа единство за Христос било доказ пред светот дека Бог го пратил. Кога своеволноста ќе биде одречена во поглед на нештата ќе постои единство на верниците со Христа. Сите треба да се молат за ова и решително да работат во таа насока и на тој начин колку што е можно одговарајќи ја Христовата молитва за единство во Неговата црква. {5C 94.1}

---

7. ЗАВИСТА И ИЗНАОЃАЊЕТО НА ГРЕШКИ ОСУДЕНО

Чувствувам болка кога ќе кажам дека во црквата постојат непокорни јазици. Тоа се лажни јазици кои уживаат во сплеткарење. Тоа се лукави јазици кои шепотат, сплеткарат и се мешаат во туѓи работи; кои вешто прашуваат прашања (подбуцнуваат). Некои од овие љубители на озборувањето ги тера љубопитноста, други завист, а трети омраза кон оние преку кои Бог проговори и ги укори. Сите тие несложни елементи работат. Некои ги сокриваат своите вистински чувства, додека други радосно објавуваат сè што знаат, или пак само претпоставуваат нешто негативно против другите. {5C 94.2}

Видов дека денес е активен вистинскиот дух на лажно клеветење кој вистината ја претвора во лага, доброто во зло и невиноста во злосторство. Сатаната ликува заради ваквата состојба во Божјиот народ. Додека мнозина ја занемаруваат сопствената душа, копнежливо чекаат прилика да ги критикуваат другите и да ги осудуваат. Секој има недостатоци и не е тешко да се најде нешто со што пакоста ќе може да го толкува на нивна повреда. „Сега", зборуваат тие самонаречени судии, „ние имаме факти. Ќе фрлиме на него обвинување од кое нема да може да се ослободи". Тие чекаат поволна прилика и тогаш го продуцираат својот сноп на озборувања и ги изнесуваат своите малечки работи кои ги слушнале или виделе. {5C 94.3}

Во напорите да докажат нешто, луѓето кои имаат силна фантазија доаѓаат во опасност да се измамат самите себе и другите. Тие од другите примаат неодмерени изрази, не размислувајќи дека тие зборови можеби се изговорени во брзање и дека можеби не ги изразуваат вистинските чувства на говорникот. Но овие однапред непланирани забелешки (зборови), често толку безначајни што не заслужуваат никакво внимание, се гледани преку сатанската лекá за зголемување, на нив се има размислувано, и тие се повторувани сè додека овие дупки од кртови не станат планини. Одвоени од Бога, оние кои претпоставуваат зло стануваат играчка на искушенијата. Тие речиси не ја сфаќаат силата на своите чувства и дејството на своите зборови. Осудувајќи ги грешките на другите, тие самите им попуштаат на многу поголеми. Доследноста е скапоцен камен. {5C 95.1}

Зар не постои закон на љубезноста на кој треба да му се покоруваме? Зар Бог ги овластил христијаните да се критикуваат и осудуваат еден со друг? Дали прилега, дали е чесно, да се придобијат од усните на некој друг, под маска на пријателство, тајни кои му биле нему доверени, и тогаш тоа знаење да се искористи на негова штета? Зар христијанското милосрдие се состои во тоа да се фаќа секој непроверен збор, да се истражува сè што би можело да фрли сомнеж на карактерот на другите и сето тоа да се искористува на нивна штета? Сатаната триумфира кога може да го изложи на лош глас или да му зададе болка на некој Христов следбеник. Тој е „клеветникот на браќата наши". Зар христијаните треба да му помагаат во тоа? {5C 95.2}

Сегледачкото Божјо око ги гледа маните на сите и најсилните страсти на секој човек, но Тој ги трпи нашите слабости и е милосрден кон нашите грешки. Тој од Својот народ бара да го негува истиот дух на благост и трпеливост. Вистинскиот христијанин нема да ликува во откривање на туѓите грешки и мани. Тој ќе го сврти погледот од расипаноста и изопаченоста, за да го гледа тоа што е привлечно и убаво. За христијанинот е мачно секое изнаоѓање на грешки и секој збор на критика и осуда. {5C 95.3}

Секогаш имало мажи и жени кои ја исповедаат вистината, но кои својот живот не го потчиниле на нејзиното посветувачко влијание; луѓе кои се неверни, но сепак се измамуваат самите себе и сè охрабруваат себеси во грев. Неверство се согледува во нивниот живот, нивното постапување и карактер и ова страшно зло се шири како рак. {5C 96.1}

Кога сите оние коишто тврдат дека христијаните сите свои истражувачки способности би ги искористиле за да видат кои мани треба да ги искоренат во самите себе, наместо да зборуваат за туѓите грешки, состојбата во црквата денес би била поздрава. Некои би биле чесни кога тоа не би чинело ништо, но заборават на чесноста ако лукавството е поисплатливо. Лукавството и чесноста не можат да се спојат во еден човек. Со време, или ќе се искорени лукавството и ќе завладее вистината и чесноста,

или ќе се заборави чесноста и ќе му се попушта на лукавството. Тие никогаш не можат да се сложат затоа што немаат ништо заедничко. Едното е Ваалов пророк, другото е вистински Божји пророк. Кога Господ ќе ги собере Своите скапоцености, со задоволство ќе гледа на верните, искрените и чесните. Ангелите се задолжени да направат круни за таквите и од тие круни украсени со ѕвезди ќе отсјајува величествената светлина која блеска од Божјиот престол. {5C 96.2}

Нашите браќа проповедници премногу често се обременети со тоа што им се кажуваат проблемите во црквата и тие тоа премногу често го споменуваат во своите говори. Тие не би смееле да ги поттикнуваат членовите на црквата да се жалат еден на друг, туку да ги упатат да внимаваат на сопствените постапки. Никој не би смеел да допушти изнесувањето на туѓи грешки во него да пробуди чувства на предрасуди и омраза, туку сите би требало да сочекаат, да ги сослушаат двете страни и тогаш да му веруваат само на она што е докажано со несоборливи факти. Во секој случај не треба да се слушаат зли зборови сè додека во целост не се спроведе библиското правило. Тоа се однесува на оние кои вешто извлекуваат нешто од бесомнежливите факти и кои не ги тангираат и нема да им донесат никакво добро. {5C 96.3}

Заради вашите души, браќа, имајте ја пред очи само Божјата слава. Колку што е можно помалку мислете на себе. Се приближуваме кон крајот на времето. Испитувајте ги своите побуди во светлината на вечноста. Знам дека треба да бидете алармирани; вие се оддалечувате од старите меѓи. Вашата таканаречена наука ги поткопува основите на христијанските начела. Ми беше покажан патот по кој сигурно ќе тргнете ако се одвоите од Бога. Не се надевајте на вашата мудрост. Ви велам дека вашите души се во непосредна опасност. Поради Христа, испитувајте и истражувајте зошто имате толку малку љубов кон религиозните служби. {5C 97.1}

Господ го испитува и испробува Својот народ. Можете колку што сакате да бидете строги и критични кон маните на својот карактер, но бидете благи, сожаливи и учтиви кон другите. Прашувајте се секој ден: „Дали сум потполно чист или имам лажно срце?” Молете му се на Бога да ве избави од измамите во овој поглед. Додека мнозина трчаат по почести и копнеат за добивка, вие, драги мои браќа, барајте го уверувањето на Божјата љубов и воскликнувајте: Кој ќе ме упати како да го утврдам својот повик и избор. {5C 97.2}

Сатаната внимателно ги проучува вродените гревови на луѓето и потоа го започнува своето дело на примамување и фаќање во стапица. Ние сме изложени на најголеми искушенија, но ако машки се бориме во Господовите битки ќе задобиеме победа. Сите се наоѓаме во опасност. Ако одите понизно и во молитва од искушенијата ќе излезете почисти од чисто злато, дури и од офирско злато. Но ако бидете безгрижни и ја занемарите молитвата ќе бидете како ѕвонче кое ѕвони или како кимвал што звечи. {5C 97.3}

Некои речиси сосема се загубиле во лавиринтот на сќептицизмот. Би сакала да им кажам на таквите, издигнете го својот ум од тој пат. Држете се за Бога. Колку посилно се врзете за Семоќниот со вера и светост, сè појасна ќе ви биде Неговата правда на Неговото постапување со вас. Животот, вечниот живот нека биде цел на вашите напори. {5C 98.1}

Ги познавам вашите опасности. Ако ја загубите верата во сведоштвата, ќе се одвоите од вистината на Библијата. Се плашев дека мнозина ќе се оддадат на прашања и сомневање и затоа што сум загрижена за вашите души сакам да ве опоменам. Колкумина ќе ја прифатат оваа опомена? Со своето размислување за сведоштвата, дали

би се чувствувале совршено слободни да прифатите или да отфрлите еден нивен дел или целите, ако ви се даде некое сведоштво, кое би ја попречило вашата патека и би ги укорило вашите грешки? Токму тоа што најмалку сакате да го прифатите е она што ви е најпотребно. Бог и сатаната никогаш не соработуваат. Сведоштвата носат или Божји или сатански печат. Доброто дрво не може да донесе лоши плодови, ниту пак лошото дрво да донесе добри плодови. По нивните плодови ќе ги познаете. Бог проговори. Кој затрепери од Неговите зборови? {5C 98.2}

---

8. ГОСПОДОВИОТ ДЕН СЕ ПРИБЛИЖУВА

„Близу е денот велик на Господ, близу е - и брзо доаѓа. Горчлив е гласот на денот Господов, ќе завика тогаш дури и најхрабриот. Тој ден е ден на гнев, ден на жалост и на мачнотија, ден за запустување и уривање, ден на темнина и на мрак, ден облачен и маглив, ден на труба и на боен повик против утврдените градови и високите кули. И Јас ќе ги притеснам луѓето, и тие ќе се тетераат како слепи, зашто згрешија против Господ" (Софонија 1:14-17). {5C 98.3}

„А во тоа време Јас ќе го прегледам Ерусалим со светило и ќе ги казнам оние, кои седат на своите остатоци и велат во срцето свое: 'Господ не прави ни добро ни лошо'" (Софонија 1:12). {5C 99.1}

„Соберете се, соберете се, народи бесрамни, додека не бидете одвеани како плева, додека уште не е дојден врз вас пламнатиот гнев Господов, додека не настапил денот на јароста Господова. Побарајте го Господа, сите скромни на земјата, вие што ги извршувате законите Негови; побарајте ја правдата, побарајте ја понизноста; можеби ќе бидете заштитени во денот на гневот Господов" (Софонија 2:1-3). {5C 99.2}

Се приближуваме кон крајот на времето. Ми беше покажано дека Божјите праведни казни на одмазда веќе ја погодуваат земјата. Господ нѐ опоменуваше за настаните кои ќе настапат. Светлината свети од Неговата Реч; но сепак мрак ја покрива земјата и голема темнина народите. „И кога ќе речат: 'Мир и безбедност', тогаш ненадејно ќе ги снајде пропаст; . . . и тие нема да ја одбегнат" (1. Солунјаните 5:3). {5C 99.3}

Наша должност е да ја истражуваме причината за оваа ужасна темнина, за да го избегнеме патот преку кој луѓето се изложиле себеси на толку голема заблуда. Бог на светот му дал прилика да ја сознае и да биде послушен на Неговата волја. Тој на луѓето во Својата Реч, им ја дал светлината на вистината; Тој им упатил опомени, совети и поттикнувања; но малкумина ќе го послушаат Неговиот глас. Како еврејскиот народ, така и повеќето луѓе, дури и оние што тврдат дека се христијани, се гордеат со своите високи предности, но никој не му возвраќа на Бога за овие големи благослови. Со бескрајна милост, на светот му е упатена последната вест која објавува дека Христос е пред вратата, и со која се свртува внимание на Божјиот прекршен закон. Но како што претпотопните луѓе со презир ги отфрлиле опомените на Ное, така и денес оние што го сакаат задоволството ја отфрлаат веста на Божјите верни слуги. Светот без промена ги извршува своите дејности, вдлабочен како секогаш во својата работа и задоволства, додека Божјиот гнев наскоро ќе ги погоди престапниците на Неговиот закон. {5C 99.4}

Нашиот сочувствителен Откупител ја предвидел опасноста која ќе ги опкружува Неговите следбеници во ова време и им дал посебно предупредување: „Само пазете се;

вашите срца да не бидат натежнати од прејадување и пијанство, и тегобни грижи за овој живот, за да не ве затекне оној ден ненадејно; зашто тој ќе дојде како стапица за сите што живеат по целата земја; бидете будни во секое време и молете се, за да го избегнете сето она што треба да се случи и да застанете пред Синот Човечки" (Лука 21:34-36). Ако црквата оди по патот сличен на оној по кој што оди светот, тогаш таа ќе ја дели неговата судбина. Не само тоа, туку нејзината казна ќе биде уште потешка затоа што добила поголема светлина. {5C 100.1}

Ние како народ тврдиме дека имаме повеќе вистина од сите останати народи на Земјата. Според тоа, нашиот живот и карактер треба да бидат во согласност со таквата вера. Само што не дошол денот кога праведниците ќе бидат врзани во снопје како драгоцена пченица за небесна житница, додека безбожниците, како какол, ќе се соберат за огнот на последниот голем ден. Но пченицата и каколот растат заедно сè 'до жетвата' (Матеј 13:30). Во извршувањето на секојдневните должности, праведните ќе бидат во допир со безбожниците сè до крајот. Децата на светлината се расеани меѓу децата на темнината за секој да може да ја види разликата. Затоа Божјите деца треба да ги 'возвестат совршенствата на Оној Кој ве повикал од темнина во Својата чудесна светлина' (1. Петрово 2:9) {5C 100.2}

Сличните се привлекуваат меѓусебно. Тие што заедно пијат на истиот извор на благослови ќе се зближат меѓусебно. Вистината, која престојува во срцето на верниците ќе води кон благословена и радосна асимилација. Така ќе одговориме на Христовата молитва Неговите ученици да бидат едно како што Тој е едно со Таткото. Секое вистински обратено срце ќе копнее кон тоа единство. {5C 100.3}

Кај безбожниците постои лажна слога која само делумно ја прикрива постојаната неслога. Тие се сложни во противењето на Божјата волја и вистина, додека за сите други прашања се исполнети со омраза, соперништво, љубомора и кобен судир. {5C 101.1}

Вистинскиот метал денес е толку помешан со неблагородниот што само проникливото око на бесконечниот Бог може со извесност да ги разликува. Но моралниот магнет на светоста и вистината ќе го привлече чистиот метал и ќе го соедини додека ќе го одбие металот кој е неблагороден и лажен. {5C 101.2}

„Близу е денот велик на Господ, близу е - и брзо доаѓа" (Софонија 1:14). Меѓутоа, каде наоѓаме вистински адвентистички дух? Кој се подготвува да опстане во времето на искушение кое непосредно ни претстои? Луѓето на кои Бог им ја доверил светата и свечена тестирачка вистина за ова време спијат на стражата. Тие преку своите дела велат: Ние ја имаме вистината; тие велат „богат сум и се збогатив, и ништо не ми треба". Но верниот Сведок објавува: „не знаеш дека си беден и мизерен, сиромав, слеп и гол" (Откровение 3:17). {5C 101.3}

Колку вистинито овие зборови ја прикажуваат сегашната состојба во црквата: „а не знаеш дека си беден и мизерен, сиромав, слеп и гол". Светиот Дух дава опомени кои ги пренесуваат Божјите слуги. На оние кои се во заблуда им се изнесуваат недостатоците во карактерот, но тие велат: „Ова не се однесува на мене. Не ја прифаќам твојата вест. Работам најдобро што можам. Верувам во вистината". {5C 101.4}

Лошиот слуга, кој во своето срце вели: „Господарот мој уште за долго време нема да дојде" (Матеј 24:48), тврди дека го чека Христа. Тој е „слуга" кој надворешно му служи на Бога, додека срцето му го предал на сатаната. Тој не ја негира вистината отворено како оној што се потсмева, туку со својот живот ги открива чувствата на своето срце - дека доаѓањето на Господа доцни. Вообразеноста го наведува да заземе безгрижен став кон вечниот живот. Тој ги прифаќа начелата на овој свет и се прилагодува на неговите

обичаи и постапки. Кај него преовладуваат себичност, земна гордост и амбиции. Плашејќи се дека неговите браќа се повозвишени од него, тој почнува да ги потценува нивните напори и да ги напаѓа нивните мотиви. На тој начин им нанесува штета на своите браќа. Колку повеќе се оддалечува од Божјиот народ, толку повеќе се соединува со безбожниците. Тогаш почнува да јаде и да пие „со пијаниците," и дружејќи се со луѓе кои го љубат овој свет, го прима нивниот дух. На тој начин заспива во телесна безбедност и ѝ подлегнува на немарноста, рамнодушноста и мрзливоста. {5C 101.5}

Почетокот на ова зло се наоѓа во запоставување на стражарењето и тајната молитва; потоа дошло до запоставување на другите верски должности и така им е отворен патот на сите гревови кои следеле. Секој христијанин го напаѓаат привлечностите на овој свет, желбите на телесната природа и непосредните искушенија на сатаната. Никој не е сигурен. Какви и да се нашите искуства, колку и да е висока нашата положба, потребни ни се постојана будност и молитва. Секој ден мораме да бидеме управувани од Божјиот Дух, инаку ќе бидеме под контрола на сатаната. {5C 102.1}

Поуките, што Спасителот им ги дал на Своите ученици, дадени се за полза на Неговите следбеници во сите векови. Тој ги видел оние што ќе живеат пред крајот на времето кога рекол: „Внимавајте". Должност на секој од нас е лично во своето срце да ги негува драгоцените доблести на Светиот Дух. {5C 102.2}

Сатаната работи со неуморна истрајност и со силна енергија за во своите редови да ги привлече Христовите следбеници. Тој се служи „со секакво неправедно измамување меѓу оние кои загинуваат" (2. Солунјаните 2:10). Но сатаната не е единствен работник кој го поддржува царството на темнината. Секој кој поттикнува на грев станува искушувач. Секој што го имитира големиот измамник станува негов помошник. Тие што го употребуваат своето влијание за да го поддржат злото, ја извршуваат сатанската мизерна работа. {5C 102.3}

Делата ги откриваат начелата и побудите. Плодовите на мнозина кои тврдат дека се засадени во лозјето Господово покажуваат дека тие се само трње и троскот. Целата црква може да одобри лоша насока на некои свои членови, но со тоа одобрување не го претвора злото во добро. Но тоа не може да направи од трњата да се бере грозје. {5C 103.1}

Кога тие што исповедаат дека веруваат во сегашната вистина, би ја сфатиле својата вистинска состојба тие би очајувале за Божјата милост. Тие сето свое влијание го употребиле против вистината, против гласот што опоменува, против Божјиот народ. Тие учествуваа во делото на сатаната. Мнозина се толку заблудени од сатанските измами што никогаш нема да се вратат. Таквата состојба на отпаднишство не може да постои, а да не предизвика загуба на многу души. {5C 103.2}

Црквата примаше опомена по опомена. Јасно беа откриени должностите и опасностите на Божјиот народ. Но влијанието на светот беше премногу силно за нив. Обичаите, навиките и постапките кои ги одведуваат душите од Бога сè повеќе и повеќе го заземаат теренот, и покрај опомените и молбите на Светиот Дух, што на крајот луѓето поверуваа дека одат по добар пат и одвај го слушаа гласот на Светиот Дух. Никој не може да каже колку далеку ќе отиде некој во грев кога еднаш ќе се предаде на силата на големиот измамник. Сатаната влегол во Јуда Искариот и го навел да го издаде својот Господ. Сатаната ги навел Ананија и Сафира да го излажат Светиот Дух. Луѓето кои не се посветиле целосно на Бога можат да му служат на сатаната, а сепак да веруваат дека му служат на Христа. {5C 103.3}

Браќа и сестри, ве молам: „Испитувајте се сами себе дали сте во верата; сами проверете се”. (2. Коринтјаните 13:5). За да се сочува топлината и чистотата на христијанската љубов, постојано е потребна Христовата благодат. Дали сте ги искористиле сите средства за „вашата љубов сè повеќе и повеќе да изобилува,” „за да можете да го распознавате најдоброто,” и да бидете полни со плодовите на праведноста, „кои се преку Исус Христос, за слава и пофалба на Бога” (Филипјаните 1:9-11). {5C 103.4}

Мнозина кои треба одлучно да застанат во одбрана на правдата и вистината, покажаа слабост и нерешителност и така го охрабрија сатаната да ги нападне. Тие што нема да растат во благодатта, кои што не се трудат да постигнат највисок степен на достигнување (побожност) која Бог ја очекува од нив, ќе бидат победени. {5C 104.1}

За христијанинот светот е земја на странци и непријатели. Доколку во своја заштита не го земе сето божествено оружје и вешто не владее со мечот на Духот, тој ќе стане плен на силите на темнината. Сечија вера ќе се испита. Сите ќе бидат испитани како златото во огнот. {5C 104.2}

Црквата се состои од несовршени, заблудени мажи и жени, на кои постојано им е потребно да им се укажува милосрдие и трпеливост. Но долго владееше општата млакост; световниот дух кој се вовлече во црквата беше следен со отуѓување, изнаоѓањето на грешки, злобност, раздор и беззаконие. {5C 104.3}

Кога луѓето со непосветено срце и живот помалку би зборувале и кога повеќе време би се посветило на понизување на душата пред Бога, би можеле да се надеваат дека Господ ќе им притекне во помош и ќе ги излечи од нивното назадување. Многу проповеди во последно време создаваат чувство на лажна сигурност. Луѓето кои што имаат толку мала врска со Бога, како што е случај со некои наши проповедници, не можат мудро да управуваат со важните работи во Божјото дело. Да се довери делото на вакви луѓе е исто како да се постават деца да управуваат со голем брод на море. Луѓето, лишени од небесната мудрост, лишени од живата Божја сила, не се способни да управуваат со бродот на евангелието помеѓу ледени санти и во бури. Црквата поминува низ сурови (сериозни) судири, но и во овие опасни времиња многумина сакаат да ја доверат во раце кои сигурно ќе ја упропастат. Нам ни е потребен кормилар на бродот, бидејќи се приближуваме кон пристаништето. Како народ, ние треба да бидеме светлина на светот. Но колку многу се оние што, како лудите девојки, немаат масло во своите светилници. Нека Господ на сета благодат, во кого изобилува милоста, кој е полн со простување, се сожали над нас и нè спаси, за да не пропаднеме со безбожниците! {5C 104.4}

Во ова време на судири и искушенија потребни ни се помош и утеха кои можеме да ги задобиеме од начелата на праведноста, цврстите верски убедувања, непоколебливото уверување за Христовата љубов и од вистинското искуство во божествените работи. Ние ќе станеме зрели мажи и жени во Исуса Христа, а во тоа ќе успееме само со постојано растење во благодатта. {5C 105.1}

О, што треба да кажам за да ги отворам слепите очи, за да го просветлам духовно познавање? Гревот мора да се распне. Светиот дух мора да изврши целосна морална обнова. Мораме да имаме Божја љубов, во жива, делотворна вера. Тоа е злато искушано во оган. Тоа можеме да го добиеме само од Христа. Секој што сесрдно и искрено ќе бара, ќе стане соучесник во Неговата божествена природа. Неговата душа ќе се исполни со силен копнеж за сознание на полнотата на таа љубов која го надминува нашето разбирање. Напредувајќи во божествениот живот, тој сè повеќе ќе биде

способен да ја сфати возвишената и благородна вистина на Божјата Реч, така што најпосле преку угледувањето ќе се измени и ќе биде во состојба да биде отсјај на ликот на својот Откупител. {5С 105.2}

---

9. НЕМУДРИ БРАКОВИ

Ми беше покажано дека денешната младина не е свесна за опасноста која ѝ се заканува. Има многу млади луѓе кои Бог би ги примил како работници во Неговото дело, но се појавува сатаната и ги заплеткува во својата мрежа така што тие се отуѓуваат од Бога и немаат никаков удел во Неговото дело. Сатаната е лукав и истраен работник. Тој точно знае како да го улови оној што не внимава и загрижувачки е фактот што само малкумина успеваат да ги избегнат неговите лукавства. Тие не ја гледаат опасноста и не се свесни за неговите измами. Тој ги поттикнува да се заљубуваат не барајќи мудрост од Бога ниту од оние кои Тој ги пратил за да ги опоменат, искараат и посоветуваат. Мислат дека се доволни сами на себе и не поднесуваат ограничувања. {5С 105.3}

Твојот случај, Брате _____, јасно го покажува ова. Ти беше заслепен со мислата да се ожениш. И како што е случај со сите чиишто мисли ќе тргнат во оваа насока, опомените на Божјите слуги имаат само мало влијание на тебе. Ми беше покажано колку лесно попушташ на влијанието на околината. Кога би се дружел со друштво со пониски чувства и мисли, би станал како и тие. Да немаше љубов и страв Божји, нивните мисли би станале и твои мисли, кога ним би им недостигала стравопочит, и ти би станал таков; ако се лекомислени и предадени на задоволства, и ти би тргнал по истиот пат со ревност и истрајност кои би биле достојни за подобра цел. {5С 106.1}

Младата девојка на која и ја подари својата љубов не е со длабоки мисли и карактер. Таа живеела лекомислено и умот и е сиромашен и површен. Но ти никако не сакаше да ги примиш советите на твојот татко, твојата сестра која те сака или пак на твоите пријатели во црквата. Јас дојдов кај тебе како Христов пратеник, но твоите силни чувства и твојата самодоверба ги затвориле твоите очи за опасноста и твоите уши за опомените. Ти беше толку упорен како никој да не знае подобро од тебе и како спасението на твојата душа да зависи од тоа да останеш на своето расудување. {5С 106.2}

Кога секој млад човек кој ја исповеда вистината би постапувал како што постапуваш ти, во каква состојба би се наоѓале семејствата и црквата? Само помисли на последиците на твоето непочитување кон родителите кое го покажа со своето самоволие и самодоволност. Ти им припаѓаш на оние луѓе кои се опишани како тврдоглави и горди. Таа твоја занесеност беше причина што го загуби интересот за верските работи и што мислиш само не себе, а не на Божјата слава. Никакво добро не може да произлезе од таа интимност и љубов. Бог нема да благослови самоволна постапка како што е твојата. Не би требало да копнееш да склопиш брак и да примиш на себе грижа за семејство пред целосно да го зацврстиш својот карактер. Како што гледам, ти си во голема темнина, но не ја сфаќаш својата опасност. {5С 106.3}

Вистината го преобрази твојот живот и карактер и ти ја стекна довербата на своите браќа. Но сатаната виде дека ќе те загуби и затоа тој ги зголеми своите напори за да те заплетка во своите лукави стапици и чудесно успеа во тоа. Сега се покажа слабоста на твојата природа, која порано не се забележуваше. Ти не ја согледуваш својата состојба иако таа им е јасна на другите. Светлината не доаѓа до човекот кој не се труди да ја

стекне. Кога виде дека твоите браќа и сестри се ожалостени со твојот случај, беше време да застанеш и да размислиш за тоа што работиш, да се молиш многу и да се посоветуваш со искусни луѓе во црквата и со благодарност да го прифатиш нивниот совет. {5C 107.1}

„Но", кажуваш ти, „треба ли да постапам според советот на моите браќа, независно од моите чувства?" Јас ти одговарам: Црквата го застапува Божјиот авторитет на земјата. Христос рекол: „Сè што ќе сврзете на земјата ќе биде сврзано и на небото; и сè што ќе разврзете на земјата ќе биде разврзано и на небото" (Матеј 18:18). Вкупно земено постои мало почитување кон мислењето на членовите на истата црква. Заради овој недостаток на почитување кон мислењето на црквата доаѓа до многу потешкотии меѓу браќата. Очите на црквата можат да го видат кај поединецот она што тој не е во состојба да го согледа. Можеби неколкумина ќе бидат исто така слепи како и тој што е во заблуда, но мнозинството во црквата е сила која треба да управува над своите поедини членови. {5C 107.2}

Апостол Петар вели: „Исто така и вие, помладите, покорувајте им се на постарите; а сите, пак, покорувајте се еден на друг и здобијте се со понизност, бидејќи 'Бог им се противи на горделивите, а на понизните им дава благодат'" (1. Петрово 5:5). Павле советува: „Со својата братска љубов сакајте се срдечно едни со други; натпреварувајте се во почитувањето еден кон друг" (Римјаните 12:10). „Покорувајте се еден на друг во стравопочит Божја" (Ефесјаните 5:21). „Не правете ништо од честољубие или за празна слава, но од понизност сметајте се еден друг за подобар од себеси" (Филипјаните 2:3). Ако не се слуша советот на црквата, таа всушност ќе биде немоќна. Бог на Својата црква ѝ дал глас кој мора да ги управува нејзините членови. {5C 107.3}

Ако се раководиш по вистината, а не по заблудата, ти ќе ги послушаш своите родители, а гласот на црквата ќе ти биде свет. Ти се молеше цврсто решен да го спроведеш тоа што го сметаше за добро, без оглед на желбите на твоите родители и црквата. Ти во целиот свој живот во голема мера се раководеше од себични цели. Често пати мора да се поднесе голема жртва на чувствата за човек да може да се усогласи со условите на Божјата Реч и да се постапува според начела. {5C 108.1}

„Зар родителите треба да изберат брачен другар без оглед на чувствата на синот или ќерката?" - прашуваш ти. Јас пак те прашувам: треба ли синот или ќерката да изберат брачен другар не прашувајќи ги претходно родителите, ако со тој чекор нанесуваат болка на своите родители, доколку тие чувствуваат некаква љубов кон своите деца. И дали тоа дете треба упорно да остане на своето и покрај советите и молбите на своите родители? Јас одлучно одговарам: не, дури и ако никогаш не склопи брак. Петтата заповед го забранува ова. „Почитувај ги таткото свој и мајката своја, за да поживееш подолго на земјата, што ти ја дава Господ, твојот Бог" (Излез 20:12). Ова е заповед со ветување кое Господ сигурно ќе го исполни на оние кои ќе ја послушаат. {5C 108.2}

Мудрите родители никогаш нема на своите деца да им изберат брачен другар без да водат сметка за нивните желби. Никој не мислеше така во твојот случај. Во поголемиот број случаи, тоа што денешната младина го нарекува љубов е само една слепа страст која ја поттикнува сатаната за да ги упропасти. {5C 108.3}

Кога ти, мој брате, би дошол сега во нашиот колеџ, како што имаше намера, би се плашела за твоето однесување во него. Твојата желба секогаш да имаш дама покрај себе покажува дека се наоѓаш во таква состојба што од Батл Крик не би имал никаква корист. Твојата сегашна занесеност е повеќе сатанска отколку божествена. Јас не сакам да се разочараш во Батл Крик. Таму владее строга дисциплина. Таму не е дозволено додворување. Училиштето не би имало никаква вредност за учениците, ако тие бидат

вовлечени во љубовни врски како што ти правиш. Нашиот колеџ наскоро би се деморализирал. Родителите не ги праќаат своите деца во нашиот колеџ и во нашите институции за таму да започнат љубовно болен сентиментален живот, туку да се образуваат во науката или да го научат печатарскиот занает. Кога дисциплината би била толку слаба и би дозволила младината слепо да се занесува дружејќи се со личности од спротивниот пол, како што правиш ти веќе со месеци, тие ништо не би постигнале со доаѓањето во Батл Крик. Ако не можеш да го отфрлиш сето тоа и таму да заминеш со намера да учиш, да се подигнеш и со сесрдни, искрени молитви да побараш тесна врска со Бога, подобро ќе биде да останеш дома. {5C 109.1}

Доколку пак сакаш да дојдеш, мораш да се подготвиш да им се спротивставиш на искушенијата и да ја прифатиш пружената рака на учителите и професорите, потчинувајќи го во потполност своето влијание на редот и дисциплината. Бог сака сите тие, што работат во Неговото дело, да бидат потчинети еден на друг, подготвени да примат совет и поука. Тие треба со најстрога морална и умна дисциплина да се оспособат за да бидат во состојба да ги поучуваат другите со помош на Божјата асистирачка благодет. Сесрдните молитви, понизноста и сериозноста мораат да се спојат со Божја помош, бидејќи човечката слабост и човечките чувства постојано се борат за превласт. Секој човек треба да ја очисти својата душа со покорност на вистината. Имајќи ја пред очи само Божјата слава, тој мора да се понизи себеси, а да го воздига Исуса и Неговата благодат. Така постојано издигнувајќи се кон светлината, тие ќе го запознаат Бога и ќе добијат помош од Него. {5C 109.2}

Некои од учениците во нашиот колеџ не го користат своето време така како што би требало. Во својата младешка полетност тие им се спротивставуваат на сите ограничувања. Посебно се бунтуваат против забраната момчињата да им се додворуваат на младите дами. Премногу добро се познати последиците од таквото однесување во овој изопачен век. Во еден колеџ во кој е донесена во заедница толку многубројна младина имитирањето на светските обичаи во овој поглед би ги одвратило учениците од стекнувањето на знаење и тие би го загубиле интересот за верските работи. Љубовната занесеност на момчињата и девојките и нивната наклонетост на љубов еден кон друг за време на училишните денови покажува недостаток на здрав разум. Како и во твојот случај, слепата страст го заслепува расудувањето и здравиот разум. Во таа маѓепсничка измама христијаните ги забораваат своите значајни одговорности, духовноста умира, а страшниот суд и вечноста го губат своето големо значење. {5C 110.1}

Тие што се разболуваат од таа заразна болест - слепа љубов - ги стават во нејзина потчинетост сите свои способности. Тие изгледаат како лишени од здрав разум и нивното однесување предизвикува одвратност на сите оние кои го гледаат. Брате мој, ти стана предмет на озборување и за тебе имаат лошо мислење токму оние чија пофалба би требало да ја вреднуваш. Кај мнозина оваа криза се завршува со непромислена женидба. И кога ќе помине восхитеноста и ќе исчезне љубовниот занес, едната или двете страни се будат и ја сфаќаат својата вистинска положба. Тие тогаш стануваат свесни дека не си одговараат еден на друг, а врзани се за цел живот. Врзани еден за друг со најсвет завет, тие со загриженост гледаат на својот беден живот во иднина кој мора да го живеат. Тие тогаш треба да сторат најдобро од својата состојба, но многумина не го прават тоа. Тие ќе станат неверни или на својот брачен завет, или пак јаремот, кој самоволно го ставиле на својот врат, ќе стане толку неподнослив што не малкумина на кукавички начин го завршуваат својот живот. {5C 110.2}

Дружењето со лекомислените, површните и скептиците доведува до морална изопачност и пропаст. Дрските (бесрамните) и нескромни момчиња и девојки понекогаш се однесуваат пријатно; можат да бидат сјајно надарени и вешти злото да го направат попримамливо од доброто. Таквите се во состојба да ги маѓепсаат и доведат во забуна другите и тоа ќе резултира со загуба на души. Влијанието кое го вршат делата и постапките на секој човек, го опкружуваат со некоја невидлива атмосфера која ја вдишуваат сите оние што доаѓаат во контакт со него. Оваа атмосфера некогаш е полна со отровни влијанија и ако се вдишуваат, последицата на тоа е морално изопачување. {5C 111.1}

Би сакала, мој млад брате, кога би можела да ти укажам на твојата вистинска положба. Мораш да се покаеш, инаку никогаш нема да го видиш небесното царство. Многу момчиња и девојки кои исповедаат побожност немаат поим што значи да се следи Исус. Тие не се угледуваат на Неговиот пример правејќи добро и немаат љубов и благодарност кон Бога, ниту пак тие се изразуваат во нивните зборови и однесување. Тие немаат дух на самоодрекување ниту пак се охрабруваат едни други да одат по патот на светоста. Ние не сакаме во свеченото Божјо дело да се вклучат млади луѓе кои го исповедаат Христа но немаат морална храброст да ја заземат својата положба со оние кои се трезвени и кои бдеат во молитва, чие жителство е на небото од каде го очекуваат својот Спасител. Ние не сакаме во Батл Крик да дојде младина која вели дека ја празнува саботата, но која при изборот на своето друштво го покажува својот низок морален степен. {5C 111.2}

Вратата на нашиот колеџ секогаш ќе биде отворена за оние кои не исповедаат вера; и младите кои доаѓаат во Батл Крик можат да одберат да се дружат со нив, ако така одберат. Ако, дружејќи се со нив, се раководат со исправни побуди и ако имаат доволно морални сили да се спротивстават на нивното влијание, можат да бидат сила на добро. Учејќи, тие можат да бидат и учители. Вистинскиот христијанин не се дружи со необратените заради нивниот нерелигиозен начин на живот, ниту за да пробуди восхитување и да добие одобрување, туку за да ја шири светлината и знаењето и за да ги доведе до повисок и поблагороден степен - да ги издигне до височината на вечната вистина. {5C 112.1}

Личноста со чисти побуди, која сака да се образува за да може правилно да ги користи своите способности, ќе биде сила на добро во училиштето. Таа ќе врши спасоносно влијание. Родителите што ги поддржуваат жалбите на своите деца против училишниот авторитет и дисциплина, не согледуваат дека со тоа само ја зголемуваат силата на неморалот која веќе постои во страшен обем. Секое влијание на кое е изложена младината треба да биде влијание на добро, бидејќи изопаченоста кај младите се зголемува.

Љубовта за друштво и за задоволства станала моќна страст кај светската младина. Ним им се чини дека најголема цел во животот е да се облекуваат и да одат во посети, да им попуштаат на своите страсти и апетити и да трчаат по деградирачките друштвени задоволства. Тие се несреќни кога се сами. Нивната најголема желба е другите да им се восхитуваат и да им ласкаат, да бидат сензација во друштвото и ако оваа желба не им се исполни, животот им се чини неподнослив. {5C 112.2}

Тие што сакаат да го земат Божјото оружје и секој ден да посветат извесно време на размислување, молитва и проучување на Светото Писмо ќе стапат во врска со небото и ќе шират спасоносно и благотворно влијание околу себе. Тие ќе имаат возвишени мисли, благородни цели, јасно сознание за вистината и своите должности кон Бога. Тие

ќе копнеат за чистота, светлина, љубов, за сите благодети од небесно потекло. Нивните сесрдни молитви ќе допрат зад завесата. Тие ќе имаат посветена храброст да му се приближат на Бесконечниот. Ќе чувствуваат дека небесната светлина и слава се со нив и ќе станат возвишени и благородни преку тесната врска со Бога. Ова е предноста на вистинските христијани. {5С 112.3}

Самото размислување не е доволно; ниту зафатената активност е доволна самата: и двете се потребни за образување на христијанскиот карактер. Силата стекната во сесрдната тајна молитва нѐ оспособува да им се спротивставиме на привлечностите на општеството. Сепак, не треба да се изолираме од светот, бидејќи нашето христијанско искуство треба да биде светлина на светот. Друштвото на неверници нема да ни наштети, ако се дружиме со нив со цел да ги доведеме кај Бога и ако сме доволно духовно силни да се спротивставиме на нивното влијание. {5С 112.4}

Христос дошол на светот за да го спаси, да го поврзе паднатиот човек со бесконечниот Бог. Христовите следбеници треба да бидат канали на светлина. Одржувајќи врска со Бога, тие треба благословите што ги примаат од небото да ги пренесуваат на оние што се во темнина и заблуда. Енох не се осквернувал со расипаноста која постоела во неговите денови, зашто тогаш да се оскверниме ние во нашите? Но ние можеме, како нашиот Учител да имаме сочувство кон човештвото што страда, сочувство кон несреќните и великодушен обѕир кон чувствата и неопходните потреби на сиромашните, на оние кои се во неволја и на очајните. {5С 113.1}

Тие што навистина се христијани ќе се трудат да им помогнат на другите, а во исто време ќе се трудат со своите зборови и однесување да негуваат смирен и посветен душевен мир. Божјата реч бара да бидеме како нашиот Спасител, да го носиме Неговиот лик, да го следиме Неговиот пример, да го живееме Неговиот живот. Себичноста и световноста не се плодови на христијанското дрво. Никој не може да живее само за себе и да го поседува Божјото одобрување. {5С 113.2}

5. септември, 1879.

---

10. ОПОМЕНИ И УКОРИ

Во црквата во _____ има една појава која е опасна за нејзиното духовно добро. Во неа постои голем недостиг на побожност и практична вера. Јас не наведувам имиња. Секој нека го испита своето срце и нека ги согледа своите недостатоци. Има некои кои постојано навалуваат кон светот и постојано го спуштаат знамето на верата со своето световно однесување. Тие ја немаат Божјата љубов во срцата. Тие се слаби тогаш кога е потребна вистинска помош во црквата. Оваа духовна слабост е последица на нивната неподготвеност да носат бремиња, таму и тогаш кога можат најмногу да помогнат. Меѓутоа, кога треба да остварат некоја нивна намера и идеја, тогаш се волни да примат било каква одговорност; нивна намера е да одат по својот пат. Кога тој пат би бил свет пат, не би било толку лошо, но не е. {5С 114.1}

Постои голема потреба за ревни, несебични работници во Божјото дело. Еден посветен верник кој го љуби Христа ќе направи повеќе добро во црквата од сто полуобратени, непосветени и самодоволни работници. Црквата не може да биде жива и активна ако сите нејзини членови не се волни да носат товари и да примат

одговорности врз себе. Во црковната заедница доаѓаат во допир различни темпераменти и склоности. Во црквата во _____ има малкумина посветени, богобојазни и верни души, кои се молат многу, ги носат товарите на црквата и чија среќа се состои во просперитетот на другите нејзини членови. Како и секаде, така и овде сатаната работи на тоа да ги унижи и изопачи луѓето. Задачата на непријателот на душите се состои во тоа да ја ослаби и уништи секоја организација која со својот напредок би го прославила Бога. {5C 114.2}

Младите луѓе ја примија вистината и одредено време живееја примерно. Но сатаната околу нив ја сплете својата мрежа на немудри приврзаности и сиромашни бракови. Тој согледал дека на тој начин најлесно ќе ги заведе од патот на светоста. Некои од овие млади луѓе одредено време достоинствено и добро го носеа оклопот на евангелието. Сè додека срцето и умот беа покорни на божествената волја, имаше и напредок; но кога очите се одвоија од Исуса и се насочија кон недостојни цели, завладеа себичност; телесниот ум го надвладеа здравото расудување при што младите почнаа да сметаат дека христијанскиот оклоп е премногу тежок за носење. Тој е добар за старите, искусни војници на евангелието, но е премногу тежок за младите. Искушувачот понуди многу сугестии кои беа предвидени да предизвикаат недоследност и колебање во христијанскиот живот. {5C 114.3}

Водачот на нивното спасение советувал: „Бидете будни и молете се, за да не паднете во искушение;" (Матеј 26:41) но било премногу напорно верно да се бдее над душата, така што сатанското лукавство и измамливото срце ги одвратиле луѓето од Христа. Ако тие млади мажи и жени ги послушаа зборовите на апостолот: „Не припаѓате само на себе, зашто скапо сте платени," (1. Коринтјаните 6:20) не би требало да се чувствуваат слободни да го задржуваат од Бога она што Тој го откупил со бескрајна цена. {5C 115.1}

Помеѓу стотина млади нема ниту еден кој ја чувствува својата одговорност кон Бога. Секоја телесна и умна способност треба грижливо да се негува и да се искористи на најдобар начин за Божја слава. Младината која дозволува нејзините способности да се изопачат и со тоа да ги злоупотребат Божјите дарови ќе биде повикана на стриктна одговорност за доброто, што можела да го направи ако се користела со провизиите кои биле обезбедени преку Исуса Христа. Бог полага право на функционирањето на секоја способност. {5C 115.2}

Има млади луѓе во црквата во _____ кои би требало да ја негуваат благодатта на христијанска цврстина и да се развиваат во луѓе од вера. Тие треба да станат цврсти, непоколебливи и длабоко вкоренети и втемелени во вистината. На црквата ѝ е потребна токму таа помош што тие можат да ја дадат бидејќи тоа е Божја волја. Тие што го исповедаат Неговото име, не Му ги посветиле целосно сите свои сили, туку еден дел ставиле во служба на сатаната. Тие го крадеа Бога и сè уште го крадат. Како неверниот слуга, на кого му биле доверени таланти, тие ги сокриле Божјите дарови во светот. {5C 115.3}

Една друга голема неволја во црквата во _____ беа луѓето кои дојдоа во неа. Тие луѓе треба да се претопат под дејство на Божјиот Дух. Троскотот се здогледува во острите црти на карактерот кои би можеле да се искоренат доколку тие луѓе станеа Христови ученици. Но тие не се одвоија целосно од духот и влијанието на светот. Тие го крадат Бога со тоа што одвојуваат еден дел од своето време, своите способности и своите сили и ги подаруваат на светот. Не може тие сили да се крадат од Бога, а заради

тоа да не дојде до вечна пропаст. Вие сте купени скапо дури и ако пропаднете затоа што не сте сакале да се спасите на начинот кој го одредил Бог. {5C 116.1}

Светите ангели гледаат со најголемо внимание за да видат дали поедини членови на црквата ќе му оддадат чест на својот Откупител, за да видат дали тие ќе се поврзат со небото и дали ќе престанат да го мамат Господа кого велат дека го љубат, почитуваат и Му служат. Бог го бара тоа што е Негово. Вие сте Негови преку создавањето, а двојно сте Негови преку откупувањето. Ако дозволувате пламенот на ниските страсти да ги заслепува вашите очи, ако зборувате зборови кои ги истеруваат светите ангели од вас, ако мислите зло за вашите браќа, ако ги валкате своите раце со нечесна добивка, вие со тоа дозволувате да станете орудија на неправедноста. {5C 116.2}

Брате _____, видов дека покрај твоето име во небесната книга беше запишано „лесен", дека ти недостасува трпение, зауздување, владеење со себеси, понизност и благост. Недостатокот на тие небесни доблести сигурно ќе ти ја затвори небесната врата. Бог го бара како свое: твоето тело, душата, целото твое битие со сите негови способности. Мораш да ја победиш твојата избувлива и незауздана природа. Ако и понатаму се жалиш и негодуваш, ќе се разболиш духовно. А таа болест ќе биде последица на твоите недостатоци. Престани да се лутиш, да бидеш тврдоглав, и зловолен сам на себе и биди благороден, добар Божји човек. Исус те сака. Зар Тој не се погрижи за тебе, така што ќе имаш помош кога се најдеш во неволја? „Што уште требаше да направам за Моето лозје и не го направив? Зошто, кога очекував принос од добро грозје, тоа даде диво грозје?", прашува Тој. Плодовите што Христос ги бара од Својата црква, по сето внимание што ѝ го укажал се верата, трпението, љубовта, долготрпеливоста, небесната благост и кротост. Овие плодови зреат во луња, облаци и темнина исто толку добро како и на сонце. {5C 116.3}

Братот _____ се соедини со црквата, но не и со Господа. Неговата вера е слаба. Тој не е прав пред Бога; опседнат е само со себе. Загуби многу со тоа што се дружеше со лица кои немаат Христов дух. Нему му недостасува скоро секоја доблест. Не си користи себеси и претставува голем камен за сопнување за црквата. Драги брате, сатаната презел голема власт над тебе, твоите мисли се непосветени и твоите дела не се во согласност со духот на вистинскиот христијанин. Самиот си виновен за својата болест; затоа мораш самиот да се заземеш за твоето оздравување со помош на божествениот Лекар. Твоите морални сили се слаби затоа што им недостасува храна. Ти умираш духовно за библиската вистина која е леб на животот. Секој ден треба да се храниш од вистинската Лоза. Црквата нема никаква корист од тебе и во твојата сегашна состојба, би било подобро да е без тебе. Бидејќи ако нешто ти го попречи патот и ако не оди сè според твојата волја, ти стануваш тврдоглав и претставуваш мртов товар за црквата. Ти не носиш никаков товар ниту бреме за Божјото дело. Бог долго те трпеше, но Неговото трпение има граница, која ако ја поминеш, Неговиот Дух повеќе нема да се бори со тебе, туку ќе те препушти на твојата изопаченост, извалкана со себичност и унижена со гревот. {5C 117.1}

На Братот _____ му недостига вистински дух. Неговата диспозиција да води му наштетува, зошто тој не е подесен за таква работа. Тој би можел да ѝ користи на црквата, доколку неговото „јас" не е истакнато. Со повеќе понизност и кротост, неговите напори ќе бидат благослов за црквата наместо товар. {5C 118.1}

Брате и Сестро _____, покрај вашите имиња во небесната книга ги видов зборовите: „лесни". Треба да ја искорените вашата себичност и да го исчистите храмот на душата. Вие двајцата сте во состојба да правите добро, но не сте посветени. Ви

недостига едноставноста на побожноста. Кога црквата би се раководела според вашите религиозни мерила, таа би се изопачила и би станала непосветена и световна. Можевте да бидете голем благослов за црквата, но не бевте. Исус ве повикува да го напуштите духот на овој свет. Јас сум загрижена за тебе сестро, и за оние кои се доведени во контакт со твоето влијание. Ти достигаш низок стандард. „Бидејќи што човек ќе посее, тоа и ќе жнее". Ти сееш семе со твоите зборови и постапки. Сееш или за телото или за Духот. На денот на конечната сметка, секој ќе мора да земе срп и да го пожнее тоа што го посеал со својата рака. {5C 118.2}

Твојот маж не го сфатил своето дело. Тој може да придонесе за Божја слава, ако во срцето стане понизен како мало дете, ако има помало мислење за себе, а повеќе мисли за тоа колку му е потребна Божјата помош. Таков каков што е, тој не ги сфаќа потребите на делото. Во животот и карактерот на мнозина многу се истакнува нивното „јас", а толку малку Исус, што Бог не сака да прими ништо од нивните раце. Но малкумина луѓе ја сфаќаат сериозноста на времето во кое живееме - време на подготовка за Божјиот ден. Кога и двајцата би биле обратени и своите способности ги посветите за изградба на црквата, а не за нејзино ослабнување, и кога не би му помагале на непријателот во неговите напори да ги одведува членовите во светот, секој ден ќе стекнувате драгоцени искуства. Братот _____ беше голема пречка за црквата. Ако не живее според верата што ја исповеда, не треба да биде член на црквата. Бог не го признава како Свое дете. Тој денес стои под црното знаме на силата на темнината. Сатаната целосно завладеал со него. {5C 118.3}

Таквите силни, обесхрабрувачки влијанија беа скоро премногу силни за црквата да може да им се спротивстави. Десет членови кои чекорат со понизни срца би имале поголема сила во светот отколку целата денешна црква со нејзините денешни членови и нејзината неслога. Колку повеќе во црквата има поделеност и неслога, толку помала сила ќе има таа да прави добро во светот. {5C 119.1}

О кога би можела да ја направам јасна за вашите замаглени чувства, мои браќа, големата опасност во која се наоѓате. Секое дело, добро или лошо, подготвува пат за негово повторување. Каков бил случајот на Фараонот? Светото Писмо кажува дека Бог го затврднал Неговото срце и при секое повторување на светлината со изразување на Божјата моќ се повторувала истата состојба. Секогаш кога ќе одбиел да ѝ се покори на Божјата волја, неговото срце станувало потврдо и помалку подложно на влијанието на Божјиот Дух. Сеел семе на упорност (своеглавост) и Бог дозволил таа да дозрее. Тој можел да го спречи тоа со чудо, но тоа не било Негова намера. Тој допуштил да зрее и да донесе жетва, потврдувајќи ја вистинитоста на библискиот стих: "Што човек ќе посее, тоа и ќе жнее". Кој сее сомнеж, сомнеж и ќе жнее. Одбивајќи го првиот зрак на светлината и секој зрак што следел, фараонот бил сè повеќе закоравен во срцето, сè додека студените, мртви тела на првородените не го запреле за еден момент неговото неверство и упорност. А тогаш, одлучувајќи да не му се покори на Бога, тој и понатаму продолжил со својата упорност, сè додека не го покриле водите на Црвеното Море. {5C 119.2}

Овој настан е запишан за наше добро. Тоа што се случило со фараоновото срце ќе се случи со секоја душа која не сака да ја прими светлината и да оди во нејзините зраци. Бог никого не го уништува. Грешникот се уништува самиот себе со својата непоправливост. Ако човекот еднаш не сака да им се покори на повиците, опомените и укорите на Светиот Дух, неговата совест станува закоравена и вториот пат ќе му биде уште потешко да се покори. И така со секое повторување станува сè потешко. Совеста е

Божјиот глас кој го слушаме среде судирот на човечките страсти. Спротивставувајќи ѝ се на истата, ние го жалостиме Божјиот Дух. {5C 120.1}

Сите мораме да знаеме на кој начин пропаѓа душата. Бог не праќа некоја порака дека човекот не треба да биде спасен. Тој не ги покрива очите со непросирна темнина. Човекот е тој што прв им се спротивставува на советите на Божјиот Дух. И кога еднаш ќе дојде до противење, вториот пат ќе биде уште полесно, третиот пат уше полесно и четвртиот пат сосема лесно. И тогаш доаѓа време да се жнее тоа што го посеале, неверството и непокорноста. О, каква жетва подготвуваат за српот грешните угодувања! {5C 120.2}

Ако денес ја занемариме тајната молитва и читањето на Светото Писмо, утре тоа ќе го направиме со помала грижа на совеста. Потоа ќе следи долг список на пропусти, сè заради едно семе посеано на почвата на срцето. Од друга страна, секој примен зрак на светлина ќе донесе жетва на светлина. Ако еднаш му се спротивставиме на искушението, тоа ќе ни даде сила вториот пат уште поуспешно да се спротивставиме. Секоја победа над самите себе ќе го израмни патот за поголема и поблагородна победа. Секоја победа е семе посеано за вечен живот. {5C 120.3}

Во нашите цркви низ целата земја постои голема потреба за ревни, верни и самопожртвувани работници. Никој не може да работи во саботната школа или во движењето за умереност без да жнее богата жетва, и тоа не само на свршетокот на светот, туку и во сегашниот живот. Во напорите да им помогнат на другите и да ги просветлат и нивниот сопствен видик ќе станува појасен и поширок. Колку повеќе настојуваме да им ја објасниме вистината на другите со љубов за душите, толку таа ќе ни бида појасна на нас самите. Тој што ја објаснува во неа постојано наоѓа нова убавина и сила. {5C 120.4}

Во вашата црква има некои добри работници. Овие пожртвувани луѓе никогаш нема да дознаат колку добра направиле со својата истрајна работа на мисионското поле. Но Господ полага право на повеќе мажи и жени во црквата од оние што досега се предадоа на Неговите барања. Некои камења што го сочинуваат Божјиот свет храм отсјајуваат со светлината која свети од Исуса Христа, додека други не даваат никаква светлина, покажувајќи со тоа дека не се живи, избрани, драгоцени камења. Тие не се посветени, туку живеат без молитва, зборливи се и нерелигиозни. Вистинските христијани ќе се угледаат на примерот што го дал нашиот Спасител и ќе бидат кротки, понизни, трпеливи, благородни, лесно пристапни, подготвени да послушаат, слободни од возвишеноста и тврдоглавоста. {5C 121.1}

Опасности за младите

Природата на г-дин. _____ е таква што сатаната удира на неа со чудесен успех. Младите од овој пример треба да се поучат како да гледаат на бракот. При изборот на брачниот другар, неговата жена се поведе по своите чувства и нагони, а не по здравиот разум. Дали нивниот брак беше плод на вистинска љубов? Не, не. тој беше плод на побуди - слепи, непосветени страсти. Ниеден од нив не беше способен да прими брачни одговорности. Кога помина првиот период на нивниот брачен живот, и кога добро се запознаа еден со друг, дали нивната љубов стана посилна и подлабока, дали нивните животи се соединија во прекрасна хармонија? Се случи токму спротивното. Најлошите мани на нивните карактери почнаа да се засилуваат преку употреба, и наместо брачниот

живот да им донесе среќа, тој стануваше сè потежок и потежок, особено за жената. Бог во Својата милост ја испитуваше, ѝ го поштеди животот и ѝ го продолжи времето на милост за да се подготви за идниот живот. {5C 121.2}

Нејзиниот сопруг има многу дефектен карактер. Ако не се промени под дејство на Божјата благодат, нема да биде подготвен за брак ниту со една жена. Тој целосно е опседнат со себеси, толку многу предаден на навики на самоугодување и мрзливост, што треба да биде дисциплиниран, а не тој да ја дисциплинира неговата жена и деца. Неговиот ум е од понизок вид. Во него толку се развиле грубоста и другите мани на карактерот, што видов дека нема речиси ниту една добра особина. За него постои само една надеж, а таа е да се запознае самиот себеси, да се презре себеси и да се згрози на себеси, за да побара ново срце. Тој треба повторно да се роди и да стане нов човек во Христа. Треба да стане работлив. Тоа ќе му биде од голема корист. Неговото однесување е одвратно за Бога, бидејќи предизвикува искушенија. Неговата грубост, неговите закани, неговиот нескротлив и нељубезен дух ќе го направат проклетство за самиот себе и за другите. Тој кон мајката на својата жена се однесува грубо и неучтиво и нељубезно. Отсега животна задача и на жената и на мажот треба да им биде да избегнуваат сè што ќе доведе до раздор и брачниот завет да го сочуваат неизвалкан. {5C 122.1}

Ваквите непосветени бракови ги има сè повеќе и повеќе во редовите на оние кои ја празнуваат саботата. Бог сака Неговите деца да бидат среќни. И ако тие сакаат да се поучат од Него, Тој ќе ги спаси од секојдневните неволи кои доаѓаат како последица на несреќните врски. Многу бракови можат да доведат само до несреќа. Но младите одат по тој пат зошто сатаната ги води таму каде што прави да веруваат дека мораат да стапат во брак за да бидат среќни, иако немаат способности да владеат со себеси и да издржуваат семејство. Тие, што не се волни да се прилагодат на склоностите на другиот, за да ги избегнат непријатните разлики и судири не би требало да го преземаат овој чекор. Но ова е една од најпривлечните стапици на последните денови, која упропастува Илјадници и за овој и за идниот живот. Од фантазиите и љубовно болниот сентиментализам треба да се чуваат како од лепра. Мнозина млади мажи и жени во денешнината немаат доблести; затоа треба да се биде мошне внимателен. Моралниот карактер е темел на кој треба да се зида; но ако темелот го нема, зданието е безвредно. Тие што го сочувале доблесниот карактер ќе имаат вистинска морална вредност и ако може да им недостасуваат некои други пожелни особини. {5C 122.2}

За црквата да успева, нејзините членови мора да се трудат да ја негуваат и развиваат драгоцената билка на љубовта. Укажувајте ѝ секаква предност за таа да цвета во срцето. Секој христијанин во својот живот треба да ги покаже особините на божествената љубов, да покажува дух на трпение, благост и слобода од завист и љубомора. Луѓето кои имаат ваков карактер нема да ги одбиваат другите, нема да бидат непристапни, студени и нечувствителни кон потребите на другите. Личноста, која во себе ја негува оваа драгоцена билка на љубовта, ќе биде со самопожртвуван дух и нема да загуби власт над себе дури и ако биде предизвикана. Таа нема на другите да им припишува зли побуди и намери, туку длабоко ќе жали за гревот доколку тој се открие во било кој ученик на Христа. {5C 123.1}

Љубовта не се издига себеси. Таа е понизна; таа никогаш не го поттикнува човекот да се фали и да се воздига себеси. Љубовта кон Бога и кон ближните нема да се открива во непромислени постапки, ниту ќе нè учи да бидеме арогантни, да наоѓаме мани или да бидеме диктатори. Љубовта не се превознесува. Срцето во кое владее љубовта ќе стане благо, учтиво и сочувствително кон постапките на другите, без разлика дали тие

ни се пријатни или не, дали нѐ почитуваат или се лоши кон нас. Љубовта е делотворно начело; таа доброто на другите постојано го држи пред нас, така зауздувајќи нѐ да не бидеме невнимателни при нашите постапувања, за да не претрпиме неуспех во својата намера да приведуваме души кон Христа. Љубовта не ја бара својата награда. Таа не ги тера луѓето да гледаат само за свое добро и да си попуштаат себеси. Почитта која честопати му ја укажуваме на своето "јас" го спречува растењето на љубовта во нас. {5C 123.2}

Има сиромашни и скромни луѓе чиј живот Бог ќе го прими и ќе ги искористи во полна мера на земјата и кои ќе придонесат за Неговата слава на небото, но сатаната истрајно работи на тоа да ги осуети Неговите намери и да ги упропасти со стапување во брак со личности чиј карактер прави да претставуваат препрека на патот на животот. Мошне малку се оние кои излегуваат како победници од овие заплетки. Брате _____, ти би сакал да направиш една проба и да покажеш дека твојот случај ќе биде исклучок од општото правило. Јосиф бил еден од малкуминатa што можеле да му се спротивстават на искушението. Тој покажал дека најголема цел му само е да го слави Бога. Покажал големо почитување кон Божјата волја и кога бил во мрачна ќелија исто како кога бил втор на престолот. Каде и да одел, верата била со него. Вистинската вера е сила што победува сѐ. Таа дава смисла на сѐ што ќе преземе човекот. Ти не мораш да излезеш од светот за да бидеш христијанин, но ќе мораш да дадеш докази за својата вера и за нејзиното посветувачко влијание во сѐ што зборуваш и правиш. Ако срцето ти е исполнето со небесни работи и ако со тоа ја уништи магичната моќ која сега владее со тебе, ќе успееш добро да ги исполниш должностите на местото на кое Бог те поставил. Ако ја следеше светлината, сега ќе беше во состојба да се избавиш од стапиците во кои оние што не ја познаваат Божјата волја ја фатија твојата душа. {5C 124.1}

Друга восхитувачка црта на Јосифовиот карактер, на кој треба да се угледаат сите млади луѓе е неговата голема синовска почит. Кога повторно го видел својот татко, го прегрнал предано, со љубов и со солзи во очите. Изгледа мислел дека не направил доволно за неговата удобност, така што со мајчина љубов бдеел над него во неговите последни години. Ништо не го спречувало во секоја прилика да му го укаже своето почитување и својата љубов. Јосиф е пример за тоа какви би требало да бидат младите. Во љубовта која би ѝ ја укажала на својата мајка би изразиле една убава црта на карактерот која Бог ја одобрува. {5C 124.2}

Недостатокот кон почитување на советите на побожните родители претставува еден од впечатливите гревови на ова изопачено време. Во нашата земја има многу животи кои станале мрачни и бедни заради еден чекор во темнина. Многу млади луѓе со едно дело на непослушност го уништиле целиот свој живот и ја јадосале мајката. Бог ќе те повика на одговорност ако и ти тргнеш по тој пат. Презирајќи го советот на својата богобојазна мајка, која е подготвена да го даде својот живот за своите деца, ти ја прекрши петтата заповед. Ти не знаеш каде те водат твоите чекори. {5C 125.1}

Јас уште еднаш се застапувам за барањата на мајката, за мајчинската љубов. Гревот на непокорност кон христијанската мајка покажува најниска неблагодарност. Таа бдеела над тебе во деновите на твојата немоќ во детството; кога те негуваше со љубов, небото беше сведок на нејзините молитви и нејзините солзи. Таа напорно работеше за своите деца и планираше, мислеше на нив, се молеше и се жртвуваше за нив. Целиот твој живот, нејзиното добро срце, беше загрижено за твојата среќа. А сега, ти повеќе сакаш да одиш по сопствениот пат, се поведуваш по својата упорна и слепа волја, без

оглед на горката жетва што ќе ја пожнееш и на тагата и болката која ѝ ја нанесуваш на својата мајка. {5C 125.2}

Твојата мајка почна да се разболува. Ти си ѝ потребен, и на неа ќе ѝ биде драгоцено секое внимание кое ќе ѝ го укажеш. Таа не може да се потпре на ниту од нејзините други деца. Тие не чувствуваат никакви обврски кон неа. И ти можеш наскоро да ја загубиш предноста што ја имаш денес. Но немој да мислиш дека твојата мајка мора да страда, ако ти ги занемариш должностите како син. Таа има искрени пријатели кои ќе се чувствуваат среќни да ја исполнат кон неа должноста од која ти се повлекуваш. Бог ја сака твојата мајка и ќе се грижи за неа. Ако нејзините сопствени деца ја остават, Тој ќе поттикне други да го направат она што тие морале да го направат и да ги примат благословите што ним им беа понудени. Нивна предност е што можат нејзините последни денови да ги направат најдобри и најсреќни. {5C 125.3}

Јас отворено ти велам дека Бог е незадоволен со твојот живот. Тебе те очекуваат неволи кои не ги сфаќаш и кои би ги избегнал да го послушаше мудриот совет. Нашиот Спасител те направи предмет на Своите неуморни напори и нежна грижа за да станеш мудар и да не се уништиш себеси. Тој копнее над тебе со безгранично сочувство и љубов, извикнувајќи: "Колкупати сакав да ги соберам чедата твои, како квачката што ги собира пилињата, а вие не сакавте!" (Матеј 23:37). Твоето лудо срце го одби советот на твоите најдобри пријатели. {5C 126.1}

Бидејќи луѓето те опоменуваа срдечно и верно да внимаваш да не ја направиш грешката која ќе биде судбоносна за целиот твој живот, ти вообрази дека си и неопходен на црквата. Вистина, можеш да бидеш корисен во Исуса Христа, но и покрај тоа Господ и црквата можат без тебе. Можеш да ѝ се придружиш на војската на Христовите следбеници доколку сакаш, можеш да учествуваш во нејзините судири и победи. Но и да не постапиш така, самоодрекувачката војска која стои под знамето на крстот испрскано со крв, ќе оди кон сигурна победа и ќе те остави зад себе. Ако одлучиш сам да го управуваш својот несигурен брод низ бурата на животот, ќе одговараш за својата дрскост и ќе бидеш одговорен за последиците. {5C 126.2}

Кога би сфатил до која мера стана слаб во начелата, кога би сфатил во каква опасност се наоѓа твојата чест и твојата почит, би видел дека Бог не е со тебе и дека не би требало да бидеш на одговорната позиција на кога се наоѓаш; не си достоен за тоа. Моето срце е тажно кога ќе помислам каков можеше да бидеш доколку во потполност се предадеше на Бога и доколку ја увидеше власта која непријателот ја има над тебе. {5C 126.3}

Работата на саботната школа е важна и сите што ја сакаат и се грижат за вистината треба да се трудат колку е можно повеќе да ја унапредат. Братот _____ би можел добро да послужи во таа гранка на делото, доколку тој и другите во црквата тргнеа во вистинскиот пат. Но тој беше многу воздигнуван и фален. Тоа речиси го упропасти. Господ може и без него, но тој не може да си дозволи да биде без Бога. Господ ќе го довери Своето дело на луѓе кои се со чисти раце и чисто срце; затоа голема е честа да се носат одговорности во Неговото дело. {5C 127.1}

Делото на умереноста исто така е вредно за нашите најголеми напори. Но треба многу да се внимава тие состаноци за умереност да бидат колку што е можно повеќе воздигнувачки и облагородувачки за посетителите. Избегнувај површна работа и сè што има театарски карактер. Оние што го сфаќаат светиот карактер на оваа работа ќе го држат знамето високо. Но има луѓе кои всушност не го почитуваат делото на умереност и кои единствено за грижат за тоа да ја покажат својата умност на бината. Чистите и

мисловни луѓе, кои ја сфаќаат целта на оваа работа, треба да се поттикнуваат да работат во овие големи гранки на реформата. Тие не мораат да бидат интелектуалци, но ако се чисти и понизни, богобојазни и искрени, тогаш Господ ќе ја прифати нивната работа. {5C 127.2}

Честопати беа организирани книжевни друштва, но во девет од десет случаи тие им донесоа повеќе штета на душите отколку благослов. Причината за тоа е затоа што се склопуваа сојузи со светот или со луѓе чие влијание и тенденција секогаш води од солидното кон површното, од реалноста кон фантазирањето. Книжевните друштва би биле од голема корист кога со нив би управувало верското влијание. Инаку порано или подоцна ќе превладее нерелигиозноста која најпосле ќе стекне целосна власт. Исто е и со нашите друштва за умереност. Површната работа ја помрачи свечената задача и младите кои сакаме да ги спасиме се изложени на постојано искушение. {5C 127.3}

Пред нас се факти. Луѓето што го носеа товарот заминуваат во гроб. Членовите во црквата кои работат на делото, вистинските работници во сите реформи ја пречекориле пладнината на својот живот и ги губат своите физички и умни сили. Треба загрижено да размислуваме за тоа кој треба да ги замени на нивното место. На кого ќе се доверат животните интереси на црквата? Ова прашање треба да го разгледаме со најголема грижа. Кој ќе ја носи одговорноста во црквата кога оние неколку луѓе кои го носеа знамето ќе заминат? Би морале да се загрижиме кога ќе ја видиме денешната младина која треба да ги понесе овие товари и да ги прифати одговорностите. Таа мора да ја продолжи работата таму каде што застанале другите и од неа ќе зависи дали ќе победи моралот, верата и вистинската побожност, или ќе завладее неморал и неверство и ќе уништи сè што е вредно. Начинот на кој се носи знамето (стандардите) сега ќе ја одлучи иднината. {5C 128.1}

Родители, сакате ли со своите постапки да покажете дека здравото ограничување, добриот ред, хармонијата и мирот треба да бидат раководни начела? Или пак оние чиишто начин на живот покажува дека се лекомислени и дека немаат голема морална вредност треба да имаат обликувачко, управувачко влијание? Бог го повикува Својот верен народ да се поврзе со Него, да ја очисти својата душа одејќи понизно по стапките на Исуса. Бог ве повикува да ја отфрлите гордоста на мислењето, гордоста во облекувањето и да се потрудите со употреба да ги засилите добрите и благородните способности на умот. {5C 128.2}

Ќе сакаат ли мажите и жените, кои ја исповедаат најсветата вистина која некогаш им е дадена на смртниците, да им бидат верни на начелата? Ако сакаат со својата работа да го наведат светот на сериозно размислување, мораат да им бидат предани. Нивниот начин на облекување и нивните зборови мораат строго да одговараат на нивната посебна вера. Постарите со поука и со пример мора да ги воспитуваат младите како да ги исполнуваат должностите што му ги должат на општеството и на својот Создател. На младите мора да се положат големи одговорности. Прашање е дали тие се во состојба да владеат со себе и да стојат во чистотата на достоинството што Бог им го дал, оттргнувајќи се од сè што би личело на разврат и неслога. {5C 128.3}

Што да кажам за да влијаам на младите? Никогаш не станувало збор за толку многу, никогаш не биле поголеми одговорностите кои почивале на некое поколение како оние на луѓето што сега стапуваат на сцена. Тие ниту за еден момент не смеат да помислат дека можат да ги извршуваат овие одговорности ако немаат добар карактер. Надевањето на такво нешто е исто како да се надеваш на грозје од трња и на смокви од чички. Добриот карактер мора да се гради камен по камен и тој се развива секојдневно

во сразмер со вложените напори. Со предано развивање на своите способности, со користење на пружените прилики и секоја предност која им го дава провидението, поврзувајќи се со изворот на сето знаење тие мораат да ги стекнат оние доблести кои ќе ги понесат со себе на небото. Немојте да копнеете за она што е ниско. Не дозволувајте вашиот дух да се поведува по недостојни примери. Карактерот на Јосиф и на Даниел треба за вас да бидат примери, но само Христос е совршен пример. {5C 129.1}

Некои браќа и сестри во црквата во _____ остварија добро мисионерско дело, но нивниот интерес не смее да попушти. Неколкумина работеа повеќе отколку што можеа, но нивно јадење и пиење беше да го прават тоа. Сите можат да учествуваат во ова дело и никој не е оправдан. Исус би сакал сите оние кои го признаваат Неговото име да станат ревни работници. Неопходно е секој член да сида на карпата на Исуса Христа. Се подготвува бура која ќе ги заниша и испита темелите на секој човек до крајност. Затоа избегнувајте го непостојаниот песок и трудете се да сидате на карпата. Копајте длабоко; поставете сигурни темели. Сидајте, о, сидајте за вечноста. Сидајте со солзи и со сесрдни молитви. Отсега секој од вас нека го украси својот живот со добри дела. Во нашите денови најпотребни се луѓе како Халев. Тоа што ќе ги направи нашите цркви силни и успешни во нивните напори не е метеж, туку тивката и скромна работа; не парадирање и фалење, туку трпеливи и истрајни напори со молитва. {5C 129.2}

"Кој не е со Мене, тој е против Мене" рекол Христос. Денес ќе опстојат само сесрдните и целосно решителни мажи и жени. Христос постојано ги решетал Своите следбеници, така што едно време биле само единаесет и неколку верни жени и тие ги положиле темелите на христијанската црква. Има луѓе кои се повлекуваат кога треба да се понесе товар, но лесно се воодушевуваат кога црквата напредува и почнуваат да пеат и да воскликнуваат и да привлекуваат внимание на себе. Но внимавајте на нив. Кога воодушевувањето ќе опадне, само неколкумина од нив ќе истапат како верниот Халев и ќе покажат непоколебливост на своите начела. Таквите луѓе се сол, кои не ја губат својата вредност. Дури во времето на неволја во црквата се појавуваат вистинските помошници. Тие не зборуваат за себе, оправдувајќи се себеси, туку својата личност ја губат во Исуса Христа. Да се биде голем во Божјото царство значи да се биде малечко дете со понизност, едноставност на верата и чиста љубов. Сета гордост мора да исчезне и зависта мора да биде победена, сите амбиции за првенство мораат да бидат напуштени, за да се развие довербата и детската вера. На сите такви Исус ќе им биде карпа за одбрана и утврден град. Во него тие можат да имаат безрезервна доверба и Тој никогаш нема да ги разочара. {5C 130.1}

О, кога сите што веруваат во сегашната вистина би биле предупредени да го бараат Господа. Помислата на бескрајната Божја милост и на Неговата неспоредлива љубов треба да влијае на сите да се угледаат на Неговиот пример. Но тоа не е случај. Некои од нашите сестри премногу мислат на облеката и раскошот и не се облекуваат во согласност со нашата вера. Ова се однесува и на сестрата _____. На светот треба да му се даде подобар пример од оној што го даде оваа сестра. Таа треба да ја сфати својата одговорност пред Бога и со цело срце да застане на Христова страна и да ги направи помалку светски оние со коишто се дружи. Таа и сестрата _____ би биле од многу поголема корист за црквата кога би прифатиле едноставност во облекувањето и тоа би го препорачале на другите. Овие сестри, бидејќи се шивачки, ги разгледуваат модните списанија и честопати ги наведуваат другите сестри да го имитираат светот во поглед на кроењето и украсувањето на своите облеки и со тоа на себе му причинуваат незадоволство на Бога. Напорите на овие сестри да прават добро би му биле многу

помили на Бога кога во нивниот живот би имало помалку украсување, помалку безначајни разговори и посети, помалку жалење и негодување против проповедниците кои работат за нив, а повеќе молење и читање на Библијата. {5C 130.2}

На Господа не му е мил начинот на кој многумина се однесуваат кон нивните браќа проповедници. Тој ви наредува да престанете со своите сурови говори и вашите замерки, негодувања и критики да ги замените со зборови на охрабрување. Христос ви зборува во лицето на Своите светии, а вие го отфрлате Неговиот совет и го презирате Неговиот укор. Немојте да правите така повеќе. Проповедникот _____ треба да изврши едно дело, не само на Исток, туку и во други места. Ако се сокрие во Исуса, Бог ќе биде со него и ќе му даде да успее. Тој не е непогрешлив; и тој може понекогаш да дојде до погрешни заклучоци. Но вие внимавајте што зборувате, за да не останат без дејство зборовите кои Бог му заповедал да ги изговара. {5C 131.1}

Кога ќе дознае што е Божја волја, тој нема да се колеба да ја изврши, дури и ако тоа го чини неговиот живот. Додека мнозина од вас мислат само на тоа како да си угодат себеси и својот живот да го направат поубав, тој целиот свој живот и интереси ги посветил на Божјото дело. Мислејќи и планирајќи за делото, тој некогаш покажал лукавство и острина, така што некои стекнаа погрешен впечаток за него. Тој не одеше по тој пат од корист туку заради делото што го сакаше. Господ сака верно да ги држите рацете на Неговите испробани слуги, но иста така и да не им верувате премногу на оние кои неодамна им пристапиле на верата и чијшто поранешен живот и работа не ги познавате. {5C 131.2}

Вашата црква може да биде напредна и среќна. Секој од вас нека го испита своето срце, нека го исчисти осквернатиот храм на душата и нека бдее во молитва. Одлучете да го барате Исуса сè додека не го најдете; не попуштајте во тоа сè додека Неговата љубов не најде место во вашите срца, и додека Неговиот Дух не го потчини вашиот живот и преобрази вашиот карактер. Тогаш верувајте и храбро приближете се кон Неговиот престол, знаејќи дека Тој ќе ги услиши вашите молитви. {5C 132.1}

_____

11. РАБОТНИЦИ ЗА ГОСПОДА

Нам, работниците на големото поле за жетва, ни преостанува уште малку време за работа. Сега ни се пружа најповолната прилика која некогаш ќе ја имаме и затоа мораме да се трудиме да го искористиме секој момент. Нашиот Откупител бил толку предан на Својата задача на спасување на душите што дури копнеел за Своето крштавање со крв. Апостолите се угледале на ревноста на својот Учител и цврсто, истрајно и ревно работеле на извршување на својата задача, борејќи се против началствата, против властите, против поднебесните духови на злобата. {5C 132.2}

Ние живееме во време кога е потребна уште поголема ревност од онаа во деновите на апостолите. Но мнозина Христови проповедници чувствуваат неспокојство. Тие сакаат да го имитираат начинот на работа на модерното движење за пробудување, да направат нешто големо, да направат сензација, да се здобијат со глас на добри говорници и да им се укажува чест и почитување. Кога таквите луѓе би можеле да ги

избегнат опасностите, а да ја примат почеста која им се дава на хероите, тие би се посветиле на делото со неодолива енергија. Но да се живее и да се работи речиси непознат, да се страда и жртвува за Христа во анонимност, не примајќи никаква посебна слава од луѓето - тоа бара цврстина на начелата и решителност на волјата кои малкумина ги поседуваат. Кога таквите повеќе би настојувале да одат понизно пред Бога, да не гледаат на луѓе, туку да работат само заради Христа, ќе се постигне многу повеќе. {5C 132.3}

Браќа проповедници, барајте го Исуса со сета понизност и трпеливост. Не обидувајте се вниманието на народот да го свртите кон себе. Нека тие од вид го загубат орудието, додека вие го воздигнувате Христа. Зборувајте за Исуса и загубете се себеси во Него. Понекогаш се создава голема возбуда и забрзаност околу нашата религија, додека Голгота и крстот се забораваат. {5C 133.1}

Ние се наоѓаме во најголема опасност кога примаме пофалба еден од друг, кога почнуваме да се воздигаме едни со други. Најголема грижа на фарисеите била да стекнат пофалба од луѓето и Исус им рекол дека тоа е единствената награда која ќе ја добијат. Да се зафатиме за задачата која ни е дадена и да ја извршиме за Христа. Ако мораме да трпиме немаштија, тоа нека биде заради Него. Нашиот божествен Учител станал совршен преку страдањата. О, кога би можеле да видиме луѓе кои го прават она што Тој го правел! {5C 133.2}

Божјата реч е наше мерило. Секое дело на љубов, секој благ збор, секоја молитва за страдалниците и несреќните се изнесува пред вечниот престол и се запишува во небесниот неуништлив запис. Божествената реч донесува светлина и на најмрачниот ум и таа светлина прави и најобразованиот да ја чувствува својата недоволност и грешност. {5C 133.3}

Непријателот во денешно време на мошне евтин начин ги купува душите. "Бесплатно се продадовте" - вели Светото Писмо. Еден ја продава својата душа за одобрување од светот, друг за пари, трет за да ги задоволи своите ниски страсти, четврт за световни задоволства. Ваквите продажби се изведуваат секој ден. Сатаната го бара она што е купено со крвта на Христа и го купува евтино, иако била платена бескрајна цена за тоа да се откупи. {5C 133.4}

Ние имаме голем благослов и големи предности. Можеме да го стекнеме најдрагоценото небесно богатство. Проповедниците и народот имаат на ум дека вистината на евангелието упропастува доколку не спасува. Душата која од ден на ден одбива да го послуша повикот на милоста, наскоро без возбудување ќе може да ги слуша и најсесрдните повици. {5C 134.1}

Нам, како Божји работници, ни е потребна поголема побожност, а помалку самовоздигнување. Колку повеќе се издига "јас" толку послаба ќе биде верата во сведоштвата на Божјиот Дух. Луѓето кои најтесно се поврзани со Бога го познаваат Неговиот глас кога Тој им говори. Тие што се духовни го разбираат духовното. Тие ќе бидат благодарни што Господ им укажал на нивните грешки, додека тие што се потпираат само на себе сè помалку и помалку ќе го гледаат Бога во сведоштвата на Неговиот Дух. {5C 134.2}

Нашата работа мора да биде придружувана со голема понизност, молитва и постење. Не смееме да очекуваме само мир и радост. Ќе има и жалост; но ако сееме со солзи, ќе жнееме со радост. И срцата на самопожртвуваните понекогаш можат да бидат исполнети со мрак и очај, но тоа не е против нив. Тоа може да биде Божја волја, за да ги натера уште посесрдно да го бараат. {5C 134.3}

Нам сега ни се потребни луѓе како Халев; луѓе верни и искрени. Животот на мнозина денес е обележан со мрзливост. Тие ги тргаат рамењата од тркалото токму тогаш кога треба да истраат и да напнат со сите свои сили. На таквите проповедници им се упатени зборовите: "Стани ти, кој спиеш, воскресни од мртвите и Христос ќе те осветли". Во вашата работа премногу се истакнува вашето "јас", така што Христос е заборавен. Некои од вас се премногу галени и воздигнувани. Како во деновите на Ное, се претерува во јадење и пиење, садење и градење. Светот ја земал силата на Христовите слуги. Браќа, ако сакате неверниците да ја почитуваат вашата вера, почитувајте ја вие самите со вашите дела. Преку тесна врска со Бога и строго придржување на библиската вистина во лице на тешкотиите и световниот притисок, вие може да го влеете во срцата на вашите деца духот на вистината така што и тие ќе работат ефективно заедно со вас како орудија во Божјите раце за добро. {5C 134.4}

Мнозина станаа неспособни за умна и за физичка работа заради прекумерно јадење и попуштање на телесните страсти. На тој начин ги засилуваат сетилните склоности, додека духовната и моралната природа слабее. Како ќе изгледа записот на сегашниот живот на мнозина кога ќе застанат пред големиот бел престол? Тогаш ќе сфатат што сè би можеле да направат доколку не ги смалиле своите способности, што Бог им ги подарил. Тогаш ќе сфатат каква интелектуална големина би можеле да постигнат, доколку ги посветеле на Бога сите физички и умни сили со кои ги надарил. Во маките на грижата на совеста ќе посакаат повторно да го живеат својот живот. {5C 135.1}

Ги повикувам сите оние што треба да бидат носители на светлината - пример на стадото - да се одвојат од сето беззаконие. Искористете го ова малку добро време што ви преостанува. Дали доволно се потпирате на Бога, дали доволно се посветивте на Неговата служба, за вашата вера да не ве напушти и во часовите на најголеми прогонства? Само Божјата длабока љубов може да ја поддржи душата во искушенијата кои се веднаш пред нас. {5C 135.2}

Самодрекувањето и крстот се наш дел овде. Дали ќе ги примиме? Никој од нас не смее да се надева дека духот на самопожртвување и верност ќе се развие набрзина кога ќе наидат последните големи искушенија затоа што тогаш е потребен. Навистина не треба. Овој дух мора да се спои со нашето секојдневно искуство и ние мораме со поука и со пример да го засадуваме во душите на нашите деца. Мајките во Израел можат самите да не бидат војници, но можат да одгледаат војници кои ќе го препашат сето Божјо оружје и машки да се борат во Господовите битки. {5C 135.3}

На проповедниците и на народот им е потребна преобразувачката сила на благодатта пред да бидат во состојба да опстанат во денот Господов. Светот брзо се приближува на онаа состојба на беззаконие и човечка изопаченост кога ќе стане неопходно самиот Бог да се вмеша. И во тоа време тие што го исповедаат мораат да се одликуваат со верност кон Неговиот свет закон. Нивната молитва ќе биде како Давидовата: "Време е Господ да дејствува; го прекршија законот Твој". И преку своето однесување тие ќе велат: „Затоа ги љубам Твоите заповеди повеќе од злато и од скапоцени камења". Токму тоа презирање што се покажува кон Божјиот закон е доволна причина оние што ги почитуваат Неговите заповеди да истапат напред и да го покажат своето ценење и стравопочит кон Неговиот погазен закон. {5C 135.4}

„И бидејќи беззаконијата ќе се умножат, кај мнозина љубовта ќе олади" (Матеј 24:12). Дури и воздухот е осквернет со гревот. Божјиот народ наскоро ќе мора да помине низ тешки неволи и голем дел од оние што денес изгледаат вистински и верни ќе се покажат како безвреден метал. Наместо да станат посилни и поодлучни заради

противењата, заканите и малтретирањата, тие кукавички ќе преминат на страната на противникот. Ветувањето гласи: „Јас ќе ги прославам оние, кои Мене Ме прославуваат" (1. Самуилова 2:30). Зар треба помалку да сме приврзани кон Божјиот закон затоа што поголемиот дел од светот одлучил да го погази? {5C 136.1}

Божјите судови веќе ја погодуваат земјата, како што може да се види во бурите, поплавите, луњите и земјотресите, во опасностите на копно и на море. Големиот ЈАС СУМ им зборува на тие што настојуваат да го унижат Божјиот закон. Кој ќе биде во состојба да опстои кога Божјиот гнев ќе се излие на земјата? Сега е време Божјиот народ да се покаже верен на начелата. Кога Христовата вера ќе биде најмногу презрена, Неговиот закон најмногу омаловажуван, тогаш нашата верност треба да биде најголема, нашата храброст и цврстина непоколеблива. Да се стане во одбрана на вистината и праведноста кога мнозинството ќе нè напушти, борењето во Божјите битки кога ќе има малку борци - тоа ќе биде нашиот тест. Во ова време мораме да црпиме топлина од студенилото на другите, храброст од нивната кукавичност и преданост од нивното предавство. Народот ќе биде на страната на големиот водач на бунтот. {5C 136.2}

Испитот сигурно ќе дојде. Пред триесет и шест години ми беше покажано дека ќе дојде тоа што сега се случува - дека со законот за неделата народот ќе биде присилен да се покори на институцијата на папството, додека светиот ден на Јехова за одмор ќе се гази под нозе. {5C 137.1}

Водачот на нашето спасение ќе го засили Својот народ за борбата во која мора да учествува. Честопати се случуваше, кога сатаната ги собираше сите свои сили против Христовите следбеници, кога тие се наоѓаа лице во лице со смртта, сесрдните молитви да ја доведат Господовата војска на полето на битката и да ја свртат борбата во наша корист и да ги ослободат потиснатите. {5C 137.2}

Сега е време да оствариме блиска врска со Бога, за да бидеме заштитени кога жестокоста на Неговиот гнев ќе се излие на човечките синови. Ние се оддалечивме од старите меѓи. Да се вратиме. Ако Господ е Бог, служете Му; ако, пак, е Ваал, служете му нему. На која страна ќе застанете вие? {5C 137.3}

---

12. АГЕНТИ НА САТАНАТА

Сатаната ги користи мажите и жените за да наведуваат на грев и гревот да го направат привлечен. Тој предано ги обучува тие агенти да го маскираат гревот, за да може што поуспешно да ги уништува душите и да ја присвои од Христа Неговата слава. Сатаната е голем непријател на Бога и на човекот. Тој преку своите помошници се претвора во ангел на светлината. Тој во Светото Писмо е наречен уништувач, клеветник на браќата, измамник, мачител и убиец. Мнозина се наоѓаат во служба на сатаната. Но тој постигнува најмногу успеси ако може своето сатанско дело да го врши преку тие што го исповедаат Христа. И колку е поголемо нивното влијание, колку е повисока нивната положба, колку повеќе исповедаат знаење за Бога и за Неговата служба, со толку поголем успех тој ќе може да ги користи. Секој што наведува на грев е негов агент (слуга). {5C 137.4}

За време на еден црковен собор на Истокот еден петок без запознаена со еден човек, кој со неколку жени и деца се наоѓаше во еден шатор. Таа ноќ не можев да спијам бидејќи имав голем товар на душата. Додека се молев на Бога таа ноќ, пред очи ми

излезе живо видение кое ми беше дадено пред многу години, кога беше укорена постапката на Натан Фулер. Тогаш ми беа покажани тројца луѓе, кои ќе ги сретнам и кои ќе одат по истиот пат на беззаконие под маска на побожност. Овој човек беше еден од тие тројца. Додека на утринскиот состанок го изнесував своето сведоштво, Божјиот Дух слезе на мене, но не ги споменував случаите на поединците. Подоцна во текот на денот почувствував што ми е должност, и го изнесов сведоштвото споменувајќи го и него, бидејќи неговиот случај беше највпечатлив. Тој човек во животот го работел токму спротивното на она што го рекол апостолот, "воздржувајте се од секаков изглед на зло". Тој ја кршеше седмата заповед, додека тврдеше дека ја почитува четвртата. Со своите измами собрал околу себе неколку жени кои го следат од место до место, како што верната жена би го следела својот маж. {5C 138.1}

Како народ нас нè сметаат за посебни. Ние со своето учење и со својата вера се издвојуваме од сите други вери. Ако во животот и карактерот не бидеме подобри од светот, луѓето ќе покажуваат на нас со презир и ќе велат "овие се адвентисти на седмиот ден". "Тоа е народот кој го празнува седмиот ден наместо неделата". Срамот, кој со право се фрла на таквите луѓе ќе ги погоди и сите оние кои совесно го празнуваат седмиот ден. О, колку би било подобро кога овие луѓе никогаш не би тврделе за себе дека ѝ се покоруваат на вистината! {5C 138.2}

Се чувствував повикана во Господово име да го укорам тој човек и да ги повикам жените кои беа со него да се одвојат од него и ја повлечат својата погрешно поставена доверба, бидејќи на тој пат ги очекува несреќа и пропаст. Небесната книга вака сведочи за овој човек: "Измамник и прељубник кој се завлекува по куќите и ги заробува наивните жени". Дури страшниот суд ќе открие колку души упропастил тој со својата сатанска вештина. Ваквите луѓе треба веднаш да се укорат и да се покаже дека нивните дела не се одобруваат, за Божјото дело да не биде постојано исмевано. {5C 138.3}

Колку повеќе се приближуваме кон крајот на светската историја, сè повеќе се натрупуваат опасности околу нас. Не е доволно само да се исповеда побожност. Ние мораме да бидеме во жива врска со Бога, за со својот духовен поглед да ја видиме безбожноста која вешто и по тајни патишта се вовлекува во нашите редови преку оние кои ја исповедаат нашата вера. Најголемите гревови се внесени токму од оние кои за себе велат дека се посветени и дека не можат да погрешат. Но мнозина од нив грешат секојдневно и се расипани во срцето и животот. Тие се самодоволни и самоправедни, имаат свои мерила на правдата и кои целосно не успеваат да ги достигнат мерилата на Библијата. Колку и да се високи нивните тврдења, тие се странци за заветот на ветувањето. Бог во Својата голема милост ја трпи нивната изопаченост и тие мораат да Му бидат благодарни што не се пресечени како пречка за земјата, туку сè уште имаат можност за простување. Тие постојано сметаат на Божјото трпение и ја злоупотребуваат Неговата милост. Давид во свое време мислел дека луѓето ја поминале границата на Божјото трпение и дека Тој мора да се вмеша за да ја одмазди својата чест и да ја запре неправдата. {5C 139.1}

Г-динот _____ е учител на доктрини кои го сквернаваат Божјиот храм. За него одвај да постои зрак на надеж, бидејќи толку долго се мамеше себеси и другите што сатаната целосно завладеа со неговата душа и неговото тело. Кога од него би се тргнала исповеданата облека на праведноста и би излегле на виделина неговите зли цели и мисли, така што нема да може да ги води другите на патот на пропаста, тоа би било сè што би можеле да посакаме. {5C 139.2}

Тој отпрвин ги мразеше Божјите опомени, а потоа им се спротивстави, бидејќи тие направија неговиот безбожен живот да се појави во светлината на Божјиот закон. Еден од најжалните докази како гревот може да го ослепи човека е да минуваат месеци и години, а тој да не го согледа истиот и да не се покае. Тој упорно одеше по патот кој води во пропаст. Не чувствуваше грижа на совеста, ниту се плашеше од одмаздата на небото. Задоволен е ако може да ги прикрие своите гревови со лаги и измами за да не ги видат другите. Во него умре секое чувство за тоа што е добро и погрешно. Нему му претстои жетва која со ужас ќе мора да ја жнее. {5C 139.3}

Најлошо во овој случај е тоа што тој своето сатанско дело го врши под изговор дека е претставник на Исуса Христа. Грешникот што ќе се преоблече во ангел на светлината може да направи неизмерно зло. Ковеше мрачни и страшни планови за да ги одвои жените од мажите. Апостолот рекол: "Бидејќи тоа се оние кои влегуваат по куќите, и ги заробуваат жените што се натоварени со гревови и ги водат во различни похоти". Овие развратници се вовлекуваат и во угледни семејства и ги заведуваат совесните со своите лаги, измами и сплетки. Ересите, кои се за осуда, се примаат како вистина и најстрашни гревови се прават како праведни дела бидејќи совеста станува збркана и збунета. {5C 140.1}

Овој човек го прифати неомиленото учење дека седмиот ден е Господовата сабота само за на своето верско искуство да му даде некој облик на искреност. Нашите погледи беа јасно изнесени во нашите публикации, но, прикривајќи го овој факт, тој ја помеша вистината со своите валкани ереси и се обиде да ги наведе другите да поверуваат дека Бог му дал некоја нова светлина од Библијата. Така исповедајќи дека има голема светлина за народот по прашањето за саботата од четвртата заповед, и сличните вистини, тој за оние кои не се сомневаа изгледаше како навистина Бог да го води. Меѓутоа, кога еднаш ќе ја стекне довербата, тој го почнува своето сатанско дело со изопачување на значењето на Светото Писмо, настојувајќи да покаже дека прељубата која е осудена од Божјиот закон, не е тоа што луѓето подразбираат под тоа. Тој навистина се обидува да ги наговори чувствителните жени да поверуваат дека не е одбивно за Господа ако станат неверни на својот брачен завет. Тој дури не би ни признал дека со тоа се крши седмата заповед. Сатаната се радува кога членови на црквата ќе станат оние што дозволуваат тој да управува со нивните умови и чувства, бидејќи преку нив може да ги измамува и расипува и другите. {5C 140.2}

Во ова изопачено време ќе има мнозина кои ќе бидат толку заслепени од грешноста на гревот што ќе живеат со развратен живот, бидејќи тоа повеќе одговара на природните и изопачените склоности на нивните срца. Наместо да се видат во огледалото, Божјиот закон, и да ги доведат своите срца и карактери до Неговите барања, тие дозволуваат сатанските агенти да го подигнат своето знаме во нивното срце. Расипаните луѓе сметаат дека е полесно Светото Писмо да се толкува погрешно за со тоа да ги правдаат своите гревови, отколку да се одречат од својата расипаност и да бидат чисти во срцето и во животот. {5C 141.1}

Има многу повеќе такви луѓе отколку што мнозина си замислуваат, и нив ќе ги има сè повеќе и повеќе како што се приближуваме кон крајот на времето. Мнозина ќе бидат заведени и измамени, доколку не пуштат длабок корен во библиската вистина и доколку немаат жива врска со Бога. На нашиот пат се наоѓаат опасности кои не ги гледаме. Наша единствена безбедност е да бдееме постојано и да се молиме. Колку нашиот живот ќе биде поблиску до Христа, толку повеќе ќе бидеме соучесници во

Неговиот чист и свет карактер, толку гревот ќе ни се чини пострашен, а повозвишена и попожелна Христовата чистота и светлина. {5C 141.2}

За да го прикрие неговиот изопачен живот и да направи неговите гревови да изгледаат нештетни, овој човек наведува места од Библијата во кои се гледа дека и добрите луѓе паѓале под искушенија. Павле во свое време наидувал на такви луѓе и тие биле проклетство за црквата во сите времиња. Павле во Милет ги повикал сите старешини на црквата и ги предупредил за она со што ќе мораат да се соочат: „Грижете се, пак, за себе и за целото стадо, во кое Светиот Дух ве постави за надзорници, за да ја храните црквата на Бог, која Тој ја придоби со Својата крв. Бидејќи знам дека по моето заминување ќе се втурнат меѓу вас лути волци, кои нема да го штедат стадото; а и од вас самите ќе произлезат луѓе, што ќе зборуваат искривено, за да одвлечат ученици заедно со себе. Затоа бидете будни и помнете дека цели три години дење и ноќе не престанував со солзи да го опоменувам секого од вас" (Дела 20:28-31). {5C 141.3}

Оној кој ја држи вистината во неправда, што зборува дека верува во неа, но сепак секојдневно ја негира со својот недостоен живот се става во служба на сатаната и ги тера душите во пропаст. Овие души имаат комуникација со паднатите ангели и кои им помагаат да имаат контрола врз умовите. Кога сатанската маќепсувачка сила ќе завладее со некој човек, Бог е заборавен, а се издигнува човекот преполн со лоши намери. Овие измамени души се оддаваат на пороци и сметаат дека тоа е доблест. Тоа е како некој вид на магија. Можеме да го поставиме истото прашање што апостолот им го поставил на Галатјаните: „Кој ве маќепса вас, та не се покорувате на вистината, пред чии очи Исус Христос беше јасно насликан распнат меѓу вас" (Галатјаните 3:1). Во ересите и во пороците секогаш има некоја волшебничка сила. Духот е толку заслепен што не е во состојба да размислува разумно и заблудата ги носи луѓето сè подалеку од вистината. Духовниот поглед станува нејасен и луѓето кои до тогаш имале неизвалкан морал потпаѓаат под дејство на вештите измами на сатанските агенти, кои се претставуваат како ангели на светлината. Тие измами им даваат сила на таквите агенти. Кога би истапиле дрско и отворено и би ги застапувале своите сфаќања, би биле одбиени без ниеден момент предомислување. Но тие отпрвин се трудат да задобијат наклоност како свети, пожртвувани Божји луѓе. И како Негови посебни гласници, тие тогаш ја започнуваат својата лукава работа за да ги заведат душите од вистинскиот пат, настојувајќи Божјиот закон да го прогласат за неважечки. {5C 142.1}

Проповедниците, кои на тој начин ја користат довербата која ја има кон нив народот и ги водат душите во пропаст, се многу повиновни од обичните грешници, бидејќи и верата што ја исповедаат е многу повисока. Кога на Божјиот ден ќе се отвори небесната книга, во неа ќе се најдат имињата на многу проповедници кои својот живот и своите срца ги прикажувале како чисти и кои тврделе дека Христовото евангелие им е доверено ним, но кои ја искористиле својата положба за да ги заведуваат душите да го кршат Божјиот закон. {5C 143.1}

Речиси е невозможно да се спасат мажите и жените кои потпаднале под власта на сатанската зла сила за тие да имаат чисти мисли и јасна претстава за Божјите барања. Проповедникот постигнал во нивниот измамен ум гревот да изгледа како доблест, така што никогаш повеќе нема да можат да го видат во сета негова одвратност како што Бог го гледа. Ако во човечкиот дух се снижат моралните мерила, и нивниот суд се изопачува, така што на гревот гледаат како на праведност, а на праведноста како на грев. Луѓето, што немаат чисти склоности и навики дружејќи се стануваат исти како и оние што се како нив. Тие речиси несвесно ги усвојуваат нивните склоности и начела. {5C 143.2}

Ако повеќе сакаме да бидеме во друштво на луѓе со нечисти мисли и порочен живот отколку во друштво на морално чисти, тоа е сигурен знак дека вкусовите и склоностите ни се поклопуваат и дека сме паднале на низок морален степен. Измамените души тој степен го нарекуваат висок и свет афинитет на духот - духовна хармонија. Но апостолот ова го нарекува "духови на пакост под небото" против кои мораме да се бориме со сите свои сили. {5C 143.3}

Измамникот, кој го почнува своето дело на измама, често наидува на различни вкусови и навики. Но преправајќи се како мошне побожен, тој стекнува доверба и кога ќе го постигне тоа, почнува да се служи со измами на свој начин - да ги остварува своите замисли. Дружејќи се со овие опасни елементи, жените вдишуваат нечист воздух и речиси неосетно ги проникнува истиот дух. Тие ја губат својата личност и стануваат сенки на своите заводници. {5C 143.4}

Луѓето што исповедаат дека имаат нова светлина, кои тврдат дека се реформатори, ќе имаат големо влијание кај некои што ги осудуваат ересите што постојат во денешно време, и кои не се задоволни со духовната состојба во црквите. Со искрено и чесно срце, тие сакаат нештата да тргнат на подобро и луѓето да се издигнат на повисок степен. Кога верните Божји слуги би им ја објасниле на овие луѓе чистата и непоматена вистина, тие би ја прифатиле и би се очистиле со послушност кон истата. Но сатаната, кој секогаш е буден, им го попречува патот на тие души кои копнеат за сознание. Како сатаната на Христа, така и на нив им приоѓа некој кој тврди дека е реформатор, преоблечен во ангел на светлината, и ги одвлекува уште подалеку од вистинскиот пат. {5C 144.1}

Тешко е да се предвиди сета несреќа и деградацијата што го донесува порочниот начин на живот. Земјата е осквернета од нејзините жители. Тие речиси ја исполниле чашата на своето беззаконие; но најтешка одмазда ќе примат оние кои чинат порок под наметка на побожност. Откупителот на светот никогаш не ги отфрлал вистинските покајници, колкава и да е вината; но огнено ги осудил фарисеите и лицемерите. Многу повеќе надеж има за отвореният грешник отколку за ваквите луѓе. {5C 144.2}

„И затоа (за непримањето на љубовта на вистината) Бог ќе им испрати сила на заблуда за да поверуваат во лагата, та да бидат осудени сите кои не поверуваа во вистината, а ја засакаа неправдата” (2. Солунјаните 2:11,12). Овој човек и оние што ги измамил не ја љубат вистината туку задоволство наоѓаат во неправедноста (злото). Зар можеле да западнат во поголема заблуда од верувањето дека Господ не се гнаси на порочноста и прељубата? Библијата содржи многу опомени против овие гревови. Павле му пишува на Тит за луѓето кои „зборуваат дека го познаваат Бога, а со делата свои го одречуваат, бидејќи се одвратни, непокорни и неспособни за никакво добро дело” (Тит 1:16). „А во народот имаше и лажни пророци, како што и меѓу вас ќе има лажни учители, кои тајно (не јавно) ќе внесат погубни ереси и, откако ќе се одречат од Господ, Кој ги откупил, ќе навлечат врз себеси брза погибел” (2. Петрово 2:1). Луѓето за кои се зборува овде не се оние кои отворено кажуваат дека не веруваат во Христа, туку кои зборуваат дека веруваат во вистината но ја изложуваат на потсмев со својот порочен карактер, причинувајќи за неа да се зборува лошо. {5C 144.3}

„И, побудувајќи ве од користољубивост, ќе ве привлекуваат со ласкави зборови; но нивното осудување е одамна готово, и нивната погибел не дреме”. „А тие, како неразумни животни, созданија по инстинкт се фаќаат и се уништуваат, хулејќи го она што не го разбираат, во својата погибел ќе загинат; добивајќи казна за вршење неправда. Тие секојдневниот живот во раскош го сметаат за уживање; тие се срам и грев, наслаждувајќи се со своите измами, додека јадат со вас; имаат очи полни со

прељубодејство и ненаситни се на грев, ги мамат неутврдените души; имаат срце привикнато на лакомство: тие се чеда на проклетството! Откако го оставија вистинскиот пат и се заблудија, тргнаа по стапките на Восоровиот син Валаам, кој засака плата за вршење неправда" (Стихови 3 и 12-15). {5C 145.1}

„Тие се безводни извори, облаци кои се од бура разнесувани; за нив е резервиран мракот на темнината засекогаш. Зашто, говорејќи празни зборови, ги мамат на телесни похоти и нечистотија оние кои тукушто се оттргнале од тие што живеат во заблуда" (Стихови 17-18). {5C 145.2}

Во ова изопачено време кога нашиот непријател ѓаволот, оди рикајќи како лав и барајќи да проголта некоја душа, гледам дека е потребно да го подигнам својот глас на опомена. "Бидете будни и молете му се на Бога да не паднете во искушение". Многу луѓе имаат сјајни способности но кои на зол начин ги посветуваат во служба на сатаната. Како да го опоменам народот кој вели дека го напуштил светот и неговите дела на темнината; народот што Бог го направил чувар на Својот закон, но кој како горда смоква ги шири своите наизглед бујни гранки пред лицето на Семоќниот, а не донесува плодови на Божја слава? Мнозина од нив негуваат нечисти мисли, непосветени желби и ниски страсти. Бог ги мрази плодовите кои се раѓаат на таквото дрво. Чистите и свети ангели со гнасење гледаат на нивниот живот, додека сатаната ликува. О, кога мажите и жените би размислувале што се добива како последица на престапувањето на Божјиот закон. Под секоја и било која околност престапувањето на Божјиот закон секогаш е навреда за Бога и проклетство за човекот. Ние мораме да го сметаме за таков, колку и да е привлечна маската под која се крие и без разлика кој го прави тоа. {5C 146.1}

Како Христов пратеник ве преколнувам вас кои ја исповедате сегашната вистина да го избегнувате секој допир со нечистото, да го избегнувате друштвото на тие што околу себе шират порочно влијание. Мразете ги овие гадни гревови со најголема омраза. Избегнувајте ги оние кои дури само и со зборови сакаат да ги наведат мислите на тој пат, "бидејќи устата зборува од преполнетото срце". {5C 146.2}

Бидејќи сè повеќе се оние кои ги прават овие гадни гревови и кои сакаат да се вовлечат во нашите цркви, ве опоменувам да не им давате прилика за тоа. Одвратувајте се од заведувачот. Иако го исповеда Христа тој е сатана во човечки облик: тој позајмил небесна облека за да може полесно да му служи на својот господар. Ниту за еден момент не смеете да дозволите да се појават нечисти, затскриени сугестии, бидејќи дури и тоа ќе ја оскверни душата, како што нечистата вода го валка коритото по кое тече. {5C 146.3}

Одберете сиромаштво, прекори, одвоеност од пријателите или да се трпи било какво зло, отколку да се оскверни душата со гревот. Подобро смрт, отколку срамота или престапување на Божјиот закон, треба да биде мотото на секој христијанин. Како народ, кој за себе тврди дека е реформатор и кој ја има светата и прочистувачка вистина на Божјата реч, ние мораме да се издигнеме на многу повисок степен од оној на кој се наоѓаме сега. Со гревот и грешниците меѓу нас треба да се соочиме без одлагање за да не се заразат и другите. Вистината и чистотата бараат поревносно да се трудиме да го очистиме логорот од Ахановците. Оние што заземаат одговорни положби нека не го трпат гревот кај своите браќа. Нека им покажат дека мораат или да се одречат од својот грев или да се одвојат од црквата. {5C 147.1}

Кога некои членови на црквата би постапувале како вистински следбеници на кроткиот и понизен Спасител, би имало помалку прикривање и помалку правдање на гревот. Сите ќе се трудат да живеат како да се во присуство на Бога. Тие треба да сфатат

дека Неговото семоќно око секогаш е на нив и дека Тој ги знае нивните најтајни мисли. Пред очите на Семоќниот побудите, желбите и намерите на луѓето се јасни како сончевата светлина. Но малкумина го имаат тоа на ум. Мнозинството ни оддалеку не сфаќа каква страшна сметка ќе мораат да положат сите престапници на Божјиот закон пред Неговиот суд. {5C 147.2}

Можете ли да се задоволите со толку низок живот, вие што тврдите дека сте примиле голема светлина? О, колку сесрдно би требало да копнееме за Божјото присуство и за остварување на свечената вистина додека се приближува крајот на сè и додека Судијата на сета земја стои пред вратата! Како можете да ги занемарувате Неговите праведни и свети барања? Како можете да престапувате пред самото лице на Јехова? Како можете да негувате несвети мисли и ниски страсти пред очите на чистите ангели и Откупителот, кој се дал Себеси за да ве откупи од сето беззаконие и очисти за себе еден избран народ, кој копнее за добри дела? Додека размислувате за ова во светлината која свети од Христовиот крст, зар нема гревот да ви се причини премногу подол и премногу гибелен за да се впуштате во него стоејќи на самата граница на вечниот свет. {5C 147.3}

Му се обраќам на нашиот народ. Ако му пријдете на Исуса и копнеете својата вера да ја украсите со уреден живот и побожни зборови, вашите нозе нема да се упатат на погрешни патеки. Само кога би сакале да бдеете во молитва, кога би сакале сè да правите како да сте во непосредно Божјо присуство, ќе бидете спасени од тоа да му подлегнувате на искушението и тогаш би можеле да се надевате дека ќе останете чисти, неосквернети и беспрекорни до крајот. Ако до крај се држите за почетокот на вашата доверба, вашите патишта ќе бидат утврдени пред Господа, и тоа што го започнала благодатта, ќе го круниса славата во царството на нашиот Бог. Плодовите на Духот се: „љубов, радост, мир, трпеливост, благост, добрина, вера, кротост, умереност - против нив не постои никаков закон". Ако Христос биде во нас, ќе го распнеме нашето тело со сите негови страсти и желби. {5C 148.1}

---

13. МОЖЕ ЛИ ЧОВЕК ДА КРАДЕ ОД БОГА?

Господ направил ширењето на светлината и вистината на земјата да зависи од доброволните напори и даровите на оние што примиле небесни дарови. Сразмерно се малку оние што се повикани да патуваат како проповедници или мисионери, додека мнозинството треба со своите средства да соработуваат во ширењето на вистината. {5C 148.2}

Историјата на Ананија и Сафира е дадена за да го сфатиме гревот кој се состои во измамување во поглед на нашите дарови и прилози. Тие доброволно ветиле дека еден дел од својот имот доброволно ќе го дадат за ширење на Божјото дело, но кога ги имале парите во раце, не сакале да ја извршат својата обрвска, додека истовремено посакале другите да помислат дека дале сè. Нивната казна е забележана за да служи како вечна опомена на христијаните во сите времиња. Овој грев е страшно застапен во нашево време, но ние не слушаме за такви тешки казни. Господ еднаш покажа како гледа на таквата навреда на Своите свети барања и достоинство и потоа им препуштил на луѓето да ги следат општите начела на божествениот закон. {5C 148.3}

Доброволните дарови и десетокот го сочинуваат приходот на евангелието. Бог бара еден дел од имотот што му го доверил на човекот, десетокот; но му препушта слободно да каже колкав е неговиот десеток и дали ќе му даде и повеќе од тоа. Тој треба да даде толку колку што одлучил во своето срце. Но кога нечие срце е пробудено од дејството на Божјиот Дух и кога еднаш ќе вети дека ќе даде одредена сума, тој што направил таков завет повеќе нема никакво право на ветените пари. Тој го дал својот завет пред луѓето и тие се повикани да посведочат за таквото ветување. Истовремено, тој врз себе ја земал обврската од најсвет карактер да соработува со Господа во изградбата на Неговото царство на земјата. Кога луѓето ќе направат такви ветувања тие се сметаат за обврзувачки. Зар не се посвети и пообврзувачки ветувањата дадени на Бога? Зар ветувањата направени во судницата на совеста е помалку обврзувачка од пишаните договори меѓу луѓето? {5C 149.1}

Кога божествената светлина ќе го осветли срцето со необична јасност и сила, вродената себичност попушта и луѓето се наклонети да приложуваат за Божјото дело. Никој не смее да очекува дека сатаната лесно ќе му дозволи да го оствари своето ветување. Нему не му е угодно да види како на земјата се подига царството на Откупителот. Тој дошепнува дека ветената сума е преголема, дека ако ја дадат ќе биде тешко да стекнат имот и да ги задоволат потребите на своите семејства. Чудесна е силата која сатаната ја има над човечката душа. Тој со најголема ревност работи на тоа човечките срца да ги направи тврди и себични. {5C 149.2}

Единствено средство со кое Бог има намера да го подигне Своето дело е да ги благослови луѓето со имот. Тој дава сонце и дожд; Тој прави да растат растенијата; Тој дава здравје и способност да се стекне имот. Сите наши благодети доаѓаат од Неговите дарежливи раце. За возврат, Тој сака мажите и жените да ја покажат својата благодарност враќајќи Му еден дел со десетоците и даровите - во благодарствени жртви, доброволни дарови и покајнички жртви. {5C 150.1}

Срцата на луѓето стануваат тврди заради себичноста и тие како Ананија и Сафира доаѓаат во искушение да скратат еден дел притоа зборувајќи дека го извршуваат законот за десетокот. Може ли човек да краде од Бога? Кога парите би се слевале во ризницата точно според изложениот Божји план - десетокот од секој приход - би имало доволно средства за ширење на Божјото дело. {5C 150.2}

Но, ќе рече некој, постојано доаѓаат повици за давање за Божјото дело. Се уморив од давање. Се умори? Дозволете да ве прашам: Дали се уморивте да примате од Божјата дарежлива рака? Сè додека Тој не престане да ве благословува должни сте да Му го враќате делот што Тој го бара. Тој ве благословува за да бидете во можност вие да ги благословувате другите. Кога ќе се уморите да примате, тогаш можете да кажете: се уморив од многуте повици за давање. Бог резервира за Себе еден дел од сè што примаме. Кога ќе Му се врати тоа – остатокот е благословен; но ако тој дел се задржи, сето порано или подоцна ќе биде проколнато. Божјото барање е на прво место, сè останато е од второстепено значење. {5C 150.3}

Во секоја црква треба да се формира благајна за сиромашни. Тогаш секој член треба да приложи дар на благодарност кон Бога еднаш седмично или еднаш месечно, како е најзгодно. Тие жртви ќе ја изразуваат нашата благодарност за даровите како што се: здравјето, храната и удобната облека. И ние во согласност со даровите со кои не благословил Господ, ќе приложуваме за сиромашните, оние кои страдаат и очајните. Би сакала вниманието на нашите браќа особено да го свртам на ова прашање. Не ги заборавајте сиромасите. Одречете се од својата раскош, дури и удобност и помогнете

им на оние што можат да набаваат само најоскудна храна и облека. Правејќи го тоа за нив, вие тоа го правите за Исуса во лицето на Неговите светии. Тој се поистоветува со човештвото кое страда. Немојте прво да чекате да ги задоволите сите свои замислени потреби. Немојте да се потпирате на своите чувства, да давате кога сте наклонети, а да скратувате кога не сте расположени. Приложувајте редовно, дваесет или педесет центи неделно, колку што би сакале да видите во небесниот запис во Божјиот ден. {5C 150.4}

Ние ќе ви бидеме благодарни на вашите добри желби, но на сиромашните не им помагаат само добрите желби. Тие мораат да имаат допирливи докази за вашата љубов во храна и облека. Бог не сака некој од Неговите следбеници да проси за леб. Тој ви дал изобилство за да ги задоволите потребите на оние кои не се во состојба да се издржуваат со својата работа и штедење. Не чекајте тие да го свртат вашето внимание на нивните потреби. Постапувајте како Јов. Работата што не ја знаел тој ја истражувал. Одете и дознајте што е потребно и како најдобро можете да ги снабдите. {5C 151.1}

Покажано ми е дека многу наши браќа крадат од Господа во десетоците и даровите и со тоа во голема мерка се попречува Неговото дело. Божјото проклетство ќе ги погоди сите тие што живеат во Божјото изобилство, а сепак ги затвораат своите срца и ништо или скоро ништо не преземаат за напредок на Неговото дело. Браќа и сестри, како може Таткото доброчинител и понатаму да ве употребува како повереници и да ви доверува средства кои треба да ги користите за Него, кога вие сè зграбувате за себе, себично тврдејќи дека тоа е ваше! {5C 151.2}

Наместо да ги вратат на Бога парите што ги ставил во нивните раце, мнозина ги вложуваат во купување на земја. Ова зло се шири меѓу нашите браќа. Тие и досега имаа сè што им треба, но сребролубието или желбата да бидат сметани за богати како нивните соседи ги наведе да ги закопуваат своите пари во светот и да крадат од Бога. Можеме ли да се чудиме ако не им оди добро, ако Бог не ја благослувува нивната летнина, ако се разочарани? Кога нашите браќа би имале на ум дека Бог може да благослови дваесет ари земја и таа да донесе плод како стотици ари, тогаш не би ги закопувале и понатаму во ниви, туку своите пари би ги вложувале во Божјата благајна. Христос кажува: „Чувајте се вашите срца да не отежнат од прејадување и пијанство и од грижите на овој свет”. Сатаната е задоволен кога го зголемувате својот имот и кога своите пари ги вложувате во земни потфати, бидејќи на тој начин не само што го спречувате напредувањето на Божјото дело, туку вашата преморе ност и загриженост ги намалува вашите шанси за вечен живот. {5C 151.3}

Сега треба да ги послушаме зборовите на нашиот Спасител: „Продајте сè што имате и давајте милостина; направете си себеси торби на небото кои нема да изгнијат”. Сега нашите браќа треба да ги смалуваат своите поседи, наместо да ги зголемуваат. Се наоѓаме пред преселба во една поубава земја – во небесната татковина. Според тоа, не треба да бидеме жители на оваа земја, туку стекнатото богатство да го направиме што е можно помало. {5C 152.1}

Доаѓа време кога нема да можеме да продаваме по никоја цена. Наскоро ќе се донесе закон кој ќе го забрани купувањето или продажбата на секој човек освен на оние што ќе го примат жигот на ѕверот. Ние неодамна се приближивме кон остварување на тоа во Калифорнија; но тоа беше само предвестување на дувањето на четирите ветришта. Четирите ангели засега ги задржуваат тие ветрови. Уште не сме подготвени. Ни преостанува уште работа, а потоа на ангелите ќе им биде наредено да ги пуштат четирите ветришта да дуваат на земјата. Тоа ќе биде решавачки момент за Божјите деца

– момент на маки какви немало откако постојат луѓето. Сега ни се овозможува прилика да работиме. {5C 152.2}

Во мнозина, кои ја исповедаат вистината, постои дух на немир. Некои сакаат да одат во друга општина или држава, да купат големи имоти и да преземаат големи бизниси. Други сакаат да се преселат во град. На тој начин малите цркви се оставени да изумираат во слабост и обесхрабреност. Меѓутоа, доколку тие што ги напуштија беа задоволни со својата работа помала по обем, вршејќи ја својата мала работа со верност, тие би обезбедиле удобен живот на своите семејства и своите души полесно би ги одржале во Божјата љубов. Мнозина од оние што се преселија се разочараа. Го загубија и она малку имот што го имаа, го изгубија своето здравје и најпосле се одрекоа од вистината. {5C 152.3}

Господ доаѓа. Секој мора да ја докаже својата вера со своите дела. Верата во скорото Христово доаѓање изумира во црквите и себичноста ги наведува браќата да крадат од Бога и да си служат себеси и на своите лични интереси. Ако Христос престојува во нас, ние во самоодрекување ќе се угледаме на Него. {5C 153.1}

Во минатото нашиот народ покажуваше голема дарежливост. Браќата не заостануваа одговарајќи на повиците за помош во разни гранки на делото. Меѓутоа, во последно време дојде до промени. Нашита браќа, посебно на Исток, задржуваат средства, додека сребролубието и љубовта кон овој свет се зголемуваат. Сè помалку се почитуваат ветувањата дека ќе се даде помош на разни наши институции и претпријатија. Прилозите за изградба на цркви, за формирање на училишта или за поддржување на мисионерската работа се сметаат како ветувања кои никој не е обврзан да ги одржи ако не му е згодно. Тие ветувања беа направени под светото влијание на Божјиот Дух. Според тоа не крадете од Бога со скратување на она што со право му припаѓа. Браќа и сестри, разгледајте го својот досегашен живот и испитајте дали верно сте постапувале кон Бога. Дали не сте исполниле некое ветување? Ако е така, одлучете дека ќе го исполните ако тоа е можно некако. {5C 153.2}

Послушајте го Господовиот завет: "Донесете ги сите десетоци во ризницата, па да има храна во Мојот дом, и потоа испитајте Ме… зар нема да ги отворам отворите небесни за да излијам благослов на вас, па да имате и на претек? Заради вас ќе им забранам на оние, што ги изедуваат плодовите земни, и лозата во вашето поле нема да остане без плод… И блажени ќе ве нарекуваат сите народи, зашто ќе бидете земја на благослови” (Малахија 3:10-12). {5C 153.3}

Зар нема да го прифатите ветувањето што Господ го дава овде, зар нема од себе да ги отфрлите себичноста и сериозно да се зафатите со работа во корист на Неговото дело? Немојте уште поцврсто да се врзувате со овој свет, искористувајќи ги своите посиромашни ближни, бидејќи Божјото око е над вас; Тој ја чита секоја побуда и ве мери на мерилата на светилиштето. {5C 154.1}

Видов дека многумина задржуваат од Божјото дело додека се живи, смирувајќи ја својата совест дека ќе бидат дарежливи на смртниот час. Тие преку животот не се осмелуваат да ја покажат својата вера и доверба во Бога со дарување. Меѓутоа, добродетелството на смртниот час не е она што Христос го бара од Своите следбеници; тоа не ја оправдува себичноста за време на животот. Тие што цврсто го држат својот имот до последен момент, својот имот го даваат на смртта, а не за Божјото дело. До загуби доаѓа секој ден. Банките пропаѓаат, а имотот се уништува на многу начини. Мнозина имаат намера да направат нешто, но тоа го одложуваат и сатаната се труди

парите да не влезат во Божјата благајна. Парите се загубени пред да се вратат на Бога и сатаната триумфира заради тоа. {5C 154.2}

Ако сакате да направите нешто добро со своите пари, направете го тоа веднаш, за да не дојдат во рацете на сатаната и на тој начин да не го попречи Божјото дело. Многу пати кога Господ отвори пат на браќата да ракуваат со своите пари во корист на Неговото дело, агентите на сатаната ќе укажеа на некој потфат во кој браќата би ги дуплирале своите средства. Браќата се фаќаа на таа стапица, ги вложуваа своите пари, а честопати од тоа не добиваа ниту долар. {5C 154.3}

Браќа, имајте го на ум Божјото дело и кога располагате со пари положете за себе добри темели за времето кое ќе дојде, за да имате вечен живот. Исус заради вас станал сиромашен, за преку Неговото сиромаштво да се збогатите со небесно богатство. Што ќе дадете за Исуса, кој сè дал за вас? {5C 154.4}

Нема да имате корист ако своите дарови на добродетелство ги заветувате на смртниот час. Ниту со најмала сигурност не можете да сметате дека вашите завети ќе му користат на Божјото дело. Сатаната вешто се труди да ги поттикне роднините и со сите сили се труди она што е на свет начин посветено за Божјото дело да го издејствува за светот. Божјото дело секогаш добива многу помала сума од ветената. Сатаната дури ги наведува мажите и жените да се бунат против располагањето со имотот од страна на нивните роднини онака како што тие сакаат. Тие сметаат дека сè што е дадено за Господа е како скратување на родниците на покојните. Ако сакате со своите пари да го помогнете Божјото дело, или да го дадете сето она што не ви е неопходно за живот, дајте го додека сте живи. Малкумина браќа постапуваат на тој начин и го уживаат задоволството да бидат самите свои извршители. Зар заради алчност потребно е луѓето да бидат лишени од животот за нивниот имот - што Бог им го дал - да остане бескорисен засекогаш? Немојте некој од вас да го навлече проклетството на некорисниот слуга кој парите на својот Господар ги закопал во земја. {5C 155.1}

Дарежливоста на смртниот час е сиромашна замена за добродетелството во животот. Мнозина на своите пријатели и роднини им го препишуваат целиот свој имот, освен мал дел наменет за милостина. Тоа му го оставаат тие на својот најголем Пријател, Кој станал сиромав заради нив, кој поднесувал навреди, потсмевање и смрт за тие да можат да станат Божји синови и ќерки. А сепак очекуваат кога праведните мртви ќе излезат за вечен живот тој Пријател да ги прими во Својот вечен дом. {5C 155.2}

Христовото дело е закинато, и тоа не со непромисленост или со некое непромислено дело. Не. Вие промислено го составивте својот тестамент и одредивте вашиот имот да помине во рацете на неверници. Бидејќи го крадевте Бога за време на својот живот, вие продолжувате да го крадете и после смртта, правејќи тоа при целосна совест документ кој го нарекувате тестамент. Што мислите дека ќе направи Господарот со вас заради ова определување на Неговите добра? Што ќе кажете кога ќе морате да дадете сметка за својата работа како повереници? {5C 155.3}

Браќа, разбудете се од вашиот себичен живот и постапувајте како доследни христијани. Господ од вас бара да ги штедите вашите пари и во ризницата да го ставате секој долар кој не ви е неопходен за удобен живот. Сестри, земете ги тие десет, дваесет центи, доларот со кои сакавте да купите слатки или разни украси и приложете го за Божјото дело. Многу од нашите сестри примаат добра плата, но речиси целата ја трошат за задоволување на гордоста во облекувањето. {5C 156.1}

Потребите на делото ќе стануваат сè поголеми и поголеми како што ќе се приближуваме кон крајот на времето. Потребни се пари за младите, со кратки курсеви

во нашите училишта да се оспособат за проповедничка служба и за другите гранки на делото. Ние не ги искористуваме предностите што ги имаме во овој поглед. Сите наши училишта наскоро ќе се затворат. Колку повеќе можеше да се постигне доколку луѓето ги исполнуваа Христовите барања за христијанско добродетелство! Како би делувала на светот сета таа подготвеност сè да се даде за Христа! Тоа би бил еден од најубедливите докази во корист на вистината во која веруваме - доказ кој светот не би можел да го сфати погрешно ниту да го одрече. Господ би нè одликувал со Својот благослов, дури и пред очите на светот. {5C 156.2}

Првата христијанска црква не ги имала сите предности и поволни прилики што ние ги имаме. Тие биле сиромашни, но ја чувствувале силата на вистината. Целта, што ја имале пред очите, била доволна да ги поттикне да вложат сè. Знаеле дека од нивната работа зависи дали светот ќе се спаси или ќе пропадне. Тие за тоа дале сè што имале и биле подготвени да одговорат на секој Господов повик. {5C 156.3}

Ние исповедаме дека се раководиме според истите начела и дека нè вдахновува истиот дух. Но наместо сè да дадат за Исуса, мнозина ја земале златната шипка и вавилонската наметка и ги сокриле во шаторот. Кога постапката на Ахан била доволна да го ослаби целиот израелски логор, зар треба да се чудиме што нашите напори носат толку малку успех, кога во секоја црква и речиси во секое семејство има по некој Ахан? Да се потрудиме сите со својот пример да ги поттикнеме другите на несебично добродетелство. Работата би била многу поуспешна кога сите би направиле сè што е во нивна можност да ја снабдат ризницата со пари. {5C 157.1}

---

14. СИЛАТА НА ВИСТИНАТА

Божјите проповедници некогаш го проповедаа Неговото слово "во демонстрација на Дух и сила". Објавувањето на евангелието ги задвижуваше срцата на луѓето. Зошто проповедањето на вистината денес има толку мало дејство врз луѓето? Дали Бог е помалку волен да ги благослови работниците во Неговото дело како што тоа го правел во деновите на апостолите? {5C 157.2}

Опомената, која ја носиме на светот, за луѓето треба да биде животен мирис за живот или смртен за смрт. Ќе ги прати ли Господ Своите слуги да ја објавуваат оваа ужасно света вест, задржувајќи го од нив Својот Свети Дух? Зар немоќните луѓе кои се склони да грешат ќе се осмелат без Божјата посебна благодат и сила да стојат меѓу живите и мртвите и да зборуваат зборови за вечен живот? Нашиот Господ е богат со благодат и со голема сила; Тој богато ќе ги излее овие дарови на тие што ќе Му се обратат со вера. Тој повеќе сака да им го даде Светиот Дух на тие што го бараат од Него, отколку што родителите да им дадат добри дарови на своите деца. Причината заради која оваа драгоцена и значајна вистина не е во состојба да спаси е затоа што ние не го вршиме своето дело со вера. {5C 157.3}

Ние треба да се молиме за излевање на Светиот Дух врз нас исто толку сесрдно како што се молеле учениците на Педесетница. Ако им бил потребен ним во тоа време, нам денес ни е уште попотребен. Морална темнина ја покрива земјата како мртвечки покрив. Секакви лажни учења, ереси и измами на сатаната ги заведуваат умовите на луѓето. Сите наши напори за ширење на вистината ќе бидат напразни без Духот и Божјата сила. {5C 158.1}

Размислувајќи за Христа, покажувајќи вера во Него, искусувајќи ја врз себе Неговата спасоносна благодат, ќе бидеме во состојба да го претставиме Него на светот. Ако сме учеле од Исус, за Него и ќе зборуваме. Неговата љубов која ќе гори на олтарот на нашето срце ќе допре до срцата на луѓето. Вистината нема да се прикажува како студена и безживотна теорија, туку во демонстрација на Духот. {5C 158.2}

Многу од нашите проповедници во нивните проповеди премногу се задржуваат на теоријата, а не доволно на практичната побожност. Тие имаат интелектуално познавање на вистината, но нивните срца не се допрени со жар на Христовата љубов. Мнозина со проучување на нашите книги стекнаа познавање на доказите кои ја потврдуваат сегашната вистина, но самите тие не ја запознале детално Библијата. Тие не се трудат да стекнуваат сè подлабоко познавање на планот на спасението кој е откриен во Светото Писмо. Проповедајќи им на другите, тие самите станале џуџиња во верата. Тие не му се молат често на Бога за Неговиот Дух и благодат, за да можат правилно да го прикажат Христа на светот. {5C 158.3}

Човечката сила е слабост; човечката мудрост е лудост. Нашиот успех не зависи од нашите способности или нашето знаење туку од нашата жива поврзаност со Бога. Вистината ја губи својата сила ако ја проповедаат луѓе кои само сакаат да ги покажат своите способности и знаење. Тие со тоа всушност покажуваат дека имаат малку знаење за практичната вера, дека не се посветени во срцето и животот и дека се полни со суета. Тие не учат од Исуса. Не се во состојба на другите да им го прикажат Спасителот, бидејќи ниту самите не го познаваат. Нивните срца не се ублажени и потчинети на живото познание на големата жртва што Христос ја поднел за да го спаси паднатиот човек. Тие не чувствуваат дека е голема предност да се одречат од себе и да страдаат за Него. Некои се воздигнуваат себеси и зборуваат за себе; подготвуваат проповеди и пишуваат статии за да го привлечат вниманието на народот врз проповедникот (себеси), плашејќи се дека нема да ја примат честа која им припаѓа. Доколку проповедниците повеќе го воздигнуваа Христа, а помалку себе, ние денес би се наоѓале во поблагонаклона положба пред Бога. {5C 158.4}

Малку се проповедниците кои знаат што е чиста вера, и затоа не се во состојба да го прикажат планот на спасението во неговата едноставност. Не е доволно да се има само интелектуално познавање на вистината; ние мораме да ја почувствуваме нејзината моќ во своето срце и живот. Проповедниците треба да дојдат кај Исуса како мали деца. Побарајте го Исуса, браќа, исповедајте ги своите гревови, молете се на Бога и ден и ноќ, сè додека не почувствувате дека ви е простено заради Христа и дека сте прифатени. Тогаш ќе љубите многу, затоа што многу ви е и простено. Тогаш ќе можете да укажувате на Христа како на Откупител кој ги простува гревовите. Вистината ќе ја прикажувате од полнотата на своето срце кое ја почувствувало нејзината посветувачка сила. Се плашам за вас, браќа мои. Ве советувам да чекате во Ерусалим, како што правеле и Неговите ученици, сè додека не го примите крштавањето со Светиот Дух како и тие. Никогаш немојте да се осмелите да застанете зад проповедалната сè додека со вера не се фатите за раката на вашата единствена сила. {5C 159.1}

Ако го имаме Христовиот дух, ќе работиме како Тој што работел. Ќе ги усвоиме вистинските идеи на Човекот од Назарет и ќе ги прикажеме на народот. Кога наместо верници само на зборови и непосветени проповедници, би биле навистина Христови следбеници вистината би ја прикажувале со таков жар и убедливост, така би ја прикажале со пример во својот живот, што светот нема постојано да се прашува дали ние веруваме во тоа што го исповедаме. Веста што би ја објавувале во Христовата љубов,

имајќи ја притоа постојано на ум вредноста на душите, би ги натерала дури и световните луѓе да искажат: "Тие се слични на Исуса".{5C 159.2}

Ако навистина сакаме да ги реформираме другите, мораме да живееме според начелата што им ги препорачуваме. Зборовите, колку и да се добри, немаат никаква сила ако ги негираме со нашиот секојдневен живот. Проповедници Христови, јас ве опоменувам: "Пазете на себе и на доктрината". Немојте кај себе да ги оправдувате гревовите за кои ги укорувате другите. Ако проповедате за кротост и за љубов, покажете ги тие доблести во својот живот. Ако ги повикувате другите да бидат љубезни, учтиви и внимателни во домот, сила на вашите зборови нека даде вашиот пример. Вие сте примиле поголема светлина од другите затоа и вашата одговорност е поголема. Ако ја занемарите волјата на вашиот Господар, многу ќе бидете биени. {5C 160.1}

Сатаната денес ги поставува своите стапици за нас на истиот начин како што ги поставувал на израелските деца пред самото влегување во хананската земја. Ние ја повторуваме историјата на тој народ. Меѓу нас сè повеќе и повеќе има лекомисленост, суета, желби за удобност, себичност и нечистотија. Сега се потребни луѓе кои решително и бестрашно во целост ќе ја објават Божјата волја; луѓе кои нема да спијат како другите, туку ќе стражарат и ќе бидат трезвени. Знаејќи во колкава мера на нашите проповедници им недостига светост и сила, мене ме опфаќа длабока тага кога ќе ги видам нивните напори за самоиздигнување. Кога би можеле да го видат Исус таков каков што е, а и себеси такви какви што се – толку слаби, толку неделотворни и сосема неслични на својот Господар - тие би рекле: кога моето име би било запишано на последното место во книгата на животот, тоа би било доволно за мене, бидејќи не сум достоен за Неговото внимание. {5C 160.2}

Ваша должност е да го проучувате и имитирате Примерот. Дали Христос се одрекувал од себе? И вие треба да бидете такви. Дали Тој беше кроток и понизен? И вие треба да бидете такви. Дали Тој ревно работел на спасување на душите? И вие треба да работите така. Дали Тој работел за слава на Својот Татко? И вие треба така. Дали Тој често барал помош од Бога? И вие треба. Дали Христос бил трпелив? И вие треба да бидете. Како што Христос им проштевал на своите непријатели, и вие треба. {5C 160.3}

Нашиот вистински карактер не се открива толку со нашата вера на проповедалната, колку со нашата вера во семејството. Сопругата на проповедникот, неговите деца и оние што се вработени како помошници во неговата куќа најдобро можат да ја оценат неговата побожност. Добриот човек е благослов на својот дом. Неговата вера ќе ги направи подобри жената, децата и помошниците. {5C 161.1}

Браќа, доведете го Христа во своите семејства, водете го со себе на проповедалната, и каде и да одите. Тогаш нема да морате да ги убедувате другите да ја почитуваат проповедничката служба, бидејќи ќе носите небесна потврда која на сите ќе им покаже дека сте Христови слуги. Носете го Исуса со себе во часовите кога сте сами. Имајте на ум дека Тој често се молел и Својот живот постојано го поткрепувал со нови вдахнувања на Светиот Дух. Вашите мисли и вашиот внатрешен живот нека бидат такви што нема да морате да се посрамите кога ќе се соочите со Него на Божјиот ден. {5C 161.2}

Небото не е затворено за сесрдните молитви на праведникот. Илија бил подложен на истите страсти како и ние, но Господ го слушнал и на чудесен начин ја исполнил неговата молба. Единствената причина зошто ни недостига Божја сила лежи во нас самите. Кога мнозина кои ја исповедаат вистината би биле наведени да го погледнат својот живот, повеќе не би тврделе дека се христијани. Тие не растат во благодатта.

Понекогаш ќе се помолат набрзина, но во суштина немаат никаква жива заедница со Бога. {5C 161.3}

Мораме многу да се молиме ако сакаме да напредуваме во божествениот живот. Колку многу се молевме кога прв пат беше објавена веста на вистината. Колку тогаш често се слушаше гласот на молитва во собата, во шталата, градината или овоштарникот. Често поминувавме цели часови во молитва, по двајца или тројца, положувајќи право на ветувањето. Тогаш честопати се слушаше плачење, глас на благодарност и песни на слава. Денес Божјиот ден е поблиску од тогаш кога прв пат поверувавме и затоа треба да бидеме посесрдни, поревни од тие први денови. Нашите опасности сега се поголеми од оние тогаш. Душите станаа позакоравени. Сега е потребно да сме проникнати со Божјиот Дух и не смееме да мируваме сè додека не го примиме. {5C 161.4}

Браќа и сестри, зар заборавивте дека вашите молитви како остри српови треба да одат со работниците во големото поле за жетва? Кога младите луѓе одат да ја проповедаат вистината, вие морате да се молите за нив. Молете се Бог да ги поврзе со себе, да им подари мудрост, благодат и знаење. Молете се да ги чува од стапиците на сатаната, да останат со чисти мисли и свети во срцето. Ве преколнувам вас кои се боите од Господа да не го трошите времето во бескорисни разговори и непотребни напори за задоволување на својата суета и своите желби. Така потрошеното време искористете го за да се борите со Бога за нашите проповедници. Држете ги нивните раце како што Арон и Ор ги држеле рацете на Мојсеја. {5C 162.1}

---

15. НАШИТЕ ЦРКОВНИ СОБОРИ

Ми беше покажано дека нашите црковни собори се далеку од тоа какви Бог би сакал да бидат. Народот доаѓа неподготвен за посетата на Божјиот Свети Дух. Пред да тргнат на состанок, сестрите многу време посветуваат на подготвување на своите фустани и на надворешното украсување, заборавајќи на внатрешниот украс кој е многу подрагоцен во Божјите очи. Многу време се троши и на готвење, на печење на колачи и други слатки и јадења кои само им штетат на оние кои ги јадат. Кога нашите сестри би подготвиле добар леб и уште нешто здрава храна, тие и членовите на нивните семејства би биле повеќе подготвени да ги вреднуваат зборовите на животот и многу понаклонети на влијанието на Светиот Дух. {5C 162.2}

Желудникот често се преоптоварува со храна, која ретко е едноставна како онаа што се подготвува во домот, каде луѓето два или трипати се повеќе физички активни. Заради тоа умот отапува до таа мера што не е во состојба да ги вреднува прашањата за вечноста. Кога состанокот ќе заврши, луѓето се разочарани затоа што не примиле повеќе благослови од Светиот Дух. {5C 163.1}

Подготвувајќи се за соборот, секој треба внимателно и критички да го испита своето срце пред Бога. Ако во семејството имало раздори, неслога и кавга, една од првите задачи на оваа подготовка треба да биде да се признаат грешките и членовите да се помолат еден за друг и заедно. Понизете се пред Бога и потрудете се да го исчистите храмот на душата од секоја нечистотија: од завист, пакост, сомнежи и замерки. „Исчистете ги рацете, грешници, поправете ги срцата свои, непостојани! Бидете нажалени и плачете и ридајте: смевот ваш нека се претвори во плач, а радоста во тага! Понизете се пред Господа и ќе ве подигне” (Јаков 4:8-10). {5C 163.2}

Господ зборува; влези во својот клет и во тишина обрати му се на твоето срце, послушај го гласот на вистината и на совеста. Ништо на човекот не може да му даде толку јасен поглед за себе самиот како тајната молитва. Тој Кој гледа сè што е тајно и Кој знае сè, ќе ја просветли твојата душа и ќе ги вослиши твоите молитви. Ќе ти се покажат јасни, едноставни должности, кои не смееш да ги занемариш. Направи завет со Господа дека себе и своите способности ќе ги посветиш на Неговата служба. Немој да доаѓаш на состанок додека не го завршиш ова дело. Ако не го направиш во домот, твојата душа ќе страда и ќе им нанесеш штета на другите со своето студенило, збрканост и духовно мртвило. {5C 163.3}

Видов во каква состојба се наоѓа народот кој ја исповеда вистината. Денес на него се однесуваат зборовите на пророкот Езекиел: „Сине човечки, овие луѓе дозволија своите идоли да си ги стават во срцата свои, се соблазнија со своето бесчестие: можам ли да им одговорам? Затоа зборувај со нив и кажи им – вака вели Господ Бог: ако некој од домот израелски дозволи во срцето свое да има идоли и така со тоа да го соблазнува своето бесчестие, па дојде кај пророк, па зар Јас, Господ, можам ли, при толку многу идоли, да му дадам одговор? Домот израелски нека разбере во срцето свое дека со сите свои идоли станаа туѓи за Мене" (Езекиел 14:3-5). {5C 164.1}

Ако го љубиме светот и уживаме во неговите неправди, или пак учествуваме во бесплодните дела на мракот, пред себе сме ставиле нешто на кое ќе се сопнеме и во своето срце сме поставиле идоли. И доколку не ги искорениме со одлучни напори никогаш нема да бидеме признати како вистински синови и ќерки на Бога. {5C 164.2}

На оваа должност треба да се посветат семејствата пред да дојдат на нашите свети собири. Подготовките на облеката и правењето јадење нека дојдат на второ место. Наместо тоа уште во домот почнете да го испитувате своето срце. Молете се трипати дневно; бидете истрајни како Јаков. Домот е место каде што ќе го најдеме Исус. Оттаму ќе го понесеме со себе на состанокот, и колку тогаш часовите поминати таму ќе ни бидат драгоцени. Но како можете да очекувате да го почувствувате Господовото присуство и да го видите дејството на Неговата моќ, кога секој од вас поединечно не се подготвил за тој момент? {5C 164.3}

Заради своите души, заради Христа и заради другите извршете ја оваа должност во домот. Молете се како никогаш порано. Скршете го своето срце пред Бога. Поставете ред во својот дом. Подгответе ги децата за оваа прилика. Поучете ги дека не е толку важно во какви алишта ќе се појават пред Бога, туку да се појават со чисти раце и чисто срце. Отстранете ја секоја препрека на нивниот пат, сите несогласувања што ги имаат со вас и меѓусебно. На тој начин ќе го повикате Господа во својот дом и светите ангели ќе бидат со вас кога ќе тргнете на состанокот и со својата светлина и присуство ќе ја одбијат темнината на злите ангели. Дури и неверниците ќе ја почувствуваат таа света атмосфера кога ќе дојдат на местото за состанок. О, колку многу се губи затоа што се занемарува оваа должност! Можеби ќе ви се допадне проповедта, можеби ќе бидете зајакнати и поткрепени, но во срцето нема да ја почувствувате Божјата сила која преобразува и преобратува и дејството нема да биде толку длабоко, сестрано и трајно како што би требало да биде. Распнете ја гордоста и облечете ја душата во драгоцената облека на Христовата праведност и дури тогаш ќе ги почувствувате сите благодети на состанокот. Тој за вашата душа ќе биде како небесна врата. {5C 164.1}

Истото дело на понизување и испитување на срцето треба да се спроведе и во црквата, за да се отстранат сите несогласувања и разидувања меѓу браќата пред да се појават пред Господа на тие годишни собири. На оваа работа посветете се ревно и не

застанувајте додека не ја завршите; зошто ако на соборот дојдете со вашите сомнежи, несогласувања и расправии, со тоа ќе ги донесете злите ангели и со себе ќе носите мрак каде и да одите. {5C 165.1}

Ми беше покажано дека заради недостаток на ваквата подготовка овие годишни собори постигнаа мошне малку. Проповедниците ретко се подготвени да работат за Бога. Има многу говорници кои умеат остро и луто да ги напаѓаат другите цркви и да ја исмеваат нивната вера, но малкумина се усрдните работници за Бога. Овие остри, самоуверени работници сметаат дека во познавањето на вистината се пред другите луѓе, но нивниот начин на работа и нивната верска ревност ниту најмалку не се совпаѓаат со верата што ја исповедаат. {5C 165.2}

Јас набљудував за да ја забележам понизноста на душата, со која секогаш треба да бидат наметнати нашите проповедници, но не ја видов на нив. Барав да видам длабока љубов кон душите, за која Учителот рекол дека е толку неопходна, но тие ја немаа. Сакав да слушнам сесрдни молитви кои би ги упатувале со солзи и болка заради некаењето и неверството во нивните домови и цркви, но не ги слушнав. Сакав да слушнам повици во силата на Духот, не не ги слушнав. Барав да ги видам тие што носат товари и кои во тие моменти би требало да плачат меѓу тремот и олтарот, викајќи: поштеди го својот народ Господе, и не го изложувај твоето наследство на срам, но не слушнав такви молби. Неколкумина сесрдни и понизни го бараа Господа. На некои од овие состаноци еден или двајца проповедници чувствуваат товар и беа оптоварени под него како кола под снопје. Но мнозинството проповедници немаат чувство на светоста на своето дело повеќе од децата. {5C 165.3}

Видов дека тие годишни собири треба да бидат – и можат да бидат – состаноци за сериозна работа. Проповедниците треба да ги подготват своите срца пред да почнат да работат за другите, бидејќи народот отиде многу подалеку од мнозина проповедници. Тие мораат неуморно да се борат во молитва, сè додека не добијат благослов од Господа. Ако Божјата љубов гори на олтарот на нивните срца, нема да се трудат во своите проповеди да ги истакнат своите способности, туку да го прикажат Христа, кој ги зеде гревовите на светот. {5C 166.1}

Во првата црква христијанството беше поучувано во целата своја чистота; нејзините одредби ги давал гласот на вдахновението и луѓето не ги изопачиле нејзините уредби. Црквата го откривала Христовиот дух и изгледала прекрасна по својата едноставност. Нејзин украс биле светите начела и примерниот живот на нејзините членови. Мноштво луѓе биле придобиени за Христа, не со некоја ученост, туку со Божја сила, која го придружувало јасното проповедање на Неговото Слово. Но црквата се изопачила. Денес е потребно повеќе од било кога проповедниците да бидат канали на светлината. {5C 166.2}

Денес библиската вистина ја проповедаат лекомислени луѓе во чијашто душа нема Божји Дух, како што на ридовите Гелвујски немало роса и дожд. Нам ни се потребни луѓе кои самите се потполно обратени и кои се во состојба да ги поучат другите да го предадат своето срце на Бога. Во нашите цркви речиси и да ја нема веќе силата на побожноста. Зошто? Господ сè уште е милостив; Тој не ги затворил небесните врати. Ние се одвоивме од Него. Мораме очите на својата вера да ги насочиме на крстот, да веруваме дека Исус е наша сила, наше спасение. {5C 166.3}

Гледајќи колку е мало бремето за делото кое почива на проповедниците и на народот, се прашуваме, ќе најде ли Господ вера на земјата кога ќе дојде? Бог изобилува со сила и благодат кои чекаат да бидат побарани. Но ние не го чувствуваме својот голем

недостаток, бидејќи гледаме на себе, а не на Христа. Ние не го воздигаме Христа ниту целосно се потпираме на Неговите заслуги. {5С 167.1}

Би сакала, кога би можела, да ги импресионирам нашите проповедници и целиот народ дека делото на благодатта треба да изврши подлабоко дејство во нивните срца и да се подготват подобро за да можат да се соживеат во духот во начинот на работа на нашите црковни собори. Само тогаш ќе можат да ја примат најголемата можна корист од овие состаноци. Годишните собири можат да бидат голем благослов, но исто така можат да му нанесат голема штета на нашиот духовен живот. Какви ќе бидат за тебе, драги читателе? Останува секој да одлучи за себеси. {5С 167.2}

---

16. БРАТСКА ЉУБОВ

„По тоа светот ќе познае дека сте Мои ученици, ако имате љубов меѓу себе". Колку сме послични на Христовиот карактер толку ќе биде поголема нашата љубов за оние за коишто Тој умрел. Христијаните кои покажуваат дух на несебична љубов еден за друг, изнесуваат сведоштво за Христа на кое неверниците не можат да се спротивстават ниту да го одречат. Не е можно да се процени силата на ваквиот пример. Ништо не може толку успешно да ги победи сите лукавства на сатаната и на неговите помошници, ништо не може толку брзо да го изгради царството на Откупителот како Христовата љубов во срцата на членовите на црквата. Мирот и среќата владеат само таму каде што има љубов и благост. {5С 167.3}

Во првото послание до Коринтјаните, апостол Павле укажува на значењето на љубовта која Христовите следбеници треба да ја негуваат: „Да зборувам на сите човечки јазици, па дури и на ангелски, штом љубов немам, ќе бидам бакар што ѕвони или кимвал, што ѕвечи. Да имам пророчки дар и да ги знам сите тајни, да го имам сето знаење, а и така силна вера, што и планини да преместувам - ако љубов немам, ништо не сум. И да го раздадам целиот свој имот, да го предадам телото да ми изгори, - штом љубов немам, ништо не ми користи" (1. Коринтјаните 13:1-3). {5С 168.1}

Човекот што не е исполнет со љубов кон Бог и кон ближните не е Христов ученик, колку и да е возвишена верата која ја исповеда. Тој може да има силна вера, може дури да има сила да прави чуда, но без љубов неговата вера нема вредност. Тој може да биде многу дарежлив, може својот имот да го раздаде на сиромаси, но ако дава од некоја друга побуда, а не од чиста љубов, сепак нема да наиде на Божјо одобрување. Може во својата ревност да оди дури и до маченичка смрт; но ако во него го нема златото на љубовта, Бог на него ќе гледа како на измамен занесеник или славољубив лицемер. {5С 168.2}

Апостолот понатаму ги опишува плодовите на љубовта: „Љубовта долго трпи и е љубезна; љубовта не завидува" (Стих 4). Ако во срцето владее божествена љубов, во него повеќе не може да има гордост и себичност. „Љубовта не се превознесува, не е горделива" (Стих 4). Најчистата радост извира од најдлабокото понижување. Најсилниот и најблагородниот карактер се изградува на темелите на трпеливоста и љубовта, на целосната доверување и покорување на Божјата волја. {5С 168.3}

„Не е непристојна, на бара свое, не се срди, не памти зло" (Стих 5). Срцето во кое владее Божјата љубов нема да биде исполнето со страст и одмаздољубивост доколку му се нанесат навреди кои гордоста и самољубието би ги сметале како неподносливи.

Љубовта не се сомнева. Таа секогаш на најдобар начин ги толкува побудите и постапките на другите. Љубовта никогаш нема без потреба да укажува на грешките на другите. Таа не ги слуша желно клеветите, туку секогаш настојува да потсети на некои добри особини на клеветеникот. {5C 168.4}

Љубовта „не се радува на неправда, туку се радува на вистина" (Стих 6). Оној, чиешто срце е проникнато со љубов, со болка гледа на маните и грешките на другите, но се радува кога победува вистината, кога исчезнува облакот кој го помрачувал светлиот глас на некој друг, кога луѓето ги признаваат своите гревови и ги искоренуваат своите мани. {5C 169.1}

„Сè покрива, во сè верува, на сè се надева, сè поднесува" (Стих 7). Љубовта не само што ги проштева туѓите грешки туку се потчинува на сите маки и незгоди кои тоа проштевање ги повлекува со себе. Таа „љубов никогаш не престанува" (Стих 8). Таа никогаш не може да ја загуби својата вредност, бидејќи е дар од небото. Тие што ќе ја имаат како драгоцено богатство ќе ја внесат низ вратата на Божјиот град. {5C 169.2}

Родовите на Духот се љубов, радост и мир. Неслогата и раздорот се дело на сатаната и родови на гревот. Ако, како народ, сакаме да уживаме мир и љубов, мораме да се откажеме од своите гревови, да се помириме со Бога и да живееме во мир еден со друг. Секој нека се запраша: Ја имам ли благодатта на љубовта? Дали научив да бидам трпелив и благ. Без тој небесен дар, даровите, учеността и слаткоречивоста ќе бидат како ѕвонче што ѕвони или кимвал што ѕвечи. За жал, мнозина кои ја исповедаат верата малку го ценат ова драгоцено богатство и не копнеат за него. {5C 169.3}

Павле им пишува на Колосјаните: „И така, како избраници Божји, свети и возљубени, облечете се во милосрдност, доброта, смиреност, кротост и долготрпеливост; трпете се еден со друг и проштевајте си. Ако некој има поплака на некого, како што Христос ви прости, така и вие направете! А над сето тоа облечете се во љубов, која сè сврзува во совршенството, и мир Божји да владее во срцата ваши, за што сте повикани во едно тело, и бидете благодарни". „И сè што правите со збор или со дело, правете го во името на Господ Исус Христос, благодарејќи Му преку Него на Бога и Таткото" (Колосјаните 3:12-15, 17). {5C 169.4}

Фактот дека сме под толку голема обврска кон Христа ни наметнува најсвета обврска кон оние за кои Тој умрел да ги откупи. Кон нив мораме да ја покажеме истата сомилост, истото нежно милосрдие и несебична љубов кои Христос ги покажал кон нас. Кога Христос ќе завладее со нашите чувства, себичното славољубие и желбата за превласт ќе изумрат. {5C 170.1}

Нашиот Спасител ги учел Своите ученици да се молат: „И прости ни ги долговите наши, како што и ние им ги проштеваме на нашите должници" (Матеј 6:12). Овде се бара голем благослов, но под услов. Ние сами го наведуваме тој услов. Ние бараме Бог да биде милосрден кон нас во таа мера во која ние сме милосрдни спрема другите. Христос кажува дека Господ според ова правило ќе постапува со нас: „Бидејќи, ако им ги простите на луѓето гревовите нивни и вам ќе ви ги прости вашиот Татко небесен. Ако, пак, не им ги простите гревовите на луѓето и вашиот Татко нема да ви ги прости вашите" (Стихови 14 и 15). Чудесни услови! Но колку се малку тие што ги разбираат и кои пазат на нив! Еден од најчестите гревови, кој доведува до најтешки последици е духот на непростување. Колку се оние кои негуваат омраза и одмазда во своето срце, а сепак се поклонуваат пред Бога и бараат да им прости како и тие што простиле. Тие, несомнено, не го сфаќаат вистинското значење на оваа молитва, инаку не би се осмелиле да ја изговорат. Секој ден и секој час ние зависиме од Божјото милосрдие кое проштева. Како

тогаш можеме да негуваме омраза и злоба кон своите ближни кои се грешници како и ние! Кога христијаните во секојдневниот живот би ги спроведувале начелата на оваа молитва, каква благотворна промена би се извршила во црквата и во светот! Тоа би било најубедливото сведоштво коешто може да се даде за вистинитоста на библиската вера. {5C 170.2}

Бог бара многу повеќе од Своите следбеници отколку што тоа мнозина си замислуваат. Ако сакаме нашата надеж за небото да не ја градиме на лажни темели, мораме да ги прифатиме зборовите на Библијата како што гласат, и да веруваме дека Господ го мисли тоа што го кажува. Тој од нас не бара ништо, а истовремено да не ни подари благодат да го направиме тоа. Ако не успееме да се издигнеме на висината што ја одредил во Својата Реч, со ништо нема да можеме да се оправдаме на Божјиот ден. {5C 171.1}

Апостолот нè советува: „Љубовта нека не биде лицемерна; стојте настрана од злото, прилепувајте се кон доброто; Со својата братска љубов сакајте се срдечно едни со други; натпреварувајте се во почитувањето еден кон друг" (Римјаните 12:9,10). Павле сака да правиме разлика меѓу чистата, несебична љубов која е плод на Светиот Дух и празната и лажна љубов со која изобилува светот. Оваа ниска и измамна љубов завела многу души. Таа сака да ја избрише разликата меѓу доброто и злото, сожалувајќи го престапникот, наместо верно да му укаже на неговите грешки. Ваквото постапување никогаш не е плод на вистинско пријателство. Духот од кој се раѓа таа живее само во телесното срце. Христијанинот кој сака да биде благ и милосрден и која сака да проштева не може да се чувствува во хармонија со гревот. Тој ќе се гнаси од злото и ќе се држи до она што е добро, дури и кога заради тоа би морал да го жртвува пријателството на безбожниците. Христовиот Дух нè учи да го мразиме гревот, но да бидеме подготвени за секаква жртва за да го спасиме грешникот. {5C 171.2}

„Ова, пак, го зборувам и сведочам во Господ; да не живеете повеќе како што живеат и другите незнабошци, по суетата на својот ум; помрачени во разумот, отуѓени од Божјиот живот поради нивното незнаење и тврдокорноста на нивното срце; дојдени до бесчувство, тие се предадоа на разврат и ненаситно вршат секаква нечистота" (Ефесјаните 4:17-19). Апостолот ги опоменува своите браќа во името и авторитетот на Господа Исуса, ако го исповедаат евангелието дека не смеат да се однесуваат како безбожници, туку со својот секојдневен живот да покажат дека навистина се обратиле. {5C 171.3}

„Тогаш отфрлете го од себе стариот човек според вашето поранешно живеење, кој се распаѓа во измамливите желби, за да се обновите со духот на својот ум и да се облечете во новиот човек, создаден според Бога во вистинска праведност и светост" (Стихови 22-24). Тие некогаш биле расипани, понижени и робови на телесните страсти, опиени со светското вино, ослепени, заведени и измамени од страна на сатаната. А сега, кога биле поучени во вистината на Исуса, мораат да извршат одлучна промена во својот живот и карактер. {5C 172.1}

Изворот на слабост во црквата е тоа што прима членови кои не се обновени во срцето и не го реформирале својот живот. Овој факт често се занемарува. Некои проповедници и цркви, во копнежот што повеќе да го зголемат бројот на своите членови, не го изнесуваат верно сведоштвото против нехристијанските навики и постапки. Тие не ги учат оние што ја примаат вистината дека не можат да живеат светски живот, а истовремено да се нарекуваат христијани. Дотогаш биле поданици на сатаната, отсега се поданици на Христа. Промената на водачот мора да се одрази со сведоштво и

во животот. Јавното мнение е наклонето кон христијанството само по име. Само со малку самоодрекување и пожртвуваност добиваме изглед на побожни луѓе и своите имиња можеме да ги ставиме во црковните книги. Затоа мнозина ѝ приоѓаат на црквата, иако сè уште не станале христијани. Сатаната трумфира заради тоа. Обратените на таков начин се неговите најдобри помошници. Тие служат како мамка на другите души. Тие се лажна светлина која другите ги намамува во пропаст. Напразно е христијанскиот пат да се прави поширок и поугоден за светските луѓе. Бог не го израмнил ниту го проширил овој напорен и тесен пат. Ако сакаме да влеземе во животот мораме да одиме по патот по кој оделе Христос и сите Негови ученици - по патот на понизност, самоодрекувања и жртви. {5C 172.2}

Проповедниците мора да се трудат своите срца да ги посветат на вистината, за со успех да го постигнат тоа и кај своите обратеници. И на проповедниците и на народот им е потребна чиста вера. Луѓето кои ќе го искоренат злото од своето срце и кои сесрдно ќе се обратат кон Бога, ќе добијат помош што само Бог може да им ја даде. За човечките души е платен откуп, и со тоа им е овозможена прилика да се ослободат од јаремот на гревот и да добијат проштевање, чистота и небо. {5C 172.3}

Бог ги слуша повиците на понизните и оние што се кајат. Тие што често се обраќаат на престолот на благодатта со искрени и сесрдни молби за божествена мудрост и сила ќе станат активни и корисни Божји слуги. Тие можат да бидат без големи способности, но со понизност во срцето и потпирајќи се цврсто на Исуса, тие можат да направат многу добро и многу души да доведат кај Христа. Тие можат да допрат до луѓето со Божја помош. {5C 173.1}

Христовите проповедници секогаш треба да чувствуваат дека едно свето дело ја зафатило сета нивна душа. Нивните напори треба да бидат посветени на изградба на Христови цркви, а не на издигнување на себеси пред луѓето. Додека христијаните треба да ги ценат верните проповедници на Христа како Божји амбасадори, тие треба да ја одбегнуваат сета човечка пофалба. {5C 173.2

„И така, угледајте се на Бога, како чеда возљубени, и живејте во љубов како што и Христос ве возљуби и за нас се предаде Себеси како принос и жртва на Бога за пријатен мирис” (Ефесјаните 5:1,2). Човекот се отуѓил од Бога со своите безбожни дела, но Христос го дал Својот живот за сите што сакаат да се спасат од гревот и повторно да ја задобијат благонаклоноста на својот Творец. Христос ја поднел таа голема жртва имајќи ги пред очи откупените и светата вселена. Дали сме ги искористиле толку скапо платените привилегии? Живееме ли како деца мили на Бога, или пак му служиме на кнезот на мракот? На кого му служиме: на Јехова или на Ваал? На живиот Бог или на идолите? {5C 173.3}

Ние во суштина можеме да бидеме идолопоклоници и без видливи олтари и идоли на кои би се задржувал нашиот поглед. Исто е лесно да се направат идоли од омилени идеи и склоности како и богови од камен и дрво. Илјадници луѓе имаат сосема погрешен поим за Бога и за Неговите особини. Како слугите на Ваал, тие му служат на лажен бог. Му служиме ли на вистинскиот Бог, како што е откриено во Неговата реч, во Христа, во природата, или пак му служиме на некој замислен идол, што сме го ставиле на Неговото место? Бог е Бог на вистината. Правдата и милоста се особини на Неговиот престол. Тој е Бог на љубов, сомилост и нежно сочувство. Така е прикажан во својот Син, нашиот Спасител. Тој е Бог на трпението и долготрпеливоста. Ако е такво суштеството што го обожуваме и на кое копнееме да се угледаме, тогаш Му служиме на вистинскиот Бог. {5C 173.4}

Ако сме Христови следбеници, Неговите заслуги, кои нам ни се засметуваат, се издигаат како угоден мирис кон Неговиот Татко. Благодетите на карактерот на нашиот Спасител, пресадени во нашето срце, ќе шират околу нас прекрасен мирис. Духот на љубов, кротост и трпеливост ќе го проникнува нашиот живот и ќе има сила да ги омекне и покори закоравените срца и да ги придобие за Христа огорчените противници на верата. {5C 174.1}

„Не правете ништо од честољубие или за празна слава, но од понизност сметајте се еден друг за погорен од себе". „Правете сè без мрморење и двоумење, за да бидете прави и чисти, непорочни чеда Божји, сред изопачено и развратно поколение, во кое светите како светила во светот" (Филипјаните 2:3,14,15). {5C 174.2}

Суетата и славољубието претставуваат карпи на кои многу души претрпеле бродолом и многу цркви станале немоќни. Луѓето што најмалку знаат за побожноста, кои најмалку се поврзани со Бога се на исто рамниште со луѓето кои најмногу копнеат за високи положби. Тие не ја увидуваат својата слабост и своите карактерни мани. Ако многу наши млади проповедници врз себе не ја почувствуваат Божјата сила што преобразува, нивната работа на црквата ќе ѝ донесе повеќе штета отколку корист. Тие можеби ја изучиле Христовата наука, но не го запознале Христа. Душата која постојано гледа во Исуса ќе ја види Неговата љубов полна со самоодрекување и Неговата длабока понизност и ќе го следи Неговиот пример. Гордоста, славољубието, измамата, омразата и себичноста мораат да се искоренат од срцето. Мнозина делумно ги искореиле овие зли особини, но не ги очистиле потполно своите срца. Во поволни околности нивните чувства повторно оживуваат и тие дозреваат во бунтување против Бога. Овде лежи страшна опасност. Да се сочува само еден грев значи да се трпи непријателот кој само чека погоден момент за да нè турне во пропаст. {5C 174.3}

„Кој меѓу вас е мудар и умен, нека ги покаже преку своето добро однесување делата свои во кротост и мудрост" (Јаков 3:13). Драги браќа и сестри, како го употребувате дарот на говорот? Дали научивте да владеете со јазикот така што секогаш го слушате гласот на просветената совест и светите чувства? Дали од своите разговори ги исклучивте лекомисленоста, гордоста, лукавоста, измамата и нечистотијата? Дали сте без вина пред Бога? Зборовите имаат голема моќ. Ние сами од себе не можеме да го совладаме тој орган. Божествената благодат е нашата единствена надеж. {5C 175.1}

Тие што ревно се трудат да се истакнат би требало пред тоа да настојуваат да стекнат мудрост која е „најнапред чиста, а потоа мирна, кротка, покорна, полна со милост и добри плодови, непристрасна и нелицемерна" (Стих 17). Ми беше покажано дека многу проповедници треба овие зборови да ги врежат во душата. Оној во кого престојува Христос, надежта на славата, „нека ги покаже преку своето добро однесување делата свои во кротост и мудрост" (Стих 13). {5C 175.2}

Петар ги повикува верниците: „А најпосле, бидете сите еднодушни, сочувствителни, братољубиви, милосрдни, дружељубиви, понизни; не враќајте зло за зло или навреда за навреда, туку, напротив: благословувајте, знаејќи дека за тоа сте повикани да наследите благослов. 'Зашто кој го сака животот и сака да види добри денови, нека го пази јазикот свој од зло, и усните негови да не зборуваат лаги. Нека одбегнува зло и нека прави добро, нека бара мир и нека се стреми кон него – бидејќи очите на Господ се вперени кон праведните, и ушите Негови – кон нивните молитви, а лицето Господово е против оние кои прават зло за да ги истреби од земјата'" (1. Петрово 3:8-12). {5C 175.3}

Кога вистинскиот пат е толку јасно означен, зошто тогаш оние кои тврдат дека му припаѓаат на Божјиот народ не одат по него? Зошто не се трудат, залагаат и молат за да имаат еден ум? Зошто не се трудат да бидат сочувствителни едни кон други, да се љубат како браќа, наместо да враќаат зло за зло и пцовка за пцовка? Малку се оние кои сакаат да се угледаат на Спасителот во кротост и понизност. Многу бараат од Господа да ги понизи, а не сакаат да се потчинат на потребната дисциплина. Кога ќе дојде искушение, или неволји или пак само предвестување на истите, срцето се бунтува и јазикот изговара зборови кои се како отровни стрели или град што опустошува. {5C 176.1}

Зборувањето зло е двојно проклетство кое потешко го погодува говорникот од слушателот. Кој сее семе на неслога и расправии во сопствената душа жнее плод на смртта. Колку е беден тој што озборува и секогаш претчувствува зло! Таквиот не ја познава вистинската среќа. {5C 176.2}

„Блажени се миротворците" (Матеј 5:9). Благодат и мир почиваат на оние кои одбиваат да учествуваат во судирот на јазиците. Кога сплеткачите разнесуваат зборови од семејство на семејство, тие што се бојат од Господа ќе останат во своите домови. Времето, кое толку често се троши напразно на површно и злонамерно озборување, треба да се посвети на повозвишени и поблагородни предмети. Кога нашите браќа и сестри би сакале да бидат Божји мисионери, кои ги посетуваат болните и несреќните, кои трпеливо и нежно се залагаат за грешникот – накратко кога би се угледале на Примерот – црквата би напредувала во сите свои области. {5C 176.3}

Гревот на зборување зло почнува со негување на зли мисли. Измамата (лукавството) ја опфаќа нечистотијата во сите облици. Ако негуваме една нечиста мисла, ако негуваме една несвета желба, душата станува затруена, а нејзината исправност оскврнета. „Потоа похота, откако ќе се зачне раѓа грев, а гревот, извршен, раѓа смрт" (Јаков 1:15). Ако не сакаме да направиме грев, тогаш мораме да го избегнуваме и самото негово зачнување. Секое чувство и желба мораат да бидат потчинети на разумот и совеста. Секоја несвета мисла треба веднаш да се отфрли. Повлечете се во својот клет, следбеници на Христа! Молете се во вера и со цело срце. Сатаната демнее за да ве фати во својата стапица. Морате да добиете помош одозгора ако сакате да се спасите од неговите измами. {5C 177.1}

Со вера и со молитва сите можат да ги исполнат барањата на Библијата. Никој не може да биде присилен на престап. Прво мора да биде придобиена неговата согласност; душата копнее кон грешната постапка пред страста да завладее со разумот и пред беззаконието да ја победи совеста. Искушението, колку и да е силно, никогаш не е оправдување за гревот. „Очите на Господ се вперени кон праведните, и ушите Негови – кон нивните молитви" (1. Петрово 3:12). Викај кон Господа душо искушувана! Иако беспомошна и недостојна потпри се на Исуса, и барај го Неговото ветување. Господ ќе слушне. Тој знае колку се силни природните склоности на срцето и ќе ти помогне во секој момент на искушување. {5C 177.2}

Дали сте паднале во грев? Тогаш без одложување барајте од Господа милост и проштевање. Кога Давид го согледал својот грев, ја излеал својата душа во покајание и понизност пред Бога. Чувствувал дека полесно може да ја поднесе загубата на круната од губењето на Божјото одобрување. На грешникот сè уште му пружа милост. Господ нè повикува во сите наши талкања: „Вратете се, синови одметници и Јас ќе го излекувам вашето непокорство" (Еремија 3:22). Можеме да уживаме Божји благослов ако го послушаме гласот на Неговиот Дух што преколнува: „Како таткото што ги милува синовите, така и Господ ги милува оние, кои се бојат од Него" (Псалм 103:3). {5C 177.3}

_____

17. ТРУДОЉУБИВОСТ ВО РАБОТАТА

„Си видел ли вешт и искусен човек во својата работа? Тој ќе служи на цареви, нема да остане меѓу простите". „Мрзливата рака донесува сиромаштво, а раката на работливиот збогатува" (Изреки 22:29; 10:4). „Со својата братска љубов сакајте се срдечно едни со други; натпреварувајте се во почитувањето еден кон друг. Во сесрдноста да не сте колебливи; бидете со горлив дух; служете Му на Господ" (Римјаните 12:10, 11). {5С 178.1}

Многу поуки за трудољубивоста во Стариот и Новиот завет јасно ја прикажуваат тесната врска меѓу животните навики и нашите верски чувства и постапки. Човечкиот ум и тело се создадени на тој начин што им е потребна работа за правилно да се развиваат сите способности. Додека мнозина прекумерно се зафатени со земни работи, другите запаѓаат во спротивна крајност и не работат доволно за да се издржуваат себеси и оние кои зависат од нив. Братот _____ спаѓа во таа група на луѓе. Тој всушност не ги исполнува должностите на сопруг и татко во семејството. Тој најтешките товари и одговорности ѝ ги препушта на неговата сопруга, а самиот се препушта на мрзливост или се занимава со ситници кои не донесуваат средства за издржување на семејството. Тој е во состојба со часови да седи и разговара со своите синови или соседи за прашања кои се потполно безначајни. Лекомислено гледа на нештата и ужива, додека неговата сопруга и мајка ги извршува работите кои мора да се извршат за да се подготви храна за јадење и алишта за облекување. {5С 178.2}

Овој брат е сиромашен човек и секогаш ќе биде товар за општеството ако не ги искористи благодетите кои Бог му ги дал и ако не стане човек. Секој може да најде некоја работа ако навистина го сака тоа, но ако биде безгрижен и невнимателен, местото што би можел да го добие ќе го заземе некој што е повреден и поспособен. {5С 178.3}

Бог не одредил ти, драги брате, да бидеш сиромашен до таа мера како што си сега. Зошто ти дал физичка сила? Ти си исто толку одговорен за твојата физичка сила како што твоите браќа се одговорни за своите пари. Некои од тие браќа денес би имале добивка доколку својот имот би го замениле за твојата физичка сила. Меѓутоа, кога би се нашле во твоја положба, тие со вредна употреба на своите умни и физички способности набргу би излегле од сиромаштијата и не би биле должни никому. Околностите навидум се против тебе не затоа што Бог има нешто против тебе, туку затоа што не ја употребуваш силата што Тој ти ја дал. Тој не сака твоите способности да за'рѓаат од неработење, туку да се засилат со употребување. {5С 178.4}

Верата која ја исповедаш ти наложува да го искористиш времето во текот на шесте работни денови како и да присуствуваш во црквата во сабота. Не си вреден во работата. Дозволуваш да поминуваат часови, денови, дури и седмици, а ништо да не направиш. Најдобрата проповед што можеш да му ја одржиш на светот е да покажеш решителна преобразба во својот живот и да се погрижиш за своето семејство. Апостолот вели: „Ако некој не се грижи за своите, а особено за своите домашни, тој се одрекол од верата и полош е од безверник" (1. Тимотеј 5:8). {5С 179.1}

Му нанесуваш срам на Божјото дело на тој начин што се населуваш во некое место, каде што времето го поминуваш во неработење, а потоа си принуден да западнеш во

долгови за да го издржуваш своето семејство. Долговите кои треба да ги платиш не ги плаќаш секогаш навремено, туку наместо тоа се преселуваш на друго место. Така ги измамуваш своите ближни. Светот има право да очекува строга чесност од оние кои го исповедаат библиското христијанство. Ако еден човек е несовесен во поглед на плаќањето на своите долгови, целиот наш народ доаѓа во опасност да биде сметан како недоверлив. {5C 179.2}

„Сè она што сакате да ви прават луѓето, правете им го и вие; зашто тоа е Законот и пророците" (Матеј 7:12). Тоа се однесува на оние коишто работат со своите раце како и на оние кои располагаат со таленти. Бог ти дал сила и способност, но ти не ги искористи. {5C 179.3}

Имаш доволно сила да го издржуваш твоето семејство. Ако е потребно стани рано, додека уште светат ѕвездите. Испланирај што ќе работиш, а потоа тоа спроведи го во дело. Исполни го секое ветување, освен ако не те совлада болест. Подобро е да бидеш лишен од храна и сон, отколку да им го скратиш на другите тоа што им го должиш. {5C 180.1}

На ридот на напредокот не можеме да се искачиме без напори. Никој не смее да очекува друг да го носи до врвот, било во верски или световни прашања. Трката не ја добива секогаш тој што е најбрз, ниту битката тој што е најсилен, но оној што работи со мрзлива рака ќе биде сиромашен. Вредните и истрајни луѓе не само што самите се среќни, туку во голема мера придонесуваат за среќата на другите. Способноста и удобноста се стекнуваат само по цена на сесрдна трудољубивост. Фараонот покажал дека ја цени таа црта во карактерот кога му рекол на Јосифа: „Ако знаеш дека меѓу нив (браќата на Јосиф) има способни луѓе, постави ги за надзорници на мојот добиток" (Создавање 47:6). {5C 180.2}

Нема никакво оправдување за Братот _____, освен ако љубовта кон удобноста и неговата неспособност да мисли и да изведе некоја работа се сметаат како оправдување. За него сега би било најдобро да замине од дома и да работи под раководство на некого кој за него ќе ја планира работата. Тој толку долго беше безгрижен и мрзлив господар на своето тело што не можеше да постигне ништо, а со тоа им дава лош пример на своите деца. Децата носат печат на неговиот карактер, и дозволуваат мајката да го носи товарот. Кога од нив ќе се бара да сработат нешто, тие ќе сработат; но тие не ја негуваат способноста што треба сите деца да ја негуваат, да согледаат што треба да се направи без да им се каже тоа. {5C 180.3}

Жената нанесува сериозна штета на себеси и на своето семејство доколку ја извршува и својата и нивната работа – кога донесува дрва и вода, дури зема и секира во рацете да подготви дрва додека нејзиниот сопруг и нејзините деца седат околу огништето и удобно си разговараат. Бог никогаш не одредил сопругите и мајките да бидат робови на семејствата. Многу мајки се преоптоварени со грижи затоа што децата не се воспитани да учествуваат во носењето на домашните товари. Заради тоа тие брзо стареат и умираат прерано, оставајќи ги своите деца токму тогаш кога мајката е најпотребна да управува со нивните неискусни чекори. Кој е виновен за тоа? {5C 180.4}

Сопругот мора да направи сè што е во негова моќ да ја поштеди својата сопруга од грижи и да го одржи нејзиното весело расположение. Кај децата никогаш не смее да се поттикнува или да се трпи мрзливост, бидејќи таа набргу преминува во навика. Ако не се зафатени со корисна работа, способностите или малаксуваат (губат вредност) или се употребуваат за зли дела. {5C 181.1}

На тебе, драги брате, ти е потребна работа. Тоа го покажува секоја црта на твоето лице и секоја способност на твојот ум. Не ја сакаш тешката работа, ниту сакаш да го заработуваш својот леб со пот од лицето свое. Но тоа е предвидено со Божјиот план за егзистирање на човекот. {5C 181.2}

Не го извршуваш до крај тоа што го преземаш. Не си се навикнал на систематичност. Систематичноста е од најголемо значење. Кога работиш една работа, работи го само тоа; и сработи ја добро пред да почнеш нешто друго. Мораш да имаш одредено време за станување, за молитва и за јадење. Мнозина трошат драгоцени мигови во постела бидејќи тоа им годи на природните склоности, а за станување е потребен напор. Еден час загубен наутро – загубен е засекогаш и не може да се надомести. Мудрецот вели: „Минував покрај нивата на мрзлив човек и покрај лозје на неразумен човек, и ете сè беше обраснато со трње, нивата беше покриена со коприва, а камената ограда негова беше урната. И го погледнав, го устремив срцето свое, погледнав и поука извлеков: 'Малку ќе поспиеш, малку ќе задремеш, малку со скрстени раце ќе полежиш' – и сиромаштијата ќе ти дојде како брзоодец, и немаштијата твоја – како вооружен човек" (Изреки 24:30-34). {5C 181.3}

Оние што прават било каква претензија кон побожност треба да ја украсат науката која ја исповедаат, и не смеат да дозволат вистината да биде клеветена заради нивното непромислено однесување. „Не должете никому ништо" (Римјаните 13:8), вели апостолот. Драги брате, сега мораш да работиш напорно за да се одвикнеш од мрзеливоста и да го надоместиш времето. Нека светот види дека вистината извршила преобразба во твојот живот. {5C 181.4}

---

18. НАСЕЛУВАЊЕ ВО БАТЛ КРИК

Нашиот Спасител себе се опишува како човек кој заминал во некоја далечна земја, оставајќи во домот избрани слуги, и доделувајќи му секому одредена должност. Секој христијанин има некоја должност што треба да ја изврши за својот Господар. Ние не смееме да го бараме она што е лесно за нас и да живееме како што нам ни е мило, туку наша прва задача е да го изградуваме Христовото царство. Ако на своите ближни им помагаме со несебични напори, не само што ќе ја докажеме својата љубов кон Исуса, туку ќе останеме во Негова близина, во вера и покорност, и нашите души постојано ќе раснат во благодатта и во познавањето на вистината. {5C 182.1}

Бог го расеал Својот народ на разни места за светлината на вистината да свети во мракот што ја обвива земјата. Колку е погуст мракот околу нас, толку посилно мора да свети нашата светлина за Бога. И доколку западнеме во тешкотии и искушенија, тоа воопшто не значи дека не се наоѓаме на местото што ни го одредило Провидението. Меѓу римските христијани Павле ги спомнува и оние „кои се од домот на Ќесарот". За христијаните не постоела понеповолна морална атмосфера од онаа што владеела на римскиот двор за време на свирепиот и изопачен Нерон. Но тие што го примиле Христа, додека се наоѓале во служба на императорот, не мислеле дека треба да ја напуштат својата должност затоа што се обратиле. Тие верно сведочеле за Христа среде заводливите искушенија, огорченото противење и страшните опасности. {5C 182.2}

Секој кој целосно ќе се потпре на божествената благодат може неговиот живот да го направи постојано сведоштво за вистината. Никој не се наоѓа во такви прилики да не

може да биде вистински и верен христијанин. Колку и да се големи пречките, сите што се решиле да го слушаат Бога пред себе ќе имаат отворен пат. {5C 182.3}

Тие што и под најнеповолни услови му остануваат верни на Бога со тоа стекнуваат најдрагоцени искуства. Со секоја совладана пречка, со секое искушение на кое му одолеале се засилува и нивната сила. Овој факт често се губи од вид. Кога некоја личност ќе ја прими вистината, тогаш нејзините пријатели погрешно мислат дека треба да ја заштитат од секое искушение или неволја, па веднаш настојуваат да ѝ обезбедат полесни животни прилики. Ја праќаат таму каде што сите се во хармонија со неа. Но дали со тоа се зголемува духовната сила на таквите личности? Во многу случаи не. Таа се развива без цврстина, како билка во стаклена градина. Престанува да бдее и нејзината вера слабее. Таа ниту расте во благодатта ниту им помага на другите. {5C 183.1}

Тие што се плашат да се заложат за вистината меѓу неверниците и противниците, јас ги повикувам да помислат на верниците во домот на Нерон, да помислат на опасностите и прогонствата на кои биле изложени, и од нивниот пример да црпат храброст, истрајност и вера. {5C 183.2}

Можеби некогаш ќе биде добро тие што се нови во верата да се заштитат од големите искушенија или напади и да се пратат во места каде што искусните христијани ќе им помогнат со својата грижа и совети. Но тие сепак треба да имаат на ум дека животот на христијанинот е постојана борба и дека тие што сакаат лесен живот и неработење нема да имаат успех. {5C 183.3}

Откако сме ја примиле вистината, не треба да им приоѓаме на оние што ѝ се противат ниту да заминуваме онаму каде што би ни било тешко да живееме според својата вера. Но, ако некој кој веќе се наоѓа во таква ситуација, ја прими вистината, треба сериозно да размисли пред да го напушти својот крај. Можеби токму Провидението сака тој со својот пример и влијание да ги приведе другите кон познавање на вистината. {5C 183.4}

Мнозина со роднински врски се поврзани со противниците на вистината. Овие верници често се изложени на големи искушенија, но со божествената благодат, тие можат да го прославаат Бога преку покорување на вистината. {5C 184.1}

Како Христови слуги мораме да бидеме верни на местото што Бог ни го одредил за да Му служиме најделотворно. Ако се покаже прилика да бидеме од уште поголема корист, треба да ја прифатиме ако Господарот ни го налага тоа, и тогаш Неговото одобрување и насмевка ќе бидат врз нас. Но не смееме да го напуштиме делото што ни е наменето, освен ако Господ на јасен начин покаже дека треба да Му служиме на некое друго место. {5C 184.2}

За разни гранки на делото се бараат и разни способности. Дрводелецот не е компетентен за работа на наковална, ниту ковачот за употреба на ренде. На трговецот не му е местото покрај болничкиот кревет, ниту на лекарот во некоја работна канцеларија. Луѓето кои ќе станат уморни со работата која Бог им ја доверил и за себе бараат положба на која не можат и нема да имаат успех, ќе бидат прогласени како мрзливи слуги. „Секому своја работа”. Никој не може да се ослободи од своите должности. {5C 184.3}

Како народ, ние не сме ја сфатиле доволно сериозно својата должност да работиме како мисионери таму каде што Бог нè поставил. Многу се одвратуваат од својата сегашна должност и копнеат за некое пошироко поле на работа. Мнозина сметаат дека на некоја друга положба би им било полесно да ѝ се покоруваат на

вистината. Се мисли дека нашите поголеми цркви овозможуваат повеќе предности, па меѓу нашите браќа владее сè посилен копнеж да ги остават своите сегашни места и да се преселат во Батл Крик или во близина не некоја друга голема црква. Овој копнеж не само што го загрозува напредокот а дури и животот на нашите помали цркви, туку ни оневозможува да ја вршиме токму онаа должност која Бог ни ја доверил и ја уништува нашата духовност и својата способност како народ да бидеме од корист. {5C 184.4}

Речиси од сите цркви во Мичиген и, во извесна мерка, од другите држави, нашите браќа и сестри се натрупуваат во Батл Крик. Мнозина од нив беа од голема помош во помалите цркви и нивното заминување многу ги заслабна тие мали групи; во некои случаи тие цркви останаа потполно неорганизирани. {5C 184.5}

Дали тие што дојдоа во Батл Крик се покажаа како корисни за тамошната црква? Кога ми беше покажано ова прашање, очекував да ги видам сите оние кои изнесуваат живо сведоштво за Бога, кои чувствуваат бреме за младите, кои одат од куќа до куќа молејќи се со семејствата и работејќи за нивно духовно добро. Видов како луѓето ги занемарија сите овие должности. Доаѓајќи во таа голема црква, многумина чувствуваат дека за нив нема работа која треба да ја извршуваат. И затоа ги скрстуваат рацете и ги избегнуваат сите одговорности и напори. {5C 185.1}

Има и такви кои дојдоа само заради одредена финансиска корист. Тие претставуваат тешко бреме за црквата. Тие се товар и пречка на земјата и со своите бесплодни гранки го сокриваат небесното сонце од другите дрвја. {5C 185.2}

На Бога не му е мило во Батл Крик да живеат толкав број на наши проповедници. Тие би биле од многу поголема корист кога со своите семејства би живееле во разни делови на полето за работа. Вистина е дека проповедниците само мал дел од своето време го поминуваат во своите домови, но има многу места каде што тие токму за тоа време би биле од многу поголема корист за Божјото дело. {5C 185.3}

„Што правиш овде?" – им вели Господ на мнозина во Батл Крик. Како ќе дадете сметка за тоа што сте го напуштиле делото кое ви беше доверено и станавте пречка наместо помош на црквата? {5C 185.4}

Браќа, ве молам да ја споредите својата сегашна духовна состојба со онаа во која се наоѓавте кога бевте активно посветени на Христовото дело. Додека ја помагавте и крепевте црквата, стекнувавте драгоцено искуство и во вашите срца престојуваше Божјата љубов. Кога престанавте да работите за другите, зар вашата љубов не олади и вашата ревност не ослабна? А како е со вашите деца? Дали сега се поцврсти во вистината и попредани на Бога од тоа што беа пред да дојдат во оваа голема црква? {5C 185.5}

Некои од оние кои се долго поврзани со Божјото дело шират влијание кое е кобно за духовноста и посветеноста. Младите кои се затврднати за евангелието околу себе шират атмосфера на световен дух, непочитување и неверност. Зар сакате своите деца да ги изложите на влијанието на таквите другари? За нив би било подобро да не стекнат никакво образование, отколку да го стекнат жртвувајќи ги начелата и Божјиот благослов. {5C 186.1}

Меѓу младите, кои доаѓаат во Батл Крик, има и такви кои остануваат верни на Бога и покрај искушенијата на кои се изложени. Но бројот на таквите е мал. Мнозина кои заминале таму со длабока вера во вистината, во Библијата и во верата, нивните нерелигиозни другари ги заведоа на погрешен пат, така што се вратија во своите домови сомневајќи се во секоја вистина која ни е драга нам како на народ. {5C 186.2}

Нека размислат добро нашите браќа кои сакаат да се преселат во Батл Крик или да ги пратат таму своите деца. Ако силите кои се наоѓаат во овој голем центар не ја чуваат

тврдината, ако верата и побожноста на црквите не се во согласност со нивните предности и можности, тоа може да биде најопасното место кое можете да го одберете. Видов како ангелите гледаат на состојбата во оваа црква. И стражарите и народот се наоѓаат во духовна измама. Тие формално ја држат верата, но им недостигаат цврстите начела на праведноста. Ако во оваа црква не се изврши решителна промена, голема преобразба, училиштето кое таму се наоѓа треба да се премести на некое друго место. {5C 186.3}

Доколку младината, која со години живееше овде, ги искористеше предностите што и се овозможуваа, неколку од нив кои денес се сќептици би се посветиле на службата на проповедање на евангелието. Но тие сметаа дека сомнежот во вистината претставува доказ за умна надмоќност и се фалеа со својата независност и со своето неверство. Тие му пркосеа на Духот на благодатта и со своите нозе ја газеа Христовата крв. {5C 186.4}

Каде се мисионерите коишто треба да се подигнат во срцето на делото? Од него секоја година би требало да тргнат дваесет до триесет мисионери за да им ја однесат вистината на оние што живеат во темнина. Но побожноста се наоѓа на толку низок степен, духот на преданоста е толку слаб, а световниот дух и себичноста се толку силни што моралната атмосфера создава мртвило кое е кобно за мисионерската ревност. {5C 187.1}

Не е потребно да одиме во странски земји за да станеме Божји мисионери. Секаде околу нас „нивите се готови за жетва" и кој и да посака може да собира „род за вечен живот". Бог повикува многу луѓе од Батл Крик, кои умираат поради духовната мрзеливост, да одат таму каде што е потребна нивната работа на Неговото дело. Заминете од Батл Крик, дури и ако заради тоа морате да претрпите материјални загуби. Одете таму каде што ќе бидете благослов за другите. Одете таму каде што ќе можете да засилите некоја немоќна црква. Искористете ги силите што Бог ви ги подарил. {5C 187.2}

Излезете од своето духовно мртвило. Трудете се со сите свои сили да ги спасите своите души и душите на другите. Сега не е време да викате: „мир и безбедност". Слаткоречивите говорници не треба да ја шират оваа вест. Вистината мора да се кажува во сета нејзина строгост. Потребни се луѓе со трудољубив дух – луѓе кои сесрдно и неуморно ќе работат на пречистување на црквата и на опоменување на светот. {5C 187.3}

Пред нас е голема задача која треба да се изврши. Мораат да се направат поширок планови, мора да се слушне глас кој ќе ги пробуди народите. Луѓето чија вера е слаба и кои се колебаат не се оние кои треба да го спроведуваат делото во оваа голема криза. Нам ни е потребна храброста на хероите и верата на маченицте. {5C 187.4}

---

19. СВЕТОВНОСТ ВО ЦРКВАТА

Знаеме дека Бог не се срамел кога светите луѓе во старо време го нарекувале свој Бог. Ја знаеме и причината за тоа. Наместо да копнеат за земно богатство и да ја бараат среќата во световните успеси, тие сè што имале го ставиле на Божјиот олтар и го употребиле за изградба на Неговото царство. Тие живееле само за Божја слава и зборувале дека се странци и патници на земјата, кои бараат подобра земја, т. е. небесната. Нивниот живот ја потврдувал нивната вера. Бог можел да им ја довери својата вистина и да им препушти ним да ја објават Неговата света волја. {5C 188.1}

А како Божјиот народ денес ја брани честа на Неговото име? Како светот може да заклучи дека тие се посебен народ? Со што тие докажуваат дека се жители на небото? Тие, со својот себичен живот и со копнежот за задоволства, погрешно го претставуваат Христовиот карактер. Тој не може на ниеден виден начин да ги почести пред светот, без да го одобри нивното криво прикажување на Неговиот карактер. {5C 188.2}

И зборувам на црквата во Батл Крик; какво сведоштво му давате на светот? Кога ми беше покажан вашиот начин на живот ми беа покажани куќите кои нашите браќа неодамна ги изградија во тој град. Тие згради се споменици на вашето неверство во науката за која тврдите дека ја исповедате. Тие проповедаат проповеди појасно од било какви проповеди од проповедалната. Видов дека неверниците укажуваат на нив со потсмев и како на негирање на нашата вера. Тие го објавуваат она што сопствениците на тие куќи го рекле во своето срце: „Господарот мој нема да дојде уште долго време". {5C 188.3}

Ја набљудував облеката и ги слушав разговорите на мнозина кои ја исповедаат вистината. И едното и другото е спротивно на начелата на вистината. Облеката и разговорот покажуваат што им е најмило на тие што тврдат дека се патници и странци на земјата. „Тие се од светот, затоа и световно зборуваат, а светот ги слуша" (1. Јованово 4:5). {5C 188.4}

Чистата едноставност треба да ги обележува домовите и облеките на оние кои веруваат во свечената вистина. Тоа што средствата непотребно се трошат на облекување или на украсување на нашите домови значи растурање на парите на нашиот Господ. Тоа значи крадење од Божјото дело заради задоволување на гордоста. Нашите институции се оптоварени со долгови, и како можеме да очекуваме Господ да ги вослиши нашите молитви за нивно напредување кога самите не го правиме тоа што можеме за да ги извлечеме од материјалните неприлики. {5C 189.1}

Би сакала да ви се обратам како што Христос му се обратил на Никодим: "Затоа, не чуди се што ти реков: вие треба да се родите одозгора" (Јован 3:7). Оние во чиишто души владее Христос нема да посакаат да се угледаат на надворешното покажување на овој свет. Тие насекаде ќе го носат знамето на крстот и ќе сведочат за повозвишените и поблагородните цели од оние за кои копнеат луѓето од овој свет. Нашата облека, нашиот дом, нашиот разговор треба секогаш да сведочат за тоа дека сме се посветиле на Бога. Со голема сила ќе располагаат оние кои на тој начин ќе докажат дека се одрекле од сè заради Христа. Бог нема да се срами да ги признае за Свои деца. Тој ќе го благослови Својот предан народ, а неверниците ќе имаат стравопочит кон Него. {5C 189.2}

Христос копнее за тоа со Својот Дух да делува моќно на преобразување и обратување на грешниците. Меѓутоа, според Неговиот божествен план ова дело мора да се изврши со посредство на Неговата црква. Но нејзините членови толку се одвоиле од Него што е невозможно преку нив да ја спроведе Својата волја. Тој одлучил да дејствува преку орудија, но тоа орудие мора да биде во согласност со Неговиот карактер. {5C 189.3}

Кој во Батл Крик е верен и предан? Таквите треба да поминат на страната на Господа. Ако сакаме да бидеме во положба Бог да може да нè употребува, тогаш мораме да имаме лична вера и лично искуство. Денес се безбедни само оние кои потполно се потпираат на Бога. Не смееме да се угледаме на ниеден човечки пример и не смееме да се потпреме на ниедна човечка поддршка. Мнозина постојано заземаат погрешен став и преземаат погрешни чекори. Ако се потпреме на нивното водство, ќе отидеме на погрешен пат. {5C 189.4}

Некои кои тврдат дека се Божји претставници ја негираат верата со својот секојдневен живот. Тие на народот му изнесуваат значајни вистини; но на кого влијаат тие вистини? Кој согледал дека греши? Слушателите знаат дека тие што денес им проповедаат утре ќе бидат први кои ќе им се придружат во уживањата, веселбата и површноста. Нивното однесување надвор од проповедалната ја смирува совеста на заблудените и предизвикува презир кон делото на проповедањето. Тие самите спијат на самата граница на вечниот свет. Крвта на душите е на нивната облека. {5C 190.1}

Како се зафатени верните слуги на Христа? - "Со секаква молитва и молба во секоја пригода молете се во духот", молејќи се во тајност, во семејството, во црквата и на секое место, "и постојано бидете будни со сета истрајност" (Ефесјаните 6:18). Тие согледуваат дека душите се во опасност и во сесрдна и кротка вера преколнуваат во нивно име за Божјите ветувања. Откупот што го платил Христос – помирувањето обезбедено на крстот - секогаш им е пред очи. Тие ќе имаат души како печат на нивната служба. {5C 190.2}

Господ го укорува Својот народ заради неговата гордост и неверие. Тој нема да им ја врати радоста на Своето спасение ако се оддалечат од поучувањето на Неговото слово и Неговиот Дух. Тој ќе им даде благодат на оние кои се бојат од Него и кои одат во вистината, а ќе ги повлече Своите благослови на сите коишто се прилагодуваат на овој свет. Милоста и вистината се ветени на тој што е кроток и кој се кае, а казната се изрекува на бунтовниците. {5C 190.3}

Црквата во Батл Крик не мораше да биде осквернета со идолопоклонство, а нејзината вера можеше да биде пример за другите цркви. Меѓутоа, таа повеќе сака да се оддалечи од Божјите заповеди отколку да се одрече од пријателството со овој свет. Таа им се придружи на идолите кои ги избра. Заради земниот успех и наклонетоста на еден безбожен свет таа мисли дека е богата пред Бога. Мнозина ќе бидат искушани на таа судбоносна заблуда. Божествениот карактер и духовната сила исчезнаа од црквата. {5C 190.4}

Ја советувам оваа црква да ја прими опомената на Спасителот: "Спомни си од каде си паднал и покај се, и врши ги поранешните дела; ако не, скоро ќе ти дојдам и ќе го преместам свеќникот твој од местото негово, ако не се покаеш" (Откровение 2:5). {5C 191.1}

---

20. ТРЕБА ЛИ ДА БАРАМЕ СОВЕТИ ОД СПИРИТИСТИЧКИ ЛЕКАРИ?

"А Охозија падна низ прозорецот од горната соба на својот дворец, во Самарија, и тешко се повреди. Па испрати гласници и им рече: 'Одете и прашајте го Веелзевул, акаронското божество: ќе оздравам ли од оваа повреда?' Тогаш ангел Господов му кажа на Илија тесвитецот: 'Стани, пресретни ги пратениците на самарјанскиот цар и кажи им: 'Зар во Израел нема Бог, та сте тргнале да го прашате Веелзевул, акаронското божество?' Затоа вака вели Господ: 'Од постелата на која си легнал, нема да станеш, туку ќе умреш'" (2. Царевите 1:2-4). {5C 191.2}

Овој настан најочигледно го покажува божественото негодување кон оние кои се одвојуваат од Бога и им се обратуваат на сатанските претставници. Кратко време пред настанот што е изложен погоре во израелското царство се променил владетелот. Ахав го погодила Божја казна, и него го наследил неговиот син Охозија, кој имал безвреден карактер и кој го вршел само тоа што е зло во очите Господови одејќи по стапките на

својот татко и својата мајка и наведувајќи го Израел на грев. Тој му служел и му се поклонувал на Ваал и го предизвикал гневот на Господа Израелскиот Бог, како што правел неговиот татко Ахав. Но набргу бунтовничкиот цар го снашла казна. Војната против Моавците и несреќниот настан кој го загрозил и самиот негов живот го покажуваат Божјиот гнев кон Охозија. {5C 191.3}

Што сè чул и видел Израелскиот цар во времето на својот татко, за чудесните дела на Највозвишениот! Каков страшен доказ за Својата строгост и позитивна љубомора дал Бог на отпадничкиот Израел! Сето тоа му било познато на Охозија. Меѓутоа, тој сепак постапувал како таа ужасна реалност и дури страшниот крај на неговиот татко да е само празна приказна. Наместо да го понизи своето срце пред Бога, тој се осмелил да го изврши најдрското дело на безбожништво што го обележил неговиот живот. Тој им заповедал на своите слуги: "Одете и прашајте го Веелзевул, акаронското божество: ќе оздравам ли од оваа болест?" {5C 192.1}

Се претпоставувало дека Акаронскиот идол преку своите свештеници дава известувања за идните настани. Тој се здобил со толкава општа доверба што дури му се обраќале и мнозина од далечни краеви. Пророштвата што се изречени таму и известувањата што таму се дадени потекнувале непосредно од кнезот на темнината. Сатаната го воспоставил и го одржувал обожувањето на идоли за да го оддалечи човечкиот ум од Бога. Неговите застапници го поддржувале царството на темнината и лагата. {5C 192.2}

Историјата за гревот на царот Охозија и неговото казнување содржи поука на предупредување и со чие занемарување никој не може да помине неказнет. Иако не им оддаваме чест на безбожничките богови, Илјадници се поклонуваат пред олтарот на сатаната, исто така како што тоа го правел и царот Охозија. Духот на незнабожечкото идолопоклонство постои и денес, иако под влијание на науката и образованието добил поубав и попривлечен облик. Секој ден донесува жални докази дека верата во непогрешливото пророчко слово опаѓа брзо и дека наместо неа суеверноста и сатанските маѓии го меѓепсуваат разумот на луѓето. Сите кои не го истражуваат Светото Писмо со ревност и кои секоја желба и план во животот не ја мерат со тоа непогрешливо мерило, сите кои не го бараат Бога молејќи се да ја дознаат Неговата волја сигурно ќе свртат од вистинскиот пат и ќе западнат во стапиците на сатаната. {5C 192.3}

Незнабожечките пророштва се наследени со денешните спиритистички медиуми, јасновидци и магионичари. Таинствените гласови кои зборувале во Акарон и Ендор со своите лажливи зборови сè уште ги заведуваат човечките деца. Кнезот на темнината само се појавува под нова маска. Мистериите на незнабожечкото идолопоклонство се заменети со тајни здруженија и спиритистички сеанси и разни таинствени чуда на магионичарите во наше време. Илјадници луѓе кои одбиваат да ја примат светлината на Божјата Реч или Неговиот Дух желно ги прифаќаат нивните откритија. Додека тие со потсмев зборуваат за гатачите во стариот век, големиот измамник се смее и триумфира што тие им подлегнуваат на неговите вештини со нов облик. {5C 193.1}

Неговите претставници сè уште тврдат дека лекуваат болести. Тие својата моќ ја препишуваат на електрицитетот, магнетизмот или на таканаречените "симпатетични лекови". Всушност, сето тоа се одлични канали за сатанската електрична струја. Со тие средства тој ги заслепува и телата и душите на луѓето. {5C 193.2}

Одвреме навреме добивам писма и од проповедници и од поедини членови на црквата во кои прашуваат дали сметам дека е лошо да се бараат совети од спиритистички и далековидни лекари. Не одговорив на тие писма бидејќи немав време.

Меѓутоа, токму во овој момент вниманието повторно ми е насочено на тоа прашање. Тие посредници на сатаната станаа толку многубројни што стана вообичаено од нив да се побара совет и потребно е да се објават зборови на опомена. {5C 193.3}

Бог ни даде можност да стекнеме знаење за законите на здравјето. Тој нè задолжи да ги сочуваме нашите физички сили во најдобра можна состојба за да можеме да Му пружаме прифатлива служба. Тие кои не ги користат светлината и знаењето кои милостиво им се ставени на дофат, одбиваат едно од средствата кои Бог им ги дал за да го развиваат духовниот и телесниот живот. Тие на тој начин се изложуваат на измамите на сатаната. {5C 193.4}

Не е мал бројот на оние од христијанскиот народ во христијанското време кои со поголема доверба им се обраќаат на злите духови отколку што се доверуваат на силата на живиот Бог. Мајката која бдее над постелата на болното дете извикнува: "Повеќе не можам да направам ништо. Постои ли лекар кој може да го излечи моето дете?" Некој ќе ѝ раскаже за чудесното излекување на некој јасновидец или магнетичен исцелител и таа своето дете го доверува на негова грижа, ставајќи го токму во рацете на сатаната како тој да се наоѓа непосредно до неа. Во многу случи идниот живот на детето е под власт на сатанската моќ која е речиси невозможно да се совлада. {5C 193.5}

Мнозина не сакаат да ги вложат потребните напори за да стекнат знаење за законите на животот и за едноставните средства кои би требало да се употребат за да се подобри здравјето. Тие немаат правилен однос кон животот. Кога ќе заболат заради кршење на природните закони, тие не се трудат да ги исправат своите грешки и да бараат благослов од Бога, туку се обраќаат на лекари. Доколку се случи да оздрават, тие тоа го препишуваат на лековите и лекарите. Секогаш се подготвени да ја обожуваат човечката моќ и мудрост, не познавајќи друг Бог освен човекот - правот и пепелта. {5C 194.1}

Слушнав некоја мајка како преколнува некој неверен лекар да го спаси животот на нејзиното дете. Меѓутоа, кога ја преколнував да се обрати за помош кај Големиот Лекар кој е во состојба да го спаси секого кој ќе Му се обрати со вера, таа нетрпеливо ме напушти. Овде се покажа истиот дух кој го негувал Охозија. {5C 194.2}

Не е безопасно да се има доверба на лекарите кои немаат Божји страв во себе. Без влијание на божествената сила, срцата на луѓето се "лукави повеќе од сè и наполно расипани" (Еремија 17:9). Самоиздигањето е нивната цел. Какви сè беззаконија и измами се кријат под маската на лекарскиот повик! Лекарот може да тврди дека поседува голема мудрост и чудесна вештина, а притоа неговиот карактер сепак може да биде неморален и неговите постапки спротивни на животните закони. Нашиот Господ Бог нè уверува дека е подготвен да ни биде милостив. Тој нè повикува да Му се обратиме во деновите на неволја. Како можеме да се отргнеме од Него за да се потпреме на телесна рака? {5C 194.3}

Дојдете со мене во една болничка соба. Тука лежи сопруг и татко, човек кој е благослов за општеството и за Божјото дело. Болеста наеднаш го собори. Тој копнее за чиста вода за да ги намокри своите исушени усни, да ја згасне силната жед и да го разлади воспаленото чело. Но не - лекарот забранил вода. Нему му се дава жесток пијалак кој уште повеќе ја поттикнува треската. Благословената вода дадена од небото би го угасила уништувачкиот пламен доколку е употребена правилно, но таа е оставена настрана заради отровните лекови. {5C 195.1}

Природата извесно време се бори за своите права, но најпосле победена ја напушта борбата и смртта го ослободува страдалникот. Бог сакаше овој човек да живее,

да биде на благослов на светот; сатаната одлучи да го уништи и успеа во тоа преку својот лекар. Уште колку долго ќе дозволуваме нашата најдрагоцена светлина да биде угасена со тоа? {5C 195.2}

Охозија пратил слуги да го прашаат Веелзевул во Акарон, но наместо вести од идолот, тој примил страшна осуда од Израилевиот Бог: „Од постелата на која си легнал, нема да станеш, туку ќе умреш.„ Христос му заповедал на Илија да ги изговори овие зборови на отпаднатиот цар. Јехова Емануел имал причина многу да му биде непријатно за безбожноста на Охозија. Што уште сè не направил Христос за да го придобие срцето на грешниците и во нив да пробуди непоколеблива доверба во себе? Тој со векови на Својот народ му давал докази за најголемото снижување, љубезност и неспоредлива љубов. Од времето на патријарсите Тој покажувал дека „се радува со синовите човечки" (Изреки 8:31). Тој им бил вистинска помош на сите оние кои искрено го барале. „Во секоја нивна жалост Тој не ги оставаше и Ангелот на Неговото присуство ги спасуваше" (Исаија 63:9). Но сепак Израел се побунил против Бога и се обратил за помош на најголемиот непријател на Господа. {5C 195.3}

Евреите биле единствен народ кој бил привилегиран со знаење за вистинскиот Бог. Обраќајќи се за совет на незнабожечкиот идол, израелскиот цар со тоа покажал дека има поголема доверба во нивните идоли отколку во Богот на својот народ, Творецот на небото и земјата. Исто така и тие што велат дека ја познаваат Божјата Реч ѝ нанесуваат срам кога се свртуваат од Изворот на сила и мудрост за да побараат помош од силите на темнината. И кога безбожниот и идолопоклонички цар го предизвикал Божјиот гнев со својата постапка, како ќе гледа Тој на сличните постапки на оние кои тврдат дека се Негови слуги? {5C 196.1}

Зошто луѓето толку тешко му се доверуваат на Оној кој го создал човекот и кој со еден допир, со еден збор и со еден поглед може да ја исцели секоја болест? Кој ја заслужил нашата доверба повеќе од Оној кој поднел толкава жртва заради нашиот откуп? Преку апостол Јаков, нашиот Господ ни дал прецизен совет во случај на болест. Кога човечката помош ќе стане безуспешна, Бог ќе му помогне на Својот народ. „Болен ли е некој меѓу вас, нека ги повика старешините црковни, та да се помолат и да извршат помазание над него со елеј во името Господово. И молитвата со вера ќе го исцели болниот и Господ ќе го крене" (Јаков 5:14,15). Кога оние што тврдат дека се Христови следбеници би имале вера во Божјите ветувања како што им веруваат на сатанските сили, тие во своето тело и во својата душа би ја почувствувале животодавната сила на Светиот Дух. {5C 196.2}

Бог на Својот народ му подарил голема светлина, но ние со тоа не сме надвор од дофатот на искушенијата. Кој од нас бара помош од боговите во Акарон? Погледни ја оваа слика која не е плод на фантазијата. Кај колку луѓе, дури и кај адвентистите на седмиот ден, наидуваме на неговите главни карактеристики? Еден болен човек – навидум многу побожен, но всушност лицемерен и самозадоволен – отворено го покажува својот презир кон законите на здравјето и животот, кои божествената милост нè водеше да ги прифатиме како народ. За него мора да се подготви храна која ќе одговара на неговите нездрави желби. Наместо да седи на маса на која има здрава храна, тој оди по ресторaните каде може без ограничување да му попушта на својот апетит. Тој речито се залага за умереност, но не ги почитува ниту нејзините основни начела. Тој сака олеснување, но не сака да го добие по цена на самоодрекување. Овој човек се поклонува пред олтарот на изопачениот апетит. Тој е идолопоклоник. Силите, кои, доколку би се посветиле и облагородиле, би можеле да го слават Бога, се ослабнати

и речиси нема никаква корист од нив. Како последица на непочитувањето на природните закони се јавува раздразнетост, збрканост и нервна слабост. Тој е неефективен и недоверлив. {5C 196.3}

Тој се разгневува на секого кој има храброст и искреност да му ја предочи опасноста која му се заканува. Најмалата опомена или противење се во состојба да го пробудат неговиот воинствен дух. Но сега му се овозможува прилика да се обрати за помош кај некого кој добива сила преку каналот на вештерството. Тој желно се обраќа на овој извор, трошејќи пари и време со надеж дека ќе го добие понудениот просперитет. Тој е измамен и заведен. Способноста на гатачот станува предмет на неговите пофалби и тој влијае и на другите нему да му се обратат за помош. Така се нанесува срам на Израилевиот Бог, а се почитува и издига моќта на сатаната. {5C 197.1}

Би сакала во Христово име да им се обратам на оние кои тврдат дека се Негови следбеници. Останете во верата која ја примивте на почетокот. Избегнувајте ги празните и нечисти зборови. Место својата доверба да им ја поклонувате на нечистите сили, имајте вера во живиот Бог. Проклет е патот кој води во Ендор и Акарон. Тој што ќе се упати на забранета почва ќе се сопне и ќе падне. Постои Бог во Израилот кој ќе им донесе исцеление на сите страдалници. Праведноста е основа на Неговиот престол. {5C 197.2}

Опасно е и најмалото оддалечување од Божјите совети. Ако скршнеме од вистинскиот пат на должноста, ќе се појават низа околности кои ќе се чинат дека без противење нè одведуваат сè подалеку и подалеку од тоа што е право. Ако без потреба бидеме блиски со луѓето кои не го почитуваат Бога, ќе бидеме измамени пред да станеме свесни за тоа. Плашејќи се да не ги навредиме нашите светски пријатели, ние не се осмелуваме да му оддадеме благодарност на Бога или да признаеме дека зависиме од Него. Мораме строго да се придржуваме кон Божјата Реч. Нам ни се потребни нејзините опомени и охрабрувања, нејзините закани и ветувања. Нам ни е потребен пример на совршенство кој ни е даден единствено во животот и карактерот на нашиот Спасител. {5C 197.3}

Божјите ангели ќе го чуваат Неговиот народ сè додека оди по патеката на должноста, но оваа заштита не им е ветена на оние кои самоволно се упатуваат на почвата на сатаната. Еден помошник на големиот измамник ќе направи и ќе зборува сè само за да ја постигне својата цел. Не е важно дали тој се нарекува „лекувач со електрицитет” или „лекувач со магнетизам”. Тој со вешти лукавства ја стекнува довербата на невнимателните. Тврди дека го чита целото минато и дека ги гледа неволите и тешкотиите на оние кои му се обраќаат за помош. Во неговото срце владее гробна темнина, иако тој се прикажува како ангел на светлината, покажувајќи голем интерес за жените кои му се обраќаат за совет. Ги убедува дека нивните неволи се последица на несреќниот брак. Тоа може да биде и точно, но таквиот советник со ништо не ја поправа таквата состојба. Им зборува дека им се потребни љубов и симпатии. Глумејќи дека се грижи за нивното добро, тој ги маѓепсува своите наивни жртви, како што змијата ја маѓепсува исплашената птица. Тие наскоро потполно запаѓаат под негова власт и гревот, срамот и пропаста доаѓаат како страшни последици. {5C 198.1}

Ваквите луѓе кои чинат беззаконие не се малку. Нивниот пат е обележан со запустени домови, уништен углед и скршени срца. Но светот малку знае за тоа; тие и понатаму бараат нови жртви и сатаната се радува на уништувањето кое го предизвикал. {5C 198.2}

Видливиот и невидливиот свет се во тесна врска. Кога би можела да се подигне завесата, ние би ги виделе злите ангели околу себе како ја притискаат својата темнина околу нас и со сите свои сили се напрегаат да измамат и упропастат. Околу безбожните луѓе се наоѓаат злите духови кои влијаат врз нив и им помагаат. Човекот од вера и молитва ја предал својата душа на божествениот Водач и Божјите ангели од небото му носат светлина и сила. {5C 199.1}

Никој не може да им служи на двајца господари. Меѓу светлината и темнината нема поголема спротивност од службата на Бога и службата на сатаната. Пророкот Илија ја прикажал оваа положба во вистинска светлина кога бестрашно го повикал Израел кој отпаднал од Бога: „Ако Господ е Бог, врвете по Него; ако пак е Ваал – одете по него (1. Царевите 18:21). {5C 199.2}

Можеби оние кои се предале на сатанските вражања ќе се фалат дека од тоа имале голема корист. Но дали тоа покажува дека постапиле мудро и претпазливо? Која е користа и животот да е продолжен? Што и ако се постигне некоја земна корист? Дали на крајот ќе се исплати презирањето на Божјата волја? Сите тие привидни добивки на крајот ќе се покажат како ненадоместливи загуби. Ние не можеме неказнето да срушиме ниту една преграда што Бог ја поставил за да го одбрани Својот народ од сатанската сила. {5C 199.3}

Ќе бидеме безбедни единствено ако се држиме до старите меѓи. „Допрашајте се до законот и откровението! Ако некои речат дека не е така, тогаш во нив нема светлина” (Исаија 8:20). {5C 199.4}

---

21. ГЛЕДАЊЕ НА ИСУСА

Многу луѓе прават сериозна грешка во својот религиозен живот затоа што гледаат само на своите чувства и според нив судат за своето напредување или назадување. Емоциите не се сигурно мерило; ние не смееме да гледаме во нас самите за да се увериме дека Бог нè примил. Таму не можеме да најдеме ништо друго освен она што ќе нè обесхрабри. Нашата единствена надеж е да го „имаме пред очи Зачетникот и Довршителот на нашата вера”. Сè сè што е во Него влева надеж, вера и храброст. Тој е нашата праведност, нашата утеха и нашата радост. {5C 199.5}

Тие што гледаат во себе за утеха, ќе се уморат и ќе се разочараат. Во чувствувањето на својата слабост и својата недостојност, треба со понизни срца да се застапуваме за помирувачката Христова жртва. Ако се потпреме на Неговите заслуги, ќе најдеме спокојство, мир и радост. Тој ќе ги спаси целосно сите кои преку Него ќе му приближат на Бога. {5C 200.1}

Мораме да се потпираме на Исуса секој ден и секој час. Тој ни ветил дека нашата сила ќе трае додека траат нашите денови. Со Неговата благодат ние можеме да ги носиме сите бремиња на сегашниот живот и да ги вршиме своите должности. Но мнозина ја губат храброста мислејќи на идните неволи. Тие постојано се трудат утрешните грижи да ги внесат во денешниот ден. Затоа голем дел од нивните неволи се замислени. За таквите грижи Исус не се погрижил. Тој ветува благодат само за еден ден. Тој не нè повикува да се обременуваме со утрешните грижи и неволи; затоа што „на секој ден доволна е неговата неволја”. (Матеј 6:34). {5C 200.2}

Навиката да се измачуваме себеси со идните неволи е немудра и нехристијанска. Ние на тој начин не успеваме да уживаме во благодетите на денешниот ден и да ги користиме можностите што тој ни ги дава. Господ ни наредува да ги вршиме нашите денешни должности и да ги поднесуваме денешните неволи. Денес мораме да бдееме за да не згрешиме во зборови или во дела. Денес мораме да го славиме и воздигаме Бога. Ако денес живееме во жива вера ќе го победиме непријателот. Денес мораме да го бараме Бога и да се одлучиме да не бидеме задоволни без Неговото присуство. Мораме да бдееме, да работиме и да се молиме како тоа да е нашиот последен ден. Колку длабок и сесрден ќе биде тогаш нашиот живот. Како ќе го следиме тогаш Исуса во сите наши зборови и дела. {5C 200.3}

Малкумина знаат правилно да ја ценат молитвата и да ја користат драгоцената привилегија на молитва. Треба да Му се обратиме на Исуса и да му ги кажеме сите свои неволи. Можеме да Му ги изнесеме своите мали грижи и незгоди, како и своите големи неволи. Сè што нè притиска и нè боли треба да го изнесеме пред Господа во молитва. Ако чувствуваме потреба за Христовото присуство на секој чекор, сатаната ќе има малку можности да нè заведе со своите искушенија. Тој со сите свои сили се напрега да нè одвои од нашиот најдобар и најсочувствителен пријател. Нашата доверба не треба да му ја подаруваме на никого освен на Христа. Нему можеме да му довериме сè што ни лежи на срцето. {5C 200.4}

Браќа и сестри, кога се собирате на состаноци за искажување на сведоштва, верувајте дека Исус е со вас; верувајте дека Тој е волен да ве благослови. Тргнете го погледот од себе и гледајте на Исуса, зборувајте за Неговата неспоредлива љубов. Гледајќи на Него вие ќе се измените и ќе станете слични на Него. Кога се молите, бидете кратки и веднаш поминете на предметот. Не му проповедајте на Господа проповед во своите долги молитви. Барајте леб на животот како што гладното дете бара леб од својот земен татко. Бог ќе ни го излее секој потребен благослов ако побараме во едноставност и вера. {5C 201.1}

Молитвите што проповедниците ги упатуваат пред своите говори често се долги и несоодветни. Тие често содржат премногу прашања кои немаат никаква врска со потребите во тој момент и потребите на народот. На ваквите молитви местото им е во клетта, а не на јавно место. Слушателите се заморуваат и сакаат проповедникот што побрзо да заврши. Браќа, спомнете го народот пред себе во своите молитви. Пријдете Му на Спасителот во вера и кажете Му што ве притиска во таа прилика. Вашата душа нека се вивне кон Бога во длабок копнеж за благословот кој ви е потребен во тој момент. {5C 201.2}

Молитвата е најсветата работа на душата. Таа треба да биде искрена, понизна, сесрдна - желбите на обновеното срце искажани во присуство на светиот Бог. Кога молителот ќе почувствува дека е во Божја близина, ќе заборави на себе. Тој нема да почувствува некаква желба да ги покаже своите човечки способности, нема да копнее да им угоди на ушите на луѓето туку да го прими благословот што му е потребен. {5C 201.3}

Колкави благослови ќе добиеме ако се потпреме на Господовата реч! Треба да има повеќе сесрдни, делотворни молитви. Христос ќе им помогне на сите кои ќе го побараат во вера. {5C 202.1}

---

22. ПОВИЦИ ЗА РАБОТНИЦИ

Духот на овој свет и себичноста ја лишија црквата од многу благослови. Немаме право да претпоставуваме дека на црквата намерно ѝ се скратувани божествената светлина и моќ и дека тоа е причина за нејзиното ограничено дејство. Таквите претпоставки им противречат на успесите кои во минатото ги пратеа правилно вложените напори. Успехот секогаш бил во сразмер со вложениот труд. Ограниченото дејство на црквата е последица исклучиво на недоволното залагање и жртвување. Мисионерскиот дух ослабна; посветеноста е слаба; кај членовите на црквата постои себичност и сребролубие, лакомост и измама. {5C 202.2}

Зар Бог не ги гледа тие нешта? Зар не ги чита побудите и намерите на срцето? Сесрдната, жешка, покајничка молитва би ги отворила небесните прозорци и би излеала изобилство на благодат. Јасниот, непоколеблив поглед на Христовиот крст би ја потиснал нивната световност и би ги исполнил нивните души со кротост, каење и благодарност. Тие тогаш би увиделе дека не се свои, туку дека се купени со Христовата крв. {5C 202.3}

Црквата ја зафати смртоносна духовна болест. Сатаната ги рани нејзините членови, но тие не сакаат да го гледаат Христовиот крст, како што Израелците гледале на змијата од бронза за да живеат. Овој свет ги обземал до таа мера така што немаат време да гледаат на крстот на Голгота за да ја видат Неговата слава и да ја почувствуваат Неговата моќ. Кога одвреме навреме ќе фрлат поглед на самоодрекувањето и пожртвувањето што ги бара вистината, тоа не им е пријатно, и го свртуваат погледот на друга страна за го забораваат тоа што побрзо. Господ не може Својот народ да го направи корисен и ефикасен ако тој народ не се покорува на условите кои Тој ги поставил. {5C 202.4}

Насекаде се изразени големи барања за светлината која Бог му ја дал на Својот народ, но тие барања во поголем дел се напразни. Кој смета дека има должност да се посвети на Бога и на Неговото дело? Каде се младите луѓе кои се подготвуваат себеси за да одговорат на тие повици? Пред нас се наоѓаат пространи полиња на кои никогаш не продрела светлина. Каде и да погледнеме, гледаме богата жетва која чека да биде соберена, но нема жетвари. Се упатуваат молитви за победа на вистината. Браќа, што значат вашите молитви? Каков вид на успех барате? Успех кој ќе одговара на вашата мрзеливост, на вашата себично попуштање? Успех кој ќе дојде и ќе се одржи сам по себе без напори од ваша страна? {5C 203.1}

Во црквата мора да дојде до решителни промени која ќе ги вознемири оние кои се релаксирани во својата удобност, пред да можат бидат пратени работници кои се подготвени за тоа свечено дело. Мора да дојде до будење, до духовна обнова. Мора да се покачи топлината на христијанската побожност. Мора да се изградат и спроведат планови за ширење на вистината на сите народи на земјата. Сатаната ги лулка Христовите следбеници во сон, додека насекаде околу нив пропаѓаат души, и какво оправдување можат да му дадат тие на својот Господар за таквата безгрижност? {5C 203.2}

На црквата можат да се применат Христовите зборови: "Зошто стоите тука цел ден без работа?" (Матеј 20,6). Зошто не работите нешто во Неговото лозје? Тој непрестано ве повикува: "Одете во моето лозје и што е право ќе добиете". Меѓутоа, големо мнозинство го отфрли тој милостив повик од небото. Зар не е крајно време да ги послушате Божјите заповеди? Работа има за секој кој го споменува Христовото име. Гласот од небото свечено ве повикува да ги вршите своите должности. Послушајте го тој

глас и веднаш почнете да работите на било кое место и во било кое својство. Зошто стоите тука цел ден без работа? За вас има работа - работа која ги бара вашите најдобри способности. Секој драгоцен момент во животот е поврзан со некоја должност која ја должите на Бога или на своите ближни, а вие сепак сте без работа! {5C 203.3}

Сè уште преостанува да се изврши големото дело на спасување на душите. Секој ангел учествува во тоа дело, додека секој демон на мракот се спротивставува. Христос ни ја покажал големата вредност на душите на тој начин што дошол во светот со љубов натрупана во своето срце од вечноста, нудејќи му на човекот да го направи наследник на Своето богатство. Тој ни ја открива љубовта на Таткото кон паднатиот род, и го претставува Него како праведен и како оправдувач на оние кои веруваат. {5C 204.1}

"Христос не си угоди на Себе Самиот". (Римјаните 15:3). Тој ништо не правел за себе; Неговото дело било во корист на паднатиот човек. Себичноста била посрамена во Негово прусуство. Тој ја зел на Себе нашата природа за да страда наместо ние. Себичноста, гревот на овој свет, стана главен грев на црквата. Жртвувајќи се Себе заради доброто на човекот, Христос удрил во коренот на себичноста. Тој ништо не оставил за себе, дури ниту Својата чест и небесната слава. Тој очекува соодветно самоодрекување и пожртвување од страна на оние кои дошол да ги благослови и спаси. Од секого се бара да работи според своите способности. Сите погледи на овој свет мора да се остават на страна за Божјата слава. Наша единствена желба на овој свет треба да биде желбата што повеќе да придонесеме за Божјото дело. {5C 204.2}

Христовите копнежи и копнежите на Неговите следбеници треба да бидат исти; меѓутоа, светот ќе заклучи дека тие копнежи се разликуваат, бидејќи оние што се Христови копнеат по своите цели со иста сесрдност, и ги употребуваат своите средства исто толку сесрдно како што тоа го прават тие што не ја исповедаат вистината. Кај нив на прво место се успесите на овој свет; на тоа ништо не му е еднакво. Христовото дело мора да чека додека не соберат еден дел за себе. Тие мора да ја зголемат својата добивка во секој случај. Душите мора да пропаднат без да ја дознаат вистината. Какво значење има една душа за која умрел Христос во споредба со нивната добивка, нивната трговија, нивните куќи и нивните имоти? Душите мораат да чекаат додека тие не се подготват да направат нешто. Бог таквите слуги ги нарекува слуги на Мамонот, мрзливи и неверни слуги, но Мамон се фали со нив како со свои највредни и најпосветени слуги. Тие ги жртвуваат добрата на својот Господар за удобност и уживање. Нивното "јас" е нивен идол. {5C 204.3}

Колку е лошо кога не се прави ништо за душите да се привлечат кон Исуса кој жртвувал сè за да ни овозможи спасение! Себичноста ја изгонува од црквата Христовата љубов и благонаклоност. Милиони Господови пари се расипуваат на задоволување на телесните желби, додека Неговата каса е празна. Не знам како да ви го изложам ова прашање така како што ми е изложено мене. Годишно се трошат Илјадници долари за задоволување на суетата во облекувањето. Тие пари би требало да се употребат во нашите мисии. Ми беа покажани семејства кои ги трупаат своите трпези со сета можна раскош, кои ја задоволуваат секоја желба во облекувањето. Луѓето се зафатени во успешни бизниси или заработуваат добри плати, а речиси секој долар го трошат на самите себе или на своите семејства. Дали тоа значи земање пример од Христа? Какво бреме тие чувствуваат внимателно да штедат и да се одрекуваат од своите склоности за да можат што повеќе да направат за напредокот на Божјото дело на земјата. Кога проповедникот Андрус би можел да располага со парите кои на тој начин се трошат непотребно, тоа би бил голем благослов за него и тоа би го продолжило неговиот живот.

Мисионерската работа би можела стократно да се зголеми кога би имале средства за спроведување на нашите крупни планови. Меѓутоа, парите кои Бог одредил да се трошат токму на тие цели, всушност се трошат на предмети кои се сметаат за потребни за удобноста и среќата, и кои немаше да биде грев да се поседуваат, ако не беа толку неопходни за ширење на вистината. Колкав е бројот драги браќа на такви како вас, кои копнеат за сопствените, а не за целите на Исус Христос! {5C 205.1}

Да претпоставиме дека Христос престојува во секое срце и дека себичноста во сите нејзини облици е прогонета од црквата; какви би биле последиците? Слога, единство и братска љубов би постоеле исто толку реално како што постоеле во црквата што Христос првобитно ја основал. Насекаде би се забележувала христијанска дејност. Целата црква би била поттикната да се жртвува за слава на Бога. Секој христијанин би ги донесувал своите плодови на самоодречување за да ги изгори на олтарот. Би постоело многу поголемо делување во пронаоѓање на нови корисни методи и во проучување на начини како на сиротите грешници да им се пријде поблиску за да бидат спасени од вечната пропаст. {5C 206.1}

Кога би се облекувале во едноставна, скромна облека без оглед на модата; кога на нашите трпези секогаш би изнесувале едноставна, здрава храна избегнувајќи го секој раскош; кога нашите домови би биле изградени и наместени со едноставност каква што доликува, тогаш би ја покажале посветувачката моќ на вистината и силно би влијаеле на неверниците. Меѓутоа, ако за овие прашања пример земеме од овој свет, ако во некои случаи се трудиме да го надминеме светот во претерано разубавување, проповедањето на вистината ќе има слабо или никакво влијание. Кој ќе поверува во свечената вистина за ова време кога оние што тврдат дека веруваат во неа ѝ противречат со своите дела? Бог не ги затворил браните на небото, туку тоа го направи нашето прилагодување кон обичаите и постапките на овој свет. {5C 206.2}

Третиот ангел од Откровение 14 поглавје е претставен како брзо лета посреде небото викајќи: "Тука е трпението на светиите; тука се оние што ги пазат заповедите Божји и верата во Исус" (Откровение 14:12). Овде е прикажан карактерот на делото на Божјиот народ. Нивната вест е толку значајна што тие се објавени како да летаат објавувајќи му ја на светот. Тие во своите раце го држат лебот на животот за изгладнетиот свет. Љубовта на Христа ги натерала на тоа. Тоа е последната вест. После неа нема други вести. Кога таа вест ќе го заврши своето дело, повеќе нема да се упатуваат повици на милост. Каква доверба! Каква одговорност лежи на сите да ги пренесат зборовите на милостивиот повик: "И Духот и невестата велат: 'Дојди!' И кој ќе чуе, нека каже: 'Дојди!' И кој е жеден, нека дојде, и кој сака, нека земе од водата на животот дарум" (Откровение 22:17). {5C 206.3}

Секој кој ќе чуе треба да каже: "Дојди!". Не само проповедниците, туку и народот. Сите треба да се приклучат на повикот. Не само со своето исповедање, туку и со својот карактер и облекување, сите треба да вршат придобивачко влијание. Тие се направени повереници за светот, извршители на волјата на Оној кој им ја заветил вистината на луѓето. Сите нека го сфатат достоинството и славата на довербата која Бог им ја дал. {5C 207.1}

---

23. БОЖЈИОТ ПЕЧАТ

"Извика на ушите Мои со силен глас и рече: 'Нека се приближат оние, кои имаат власт над градот, секој со своето убиствено оружје во рацете" (Езекиел 9:1). {5C 207.2}

"Го повика Бог човекот, облечен во ленена облека и кој имаше на бедрата појас. И му рече Господ: 'Мини по средината на градот, по средината на Ерусалим, и стави им знак на челата на луѓето, на оние што жалат, кои воздивнуваат за гадотиите, што се вршат во него.' А на другите чув да им каже: 'Одете по него во градот и убивајте; вашето око да не жали, и не штедете: старец, момче и девојка, дете и жена, бијте ги до смрт, но не гибајте ниеден од луѓето кои имаат знак, а почнете од моето светилиште.' И тие почнаа од старешините што стоеја пред домот" (Стихови 3-6). {5C 207.3}

Исус се подготвува да го напушти престолот на милоста во небесната светиња за да ја облече со облеката на одмазда и да го излие Својот гнев и Своите казни на тие што не одговориле на светлината која Бог им ја дал. "Бидејќи нема брза пресуда за зло дело, човечкото срце е наклонето да прави зло" (Проповедник 8:11). Наместо трпеливоста и долгото одлагање што Господ ги укажувал кон нив за да ги омекне, тие што не се бојат од Бога и не ја љубат вистината ги зацврстуваат своите срца на својот лош пат. Но дури и Божјото трпение има граници и мнозина ја надминуваат таа граница. Тие ја поминале границата на благодатта и затоа Бог мора да се вмеша и да ја одмазди Својата чест. {5C 207.4}

Господ кажал за Аморејците: "Во четвртото колено тие ќе се вратат враму; зашто беззаконијата на Аморејците уште не го достигнале својот врв" (Создавање 15:16). Иако овој народ бил познат по своето идолопоклонство и расипаност, сè уште не ја наполнил чашата на неправдата и Бог не сакал да издаде заповед за нивно целосно уништување. Овој народ требало да го види посебното остварување на Божјата сила, за да нема оправдување повеќе. Милостивиот Творец бил согласен да ги трпи нивните дела до четвртото поколение. Тогаш требало да стигне одмаздата, доколку не се покаже никакво поправање. {5C 208.1}

Семожниот сè уште води непогрешлива сметка за животот на секој народ. Таа сметка останува отворена сè додека Неговата милост се нуди повикувајќи на покајание; но кога ќе се достигне мерата што Бог ја утврдил, ќе почне излевањето на гневот. Сметката е затворена. Божјото трпение престанува. Повеќе милоста не се застапува во нивна корист. {5C 208.2}

Гледајќи низ вековите, пророкот го видел ова време. Народите на овој век примиле поголема милост од сите поранешни. Ним им се дадени најголемите небесни благодети, но тие станаа уште погорди, полакоми, уште поголеми идолопоклоници, неблагодарници и уште повеќе го презираат Господа. Тие брзо ја затвораат својата сметка кај Бога. {5C 208.3}

Но тоа што предизвикува да треперам е фактот дека и оние кои имале најголема светлина и предност се заразија со безаконијата кои преовладуваат. Под влијанието на неправдата која е околу нив, мнозина, па дури и оние кои ја исповедаат вистината, се оладија и ѝ се препуштија на струјата на злото. Општото презирање на вистинската побожност и светост ги тера оние кои не се во цврста врска со Бога да го загубат почитувањето кон Неговиот закон. Ако одеа по светлината и ако ѝ се покоруваа на вистината од своето срце, овој свет закон ним ќе им беше уште подраг, токму затоа што луѓето толку го презираат и отфрлаат. Колку непочитувањето на Божјиот закон е посилно, границата меѓу оние кои му се покоруваат на тој закон и светот станува сè

појасна. Додека едни сè повеќе ги презираат божествените заповеди, кај другите е сè поголема љубовта кон нив. {5C 209.1}

Кризата брзо се приближува. Наглото зголемување на појавите покажува дека времето на Божјата посета е близу. Иако мрази да казнува, Тој сепак ќе казни, и тоа набргу. Тие што одат во светлината ќе ги видат знаците на опасноста која се приближува. Но тие не смеат да незагрижени да мируваат и да го чекаат уништувањето, утешувајќи се дека Бога ќе го поштеди Својот народ на денот на гневот. Далеку од тоа. Тие треба да сфатат дека се должни да ги спасуваат другите, барајќи во силна вера помош од Бога. "Голема сила има сесрдната молитва на праведникот" (Јаков 5:16). {5C 209.2}

Квасецот на побожност сè уште не ја загубил својата сила наполно. Во моментот кога опасностите и неволите за црквата ќе бидат најголеми, една мала група која ќе стои во светлината ќе воздивнува и ќе тагува за гревовите што се прават на земјата. Но посебно повеќе нивните молитви ќе се упатуваат во корист на црквата, бидејќи нејзините членови постапуваат онака како што постапува светот. {5C 209.3}

Срдечните молитви на тие малкумина нема да бидат напразни. Господ ќе дојде како одмаздник, но и како заштитник за сите оние кои ја сочувале верата во нејзината чистота и останале неизвалкани од светот. Бог ветил дека во тоа време ќе дојде да ги одмазди своите одбрани кои ден и ноќ викаат кон Него, иако долго чекал на нив со трпение. {5C 210.1}

Заповедта гласи: "Мини по средината на градот, по средината на Ерусалим, и стави им знак на челата на луѓето, на оние што жалат, кои воздивнуваат за гадотиите, што се вршат во него". (Стих 4). Тие што воздивнуваат и плачат, го проповедале словото на светлината; укорувале, советувале и преколнувале. Некои кои го срамотеле Бога, се покајале и ги понизиле своите срца пред Него. Но славата на Бога заминала од Израилот. Ги нема Неговата сила и Неговото присуство, иако уште мнозина ги извршуваа надворешните верски обреди. {5C 210.2}

Во времето, кога Неговиот гнев ќе се покаже во излевање на казни, овие понизни, и предани следбеници на Христа ќе се разликуваат од останатиот свет по тоа што ќе чувствуваат душевна болка, која ќе се изрази во плачење и воздишки, во укори и опомени. Додека другите ќе се трудат да фрлат превез преку постоечките зла, копнеејќи да го оправдаат големото безбожништво кое насекаде завладеало, тие што се грижат за Божјата слава и кои ги љубат душите нема да мируваат за да стекнат одобрување. Несветите дела и разговорите на неправедните ги измачуваат нивните праведни души од ден на ден. Тие се немоќни да го сопрат силниот бран на беззаконие, и затоа се полни со тага и вознемиреност. Тие жалат пред Бога, затоа што гледаат како се презира верата токму во домовите на оние кои имале голема светлина. Тие тагуваат со болка во душата затоа што во црквата владее гордост, тврдокорност, себичност и измами од скоро секој вид. Божјиот Дух кој опоменува се гази со нозете, додека слугите на сатаната триумфираат. Бог е осрамотен; вистината речиси останала без дејство. {5C 210.3}

Оние кои не чувствуваат никаква тага заради сопственото духовно опаѓање ниту плачат заради гревовите на другите, нема да го примат Божјиот печат. Господ им заповеда на Своите гласници, кои имаат убиствени оружја во рацете: „Одете по него во градот и убивајте; вашето око да не жали, и не штедете: старец, момче и девојка, дете и жена, бијте ги до смрт, но не гибајте ниеден од луѓето кои имаат знак, а почнете од моето светилиште. И тие почнаа од старешините што стоеја пред домот" (Стихови 5 и 6). {5C 211.1}

Овде гледаме дека црквата – Господовото светилиште – прва ќе го почувствува ударот на Божјиот гнев. „Старешините" на кои Бог им подарил голема светлина, и кои биле чувари на духовниот интерес на народот, ја изиграле Неговата доверба. Тие застанаа на ставот дека не треба да очекуваме чуда и знаци на Божјата сила како во старо време. Времињата се промениле. Тие зборови го засилуваат нивното неверство и тие зборуваат дека Господ не прави ниту добро ниту лошо. Тој е премногу милостив за да го погоди Својот народ со суд. „Мир и безбедност" е повикот на овие луѓе, кои никогаш нема да го подигнат својот глас како труба за на Божјиот народ да му укажат на неговите престапи и на Јакововиот дом на неговите гревови. Тие неми пци кои не сакаат да лаат се оние кои ќе ја почувствуваат праведната одмазда на навредениот Бог. Мажите, девојките и малите деца – сите заедно ќе пропаднат. {5C 211.2}

Одвратностите заради кои верните воздивнуваат и плачат претставуваат сè што може да го види смртното око, но оние многу потешки гревови кои го предизвикале гневот на чистиот и свет Бог, беа неоткриени. Големиот Испитувач на срцата знае за секој грев што го направиле тие што чинат зло. Овие луѓе во својата заблуда мислат дека се безбедни, и бидејќи Бог е трпелив, зборуваат како Тој да не го гледа тоа, па постапуваат како Тој да ја оставил земјата. Но Тој ќе ја открие нивната лицемерност и ќе ги покаже на другите гревовите кои тие толку внимателно ги прикриваат. {5C 211.3}

Ниту превласта во положбата, ниту достоинството, ниту световната мудрост, ниту положба во светата служба нема да го спречи човекот кој се потпира на своето лажливо срце да не ги жртвува своите начела. Тие што биле сметани како достојни и праведни ќе се откријат како водачи во отпадништвото од верата и пример за рамнодушност и злоупотреба на Божјата милост. Нивниот зол начин на постапување Тој нема повеќе да го толерира, и во Својот гнев Тој ќе ги казни без милост. {5C 212.1}

Господ со тага го повлекува Своето присуство од оние кои имале голема светлина и кои ја почувствувале силата на речта во служба за другите. Тие некогаш биле Негови верни слуги благословени со Неговото присуство и водство; но тие се оддалечија од Него и другите ги заведоа на лош пат. Со тоа на себе го навлекле Божјото незадоволство. {5C 212.2}

Денот на Божјата одмазда е токму пред нас. Божјиот печат ќе биде втиснат само на челата на оние кои воздивнуваат и плачат заради лошите дела што се извршуваат на земјата. Тие кои се спријателиле со светот и јадат и пијат со пијаниците сигурно ќе бидат уништени со оние што чинат зло. „Очите на Господ се насочени кон праведните, и ушите Негови – кон молитвите нивни. Но лицето Негово е против оние што вршат зло" (Псалм 34:15, 16). {5C 212.3}

Нашиот живот ќе одлучи за тоа дали ќе го примиме печатот на живиот Бог или ќе нè покоси смртоносното оружје. На земјата веќе паднаа неколку капки на Божјиот гнев. Но кога последните седум зла ќе се излеат непомешани со милост во чашата на Неговиот гнев, ќе биде засекогаш доцна луѓето да се покајат и да најдат заштита. Никаква помирувачка крв тогаш нема да ги исчисти дамките на гревот. {5C 212.4}

„И во тоа време ќе се крене Михаил, големиот кнез, кој ги брани синовите на твојот народ, и ќе настане време тешко, какво што немало откако постојат луѓето, па сè до денес; но ќе се спасат во тоа време од твојот народ сите, кои ќе се најдат дека се запишани во Книгата" (Даниел 12:1). Кога ќе настапи тоа време на неволи, секој случај ќе биде решен и нема повеќе да има време на проба ниту милост за тој што не сака да се покае. Печатот на живиот Бог ќе биде на Неговиот народ. Тој мал остаток, немоќен сам да се брани во смртниот судир со силите на земјата кои ги предводи змевот, ќе го

земат Бога во своја одбрана. Декретот издаден од највисоките земски власти од нив ќе бара, под закана на прогонства и смрт, да му се поклонат на ѕверот и да го примат неговиот белег. Бог сега нека му помогне на Својот народ, бидејќи што ќе може да направи во таа ужасна борба без Неговата помош! {5C 212.5}

Храброста, постојаноста, верата и безрезервната доверба во Божјата моќ за спасение не можат да се стекнат за еден миг. Тие небесни благодети се стекнуваат со долгогодишно искуство. Божјите деца ја запечатуваат својата судбина со животот на света истрајност и непопустлива приврзаност кон правдата. Обземени со безбројни искушенија, тие знаат дека мораат да се спротивстават решително или да подлегнат. Тие чувствуваат дека мораат да извршат големо дело и дека секој момент можат да бидат повикани да го положат своето оружје. И ако дојдат до крајот на својот живот со недовршено дело, тие би претрпеле вечна загуба. Тие желно ја прифатиле светлината од небото, како што ја прифатиле и првите ученици од усните на Исуса. Кога првите христијани биле прогонети во планините и пустините, кога во занданите биле препуштени да умрат од глад, студенило и маки, кога маченичката смрт изгледала како единствен излез од нивните страдања тие се радувале што се вбројуваат во оние кои се достојни да страдаат за Христа кој бил распнат заради нив. Нивниот достоен пример ќе биде утеха и охрабрување за Божјиот народ на кого ќе наидат времиња на неволи какви што немало никогаш. {5C 213.1}

Нема да бидат запачатени сите кои тврдат дека ја празнуваат саботата. Постојат мнозина, дури и меѓу оние кои поучуваат други за вистината, а кои нема да го примат Божјиот печат на своите чела. Тие ја примиле светлината на вистината, ја знаат волјата на својот Господар, ја сфаќаат секоја точка на нашата вера, но немаат дела кои се соодветни на ова. Тие што се запознаени со пророштвата, ризницата на божествената мудрост, треба да постапуваат во согласност со својата вера. Тие треба да ги управуваат своите семејства според начелата, за преку своите средени семејства да можат на светот да го покажуваат влијанието на вистината врз човечкото срце. {5C 213.2}

Заради нивниот недостаток на посветеност и побожност и заради тоа што не достигнале висок степен во верата, другите души се задоволни со својата состојба. Луѓето со ограничено расудување не согледуваат дека земајќи пример од тие луѓе, кои пред нив често ја отворале ризницата на Божјата Реч, неизбежно ќе ги изложат своите души на опасност. Единствен вистински пример е Исус. Сега секој мора лично да ја проучува Библијата клечејќи пред Бога, со понизно, приемчиво срце на дете, ако сака да дознае што бара Господ од него. Некој проповедник колку и високо да стоел во Божјата благонаклоност, ако занемари да ја следи светлината која Бог му ја дал, ако одбива да биде поучуван како мало дете, тој ќе западне во мрак и сатански измами и други ќе поведе по истиот пат. {5C 214.1}

Никој од нас нема да го прими Божјиот печат сè додека на својот карактер има барем и една дамка. Ние треба да ги исправиме недостатоците на нашиот карактер, да го очистиме храмот на нашата душа од секоја нечистотија. Тогаш позниот дожд ќе се излие на нас како што раниот дожд се излеал на учениците на Духовден. {5C 214.2}

Ние премногу често се задоволуваме со она што сме го постигнале. Ние сметаме дека сме се збогатиле, а не знаеме дека сме несреќни, бедни, слепи и голи. Сега е време да се послуша советот на вистинскиот сведок: „Те советувам да си купиш од Мене злато низ оган пречистено, за да се збогатиш; и бела облека, за да се облечеш, и да не се гледа срамот на голотијата твоја, и со очна маст намачкај ги очите свои за да гледаш“ (Откровение 3:18). {5C 214.3}

Во овој живот мораме да наидуваме на жестоки искушенија и да поднесуваме скапи жртви, но наградата за тоа е Христовиот мир. Имаше толку малку самоодрекувања, толку малку страдања заради Христа, што крстот речиси целосно е заборавен. Ние мораме со Христа да бидеме учесници во Неговото страдање ако сакаме со Него да седиме на престолот на славата. Сè додека се одлучуваме за полесната патека за да си угодиме себеси, сè додека се плашиме од самоодрекување, нашата вера нема да станува поцврста, нема да го познаваме Исусовиот мир ниту радоста која произлегува од свест за победата. Највозвишените од откупената војска која облечена во бело, ќе стои пред престолот на Бога и на Јагнето, знае за борбата на совладувањето, бидејќи поминала низ големи неволи. Тие што се повеќе подготвени да им попуштат на околностите отколку да се впуштаат во борба нема да знаат како да опстанат во тој ден, кога стравот ќе ја опфати секоја душа, кога Ное, Јов и Даниел не би можеле да ги спасат своите синови и ќерки, бидејќи секој ќе мора да ја спасува својата душа со својата праведност. {5C 215.1}

Никој не треба да зборува дека неговиот случај е безнадежен, дека не може да живее христијански живот. Со Христовата смрт на секоја душа ѝ се дадени големи можности. Исус е нашата помош во секој тежок момент. Само повикајте го со вера, а Тој ветил дека ќе ја слушне и ќе одговори на вашата молба. {5C 215.2}

О, жива, делотворна веро, тоа ни е потребно! Ние мораме да ја имаме, инаку ќе загубиме свест и ќе паднеме во денот на искушението. Темнината која тогаш ќе почива на нашата патека, не смее да нè обесхрабри ниту да нè турне во очај. Тоа е превезот со кој Бог ја покрива Својата слава кога доаѓа да нè опсипе со богати благослови. Тоа треба да го знаеме од нашето досегашно искуство. Во тој ден кога Бог ќе има спор со Својот народ, тоа искуство ќе ни даде утеха и надеж. {5C 215.3}

Сега мораме себеси и своите деца да се чуваме неосквернети од светот. Сега мораме да ја испереме облеката на нашиот карактер и да ја избелиме во крвта на Јагнето. Сега мораме да ја победиме гордоста, страста и духовната мрзеливост. Сега мораме да се разбудиме и да вложиме сесрдни напори за да изградиме хармоничен карактер. „Денес кога ќе го чуете гласот Негов, не стврднувајте ги срцата ваши" (Евреите 4:7). Ние се наоѓаме во положба во која повеќе од било кога порано ни е потребно да бдееме чекајќи го појавувањето на нашиот Господ. Светот се наоѓа во темнина. „Но вие, браќа, не сте во темнина, та денот да може да ве затече како крадец" (1. Солунјаните 5:4) – вели апостол Павле. Божјата цел секогаш била да изведува светлина од темнина, радост од тага и одмор од уморот за душите кои копнеат и чекаат. {5C 215.4}

Што правите браќа во ова големо дело на подготвување? Тие кои се соединуваат со светот примаат световен карактер и се подготвуваат да го примат белегот на сверот. Додека оние кои немаат доверба во самите себе, кои се понизни пред Бога и кои ги чистат своите души преку послушност на вистината – тие примаат небесен карактер и се подготвуваат да го примат Божјиот печат на своите чела. Кога декретот ќе стапи на сила и кога белегот ќе биде втиснуван, нивниот карактер ќе остане чист и беспрекорен за вечноста. {5C 216.1}

Сега е време да се подготвиме. Божјиот печат нема да биде ставен на челото на некој нечист маж или жена. Тој нема да биде ставен на челото на славољубивиот маж или жена кои го сакаат овој свет. Тој никогаш нема да биде ставен на челата на мажите и жените со лажлив јазик или измамливи срца. Сите што сакаат да го примат печатот мора да бидат беспрекорни пред Бога – кандидати за небото. Одете напред, браќа и сестри. Во овој момент можам само кратко да ви пишувам за тие нешта, свртувајќи го

вашето внимание на неопходноста на подготвувањето. Истражувајте го сами Светото Писмо за да можете да ја сфатите страшната сериозност на сегашното време. {5C 216.2}

---

24. ЕДЕН АПЕЛ*

Исполнета сум со тага кога ќе помислам во каква состојба се наоѓаме како народ. Бог не го затворил небото пред нас, туку нашиот сопствен живот на континуирано отпаднишство нѐ одвои од Бога. Гордоста, лакомоста и љубовта кон овој свет живее во срцата, без никаков страв од прогонство или осуда. Меѓу нас има тешки и дрски гревови. А сепак општото мислење е дека црквата напредува и дека во неа се наоѓаат мир и духовна благосостојба. {5C 217.1}

Црквата престана да го следи својот Водач Христа и постојано се наоѓа на патот за Египет. Меѓутоа, малку се оние кои се алармирани или вознемирени од нивниот недостаток на духовна сила. Сомневањето, а дури и неверувањето во сведоштвата на Божјиот Дух се наоѓаат насекаде во нашите цркви. Сатаната сака да биде така. Проповедниците кои се проповедаат себеси наместо Христа исто така сакаат да биде така. Сведоштвата не се читаат и не се ценат. Бог ви говореше. Од Словото и од сведоштвата зрачеше светлина, но и двете се омаловажуваат и запоставуваат. Резултатот е очигледен во недостаток на чистота и посветеност и искрена вера меѓу нас. {5C 217.2}

Секој во своето срце нека си го постави прашањето: ‘Како западнавме во ваква состојба на духовна слабост и раздор? Зарем не го навлековме врз себе Божјиот гнев, бидејќи нашите постапки не соодветствуваат со нашата вера? Не ли го баравме пријателството и одобрувањето од овој свет, а не Христовото присуство и подлабоко запознавање на Неговата волја? Испитајте го сопственото срце, разгледајте го сопствениот живот. Разгледајте какво друштво бирате. Го барате ли друштвото на мудрите, или сакате да го изберете друштвото на овој свет, другари кои се не бојат од Бога ниту се послушни на евангелието? {5C 217.3}

---

* Овој апел беше напишан во Халдсбург, Калифорнија, 30 мај, 1882 година за да биде читан на црковните собори.

Дали вашата рекреација е таква што ви дава морална и духовна сила и која ве води кон чистота на мислите и постапките? Нечистотата денес е раширена, дури и меѓу оние кои тврдат дека се следбеници на Христа. Страстите се назауздани. Сетилните склоности се засилуваат заради попуштањето, додека моралните сили постојано слабеат. Мнозина желно учествуваат во забавите на овој свет кои го убиваат моралот и кои Бог ги забранил. На тој начин ја прекинуваат својата врска со Бога и се подредуваат со оние кои ги сакаат задоволствата на овој свет. Гревовите кои го уништиле претпотопниот свет и градовите во долината и денес постојат – не само во незнабожечките земји, не само меѓу приврзаниците на популарното христијанство, туку и меѓу некои кои тврдат дека го очекуваат доаѓањето на Синот Човечки. Кога Бог би ви укажал на тие гревови така како што изгледаат во Неговите очи, вие би биле исполнети со срам и со ужас. {5C 218.1}

Што ја предизвика ваквата вознемирувачка состојба? Мнозина ја прифатија теоријата на вистината, додека всушност не беа вистински обратени. Знам за што зборувам. Малку се оние кои вистински се натажени заради гревовите; кои имаат длабоко, болно убедување во изопаченоста на непрепородената природа. Каменото срце не е заменето за срце од месо. Малку се тие кои сакаат да паднат на Карпата и да се разбијат. {5C 218.2}

Без оглед какви сте или каков бил вашиот живот можете да се спасите само по патот што Бог го одредил. Морате да се покаете; морате беспомошно да паднете на Карпата, Исуса Христа. Морате да почувствувате потреба за лекар, за еден лек кој лечи од гревот – Христовата крв. Тој лек може да се обезбеди само преку покајание пред Бога, и со вера во Господа Исуса Христа. Тука дури сега треба да почнат мнозина кои тврдат дека се христијани, па дури и проповедници на Христа. Како некогаш фарисеите, така и мнозина од вас не чувствуваат потреба за Спасител. Вие сте доволни сами на себе и се воздигнувате себеси. Христос рекол: „Зашто не дојдов да ги повикам праведниците, туку грешниците на покајание" (Матеј 9:13). Христовата крв нема да му користи на никого, освен на оние што чувствуваат потреба за нејзината сила која чисти од гревот. {5C 218.3}

Христос бил волен да се заложи за нашето спасение со ненадминлива љубов и снисходливост, иако ние не сме имале никакви права на божествената милост. Тоа е доказ за Неговата неспоредлива љубов и милост. Но нашиот голем Лекар од секоја душа бара безусловна покорност. Ние не смееме никогаш сами да ја лечиме својата болка. Нашата волја и нашиот живот мора во потполност да му бидат потчинети на Христа. {5C 219.1}

Мнозина не се свесни во каква состојба и опасност се наоѓаат, а во природата и во начинот на Христовата работа има многу нешта кои се противат на светските начела и гордоста на човечкото срце. Исус бара од нас целосно да се предадеме во Неговите раце, и да имаме доверба во Неговата љубов и мудрост. {5C 219.2}

Можеме како Никодим да си ласкаме дека нашиот морален карактер е исправен и дека немаме потреба да се понизме пред Бога како другите грешници. Но ние мораме да бидеме волни да влеземе во животот на ист начин како и најголемите грешници. Мораме да се откажеме од својата правда и да ја побараме правдата на Христа за да ни биде засметана. За својата сила мораме целосно да зависиме од Христа. „Јас" мора да умре. Мораме да признеме дека сè што имаме доаѓа од големото богатство на божествената благодат. Говорот на нашето срце нека биде: „Не нам Господи, не нам, туку на Своето име дај му слава, заради Твојата милост, заради Твојата вистина" (Псалм 115:1). {5C 219.3}

По вистинската вера следува љубовта, а по љубовта послушноста. Кога еден човек ќе се обрати, сите негови сили и страсти се донесени под Христова власт. Неговиот Дух е сила која обновува и која сите што го примаат ги преобразува според божествениот лик. Жалам што морам да кажам дека ова искуство го разбираат само малкумина што ја исповедаат вистината. Мнозина одат по своите патишта и им угодуваат на своите грешни желби, а сепак исповедаат дека се следбеници на Христа. Тие никогаш не го потчиниле своето срце на Бога. Како и лудите девојки, тие занемариле со своите светилници да го земат и маслото на благодатта. Ви кажувам, браќа, дека голем дел од оние што ја исповедаат, а и дури проповедаат вистината на другите му робуваат на гревот. Ниските страсти го валкаат духот и ја расипуваат душата. Некои, што чинат

најголеми беззаконија, ја позајмија небесната облека за да можат подобро да му служат на сатаната. {5C 219.4}

„Секој што е роден од Бога, грев не прави" (1. Јованово 3:9). Тој знае дека е откупен со Христовата крв и дека најсвечениот завет го обврзува да го слави Бога со своето тело и дух, кои се Божји. Тој ја задушил својата љубов кон гревот и кон самиот себеси. Тој секој ден прашува: „Што да Му дадам на Господ за сите Негови добрини што ми ги направи мене?". „Господи што сакаш да направам?" (Псалм 116:12; Дела 9:6). Вистинскиот христијанин никогаш нема да се пожали дека Христовиот јарем е тежок. Тој ја смета службата за Христа за најголема слобода. Божјиот закон е негова радост. Наместо да ги унижи Божјите заповеди, за да се усогласат со неговите мани, тој постојано се труди да се издигне до степенот на нивното совршенство. {5C 220.1}

Ако сакаме да се подготвиме за да опстанеме на Божјиот ден, мораме да стекнеме вакво искуство. Сега, додека уште трае времето на проба, додека уште се слуша гласот на милоста, сега е време да се одречеме од своите гревови. Морална темнина го покрива светот како мртовечки покрив, но со тоа посилно треба да свети светлината на Божјите знаменосци, покажувајќи ја спротивноста помеѓу небесната светлина и сатанската темнина. {5C 220.2}

Бог доволно се погрижил за да можеме да се усовршуваме во Неговата благодат, не оскудувајќи во ништо и чекајќи го доаѓањето на својот Господ. Дали сте подготвени? Дали ја облековте свадбената облека? Овие облеки никогаш нема да ја покријат измамата, нечистотијата, расипаноста и лицемерноста. Божјото око е над вас. Тој ги гледа мислите и намерите на срцето. Ние можеме да ги сокриеме нашите гревови од очите на луѓето, но ништо не можеме да сокриеме од својот Создател. {5C 220.3}

Бог не го поштедил Својот Син, туку дозволил да умре заради нашите престапи и да воскресне за наше оправдание. Ние можеме да ги поднесеме своите молби на престолот на благодатта преку Христа. Иако сме недостојни, сепак преку Него можеме да ги добиеме сите духовни благослови. Нема ли да Му пристапиме за да добиеме вечен живот? {5C 221.1}

Како ќе ја запознаеме Божјата добрина и Неговата љубов? Псалмистот не ни вели: чуј и знај, читај и знај или веруај и знај, туку: „Вкусете и ќе видите, колку е добар Господ" (Псалм 34:8). Немој да се потпираш на зборовите на другите, туку сам испробај. {5C 221.2}

Искуството е сознание кое се добива преку проба. Она што нам сега ни треба е искуствена религија. „Вкусете и ќе видите, колку е добар Господ". Некои, кои всушност ги има многу, имаат теоретско познавање на вистината, но во своето срце никогаш не ја почувствувале божествената благодат која обновува. Тие луѓе никогаш не ги слушаат сведоштвата за опомени, укори и поуки кои ги дава Светиот Дух. Веруваат дека ќе дојде Божјиот гнев, но не вложуваат никакви напори за да го избегнат. Тие веруваат во небото, но не прават жртви за да го придобијат. Тие веруваат во вредноста на душите и во тоа дека за скоро време можноста за нивното откупување ќе престане засекогаш. Но сепак не ги користат најдрагоцените можности да направат мир со Бога. {5C 221.3}

Тие можеби ја читаат Библијата, но нејзините закани не ги загрижуваат, ниту нејзините ветувања ги привлекуваат. Тие ги ценат работите што се извонредни, но сепак одат по патот по кој Бог забранил да одат. Тие знаат за прибежиштето, но не го користат. Тие знаат за лекот против гревот, но не го користат. Знаат што е право, но тоа не им годи. Целото нивно знаење само ја зголемува нивната вина. Тие никогаш не пробале и почувствувале преку искуство дека Господ е добар. {5C 221.4}

Да се стане ученик на Христа значи да се одречеме од самите себеси и да одиме по Исуса како во добро така и зло. Денес само малкумина го прават тоа. Мнозина пророкуваат лажно, а народот тоа и го сака. Но каков ќе биде крајот на тоа? Каква ќе биде одлуката кога нивните дела ќе се изнесат пред Бога со сите последици од нив? {5C 222.1}

Животот на христијанинот е борба. Апостол Павле зборува за борба со управителите на темнината како што и тој се борел во добрата борба на верата. На друго место тој вели: "Во борбата против гревот уште не сте се противеле до крв" (Евреите 12:4). О, не. Денес гревот се негува и оправдува. Остриот меч на Духот - Божјата реч - не ја сече душата. Дали верата се промени? Дали се намали непријателството на сатаната кон Бога? Животот со вера некогаш значел неволи и барал самоодрекување. Денес сè е лесно. А зошто? Народот кој тврди дека е Божји, направи компромис со силите на темнината. {5C 222.2}

Строгото сведоштво мора да се врати во живот. Патот кон небото денес не е ништо полесен отколку што бил во времето на Спасителот. Мораме да се откажеме од сите свои гревови, сите склоности кои го спречуваат верскиот живот. Мораме да ја отсечеме десната рака и да го извадиме десното око доколку ни пречат. Дали сме подготвени да се одречеме од својата мудрост и како мали деца да го примиме небесното царство? Дали сме подготвени да ја отфрлиме својата самоправедност и да го напуштиме своето световно друштво? Дали сме подготвени да се одречеме од одобрувањето на луѓето? Наградата на вечниот живот е со бесконечна цена. Сакаме ли да се потрудиме и да поднесеме жртви во сразмер со целта кон која копнееме? {5C 222.3}

Дружењето со секоја личност, колку и да е ограничено, има влијание на нас. До кој степен ќе бидеме под ова влијание зависи од степеност на блискост, од тоа дали постојано сме во нејзино друштво, како и од тоа колку ја сакаме и почитуваме таа личност. Така запознавајќи се и дружејќи се со Христа ние можеме да станеме слични на Него, Кој е совршен пример. {5C 222.4}

Неискажливо е драгоценото дружење со Исуса! Ние сме во можност да се дружиме со Него - доколку сакаме, доколку сме подготвени да поднесеме секаква жртва за тоа. Кога првите ученици ги слушнале зборовите на Христа, сфатиле дека Тој им е потребен. Тие го барале, го нашле, и оделе по Него. Биле со Него дома, на трпезата, во клетта, на полето. Биле со него како ученици со Учител, секојдневно примајќи поуки за светата вистина. Гледале на него како што слугите гледаат на својот господар, за да научат кои се нивните должности. Тие му служеле Нему бодро, радосно. Оделе по Него како што војници одат по својот заповедник, борејќи се во добрата борба на верата. "И оние, што ќе се со Него, се повикани и избрани и верни" (Откровение 17:14). {5C 223.1}

"Кој вели дека во Него пребива, должен е да постапува така, како што постапи и Тој". "Ако, пак, некој нема Дух Христов, тој не е Негов" (1. Јованово 2:6; Римјаните 8:9). Не е можно светот да не ја забележи оваа поврзаност со Христа. Таа ќе биде предмет на забелешки и разговори. Можеби христијанинот нема да биде свесен за тие големи промени, бидејќи колку повеќе ќе станува сличен на Христовиот карактер, ќе има поскромно мислење за себе. Но тие што се околу него ќе го забележат и ќе го почувствуваат тоа. Тие што имале најдлабоко искуство во божествените предмети се најдалеку од гордоста и самовоздигнувањето. Тие имаат најскромно мислење за себе, а најголемо за Христовата слава и извонредност. Тие знаат дека и најмалото место во Неговата служба за нив значи премногу голема почест. {5C 223.2}

Мојсеј не знаел дека од неговото лице свети светлина која била страшна и неподнослива за тие што не комуницирале со Бога како тој. Павле имал мошне скромно мислење за своето напредување во христијанскиот живот. Тој кажува: "Не затоа што веќе достигнав, или дека веќе постигнав совршенство" (Филипјаните 3:12). Тој за себе зборува како за "најголем грешник". Па сепак Бог му укажал чест на Павле. Тој во свето видение го вознел на третото небо и тој таму примил откровение за божествената слава кое не смеел да им го каже на другите. {5C 223.3}

Нашиот Спасител за Јован Крстител рекол дека тој е најголем од сите пророци. А колкава е разликата помеѓу тоа што го зборувал овој Божји човек и мнозина кои зборуваат дека се проповедници на крстот! Кога го запрашале дали е тој Христос, Јован кажал дека тој не е достоен ниту да ги одврзе обувките на својот Господар. Кога неговите ученици дошле со жалба дека народот поголемо внимание му посветува на новиот Учител, Јован рекол дека е само претходник на Ветениот. Христос е младоженецот кој има најмногу право на љубовта на својот народ. "Пријателот на младоженецот, кој стои и го слуша, многу се радува на гласот од младоженецот. Оваа моја радост се исполни. Тој треба да расте, а јас да се намалувам. Кој доаѓа одозгора, тој е над сите". "А тој што го примил Неговото сведоштво потврдил дека Бог е вистинит" (Јован 3:29-31, 33). {5C 224.1}

Вакви работници му се потребни на Божјото дело денес. Во ова свето дело не се потребни вообразени, завидливи, љубоморни, критичари кои наоѓаат мани. Ним не треба да им се дозволи да работат како проповедници, дури и ако навидум имаат постигнато нешто добро. На Бога не му недостасуваат ниту луѓе ниту пари. Нему му се потребни работници кои се вистинити и верни, чисти и свети, кои ја почувствувале потребата за Христовата крв која откупува и посветувачката благодат на Неговиот Дух. {5C 224.2}

Браќа мои, Бог е ожалостен заради вашата завист, љубомора, огорченост и неслога. Вие со тоа му се покорувате на сатаната, а не на Христа. Кога ќе видиме луѓе со цврсти начела, бестрашни во вршењето на должноста, ревни во Божјото дело, па сепак понизни, благи и трпеливи кон сите, кои со задоволство проштеваат и покажуваат љубов кон душите за кои умрел Христос, немаме потреба да се прашаме: дали тие се христијани? Тие даваат несомнен доказ дека биле со Исуса и дека се научиле од Него. Кога ќе видиме луѓе со спротивни особини, што се горди, суетни, површни и со светски дух, тврдокорни, нељубезни и груби, не мораме да се прашаме со кого се дружат тие и кој е нивниот најдобар пријател. Тие можеби не веруваат во магии, но сепак имат заедница со зол дух. {5C 224.3}

На овие луѓе би сакала да им кажам: „Не воздигајте се и не сведочете лажно против вистината. Тоа не е мудрост која доаѓа озгора, туку земна, душевна, бесовска; зашто каде што има завист и карање, таму има неслога и сè е лошо. А мудроста, што иде озгора, е најнапред чиста, а потоа мирна, кротка, покорна, полна со милост и добри плодови, непристрасна и нелицемерна. Плодот, пак, на правдата во мир се сее од миротворците" (Јаков 3:15-18). {5C 225.1}

Кога фарисеите и садуќеите се насобирале кај Јован за да ги крсти, овој бестрашен проповедник на правдата им ги кажал зборовите: "Рожби змиини! Кој ви кажа да бегате од гневот што иде?" (Матеј 3:7). Овие луѓе доаѓале кај Јована од недостојни побуди. Нивните начела биле отровни, а нивниот живот расипан. Сепак, тие не биле свесни за својата вистинска состојба. Полни со гордост и славољубие, тие не сакале да пропуштат ниедна прилика да се издигнат себеси и да го зајакнат својот углед кај народот. Тие

дошле да бидат крстени од Јовановата рака за да можат подобро да ги остварат овие цели. {5C 225.2}

Јован ги проникнал нивните побуди и им поставил директно прашање: "Кој ви кажа да бегате од гневот што иде?" Ако го послушале Божјиот глас што им зборувал на нивните срца, тие тоа би го потврдиле раѓајќи плодови на покајание. Такви плодови немало. Оваа опомена тие ја сметале само како глас на човек. Тие биле маѓепсани со силата и храброста со која зборувал Јован, но Божјиот Дух не ги убедил нивните срца за грешноста, што би направило да раѓаат плодови за вечен живот. Тие со ништо не сакале да покажат дека ги промениле своите срца. Јован сакал да увидат дека без силата на Светиот Дух, која преобразува, надворешниот обред нема да им донесе никаков благослов. {5C 225.3}

Укорот на пророкот може да се примени на многу луѓе во нашите денови. Тие не се во состојба да ги побијат јасните и убедливи докази кои ја поткрепуваат вистината, но сметаат дека тоа е плод на човечко расудување, а не на божествено откровение. Тие не гледаат дека се грешници и нивното срце не е потиштено. Но како и фарисеите, тие сметаат дека за нив би било големо унижување ако ја прифатат вистината. {5C 226.1}

Никој не е подалеку од Божјото царство од самоправедните формалисти, кои се гордеат со сопствените достигнувања, иако во нив ниту најмалку го нема Христовиот Дух, туку ѝ робуваат на зависта, љубомората, славољубието и желбата за признание од луѓето. Тие им припаѓаат на луѓето кои Јован ги нарекол рожби змиини, деца на злиот. Тие луѓе живеат меѓу нас, незабележани и без да предизвикаат сомнеж. Тие подобро му служат на сатаната од најподлите расипници, бидејќи овие не се кријат, туку се покажуваат такви какви што се. {5C 226.2}

Бог бара плодови на покајание. Без овие плодови нашата вера нема никаква вредност. Господ може да направи вистински верници од оние кои никогаш не слушнале за Неговото име. "Немојте да говорите во себе: 'Наш татко е Авраам', зашто Бог може, ви велам, и од овие камења да му подигне чеда на Авраам" (Матеј 3:9). {5C 226.3}

Бог не зависи од луѓето кои не се обратиле во срцето и во животот. Тој нема да биде наклонет на ниеден човек кој врши неправда. "Секирата веќе лежи до коренот на дрвото: зашто секое дрво, што не дава добар плод, се сече и се фрла во оган" (Стих 10). {5C 226.4}

Оние кои ги слават проповедниците и им ласкаат, а не прават добри дела, со тоа несомнено докажуваат дека се обратиле кон проповедникот, а не кон Бога. Ние прашуваме: "Кој ви кажа да бегате од гневот што иде?" Дали тоа беше налог на Светиот Дух, или само слово на човек? Плодот што се донесува сведочи какво е дрвото. {5C 227.1}

Никакви надворешни обреди не можат да нè направат чисти, никаков обред извршен од човек, па тој да е и најсветиот, не може да го замени крштавањето со Свети Дух. Божјиот Дух мора да дејствува на срцето. Сите оние што не ја искусиле Неговата сила која обновува, претставуваат само плева во пченица. Нашиот Господ во Својата рака има лопата и Тој ќе го исчисти Своето гумно. Во денот кој доаѓа, Тој ќе направи разлика "меѓу оној кој Му служи на Бога и оној кој не Му служи" (Малахија 3:18). {5C 227.2}

Христовиот Дух ќе се открие во сите оние кои се родени од Бога. Меѓу луѓето, со кои владее Неговиот Дух, не може да дојде до раздор и несогласувања. "Очистете се вие кои ги носите Господовите садови" (Исаија 52:11). Ретко ќе се случи членовите на

црквата да бидат на повисок морален степен од своите проповедници. Нам ни се потребни обратени проповедници и обратен народ. Пастирите кои бдејат над душите како оние кои ќе мораат да дадат сметка, ќе го водат своето стадо по патеката на мирот и светоста. Колку повеќе напредуваат во благодатта и во познавањето на вистината, толку поуспешно ќе ја вршат својата должност. Учителите кои се посветени во душата, телото и духот можат да влијаат и на народот да го сфати значењето на ова посветување. {5C 227.3}

Малку е корисно површното зборување за верата, молењето за духовен благослов без вистинска глад на душата и жива вера. Зачуденото мноштво кое се туркало околу Христа не чувствувало никаква сила од допирот со Него. Но кога напатената жена во својата неволја ја испружила раката за да се допре до работ на Христовата облека, ја почувствувала Неговата исцелителна сила. Тоа бил допир на верата. Христос го видел ова и одлучил на Своите ученици да им даде една поука за сите времиња. Тој почувствувал како од Него излегла сила и запрашал: "Кој се допре до облеката моја?" (Марко 5:30). Зачудени од овие зборови, учениците Му одговориле: "Гледаш дека народот Те притиска, а прашуваш: 'Кој се допре до Мене'" (Стих 31). {5C 227.4}

Исус го насочил погледот на жената која го направила тоа. Таа била исполнета со страв. Чувствувала голема радост во срцето, но дали не ја пречекорила својата должност? Знаејќи што ѝ е направено треперејќи пришла и се фрлила пред Неговите нозе, признавајќи Му ја целата вистина. Христос не ја укорил. Тој благо ѝ рекол: "Оди си со мир и биди здрава од болеста своја" (стих 34). {5C 228.1}

Овде се воочува разликата меѓу случајниот допир и допирот со вера. Без жива вера во Бога, молитвите и проповедите се напразни. Но допирот со вера ни ја отвора божествената ризница на сила и мудрост, и на тој начин Бог ги врши чудата на Својата благодат преку орудијата кои се од земја. {5C 228.2}

Оваа жива вера нам денес ни е многу потребна. Ние мораме да знаеме дека Исус навистина е наш, дека Неговиот Дух навистина го чисти и облагородува нашиот дух. Колку многу ќе биде во состојба да направи проповедникот на Христа, доколку има вистинска вера, кротост и љубов! Колку многу плодови би донел за слава на Бога! {5C 228.3}

Што да ви кажам, браќа мои, за да ве пробудам од чувството на телесна сигурност? Ми беа покажани вашите опасности. Во црквата има и верни и неверни. Христос ги опишува и двете групи во параболата за лозата и прачките. Тој ги опоменува Своите следбеници: "Бидете во Мене и Јас ќе бидам во вас. Како што прачката не може да роди плод сама од себе, ако не е на лозата, така и вие, ако не бидете во Мене. Јас сум лозата, а вие прачките; и кој е во Мене, и Јас во него, тој ќе даде многу плод; зашто без Мене не можете да направите ништо" (Јован 15:4, 5). {5C 228.4}

Постои голема разлика меѓу божемното единство и вистинската врска со Христа преку вера. Со исповедање на верата, луѓето стапуваат во црквата, но тоа не докажува дека имаат жива врска со живата Лоза. Нам ни е дадено мерило врз основа на кое можеме да ги препознаеме луѓето што тврдат дека се следбеници на Христа, но немаат вера во Него. Едните донесуваат плодови, другите се бесплодни. Бог често ги закројува овие првите, за да донесат повеќе род, додека другите наскоро ќе бидат отсечени од живата Лоза. {5C 228.5}

Јас многу се грижам за тоа нашиот народ да го сочува живото сведоштво и црквата да биде чиста од неверници. Можеме ли да замислиме некој поблизок однос со Бога, од оној што е опишан со зборовите: "Јас сум лозата, а вие прачките". Влакната на

прачките се исти со влакната на лозата. Од лозата во прачките постојано и непречено струјат живот, сила и плодност. Коренот праќа храна преку гранките. Тоа е вистински однос на верникот кон Христа. Тој пребива во Христа и прима храна од Него. {5C 229.1}

Овој духовен однос може да се воспостави само со лична вера. Од наша страна, таа вера треба да се покажува во целосната преданост, совршената доверба и целосната посветеност. Ние мораме својата волја во потполност да ја потчиниме на божествената волја и во служба на Христовото царство да ги ставиме своите чувства, желби, интереси и својата чест, примајќи постојано благодат од Него, додека Тој ќе ја прима нашата благодарност. {5C 229.2}

Кога се постига оваа врска и заедништво со Христа, нашите гревови се поставени врз Христа; Неговата праведност ни е нам засметана. Тој ги примил нашите гревови на себе, за преку Него да станеме праведни пред Бога. Преку Него имаме пристап кон Бога, бидејќи сме примени преку Саканиот. Кој со зборови и со дела навредува еден од верниците, тој со тоа го навредува и Исус. Кој му дава чаша ладна вода на ученикот затоа што е Божјо дете, го прави тоа на самиот Христос. {5C 229.3}

Подготвувајќи се да се збогува со Своите ученици, Христос им дал еден прекрасен знак за Својата врска со верните. Тој им го опишал блиското заедништво со Него, со кое ќе бидат во состојба да го сочуваат својот духовен живот кога Тој нема повеќе да биде со нив. За да го вреже тоа во нивните мисли, Тој им ја прикажал лозата како највпечатлив и најсоодветен симбол. {5C 230.1}

Евреите отсекогаш лозата ја сметале за најблагородна билка и симбол на сè што е моќно, извонредно и родно. Нашиот Господ отприлика им зборувал вака: "Лозата, која вие толку многу ја цените, претставува еден симбол. Јас сум реалноста; Јас сум вистинската лоза. Вие како народ ја цените лозата; како грешници морате да ме цените Мене над сите земни работи. Прачката не може да живее без лозата, ниту пак вие можете да живеете ако не сте во Мене". {5C 230.2}

Оваа поука има иста важност за сите Христови следбеници како и за првите ученици кои ги слушале Неговите зборови. Човекот со отпаѓањето се оддалечил од Бога. Ова одвојување е големо и страшно; но Исус ни дава можност повторно да се поврземе со Него. Силата на злото толку длабоко е вкоренета во човечката природа, што никој не може да ја победи, освен ако не е во заедништво со Христа. Преку ова заедништво примаме морална и духовна сила. Ако го имаме Христовиот Дух, ќе раѓаме плодови на праведност, плодови кои ќе им донесат чест и благослов на луѓето, а ќе го прослават Бога. {5C 230.3}

Таткото е лозарот. Тој вешто и милостиво ја закројува секоја родна гранка. Оние кои денес со Христос делат страдања и презир, подоцна ќе делат и слава со Него. Тој "не се срамува да ги нарече браќа" (Евреите 2:11). Неговите ангели им служат ним. Тој ќе дојде по втор пат како Син Човечки, и на тој начин дури и во Својата слава ќе се изедначи со човештвото. На оние кои се соединиле со Него, Тој им зборува: "Може ли жена да го заборави породот свој, а да не се смилува на чедото од утробата своја? А и кога би го заборавила, Јас тебе нема да те заборавам. Ете, на Своите дланки сум те врежал" (Исаија 49:15, 16). {5C 230.4}

О, колку чудесни привилегии ни се понудени нас! {5C 231.1}

Ќе сакаме ли да вложиме најсесрдни напори за да направиме сојуз со Христа, преку кого единствено можеме да ги добиеме тие благослови? Ќе сакаме ли да ги победиме нашите гревови со праведност и нашите безаконија со тоа што ќе се вратиме кај Господа? Сомневањето и неверието се мошне распространети. Христос поставил

прашање: "Но Синот Човечки, кога ќе дојде, ќе најде ли вера на земјата?" (Лука 18:8). Ние мораме да живееме со живот на делотворна вера. Постојаноста на нашата вера е услов за нашата поврзаност со Христа. {5C 231.2}

Единството со Христа преку жива вера опстојува; секое друго единство мора да пропадне. Прво Христос нè избрал нас, плаќајќи бесконечна цена за нашето откупување. Затоа и вистинските следбеници го бираат Христа како прв и последен, како најдобар во сè. Но за ова единство мораме нешто и да платиме. Тоа е единство на целосна зависност, во кое едно гордо суштество мора да се понизи. Сите кои влегуваат во ова заедништво мора да ја почувствуваат потребата за Христовата крв која откупува. Тие мораат да се променат во срцата. Мораат својата волја да ѝ ја потчинат на Божјата. Мораат да се борат со надворешни и внатрешни тешкотии. Мораат да поминат преку мачното дело на одвојување и доброто дело на спојување. Гордоста, себичноста, суетата, световноста - секој грев - мора да се победи, ако сакаме да влеземе во заедништво со Христа. Причината зошто мнозина мислат дека христијанскиот живот е толку страшно напорен, зошто се колебливи и непостојани, е во тоа што се обидуваат да се приклучат кон Христа, додека претходно не се одвоиле од идолите на кои им служеле. {5C 231.3}

Ако заедништвото со Христа е веќе воспоставено, може да се сочува само со сесрдна молитва и со неуморни напори. Мораме да му се противиме, да го одречеме - ние мораме да го победиме своето „јас". Со Христовата благодат, со храброст, вера и будност ќе бидеме во состојба да задобиеме победа. {5C 231.4}

Верниците стануваат едно во Христа, но една прачка не може да храни друга. Храната се добива со живата поврзаност со лозата. Мораме да чувствуваме дека целосно сме зависни од Христа. Мораме да живееме од вера во Божјиот Син. Тоа е значењето на налогот: "Пребивајте во Мене". Животот кој го живееме не е според волјата на луѓето, ниту за да им угодуваме на непријателите на Господа, туку за да Му служиме и да го славиме Оној, Кој нè љубел и Себеси се дал за нас. Стапувањето во ова заедништво само ќе го поттикне срцето во неговата непокорност, доколку не се ослободиме од светот, од неговите задоволства и неговата расипаност. {5C 231.5}

Нам како народ многу ни недостасува вера и љубов. Нашите напори се сосема безначајни со оглед на опасноста на времето во кое живееме. На нас влијаат гордоста и самоугодувањето, непобожноста и расипништвото кои нè опкружуваат. Малку се оние што сфаќаат колку е важно, колку што тоа е можно, да се избегнува друштвото на оние што не се пријатели на верскиот живот. Малку се оние што мислат на своето духовно добро при изборот на својата околина. {5C 232.1}

Родителите доаѓаат во градовите со своите деца, мислејќи дека е подобро да се заработи живеачка таму отколку надвор од населените места. Децата, кои немаат што да прават вон времето за училиште, добиваат улично воспитување. Тие примаат порочни и расипнички навики од своите расипани другари. Родителите го гледаат сето ова, но бидејќи за да го спречат тоа треба да поднесат жртви, остануваат таму каде што се, сè додека сатаната не задобие целосна власт над нивните деца. Подобро е да се жртвува секое земно добро, отколку да се доведат во опасност драгоцените души што ви се доверени на вашата грижа. Тие ќе бидат изложени на искушенија, и треба да бидат поучени да се соочат со нив. Но вие сте должни да го исклучите секое влијание, да ја искорените секоја навика, да ја прекинете секоја врска која ви оневозможува вие и членовите на вашите семејства од сè срце да се посветат на Бога. {5C 232.2}

Наместо пренаселени градови, побарајте некое поповлечено место во кое вашите деца ќе бидат, доколку тоа е можно, заштитени од искушенија, и тука подигнувајте ги и воспитувајте ги да бидат корисни. Пророкот Езекиел вака ги набројува причините кои довеле до уништување на Содом: "Ете во каква состојба е беззаконието на сестра ти Содом и на ќерките нејзини: во гордост, во презаситеност, во празнина, и раката нејзина не помагаше сироти и бедни" (Езекиел 16:49). Сите што сакаат да ја избегнат судбината на Содом мораат да се отстранат од правецот кој ја навлекол Божјата казна на тој безбожнички град. {5C 232.3}

Драги браќа, со тоа што занемарувате себеси и своите деца да ги посветите на Бога, покажувате непочитување кон најсветите Божји барања. Мнозина од вас се одмораат во лажна сигурност, зафатени со себичните цели и привлечното земно богатство. Не се плашите од никакво зло. Ви се чини дека опасноста е мошне далеку. Доколку не се разбудите и доколку не се вратите кај Господа во покајание и во длабока понизност ќе бидете заведени и ќе тргнете по патот на вечна пропаст. {5C 233.1}

Гласот од небото многу пати ви се обраќаше. Сакате ли да го послушате тој глас? Сакате ли да примите совет од Вистинскиот Сведок, и да побарате пречистено злато, бели облеки и маст за очите? Златото е верата и љубовта, белите облеки се Христовата правда, маста за очите е духовното расудување кое ќе ве оспособи да го видите злото на сатаната и да го избегнувате, да ја видите вистината и да ѝ се покорувате. {5C 233.2}

Смртоносната поспаност на светот ги парализира вашите сетила. Гревот повеќе не ви изгледа одвратен затоа што сатаната ве заслепи. Божјите казни наскоро ќе се излеат на земјата. "Спасувај ја својата душа" е предупредувањето кое доаѓа од Божјите ангели. Се слушаат и други гласови кои велат: "Немојте да се вознемирувате; нема никаква причина за некое посебно вознемирување". Тие кои се безгрижни на Сион викаат мир е и безбедност, додека небото кажува дека престапниците наскоро ќе бидат уништени. Младите и лекомислените, оние што ги сакаат задоволствата ги сметаат овие опомени за празни приказни и им свртуваат грб со потсмевање. Родителите се наклонети да мислат дека децата имаат право во тоа и продолжуваат да спијат во удобност. Така било и при уништувањето на стариот свет и кога пожарот ги проголтал Содом и Гомор. Ноќта, пред уништувањето, овие градови оргијале во задоволство. Лот бил исмеан заради неговиот страв и опомени. Меѓутоа, тие што се потсмејувале пропаднале во пламенот. Истата таа ноќ вратата на милоста засекогаш се затворила за безбожните и безгрижни жители на Содом. {5C 233.3}

Бог е оној кој во Своите раце ја држи судбината на душите. Тој нема да дозволува постојано да биде исмејуван, ниту вечно ќе трпи некој да се шегува со Него. Неговите казни веќе ја погодија земјата. Жестоки и ужасни бури оставаат пустош и смрт по нив. Страшни пожари ги уништуваат шумите и населените градови. Бури и бродоломи ги чекаат оние кои патуваат по морињата. Несреќни случаи им се закануваат на сите што патуваат на копното. Урагани, земјотреси, меч и глад брзо се менуваат едни по други. А човечките срца и покрај сето тоа се закоравени. Луѓето не го признаваат Божјиот глас што опоменува. Тие не сакаат да се заштитат од луњата која се подготвува во единственото сигурно прибежиште. {5C 234.1}

Мнозина што се поставени на ѕидовите на Сион со орловски очи да внимаваат на приближување на опасностите и да викнат со глас на предупредување, самите спијат. Токму тие што треба да бидат најбудни и најактивни во овие мигови на опасност, токму тие ја запоставуваат својата должност и врз себе ја примаат крвта на душите. {5C 234.2}

Драги браќа, чувајте се од злото срце што не верува. Божјата Реч е јасна и строга во своите ограничувања; тоа ви пречи во вашата себичност и вие затоа не го слушате. Сведоштвата на Неговиот Дух ви го свртуваат вниманието на Светото Писмо, укажуваат на недостатоците на вашиот карактер и ги укоруваат вашите гревови; затоа и не ги слушате. И за да го оправдате својот телесен живот, живот на љубов кон угодностите, почнувате да се сомневате дали сведоштвата се од Бога. Кога би го примиле нивното учење, би биле уверени во нивното божествено потекло. Имајте во вид дека вашето неверие не ја намалува нивната вистинитост. Ако се од Бога, такви и ќе останат. Тие што се трудат да ја намалат верата на Божјиот народ во сведоштвата, кои се во црквата во последните триесет и шест години, се борат против Бога. Вие не го потценувате и навредувате орудието, туку Бог, кој ви зборува преку тие опомени и укори. {5С 234.3}

Во поуките што нашиот Спасител им ги дал на Своите ученици се наоѓаат зборови на опомена кои посебно можат да се применат на нас: "Само пазете се: вашите срца да не бидат натежнати од прејадување и пијанство, и тегобни грижи за овој живот, за да не ве затекне оној ден ненадејно" (Лука 21:34). Бдејте, молете се, работете - тоа е вистинскиот живот на верата. Молете се секогаш, т.е. секогаш бидете во духот на молитва и тогаш ќе бидете подготвени за доаѓањето на нашиот Господ. {5С 235.1}

Стражарите се одговорни за состојбата во која се наоѓа народот. Додека вашите срца ја отвораат вратата на гордоста, зависта, сомнежот и другите гревови, ќе има кавга, омраза и секакво зло дело. Кроткиот и благ Исус бара да влезе како ваш гостин, но вие се плашите да го повикате. Тој ви се обраќа и во Стариот и во Новиот завет. Тој сè уште ви зборува преку Својот Дух и Своето провидение. Целта на Неговите поуки е луѓето да станат верни на Бога и верни на самите себеси. {5С 235.2}

Исус ја земал природата на човекот за на човештвото да му остави потполн и совршен пример. Тој има намера нас да нè направи слични на Себе за да бидеме верни во сите дела, чувства и мисли - верни во срцето, душата и животот. Тоа е христијанство. Нашата грешна природа мора да се очисти, облагороди и посвети по пат на покорување на вистината. Христијанската вера никогаш нема да може да биде во хармонија со начелата на овој свет. Христијанската чесност е спротивна на секоја лага и неискреност. Човекот кој во душата на прво место ја негува Христовата љубов, кој најсовршено го отсликува ликот на Спасителот, таквиот човек во Божјите очи е најверен, најблагороден и најчесен човек на земјата. {5С 235.3}

---

25. ХРИСТИЈАНСКО ЕДИНСТВО

"Браќа, ве молам во името на нашиот Господ Исус Христос, сите вие да зборувате исто, и меѓу вас да нема раздори, туку да бидете совршено соединети во еден ум и во исто мислење" (1. Коринтјаните 1:10). {5С 236.1}

Единството е сила, неслогата е слабост. Ако тие што ја исповедаат сегашната вистина бидат сложни, тие ќе имаат успешно влијание. Сатаната многу добро го знае ова. Тој никогаш не бил порешителен од денес да го намали дејството на Божјата вистина со сеење на раздори и неслога во Божјиот народ. {5С 236.2}

Светот и популарните цркви се против нас, а и законите на земјата исто така наскоро ќе бидат против нас. Ако некогаш имало време кога Божјиот народ требало да

биде сложен, тогаш тоа е денес. Бог ни објавил вистина посебна за ова време за да му ја објавиме на светот. Сега се шири последната вест на милост. Ние работиме со мажи и жени кои наскоро ќе мораат да се појават на Божјиот суд. Затоа особено мораме да се трудиме со секој збор и со секое дело да одиме по нашиот Пример, за со својот пример да ги доведеме луѓето кај Христа. Мораме да внимаваме како им ја изнесуваме вистината на другите за тие, согледувајќи ја нејзината убавина и едноставност, да можат да ја примат. Ако нашите карактери бидат сведоци за нејзината посветувачка сила, ќе бидеме постојана светлина на другите, живи посланија кои секој може да ги разбере и да ги прочита. Ние не смееме да му дадеме место на сатаната дозволувајќи меѓу нас да се појави раздор и неслога. {5C 236.3}

Во својата последна молитва пред распнувањето, нашиот Спасител се молел меѓу Неговите ученици да владее единство. Подготвувајќи се за страдањата на крстот, Тој не се молел за Себе, туку за оние кои ќе ги остави по Себе, да го продолжат Неговото дело на земјата. Нив ги очекувале најтешки искушенија, но Исус знаел дека најголема опасност им се заканува од духот на огорченост и неслога. Затоа Тој се молел: {5C 236.4}

"Посвети ги со Својата вистина. Твоето слово е вистина. Како што Ти Мене Ме прати во светот, и Јас ги пратив во светот. И за нив јас се посветувам, та и тие да бидат осветени преку вистината. Но не се молам само за нив, туку и за оние што преку нивните зборови ќе поверуваат во Мене, за сите да бидат едно, како што си Ти, Оче, во Мене, и Јас во Тебе; па така и тие да бидат во Нас едно, и да поверува светот дека Ти си Ме пратил" (Јован 17:17-21). {5C 237.1}

Христовата молитва ги опфаќа сите Негови следбеници до свршетокот на векот. Нашиот Спасител ги предвидел неволите и страдањата на Својот народ, Тој не ги заборавил неслогата и раздорот кои ја поткопуваат и слабеат црквата. Тој нè гледа со длабок интерес и со љубов понежна од таа што срцето на земните родители ја чувствува кон едно заталкано и погодено дете. Тој нè повикува да учиме од Него. Тој ја повикува нашата доверба. Тој нè повикува да ги отвориме нашите срца за да ја примиме Неговата љубов. Тој ни дал ветување дека ќе биде наш помошник. {5C 237.2}

Вознесувајќи се на небото, Христос го оставил Своето дело во рацете на Своите слуги, потпастирите. "И Тој постави едни за апостоли, други за пророци, трети за благовестители, четврти за пастири и учители, за усовршување на светиите во делото на служењето, за изградување на Христовото тело, додека сите не го достигнеме единството на верата и познанието на Синот Божји, до состојба на совршен човек, до мера на возраста на Христовата полнота" (Ефесјаните 4:11-13). {5C 237.3}

Праќајќи ги Своите проповедници, Спасителот им дал дарови на луѓето за преку нив на светот да ги упатуваат зборовите за вечен живот. Тоа се орудија што Бог ги одредил за усовршување на светите во сознанието и вистинската побожност. Задачата на Христовите слуги не се состои само во проповедање на вистината. Тие мораат и да бдеат над душите како луѓе кои ќе мораат да дадат сметка на Бога. Тие мораат да укоруваат, опоменуваат и да поучуваат со долго трпение и поука. {5C 237.4}

Сите што ги примиле благодетите со залагање на Божјите слуги треба според своите способности да се соединат со нив во работата за спасување на душите. Тоа е задача на сите вистински верници, проповедниците и народот. Тие секогаш треба да ја имаат оваа голема цел пред себе, трудејќи се секој да ја изврши својата специфична задача во црквата, а сите работејќи во ред, слога и љубов. {5C 238.1}

Во Христовата вера нема ништо себично и тесноградо. Нејзините начела се делотворни и опфаќаат сè. Христос ја опишува како силна светлина, како спасоносна сол

или квасец на преобразување. Божјите слуги треба сесрдно, ревно и предано да го шират сознанието за вистината на блиску и далеку, но при тоа не смеат да заборават да работат за зацврстување на единството во црквата. Тие мораат внимателно да бдеат за да не се појави неслога и раздор. {5C 238.2}

Во последно време меѓу нас се појавија луѓе кои тврдат дека се Христови слуги, но тие со својата работа го рушат единството кое Бог го воспоставил во црквата. Тие имаат свои уникатни планови и методи на работа. Сакаат во црквата да внесат промени кои би одговарале на нивните сфаќања за напредокот и мислат дека со тоа ќе се постигнат некои големи резултати. Овие луѓе во Христовата школа треба да бидат ученици, а не учители. Секогаш се во брзање, постојано се подготвуваат да направат некое големо дело, да направат нешто што ќе им донесе слава. Тие во своето срце треба да ја примат најкорисната поука - поуката на понизност и вера во Исуса. Некои внимателно ги набљудуваат своите соработници, настојувајќи да им најдат некоја мана, иако би било подобро кога би се подготвувале за големиот судир што им претстои. Спасителот им порачува: "Поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете мир за душите ваши" (Матеј 11:29). {5C 238.3}

Учителите на вистината, мисионерите и функционерите во црквата, можат да направат добро дело за Господарот, доколку ја очистат својата душа со покорување на вистината. Секој жив христијанин треба да биде несебичен работник за Бога. Господ ни подари познание на Неговата волја, за да станеме канали на светлина за другите. Ако Христос е во нас не можеме да не работиме за Него. Неможно е да се задржи Божјата наклоност и да се ужива благослов од љубовта на Спасителот, а притоа да се биде рамнодушен кон опасностите на оние кои пропаѓаат во грев. „Со тоа ќе се прослави Мојот Татко: да носите многу плод" (Јован 15:8). {5C 238.4}

Павле ги повикува верниците во Ефес да ја чуваат слогата и љубовта: "Браќа, јас, затвореник во Господ, ве молам да се однесувате достојно според звањето, за кое сте повикани, со сета понизност и кротост, со долготрпеливост, поднесувајќи се еден со друг со љубов, трудејќи се да го запазите единството на Духот преку врските на мирот. Едно тело сте и еден Дух, како што и сте повикани кон една надеж на вашето звање. Еден Господ, една вера и едно крштение, еден е Бог и Татко на сите, Кој е над сè, и преку сите, и во сите нас" (Ефесјаните 4:1-6). {5C 239.1}

Апостолот ги повикува своите браќа со своите животи да ја покажуваат силата на вистината која тој им ја изнел. Со кротост, благост, трпеливост и љубов, тие ќе го прикажат Христовиот карактер и благословите на Неговото спасение. Како делови од Христовото тело, сите верници се вдахновени со истиот Дух и истата надеж. Раздорот во црквата ја обесчестува Христовата вера пред светот и им дава прилика на непријателите на вистината да ги оправдуваат своите постапки. Павловите поуки не се напишани само за црквата во негово време. Божја намера е тие да допрат и до нас. На кој начин постапуваме ние за да го сочуваме единството во врски на мирот? {5C 239.2}

Кога Светиот Дух се излеал на првата црква, браќата се сакале меѓусебно. "И секој ден еднодушно престојуваа во храмот и, прекршувајќи леб по куќите, се хранеа со радост и со чисто срце. Го фалеа Бога и стекнуваа благонаклонетост кај сите луѓе. А Господ секој ден ги придодаваше спасените кон нивното мноштво" (Дела 2:46). Тие едноставни христијани биле малкубројни, без почести и богатства, но вршеле големо влијание. Од нив светела светлина на светот. Тие биле страв за злосторниците каде и да се дознаело за нивните учења и карактер. Затоа безбожниците ги мразеле и ги прогонувале до смрт. {5C 239.3}

Мерилото на светост денес е исто како и во деновите на апостолите. Ниту Божјите ветувања ниту Неговите барања не загубиле ништо од својата сила. А во каква состојба се наоѓа Господовиот народ доколку го споредиме со првата црква? Каде се Божјата сила и Духот кои тогаш го придружувале проповедањето на евангелието? "Како потемне златото, како се измени најчистото злато!" (Плачот на Еремија 4:1). {5C 240.1}

Господ ја посади Својата црква како лоза на плодна земја. Тој со љубов и нежност ја чуваше и негуваше, за да донесе плодови на праведност. Неговите зборови беа: "Што уште требаше да направам за Моето лозје и не го направив?" Но лозата што Бог ја посадил се наведнала кон земјата и ги обвиткала своите витли околу човечки колци. Неговите гранки се распростирале широко и далеку, но родот што го донеле било диво грозје. Господарот на грозјето рече: "Зошто, кога очекував принос од добро грозје, тоа даде диво грозје" (Исаија 5:4). {5C 240.2}

Господ ѝ подарил голем благослов на Својата црква. Правдата бара таа да ги врати талентите со добивка. Бидејќи се зголемија богатствата на вистината, што ѝ се доверени, се зголемија и нејзините обврски. Но наместо да ги користи овие дарови и сè повеќе да се усовршува и воздигнува, таа падна од висината што ја достигна уште во своето прво искуство. Промената на нејзината духовна состојба настана постепено и речиси незабележливо. Штом почна да го бара и да го вреднува пријателството на светот, нејзината вера почна да опаѓа, а сесрдната побожност да му отстапува место на мртвиот формализам. Секој чекор поблизу кон светот е чекор подалеку од Бога. Кога луѓето станаа горди и почнаа да копнеат за светски почести, Христовиот Дух исчезна и се појавија неслога и раздор ја рушат и ја слабеат црквата. {5C 240.3}

Павле им пишува на своите браќа во Коринт: "Уште сте телесни. И навистина, штом меѓу вас има завист, кавга и неслога, не сте ли телесни и не живеете ли како обични луѓе?" (1. Коринтјаните 3:3). Кога разумот е растроен од завист и кавга не е можно да ги сфати големите духовни вистини од Божјата Реч. "Телесниот човек не го прима она што е од Божјиот Дух: за него тоа е безумство; и не може да го разбере, зашто тоа треба со помошта на Духот да се испита" (1. Коринтјаните 2:14). Ако ја немаме помошта на Духот преку кого ни е дадено словото не можеме правилно да го разбере и да го цениме духовното откровение. {5C 241.1}

Тие чијашто должност е да бдеат над духовното добро на црквата, треба да се трудат да бидат добар пример, да не даваат никаков повод за завист, љубомора и сомневање, туку секогаш да покажуваат ист дух на љубов, почитување и учтивост кои би сакале да ги видат и кај своите браќа. Посебно треба да се посвети големо внимание на поуките на Божјата Реч. Треба најсериозно да се настојува во корен да се спречи секоја појава на непријателство и нељубезност, и да се искорени секој корен на огорченост. Ако меѓу браќата се појави неслога, треба да се постапува според правилото на Спасителот. Треба да се напрегнат сите сили за да дојде до помирување, но ако двете страни упорно остануваат на своето непријателство, треба да се одвојат од црквата сè додека не се помират. {5C 241.2}

При истрагата во црквата секој член треба да го испита своето срце, за да се увери дека причината за неслога не лежи во него. Духовната гордост, желбата за заповедање, копнежот за почести и положби, недостатокот на самосовладување, попуштањето на страстите и предрасудите, колебливоста и недостигот на здраво расудување - сето тоа може да биде причина за збрка во црквата и да го загрози нејзиниот мир. {5C 241.3}

Тешкотиите често се предизвикани од злите јазици, чии дошепнувања и предвестувања ги трујат лековерните духови и ги разделуваат најблиските пријатели. На

овие луѓе, кои чинат зло, им помагаат оние кои сѐ примаат со отворени уши и со зли срца зборувајќи: "Кажи, а јас ќе раскажам понатаму". Христовите следбеници не смеат да го дозволат овој грев кај себе. Ниеден христијански родител не смее да дозволи озборувањето да се повторува во семејниот круг, ниту да се даваат омаловажувачки примедби на сметка на членовите на црквата. {5C 241.4}

Христијаните треба да знаат дека имаат верска должност да го победуваат во себе духот на завист и нељубезност. Тие треба да се радуваат доколку некој нивен брат поседува добар глас и углед, па дури ако тоа го фрла во сенка нивниот карактер и нивните достигнувања. Сатаната бил прогонет од небото заради својата гордост и славољубие. Овие зла се длабоко вкоренети во нашата изопачена природа и ќе го затемнат секое добро дело и ќе доведат до пакост и раздор доколку не ги искорениме. {5C 242.1}

Ние треба да копнееме за вистинска побожност, а не за величие. Оние кои го имаат Христовиот дух ќе имаат и скромно мислење за себе. Тие ќе работат за чистотата и напредокот на црквата и попрво ќе ги жртвуваат своите интереси и желби отколку да предизвикаат неслога меѓу своите браќа. {5C 242.2}

Сатаната постојано се труди да внесе недоверба, неслога и злонамерност во Божјиот народ. Ние често доаѓаме во искушение да мислиме дека нашите права се повредени, иако нема никаква реална причина за ова чувство. Луѓето кои повеќе се сакаат себеси отколку Христа и Неговото дело, секогаш прво ќе гледаат на своите интереси и ќе ги користат сите можни средства за да ги заштитат. Некои од нив би оделе дури и на суд, доколку сметаат дека нивните браќа им наштетиле во нешто, наместо да постапат според советот на Спасителот. Дури и оние кои ги сметаме за совесни христијани често гордоста и самопреценувањето ги спречува да отидат кај оној за кого мислат дека погрешил, за во Христов дух да го разрешат предметот и да се молат едни за други. Споровите и судењата меѓу браќата претставуваат голем срам за вистината. Тие што постапуваат на тој начин ја изложуваат црквата на потсмев на нејзините непријатели и дозволуваат силите на мракот да трумфираат. Тие повторно ги отвораат раните на Христа и го изложуваат на јавен срам. Со своето непочитување на авторитетот на црквата, тие покажуваат презир кон Бога, кој го основал тој авторитет. {5C 242.3}

Павле им пишува на Галатјаните: "О, да беа отсечени оние што ве бунеа! Вие, браќа, повикани сте кон слобода; но слободата ваша да не ви служи како повод за угодување на телото, туку со љубов служете си еден на друг. зашто, целиот закон се извршува во еден збор, односно: сакај го ближниот како самиот себе. А ако, пак, меѓу себе се гризете и јадете, пазете да не се истребите еден со друг. Ви велам: живејте по Духот, и нема да им угодувате на телесните страсти" (Галатјаните 5:12-16). {5C 243.1}

Лажните учители на Галатјаните им донеле учења кои биле во спротивност со Хриството евангелие. Павле сакал да ги обелодени и да ги исправи овие грешки. Тој сесрдно сакал овие лажни учители да се одвојат од црквата, но тие под свое влијание потчиниле толку голем број верници што изгледало опасно да се преземе некаква акција против нив. Постоела опасност да се појави кавга и раздор кои би биле штетни за интересите на црквата. Затоа тој настојувал да ги убеди своите браќа дека е од големо значење да си помагаат еден на друг. Тој кажал дека сѐ што законот бара од нас е да се сакаме еден со друг. Ги опоменал да не се впуштаат во расправии и омраза, да не се делат на партии и да не се јадат и проголтуваат еден со друг како диви животни, бидејќи со тоа себеси ќе си донесат несреќа во сегашноста, а пропаст во иднина. Постои само еден пат да се спречат овие зла, а тоа е, како што им рекол апостолот, "да живеат по

Духот". Тие мораат со постојана молитва да бараат Свети Дух, бидејќи тој ќе ги доведе до љубов и единство. {5C 243.2}

Куќата во која има неслога не може да опстои. Кога христијаните се караат, доаѓа сатаната и ја презема власта. Тој често успеваше да го наруши мирот и слогата во црквата. Колкави расправии, огорченост и омраза се изродуваа од некоја ситница! Колку надежи беа уништени, колку семејства пропаднаа заради неслога и раздор! {5C 244.1}

Павле ги опоменува своите браќа да не прават зло обидувајќи се да ги исправат грешките на другите. Тој им зборува дека омразата, ривалството, гневот, расправиите, побуните, ересите, и зависта се исто толку телесни дела како што се прељубодејството, бесрамноста на пијанството и убиството и дека на виновникот исто така ќе му ја затворат небесната врата. {5C 244.2}

Христос вели: "Кој ќе соблазни едно од овие мали, за него е подобро да му се обеси воденички камен на вратот и да потоне во морска длабочина" (Матеј 18:6). Секој што со измама или со лош пример ќе заведе некој ученик на Христа, прави голем грев. Оној што го клевети и исмева со тоа го навредува Христа. Нашиот Спасител го забележува секое лошо дело направено на Неговите следбеници. {5C 244.3}

Како биле казнувани во старо време луѓето кои се однесувале лекомислено кон сè што Бог одредил да Му биде посветено? Валтазар и неговите илјада кнезови ги оскверниле садовите на Јехова и ги воздигнувале вавилонските идоли. Но Богот на кого му пркоселе бил сведок на оваа безбожна сцена. Среде нивната богохулна веселба, забележале една безживотна рака како пишува таинствени знаци по уидот на палатата. Царот и неговите дворјани во најголем страв ги слушале осудите кои ги изговарал слугата на Највозвишениот. {5C 244.4}

Тие што против Божјите слуги шират клевети и лаги нека имаат на ум дека Бог е сведок на нивните дела. Тие со своите клеветнички јазици не ги осквернуваат безживотните садови, туку оние што Христос ги купил со Својата крв. Раката која ги напишала знаците на ѕидовите на Валтазаровата палата точно го бележи секој чин на неправда и насилство кон Божјиот народ. {5C 244.5}

Светата историја изобилува со значајни примери на Господовата љубоморна грижа и за Неговите најслаби деца. За време на патувањето на Израел свирепите Амалици ги нападнале и ги погубиле уморните и немоќни луѓе кои заостанале зад мноштвото народ. После тоа Израелците ги нападнале Амалиците и ги победиле. "Потоа Господ му рече на Мојсеј: 'запиши го тоа за спомен во книгата, и објасни му на Исус да помни дека сосема ќе го избришам споменот за Амаликијците под небото'" (Излез 17:4). Мојсеј пред својата смрт повторно го потсетил народот за да не го заборави ова. "Помни, како постапи со тебе Амалик, по патот, кога доаѓавте од Египет; како тој не се уплаши од Бога и ги погуби по патот сите кои заостанаа зад тебе од умор, кога ти беше алчен и изнемоштен, и не се уплаши од Бога. И така, кога Господ, твојот Бог, ќе те успокои од сите твои непријатели, што е околу тебе во земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава во наследство да ја поседуваш, избриши го името на Амалик под небото; да не заборавиш" (Второзаконие 25:17-19). {5C 245.1}

Кога Господ ја казнил свирепоста на еден незнабожечки народ, како ќе гледа на оние кои велат дека се Негов народ, а војуваат против своите браќа кои се уморile служејќи во Неговото дело. Сатаната има голема моќ над луѓето кои ја признаваат неговата власт. Првосвештениците и старешините, верските учители на народот, биле тие кои го поттикнувале крвожедното мноштво од судницата до Голгота. Меѓу луѓето

кои велат дека се Христови следбеници има и такви чиишто срца се вдахновени со истиот дух како и оние што посакувале Христос да биде распнат. Тие што вршат зло нека знаат дека светиот Бог кој го мрази гревот ги гледа сите нивни постапки. Тој на судот ќе ги изнесе сите нивни дела и секоја тајна. {5C 245.2}

"Ние, силните, должни сме да ги поднесуваме слабостите на немоќните, и да не си угодуваме себеси. Секој од нас должен е на својот ближен да му угодува со она што е добро за негова надградба. Зашто и Христос не си угоди на Себе Самиот" (Римјаните 15:1-3). Како што Христос беше милостив кон нас и ни помагаше во нашите слабости, така и ние треба да имаме сочувство кон другите и да им помагаме. Мнозина се збунети со сомнежи, под товар на болести, слаби во верата и неспособни да го сфатат невидливото, но пријателот кој можат да го видат како им приоѓа наместо Христос може да биде силна врска која ќе ја спои неговата поколебана вера со Бога. О, тоа е благословено дело! Гордоста и себичноста нека не нè спречуваат да го правиме доброто кое сме во состојба да го направиме, ако сакаме да работиме во Христов дух, со благост и љубов. {5C 245.3}

"Браќа, и да падне човек во некаков грев, вие духовните поправајте го таквиот со духот на кротоста, пазејќи се и вие да не бидете искушани. Поднесувајте го товарот еден на друг и исполнувајте го така законот Христов" (Галатјаните 6:1, 2). И од ова јасно ја согледуваме нашата должност. Зар Христовиот следбеник може лекомислено да гледа на овие поуки? Неодамна примив едно писмо во кое се опишува како еден брат во одредена прилика се покажал неповерлив. Иако ова се случило пред многу години, и иако се работи за ситница одвај вредна за спомнување, сестрата која ми пишуваше напомна дека после тоа засекогаш ја загубиле довербата во тој брат. Ако животот на таа сестра не содржи поголеми грешки, тоа навистина ќе биде чудно, бидејќи човечката природа е мошне слаба. Јас се дружев и сè уште се дружам со браќа и сестри кои направиле тешки гревови и кои дури ниту денес не ги гледаат своите гревови како што Бог ги гледа. Кога Господ ги трпи овие луѓе, зошто јас да не ги трпам? Тој со помош на Светиот Дух уште ќе дејствува на нивните срца, за гревот да им изгледа исто толку грешен како што му изгледал на Павле. {5C 246.1}

Ние слабо го познаваме нашето срце и не сфаќаме колку ни е потребна Божјата милост. Затоа негуваме малку сочувство кое Исус го покажува кон нас, а кое би морале да го покажуваме меѓусебно. Мораме да имаме на ум дека нашите браќа се јадни, грешни смртници како и ние самите. Да претпоставиме дека нашиот брат не бил претпазлив, дека му попуштил на искушението и дека направил некоја грешка која се коси со неговиот начин на живот. Како треба да се однесуваме кон него? Од Библијата знаеме дека луѓето кои Бог ги употребувал за да прави добри и големи дела, правеле тешки гревови. Господ не ги поштедил овие луѓе од укор, ниту пак ги отфрлил Своите слуги. Кога се каеле милостиво им простувал, им се покажувал и работел преку нив. Јадните, слаби смртници нека помислат на тоа колку им се потребни Божјата трпеливост и милосрдие и нивните браќа. Нека помислат на тоа како ги судат и осудуваат другите. Треба да се управуваме според советот на апостолот: "Вие духовните поправајте го таквиот со духот на кротоста, пазејќи се и вие да не бидете искушани". И ние можеме да паднеме во искушение и тогаш нам ќе ни бие потребна трпеливоста која мораме да ја имаме кон другите. "Зашто, со каков суд судите, со таков ќе бидете судени; со каква мерка мерите, со таква и ќе ви се мери" (Матеј 7:1). {5C 246.2}

Апостолот на ова додава една поука за независните и за самоуверените: "Зашто оној, кој сам себе се смета за нешто, а не е ништо, тој се мами самиот себе... Зашто секој

ќе го понесе својот товар" (Галатјаните 6:3, 5). Човекот кој себе се смета за подобар во расудувањето и искуството од своите браќа и кој го презира нивните совети и опомени со тоа покажува дека се наоѓа во опасна заблуда. Срцето е лажливо. Тој треба според библиските мерила да суди за себе и за својот живот. Божјата Реч претставува непогрешна светлина на патот на човечкиот живот. Наспроти сите влијанија кои го одвратуваат и збунуваат духот, оние кои искрено бараат мудрост од Бога, ќе бидат водени по вистинскиот пат. Секој човек на крајот мора да стои сам, не според мислењето на оние кои се за или против него, не според судот на било кој човек, туку според неговиот вистински карактер во Божјите очи. Црквата може да опоменува и да советува, но никого не може да го присили не вистинскиот пат. Тој што упорно одбива да живее според Божјата Реч, мора да ги сноси последиците и да одговара пред Бога за себе. {5C 247.1}

Господ во Својата реч ни дал одредени и јасни поуки. Ако им се покоруваме, ќе ја сочуваме слогата и единството во црквата. Браќа и сестри, ќе сакате ли да им се покорите на тие вдахновени поуки? Дали се трудите да ја исполните Христовата молитва Неговите ученици да бидат едно? "А Бог на трпението и утехата да ви даде да бидете во едномислие меѓу себе, според примерот Христос Исус, та еднодушно и со една уста да го славите Бога" (Римјаните 15:5, 6). "И така, браќа, радувајте се, усовршувајте се, утешувајте се, бидете едномислени, живејте во мир, - и Бог на љубовта и на мирот ќе биде со вас" (2. Коринтјаните 13:11). {5C 248.1}

Број триесет и два

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

---

26. ДЕЛОТО НА ПРОПОВЕДНИЦИТЕ НА ЕВАНГЕЛИЕТО

Има многу нешта кои треба да се исправат во Горноколумбиската и Севернопацифичката Област. Творецот од овие браќа очекуваше да донесат плод според светлината и предностите што ги примија, но се разочара во тоа. Тој им ги даде сите предимства, но тие не напредуваа во благоста, побожноста и добродетелта. Тие не живееја со таков живот, не го покажаа карактерот, ниту го вршеа влијанието со кое најмногу би го славеле својот Творец, би се облагородиле самите себе и би станале благослов за своите ближни. Во нивното срце владее себичност. Тие сакаат да одат по својот пат, да живеат за својата благосостојба, чест и богатство, за својата удобност во груби или препредени облици. Дали работиме за наше вистинско добро кога се раководиме според своите склоности и кога се угледуваме на светот? Зар Бог, кој го создал светот, не очекуваше нешто подобро од нас? {5C 249.1}

"И така, угледајте се на Бога, како чеда возљубени" (Ефесјаните 5:1). Христијаните мора да бидат како Христос. Тие мораат да го имаат истиот дух, да го вршат истото влијание и да ги имаат истите морални одлики кои и Христос ги имал. Идолопоклониците и луѓето со расипани срца треба да се покаат и да му пријдат на Бога. Оние што се горди и самоправедни треба да се понизат и да станат благи и кротки во срцето. Луѓето со телесен дух мораат да се одвојат од светот, за кој грчевито се држат, и да му пријдат на Бога; тие треба да станат духовни. Нечесните и лажливите треба да

станат праведни и вистинити. Славољубивите и алчните треба да му пријдат на Исуса и да ја бараат Неговата слава, а не својата. Тие мораат да ја презрат својата лична светост и своето богатство да го стекнат на небото. Оние што не се молат треба да чувствуваат потреба за тајна и семејна молитва и срдечно да се молат. {5C 249.2}

Ние, кои веруваме во вистинскиот и жив Бог, мораме да донесуваме плодови во сразмер со светлината и предностите кои ги имаме. Мнозина обожуваат идоли наместо Господа на небото и земјата. Сè што луѓето го сакаат и на што се надеваат, кога не го љубат Бога и не се надеваат на Него, станува идол и така се забележува во небесната книга. Дури и благословите често стануваат проклетство. Склоностите на човечкото срце, засилени со дејствувањето, понекогаш се изопачуваат и стануваат стапици. Ако некој е укорен, секогаш ќе се најде некој кој ќе го сожалува. Тие потполно го губат од вид злото што на Божјото дело му го направил човек чијшто живот и карактер на никој начин не се слични на Примерот. Бог ги праќа Своите слуги со една вест за народот кој исповеда дека е следбеник на Христа, но некои се Божји деца само на име и ги отфрлаат опомените. {5C 250.1}

Бог на чудесен начин го надарил човекот со сила на разумот. Тој што го оспособил дрвото да го издржува товарот на своите прекрасни плодови, го оспособил и човекот да донесува драгоцени плодови на праведност. Тој го посадил човекот во Својата градина и нежно го негувал, и затоа од него очекува да донесе плодови. Во параболата за смоквата, Христос кажува: "Ете, три години доаѓам и барам плод на оваа смоква" (Лука 13:7). Сопственикот повеќе од две години чека плодови кои со право ги очекува од овие области, но дали се исполнија Неговите очекувања? Колку внимателно ја негуваме својата омилена билка, очекувајќи да нè награди за нашите напори, да цвета и да донесе род, а колку сме разочарани кога не наоѓаме ништо друго освен лисја. Небесниот Татко со многу поголема грижа и нежна љубов го набљудува духовното растење на оние што ги создал по Свое обличје и заради кои преку снижување го дал Својот Син, за тие да се воздигнат, облагородат и прослават. {5C 250.2}

Господ има начин да им застане на пат на човечките заблуди и отпадништвото. Тој ги праќа Своите весници кои отворено го изнесуваат сведоштвото за да ги пробудат од сон и да им ги објаснат драгоцените зборови на животот, Светото Писмо. Овие луѓе не треба да бидат само проповедници, туку заштитници, носачи на светлината, верни стражари кои ќе ја забележат опасноста и ќе го предупредат народот. Тие мораат да бидат слични на Христа во сесрдната ревност, во смисленият начин на работа, во личните напори, - накратко, во сите свои должности. Тие мораат да бидат во жива врска со Бога и мораат добро да ги проучат пророштвата и практичните поуки на Стариот и Новиот Завет, за од ризницата на Божјата Реч да изнесуваат и старо и ново. {5C 251.1}

Некои од овие проповедници грешат при подготвувањето на своите проповеди. Тие обрнуваат толкаво внимание на ситниците, што не му даваат можност на Господ да делува на нивниот дух и да ги води. Секоја точка е одредена, како нешто кое е фиксирано и не може да се промени и тие не се во состојба да се оддалечат од подготвениот план. Ако и понатаму постапуваат на тој начин, ќе станат тесногради, со ограничени погледи и наскоро ќе останат без живот и енергија како што бреговите на Гилвуј се без роса и дожд. Тие мораат да ја отворат својата душа и да дозволат Светиот Дух да дејствува на нивниот ум. Ако сè одредуваат однапред и сметаат дека не смеат да свртуваат од утврдениот ред, нема да остават многу подобар впечаток отколку што би постигнале со обично читање на проповедта. {5C 251.2}

Бог сака Неговите проповедници во потполност да зависат од Него, но истовремено да бидат подготвени за секое добро дело. Ниеден предмет не може да им се прикажува на сите собири на ист начин. Божјиот Дух, доколку му се дозволи да го изврши Своето дело, ќе ги втисне во нашиот ум идеите кои ќе бидат соодветни за да ги задоволиме потребите на оние на кои им е потребна помош. Но невпечатливите формални говори на мнозина кои излегуваат зад проповедалната имаат во себе мошне малку животна сила на Светиот Дух. Ако се навикне на такви говори, проповедникот со тоа ќе ја уништи својата корисност и способност. Тоа беше причината зошто делувањето на работниците во _____ и _____ немаше повеќе успех. Нивната работа зад проповедалната беше со мошне слаба врска со Бога. {5C 251.3}

Една друга причина за неуспехот во овие Области е копнежот на народот на кого му е пратен Божјиот гласник, тој гласник да ги прилагоди своите сфаќања на нивните и настојувањето во неговата уста да ги стават зборовите што треба да ги кажува. Божјите стражари не треба да се трудат да му угодат на народот, ниту пак да ги зборуваат неговите зборови, туку треба да слушаат што зборува Господ, што е Неговото слово за народот. Ако се потпрат на говорите составени пред повеќе години, нема да успеат да одговарат на барањата на приликата. Нивните срца треба да бидат отворени, за Господ да може да влијае на нивниот дух, и тогаш ќе бидат во состојба на народот да му дадат драгоцени вистини свежи од небото. Бог не ги сака тесноградите проповедници кои ги трошат своите способности, кои ги добиле од Бога, за да се занимаваат со ситници и затоа не успеваат да израстат до раст на полни луѓе во Христа Исуса. Тој би сакал Неговите проповедници да имаат ширина на мислите и морална храброст. Таквите луѓе ќе бидат во состојба успешно да им одговорат на противниците и да ги победат тешкотиите и ќе го водат Божјото стадо, не дозволувајќи тоа да ги води. {5C 252.1}

Во работата на нашите стражари мошне малку е застапен Светиот Дух и Божјата сила. Духот што ја покажал Својата чудесна моќ на Педесетница чека да ја покаже Својата сила и на луѓето кои денес како Божји пратеници стојат меѓу живите и мртвите. Силата што толку моќно го подигна народот во 1844. година повторно ќе се открие. Веста на Третиот ангел ќе се шири, не со шепотење, туку со силен глас. {5C 252.2}

Мнозина кои мислат дека имаат голема светлина всушност одат во искрите што самите ги запалиле. До нивните усни треба да се допре жив жар од олтарот, за вистината да ја објавуваат како луѓе кои се вдахновени. Мнозина излегуваат зад проповедалната со механички составени говори во кои нема небесна светлина. {5C 252.3}

Проповедниците од сите религии премногу се воздигнуваат себе, а премалку Христос. Господ ја објавува Својата вест преку понизни луѓе. Ако Исус дошол во царски сјај и раскош која ги опкружува големите луѓе на оваа земја, мнозина би Го примиле. Но Исус од Назарет не ги восхитувал очите со надворешен сјај ниту тоа било причината за нивното почитување. Тој дошол како скромен човек за да биде Учител и Пример како и Откупител на човечкиот род. Ако го поттикнал раскошот, ако дошол во придружба на големите луѓе на оваа земја, како би можел да поучува за понизноста и како би можел да објавува такви пламени вистини како што е Неговата проповед на гората? Тој давал пример на кој сакал да се угледаат сите Негови следбеници. Каква би била надежта на бедните во животот ако дошол во сјај и живеел како цар на земјата? Исус ги познавал потребите на луѓето подобро од тие самите. Тој не дошол како ангел, во целосна небесна опрема, туку како човек. Но со Неговата скромност била поврзана една внатрешна сила и големина која им влевала почит на луѓето кои го љубеле. Иако поседувал таква милност, таков невообразен изглед, тој се движел меѓу луѓето со

достоинство и со сила на Цар со небесно потекло. Народот бил зачуден и збунет. Луѓето се обидувале да го објаснат ова, но бидејќи не сакале да се одречат од своите сфаќања, паѓале во сомнеж и грчевито се држеле за старите очекувања на Спасителот кој требало да дојде во земна величественост. {5C 253.1}

Кога Христос ја одржал беседата на гората, учениците се собрале околу Него, а мноштвото обземено со љубопитност, се туркало да дојде што поблиску. Се очекувало нешто необично. Љубопитните лица и луѓето подготвени да слушаат сведочеле за длабокиот интерес. Очите на сите биле насочени на говорникот. Неговите очи светеле со неискажлива љубов и небесниот израз на Неговото лице му давал длабоко значење на секој кажан збор. Во мноштвото кое слушало имало и ангели. Тука исто така бил и непријателот на душите со неговите зли ангели, подготвени, колку што е можно, да се борат против влијанието на небесниот Учител. Вистините што биле изговорени тогаш преку вековите стигнаа и до нас и беа светлина среде мракот на заблудата. Мнозина во нив го пронашле тоа што ѝ било најпотребно на душата - сигурен темел на верата и животот. Но во тие зборови кои ги изговорил најголемиот Учител на светот нема никаков сјај на човечката речитост. Јазикот е јасен, а мислите и чувствата се одликуваат со најголема едноставност. Нив може да ги разбере сиромавиот, неукиот и најпростодушниот. Небесниот Господ на душите кои дошол да ги спаси им зборувал за Својата милост и љубов. Тој ги поучувал како оној што има власт, зборувајќи им зборови на вечен живот. {5C 253.2}

Сите треба што е можно повеќе да се угледаат на Примерот. Иако не можат да ја поседуваат свесноста за силата што Исус ја имал, луѓето можат така да се поврзат со Изворот на силата, што Исус може да биде во нив и тие во Него. Така во нив ќе се открие Неговиот Дух и Неговата сила. {5C 254.1}

"Чекорете во светлината, како што е Тој самиот во светлина" (1. Јованово 1:7). Љубовта кон земното и себичноста ги одвојуваат луѓето од Бога. Вестите од небото се такви што предизвикуваат противење. Верните сведоци за Христа и Неговата вистина секогаш ќе го укоруваат гревот. Нивните зборови се како чекан кој ги разбива закоравените срца, како оган кој го уништува троскотот. Постои постојана потреба за одлучни вести на опомена. Бог сака да има луѓе кои се верни на својата должност. Тој праќа верни гласници во вистинско време да го вршат делото што го вршел Илија. {5C 254.2}

Проповедниците како воспитувачи

Приликите кои владеат во _____ се за длабоко жалење. Тоа што на Бога му беше угодно да ми биде покажано беше од таков карактер што ми донесе голема болка. Тој што сака да работи овде или во _____ ќе има тешка должност и ќе мора да носи големо бреме, бидејќи делото не е извршено верно, туку е оставено недовршено. И тоа е пожалосно затоа што до неуспехот не дојде заради светски дух или недостаток на љубов кон Исуса и вистината од страна на народот, туку во поголем дел заради вината на проповедниците кои не ја извршиле својата должност работејќи меѓу народот. Во нив немаше мисионерски дух, не сфаќаа од колкава важност е да го поучуваат народот во сите гранки на делото во сите места каде вистината фати корен. Делото што во потполност е направено за една душа направено е за мнозина. Но проповедниците не го сфатија ова и не успееја да ги поучат луѓето кои подоцна и самите одлучно би

застанале во одбрана на вистината и би ги поучувале другите. На Бога не му се допаѓа овој половичен, лабав, немарен начин на работа. {5C 254.3}

Проповедникот може да ужива да држи проповеди, бидејќи тоа пријатен дел од работата е и релативно лесен дел од работата; но ниеден проповедник не треба да се вреднува според неговите говорнички способности. Потешкиот дел од работата започнува дури тогаш кога тој ќе се симне од проповедалната за да го залее посеаното семе. Пробудениот интерес треба да се храни со лична работа, со посети, проучување на Библијата, поучување како да се истражува Светото Писмо, молејќи се со семејствата и заинтересираните, трудејќи се да го продлабочи впечатокот оставен на срцето и на совеста. {5C 255.1}

Има мнозина кои не сакаат да се запознаат со своите соседи кои не се верни и со оние со кои доаѓаат во контакт, не сфаќајќи дека им е должност да го победат тоа чувство. Вистината што ја учат и Исусовата љубов треба да им дадат сила да го победат тоа. Тие треба да имаат на ум дека на судниот ден ќе се соочат со овие мажи и жени. Дали не ги изговориле зборовите што требало да ги изговорат? Дали имале доволно љубов кон овие души, да ги опоменат, молат и да направат секаков напор да ги доведат кај Христа? Дали ги соединиле јасниот поглед со ревноста, раководејќи се според упатствата на апостолот: "И така разликувајќи ги, едни милувајте, а други со страв спасувајте, истргнувајќи ги од оган и изобличувајќи ги со страв, и гнасејќи се од облеката, испоганета од телото" (Јуда 22, 23). {5C 255.2}

Постои срдечна работа која треба да се изврши од сите што сакаат да имаат успех во своето проповедничко дело. Ве преколнувам, драги браќа, проповедници Христови, немојте да ја заборавите својата најголема должност да ги поучите луѓето разумно да работат на помагање на Божјото дело во сите негови различни правци. Христос бил воспитувач и Неговите проповедници кои го застапуваат исто така мораат да бидат воспитувачи. Ако не го поучуваат народот за неговите должности кон Бога во давањето на даровите и десетокот, тие со тоа ќе занемарат еден значаен дел на делото кое Господ им го оставил да го извршат и покрај нивните имиња во небесните книги ќе биде запишано "неверен слуга". Црквата доаѓа до заклучок дека ако тие работи беа неопходни, проповедникот, кого Бог го пратил да им ја прикаже вистината, би им рекол за тоа; и тие затоа мислат дека се во сигурност, иако не ги вршат своите должности. Тие постапуваат сосема спротивно на Божјите заповеди и затоа стануваат безживотни и неделотворни. Тие не вршат спасоносно влијание на светот и затоа Христос ги прикажал како сол која не соли. {5C 255.3}

Во многу места може да се формираат собири на тие што ја празнуваат саботата. Тоа честопати нема да бидат големи собири, но не треба затоа да бидат занемарувани. Не смееме да дозволиме да изумрат заради недостаток на лична работа и поуки. Не треба прерано да се напушта делото. Погрижете се сите да бидат поучени за вистината, зацврстени во верата и заинтересирани за секоја гранка на делото, пред да ги оставите и да заминете во друго поле за работа. А после тоа, често посетувајте ги како апостол Павле за да се уверите како живеат. О, ангелите плачат заради немарната работа на мнозина кои тврдат дека Бог ги пратил да ја проповедаат Неговата реч. {5C 256.1}

Божјото дело може да напредува во секое место, а тоа и би напредувало кога проповедниците би се потпреле на Бога и кога не би дозволувале ништо да се испречи меѓу нив и нивната задача. Работници се потребни повеќе од проповедници, но двете служби мора да се соединат. На мисионското поле се покажа дека, какви и да се способностите на проповедникот, делото нема да има успех, ако луѓето не се поучуваат

како да работат, како да ги водат состаноците, како да ги вршат должностите во мисионското поле, како да најдат пат кон срцата на луѓето. И во саботните школи мора да се направи многу за на луѓето да им се објасни што им е должност и да ја вршат својата работа. Бог ги повикува да работат за Него, а проповедниците треба да ги насочуваат нивните напори. {5C 256.2}

Жалосно е, но очигледно дека со делото во овие полиња требаше да се биде години понапред од сегашната состојба. Проповедниците со својата немарност го обесхрабрија народот, додека народот ги обесхрабри проповедниците со својот недостаток на интерес, пожртвување и почитување кон делото. „Две години заостанување" - така е запишано во небесната книга. Ако овие луѓе ги искористеа своите можности и своите предности, одејќи со вера и храброст, а без негодување и жалење, можеа да направат многу за напредокот на вистината и во разни места да доведуваат луѓе кај Христа, а во исто време и самите да напредуваат во благодатта и познавањето на вистината. Единствено вечноста може да покаже колку е загубено во овие години - колку души се оставени да пропаднат заради ваквата состојба на нештата. Загубата е премногу голема за да може да се пресмета. Бог е навреден. Со ваквото постапување на Божјото дело му е нанесена рана за која ќе требаат години за да се излечи; и ако луѓето не ги сфатат своите погрешки и не се покаат за истите, сигурно е дека ќе ги повторуваат. {5C 257.1}

Сфаќањето на овие грешки донесе неискажлив товар на мене, истерувајќи го сонот од моите очи. Понекогаш ми се чинеше дека срцето ќе ми препукне и единствено можев да се молам, давајќи ѝ издив на својата болка во солзи. О, колку ми беше жал за мојот Спасител! Јасно го видов како бара род меѓу гранките на смоквата покриена со лисја и колку се разочара што не најде ништо друго освен лисја. Чувствував дека не можам да го прифатам тоа. Никако не можев да се помирам со фактот дека и проповедниците и народот ги занемарија своите должности во минатото. Се плашев кобното проклетство изречено над смоквата да не падне и врз нив. Страшната немарност во вршењето на должноста и мисијата која им е доверена предизвика загуба, која никој од нас не е во состојба да ја надомести. Оваа опасност беше голема во сите времиња на нашата верска историја, а посебно денес, кога времето е толку кратко и кога мора многу да се направи во овој ден за Божја подготовка. Целото небо ревно работи на спасување на душите; од Бога на народот доаѓа светлина која им зборува на луѓето што им е должност, така што никој не мора да застрани од вистинскиот пат. Но Бог не ја праќа својата светлина и вистина за да биде лекомислено примена. Народот кој е невнимателен двојно е виновен пред Него. {5C 257.2}

Влегувајќи во Ерусалим, Христос на Маслинската гора бил обземен со голема болка и Тој со испрекинати зборови, гледајќи го Ерусалим рекол: "Кога би можел во овој ден и ти да го дознаеш она што е потребно за твојот мир! Но тоа е сега сокриено од твоите очи" (Лука 19:42). Тој не плачел заради Себе, туку заради оние кои ја презреле Неговата милост, трпеливост и кротост. Патот по кој тргнале закоравените и непокајани жители на осудениот град е сличен на ставот на црквата и на поединците кон Христа во денешно време. Тие ги отфрлаат Неговите барања и ја презираат Неговата трпеливост. Постои само формална побожност, надворешно славење на Бога, фалбахиски молитви, но нема вистинска сила. Срцето не омекнало од милоста, туку е студено и бесчувствително. Како и Евреите мнозина се слепи од неверие и не го познаваат времето на својата посета. Тие ја имале секоја предност во поглед на вистината; Бог од година во година ги повикувал со Своите опомени, укори, совети и поуки на праведност,

но тие ги презреле сите овие совети и постапувале со нив како да се нешто обично. {5C 258.1}

Должност да се укоруваат сребролупците

Мнозина се вбројуваат меѓу верниците, но всушност не се со нив во верата и во начелата. Тие го работат токму она што Исус им рекол да не го работат - имено собираат богатство на земјата. Христос рекол: "Не собирајте богатства на земјата; . . . но собирајте си богатства на небото: . . . Зашто каде што е богатството ваше, таму ќе биде и срцето ваше" (Матеј 6:19-21). Овде лежи опасност за христијаните. Тие не се покоруваат на Христовите изрични наредби. Немаат вистинска вера ниту доверба во Бога. За да стекнат богатство, тие се преоптоваруваат со грижи, така што нивниот дух целосно е обземен со тоа. Тие копнеат за добивка и живеат во постојан страв да не претрпат загуба. Колку повеќе имаат пари и земја, толку се поалчни. "Пијани се, но не од вино - се тетераат, но не од жесток пијалак" (Исаија 29:9). Тие се обземени од грижите за овој живот, кои влијаат на нив како виното на пијаницата. А себичноста толку ги ослепила што работат дење и ноќе за да стекнат богатство кое пропаѓа. Тие го забораваат своето вечно добро, немаат време да мислат на тоа. Големите работи на вистината не се чуваат во умот, и тоа го покажуваат со своите зборови, планови и постапки. Што ако душите околу нив пропаѓаат во своите гревови? Ова за нив не е толку важно како земното богатство. Нека пропаѓаат душите за кои умрел Христос; тие немаат време да ги спасуваат. Тие покажуваат вештина и умешност во своите планови за земна добивка, но тие драгоцени способности не ги искористуваат за да придобијат души за Христа, за да работат на изградба на царството на Откупителот. Зар ова не се личности со изопачени поими? Не се ли опиени со отровното вино на овој свет? Зар не го оставиле разумот и зар себичните цели и намери не станале владеечка сила? Тие сметаат дека работата за подготвување на себеси за да опстанат во Господовиот ден и користењето на своите способности за да им се помогне на другите во подготвувањето за таа надеж е премногу здодевна и незадоволувачка. {5C 258.2}

Спасителот на светот ни укажал на најинтересното занимање на кое можат да се посветат и сиромашните и богатите, и учените и неуките. Сите можат да собираат богатство кое "не рѓосува и не се расипува". Тоа значи инвестирање на нивните сили на правилна страна. Тоа значи да се вложат своите пари кај менувачите. {5C 259.1}

Исус го објаснил Своето учење со параболата за богатиот човек на кого Господ му подарил голем благослов. Господ ги благословил неговите ниви, и тие донеле изобилен род. Тој бил во можност да им помогне на другите кои не примиле толку голем благослов. Но кога видел дека неговите ниви донесуваат изобилен род, наместо да помисли да им помогне на сиромашните, почнал да планира како сето тоа да го задржи за себе. Кога видел како небесната благодат се слева во неговите житници, тој не ја излеал својата душа во благодарност кон својот дарежлив Дарител, ниту помислил за тоа дека големиот благослов со себе носи и големи одговорности. Тој во својата себичност се запрашал: "Што да направам? Немам во што да ги соберам плодовите свои". Советувајќи се со своето лакомо срце, тој рекол: "Вака ќе направам: ќе ги урнам амбарите свои и ќе сосидам поголеми, и таму ќе го соберам сето свое жито и сите свои добра, и ќе ѝ речам на душата своја: 'Душо, имаш многу добра, насобрани за многу години; почивај, јади, пиј и весели се!'" (Лука 12:17-19). Вистинската радост и благородност на душата доаѓа од активноста на владеење со себе и светите цели. Но сè

што сакал да направи овој човек со даровите што му ги подарил Бог било да ја унижи својата душа. И која била последицата? "Но Бог му рече: 'Безумниче, ноќва ќе ти ја побарам душата твоја; тоа што си го приготвил, кому ќе му остане? Така се случува со оној што собира богатство за себе, а не се богати во Бога" (Стихови 20 и 21). {5C 259.2}

Овој сирот богат човек имал големо земно богатство, но бил лишен од небесното. Колкумина денес се осудени заради истиот престап? Од Божјиот престол на нас се излиени реки од благослови. Дадени ни се земни благослови, но ние не ги искористуваме за среќа и благослов на човештвото и за слава на Бога. Господ е нашиот милостив доброчинител. Тој ни подарил светлина и бесмртност во светлината преку Исуса Христа. Да, сите наши благослови доаѓаат преку Исуса Христа. О, кога секој јазик би го славел нашиот голем Дарител! Секоја душа со јасен и радосен глас нека објавува дека преку Христа ни е даруван идниот, вечен живот и дека сите се повикани да го примат овој голем дар. Сите небесни богатства се наоѓаат на дофат на нашите раце и чекаат да ги побараме. Треба ли да нè изненади тоа што овој богат човек бил наречен безумен затоа што го отфрлил небесното богатство, непроценливиот дар на бесмртен живот, задоволувајќи се со земно богатство кое пропаѓа? {5C 260.1}

Бог ги испитува луѓето, некои на еден, други на друг начин. Некои ги испитува давајќи им богатство, а други скратувајќи им ја Својата благонаклоност. Тој ги испитува богатите за да види дали ќе го љубат Него, својот Дарител, и своите ближни како самите себеси. На Бога му е мило кога луѓето на правилен начин го искористуваат своето богатство и тогаш тој може да им довери поголеми одговорности. На тој начин Господ проценува колку човекот ја цени минливоста, а колку вечноста, колку земјата а колку небото. Тој ни дал опомена: "Кога богатството расте, не приврзувајте го срцето кон него" (Псалм 62:10). Тоа има вредност доколку се искористи за доброто на другите и за слава на Бога; но никакво земно богатство не смее да биде ваша цел во животот, ваш бог и ваш спасител. {5C 261.1}

Браќа мои, светот никогаш нема да верува дека вие својата вера ја сфаќате сериозно сè додека не бидете во состојба повеќе да зборувате за вечноста, а помалку за минливите нешта. Господ доаѓа; но мнозина што ја исповедаат верата не сфаќаат дека овој настан е многу близу. Тие не можат да ја зацврстат својата вера во Божјите откриени намери. Кај некои страста за стекнување на богатство потиснала сè друго, и земното богатство го потиснало небесното. тие повеќе не мислат на вечноста, бидејќи сметаат дека не е важна, додека световноста навалува како потоп. Најважно е прашањето: како да заработам пари? Луѓето будно ја разгледуваат секоја можност за заработка. Се обидуваат со Илјадници планови и начини, меѓу кои и со разни пронајдоци и патентни права. Некои ја бушат земјата во потрага за драгоцени метали, други вложуваат во банки, трети обработуваат земја; но сите имат една иста цел: да заработат пари. Тие стануваат збунети и дури го губат разумот во оваа трка за богатство, а не сакаат да ја согледаат приликата која им овозможува да обезбедат вечно наследство. {5C 261.2}

Кога Христос бил на земјата, дошол во контакт со некои луѓе чијашто фантазија била опфатена од трескавична надеж за земна добивка. Тие луѓе никогаш немале мир, туку постојано се обидувале со нешто ново и нивните претерани надежи се разбудувале само за после нив да дојде разочарување. Исус ги знаел потребите на човечките срца кои остануваат исти во сите векови и Тој им го свртел вниманието на едно непоминливо богатство. Тој рекол: "Царството небесно прилега уште и на богатство сокриено во нива, кое го нашол човек и прикрил, па, од радост за него, отишол и продал сè што имал, и ја купил таа нива" (Матеј 13:44). Тој им зборувал за непроценливото богатство кое сепак

сите можат да го стекнат. Тој дошол на земјата да го насочува нивниот ум во потрага за тоа богатство. Патот е обележан; најсиромашниот човек кој оди по тој пат ќе стане побогат од најбогатиот човек на земјата кој не го познава Исуса, и ќе стане уште побогат, ако својата среќа ја подели со другите. {5C 261.3}

"Не собирајте богатства на земјата, каде што ги јаде молецот и рѓата, и каде што крадците ги поткопуваат и крадат; но собирајте си богатства на небото, каде што ни молец, ниту рѓа ги јаде, и каде што крадци не ги поткопуваат, ниту крадат" (Матеј 6:19-21). Тие што постапуваат така ништо нема да изгубат. Богатството стекнато на небото е сигурно и претставува наш имот, бидејќи Христос рекол: "Собирајте си богатства на небото". Луѓето можат да сеат овде, а да жнеат во вечноста. {5C 262.1}

Христовите проповедници треба да го истакнуваат ова вечно богатство каде и да одат. Тие мора да го повикуваат народот да биде мудар за спасение. И не смеат да дозволат световните верници кои само го чинат она што мораат без да го внесат своето срце во тоа да влијаат на нивниот живот и да ја поткопуваат нивната вера. Нивна должност не е да им помагаат на црквите или поединците, како тесногрудо да ги штедат своите пари и да вложуваат што помалку напори во Божјото дело. Наместо тоа, би требало да ги поучуваат луѓето да работат несебично и на тој начин да се збогатат во Бога. Тие би требало да ги поучуваат луѓето правилно да го ценат тоа што е вечно и на прво место да им биде небесното царство. {5C 262.2}

Во овие две полиња потребни се Халевци. На овие Области не им се потребни деца, туку луѓе кои ќе работат разумно и ќе носат товари, така што нивниот глас ќе биде посилен од гласот на неверниците, кои приговараат, се сомневаат и критикуваат. Деца не треба да управуваат со важни нешта. Неразвиениот христијанин кој заостанал во своето верско растење и кој е лишен од мудроста одозгора, не е подготвен за тешки судири преку кои црквата честопати мора да помине. "На ѕидовите твои Ерусалиме, поставив стража, која нема да молкне ни дење, ни ноќе. О, вие што Го спомнувате Господа, не замолкнувајте!" (Исаија 62:6). Проповедникот кој не ја објавува целата вистина бестрашно, кому пред очи не му е единствено Божјата слава, и кој не работи според упатствата на големиот Војсководец на нашето спасение, кој не оди во првите редови, без оглед на прекорувањата или одобрувањата - тој проповедник ќе биде засметан за неверен стражар. {5C 262.3}

Во _____ има луѓе кои би требало да бидат луѓе, а не момчиња, чиишто мисли би требало да бидат насочени кон небото, а не на земјата и сетилноста. Но, нивниот духовен поглед е замрачен; големата љубов на Спасителот не ги освоила нивните души. Тој има многу нешта да ви каже, но вие денес не можете да ги примите. Вие сте деца кои растат и не сте во состојба да ги сфатите Божјите тајни. Бог подигнува луѓе за Своето дело, но тие ќе ја изневерат Неговата доверба ако дозволуваат нивното сведоштво да се прилагодува на сфаќањата на непосветените срца. Тој ги подготвува луѓето за времето што доаѓа. Тоа ќе бидат понизни, богобојазни луѓе, луѓе кои не заостанале ниту се служат со лукавство, туку луѓе кои се морално независни и кои ќе одат во Господен страв. Тоа ќе бидат благи, благородни, учтиви луѓе, кои нема да свртуваат од вистинскиот пат, туку ќе ја објавуваат вистината во праведност, без разлика дали луѓето ќе сакаат да ја слушаат или не. {5C 263.1}

_____

27. ХРИСТИЈАНСКО РАСТЕЊЕ

Ми беше покажано дека оние луѓе кои знаат за вистината, а сепак своите способности ги посветуваат на своите земни интереси се неверни. Тие не живеат на тој начин да со своите добри дела го осветлуваат патот на вистината и за другите. Сите нивни копнежи се насочени кон една цел: да станат вешти и лукави луѓе во овој свет. Тие забораваат дека Бог им подарил способности за да ги искористат за напредок на Неговото дело. Ако верно ја вршат својата должност, многу души ќе приведат кон Господа. Но многу се изгубени заради нивната немарност. Бог ги повикува оние што ја познаваат Неговата волја, Неговата реч да ја спроведуваат на дело. Слабоста, малодушноста и неодлучноста ги предизвикуваат нападите на сатаната и оние кои дозволуваат во нив да се развијат овие особини безнадежно ќе потонат во брановите на искушенијата. Од секој кој го исповеда Христовото име се бара да израсне до висината на Христовиот раст, кој е глава на христијанскиот живот. {5С 263.2}

На сите нам ни е потребен водач преку животните неволи, како што на пловецот му е потребен кормилар кој ќе го спроведе меѓу песочните наноси и покрај карпестата река. А каде ќе го најдеме овој водач? Ние, драги браќа, ве упатуваме на Библијата. Вдахновена од Бога, пишувана од свети луѓе, таа јасно и точно ги покажува должностите на старите и младите. Таа го издигнува духот, го скротува срцето и ѝ дава спокој и света радост на нашата душа. Библијата претставува совршено мерило на карактерот; таа е непогрешлив водач во сите прилики, до самиот крај на животниот пат. Земете ја како свој најдобар советник, како правило на својот секојдневен живот. {5С 264.1}

Треба повеќе да ја користиме секоја благодат што ни се дарува за душата сè повеќе и повеќе да изобилува со Божјата љубов. "За да можете да го распознавате најдоброто, та да бидете чисти и беспрекорни во денот на Христос, полни со плодот на праведноста, кој е преку Исус Христос" (Филипјаните 1:10, 11). Вашиот христијански живот мора да стане силен и одлучен. Вие сте во состојба да го постигнете високиот степен на совршенство што ви е откриен во Светото Писмо, и вие тоа морате да го постигнете, ако сакате да бидете Божји деца. Не можете да стоите неподвижно, морате да напредувате или да назадувате. Морате да имате духовно сознание за "вкоренети и утврдени во љубовта да можете да разбирате со сите светии што е ширина и должина, што е длабочина и височина, и да ја осознаете Христовата љубов што го надминува секое знаење, за да се исполните со сета полнота Божја" (Ефесјаните 3:18, 19). {5С 264.2}

Многу луѓе кои добро ја познаваат вистината и кои се способни да ја бранат со силни докази, не прават ништо за изградба на Христовото царство. Ние ги сретнуваме одвреме навреме, но тие не изнесуваат никакви нови сведоштва за лични искуства во христијанскиот живот, ниту пак ни зборуваат за нови победи задобиени во светата војна. Наместо тоа ќе забележите дека тие секогаш се исти, дека употребуваат исти изрази во молитвата и во обраќањето кон луѓето. Во нивните молитви нема никакви нови мисли, тие не покажуваат подлабоко познавање на Божјите нешта, подлабока и пожива вера. Овие луѓе не се живи билки во Господовата градина, кои пуштаат нови гранки и нови листови и околу себе шират прекрасен мирис на еден свет живот. Тие не се развиваат како христијани. Нивните погледи и цели се ограничени, а нивниот ум ограничен, така што со ништо не ја збогатуваат ризницата на христијанското познавање. Тие и не се трудат во тој правец. Не се научиле да гледаат на луѓето и на нештата како што Бог гледа на нив, така што во многу случаи непосветеното сожалување им штети на душите и во голема мера го осакатува Божјото дело. Ужасно е духовното мртвило кое преовладува

денес. Мнозина живеат формален христијански живот и сметаат дека гревовите им се простени, иако се лишени од вистинското познавање за Христа како и секој грешник. {5C 264.3}

Браќа, сакате ли да се ограничите во христијанското растење или ќе напредувате во божествениот живот? Каде што има духовно здравје, тука има и духовен напредок. Божјото дете расте до полна возраст на маж и жена во Христа. Во неговиот развиток нема граници. Ако Божјата љубов е живо начело во душата, нема да има тесни и ограничени погледи, туку ќе има љубов и верност во опомените и укорите, сердност во работата и добра волја да се понесат товари и да се примат одговорности на себе. {5C 265.1}

Некои не сакаат да ја прифатат работата во која се бара самоодрекување. Тие покажуваат голема нетрпеливост кога од нив се бара да примат некоја должност. "Зошто е потребно да стекнувам ново знаење и искуство?" - кажуваат тие. Со тоа сè е објаснето. Тие мислат дека „се богати и се збогатија и ништо не им треба" додека небото ги смета за сироти, мизерни, слепи и голи. На ваквите Вистинскиот Сведок им кажува: "Те советувам да си купиш од Мене злато низ оган пречистено, за да се збогатиш; и бела облека, за да се облечеш, и да не се гледа срамот на голотијата твоја, и со очна маст намачкај ги очите твои за да гледаш" (Откровение 3:18). Токму таа задоволство покажува дека сето тоа ви е потребно. Вие сте духовно болни и Христос треба да биде ваш лекар. {5C 265.2}

Во Светото Писмо има Илјадници други камења на вистината кои се сокриени за оној кој бара само по површината. Рудникот на вистината никогаш не се исцрпува. Колку повеќе го проучувате Светото Писмо со понизно срце, сè поголем ќе биде вашиот интерес и вие сè повеќе ќе бидете подготвени да воскликнете како Павле: "О, длабочино на богатство, мудрост и знаење Божјо! Колку се несфатливи Неговите судови и неистражливи Неговите патишта!" (Римјаните 11:33). Секој ден треба да научите нешто ново од Светото Писмо. Истражувајте го како сокриено богатство, бидејќи тоа содржи зборови на вечен живот. Молете се за мудрост и разбирање за да ги разберете тие свети зборови. Ако постапувате така, ќе почувствувате дека сте примиле нова и драгоцена светлина во поглед на прашањата поврзани со вистината и вие сè повеќе и повеќе ќе го цените Светото Писмо. {5C 266.1}

"Близу е денот велик на Господ, близу е - и брзо доаѓа" (Софонија 1:14). Исус кажува: "Еве ќе дојдам скоро". Секогаш треба да мислиме на овие зборови и да постапуваме како навистина да веруваме дека Господовото доаѓање е близу и дека сме патници и странци на земјата. Животната енергија на Божјата црква мора да стапи во дејство заради големата цел на самообнова; секој верник мора да биде активен помошник на Бога. "Зашто преку него и едните и другите имаме пристап кај Таткото во еден дух. И така, вие веќе не сте туѓи и придојдени, туку сте им сожители на светиите и членови на Божјото семејство, зашто се утврдивте на темелите поставени од апостолите и пророците, имајќи го како камен темелник Самиот Исус Христос, врз Кого целата зграда, стројно зглобена, прераснува во свет храм на Господ; врз Кого и вие ќе се сосидате во живеалиште Божјо преку Духот" (Ефесјаните 2:18-22). Ова е посебно дело кое мора да се оствари во слога, единство на Духот и во врски (сојуз) на мир. Не треба да се дозволува никакво критикување, сомневање и неверие. {5C 266.2}

Горноколумбиската и Севернопацифичката Област заостануваат цели години. Некои, кои би требало да бидат јаки и зацврстени во Христа, уште се како деца во поглед на сфаќањето и искуственото познавање на делувањето на Божјиот Дух. После

долгогодишно искуство, тие се во состојба да ги сфатат само почетните начела на големиот систем на верата и учењата кои ја сочинуваат христијанската вера. Тие не го сфаќаат совршенството на карактерот на кого ќе му биде упатена пофалбата: "Добро направено". {5C 266.3}

Браќа, вашата должност, среќа, идна корисност и конечното спасение ве повикуваат да ги прекинете врските на својата приврзаност кои ве поврзуваат за сè што е земно и минливо. Меѓу вас постои некое непосветено сочувство кое е слично на љубовна сентименталност и која е земска и сетилна. Ќе бидат потребни големи напори од ваша страна за да го искорените ова и да го измените својот живот, бидејќи не сте се поврзале со Силата на Израел, заради што вашите способности ослабеа. Вие сега гласно сте повикани ревно да ги искористите сите средства на благодатта за да бидете преобразени по карактерот и да израснете до полна возраст на мажи и жени во Христа Исуса. {5C 267.1}

Ние треба да задобиваме големи победи, а ако не ги извојуваме ќе го загубиме небото. Телесното срце мора да биде распнато, бидејќи е наклонето на морална расипаност која завршува со смрт. Ништо не може да ѝ помогне да душата освен животодавното влијание на евангелието. Молете се силната енергија на Светиот дух со неговата освежувачка, обновувачка и преобразувачка сила да падне како електричен шок на парализираната душа проникнувајќи го со нов живот секој нерв, повратувајќи го во духовно здравје целиот човек од неговата замреност и земска сетилност. На тој начин ќе станете учесници во божествената природа, затоа што ќе се спасите од расипаноста која преку похота е во светот, и во вашата душа ќе се огледува сликата на Оној преку чии рани сте излечени. {5C 267.2}

Дарови и десетоци

Бог бара од нас во вид на десотоци и дарови да Му вратиме еден дел, од оние дарови што ни ги позајмил. Тој ови дарови ги прима како акт на скромна покорност од наша страна и благодарно признавање на нашиот дол спрема Него за сите благослови што ги уживаме. Значи треба да даваме со задоволство, говорејќи како Давид: "Но од Тебе е сè, и добиеното од Твојата рака Ти го дадовме" (1. Летописи 29:14). Да се задржува за себе повеќе отколку што е потребно води кон сиромаштија. Бог долго ги трпи некои, Тој сè ќе испита и испроба, но Неговото проклетство сигурно ќе ги снајде себичните слебеници на вистината кои го сакаат светот. Бог го познава срцето, Неговото око ја гледа секоја мисла и секоја желба. Тој кажува: "Зашто Јас ќе ги прославам оние, кои Мене ме прославуваат, а оние, кои Мене Ме презираат ќе бидат презрени" (1. Самоилова 2:30). Тој знае кој треба да го благослови, а кои го заслужуваат Неговото проклетство. Тој никогаш не греши, бидејќи ангелите верно ги бележат сите наши постапки и зборови. {5C 267.3}

Кога Божјиот народ се подготвувал да го подигне светилиштето во пустината, биле потребни обемни подготовки. Се собирал скапоцен материјал меѓу кој се наоѓало многу злато и сребро. Бог побарал дарови од сиот народ како вистински сопственик на неговото богатство, но го примал само тоа што се давало доброволно. Народот давал доброволно, додека на Мојсеја не му јавиле: "Народот принесува повеќе отколку што е потребно за да се направи, она што заповеда Господ. И Мојсеј разгласи во таборот, велејќи: 'Ни маж ни жена да не принесува ништо повеќе како дар за светилиштето”. И

народот престана да принесува, зашто имаше доста принесено за секакви работи што требаше да се направат, дури и преостануваше" (Излез 36:5-7). {5C 268.1}

Кога на тоа дело би присуствувале некои луѓе со ограничени поими, нивните очи широко би се отвориле од ужас. Тие би прашале како Јуда: "Какво е тоа растурање" (Матеј 26:8). "Зошто не се постапува онака како што ќе биде најевтино?" Но целта на светилиштето не било да се слави човек, туку небесниот Бог. Тој дал одредени упатства како треба сè да се направи. Требало да му се покаже на народот дека Тој е возвишено и величествено битие и дека треба да Му се обраќаме со почитување и стравопочитување. {5C 268.2}

Домот во кој се молиме на Бога мора да одговара на Неговиот карактер и величество. Постојат мали цркви кои ќе останат секогаш мали, затоа што нивните сопствени интереси им се поважни од интересите на Божјото дело. Нивните членови градат големи и удобни куќи за себе и постојано ги прошируваат, а се задоволуваат со најнеприкладно место за Божја служба каде треба да пребива Неговото свето присуство. Тие се чудат зошто Јосиф и Марија биле принудени да побараат засолниште во шталата и во неа да се роди Спасителот, додека самите на себе трошат голем дел од своите приходи, занемарувајќи го срамно домот за молитва. Тие често велат: "Уште не е дојдено времето, не е време сега да се гради дом Господов". Но Господ им ги упатува зборовите: "А за вас време ли е да живеете во своите украсени домови, кога светилиштето е запустено" (Агеј 1:2, 4). {5C 268.3}

Домот во кој Исус треба да се состанува со Својот народ треба да биде соодветен и привлечен. Ако во едно место има само неколку верни, треба да се изгради уредна, но скромна зграда, да се посвети на Бога и да се повика Исус да дојде како гостин. Како Тој гледа на Својот народ кој ја има секоја угодност што срце може да ја посака, додека се задоволува да се состанува за богослужение во некоја барака, во бедна зафрлена зграда или во некој евтин, напуштен стан? Вие ги трошите своите пари за своите пријатели, за сè да направите околу нив што попријатно. А Исус, Кој дал сè за вас, дури и Својот живот, Кој е величество на небото, Цар над царевите и Господар над господарите - нему му доделувате место на земјата само малку подобро од една штала која била Неговиот прв дом на оваа земја. Зар на ова не треба да гледаме како што гледа Бог? Не треба ли да ги испитаме своите побуди, за да видиме каква вера поседуваме? {5C 269.1}

"Бог го љуби оној кој што од срце дава" (2. Коринтјаните 9:7), и тие што го љубат ќе даваат радосно и доброволно, затоа што со тоа ќе можат да го унапредат Неговото дело и да ја зголемат Неговата слава. Господ од Својот народ никогаш не бара да дава повеќе отколку што може, но мило Му е кога дава во границите на своите можности и тогаш ги благословува нивните дарови на благодарност. Доброволната послушност и чистата љубов нека го пратат секој дар на Бога, бидејќи Нему му се мили таквите дарови, а го навредуваат оние што не се принесуваат доброволно. Ако срцето на црквата или на поединците не се во нивните дарови, туку сакаат работата во Божјото дело да ги чини што помалку и го ценат со своето тесноградо гледиште, со тоа покажуваат несомнено дека немаат жива врска со Бога. Тие не се сложуваат со Неговиот план и начин на работа и Тој нема да ги благослови. {5C 269.2}

Ние сме Божји градители и мораме да градиме на темелите кои Тој ги подготвил за нас. Никој не смее да сида на свои темели, не осврнувајќи се на планот што Бог го поставил. Има луѓе кои Бог ги воспитал да бидат советници, кои ги поучил и кои работат на делото со сета своја душа, со сето срце и живот. Овие луѓе треба да бидат почитувани

заради нивната работа. Има луѓе кои би сакале да постапуваат според своите неизделкани поими, но мораат да се научат да примаат совети и да работат во слога со своите браќа, инаку ќе посеат сомнеж и раздор кој не би сакале да го пожнеат. Божја волја е оние кои се ангажирани на Неговото дело да се потчинуваат еден на друг. Неговото богослужение мора да се изврши со доследност, единство и здраво расудување. Бог е нашата единствена доволна (целосна) помош. Преку Неговите зборови и Неговиот Дух ги примивме законите и начелата кои треба да владеат со мислите и делата на Божјиот народ. Ако се покоруваат и ја љубат Божјата Реч, Неговите деца ќе одат во светлина и во нив нема соблазна. Тие нема да се управуваат според ниските мерила на светот, туку според мерилата на Библијата. {5С 270.1}

Бог посебно го навредува себичноста која владее во Неговиот народ. Светото Писмо кажува дека сребролубието е идолопоклонство. „Користољубец - кој е идолопоклоник, нема дел во царството на Христос и Бог" (Ефесјаните 5:5), кажува апостол Павле. Проблемот на мнозина се состои во тоа што имаат премалку вера. Како богатиот во параболата, тие би сакале своето богатство да го натрупаат во амбарите. Светот мора да биде опоменат и Бог сака целосно да се посветиме на Неговото дело, меѓутоа, луѓето до таа мера се зафатени со остварување на своите планови за стекнување на пари - што немаат време да придонесат за победата на Христовиот крст. Тие немаат ниту време ниту волја да го вложат својот ум, способност и енергија во Божјото дело. {5С 270.2}

Браќа и сестри, би сакала во вас да пробудам презир кон вашите ограничени поими за Божјото дело. Би сакала да разберете колкава жртва поднел Исус заради нас со тоа што станал сиромав за преку Неговата сиромаштија ние да ги стекнеме вечните блага. О, не ги терајте ангелите да плачат заради вашата рамнодушност кон вечната слава која ви е на дофат, не ги терајте да ги сокриваат своите лица од срам и одвратност. Отргнете се од своето мртвило, пробудете ги способностите што Бог ви ги дал и работете за драгоцените души за кои умрел Христос. Овие души, доколку ги доведете во Христовото стадо, ќе живеат низ сите времиња на вечноста и дали имате намера да направите што е можно помалку за нивното спасение, закопувајќи го своето богатство во земјата? Дали слично како неверниот слуга што примил еден талант го обвинувате Бога дека жнее каде што не сеел и собира каде што не оставал? {5С 271.1}

Сè што имате и што сте му припаѓа на Бога. Зар тогаш нема да кажете од сè срце: „Но од Тебе е сè, и добиеното од Твојата рака Ти го дадовме" (1. Летописи 29:14). Павле вака ги поттикнува своите браќа во Коринт да бидат дарежливи: „И како што сè изобилува во вас: верата и словото, знаењето и секоја сесрдност и љубовта ваша кон нас, така нека изобилува во вас и таа добродетел" (2. Коринтјаните 8:7). Во своето послание до Тимотеј, тој вели: „Заповедај им на богатите од овој свет да не се гордеат, ниту да се надеваат во непостојаното богатство, туку на живиот Бог, Кој ни дава за наслада сè во изобилие; нека прават добро, нека се збогатуваат со добри дела, да бидат штедри и сочувствителни. И на таков начин да си собираат сокровиште - добра основа за иднината, за да постигнат живот вечен" (1. Тимотеј 6:17-19). {5С 271.2}

Дарежливоста не ни е вродена за случајно да можеме да ја стекнеме таа доблест. Таа мора да се негува. Мораме промислено да одлучиме да го славиме Бога со својот имот и не смееме да дозволиме било што да нè доведе во искушение да Му ги скратиме десетоците и даровите што Му ги должиме. Мораме да бидеме разумни, систематични (уредни) и истрајни во своето добродетелство кон луѓето и во своите изрази на благодарност кон Бога за Неговата добрина кон нас. Оваа должност е премногу света за

да ја препуштиме на случајноста или да дозволиме да зависи од нашите импулси или чувства. Ние редовно треба да одвоиме нешто за Божјото дело, за да не Му го скратиме делот на кој Тој полага право. Кога крадеме од Бога, крадеме и од себеси. За да имаме повеќе земно богатство, ние се откажуваме од небесното богатство. Тоа е загуба која не смееме да си ја дозволиме себеси. Ако живееме на тој начин да можеме да примиме Божји благослов, Неговата рака ќе ни подари напредок и во нашите земни работи. Но, ако Неговата рака биде против нас, Тој може да ги уништи сите наши планови, и да ги растури побрзо отколку што ние можеме да ги собереме. {5C 271.3}

Ми беше покажано дека во овие две Области владее навистина жалосна состојба на нештата. Но Бог тука има многу драгоцени души за кои Тој има ревносна грижа и нема да допушти да бидат измамени и заведени. {5C 272.1}

---

28. ВЕРНОСТ ВО БОЖЈОТО ДЕЛО

Во црквите во Орегон и Вашингтон има луѓе со драгоцени способности кои би биле делотворни работници во овие области кога сите овие способности би се развиле со добро насочено работење. Живата црква секогаш е црква што дејствува. Вистината е сила и тие што ја согледуваат нејзината моќ храбро и бестрашно ќе станат во нејзина одбрана. Вистината мораме да ја сфатиме со умот, да ја примиме во срцето и нејзините начела да ги всадиме во својот карактер. А тогаш мораме да вложуваме истрајни напори за да придобиваме и други што ќе ја прифатат, бидејќи Бог ги смета за одговорни луѓето на кои им подарил светлина. {5C 272.2}

Господ го повикува Својот народ да ги усоврши способностите што Тој му ги подарил. Умните сили треба да се развиваат до крајни можности, треба да се засилуваат и облагородуваат со постојано размислување за духовните вистини. Ако дозволиме нашиот дух да се занимава единствено со ситници и обични работи од секојдневниот живот, тој, според непроменливиот закон, ќе стане слаб и површен и нема да има духовна сила. {5C 272.3}

Пред нас е време во кое секоја душа ќе биде ставена на проба и тие што се слаби нема да ја издржат пробата во овие денови на опасност. Мораме внимателно да ги проучуваме големите вистини на откровението, бидејќи на сите нам ни е потребно длабоко познавање на Божјата реч. Со читање на Библијата и со секојдневно општење со Исус ние ќе стекнеме јасни и одредени поими за личната одговорност и сила да опстоиме на денот на проба и искушение. Оние чијшто живот е поврзан со Христа со невидливи врски, Божјата сила ќе ги сочува преку вера за спасение. {5C 273.1}

Вашите мисли треба да се посветат на Божји нешта, а помалку на земни предмети. Ако го вежба својот ум во тој правец, христијанинот кој го љуби овој свет ќе се запознае со Божјата реч исто толку добро како што сега е запознат со земните работи. „Ги истражувате Писмата", рекол Христос, „зашто вие мислите дека во нив имате живот вечен; а токму тие сведочат за Мене" (Јован 5:39). Од христијанинот се бара трудољубиво да го истражува Светото Писмо, секогаш повторно и повторно да ги проучува вистините на Божјата реч. Самоволното незнаење во оваа област го загрозува животот и карактерот на христијанинот. Тоа го ослепува разумот и ги изопачува најблагородните способности. Тоа е она што внесува збрка во нашиот живот. Нашиот

народ треба да ја сфати непогрешливата Божја реч, тој мора да има систематско познавање на начелата на откриената вистина, која ќе го оспособи да го дочека тоа што ќе се случи на земјата и ќе го подготви да не се свитка под секој ветер на лажните науки. {5C 273.2}

Во светот наскоро ќе се дојде до големи промени и секој треба да има искуствено познавање на Божјите нешта. Сатаната работи на тоа да го обесхрабри Божјиот народ и да ја поколеба неговата вера. Тој на сите можни начини се обидува да ја доведе во сомнеж положбата, верата и намерата на луѓето на кои Бог ставил товар за посебна задача и кои ревносно ја извршуваат. Иако доживува неуспех по неуспех, тој постојано ги обновува своите напади, работејќи преку оние што тврдат за себе дека се понизни и богобојазни и кои се истакнуваат дека веруваат во сегашната вистина и дека се грижат за нејзината добробит. Поборниците на вистината мораат да очекуваат диви и свирепи напади од отворените непријатели, но тие се многу помалку опасни од потајните сомневања на тие што мислат дека слободно можат да критикуваат и да пронаоѓаат грешки во сето она што го прават Божјите слуги. Тие можеби изгледаат како понизни луѓе, но со тоа се измамуваат и себеси и другите. Во нивните срца има сомнеж и недоверба. Тие ја поткопуваат верата на народот во луѓето во кои би требале да имаат доверба, во оние што Бог ги избрал да го вршат Неговото дело; и кога тие ќе бидат укорени за тоа, тоа го примаат како лична навреда. Тие тврдат дека вршат Божјо дело, но всушност му помагаат на непријателот. {5C 273.3}

Браќа, немојте да дозволите нечии сфаќања да влијаат на вас и да ја поколебаат вашата вера во поглед на редот и хармонијата што треба да владеат во црквата. Мнозина од вас не гледаат јасно сè. Правилата што морале да се почитуваат при службата во скинијата се запишани за сите што живеат на земјата да можат да извлечат поука од тоа. Биле избрани луѓе кои имале разни служби: да го склопуваат и расклопуваат шаторот, и доколку некој бил невнимателен и почнал да работи работа доделена на друг бил казнуван со смрт. Ние денес му служиме на истиот Бог. Но смртната казна е укината. Да не беше укината денес не би имало толкава немарност и невнимателност во работата за Неговото дело. Небесниот Бог е Бог на редот и бара од сите Свои следбеници да ги почитуваат правилата и прописите и да го одржуваат редот. Сите треба да имаат совршено разбирање во поглед на Божјото дело. {5C 274.1}

Опасно е само за еден момент да се негува сомнеж во срцето. Кога фараонот не сакал да го признае првото чудо, тој посеал семе на сомнеж кое потоа израснало и донело толку богата жетва, што ниедно подоцнежно чудо не можело да го убеди дека се наоѓа на погрешен пат. Тој и понатаму тврдоглаво одел по тој пат, паѓајќи сè подлабоко и подлабоко во сомнеж, и неговото срце станувало сè потврдо, сè додека најпосле не се нашол пред мртвите и студени лица на првородените. {5C 274.2}

Бог работи, а ние не правиме ниту половина од она што би морале да го правиме за да го подготвиме народот да опстои во денот кога ќе се појави Синот Човечки. Тешко му на оној кој ќе се обиде дури и во најмала мера да го попречува Божјото дело. Ние мораме да работиме за другите, мораме да ги пресечеме врските со кои нашите браќа се поврзани за богатствата од овој свет, бидејќи мнозина се подготвени да го продадат своето првородство и вечен живот за земна добивка. Зар не е подобро да се повикаат своето богатство да го собираат на небото, отколку жално да се зборува: „Пари, пари, тоа е она за што овие луѓе повикуваат постојано и со што се богатат”. Колку се слатки ваквите зборови на лажните верници кои го сакаат овој свет! Тие ги охрабруваат да му го скратуваат на Бога делот што Му припаѓа и што би требало да Му го вратат со дарови

и десетоци. Господовото проклетство ќе ги погоди оние кои не сакаат да Му го дадат она што е Негово. Треба да работиме во хармонија со Бога. Неговите слуги мораат им дадат една вест на среброљупците. Зошто отворено не го изнесуваат сведоштвото: „Донесете ги сите десетоци во ризниците", кога самиот Господ им дал пример во тоа? {5C 274.3}

Христовата религија го потчинува себичниот дух и ја преобразува душата и чувствата. Таа ја понижува човечката гордост, за Бог да биде прославен. Тоа му е потребно на Братот А. Нему му е потребна практична вера во Бога. Тој треба да согледа и да сфати колку е славно да му се служи на Христа, треба да ги воздигнува начелата и христијанското мерило, и својот дух да го збогати со прекрасните ветувања, опомени, совети и укори на Божјата Реч. Тој треба да согледа колку е значајно да има не само вера туку и дела во согласност со верата, за верно да ја прикаже чистотата и возвишеноста на религијата во домот, во црквата и во деловниот живот. Тој треба да одржува врска со Бога, за да има духовна сила. Неговата поврзаност со светот и со луѓето кои се противат на духот на вистината врз него имаат поголемо влијание од Христовиот Дух. Тука лежи опасност за него и затоа може да доживее и бродолом на својата вера, доколку не го промени својот пат и доколку цврсто не се поврзе со Изворот на светлината. {5C 275.1}

Кога неговото интересирање за духовните нешта би било исто толку големо како и за земните нешта, неговата посветеност на Бога би била потполна и тој би се покажал како вистински ученик на Христа. Бог би го примил и би ги употребил неговите способности, кои сега целосно се посветени на служба на светот. Во Божјото дело се потребни истите оние способности кои денес се користат за натрупување на имот. Во секоја гранка на делото се потребни управители кои успешно и систематски ќе ја унапредуваат работата. Човекот што има тактичност, трудољубивост и воодушевување ќе има успех во земните работи и ако истите способности ги покажува во Божјото дело ќе има двојно повеќе успех, бидејќи на човечките напори ќе им помогне и божествената сила. Најдобрите планови, и во материјалниот и во духовниот свет, ќе бидат осудени на неуспех, доколку нивното извршување им се довери на неискусни и неспособни раце. {5C 275.2}

На Бога не му се по волја оние што своите таланти ги закопуваат во земја. Тие ги искористуваат сите свои способности за стекнување богатство и желбата за богатство станува нивна страст. Братот А. е вреден човек и тој се гордее со своите успеси во деловниот живот. Кога тој истиот интерес, тактичност и амбиција би ги покажал во работата за Господа би се постигнале многу повозвишени и поблагородни резултати. Образованието стекнато во деловниот живот на овој свет нема да биде од никаква корист во идниот живот, бидејќи на небото не се вршат такви работи. Меѓутоа, ако способностите кои ни ги дал Бог ги употребиме за Негова слава, ако соработуваме во изградбата на Неговото царство, ќе стекнеме образование кое со себе ќе го понесеме и на небото. {5C 276.1}

Каква е нашата положба во светот? Ние сме во време на исчекување. Но ова време не смее да се помине во апстрактна побожност. Мораме да го соединиме исчекувањето, бдеењето и ревната работа. Нашиот живот не смее да биде исполнет со трка за земно богатство, на штета на личната побожност и службата која Бог ја бара од нас. Ние не треба да бидеме мрзеливи во своите работи, но мораме да бидеме огнен дух, служејќи му на Господа. Светилките на нашите души мора секогаш да бидат подготвени и ние мораме секогаш да имаме масло на благодат во своите садови. Ние мораме посебно да внимаваме на тоа да не назадуваме во духовен поглед, за Господовиот ден да не нè

изненади како крадец во ноќно време. Не смееме да мислиме дека овој ден е далеку. Тој е близу, и ниеден човек не смее да каже во своето срце, а уште помалку со своите дела: „Господарот мој уште за долго време нема да дојде” (Матеј 24:48), бидејќи, ако прави така, делот ќе му биде со лицемерите и безбожниците. {5C 276.2}

Ми беше покажано дека Божјиот народ се наоѓа во голема опасност; мнозина се жители на оваа земја; нивните интереси и чувства се врзани за овој свет. Тие не даваат добар пример. Светот е измамен во поглед на животот на мнозина кои ги исповедаат големите и благородни вистини. Нашата одговорност е во сразмер со светлината што ни е дадена, благодетите и даровите што сме ги примиле. Најголема одговорност имаат работниците чиишто таленти, можности, прилики и духовни способности се најголеми. Бог го повикува братот А. да го промени начинот на живот, своите способности да ги употреби за слава на Бога, а не да ги унижува служејќи им на ниски светски цели. Сега е неговиот ден на доверба, наскоро ќе дојде ден за положување на сметка. {5C 277.1}

Братот А. ми беше прикажан како пример за мнозина кои се во слична положба. Тие никогаш не се незаинтересирани дури ниту за најмала световна корист. Тие стекнале имот со вредна работа, со тактичност во разумно вложување, тргување, и тоа не големо, туку со незначајна сума на пари. Постапувајќи на тој начин тие се развија во правец кој не се сложува со христијанскиот карактер. Нивниот живот не го прикажува Христа на ниеден начин, бидејќи тие повеќе го сакаат светот и неговото богатство отколку Бога и вистината. „Ако некој го љуби светот, во него нема љубов од Таткото” (1. Јованово 2:15). {5C 277.2}

Сите способности што ги имаат луѓето му припаѓаат на Бога. Неговата Реч нарочно ни забранува да копнееме по одобрување од светот и по неговите задоволства. Срцето на човекот кој дотогаш копнеел за светот кога ќе ја почувствува силата на Божјата преобразувачка благодат ќе тргне на патот на добродетелство. Тој што во своето срце одлучил да собира богатство на оваа земја ќе „падне во искушение, во стапици и во многу неразумни и штетни страсти, што го потопуваат човекот во пропаст и погибел” (1. Тимотеј 6:9). {5C 277.3}

Секој член на црквата треба да знае дека има света должност грижливо да ги чува интересите на Божјото дело. Членовите на црквата се одговорни за растроеноста и малодушноста кои владеат во неа, со кои се срамотат најсветите вистини кои некогаш се доверени на човекот. За ова нема оправдување. Исус на секого му го отворил патот по кој може да се стекне мудрост, благодат и сила. Тој е наш пример во сè и ништо не би требало да го одвраќа духот од главната цел на животот, а таа е да се има Христа во својата душа која го облагородува и потчинува срцето. Кога би било така, секој член на црквата и секој кој ја исповеда вистината би бил сличен на Христа во карактерот, зборовите и делата. {5C 278.1}

Некои од оние кои беа канали на светлина и чиишто срца се радуваа на драгоцената светлина на вистината се одрекоа од вистината и му се приближија на светот. Го загубија духот на самопожртвување, правејќи ја својата среќа зависна од непостојаните нешта на овој свет. Тие се во голема опасност. Некогаш ѝ се радуваа на светлината и затоа ќе бидат препуштени на целосната темнина доколку брзо не ги прифатат зраците кои уште светат врз нив и доколку не се повратат кај Господа во покајание. Живееме во опасно време кога народот сè подлабоко паѓа во заблуда и во измама. Кој ќе го опомене светот, кој ќе му укаже на подобар пат освен оние што ја имаат вистината, што се посветиле преку неа и кои треба да настојуваат нивната светлина да свети и на другите, за да можат да ги видат нивните добри дела и да го

слават Бога. Би сакала кога би можела сите да ги предупредам дека се наоѓаат во опасност да го загубат небото. Членството во црквата е едно, но поврзаноста со Христа е нешто сосема друго. Не сите имиња што се запишани во книгата на црквата се запишани во книгата на животот на Јагнето. Мнозина не одржуваат жива врска со Христа, иако изгледаат како искрени верници. Тие ѝ пристапиле на црквата и нивните имиња се внесени во книгата, но во своите срца не го извршиле внатрешното дело на благодатта. Затоа не се ни среќни и тешко им е да му служат на Бога. {5C 278.2}

„Со каков суд судите, со таков ќе бидете судени" (Матеј 7:2). Имајте на ум дека вашите браќа се исто така грешни битија како и вие самите и кон нивните погрешки и заблуди бидете исто толку милостиви како што сакате и другите да бидат кон вас. Не смеете да ги истражувате нивните грешки и да ги изнесувате на светот за тој да триумфира поради нив. Тие, што се осмелуваат да го прават тоа, седнале на судскиот стол и самите себе се направиле судии, додека ја занемариле градината на сопственото срце и дозволиле во неа да израсне корен на огорченост. {5C 278.3}

Секој од нас поединечно има некој нерешен случај на небесниот суд. Карактерот се мери на мерилата на светињата и затоа секој од нас треба сесрдно да настојува да оди понизно и внимателно, за да не ја изгуби Божјата благодат и сè што е вредно, заради немарноста светлината што ја примил да го осветлува светот. Треба да се отфрли секоја неслога, секое клеветење и огорченост. Треба да се негува добрина, љубов и милосрдие кон другите, за да се исполни Христовата молитва Неговите ученици да бидат едно како што Тој е едно со Таткото. Хармонијата и единството на црквата се препораки кои на светот му докажуваат дека Исус е Божји Син. Вистинското обратување секогаш доведува до вистинска љубов кон Исуса и кон сите оние за кои Тој умрел. {5C 279.1}

Секој што го прави за Бога тоа што го може, кој искрено и сесрдно сака да им прави добро на оние кои се околу него ќе прими Божји благослов за своите напори во тој правец. Човек може активно да му служи на Бога и ако не е глава или срце на телото Христово. Службата на раката и ногата, прикажана во Божјата Реч, иако скромна, е значајна. Вредноста на едно дело не се проценува според неговата големина, туку според љубовта со која е извршено и според побудата која поттикнала дејствување. Постои дело кое треба да се изврши за нашите ближни и оние со кои треба да се дружиме. Нам не ни е дозволено да престанеме со трпеливото залагање за душите сè додека, дури и една душа се наоѓа надвор од ковчегот на сигурноста. Во оваа војна нема отстапување. Ние сме Христови војници и должни сме да внимаваме за непријателот да не добие предност и да не ги привлече во своја служба душите кои ние можеме да ги придобиеме за Христа. {5C 279.2}

Нашето време е време на доверба и одговорности; ние имаме едно дело за Бога, кое треба да го извршиме. Црквата во _____ постепено се оладуваше и ја губеше верата. Многу мора да се направи за нејзините членови. Нивниот пат го осветлуваше голема светлина; и тие ќе дадат сметка за таа светлина. Христос рекол: „Вие сте светлина на светот;" „вие сте сол на земјата" (Матеј 5:13,14). Потребно е подлабоко делување на благодатта во нивните срца. Тие мораат да се преобразат за Бог да може да ги благослови. Мнозина ја исповедаат верата само со зборови. Себичната желба за добивка го фрли во сенка небесното наследство. Ако небесното царство се стави на прво место, благородната исправност ќе свети во животот и карактерот. Тоа е она што му е потребно на братот А. доколку сака да шири влијание за добро. Тој сака да изобилува со пари и да ги натрупува на било кој начин. Тој со душа и со тело е во светските потфати. Опиен е со грижите за овој живот; а тоа значи дека до таа мера е обземен со своите

работи, што не е во состојба смирено и разумно да размислува за Бога. Неговиот видик е замрачен со љубовта кон парите. Би требало вистината длабоко да продре во неговото срце и да донесе плодови во неговиот приватен и јавен живот. {5C 280.1}

Братот А. го оправдува своето запоставување на проучување на Библијата со тоа што е деловен човек. Но Библијата би била извор на сила и безбедност за секој што е обземен со животни грижи. Токму затоа што се наоѓа во толку опасна положба, на таквиот човек посебно му е повеќе потребна светлината на Божјата Реч, нејзините опомени и нејзините совети. Кога братот А. во Божјите нешта би бил исто толку разумен и претприемлив како во своите земни работи, би примил голем благослов. Ако мисли дека Бог е задоволен со него додека сите свои способности и енергија ги посветува во служба на мамона, тој многу се лаже. Христос рекол: „Никој не може да им слугува на двајца господари: зашто, или едниот ќе го замрази, а другиот ќе го засака; или кон едниот ќе се приврзе, а другиот ќе го презре. Не можете да им служите на Бога и на Мамон" (Матеј 6:24). Ако братот А. и понатаму вечната добробит ја подредува со своите земни интереси, неговото сребролубие ќе станува сè поголемо сè додека не стане негово управувачко начело, и тој толку ќе биде заслепен од богот на овој свет, што нема да биде во состојба да разликува свето од несвето. {5C 280.2}

Братот А. има силно влијание на своите браќа, кои во голема мера гледаат на работите како тој што гледа. Тој треба да го подобри своето духовно здравје и да биде мудар во Божјите нешта. Би требало да покаже поголемо интересирање и преданост на небесните нешта и да ги воспита своите способности да му служат на Божјото дело. Нему му е потребен оклопот на праведноста за да се заштити од стрелите на непријателот. Тој нема да може да се спаси, доколку целта на неговиот живот не се промени и доколку постојано не се вежба во духовните нешта. {5C 281.1}

Бог ги повикува членовите на црквата во овие две области да се пробудат и да се обратат. Браќа, вие со својот светски дух, неверство и негодување создадовте таква состојба што на било кој ќе му биде мошне тешко да работи меѓу вас. Додека вашиот претседател ја занемаруваше својата должност и грешеше во својата работа, вие со својот став не му пруживте никакво охрабрување. Човекот кој беше на чело требаше да се покаже како Божји човек и да укорува, да опоменува и да охрабрува, секого според заслугата, не осврнувајќи се дали вие ќе го примите или отфрлите неговото сведоштво. Но тој набргу ја загуби храброста и ве остави без помошта која како верен проповедник на Христос требаше да ви ја пружи. Тој не се управуваше според Божјото провидение. Но вие не би требало да станете рамнодушни заради неуспехот на еден проповедник и заради тоа да ги избегнувате своите должности. Потребно е да покажете повеќе енергија и верност. {5C 281.2}

Ветување и неисполнување

За некои од вас ветувањата што сте ги направиле станаа камен за сопнување. Господовиот Дух дојде на состанокот во _____ како одговор на молитвата, и вие направивте завет додека вашите срца беа под Негово влијание. Додека сјајните зраци на светлината ги осветлуваа вашите срца, почувствувавте дека морате да се угледате на Оној кој живеел правејќи добро и кој со радост го дал Својот живот за да го избави човекот од пропаста. Под влијание на небесното вдахновение, вие сфативте дека себичноста и славољубието не се во согласност со христијанскиот карактер и дека не можете да бидете слични на Христа ако живеете само за себе. Но подоцна кога повеќе

не го чувствувавте толку силно дејството на милоста и љубовта во вашите срца, вие ги задржавте своите дарови и Бог ги задржа Неговите благослови за вас. {5C 281.3}

Некои западнаа во немаштија. Нивните жетви потфрлија така што не можеа да ги исполнат своите завети, додека други западнаа дури во беда. Тогаш секако не можеше ниту да се очекува од нив да го извршат тоа за што се заветиле. Но доколку не негодуваа и во срцето не беа одлучиле да не го извршат, Бог би работел за нив и би создал секаква можност да го изврши тоа што го ветил. Тие не чекаа во вера, надевајќи се на Бога, за да им отвори пат да го извршат своето ветување. Некои располагаа со пари и би добиле голем благослов кога би биле исто така спремни како и во моментот кога го правеа заветот и ако од срце му вратеа на Бога во дарови и десетоци тоа што Тој им го подарил. Но дојде сатаната со своите искушенија, поттикнувајќи го народот да се сомнева во намерите и побудите со кои се раководеа Божјите слуги кога ги повикаа да ветат дека ќе приложат. Некои мислеа дека се измамени и заведени. Тие во духот се одрекоа од своите завети и што и да правеа подоцна, тоа го правеа без волја, и затоа не примија никаков благослов. {5C 282.1}

Во параболата за талентите, човекот на кого му бил доверен еден талант бил незадоволен и ги сокрил своите пари, за тие да не бидат од корист на неговиот господар. Кога Господарот побарал од него да даде сметка за својата работа, тој почнал да се правда за својата мрзеливост префрлувајќи ја вината на Господарот. „Господаре, те знаев (тој тврдел дека го познава својот господар) дека си жесток човек: жнееш каде што не си сеел, и собираш каде што не си веел, па се уплашив (дека мојата заработка нема да остане целата за мене, туку дека ќе бараш за себе) и отидов, и го сокрив твојот талант в земја; ете ти го твоето. А Господарот му одговори и рече: ‘Зол и мрзлив слуго! Ако си знаел дека жнеам каде што не сум сеел, и собирам каде што не сум садел, требаше моите пари да им ги дадеш на трговците, па кога ќе дојдам да го приберам своето со добивка; земете го од него талантот и дајте му го на оној што има десет таланти; зашто секому што има (кој правилно ги користи моите дарови) ќе му се даде и преумножи, (бидејќи можам да му доверам и знам дека ќе ги искористи за добро) а оној, што нема, (во кого немам доверба) ќе му се одземе и она што го има. (Ќе му го земам тоа што го сметам за свое, бидејќи не заслужува доверба. Ќе ги земам од него неговите таланти, и ќе ги дадам на оној што ќе ги умножи). А лошиот слуга фрлете го во крајна темнина: таму ќе биде плач и крцкање со заби” (Матеј 25:24-30). {5C 282.2}

Духот што го покажаа браќата во поглед на своите завети беше голема навреда за Бога. Да видеа дека делото напредува во полињата во кое веќе е започнато, ќе имаа поинакво мислење. Нив никој не ги мамеше, и тие го обвинија Божјиот Дух дека ги мами, а не слугите што Тој ги пратил. Доколку братот А. заземеше исправен став по ова прашање, доколку го негуваше духот што го натера да го направи овој завет, не би бил толку ненаклонет да ги вложи своите средства во Божјото дело. Но тој мислеше колку може да ги зголеми своите средства вложувајќи ги во земни потфати. Тврдоглавоста, светскиот дух и лакомоста се мани на карактерот кои оневозможуваат развивање на христијанските доблести. Апостолот кажал: „Немојте да бидете сребролупци (во однесувањето и во животните навики) и задоволувајте се со она што го имате. Зашто Тој рекол: ‘Нема да те оставам, ниту, пак, ќе те напуштам’” (Евреите 13:5). {5C 283.1}

Беше очигледно дека мнозина што направија завети немаа вера и сметаа дека во таа прилика беа измамени. Тие толку многу мислеа и зборуваа за тоа што на крајот вообразија дека тоа навистина било така. Сметаа дека не е нивна должност да ја помагаат Генерална Конференција, и зборуваа дека своите пари треба да ги искористат

во своите полиња. Господ работеше со нив според нивната ограничена вера. Сатаната, кој ги измамил нивните духови, ги поттикна да мислат дека биле многу дарежливи кон Генералната Конференција, додека испитувањето на фактите покажа дека сè уште должат еден дел на Конференцијата, за трошоците што ги имаше при праќањето на работници и при помагањето на разни начини за да го започнат делото и да го унапредат. Па сепак, овие луѓе беа јадосани, незадоволни и несреќни и се оддалечија од Бога, верувајќи дека направиле големи дела. Ова само покажува во каква ужасна измама може да западне умот доколку не е под посебно управување на Божјиот Дух. Сатаната го поттикнуваше нивниот сомнеж, недоверба, и предрасуди кон Генерална Конференција. Божјото дело е едно на целата земја. Христос е центар на секоја гранка на делото. Ниедна не е независна од другите. {5C 283.2}

Драги браќа, вие го примивте сатаната во своите срца и нема целосно да го победите сè додека не се покаете за своите зли сомнежи и за неисполнувањето на своите завети. Вие ги презревте Божјите весници и ги обвинивте дека вршат голем притисок врз народот. На Бога му е неугодено од братот Б. затоа што одлучно не го изнесе сведоштвото против сè ова и што не ви го покажа вашиот грев таков каков што е. {5C 284.1}

„Кога даваш завет на Бога, не двоуми се да го извршиш, зашто Тој не наоѓа задоволство во безумните: она што си го ветил изврши го. Подобро е да не ветуваш, отколку да ветиш и да не го извршиш. Не и дозволувај на устата своја да го тера во грев телото твое и не зборувај пред ангелот Божји, дека тоа беше грешка. Зошто ти е да правиш така, и Бог да се разгневи на зборот твој и да го сотре делото на рацете твои?”(Проповедник 5:3-6). {5C 284.2}

Овде овој предмет е прикажан во вистинска светлина. Вие го дадовте своето ветување пред Божјите ангели. Вашите зборови не ги слушнаа само луѓе, туку ги слушнаа и Божјите ангели. Зар тогаш се чудите зошто Бог се гневи на вас? Зар можете да се чудите што не ве благослови, така што не бевте во состојба да ги исполните своите завети? Непријателот трумфираше кога вие негодувавте, ги повлекувавте своите ветувања, и зборувавте дека Божјите слуги ве измамиле и од вас извлекле ветувања кои не се праведни. Кога би можеле да ги видите своите постапки во вистинска светлина, никогаш не би се обидувале да се оправдате. {5C 284.3}

Треба да внимавате на секој збор што го изговарате за да не го намалите влијанието на Божјите весници. Можеби понекогаш се претерувало во барање на пари. Но кога светлината и љубовта на Исуса би ги осветлувала срцата на Неговите следбеници, не би било потребно постојано од нив да се бараат пари и услуги. Кога би станале едно со Исуса и би сфатиле дека не припаѓаат на себе, дека се платени скапо, дека затоа се Божја сопственост и дека сè што имаат им е доверено како на верни повереници, тие исправно и со радосни срца би го вратиле на Господа тоа што е Негово. Господ не го прима дарот кој се донесува без волја и со стегање. Со вашите сегашно чувства, заветите не би имале никаква корист. Кога ќе се ослободите од стапиците на непријателот, кога ќе го исправите прекршувањето на ветувањата и ќе сфатите дека потребите на Божјото дело се исто толку постојани како и Неговите дарови на човечките деца, вашите дела ќе бидат во согласност со вашата вера и вие ќе примите изобилен благослов од Господа. {5C 285.1}

---

29. ВЛИЈАНИЕТО НА НЕВЕРСТВОТО

Црквата во _____ многу се оддалечила од Бога. Таа повеќе не е духовно здрава и напредна. Секој член на црквата има свои сопствени грижи и товари, но би требало да ги поднесе држејќи ја својата душа будна пред Бога, не правејќи ги малодушни другите во црквата. Тој треба да ја поткрепува црквата на која ѝ припаѓа, а не да ја слабее. Братот Ц. постапува на тој начин што не ја крепи својата вера ниту црквата. Тој им помага на непријателите кои настојуваат во црквата да внесат малодушност и збрка. Сатаната постојано поттикнува на неверство. Тој ги забележува грешките и неуспесите на тие што тврдат дека се следбеници на Христа и со тоа ги навредува Божјите ангели. Тој е клеветник на нашите браќа и тој ќе влијае на колку што е можно повеќе луѓе да ја вршат истата работа. Тие што се обврзуваат будно да внимаваат на градината на својот сосед наместо своето земјиште да го чистат од троскот, во нивната градина троскотот ќе се рашири до таа мера што ќе ја загуши секоја драгоцена билка. {5C 285.2}

Братот Ц. не е во состојба да биде светлина на светот. О, не, тој шири мрак, а не светлина. Вечноста ќе го открие фактот дека неговите непретпазливи зборови предизвикале сомнеж кај другите, така што со своите постапки многу души одвратил од вистината. Тој се согласи да биде орудие на мракот, да влева сомнеж и да внесува малодушност во душата на другите. На Бога не му се угодни неговите постапки. Стануваше сè помалку и помалку подложен на влијанието на Божјиот Дух. Неговата вера е мошне слаба, а како би можело да биде поинаку кога тој постојано поттикнува неверство со своите зборови? Со тоа што буди сомневање, наместо со својата светлина да ги осветлува другите, тој му помага на непријателот во неговото дело. На тој начин, тој речиси стана неверник, и целосно ќе стане таков доколку не тргне по спротивен правец. {5C 286.1}

Братот Ц. не мисли за своите зборови и постапки. Од неговата уста постојан излегуваат празни зборови за кои ќе мора да одговара на Божјиот ден. Тој се поставил на тлото на непријателот и затоа во него нема Христов Дух. Тој некогаш ќе согледа колку згрешил затоа што ги пропуштил драгоцените и златни прилики што можел да ги искористи за да го очисти своето срце. Будно внимаваше и за најмалите грешки кај другите, живеејќи од нивните пропусти, а тоа е духовно умирање од глад. Секое будење во црквата може да донесе лица кои не се целосно обратени. Тие ја примиле вистината на зборови, но не се посветиле со нејзиното слатко влијание. Лишени од благодатта, тие се себични, закоравени и непопустливи. Таквите лица секогаш се недоверливи. Тие секогаш ќе зборуваат и ќе работат спротивно на нашата вера. Црквата што е оптоварена со такво бреме заслужува сожалување. Светот е непријател на црквата и сатаната и неговите ангели постојано војуваат против неа. Затоа на оние кои се здрави во верата постојано им се укажува на грешките на недостојните членови. {5C 286.2}

Тие што веруваат во вистината треба одлучно да помогнат, а не да ја попречуваат работата на неколкумина во _____ кои се борат со многу тешкотии. Членовите на црквата треба ревно да настојуваат со голема грижа да не им даваат прилики на непријателите на нашата вера да триумфираат заради мртвилото и отпаѓањето на нејзините членови. Мнозина беа немарни во овој поглед, иако со малку самоодрекување и ревност можеа да бидат сила на страната на доброто. Оваа ревност не доаѓа без напори, без сериозна борба. Кога во _____ би останале само три верни души, тие, доколку би одржувале постојана врска со Бога, би можеле да бидат живи канали на светлина и Бог би го зголемил нивниот број. Бог подигнал знаменосци во _____. Некои се отселија, некои умреа, а некои станаа духовно мртви и стапија во

служба на сатаната. Тие не сфаќаат дека ќе дојде време кога ќе биде завршено одлучувањето на нивниот живот во небесните книги и кога делото на секој човек ќе се открие во вистинска светлина. {5С 287.1}

Имајте на ум дека на секого ќе му се суди според неговите дела. Брате мој, ти што се сомневаш, им замеруваш и ги обвинуваш своите браќа, што ќе правиш кога на големиот ден на конечното одлучување пред тебе ќе биде отворена книгата на твојот живот? „Дрски се зборовите ваши пред Мене, вели Господ Саваот. Прашувате: - што зборуваме против Тебе? Велите: залудно е служењето на Бога, и каква корист имаме, ако ги пазиме наредбите Негови и одиме во жална облека пред лицето на Господ Саваот" (Малахија 3:13, 14). Тоа беа зборовите на вашето срце, „зашто устата го зборува она што излегува од преполнетото срце" (Матеј 12:34). Вие со своите зборови ќе се оправдате или осудите. Клеветењето на браќата е дело на сатаната од часот на неговиот пад. Вие ја обесхрабрувавте црквата која и онака беше малодушна. Вистината ја прикажувавте во најлоша светлина. Тоа е дело на сатаната. Немате причина да се гордеете со своите зборови, бидејќи ќе се срамите и ќе очајувате заради нив во денот кога секој човек ќе ја прими платата според своите дела што ги вршел во телото. {5С 287.2}

Твојата сопруга толку многу ги слушаше твоите мрачни зборови додека не почна во голема мера да размислува исто како и ти. Вие двајцата немате речиси никаков страв од Господа. Денес сеете семе на неверие кое постепено ќе донесе горчлив род, и жетва во која нема да имате задоволство. Се продадовте себеси на непријателот и станавте негови помошници во наведувањето на душите на сомнеж и неверие. Целата ваша работа беше насочена на тоа да растурате од Христа. Се фалите со својата способност и тактичност во збунувањето на умовите. Мислите дека тоа е некој знак на интелигенција, но истата интелегенција ја има и кнезот на мракот и затоа за својата активност и лукавство ќе ја примите истата награда како и тој. Неверувањето, омаловажувањето на побожноста и на вистинската религија се стремежи на овој свет. Тоа е план на сатаната, и ако своите способности ги ставите во служба на неверувањето, тој ќе ве зароби со своето лукавство за да го вршите неговото дело. {5С 288.1}

Твојата сопруга мора да истрае голема борба за да им се спротивстави на стапиците на непријателот, да ги искорени маните на својот карактер и сите свои сили да ги потчини на Божјата волја, застанувајќи цврсто со своите нозе на тлото не вечната вистина. Таа по природа не е побожна, и ти ѝ ги покажуваше предметите во толку неодредена светлина што таа изгуби секаква потпора. Таа нема никаква утеха во верата и надежта, бидејќи нема вистинско познавање на вистината. На неа многу влијае неверството на нејзините браќа и ако пропадне, на нивните облеки ќе се најдат траги од нејзината крв. {5С 288.2}

Ти го вршиш делото на сатаната исто толку сигурно како и секој што отворено му помага. Сомневањата што си ги влеал во душите на мнозина ќе донесат род. Твојата сетва дозрева за конечна жетва. Дали ќе се гордееш со неа? Можеш да Му пријдеш на Господа, можеш во Него да најдеш мир. Но толку долго се оддаваше на критикување, прикажување на сѐ во лажна светлина, што ќе ти бидат потребни многу искрени молитви и постојана будност за да ги искорениш навиките што станале дел од твојата природа. Моето срце е полно со љубов кон тебе и кон твоето семејство. На Бога не му е угодно од твоите постапки; тој е ожалостен од тебе секој ден. Мораш потполно да се обратиш и да станеш друг човек, инаку никогаш нема да го примиш драгоцениот дар - вечниот живот. {5С 288.3}

30. ИЗМАМЛИВОСТА НА ГРЕВОТ

Ми беше покажан братот Д. како врши дело за кое на судот ќе жали што го извршувал. Тој нема правилни погледи во сите точки на учењето и упорно се држи за својот неисправен став. Тој е клеветник на нашите браќа. Не само што негуваше зли мисли за луѓето што Бог ги избра да работат за Неговото дело туку зборуваше и зло за другите. Не се советуваше со водечките браќа во согласност со библиското правило, а сепак на секого има нешто да му замери. {5C 289.1}

Него го оправдуваа со зборовите: „О, братот Д. е толку добар човек. Тој е пример за љубезност и добродушност и подготвен е да му помогне на секого". Братот Д. има многу изврсни карактерни црти. Тој нема големи способности како говорник, но може да стане сесрден и верен работник. Непријателот нашол пристап кон него преку неговото големо мислење за себе. Да не се ценеше себеси повеќе отколку што треба, не би се осмелил да постапува така со угледот на своите браќа. Примајќи и разнесувајќи клевети, тој се постави помеѓу народот и веста која Бог ја довери на своите проповедници да му ја пренесат на народот, за да го подготват да опстои во Божјиот ден. Неговите добри особини го направија само уште поопасен, бидејќи му обезбедија влијание. Народот мислеше дека она што тој го кажал мора да е навистина така. Да беше неморален или кавгахија не би можел да стекне доверба кај толку народ. {5C 289.2}

Начинот на работа на братот Д. прави неговиот живот да заслужува уште поголема осуда и претставува поголема навреда за Бога. Да не ги прикриваше своите чувства никој ниту за еден момент не би помислил да го прати да работи во полето на Областа. Неговите браќа имаат право да претпоставаат дека неговите сфаќања се исправни бидејќи тој работи под покровителство на црквата. И под тоа покровителство неговата работа стана една сила на зло. Да не беа неговите зборови, мнозина никогаш не би се посомневале во своите браќа, ниту лошо би мислеле за нив. Тој ги насочи мислите на мнозина во правец кој на крајот ќе доведе до побуна и до пропаст на души. Кога ќе се извади неговата маска, тоа е делото што го вршеше овој наш добар брат. {5C 290.1}

Бог ми го покажа овој предмет во вистинска светлина. Срцето на братот Д. не е исправно. Осквернето е со горчина, гнев, пакост, завист, сомнеж и мора да се очисти. Тој наскоро ќе пропадне, доколку потполно не се промени. Милосрдието или љубовта „е великодушна, полна со добрина, љубовта на завидува, љубовта не се превознесува, не е горделива, не е непристојна, не бара свое, не се срди, не памти зло, не се радува на неправда, туку се радува на вистина, сè покрива, во сè верува, на сè се надева" (1. Коринтјаните 13:4-7). {5C 290.2}

Да претпоставиме дека братот Д. го наведува народот да се посомнева и да ги отфрли сведоштвата што Бог му ги даваше на Својот народ во последните триесет и осум години; да претпоставиме дека ги убедил дека водачите на ова дело се неискрени, нечесни луѓе кои го измамуваат народот; какво добро и големо дело направил со тоа? Зар истото не го правеле и Корej, Датан и Авирон, и зар неговото дејствување нема да биде кобно за сите што успеал да ги поведе по себе? Тој мислеше дека не може да погреши, но дали тоа дело на себе носи небесен печат? Не. Братот Д. Негуваше самоправеден дух и тоа речиси го упропасти. Нека дојде на исто ниво со своите браќа; ако не го одобрува нивниот начин на работа, нека им каже во што згрешиле. {5C 290.3}

Кога сатаната станал незадоволен на небото, својата жалба не ја изнел пред Бог и Христос, туку отишол кај ангелите кои го сметале за совршен и зборувал дека Бог му нанел неправда и го запоставил со тоа што првенството го дал на Христа. Последица на оваа лага бил фактот што една третина од ангелите заради нивните симпатии кон него ја изгубиле својата невиност, својата висока положба и својот среќен дом. Сатаната ги поттикнува луѓето на земјата да го продолжат истото дело на завист и зли претпоставки кое тој го започнал на небото. {5C 291.1}

Кога Исус бил на земјата, Евреите постојано го следеле како шпиони. Го собирале секој лажен извештај за Него и непрестано го обвинувале за нови и нови злосторства. Постојано се труделе да го одвратат народот од Него. Дали постапувале добро? Ако постапувале добро тогаш ниту братот Д. не згрешил, бидејќи тој постапува слично како и тие. Тој може да се ослободи од стапицата на непријателот; тој може да ја победи својата наклонетост кон издигнување на себеси над своите браќа. Треба да копнее кон кротост и да научи да ги вреднува своите браќа повеќе од себе. Ако сака да работи верно и во хармонија со Божјиот план, од устата на својот Господар ќе ги слушне милните зборови: „Добро извршено". Но ако ја отфрли работата на Божјите слуги, ако го избере својот сопствен пат, потпирајќи се само на својот разум, сигурно ќе доживее бродолом на својата вера. Бог не го оставил Својот народ и не избрал еден човек тука, друг таму како единствено достојни да им ја довери својата вистина. Тој на еден човек не му дава нова светлина која би била во спротивност со утврдената вера на црквата. При секоја реформа се појавуваат луѓе со такви тврдења. Павле ја опоменувал црквата во свое време: „А и од вас самите ќе произлезат луѓе, што ќе зборуваат искривено, за да ги одвлечат учениците заедно со себе" (Дела 20:30). Божјиот народ најголема штета трпи од оние кои живеат во неговата средина, а зборуваат искривена наука. Заради нив лошо се зборува за патот на вистината. {5C 291.2}

Никој нека не биде самоуверен мислејќи дека Бог му подарил некоја посебна светлина заобиколувајќи ги неговите браќа. Христос се претставува како пребива меѓу Својот народ. Верниците се претставени дека се изградени „на темелите поставени од апостолите и пророците, имајќи го како камен темелник самиот Исус Христос, врз Кого целата зграда, стројно зглобена, прераснува во свет храм на Господ; врз Кого и вие ќе се сосидате во живеалиште Божјо преку Духот". „Браќа, јас, затвореник во Господ, ве молам да се однесувате достојно според звањето, за кое сте повикани, со сета понизност и кротост, со долготрпеливост, поднесувајќи се еден со друг со љубов, трудејќи се да го запазите единството на Духот преку врските на мирот. Едно тело сте и еден Дух, како што сте и повикани кон една надеж на вашето звање. Еден Господ, една вера и едно крштение, еден е Бог и Татко на сите, Кој е над сè, и преку сите, и во сите нас" (Ефесјаните 2:20- 22; 4:1-6). {5C 291.3}

Тоа што братот Д. го нарекува светлина навидум е безопасно; не изгледа како на никој да може да му наштети. Но. браќа, тоа е план на сатаната, клин за навлегување. Тоа многу пати се покажа. Некој прифати некоја нова и оригинална идеја, која не изгледа дека ѝ се спротивставува на вистината. Тој зборува за неа и размислува за неа сè додека не му се причини привлечна и значајна, бидејќи сатаната умее да ги прикаже нештата на тој начин. Таа најпосле станува негов единствен предмет на разговор, точка околу која сè се врти; И вистината е искоренета од срцето. {5C 292.1}

Братот Д. почна да се занимава со тие чудни идеи дури кога почна да ја губи верата и да го доведува во сомнеж делото на Духот кој низ многу години се откриваше меѓу нас. Тој не е човек кој она што верува дека е посебна светлина ќе го чува за себеси без

да го разгласува на другите, затоа е опасно да му се дозволи да врши влијание кое ќе му овозможи да ги забуни другите. Тоа значи да му се отвори врата на сатаната да уфрли многу заблуди во поглед на значењето и важноста на вистината за ова време. Браќа, како претставник на Христа, ве опоменувам да се чувате од тие споредни прашања кои се сведени на тоа да го одвојат умот од вистината за ова време. Заблудата никогаш не е безопасна. Таа никогаш не посветува, туку секогаш доведува до забуна и неслога. Таа секогаш е опасна. Непријателот има голема моќ над оние кои не се утврдени преку молитвата и кои не се затемелени во библиската вистина. {5C 292.2}

На оние,кои ја имаат светлината на вистината, им се закануваат Илјадници опасности, така што ќе бидеме безбедни единствено ако не прифаќаме никакви нови учења, никакви нови толкувања на Светото Писмо, пред да ги прашаме искусните браќа за мислење. Изложете го тоа пред нив во понизност, со сесрдна молитва и подготвени да примите поука и ако тие не согледуваат никакви нови учења во него, прилагодете се на нивното расудување бидејќи „во мноштво советници е сигурноста" (Изреки 24:6). {5C 293.1}

Сатаната во братот Д. видел одредени особини кои му овозможувале да стекне власт над него. „Зашто иде кнезот на овој свет и во Мене тој нема ништо" (Јован 14:30), рекол Христос. Братот Д. однадвор покажуваше многу голема скромност, но всушност имаше високо мислење за себе. Тој со години живееше со мислата дека неговите браќа не го ценат доволно и за тоа им зборуваше на другите. Сатаната видел дека тој живее во самоизмама и вешто го искористил тоа. {5C 293.2}

Ова време е полно со големи опасности и за братот Д. и за многу други. Божјите ангели будно бдеат над овие души, додека сатаната и неговите ангели со загриженост гледаат дали ќе успеат нивните планови. Ова е криза во животот на братот Д. Тој сега прави избор за вечноста. Бог го сака и ова искуство може да му биде од голема вредност. Ако целосно го предаде своето срце на Бога и ја прими целата вистина, ќе биде неуморен работник. Бог ќе работи преку него и тој ќе може да прави многу добра. Но тој мора да работи во слога со своите браќа. Мора да ја победи својата чувствителност и да се научи да поднесува неволи како добар војник на Христовиот крст. {5C 293.3}

Сатаната постојано е на дело, но мнозина слабо знаат за неговата работа и лукавост. Божјиот народ мора да се подготви за да му се спротивстави на лукавиот непријател. Сатаната најмногу се плаши од отпор. Тој подобро од нас ги познава границите на својата моќ како и фактот дека лесно можеме да го победиме ако му се спротивставиме и да се соочиме со него. Со Божја помош и најслабиот светец е посилен од него и од сите негови ангели и ќе биде во состојба да ја покаже својата надмоќност, ако дојде до одмерување на силите. Затоа сатанскиот од е тивок, неговите движења бесшумни, а нападите маскирани. Тој не се осмелува отворено да се покаже, за да не ја пробуди заспаната енергија на христијанинот и да не го натера да му се обрати на Бога во молитва. {5C 293.4}

Непријателот се подготвува за својата последна борба против црквата. Тој така се сокрил од погледот што мнозина одвај веруваат дека тој постои, а уште помалку веруваат во неговото чудесно дејствување и моќ. Тие главно ги заборавиле неговите дела во минатото и кога ќе преземе некој нов напад, во него нема да препознаат непријател, старата змија, туку ќе го сметаат за пријател кој прави добро. Полни со гордост заради независноста, тие под неговото лукаво и привлечно влијание ќе ги послушаат најлошите побуди на човечкото срце, притоа верувајќи дека Бог ги води. Кога би можеле да се отворат нивните очи за да го видат својот водач, би сфатиле дека не му

служат на Бога, туку на непријателот на секоја правда. Би сфатиле дека нивната независност со која толку се фалат всушност се најсилните окови со кои сатаната ги оковува неурамнотежените духови. {5C 294.1}

Човекот е пленик на сатаната и по природа е наклонет да се поведува по неговите сугестии и понуди. Тој самиот нема сила да му се спротивстави на злото. Човекот може да се осмели да му се спротивстави на овој страшен непријател единствено ако Христос пребива во него преку жива вера, ако Тој влијае на неговите желби и го крепи со сила одозгора. Секое друго средство за одбрана е целосно напразно. Единствено со Христова помош може да се ограничи моќта на сатаната. Ова е значајна вистина која сите би требало да ја разберат. Сатаната постојано делува, тој е секаде и на секое место, барајќи некого да проголта. Но со сесрдна молитва со вера ќе можеме да им се спротивставиме со најупорни напори. Затоа, браќа, „земете го штитот на верата, со кој ќе можете да ги изгаснете сите вжештени стрели на лукавиот" (Ефесјаните 6:16). {5C 294.2}

Наши најлоши непријатели се оние кои се трудат да го уништат угледот на стражарите на ѕидовите на Сион. Сатаната работи преку своите помошници. Тој тука вложува најголеми напори. Тој работи според утврдениот план и неговите помошници се сложни. Преку континентот се шири поход на неверство кој е во врска со Божјата црква. Целта на истиот е да ја уништи довербата во Божјото дело. Овој елемент постои и делува тајно. Бидете претпазливи за да не му помагате на непријателот на Бога и на луѓето ширејќи клевети, критикувајќи и повикувајќи на противење. {5C 294.3}

Со измами и по тајни патишта сатаната работи на тоа да ја засили својата власт и да постави препреки на патот на Божјиот народ, за душите да не можат да се ослободат од неговата власт и да бидат собрани под знамето на Христа. Тој има намера со своите лаги да ги одвои душите од Христа и сигурно ќе ги фати во своите стапици оние кои не се утврдени во верата. А тие што нема да може да ги наведе на грев ќе ги прогонува, како што Евреите го прогонувале Христа. {5C 295.1}

Целта на сатаната е да го обесчести Христа и тој се труди таа цел да ја оствари со помош на непосветените луѓе. Луѓето кои стануваат негово орудие, во напорите да ја постигнат својата цел, не гледаат што прават сè додека не западнат во грев толку длабоко што сметаат дека нема никаква смисла да се обидат да се спасат. Затоа тие сè ставаат на коцка и одат и понатаму во својот престап сè до горчливиот крај. {5C 295.2}

Сатаната се надева дека и остатокот на Божјиот народ ќе го вовлече во општата пропаст што наидува на земјата; и колку повеќе се приближува Христовото доаѓање, тој е сè поупорен и порешителен во своите напори да го уништи. Ќе се појават мажи и жени кои ќе тврдат дека имаат нова светлина и ново откровение, со намера да ја поколебаат верата на народот во старите меѓи. Нивното учење нема да носи печат на Божјата Реч, но сепак ќе успее да ги измами душите. Ќе се шират лажни извештаи и некои ќе бидат фатени во таа стапица. Тие ќе им поверуваат на овие гласови и ќе ги шират и понатаму и така ќе се создаде синџир кој ќе ги поврзе со најголемиот измамник. Овој дух нема секогаш да се покажува како отворено противење на вестите што Бог ги праќа. Меѓутоа, вкоренетото неверување може да се изрази на многу начини. Секое лажно излагање го брани и го поткрепува тоа неверување и наведува многу души да се свртат од вистинскиот пат. {5C 295.3}

Не можеме да бидеме премногу внимателни кон разновидните заблуди, бидејќи сатаната непрестано се бори да ги одвои луѓето од вистината. Тој ги поттикнува да имаат високо мислење за себе и ги убедува дека посебноста е дар за кој треба да копнеат, како што тоа беше случај со братот Д. Братот Д. треба подобро да ја запознае вистината.

Сатаната го искористи неговото незнаење во тој поглед и оттаму доаѓа опасноста. Тешко е да се убеди еден човек кога еднаш ќе тргне по погрешен пат, и мнозина кои мислеа дека го следат овој човек, како што тој го следи Христа, се измамија, бидејќи и понатаму одат по него, иако тој му сврти грб на Спасителот. {5C 296.1}

Срцето на братот Д. е преполно со гордост и нему ќе му биде мошне тешко да попушти. Но ако не се предаде целосно на Христа, непријателот ќе продолжи да делува преку него. Ако веднаш не заземе решителен став, се плашам дека никогаш нема да го заземе. {5C 296.2}

Црквите во _____ и _____ примија тешки одговорности. Последиците на нивната работа нема да се согледаат во сета величина сè до судниот ден. Браќа, вам ви е потребна небесна мудрост, бидејќи гревот се прикрива под многу облици. Вам ви недостасува духовен вид и затоа се сопнувате како слепи. Да имавте единствена цел, вашата Област би имала огромна сила. Но се случи токму она од што се плашев. Требаше да се изврши едно дело кое, меѓутоа, не е извршено. Ги видов групите кои можеа да бидат подигнати со добро насочени напори, како и зградите за молитва кои можеа да бидат изградени - а каде се? Вашето неверство го спречи тоа дело. Самите ништо не направивте, а кога некој сакаше да го прифати делото, му правевте пречки така што ништо не можеше да постигне. {5C 296.3}

Некои се спори, многу спори и дури се гордеат со тоа. Но оваа мрзеливост е карактерна мана со која никој не треба да се гордее. Решете цврсто да работите брзо и ќе имате успех со Божја помош. Вашето посветување нека биде целосно; поврзете ги пријателите и имотот за Божјиот олтар. И ако срцето е подготвено да го прими небесното влијание, вашите души ќе ги осветлат светли зраци од Божјиот престол и ќе ја пробудат вашата заспана и неискористена енергија. {5C 296.4}

Некои луѓе немаат цврст карактер. Тие како топка глина можат да се во секој облик што се посакува. Немаат одредена личност и јасни цели и не се од никаква корист во светот. Оваа слабост, неодлучност и неделотворност мораат да бидат победени. Несовладливоста на вистинскиот христијанин е токму во тоа што него не го обликуваат околностите. Луѓето мораат да имаат морален ‘рбет, интегритет кој не може да се свитка со ласкања, уцени, подмитувања и закани. {5C 297.1}

Јас многу стравувам за црквата. Како што рекол Павле: „Но се плашам, како што змијата со своето лукавство ја измами Ева, да не се одвратат вашите мисли поради вашата искреност кон Христос” (2. Коринтјаните 11:3). Павле потоа објаснува дека непријателот ќе ја напаѓа верата на црквата преку изопачените учители. „Зашто таквите луѓе се лажни апостоли, лукави работници, кои се преправаат во Христови апостоли. И не е за чудење! Па и самиот сатана се преправа во ангел на светлината; па затоа и не е големо нешто ако и служителите негови се преправаат како слуги на правдата” (Стихови 13-15). {5C 297.2}

Колку повеќе знаеме за првите денови на христијанската црква и гледаме со каква лукавост сатаната работел за да ослаби и уништи, толку подобро ќе се подготвиме да се спротивставиме на неговите измами и опасностите кои доаѓаат. Живееме во време кога ќе се појави неволја каква што светот никогаш досега не видел. „Тешко вам кои живеете на земјата и морето, зашто ѓаволот слегол кај вас со голем гнев, бидејќи знае дека му останува малку време (Откровение 12:12). Но Бог поставил граници преку кои сатаната не може да помине. Таа бариера е нашата најсвета вера, и ако се развиваме во таа вера, ќе бидеме безбедни под заштитата на Сèмоќниот. „Бидејќи ти го запази словото на

трпението Мое, и Јас ќе те запазам од часот на искушението кое ќе дојде над целиот свет, за да ги искуша оние што живеат на земјата" (Откровение 3:10). {5С 297.3}

---

31. КРИТИКУВАЊЕ НА ПРОПОВЕДНИЦИ

Една грешка води кон друга. Нашите браќа мораат да се научат да се управуваат со разумот, а не со чувствата. Чувството не смее да биде никакво мерило. Занемарувањето на должноста, угодувањето на сочувството кое не треба да се поседува, ќе биде следено со тоа што ќе бидеме во состојба да ја цениме работата на оние кои работат за Божјото дело. Исус рекол: „Јас дојдов во името на Мојот Татко и не Ме примате; а некој друг, ако дојде во свое име, него ќе го примите" (Јован 5:43). {5С 298.1}

Мнозина не согледуваат дека проповедта е средство за поучување на народот кое Христос го одредил и затоа тоа секогаш мора високо да се цени. Тие не сфаќаат дека проповедта е Господова Реч упатена ним, и тие треба да ја ценат според вистината што таа ја содржи, а не како говор на адвокат во суд, според способноста на аргументирање и убавината на изразот. Проповедникот не е непогрешлив, но Господ го почествувал со тоа што го направил свој гласник. Ако го слушате без да имате на ум дека е пратен одозгора, нема да ги уважувате неговите зборови, ниту ќе ги примите како вест од Бога. Вашите души нема да се нахранат со небесна мана; ќе се појават сомнежи заради некои нешта кои не му угодуваат на телесното срце и вие ќе почнете да ја критикувате проповедта, како што се критикува говорот на некој предавач или политички говорник. Штом ќе се заврши состанокот, вие сте подготвени да се пожалите или да дадете некој зајадлив коментар, покажувајќи со тоа дека веста не ви била вас на корист, колку и да била вистинска и потребна. Вие не ја цените, бидејќи сте се навикнале да критикувате и да пронаоѓате грешки; вие пронаоѓате дека ова или она не чини и го отфрлате она што можеби ви е најпотребно. {5С 298.2}

Во Горноколумбиската и Севернопацифичката Област мошне малку се почитува она што е свето. Орудијата назначени од Бога речиси целосно се изгубени од вид. Бог не одредил никакви нови патишта по кои ќе се дојде до срцата на човечките деца. Ако луѓето сами се одвојуваат од орудието кое небото ги избрало да ги укорува нивните гревови, да ги отстранува нивните заблуди и да им покажува на патеката на должноста, не постои никаков друг начин да им се донесе небесна вест. Тие ќе останат во мрак и сатаната ќе ги измами и ќе ги улови во својата стапица. {5С 298.3}

На Божјиот проповедник му е наредено: „Викај со сиот глас, не воздржувај се; крени го гласот како труба, укажи му на народот Мој на беззаконието негово, и на домот Јаковов - гревовите негови". За таквиот народ Господ кажува: „Тие секој ден Ме бараат и сакаат да ги знаат моите патишта, како народ, кој божем постапува праведно" (Исаија 58:1,2). Ова е народ кој живее во самоизмама, кој е самоправеден, задоволен со себе; и на проповедникот му е наредено да вика гласно и да му ги покаже неговите престапи. Ова дело за Божјиот народ се вршело во сите времиња, а сега тоа е потребно од било кога порано. {5С 299.1}

Господовиот збор дошол кај Илија. Тој не копнеел да стане гласник на Господа, но словото дошло кај него. Бог секогаш има луѓе на кои им ја доверува Својата вест.

Неговиот Дух доаѓа во нивните срца и ги принудува да зборуваат. Поттикнати со света ревност и под дејство на божествена сила, тие ја прифаќаат оваа должност, не размислувајќи ладнокрвно за последиците на нивното објавување на Господовото слово на народот. Но Господовиот слуга наскоро станува свесен дека тргнал по опасен пат. Тој гледа како луѓето го критикуваат него и неговата вест. Тие испитуваат и коментираат за неговото однесување, живот и имот. Неговата вест се растегнува на парчиња и се отфрла без никакво почитување, бидејќи така му одговара на ограниченото расудување на луѓето. Дали таа вест го извршила делото што Бог ѝ го наменил? Не. Тоа не е случај, затоа што срцата на слушателите биле непосветени. {5C 299.2}

Ако лицето на проповедникот не е како кремен, ако тој нема непоколеблива вера и храброст, ако неговото срце не е зајакнато со постојано општење со Бога, тој ќе почне да го прилагодува своето сведоштво за да му угоди на непосветениот дух и срце на оние на кои им зборува. Во копнежот да ја избегне критиката на која е изложен, тој се одвојува од Бога и го губи чувството за божествената благонаклоност и затоа неговото сведоштво станува млако и безживотно. Тој согледува дека ја загубил верата и храброста и дека неговата работа нема никакво дејство. Светот е преполн со ласкачи и лицемери кои копнеат да им угодат на луѓето, но навистина малку се верните луѓе кои не мислат на своите лични интереси, туку премногу ги сакаат своите браќа за да го трпат гревот меѓу нив. {5C 299.3}

Сатаната цврсто решил да ги пресече сите врски меѓу Бога и Неговиот народ, за да нема никаков глас на опомена кој ќе укажува на опасноста. Тој знае дека луѓето нема да чувствуваат никаква обврска да ја слушаат Божјата Реч упатено на нив, доколку ги наведе да бидат недоверливи кон гласниците и да даваат никакво свето значење на самата вест. Но кога светлината се отфрла како темнина, нему му е отворен патот. {5C 300.1}

Нашиот Бог е Бог ревнител; со него не може да има шега. Тој што прави сè според советот на Својата волја одлучил луѓето да ги спроведе преку различни прилики и да им даде должности и задачи кои одговараат на времето во кое живеат и околностите во кои се наоѓаат. Кога тие би ја ценеле дадената светлина, нивните способности многу би се зголемиле и облагородиле и пред нив би се отворале поширок видици на вистината. На нивните умови би им се откриле вечни тајни, а посебно Божјата чудесна благодат која се покажува во планот на откупувањето; затоа што духовните нешта духовно се сфаќаат. {5C 300.2}

Никогаш не треба да заборавиме дека Христос зборува преку Своите слуги. Можеби некој ќе се обрати и без посредство на проповедта. Лицата кои се наоѓаат во таква положба што немаат ниту едно орудие на благодатта, ќе примат дејство на Светиот Дух и ќе бидат уверени за вистината со читање на Божјата Реч. Но средството кое Бог го одредил за спасување е преку „безумието на проповедта" (1. Коринтјаните 1:21). Иако само луѓе, подложни на човечки недостатоци, тие сепак се Божји гласници, и нашиот драг Спасител е натажен што толку малку постигнуваат со својата работа. Секој проповедник кој заминува да работи на големото поле за жетва треба да ја воздигнува својата должност. Тој не треба само да копнее да ги доведе луѓето до познавање на вистината, туку треба да работи како Павле, „предупредувајќи ги сите луѓе, и учејќи ги со сета мудрост," за да може „да го претстави секој човек совршен во Христа Исуса" (Колосјаните 1:28). {5C 300.3}

Човекот треба да се цени само како Божји пратеник. Да се фали човек не е угодно за Бога. Неговата вест мора да се испита со Светото Писмо. „Допрашајте се до законот и откровението! Ако некои речат дека не е така, за нив нема светлина" (Исаија 8:20). Но за Господовата Реч не треба да се суди според човечки мерила. Ќе се покаже дека оние кои се поврзани со овој свет, кои имаат ограничено христијанско искуство и само малку знаат за Божјите нешта се на исто ниво со луѓето кои немаат никакво почитување кон Божјите слуги и веста што тие ја носат. Тие слушаат проповед која ги тера луѓето да ги испитуваат своите срца и заминуваат во своите домови подготвени да ја судат и од нивниот дух исчезнува впечатокот на истата како утринска роса пред сонцето. Ако проповедта е со возбудлив карактер таа ќе ги трогне нивните чувства, но не и срцето и совеста. Ваквите проповеди не донесуваат никакво трајно добро, но често го придобиваат срцето на народот и во него будат наклоност кон човекот кој им се обраќа на тој начин. Тие забораваат дека Бог рекол: „Престанете да се надевате на човек, чие дишење е во ноздрите негови" (Исаија 2:22). {5C 3001.1}

Исус со копнеж чека на Својот народ да му ја открие славата која ќе го прати Неговото второ доаѓање и да го однесе да ги набљудува сцените на блаженство. Таму има чуда кои треба да се откријат. Долгиот живот на молитва и истражување ќе остави многу нешта неоткриени и необјаснети. Но тоа што не можеме да го дознаеме сега, ќе го дознаеме во идниот живот. Делото на поучување што започнало овде ќе се продолжи преку целата вечност. Водејќи ја војската на откупените кон изворот на жива вода, Јагнето ќе ѝ ги отвори богатите ризници на знаење; Тој ќе ѝ открие тајни дела и Божји провиденија кои никогаш порано не биле сфатени. {5C 301.2}

Ние никогаш не можеме да го досегнеме Бога само со истражување. Тој не им ги открива Своите планови на љубопитните умови кои се желни за знаење. Ние не смееме да се обидуваме со дрска рака да ја подигнеме завесата позади која Тој го сокрива Своето величество. Апостолот извикнува: „Колку се несфатливи Неговите судови и неистражливи Неговите патишта" (Римјаните 11:33). Тоа што Тој ја сокрива Својата моќ е доказ за Неговата милост. Тој е обвиткан со страшен облак на таинственост и недостижност и да се подигне завесата која го прикрива божественото битие би значело смрт. Умот на ниеден смртник не може да ја проуре тајната во која Семожниот живее и работи. Од Неговите постапки кон нас и побудите со кое се раководи не можеме да сфатиме повеќе отколку што Тој смета дека е доволно да ни открие. Тој во сè се раководи со праведност и ние не смееме да бидеме незадоволни и без доверба, туку мораме да се поклониме и потчиниме со стравопочитување. Тој од своите намери ќе ни открие толку колку што ни е потребно да знаеме за наше добро и за она што е преку тоа, мораме да имаме доверба во семожната рака, во срцето кое е полно со љубов. {5C 301.3}

---

32. ПОТРЕБА ЗА ВЕРНОСТ И ИСТРАЈНОСТ

Состојбата на црквата во _____ е далеку од онаа каква што би требало да биде. Ако не се промени од темел, таа ќе овене и ќе умре. Мнозина во неа изнаоѓаат туѓи грешки, мнозина се оддаваат на сомнежи и неверување. Тие што зборуваат за верата и

што ја негуваат ќе ја имаат; меѓутоа, оние кои негуваат и покажуваат сомневање, ќе имаат сомневање. {5C 302.1}

Проповедниците ја занемарија својата должност. Тие на своите слушатели не им ја прикажале големата потреба за вера. Не ја поучуваа црквата за сите прашања на верата и должноста, не се трудеа да ја оспособат за делото и да ги заинтересираат луѓето за сите гранки на Божјото дело. Ми беше покажано дека таа црква многу подобро би напредувала доколку би била правилно воспитана. Проповедниците со својата немарност го направија народот безгрижен и неверен. Членовите не ја согледуваат својата лична одговорност, туку се оправдуваат себеси со неуспехот на проповедникот во вршењето на пастирската должност. Но Бог не ги оправдува. Да не ја имаа Библијата, опомените, укорите и молбите од небото, помалку би биле виновни. Но Господ даваше совети и опомени и секој поединец толку јасно ги имаше пред себе одредените должности што не смееше да погреши во тоа. {5C 302.2}

Бог даде светлина за да ги води оние кои вистински сакаат светлина и вистина, но Негова намера не е да го отстрани секој повод за недоверба и сомнеж. Тој дава доволно докази за на нив да се заснова верата, а потоа бара од човекот да ги прифати овие докази и да верува. {5C 303.1}

Тој што ја проучува Библијата во понизност и во желба да се поучи, во неа ќе најде сигурен водач кој непогрешно покажува на патот на животот. Но, браќа и сестри, што ви помага читањето на Библијата кога не ги спроведувате во живот вистините за кои таа ве учи? Оваа света книга не содржи ништо што не е важно. Во неа не е откриено ништо што не би имало значење за нашиот реален живот. Колку подлабока ќе биде нашата љубов кон Исуса, толку повеќе ќе го следиме тоа слово како Божји глас непосредно упатен на нас. {5C 303.2}

Црквата во _____ се наоѓа на маѓепсана сатанска почва и затоа мора потполно да се обрати. Богатите ветувања на Библијата важат за оние кои на себе го земале својот крст и кои секој ден се одрекуваат од себе. Секој што има искрена желба да биде ученик во Христовата школа во себе ќе негува духовност и ќе го користи секое средство на благодатта. Но оваа црква ги презре можностите и предностите што ги имаше. Можеби некој е во состојба да каже само неколку зборови во јавност и малку да работи во Господовото лозје, но со својата должност е принуден да каже нешто и да биде ревен работник. Секој член треба да помага во засилувањето и одржувањето на црквата. Но, во многу случаи, само еден или двајца го имаат духот на верноста со кој некогаш се одликувал Халев, и тие го носат целиот товар на одговорностите, додека останатите ги избегнуваат сите грижи. {5C 303.3}

Халев бил верен и постојан. Тој не се фалел, ниту пак се воздигнувал со своите заслуги и добри дела, но секогаш бил на страна на правдата. И која била неговата награда? Кога Господ ја објавил осудата на луѓето кои не сакале да го слушаат Неговиот глас, рекол: „Но Мојот слуга Халев, поради тоа што во него имаше друг дух, и затоа што Ми беше наполно верен, него ќе го воведам во земјата, во која тој отиде, и неговото потомство ќе ја наследи" (Броеви 4:24). Додека кукавиците и оние кои мрмореле изумреле во пустината, верниот Халев доживеал да има свој дом во ветената земја. „Јас ќе ги прославам оние, кои Мене Ме прославуваат" (1. Самуилова 2:30), кажува Господ. {5C 303.4}

Ана се молела и верувала; и со својот син Самоил на Израел го дала Божјото најдрагоцено богатство - еден корисен човек, со добро изграден карактер, кој бил цврст како карпа кога во прашање биле начелата. {5C 304.1}

Во Јопа живеела една жена по име Тавита, чиишто вешти прсти биле поактивни од нејзиниот јазик. Таа знаела на кого му е потребна удобна облека, а на кого му е потребно сочувство - и едното и другото ги давала во изобилие. И кога Тавита умрела, црквата во Јопа сфатила што изгубила. Затоа не е никакво чудо што плачеле и жалеле и што топли солзи паѓале на нејзиното безживотно тело. Таа била од толку голема вредност што со Божја сила била повратена од земјата на непријателот, за да со својата вештина и енергија и понатаму биде благослов за другите. {5C 304.2}

Ретки се таквата трпеливост, побожност и верност какви што ги имале овие Божји верници, но сепак црквата не може да напредува без нив. Тие се потребни во црквата, во саботната школа и во општеството. Мнозина стапуваат во црквата без воопшто да ги променат своите природни склоности. Кога ќе наиде некоја неволја, кога се потребни силни и смели луѓе, тие стануваат малодушни и претставуваат бреме за црквата, додека притоа не ја согледуваат својата состојба. На делото не му се потребни такви луѓе, бидејќи не се доверливи, туку се потребни постојани, богобојазни работници кои нема да паднат со духот пред неволите. {5C 304.3}

Во црквата во _____ има такви кои ќе предизвикаат неволја затоа што својата волја никогаш не ја донеле во потчинетост на волјата на Христа. Братот Е. ќе стане голема пречка за таа црква. Тој би бил задоволен да може да има превласт, но секогаш е на лошата страна, доколку не може да биде прв. Тој се раководи според своите чувства. Не сака сложно работење, туку се сомнева и се спротивставува, бидејќи тоа е во неговата природа - да пронаоѓа грешки кај своите браќа и да ги клевети. Тој за себе тврди дека многу ревнува за вистината, но се одвојува од телото. Му недостига морална сила бидејќи не фатил длабок корен во верата. Светите начела на вистината не станале составен дел на неговата природа. Не можеме да се потпреме на него; Бог не е задоволен со него. {5C 304.4}

Братот и сестрата Е. не се раководеа според Божјите заповеди при воспитувањето на своите деца. На овие деца им се дозволува да управуваат во куќата, да заминуваат и доаѓаат како што сакаат. Ако не бидат потчинети на сосема нов начин на воспитување, ќе заминат во редовите на непријателот, војувајќи против редот, дисциплината и потчинетоста. Децата на кои им се дозволува да прават што сакаат, не можат да бидат среќни; таму каде што се потценува родителскиот авторитет, нема да се почитува ниту Божјиот. {5C 305.1}

Задачата на родителите е света и возвишена, но мнозина тоа не го согледуваат затоа што непријателот на секоја правда им ги заслепил очите. На децата им се дозволува да станат недисциплинирани, неучтиви, дрски, самоуверени, неблагодарни и несвети, иако со решително и изедначено постапување, во кое правдата и милосрдието би се соединиле со трпение и воздржливост, би биле постигнати чудесни резултати. {5C 305.2}

На братот Е. му е неопходна благодатта која преобразува. Сè додека не ги победи вродените недостатоци на својот карактер, нема да биде безбеден. Затоа мора непрестано да се бори против нив. Доколку не живее живот полн со будност и молитва, нема да биде урамнотежен, така што постојано ќе постои опасност со својата работа да ја неутрализира и неправилно да ја претставува вистината. Добро нека внимава кај неверните да не пробуди предрасуди кои никогаш нема да може да се искоренат. {5C 305.3}

Во човечката природа постои наклонетост кон крајности, кон поминување од една крајност во друга. Мнозина се фанатици. Тие согоруваат од некоја огнена ревност што

ја сметаат за вера, но нивниот карактер јасно сведочи за нивната верност. Ја имаат ли тие Христовата кротост? Ја имаат ли Неговата понизност и добрина? Дали храмот на душата е очистен од гордоста, себичноста и осудувањето? Ако не е, тогаш тие не знаат со каков дух се. Тие не знаат дека вистинското христијанство се состои во раѓање на многу плодови за слава на Бога. {5C 305.4}

Други одат во крајноста на прилагодување кон светот. Меѓу нив и останатиот свет нема јасно повлечени граници. Ако во еден случај грубиот, строг и осудувачки дух ги одбива луѓето од вистината, во овој случај тие доаѓаат до заклучок дека на ваквиот христијанин му недостига начелото и не знае ништо за преобразувањето на срцето и карактерот. „Така треба да свети пред луѓето и вашата светлина, за да ги видат вашите добри дела и да го прослават вашиот Татко небесен" (Матеј 5:16). {5C 306.1}

Мнозина всушност и не знаат што сочинува еден христијански карактер и затоа ѝ нанесуваат срам на вистината со својот начин на живот. Кога би биле обратени целосно, не би раѓале трње и коров туку прекрасни гроздови - драгоцени плодови на Духот: „љубов радост, мир, долготрпеливост, благост, добрина, вера, кротост, умереност" (Галатјаните 5:22,23). Занемарувањето на преобразувањето на срцето е голема опасност. Мнозина се многу задоволни со себеси и мислат дека е доволно надворешно држење на божествениот закон, иако не се запознаени со Христовата благодат и Тој не пребива во нивното срце преку жива вера. {5C 306.2}

„Без Мене не можете да направите ништо", кажува Христос; но ние можеме да направиме сè преку Неговата божествена благодат која дејствува преку нашите човечки напори. Неговото трпение и кротост ќе го проникне целиот карактер, распрснувајќи драгоцени зраци кои јасно ќе го осветат патот кон небото. Гледајќи на Него и имитирајќи го Неговиот живот, ние ќе се преобразиме во Неговиот лик. Небесна слава ќе го осветлува нашиот живот и животот на другите. Крај престолот на милоста ќе најдеме помош која ни е потребна за да можеме така да живееме. Тоа е вистинско посветување. Зар смртниот човек може да има некоја поголема желба отколку да биде споен со Христа како лозата со гранките. {5C 306.3}

Ми беше покажана една слика која прикажува еден јунец како стои меѓу плугот и олтарот, со натписот: „Подготвен за двете" - подготвен да влече плуг или да ја пролие крвта на жртвениот олтар. Божјите деца секогаш би требале да бидат во таква положба, подготвени да го прифатат повикот на должноста, да се одречат од себе и да се жртвуваат за делото на вистината. Христијанската црква е заснована на принципот на жртвување. „Ако некој сака да врви по Мене, нека се одрече од себе, нека го земе својот крст и нека Ме следи", рекол Христос, (Матеј 16:24). Тој го бара цело срце, потполна љубов. Сесрдноста, ревноста и несебичната работа што ја покажале Неговите предани следбеници треба да ја поттикнат нашата ревност и нашата желба да го следиме нивниот пример. Вистинската вера на човекот му дава сесрдност и постојаност на целта кои го преобразуваат карактерот според божествениот пример и нè наведуваат совршенството на Христа да го цениме повеќе од сè друго. Ова единство на целта ќе се покаже како огромна сила. {5C 307.1}

Ние имаме поголема и посвета вистина отколку што било кога е доверена на смртните луѓе и одговорни сме за начинот на кој постапуваме со неа. Секој од нас треба да работи за спасување на души. Ние треба да ја покажеме моќта на вистината врз нашето срце и карактер, правејќи сè што е во наша моќ и други да придобиеме за неа. Да се доведе еден грешник кај Христа значи да се издигне и облагороди целиот негов

карактер и од него да се направи благослов за домот, општеството и црквата. Зар таа цел не е достојна за нашите најблагородни напори? {5C 307.2}

И личности со малку таленти можат многу души да придобијат за Христа, доколку верно ја чуваат Божјата љубов во своите срца. Харлан Пејх бил сиромашен механичар со средни способности и ограничено образование, но неговата главна животна цел била да го унапреди Божјото дело и неговите напори биле наградени со значаен успех. Тој се заложувал за спасение на своите ближни со лични разговори и сесрдни молитви. Тој организирал состаноци за молитва, неделни училишта и разнесувал брошури и други верски книги. На својата смртна постела, кога на неговото лице веќе лебдела сенката на вечноста, тој бил во состојба да каже: „Знам дека сè ова е од Божјата благодат и дека ништо не е моја заслуга. Но сметам дека можам да кажам дека со моите залагања повеќе од сто души се обратија кон Бога". {5C 307.3}

Секој член на црквата треба да се научи на организиран систем на работење. Од сите се бара да направат нешто за Господа. Тие можат да го поттикнуваат народот на читање, можат да разговараат и да се молат со нив. Проповедникот кој ќе успее да придвижи, организира и подготви една војска на делотворни работници со тоа ќе задобие славна победа и него ќе го очекува голема награда кога околу големиот бел престол ќе се сретне со тие што ги спасил со своето влијание. {5C 308.1}

„Направи нешто, направи веднаш, со сите свои сили,
И крилото на ангелот кога долго мирува слабее и малаксува
И самиот Бог би станал неактивен кога би престанал да благословува". {5C 308.2}

Доколку членовите на црквата во _____, дојдоа до познавање на вистината, ќе беа плодни во добри дела и ќе беа една сила на страна на правдата да покажеа сесрдност, ревност и љубов. Но тие беа рамнодушни и станаа ладни и мртви. Некои доаѓаа на состаноците за сведоштва и со себе донесуваа дух кој беше многу повеќе земен отколку небесен. Црквата не беше во состојба да се одолжи за напорите кои беа направени за неа. Во својата сегашна состојба, членовите не можат да сфатат дека е потребна нивната соработка и дека нивниот недостаток на сесрдност и посветеност ги обесхрабрува проповедниците. Меѓу нив не би требало да владее безгрижност, туку чувство на лична одговорност. Оваа црква никогаш нема да напредува, доколку нејзините членови во нивните срца не го започнат делото на обнова. Мнозина што ја исповедаат верата многу лесно се задоволуваат доколку постигнат нешто во поглед на самоодречувањето и реформата и не гледаат потреба да одат понатаму. Зошто постои лекоугодно одмарање? На патот кон небото за нас нема одмор. Никој не смее да биде задоволен со своите сегашни достигнувања. Никој не ги искористува своите животни прилики како што треба, доколку не покажува постојан напредок. Тој треба да се искачува, сè уште искачува. Секој христијанин има можност да се развива и да израсте до полна возраст во Исуса Христа. {5C 308.3}

Колку многу драгиот народ во _____ мора да се поучува за личната побожност. Ним многу им е потребно пастирско работење. Нивната работа не одговара на нивното знаење. Бог ќе ве испита браќа, и ќе се покаже дека некои се само плева, додека други се драгоцена пченица. Не попуштајте пред силата на искушувачот. Тој ќе дојде како силен војник, но не му попуштајте. Оспособете се за својата должност и борете се за секој палец земја. Не отстапувајте, туку напредувајте; наместо слабоста и млитавоста, засилете се за борба. Бог ве повикува со сите свои сили да се борите против гревот во

секој облик. Земете го сето Божјо оружје и пред очите имајте го само Водачот на своето спасение, бидејќи пред вас ви претстојат опасности. Не следете ги лажните знамиња, туку будно внимавајте на знамето на нашата света вера и собирајте се таму каде што тоа се вее, па и да се наоѓа во центарот на најжестоката борба. Наскоро борбата ќе биде завршена и победата ќе биде извојувана, и ако останете верни, ќе победите со помош на Оној што ве љуби. Тогаш ќе примите прекрасна награда, вечното изобилство на слава. {5C 309.1}

---

33. ГРЕШНОСТА НА НЕГОДУВАЊЕТО

Драги пријатели, ми беше покажано дека вашето семејство е несреќно, иако не мора да биде така. Бог не сака да бидете несреќни, но вие заборавивте на Исуса и почнавте премногу да мислите на себе. Големиот грев на вашето семејство се состои во непотребното негодување против Божјото провидение. Вашата непокорност во овој поглед е навистина загрижувачка. Премногу ги зголемувавте своите тешкотии и ја поттикнувавте малодушноста во себе. Вие се навикнавте сè околу вас да обвиткувате со најцрни бои и без причина се правевте несреќни себеси. Тоа ваше постојано негодување ве одвојува од Бога. {5C 309.2}

Треба да се чувате за да не стапите на маѓепсаната почва на сатаната и не смеете да дозволите вашите умови да бидат одвоени од верноста кон Бога. Преку Христа треба и можете да бидете среќни, а и да се научите да владеете со себеси. Вие морате дури и вашите мисли да ги потчините на Божјата волја, а своите чувства на контролата на разумот и верата. Вам не ви е дадена моќта за мечтаење за целосно да ѝ се предадете без да ја дисциплинирате и контролирате. Ако мислите се лоши и чувствата ќе бидат негативни, а чувствата и мислите го сочинуваат моралниот карактер. Ако мислите дека како христијани не сте обврзани да владеете со своите мисли и чувства и да ги контролирате, ќе потпаднете под влијание на злите ангели кои ќе дојдат и ќе завладеат со вас. Ако им дозволите на своите мисли и впечатоци да станат канали за сомнежи и огорчувања, ќе бидете најнесреќните смртници и вашите животи ќе бидат само една загуба. {5C 310.1}

Драга сестро Ф., твојата мечта е болна и ти го обесчестуваш Бога дозволувајќи твоите чувства целосно да завладеат со твоите мисли и расудување. Ти имаш решителна волја, заради што твојот дух влијае на телото, предизвикувајќи пореметена циркулација и натрупување на крв во некои органи. Ти го жртвуваш своето здравје на чувствата. {5C 310.2}

Ти правиш грешка, која, доколку не ја исправиш, нема да ја уништи само твојата среќа; бидејќи со тоа не наштетуваш само на себе туку и на другите членови на твоето семејство, а особено на твојата мајка. Таа е многу чувствителна и нервозна. Ако некое од децата западне во неволја, таа станува збркана и скоро поулавена. Честите напади на хистерија на кои е изложена ја пореметија нејзината духовна рамнотежа и донесуваат голема несреќа на сите што ја опкружуваат. А ти сепак си во состојба да владееш со својата мечта и да ги победиш тие напади на невроза. Ти имаш цврста волја и треба да ја искористиш. Ти не го направи тоа, туку дозволи мечтата да завладее со разумот. Со тоа го ожалости Светиот Дух. Тоа не би бил грев кога не би имала власт над своите чувства, но така не одговара да му се предадеш на непријателот. Твојата волја треба да се посвети и да се покори, а не да се издига во противење кон Бога. {5C 310.3}

Драги мои пријатели, наместо да се спротивставите на оваа болест, вие ја милувате и ѝ се потчинувате на нејзината сила. Треба да ја избегнувате употребата на медикаменти и да се покорувате на законите на здравјето. Ако сте заинтересирани за вашиот живот, треба да јадете добра храна, подготвена на наједноставен начин, и што повеќе да се движите. На секој член на семејството му се потребни благодетите на здравствената реформа. Но земањето на медикаменти треба засекогаш да се напушти, бидејќи тие не лекуваат ниедна болест, туку само го слабеат организмот и го прават уште понеотпорен кон болестите. {5C 311.1}

Човекот дошол на свет полн со грижи, тага и проблеми. Тој е доведен на тој свет за да се испита и испроба, како што тоа било со Адам и со Ева, за да го развие својот вистински карактер и од раздорот и збрката да создаде хармонија. Ние имаме уште многу да направиме за наше добро и за среќата на другите. А постојат и многу нешта од она во кое ние можеме да уживаме. Христос нè поврзал со Бога. Неговото милосрдие постојано нè обврзува. Чувствувајќи се недостојни за Неговата благонаклоност, ние мораме да Му бидеме благодарни дури и за најмалиот зрак на истата. {5C 311.2}

Вие, драги пријатели, сте должни на Бога за сè она што сте и што имате. Тој ви дал способности кои донекаде се слични на оние што Тој ги има, и вие морате сесрдно да се трудите да ги развиете тие способности, не за да си угодите себеси и да се воздигнете, туку за да го прославите Него. Вие не ги искористувавте своите предности на најдобар начин. Морате да се научите да носите одговорности. Морате да ги развивате своите умни сили, бидејќи ќе се изопачите доколку останете неактивни. {5C 311.3}

Земјата е Господова. На неа може да се види дека и живата и неживата природа се покорува на Неговата волја. Бог го создал човекот како високо интелегинтно суштество; само тој е создаден според Божјото обличје, способен да соучествува во божествената природа, да соработува во остварувањето на Неговите планови; меѓутоа, единствено тој војува против Божјите цели. {5C 311.4}

Колку чудесно, со каква необична убавина е создадено сè во природата. Насекаде гледаме совршени дела на големиот Уметник. Небото ја објавува Неговата слава, а земјата, која е создадена заради среќата на човекот, зборува за Неговата неспоредлива љубов. Нејзината површина не е еднолична рамнина, бидејќи големите стари планини придонесуваат за разновидност. Тука се бистрите реки и плодните рамнини, прекрасните езера, бескрајниот оќеан. Бог праќа роса и дожд за да ја освежат земјата. Тој ги управува ветровите со својата мудрост кои му користат на здравјето прочистувајќи го воздухот. Тој поставил сонце на небото, за да го одвои денот од ноќта и неговите зраци даваат светлина и топлина на земјата, предизвикувајќи бујна вегетација на растенија. {5C 312.1}

Ве повикувам да обратите внимание на сите тие благодети од Божјите дарежливи раце. Секое ново утро во вашето срце нека пробуди чувство на благодарност кон тие знаци на Неговата љубов и грижа. Меѓутоа, небесниот Татко не ни подарил само многу дарови заради нашата среќа, туку исто така ни дал и замаскирани благослови. Тој знае што му треба на паднатиот човек. Давајќи ни благодет од една страна, тој од друга страна ни праќа неволи преку кои има цел во нас да ги пробуди способностите што Тој ни ги подарил. Тие во нас развиваат вредност, трпеливост, истрајност и храброст. {5C 312.2}

Има зла кои човекот не може да ги искорени, но може да ги намали. Тој треба да ги победува препреките и да влијае на околината, а не да ѝ се прилагодува. Тој има можности да ги искористи своите способности и во збрката да внесе ред и хармонија.

Ако бара, Тој во своето дејствување ќе добие помош од Бога. Тој не е препуштен само со свои сили да се бори против искушенијата и неволите. Помош ќе дојде од Оној кој е моќен. Исус ги напуштил царските дворови на небото и дошол да претрпи страдања и смрт на овој свет потонат во грев, за да му даде пример на човекот како да помине низ животните искушенија и да им се спротивстави. Тој оставил пример. {5C 312.3}

Зар не се чувствувате укорени за вашата неблагодарност кога ќе помислите на сите благодети што нашиот небесен Татко ги подарил на Своите созданија. Тој за многу години ви подари ќерка и сестра, сè додека не почнавте да ја сметате за своја и да мислите дека имате право на тој добар дар. Бог го слушна вашето негодување. Кога ќе се појави некој облак, вие заборавате дека сонцето некогаш светело и сметате дека врз вас секогаш имало облаци. Бог дозволи да ве снајде неволја, го одзема вашето богатство за да ја видите разликата меѓу среќата и вистинската тага. Но вие не ги понизивте своите срца пред Него ниту се покајавте за големиот грев на неблагодарност со кој се одделивте од Неговата љубов. Слично на Јов, сметавте дека имате причина да се предадете на својата болка и не сакавте да се утешите. Дали тоа беше разумно? Вие знаете дека смртта е сила на која никој не може да ѝ се спротивстави, но дозволивте да станете речиси целосно некорисни во животот заради вашето жалење кое не помага. Вашите чувства речиси беа побуна против Бога. Ве видов како размислувате за вашата несреќа и како им се препуштате на вашите раздразливи чувства, сè додека вашето гласно изразување на болката не ги натера ангелите да ги сокријат своите лица и да се оддалечат од вас. {5C 312.4}

Додека така им се препуштавте на вашите чувства, дали помислувавте дека имате еден Татко на небото, кој го дал Својот единствен Син да умре за нас за смртта да не биде вечен сон? Дали помисливте дека Господарот на животот и смртта поминал преку гробот и го просветлил со Своето присуство? Саканиот ученик рекол: „Блажени се мртвите кои отсега умираат во Господ! Да - вели Духот - нека се одморат од трудот свој, зашто делата нивни ги следат" (Откровение 14:13). Апостолот многу добро знаел за што зборува кога ги пишувал овие зборови. Но дали вашето однесување се согласува со утехата која тој ја дава кога толку се оддавате на својата незапирлива болка? {5C 313.1}

Господ е милостив, полн со љубов и вистински. Тој дозволи еден од вашето семејство, кое беше најневино и најподготвено, да почива за време на опасностите во последните денови. О, не затворајте ги своите души за песна и радост, тагувајќи како никогаш да нема воскресение од мртвите, туку славете го Бога што за неа нема повеќе да има смрт, неволи и болка. Таа почива во Исуса, сè додека Дарителот на животот не ги повика Своите заспани светии во величеството на бесмртноста. {5C 313.2}

Ф. има работа за со Божја милост да стекне власт над своите чувства. Таа треба да знае дека не е на небото, туку на свет во кој владее смрт и во кој нашите сакани можат да ни бидат одземени секој момент. Таа мора да мисли на тоа дека нејзина најголема задача е да се подготви за еден подобар свет. Доколку има цврста врска со вечниот свет, тоа нема да ја онеспособи да живее во овој свет и благородно да го носи животното бреме, туку само ќе ѝ помогне во вршењето на нејзините должности полни со самоодрекување и пожртвување. {5C 314.1}

Вие во своето семејство толку зборувавте за мракот и неблагодарноста што и самите станавте такви. Вие влијаете еден на друг и го правите нервозен другиот, така што пред себе гледате само мрак и натаженост. Правевте помени, но со тоа не ги привлековте ангелите кон себе. Доколку не го промените својот живот, Бог наскоро ќе

ве посети со суд. Зар не е време да одржите служба на благодарност во својот дом и со радост да се заблагодарите за благословите кои ви се подарени? {5C 314.2}

Силата на вистината треба да биде доволна за да го утеши и поддржи човекот во секоја неволја. Христовата вера ја покажува својата вистинска вредност со тоа што оној што ја поседува го оспособува да ги победи сите неволи. Таа желбите, страстите и чувствата ги става под контрола на разумот и совеста и ги дисциплинира мислите за да тргнат по еден здрав пат. И тогаш јазикот нема да го навредува Бога со зборови на грешно незадоволство. {5C 314.3}

Нашиот Творец со право полага право да постапува според Својата волја со созданијата кои излегле од Неговите раце. Тој има право да владее според Својата волја, а не според барањата на човекот. Но Тој не е строг судија, ниту безобѕирен заемодавач кој многу бара. Тој е вистински извор на љубов, дарител на неброени благослови. Би требало да почувствувате најдлабоко жалење што ја презревте таа љубов, што не дозволивте во вашето срце да се развие благодарност кон Бога за Неговата чудесна добрина. Ние не ги заслужуваме сите Негови дарови, но Тој ни ги дава и покрај нашата недостојност и сурова неблагодарност. Затоа престанете да се жалите како да сте робови на свиреп господар. Исус е добар. Славете го. Славете го Оној кој е здравје на вашето лице и е ваш Бог. {5C 314.4}

---

34. „ФАЛЕТЕ ГО ГОСПОДА”

„Сè што дише - нека го фали Господа” (Псалм 150:6). Дали некој од нас размислувал колку треба да бидеме благодарни? Мислиме ли дека Господовата милост е нова секое утро и дека Неговата добрина никогаш не слабее? Дали признаваме колку зависиме од Него, дали сме Му благодарни за сета Негова благонаклоност? Напротив, ние премногу често забораваме дека „секој добар дар и секој совршен подарок иде одозгора, симнувајќи се од Таткото на светлината” (Јаков 1:17). {5C 315.1}

Колку често тие што се здрави ја забораваат таа чудесна милост која за нив трае од ден во ден, од година во година? Тие на Бога не му упатуваат никаков знак на благодарност за сите Негови благослови. Дури тогаш кога ќе ги снајде болест, се сеќаваат на Бога. Длабоката желба за здравје ги принудува на сесрдна молитва, а така и треба. Бог е наше засолниште како во болест така и во здравје. Но мнозина не се надеваат на Него, туку толку се грижат за себе што со тоа навлекуваат неволја и болест. Кога би престанале да се растажуваат, кога би се ослободиле од потиштеноста и загриженоста, нивното оздравување би настапило многу побргу. Тие со благодарност треба да се сетат колку долго ги уживале благословите на здравјето, и ако повторно се здобијат со овој драгоцен дар, не смеат да забораваат дека повторно станале должници на својот Создател. Кога биле излечени десетте лепрозни, само еден се вратил да го побара Христа и да Му се заблагодари. Да не бидеме како деветте неблагодарници, чиишто срца не биле трогнати од Божјата милост. {5C 315.2}

Бог е љубов. Тој се грижи за созданијата што ги создал. „Како што таткото ги милува синовите, така и Господ ги милува оние кои се бојат од Него” (Псалм 103:13). „Гледајте колку голема љубов ни дал Таткото - да бидеме наречени чеда Божји” (1. Јованово 3:1). Колку е драгоцена предноста што можеме да бидеме синови и ќерки на

Највозвишениот, наследници на Бога заедно со Исуса. Затоа да не негодуваме и да не се жалиме што во овој живот не сме ослободени од разочарувања и неволи. Ако во Божјото провидение сме повикани да поднесеме искушенија, треба да го примиме крстот и да ја испиеме горчливата чаша, знаејќи дека Татковата рака ја става на нашите усни. Треба да се надеваме на Него во ноќно време и во ден. Зар не можеме да веруваме дека Тој ќе ни даде сè што ни е потребно за наше добро? „Оној Кој не го поштеди ни Својот сопствен Син, туку го предаде за нас сите, зар нема да ни подари со Него сè?" (Римјаните 8:32). Дури и во ноќ на страдања, кога ќе се сетиме за љубовта која е покажана кон нас на крстот на Голгота, како можеме да одбиеме да го подигнеме своето срце и својот глас во благодарност и величење на Господа? {5C 315.3}

Жртвата што Исус ја поднел за паднатите грешници е предмет за кој треба длабоко да размислуваме. „А Тој беше изнаранет за нашите гревови и мачен заради нашите беззаконија; казната за нашиот мир падна врз Него, а преку Неговите рани ние се излекувавме" (Исаија 53:5). Како да го цениме тој благослов што ни станал достапен? Зар Исус можел да страда повеќе? Дали можел да откупи поголем благослов за нас? Зар не би требало најтврдокорното срце да се разнежни при помислата дека Тој заради нас ја напуштил среќата и небесната слава, поднел срамота и беда, свирепо малтретирање и страшна смрт? Доколку Тој со својата смрт и воскресение не ја отвореше вратата на надежта, не би знаеле за ништо друго освен за ужасот на темнината и бедата на очајувањето. Во нашата сегашна состојба, со предностите и благословите што ги имаме, ние не можеме ниту да сфатиме од каква длабочина сме спасени. Ние не можеме ниту да замислиме какви би биле нашите неволи и нашиот јад, ако Исус не нè привлечеше кон себе со Својата човечка рака на сочувство и љубов и не нè подигнеше. {5C 316.1}

Ние можеме да се радуваме во надежта. Нашиот Застапник е во небесното светилиште каде што се застапува за нас. Со Неговата заслуга имаме проштевање и мир. Тој умрел за да нè испере од гревовите, нè облече во праведност и да нè подготви за небото, каде што засекогаш ќе престојуваме во светлина. Драги брате и драга сестро, спротивставете им се на настојувањата на сатаната да ги опсипе вашите мисли со потиштеност, темнина и сомнеж. Кажете му дека Христовата крв ве чисти од секој грев. Вие не можете сами да се спасите од силата на искушувачот, но тој ќе затрепери и ќе побегне доколку се потпрете на заслугите на оваа драгоцена крв. Зар нема со благодарност да ја прифатите чашата на спасението што Тој ви ја нуди и да го повикате Господовото име? Не бидете недоверливи кон Оној кој ве повикал од мракот во својата чудесна светлина. Немојте ниту за еден момент да го жалостите срцето на својот милостив Спасител со својата недоверба. Тој со најголемо внимание набљудува како напредувате на небесната патека, ги гледа вашите сериозни напори, го забележува вашиот пад и повторното подигање, вашите надежи и стравувања, вашите борби и вашите победи. {5C 316.2}

Зар сето ваше верско искуство треба да се состои во барање и примање? Зар секогаш треба да мислиме на нашите потреби, а никогаш на благодетите што ги примаме? Треба ли да бидеме примателиа на Неговата милост, а притоа никогаш да не покажуваме благодарност кон Бога, и никогаш да не го славиме за тоа што го направил за нас? Ние премалку се молиме, но сме премногу штедливи кога треба да се заблагодариме. Кога повеќе би го славеле и фалеле Бога за Неговата љубов, нашите молитви би биле многу поделотворни. Во нас би имало повеќе Божја љубов и ние сè повеќе би го славеле. Вие што се жалите дека Бог не ги слуша вашите молитви, треба да ги промените истите и во нив да внесете и благодарност. Кога ја имате во предвид

Неговата добрина и милост, ќе согледате дека и Тој ќе има предвид кон вашите желби. {5C 317.1}

Молете се, молете се сесрдно и без престанување, но не заборавајте ја благодарноста. Секое Божјо дете е должно да го велича. Вие можете да го славите Господа, можете да ја покажете силата на Неговата поддржувачка благодат. Има многу луѓе кои не ја ценат големата Божја љубов, ниту божественото сочувствување на Исуса. Иладници луѓе дури покажуваат презир кон неспоредливата благодат која е откриена во планот на откупувањето. Овој предмет не им е целосно јасен ниту на оние кои се учесници во големото спасение. Тие не негуваат благодарни срца. Меѓутоа, планот на откупување е она во кое сакаат и ангелите да продрат, бидејќи тоа ќе биде песна и наука на искупените низ бескрајните времиња на вечноста. Зар тоа не е вредно за грижливо размислување и проучување? Зар не треба да го фалиме Бога со срцето, телото и душата „за чудесата Негови што им ги направи на синовите човечки" (Псалм 107:8). {5C 317.2}

Фалете го Господа на соборите на Неговиот народ. Кога Господовото слово им било изговорено на Евреите во старо време заповедта гласела: „Целиот народ да извика и да рече: амин" (Второзаконие 27:15). Кога ковчегот на заветот бил донесен во давидовиот град и била пеена песна на радост и триумф, „сите луѓе рекоа амин и го фалеа Господа. Овој сесрден одговор бил доказ дека го сфатиле изговореното слово и дека се соединиле во оддавање чест на Бога. {5C 318.1}

Во нашите верски служби има премногу формалност. Господ сака Светиот Дух да ги поттикнува проповедниците кои го проповедаат Неговото слово. И народот што слуша не треба да седи во дремлива рамнодушност или напразно да гледа наоколу, не одговарајќи на она што е кажано. Впечатокот што на тој начин го стекнува неверникот ниту најмалку не е поволен за Христовата вера. Тие рамнодушни, безгрижни луѓе, кои тврдат дека се христијани, не се лишени од ревноста и трудољубивоста кога работат земни работи, но поимите со вечно значење не ги возбудуваат длабоко. Божјиот глас што се слуша преку Неговите гласници може да биде како пријатна песна; но неговите свети опомени, укори и охрабрувања не се прифаќаат. Нив ги парализирал духот на овој свет. Вистините содржани во Божјата реч наидуваат на глуви уши, закоравени и неприемливи срца. Црквите треба да бидат будни и активни, да ги храбрат и поттикнуваат Христовите проповедници и да им помагаат во спасувањето на душите. Кога црквата оди во светлина, во неа секогаш ќе има срдечен, бодар одуив и зборови на радосно славење. {5C 318.2}

Нашиот Бог, Создателот на небото и земјата, кажува: „Кој принесува жртва благодарствена, тој Ме прославува" (Псалм 50:3). Целото небо се соединува во славење на Бога. Сега треба да ја научиме песната на ангелите за да можеме да ја пееме кога ќе се придружиме на нивните светли редови. Да воскликнеме со псалмистот: „Ќе го фалам Господа додека сум жив; ќе Му пеам на мојот Бог додека постојам". „Да Те прославуваат народите, Боже, сите народи да Те прославуваат" (Псалм 146:2; 67:3). {5C 318.3}

---

35. ОДГОВОРНОСТА НА РОДИТЕЛИТЕ

Родителите во голема мерка се одговорни за карактерот кој го разививаат во своите деца. Тие треба да настојуваат да изградат правилен и рамномерен карактер.

Малкумина луѓе имаат урамнотежен дух, бидејќи родителите неодговорно ја занемаруваат својата должност да ги развиваат добрите и да ги искоренат лошите особини. Тие не согледуваат дека нивна најсвета обврска е будно да бдеат над развојот на секое свое дете, дека исто така имаат должност да ги научат своите деца на добри обичаи и правилен начин на мислење. {5C 319.1}

Родителите понекогаш чекаат Господ да го направи тоа што тие треба да го направат. Наместо да ги контролираат и дисциплинираат своите деца, тие ги разгалуваат и им попуштаат, раководејќи се според нивните желби и табиети. Заминувајќи од својот дом, овие деца со себе носат карактер на изопачена себичност, неконтролирани барања и самоволие. Тие немаат признание и почит кон своите родители, не ја сакаат вистината ниту го почитуваат Бога. Тие израснале со особини кои цел живот ќе бидат проклетство за нив самите и за другите. Ако дозволиме троскотот на неслога, себичност, завист, страст и тврдоглавост да завладее во градината на душата, домот ќе биде сè друго, само не среќен. {5C 319.2}

Родителите не смеат да бидат пристрасни, туку кон своите деца мораат да бидат еднакво нежни, имајќи на ум дека тие се откупени со Христовата крв. Децата се угледуваат на своите родители, затоа мораме да внимаваме да им дадеме добар пример. Ако родителите бидат нежни и љубезни, а во исто време и цврсти и одлучни, ќе видат дека нивните деца ги имаат истите особини. Ако се искрени и чесни, многу е веројатно дека и децата ќе бидат слични на нив во тој поглед. Ако родителите го почитуваат и слават Бога, и нивните деца воспитани во истиот дух, нема да пропуштат да Му служат Нему исто така. {5C 319.3}

Родителите често не се внимателни да ги опкружат своите деца со правилни влијанија. При изборот на дом, тие повеќе мислат на своите земни интереси отколку на моралната и друштвената атмосфера, и тие деца доаѓаат во друштво кое е неповолно за развој на побожноста и образување на вистински карактер. Потоа, родителите дозволуваат светот да ги окупира нивното време, сила и мисли; и кога ќе дојде сабота тие се целосно исцрпени така што не можат да направат ништо за Бога во Неговиот свет ден, да го осветлат својот дом со побожност и од саботата да направат ден на радост за своите деца. Нив ретко ги посетува проповедникот, бидејќи и самите се лишиле од предноста што можеле да ја имаат. Душата станува рамнодушна. Децата запаѓаат во лошо друштво и нежноста на душата што ја имале некогаш исчезнува и се заборава. {5C 320.1}

Родители, вие што ги осудувате Хананејците затоа што своите деца ги принесувале како жртва на Молох, што правите вие? Вие на својот бог мамон му приложувате најскапоцени дарови. А кога вашите деца ќе пораснат да бидат несакани и без убави карактерни особини, покажувајќи силна наклонетост кон непобожност и неверство, вие заради тоа обвинувате дека верата што ја исповедате е немоќна да ги спаси. Вие го жнеете тоа што сте го посеале - последиците на вашата љубов кон светот и занемарувањето на средствата на благодатта. Вие со своите деца заминавте во места полни со искушенија и сметавте дека Божјиот ковчег, вашата слава и одбрана, нема никакво значење. Господ не направи никакво чудо за да ги спаси вашите деца од искушенијата. {5C 320.2}

Вие што тврдите дека го љубите Бога, земете го со себе Исус каде и да одите, и како патријарсите во старо време, направете олтар каде и да го спростете својот шатор. Потребна е реформа во овој поглед - длабока и целосна реформа. Родителите треба да се реформираат, а исто така и проповедниците. Бог е потребен во нивниот дом. Тие

мораат да ги sидаат разурнатините на Сион, да постават врата, да ги зацврстат неговите sидови за да се одбранат од непријателите. {5C 320.3}

Во денешно време мора да се изврши едно значајно дело и родителите треба да ги воспитуваат своите деца да соработуваат во тоа. На денешните луѓе и млади можат да се применат зборовите со кои Мардохеј ја предупредил Естира: „И кој знае, дали токму за вакво време не си достигнала царско достоинство" (Естира 4:14). Младите луѓе треба да стекнат цврст карактер за да можат да бидат корисни во животот. Даниел и Јосиф биле момчиња со цврсти начела со кои Бог можел да се послужи во остварувањето на своите планови. Обратете внимание на нивната историја и ќе видите што направил Бог за нив. Јосиф имал поинакво искуство - искуство кое до крајна мера ја искушало неговата храброст и исправност. По продавањето во Египет, на почетокот бил омилен и му била доверена висока положба. Потоа одненадеж, без негова вина, бил обвинет и фрлен во темнина. Но тој не ја загубил храброста. Имал доверба во Бога. Тука се открила намерата на неговото срце и чистотата на неговите побуди. Го следело Божјото око и божествената рака го водела, така што го гледаме како наскоро од темнината се издигнува до првиот фараонов дворјанин. {5C 321.1}

Јосифовиот мачен живот не бил случајност, туку воден според провидението. Но како тој бил во состојба да даде таков пример на карактерна цврстина, исправност и мудрост? Тоа било последица на грижливото воспитување во неговата рана младост. Тој не се раководел според своите чувства, туку должноста, чистотата и искрената доверба на момчето донела плодови во делата на зрелиот човек. Најсјајните дарови немаат никаква корист доколку не се искористуваат; навиките на трудољубивост и цврстина на карактерот можат да се стекнат само со воспитување. Високиот морален карактер и префинетите морални способности не се резултат на случајност. Бог дава можности, додека успехот зависи од тоа како ќе ги користиме. Треба брзо да ги забележуваме можностите што ни ги дава Провидението и ревно да ги искористуваме. {5C 321.2}

Млади луѓе, ако сакате да бидете силни, ако сакате да ја имате цврстината на карактерот и мудроста што ја имале Јосиф и Даниел, проучувајте го Светото Писмо. Родители, доколку сакате да ги воспитате своите деца така што ќе му служат на Бога и да прават добро во овој свет, направете ја Библијата свој учебник. Таа ги открива лукавствата на сатаната. Таа е голем воспитувач на човечкиот род, поправувач на карактерот и укорувач на моралните зла - мерило кое ни овозможува да направиме разлика меѓу вистината и лагата. Што и да се учи во домот и во училиште, Библијата, како голем воспитувач, треба да биде на прво место. Ако се постави на тоа место, Бог ќе биде прославен, и Тој ќе ви помогне во обратувањето на вашите деца. Во таа света книга се наоѓа богат рудник на вистина и убавина и родителите сами себе треба да се обвинуваат доколку не ја направат многу интересна за своите деца. {5C 321.3}

За мнозина воспитувањето значи знаење стекнато од книги, но „почеток на мудроста е стравот Господов" (Изреки1:7). Вистинската цел на воспитувањето е да го обнови Божјиот лик во душата. Прво и најдрагоцено знаење е знаењето за Христа и мудрите родители тоа секогаш ќе го предочуваат на своите деца. Ако детето скрши нога или рака, родителите ќе го испробаат секое средство што им го препорачуваат љубовта и мудроста за повредената рака или нога повторно да стане здрава и да има правилен облик. Тоа е исправно и тоа е нивна должност. Но Господ бара родителите да посветуваат уште поголемо внимание и трпение, да вложуваат уште поупорни напори за да се отстранат дефектите на душата. Таткото не е достоен за тоа име доколку на

своите деца не им е христијански учител, управувач и пријател, кој ги врзува за своето срце со цврсти врски на посветена љубов - љубов која се засновува на верно исполнетата должност. {5C 322.1}

Врз родителите почива голема и одговорна задача, и тие со право можат да се запрашаат: „Кој е способен за тие нешта?" Но Бог ветил дека ќе им даде мудрост на оние што ја бараат со вера и Тој ќе направи така како што рекол. Нему му е мило кога верата го зема Него за Неговиот збор. Мајката на Августин се молела за обратувањето на својот син. Таа не забележувала дека Светиот Дух влијае на неговото срце, но не ја губела храброста. Таа со прстот покажала на местото во Библијата, изнесувајќи ги пред Бога Неговите сопствени зборови, и преколнувајќи како што може само една мајка. Нејзината длабока понизност, сесрдна истрајност, и непоколеблива вера преовладувале, и Господ ја исполнил желбата на нејзиното срце. Тој и денес, исто така, е подготвен да ја сослуша молбата на Својот народ. „Ете, раката на Господ не се скусила, та да не може да спасува, и увото Негово не отврднало за да не може да слуша" (Исаија 59:1). Ако христијанските родители сесрдно го бараат, Тој ќе ги исполни нивните усти со убедливи докази и заради Своето име силно ќе се залага за преобразување на нивните деца. {5C 322.2}

---

36. ВОСПИТУВАЊЕ НА ДЕЦАТА

Драги брате и сестро Г. загрижена сум заради вашиот случај. Гледам опасност која вие воопшто не ја согледувате. Дали промислено и во молитва размислувавте за вашата должност кон децата за кои преземавте врз себе одговорност донесувајќи ги на свет? Размисливте ли дали на вашите деца ќе им овозможите воспитување и дисциплина која ќе ги наведе да го слават Создателот во деновите на нивната младост? Дали согледувате дека вашите деца, доколку не ги научите да ве почитуваат вас - нивниот татко и мајка - и да се покоруваат на вашата власт, исто така нема да го почитуваат ниту Бога? Секогаш кога им дозволувате вашиот авторитет да го газат под нозете и да ви ја наметнуваат нивната волја, вие во нив поттикнувате недостаток кој ќе го носат во себе цел живот и кој ќе ги наведе да не го почитуваат и да го стават под нозе божествениот авторитет. {5C 323.1}

Морате да се запрашате: „Дали изградувам семејство и воспитувам деца кои ќе го засилуваат влијанието и ќе ги зголемуваат редовите на силата на темнината, или одгледувам деца за Христа?" Ако со своите деца не управувате и не ги обликувате нивните карактери според Божјите барања, тогаш е подобро што помалку деца да трпат заради вашето дефективно воспитување, а ќе биде подобро и за вас - нивните родители и за општеството. Грев е да се зголемува семејството, ако од најрано детство децата не ги воспитува и дисциплинира мудра и разумна мајка, која е совесна и разумна и која со своето домаќинство управува со страв Господен, обликувајќи го и изградувајќи го карактерот на своите деца која ќе одговара на мерилата на правдата. Бог ви дал разум и бара да го користите истиот. {5C 323.2}

Морате да сметате дека сте обврзани со трпеливи и мачни напори и сесрдна и искрена молитва да го формирате карактерот на вашите деца на тој начин што тие ќе бидат благослов во домот, во црквата и во општеството. Вашето дело нема да биде пофалено доколку дозволите со вашите деца да владее непријателот на секоја правда.

Наградата е ветена за оние кои совесно го обликуваат детскиот карактер според божествениот Пример. Ако го запоставите тоа дело, кое има големи и далекусежни последици, затоа што вам така ви е попријатно, ако вашите деца растат морално изопачени, ако се упатат на патот кој води во смрт, може ли Бог да смета дека добро сте ја извршиле вашата задача? Оние кои не можат да се информираат себеси и да работат разумно со сите свои сили за своите деца да ги доведат кај Исуса, не треба врз себе да преземат одговорност и да станат родители. {5C 324.1}

Мајките мора да имаат желба и да бидат дури и загрижени за да се оспособат себеси за значајната должност на развивање на карактерот на нивните деца, мораат да ги водат, да ги поучуваат и да го ограничуваат нивниот лесен товар. Таткото и мајката мораат да бидат сложни во тој поглед. Попуштањето во барањето послушност и лажната љубов и наклонетост - погрешното сфаќање дека попуштањето, а не ограничувањето е мудрост - претставува систем на воспитување кој ги растажува ангелите. Меѓутоа сатаната ужива заради тоа, бидејќи на тој начин стотици и Илјадници деца стапуваат во неговите редови. На тој начин тој ги заслепува очите на родителите, ја отапува нивната чувствителност и го збунува нивниот ум. Тие согледуваат дека нивните синови и ќерки не се пријатни, љубезни, послушни и грижливи; сепак во нивните домови децата се множат, за да го загорчат нивниот живот, нивните срца да ги исполнат со болка и да го зголемат бројот на оние кои сатаната ги употребува за да ги навлече душите во пропаст. {5C 324.2}

О, кога родителите ќе бидат мудри? Кога ќе ја согледаат и сфатат природата на нивната работа во занемарувањето да бараат послушност и почит во согласност со поуките на Божјата реч? Последиците на таквото попустливо воспитување се согледуваат кога децата ќе се осамостојат и ќе го заземат челното место на нивните семејства. Таквите деца ги овековекуваат грешките на нивните родители. Нивните недостатоци се изразени во полна мерка; тие на другите ги пренесуваат лошиот вкус, навики и темперамент кои биле дозволени да се развијат во нивниот карактер. На тој начин стануваат проклетство, а не благослов за општеството. {5C 324.3}

Заради тоа што мажите и жените не го слушаат Бога, туку одат по сопствените патишта и ја следат нивната изопачена мечта, на сатаната му е дозволено да го издигне неговото пеколно знаме во нивните семејства и да ја спроведува својата власт преку децата и младите. Неговиот глас и волја се покажуваат преку непокорната волја и изопачениот карактер на децата и преку нив тој ја покажува неговата сила и ги спроведува неговите планови. На Бога му се нанесува срам со постапките на изопачениот темперамент, кои исклучуваат стравопочитување кон Бога и наведуваат на послушност на советите на сатаната. Не може ниту да се замисли колкав е гревот што го прават родителите со тоа што дозволуваат сатаната да ја спроведува својата волја. Тие сеат семе кое ќе роди трње и коров и ќе ја задуши секоја билка со небесно потекло и само судниот ден ќе покаже каква ќе биде жетвата. Но колку е тажна помислата дека кога животот и неговите грешки ќе се согледаат во светлината на вечноста ќе биде премногу доцна тоа сознание да донесе некаква корист. {5C 325.1}

Целосното занемарување на должноста децата да се воспитуваат за Бога го овековечи злото и мнозина турна во редовите на непријателот кои, со грижливо воспитување, би можеле да станат Христови соработници. Погрешните идеи и неразумните, неправилни склоности развиле црти заради кои децата станале несимпатични и несреќни заради кои е загорчен животот на родителите и заради кои нивното опустошувачко влијание продолжува од поколение на поколение. Секое дете

на кое ќе му се дозволи да ја спроведува својата волја ќе го обесчести Бога и ќе нанесе срам на својот татко и својата мајка. Од Библијата и од сведоштвата на Неговиот Дух свети толкава светлина што никој не мора да греши заради непознавање на своите должности. Бог бара родителите да ги воспитуваат своите деца да го познаваат Него и да ги почитуваат Неговите барања. Тие треба да ги воспитуваат своите деца, како млади членови на Господовото семејство, да изградат пријатни карактери и благи темпераменти, за да се подготват да светлат во небесните дворови. Запоставувајќи ги нивните должности и попуштајќи им на своите деца, родителите пред нив ги затвораат портите на Божјиот град. {5C 325.2}

Овие факти мораат да бидат втиснати врз родителите. Тие мораат да се пробудат и да ја прифатат работата што толку долго ја запоставувале. Родителите што тврдат дека го љубат Бога не ја извршуваат Неговата волја. Затоа што родителите не управуваат како што треба и не ги ограничуваат своите деца, Илјадници луѓе израснуваат со изопачен карактер, со слаб морал и со непознавање на практичните животни должности. Ним им се дозволува да прават што сакаат со нивните побуди, време и умни сили. Таткото и мајката се одговорни доколку тие способности се загубени за Божјото дело. И какво оправдување ќе изнесат пред Оној чиишто повереници се, кој им ја доверил светата должност да им помогнат на душите кои им се доверени, сите нивни сили да ги искористат за слава на нивниот Создател? {5C 326.1}

Драги мои брате и сестро, Господ нека ги отвори вашите очи и нека ги просветли вашите умови за да ги согледате вашите грешки и да ги исправите. Вие не живеете залагајќи се само за Божјата слава. Вие имате премалку сила за да се залагате за Исуса и за одбрана на верата што еднаш им е дадена на светите. Ја запоставивте вашата должност во семејството и покажавте дека младите доверени на вашата грижа не се безбедни. Така гледа Бог на вашето дело во домот; така тоа е запишано во небесните книги. Можевте мнозина да доведете кај Исуса, но заради недостатокот на морална храброст станавте неверни во сите точки. {5C 326.2}

Грешките во вашето попустливо управување со семејството се покажуваат во карактерот на вашите деца. Не ги воспитувавте да ги следат на поуките кои се дадени во Божјата реч. Сериозно и длабоко зло произлегува од избегнување на должностите. Сестрата Г. не врши правилно влијание. Таа ѝ попушта на силната злонамерна волја на нејзините деца и таа попустливост е на нивна штета. Требаше и двајцата да ги поучувате вашите деца од раното детство дека тие не можат да владеат со вас, туку дека мораат да се покоруваат на вашата волја. Доколку сестрата Г. добиеше правилно воспитување во нејзиното детство, ако беше дисциплинирана и одгледана во согласност со Божјата реч, таа и самата би имала поинаков карактер и подобро би ги разбрала своите должности. Таа би знаела како да ги воспитува нејзините деца за нивните патишта да им бидат угодни на Бога. Меѓутоа, недостатоците што се последица на нејзиното сопствено лошо воспитување повторно се покажаа кај нејзините деца. И каква ќе биде природата на нивното дело доколку тие се најдат на чело на нивните семејства? Најстарата ќерка можеби знае неколку домашни работи, но понатаму од тоа ништо не ѝ е познато. {5C 326.3}

Тие деца со помош на мудро и одлучно воспитување би можеле да станат корисни членови на општеството. Како што стојат работите сега, тие се проклетство и срам на нашата вера. Тие се суетни, површни, самоволни и екстравагантни. Тие имаат само малку почитување кон своите родители и нивната совест е далеку од чувствителноста. Природните склоности на родителите, посебно оние што се мошне недостојни, силно се

развиле кај децата. Целото семејство, родителите и децата, се наоѓаат под божествена осуда. И никој од нив не може да се надева дека ќе влезе во благословеното мирно престојувалиште доколку не ги прифати своите одамна запоставени должности и во Христов Дух да изградува карактер што Бог може да го одобри. {5C 327.1}

Родителите се одговорни за делото кое излегува од нивните раце. Тие треба да поседуваат мудрост и цврстина за да ги извршуваат своите должности верно и во правилен дух. Развивајќи ги способностите што Бог им ги дал, тие мораат да ги воспитаат нивните деца да бидат корисни во животот. Не треба незабележано да се поминува преку запоставувањето на таа должност, туку тоа мора да стане предмет на црковна дисциплина, бидејќи во спротивно тоа ќе навлече Божјо проклетство врз родителите, а срам, големи неволи и потешкотии на црквата. Моралната лепра, која е заразна и која го осквернува телото и душата на младите, често е последица на пропустот младите да се дисциплинираат и да се зауздуваат. Дојде време да се преземе нешто за да се отстрани тој пустош. {5C 327.2}

Библијата дава јасни прописи во врска со значајното дело на воспитување на децата: „Послушај, Израеле: Господ, нашиот Бог, е единствен Господ, сакај Го Господа твојот Бог од сè срце, со сета душа твоја и со сите сили твои! Овие зборови, што ти ги заповедам денес да бидат во твоето срце" (Второзаконие 6:4-6). И самите родители треба да бидат поврзани со Бога; тие треба да го имаат стравот од Него пред себе и да ја познаваат Неговата волја. Потоа следува нивното дело: „И пренесувај им ги на децата свои и зборувај за нив, кога седиш дома и кога си на пат, кога си легнуваш и кога стануваш; и врзи ги на раката своја како знак, и нека ти бидат ознака над очите твои, и напишете ги врз надвратникот од вашите куќи и на вашите градски порти" (Стихови 7-9). {5C 328.1}

Господ им заповедал на Израелците да не склопуваат бракови со припадниците на околните идолопоклонички народи. „Ќерката своја не ја давај на синот негов, и ќерката негова не земај ја за синот твој, зашто тие ќе ги одвратат синовите твои од Мене, за да им служат на други богови; тогаш ќе се разгори врз вас гневот на Господ и Тој ќе ве истреби". „Зашто ти си свет народ на Господ, твојот Бог; тебе те избра Господ, твојот Бог, за да бидеш Негов сопствен народ меѓу сите народи, што се на земјата. Не затоа, што сте поброjни од сите народи, ве прими Господ и ве избра - бидејќи вие сте помалуброjни од сите народи - туку затоа што Господ ве засака и ја одржи клетвата, со која Тој се беше заколнал на предците ваши" (Второзаконие 7:3,4,6-8). {5C 328.2}

Ова се одредени прописи што ја имаат истата важност и денес Бог и нам ни зборува во овие последни денови и ние треба да го разбереме Неговиот глас и да го послушаме. Бог му зборувал на Израел преку својот слуга: „Да не се одделува устата твоја од оваа книга на законот; туку поучувај се од неа дење и ноќе, за да разбереш како ќе го извршуваш сè она, што е напишано во неа; зашто тогаш ти ќе имаш успех во твоите патишта и умно ќе постапуваш" (Исус Навин 1:8). „Непорочен е законот Божји - душите ги укрепува; верно е откровението на Господ - ги учи неуките" (Псалм 19:7). „Објавувањето на Твоите зборови просветува и скромните ги вразумува" (Псалм 119:130). „Твоето слово е светилник на нозете мои и светлина за патеката моја" (Псалм 119:105). {5C 328.3}

Овде јасно се изложени должностите на родителите. Божјата реч треба да биде нивен секојдневен советник. Таа дава такви поуки што родителите не мора да грешат во поглед на воспитувањето нивните деца, но таа не дозволува никаква рамнодушност или немарност. Божјиот закон на децата треба да им се предочи како големо морално

мерило. Кога станувате и кога легнувате, кога заминувате и кога се враќате, зборувајте им дека тој закон е големо животно правило и дека неговите начела мора да бидат вткаени во целиот нивен живот. Децата треба да бидат поучени да бидат чесни, верни, умерени, штедливи, трудољубиви и да го љубат Бога со сето свое срце. Тоа значи да бидат одгледани според Божјите начела и совети; нивните чекори се упатуваат по патеката на должноста и безбедноста. {5C 329.1}

Младите се неупатени и неискусни, а библиската љубов и нејзините свети вистини не доаѓаат сами по себе. Ако не се вложи голем труд за околу нив да се направи бедем кој ќе ги штити од измамите на сатаната, младите ќе подлегнат на неговите искушенија и тој ќе ги зароби и ќе ги води според својата волја. Уште во најраните години децата треба да бидат поучени за барањата на Божјиот закон и за верата во Исуса, нашиот Спасител, кое донесува очистување од нечистотијата на гревот. За таа вера треба да бидат поучувани од ден во ден, со зборови и со пример. {5C 329.2}

Врз родителите лежи сериозна одговорност и како Господ би можел да ги благослови ако ги запоставаат своите должности? На децата може да се влијае додека се мали. Но годините во кои нивните срца се нежни и подложни на влијанието на вистината поминуваат, а малку време се посветува на нивниот морален развој. Драгоцените поуки за вистината и должностите мораат секојдневно да се влеваат во нивните срца. Тие треба да го запознаат Бога во делата што Тој ги создал; тоа за нив би било од поголемо значење отколку знаењето стекнато од книгите. {5C 329.3}

Нашиот Спасител вели: „Човек не живее само од леб, туку и од секој збор што излегува од устата на Бога” (Матеј 4:4). Во науката се умножуваат заблуди кои со лукавост на змија се обвиткуваат околу наклонетоста на луѓето. Не постои ниедна библиска наука која не била негирана. Големите вистини на пророштвата, кои ја покажуваат нашата положба во историјата на светот, лишени се од нивната убавина и сила од страна на свештенството кое се труди тие важни вистини да ги замрачи и да ги направи неразбирливи. Во многу случаи децата се оддалечуваат од „старите меѓи”. Господ му заповедал на Својот народ Израел: „Ако еден ден синот твој те запраша, велејќи: ‘Што значат тие заповеди, наредби и закони што ви ги заповедал Господ, вашиот Бог?’ Кажи му тогаш на синот твој: ‘Ние бевме робови на фараонот во Египет, но Господ нè изведе од Египет со незапирлива сила, и покажа Господ знаменија и големи чуда, и порази против Египет - против фараонот и целиот негов дом, и нас нè изведе оттаму, за да нè воведе во оваа земја, за која им се заколнал на нашите предци дека ќе им ја даде. И ни заповеда Господ да ги исполнуваме сите тие наредби, да се плашиме од Господ, нашиот Бог, за да ни биде добро во сите денови, и да останеме живи, како што сме денес. И во тоа ќе биде нашата праведност, ако се трудиме да ги извршуваме сите тие заповеди на законот пред Господ, нашиот Бог, како што ни заповеда Тој’” (Второзаконие 6:20-25). {5C 330.1}

Ова се начела кон кои не смееме да бидеме рамнодушни. Тие што ја запознале вистината и го почувствувале нејзиното значење и кои стекнале искуство во Божјото дело треба и своите деца да ги учат на здравата наука. Тие треба да ги запознаат со големите столбови на нашата вера, со причините заради кои сме адвентисти на седмиот ден - заради што, како синовите на Израел, сме повикани да бидеме избран, свет народ, одвоен и различен од сите останати народи на земјата. Тие нешта на децата треба да им се објаснат со едноставен јазик кој лесно може да се разбере и како што се развиваат со годините, поуките што им се даваат треба да бидат прилагодени на нивните поголеми способности, додека темелите на вистината не се постават длабоко и целосно. {5C 330.2}

Родители, вие тврдите дека сте Божји деца; дали сте послушни деца? Ја извршувате ли волјата на вашиот небесен Татко? Дали се управувате според Неговите упатства или одите во светлината на искрата што самите сте ја запалиле? Дали секојдневно се залагате да го победите непријателот, и да ги спасите вашите деца од неговите измами? Дали пред нив ја отворате драгоцената вистина на Божјата реч, објаснувајќи им ги причините за нашата вера, за нивните млади нозе да застанат на почвата на вистината? {5С 331.1}

Библијата со нејзините скапоцености на вистина не е напишана само за учените. Напротив, таа е наменета за обичните луѓе, и толкувањето што го даваат тие со помош на Светиот Дух најдобро се сложува со вистината каква што е во Христа. Големите вистини потребни за спасение се јасни како ден; и никој нема да застрани и да го загуби патот, освен оние што се управуваат според сопствениот разум наместо со јасно откриената Божја волја. {5С 331.2}

---

37. ХРИСТИЈАНСКА ТРПЕЛИВОСТ

Драги брате и сестро Х. во врска со вашиот сегашен однос кон црквата, јас ве советувам да направите сè од ваша страна за да бидете во хармонија со вашите браќа. Негувајте во себе дух на благост и помирливост и не дозволувајте во вашите срца да завладее одмаздољубивост. Нам ни преостанува само уште малку време на овој свет, затоа треба да го извршиме нашето дело за овој и за вечниот живот. Трудете се да го зацврстите вашиот повик и избор. Гледајте да не се измамите во поглед на вашето право на дом во Христовото царство. Сè ќе биде добро ако вашите имиња се запишани во животната книга на Јагнето. Бидете подготвени и желни да ги признаете вашите грешки и да се покаете за нив, за вашите пропусти и гревови да бидат избришани пред судењето. {5С 331.3}

Верувам дека се поправате, но тоа дело треба да биде подлабоко, попотполно и посрдечно. Сè она што можете да го направите не го оставајте ненаправено. Чекорете понизно пред Бога, очистете ги вашите срца, победете го сопственото „јас”, и будно бдејте за да ги избегнете сите стапици на сатаната. Ако вашите срца се во хармонија со Исуса, ако се угледате на вашиот Пример во зборовите, духот и однесувањето, вашиот живот ќе биде благороден и возвишен и сите ќе забележат дека кај вас настанала голема промена. Тогаш ќе бидете вброени меѓу богобојазливите и полни со доблести следбеници на Исуса. {5С 331.4}

Ти, брате мој, имаш многу замачкан запис. Бог и твојата душа го знаат тоа. Но никој нема да се радува повеќе од мене кога ќе видам дека си тргнал по патот по кој одел Христос и кога ќе те сретнам во Божјото царство. Тешко е за нас да се разбереме себеси, да имаме правилно знаење за нашите карактери. Божјата Реч е јасна, но ние често грешиме применувајќи ја врз себе. Наклонети сме на самоизмама и сметаме дека укорите и опомените не се однесуваат на нас. „Лукаво е човечкото срце повеќе од сè и е наполно расипано; кој ќе го разбере?” (Еремија 17:9). Во нашите очи, самоласкањето може да се толкува како христијанска чувствителност и ревност. Самољубието и самоувереноста можат да ни дадат уверување дека сме исправни, иако можеме да бидеме далеку од тоа да ги исполнуваме барањата на Божјата Реч. {5С 332.1}

Библијата е потполна, јасна и разбирлива; во неа точно е опишан вистинскиот карактер на Христовите следбеници. Мораме со понизни срца да ја истражуваме Библијата, со почит кон Господовата Реч, доколку сакаме да не се измамиме себеси во поглед на нашиот вистински карактер. Мораме да вложуваме истрајни напори за да ја искорениме себичноста и самоувереноста. Мораме целосно да се испитаме себеси за да се спасиме од опасноста на самоизмамувањето. Не е доволно само во извесна мерка да се испитуваме себеси во посебни прилики. Секој ден испитувај ги причините за твојата надеж и увери се дали навистина си во Христовата љубов. Биди искрен кон твоето срце бидејќи тука не смееш ништо да ризикуваш. Пресметај што ќе те чини да бидеш вистински христијанин и потоа земи го сето Божјо оружје. Угледај се на Примерот, следи го Исуса и стани сличен на Него. Од тоа како ќе ја извршиш оваа задача зависи твојот духовен мир, твојата надеж на вечно спасение. Како христијани ние сме помалку темелни во испитувањето на самите себеси отколку во било што друго. Затоа не е чудно зошто правиме така спор напредок во познавањето на себеси. {5C 332.2}

Ти го пишувам ова затоа што сакам да се спасиш. Не сакам да те обесхрабрам, туку да те повикам на посесрдна и поупорна работа. Самољубието ќе те натера површно да ја извршиш задачата на самоиспитување, но немој да дозволиш поради суетната самодоверба да го загубиш вечниот живот. Немој да градиш на маните и грешките на другите туку лично за себе реши го ова прашање пред Бога од кое зависи твојата вечна судбина. {5C 333.1}

„Човек гледа на лицето, а Господ гледа на срцето" (1. Самоилова 16:7), - на човечкото срце со неговите конфузни чувства на радост и тага - на непостојаното, самоволно срце во кое има толку многу нечистотија и измама. Тој ги познава неговите побуди, најдлабоките чувства и измами. Пријди Му со својата душа колку и да е извалкана. Како псалмистот отвори ги ширум нејзините одаи за окото кое гледа сè, извикнувајќи: „Испитај ме, Боже, и познај го срцето мое; испитај ме и запознај ги патеките мои; и види дали сум на пат на беззаконија, и упати ме на вечен пат" (Псалм 139:23, 24). Потполно предај го своето срце на Бога за да го очисти и облагороди, и тогаш ќе станеш учесник во божествената природа и ќе се спасиш од расипаноста која постои во светот преку похота. Тогаш ќе бидеш „секогаш подготвен за одговор на секој кој ќе те запраша за твојата надеж, со кротост и со страв". Ќе имаш Христов мир. Твоето име ќе биде запишано во книгата на животот, твоето право за небесно наследство ќе има небесен печат, кој никој на земјата нема да може да го негира. Никој не може да ти го попречи патот кон вратите на Божјиот град, туку ќе имаш слободен пристап во Божјиот храм на небото. {5C 333.2}

Би сакала да ти упатам уште неколку зборови. Сакам да бидеш соединет со црквата, не затоа што мислам дека сите членови на црквата се совршени, ниту затоа што мислам дека ти си совршен. Бог има драгоцени луѓе во Својата црква, но во неа исто така има мажи и жени кои се како каколот во пченицата. Но Господ не ти дава права на тебе, ниту на некој друг да каже кој е пченица, а кој какол. Ние ги забележуваме и осудуваме недостатоците на другите, а можеби имаме поголеми недостатоци кои самите не ги гледаме, но другите ммногу добро ги забележуваат. Бог од тебе бара да дадеш добар пример на светот и на црквата, живот со кој ќе го прикажеш Исуса. Ти имаш должности што мораш да ги извршуваш и одговорности што мораш да ги понесеш. Во светот нема доволно вистински христијани; тие ѝ се потребни и на црквата и на општеството. Христос се молел за Своите ученици: „Не се молам да ги земеш од светот, туку да ги запазиш од злото" (Јован 17:15). Исус знае дека ние во светот сме изложени

на неговите искушенија, но Тој нè љуби и ќе ни подари благодат да ги победиме сите лоши влијанија. Тој сака да имаме совршен карактер за да не расипуваме другите со нашите недостатоци. {5C 333.3}

Ти гледаш дека твоите браќа не одговараат на библиските мерила, дека имаат недостатоци и постојано зборуваш за тоа. Ти се храниш со тоа, наместо да се храниш со Христа. Набљудувајќи ги стануваш како нив самите. Немој да ги критикуваш другите; немој твојот живот да го споредуваш со недостатоците на другите. Така ќе посакаш да ги поправиш другите и да им предочуваш на нивните недостатоци. Немој да го правиш тоа. Тоа не е должност што ти ја дал Бог. Тој не те повикал да бидеш поправувач на црквата. Ти многу нешта ги набљудуваш во светлината на Библијата. Но иако имаш исправен став за некои прашања, немој да мислиш дека секогаш си во право, бидејќи твоите поими за некои прашања се изопачени и не можат да ја издржат критиката. {5C 334.1}

Немој да копнееш кон самовоздигнување, туку во Христовата школа учи се да бидеш кроток и понизен. Ти знаеш каков бил Петар, колку силно биле изразени некои негови особини. Пред неговото големо паѓање тој секогаш бил избрзан и сакал да заповеда, зборувајќи според своите моментални чувства. Секогаш бил подготвен да им забележува на другите и да го кажува неговото мислење, пред правилно да се сфати самиот себеси и тоа што треба да го каже. Но тој се обратил, и тој обратен Петар наполно се разликувал од оној избрзан и брзоплет Петар. Тој ја задржал неговата поранешна огненост, но Христовата благодат ја насочила неговата ревност. Тој повеќе не бил брзоплет и самоуверен, туку благ, смирен, и можел да биде поучуван. Тој тогаш можел да ги пасе јагнињата и овците на Христовото стадо. {5C 334.2}

Ти, драги мој брате, имаш голема задача која мораш да ја извршуваш секојдневно. Мораш непрестано да се трудиш да ја победиш твојата зла природа и лошите склоности. Тие растеле заедно со тебе и единствено Исус може да ти даде сила да ги искорениш. Треба себеси да се сметаш за слуга на Христа и да бараш да станеш сличен на Него во карактерот. Труди се да им бидеш пријатен на другите. Биди љубезен и благороден дури и во твоите деловни односи, покажувајќи ја Христовата благост и власта на Неговиот Дух во твоето срце. Ти му припаѓаш на човештвото и затоа мораш да бидеш трпелив, љубезен и сочувствителен. Мораш да бидеш грижлив и да ја победиш себичноста. Секогаш прашувај се: „Што можам да направам за доброто на другите?” Ако твоето срце копнее да прави добро, дури и по цена на непријатности, ќе примиш Божји благослов. Љубовта станува духовна кога ќе се ослободи од страстите и нагоните и кога се покажува со зборови и со дела. Христијанинот мора да биде благ, полн со љубов и во него не смее да има нетрпеливост и мрзоволност; Христовата благодат мора да ја ублажи грубоста и нељубезното однесување. {5C 335.1}

Брате мој и сестро моја, учете во Христовата школа. Духот на раздор нека исчезне од домот и од црквата. Вашите срца нека бидат трогнати со љубов кон Божјиот народ. Срцата кои се полни со Христовата љубов никогаш не се разликуваат многу. Религијата е љубов; и христијански дом е оној во кој владее љубовта и доаѓа до израз во зборовите и делата на промислена љубезност и блага учтивост. Немојте да користите нељубезни зборови. Семејното богослужение треба да биде пријатно и интересно. Брате мој, биди вистински, благороден христијанин, бидејќи како живееш во домот, така ќе постапуваш и во црквата. Еден недостаток на учтивост, моментална мрзоволност, еден единствен груб, непромислен збор може да го уништи твојот углед и да ти ги затвори вратите кон срцата, така што никогаш нема да имаш пристап кон нив. {5C 335.2}

Јас ти ги изложив опасностите кои ти се закануваат и ти укажав на драгоцените победи што можеш да ги извојуваш. Ако го немаме Христовиот Дух, никогаш нема да влеземе во небесното царство. Затоа угледај се на твојот Пример во домот, на работа и во црквата. Не се обидувај да ги поучуваш другите, ниту да забележуваш колку си различен од твоите браќа, туку обиди се што повеќе да им се приближиш, да бидеш во што поголема еднодушност со нив. Правејќи сè што е во твоја моќ да го усовршиш твојот христијански карактер, предај го твоето срце на Бога за да го обликува според Неговата волја. Тој ќе ти помогне; јас знам дека Тој ќе го направи тоа. Бог нека те благослови тебе и твоите драги деца и нека даде да ве видам околу Неговиот светол престол, тоа е мојата молитва. {5С 336.1}

---

38. ЗЕМНО СЛАВОЉУБИЕ

Драги брате И. откако те видов на црковниот собор во државата Мејн, чувствував дека не е премногу доцна да го средиш твоето срце и твоето семејство. Видов дека врз тебе дејствуваше Светиот Дух. Сега се поставува прашањето дали ќе одговориш на овој повик за покајание и дали радосно ќе го предадеш своето срце на Бога. Твојот случај ми беше покажан во видение. Меѓутоа, немав храброст да ти ја пратам веста што Бог ми ја даде додека беше целосно под власта на непријателот на душите; се плашев дека таа вест ќе ја примиш лекомислено и дека Светиот Дух засекогаш ќе те напушти. Но сега сметам дека сум должна да ти го пратам ова сведоштво кое за тебе ќе биде животен мирис за живот или смртен мирис за смрт. {5С 336.2}

Немој ниту да го читаш доколку си решил да ја избереш темнината наместо светлината, доколку си решил да му служиш на мамона наместо на Христа. Меѓутоа, ако навистина сакаш да ја извршуваш Божјата волја, да бидеш спасен по патот што Тој го одредил, тогаш прочитај го ова сведоштво. Но немој да го читаш за да го критикуваш, извртуваш, исмеваш и презираш, бидејќи во тој случај ќе биде смртен мирис за смрт и ќе сведочи против тебе на судот. Пред да ја прочиташ оваа опомена, излези сам пред Бога во молитва и побарај од Него да го искорени од тебе духот на отпор, побуна и неверство и да го омекне твоето камено срце. {5С 336.3}

Ние не ја сфаќаме големината и величеството на Бога, ниту неизмерливата оддалеченост која го одвојува Создателот од созданијата што ги создал со Неговите раце. Тој што седи на небесата, држејќи го во рака жезолот на вселената, не суди според нашите ограничени мерила, ниту проценува според нашето проценување. Ние грешиме ако мислиме дека тоа што е големо за нас е големо и за Бога и дека она што е мало за нас мора да биде мало и за Него. Кога би ги имал истите способности како и ние, Тој не би бил поголем од нас. {5С 337.1}

Бог не ги смета сите гревови за еднакви. Постојат степени на вина во Неговата проценка како што истото постои и кај ограниченият човек. Меѓутоа, некоја грешка колку и да изгледа безначајна во човечките очи, ниеден грев не е безначаен во Божјите очи. Гревовите што човекот ги смета за безначајни, Бог можеби ги вбројува во големите престапи. Луѓето го презираат пијаницата и сметаат дека неговиот грев ќе му ја затвори вратата на небото, додека во исто време гордоста, себичноста и посакувањето поминуваат без укор. Меѓутоа, токму овие гревови се посебно навредливи за Бога. Тој

им се „спротивставува на гордите”, а Павле ни зборува дека посакувањето е идолопоклонство. Тие што знаат колку тешко е осудено идолопоклонството во Божјата Реч веднаш ќе сфатат колку е тежок овој грев. {5C 337.2}

Бог зборува преку Својот пророк: „Нечесниот нека го остави патот свој, и беззаконикот - помислите свои и нека се обрати кон Господ, нашиот Бог, - и Тој ќе го помилува, зашто е многу милостив. Моите мисли не се ваши мисли, ниту вашите патишта се Мои патишта, вели Господ. Но, како што небото е повисоко од земјата, така се и Моите патишта повисоки од вашите патишта, и мислите Мои повисоко од вашите мисли” (Исаија 55:7-9). Потребно ни е јасно препознавање, за да го оценуваме гревот според Господовото мерило, а не според нашите сопствени мерила. Не треба да се управуваме според човечките мислења, туку според Божјата реч. {5C 337.3}

Ние се бориме во големата борба на бојното поле на животот и не смееме да заборавиме дека лично сме одговорни за исходот на борбата, и дека ако на земјата се живи Ное, Јов или Даниел со својата праведност тие не би можеле да ги откупат своите синови или ќерки. Ти брате мој, не мислеше на ова. А го оправдуваше твојот живот мислејќи дека твоите браќа не се во право. Понекогаш постапуваше како разгалено, самоволно дете и го изразуваше твоето неверство и сомнежи за инает на другите но дали тоа ќе ти се исплати? Зар има нешто во твоето семејство, во црквата и во светот што би можело да ја оправда рамнодушноста што ја покажуваш кон Божјите барања? Дали ќе ти помогне некој од твоите изговори кога ќе се најдеш лице в лице со Судијата на целата земја? Тогаш ќе се покаже колку неразумен бил твојот себичен, ситничарски живот. Колку бесмислено ќе ти изгледа тогаш тоа што дозволуваше човечкото мислење и земната добивка да ја фрлат во сенка наградата што им е ветена на верните - вечното блаженство во Божјиот рај. {5C 337.4}

Кога беше тешко болен и за тебе немаше надеж од човечката вештина, Господ се сожали над тебе и милостиво те излечи. Сатаната сакаше да те фрли во неволја и пропаст, но твојот Спасител постојано те штитеше за да не бидеш искоренет додека твоето срце уште беше преполнето со сатанска избезуменост, додека твојата уста уште изговараше зборови на огорченост и неверство во Библијата и вистината што некогаш ја застапуваше. Кога сатаната полагаше право на тебе, тврдејќи дека си негов, Христос го одбиваше свирепиот и зол непријател со зборовите: „Сè уште не сум го повлекол Својот Дух од него. Тој мора да направи уште два чекори за да ја помине границата на Мојата милост и љубов. Душите се откупени со мојата крв. Господ да те укори сатано, Господ да те укори”. {5C 338.1}

Потоа ми беше покажан твојот изминат живот, кога вистината наоѓаше место во твоето срце. Божјиот Дух ти го покажа патот по кој треба да одиш и ти имаше голема борба со самиот себеси. Беше вешт и лукав. Кон другите не беше таков каков што сакаш тие да бидат кон тебе, туку ги искористуваше секогаш кога ќе се појавеше прилика за тоа. Ти мораше да извојуваш една тешка, сериозна борба за да го потчиниш твоето јас и да ја зауздаш твојата гордост, што можеше да се постигне само со Божјата благодат. Меѓутоа, наместо да извршиш потполна реформа, ти само делумно ја прими вистината, така што не можеше да го помине тестот на искушенијата. Ти не започна да го бараш Бога со скршено и покајничко срце и не ги поправи твоите грешки. Да направеше така, немаше да се сопнеш и да паднеш во стапицата на непријателот. Во твоите побуди имаше себичност, која сам не ја согледуваше. Се поведуваше по земните интереси, положба и углед и одлучи да не се обратиш темелно пред Бога и луѓето. Копнежот за

земно богатство ја расипа искреноста и чистотата на твојот христијански карактер, така што не донесе родови достојни на покајание. {5C 338.2}

Закхеј изјавил: „Ако сум зел од некого нешто, четворно ќе го вратам" (Лука 19:8). Ти можеше да вложиш макар најмали напори за да ги исправиш твоите неправедни постапки кон своите ближни. Ти не можеш да ги исправиш сите бидејќи некои што ги навреди веќе се во гроб и извештајот против тебе останува запишан. Најдобро што можеш да направиш во овој случај е да принесеш жртва на покајание на Господовиот олтар. Тој ќе ја прими и ќе ти опрости. Но ти мораш да го исправиш злото што го направи каде што тоа е можно. {5C 339.1}

Ако неверниците што се дружеа со тебе ја забележаа во тебе силата на вистината што преобразува, тоа би било еден доказ во корист на христијанството на кој не би можеле да му се спротивстават. Ти тогаш во светот би светел со јасна и продорна светлина; но наместо тоа, ти се прилагоди кон светот и прими светски дух. Брате мој, ти мораш наново да се родиш. Само надворешното христијанство нема никаква вредност. Во него нема спасоносна сила, нема моќ која ги реформира луѓето. Верата која се ограничува само на празнување на саботата не пренесува никакви зраци на светлина врз другите. Те преколнувам добро да го испиташ твоето срце. Ти си воинствен и непомирлив и им попушташ на сите твои особини, наместо да ги сузбиваш. Треба да извршиш решителен пресврт и да негуваш кротост, вера, понизност и љубов. Твојата душа е во опасност. Ако сега не застанеш и не им се спротивставиш на земните страсти и славољубија, ќе подлегнеш на силните измами на сатаната. Мораш да го измениш твојот однос кон светот и да се одвоиш од него. Мораш да ја напуштиш положбата која сега ја имаш и која постојано те наведува на патот на искушението. Одбегнувај ја политиката и расправиите. Одбегнувај ја секоја должност која во тебе ги поттикнува особините кои треба да ги сузбиваш и искоренуваш. {5C 339.2}

Ти, брате мој, мораш да вложиш еден силен, одлучен напор, инаку никогаш нема да бидеш во состојба да ги отфрлиш делата на темнината. Сатаната мисли дека си негов. Слушајќи ги сведоштвата на Божјите слуги, како што тоа беше на минатиот црковен собор, ти длабоко го чувствуваш нивното дејство. Но не ги следиш советите на Божјиот Дух, и кога ќе дојдеш во контакт со светот, се прилагодуваш на неговиот дух, затоа што немаш доволно морални сили да се спротивставиш на неговото влијание. Стана еден од оние што го сакаат светот, и уште полош од нив, ти сам го избра тоа. Фалењето од страна на луѓето и земното богатство ти се помили од Исуса. Љубовта кон мамона се вткала во секоја нишка на твоето битие и победи сè друго. Да се искорени тоа за тебе претставува како да се извади десното око и да се отсече десната рака. Но јас ти зборувам како оној што знае: ако не го искорениш од себе тоа силно среброљубие, заради него ќе го изгубиш спасението на твојата душа, а тогаш за тебе ќе биде подобро никогаш да не си се родил. {5C 340.1}

„Не можете да му служите на Бога и на мамона". Сè додека во тебе има љубов кон светот, ќе покажуваш дух на противење и ќе пронаоѓаш грешки во постапките на оние кои ти ја носат веста на вистината. Ќе ја исмејуваш вистината и ќе станеш лажен сведок и клеветник на своите браќа. Талентите што Бог ти ги подарил да ги употребиш за Негова слава ќе ги искористиш против Него и Неговото дело. Христос не може да се согласи со Велијар. Ти веќе го одбра пријателството на овој свет и решително се постави на страната на сатаната. Природното срце е во непријателство со Бога и се противи и на најсилните докази на вистината. Грешникот не ја поднесува светлината што ги осудува неговите дела. {5C 340.2}

Ти го отвори твоето срце за сомнежите и неверието, но никогаш нема да бидеш искрен неверник. Можеш да се фалиш дека не веруваш во Библијата, но тоа е лажно сведочење, зашто знаеш дека не е така. {5C 341.1}

Те преколнувам најсесрдно да се заложиш за вечниот живот. Раскини ја стапицата на сатаната. Ова нека бидат зборовите на твојата душа: „Од ништо во светот не се плашам толку како од непознавање на моите должности или од тоа да ги знам, а да не ги извршувам". „Стојте на страната на Исуса", биле зборовите на еден брат што умирал. Да, брате И. стој на страната на Исуса. Ќе те чини сè што имаш за да го направиш тоа. Мораш да ја промениш својата положба во светот. Името, угледот и положбата се стапици кои ја загрозуваат твојата душа. Калкулативната, световна мудрост непрестано настојува да те одвои од твојот Спасител. Дрското и богохулно неверство ќе се обиде да го задуши Неговото евангелие не само во твојата душа, туку и во светот. Но стој на страната на Исуса. Пред своите роднини и пријатели, во твоето деловно дејствување, во сите дружења со светот, секаде и секогаш, во сите прилики, застани за Исуса. {5C 341.2}

_____

39. ЉУБОВТА МЕЃУ БРАЌАТА

Драги браќа и сестри во _____, мошне сум загрижена заради состојбата во која се наоѓате. Никако не можев да заспијам и се разбудив на полноќ за да му напишам на Ј. и вам како на црква. Не знам во каква положба би се наоѓал сега Ј. ако кон него се однесувавте исправно, како вистински христијани, така како што би требало да се однесува секое Божјо дете во таков случај. Некои од вас нема да ги сфатат моите зборови, бидејќи самите се доведовте на тоа да немате посветено разбирање. Дозволивте во вашите срца да се родат мошне сурови чувства кон него и мислевте дека имате право кон него да бидете сурови, дури и презирливи. Сметавте дека тој ѝ наштетува на црквата и претставува опасност за душите со неговиот неверен живот и дека затоа не треба да имате ништо заедничко со него. Но дали сакате во светлината во Божјото големо начело на правдата критички да го испитате секој ваш збор и секој ваша постапка на кои можете да се сетите и да ги споредите со Христовиот живот? Ако ја вршевте Божјата волја, тогаш Неговата светлина и Неговиот благослов ќе ги следеа вашите напори и вие ќе бевте среќни. Би сакала членовите на некогаш толку напреднатата црква повторно да почнат да го градат сопствениот дом. Ако го согледаат својот живот во вистинска светлина, ќе видат дека направиле голема грешка со тоа што дозволиле нивниот критички и фарисејски дух да стекне власт над нивните јазици и да го одредува нивното однесување кон нивните браќа. Оваа нехристијанска суровост го истера Исуса од црквата и создаде неслога. Таа пробуди наклонетост да се судат и да се осудуваат другите, омраза кон оние кои не гледаат на нештата така како што гледате вие. Дури и ако вашите браќа кажуваат и прават нешта кои ве навредуваат, треба ли да ги турнете на страна и да кажете: „Јас сум посвет од тебе"? {5C 341.3}

„По родовите нивни ќе ги познаете". Во вашето однесување кон мнозина кои беа многу поблиску до небото од вас самите вие не го откривте Христовиот дух. Господ ви ги покажа злата што ги направивте на Неговите деца - недостатокот на љубов и милосрдие, со вашата волја да владеете над другите, терајќи ги на работите да гледаат како што гледате вие. По кој пат тргнавте кога ве осветли светлината? Дали само

признавте дека сте згрешиле или искрено се покајавте за вашите грешки и ги понизивте вашите горди срца пред Бога? Дали ги отфрливте заблудите и ја примивте ли Божјата поука? Дали отидовте кај оние кои ги навредивте и им рековте ли: „Не бев во право, ти згрешив. Прости ми. Не постапив како што треба бидејќи се управував според моите природни склоности. Бев ревен, но ми недостигаше знаење. Тоа беше духот на Јуј, а не Христовата кротост и понизност. Божјата реч налага: „Исповедајте си ги грешките еден на друг и молете се еден за друг за да се исцелите' (Јаков 5:16). Ќе се молиш ли за мене за Бог да ми прости што ти нанесов болка и неволи?" {5C 342.1}

Ако вие кои на тој начин ги навредувавте и осудувавте другите не се покаете тогаш во вашите души нема да има мир, светлина и радост. Ако бидете внимателни, љубезни и благи кон вашите браќа во иста мерка во која бевте сурови, непопустливи и насилни, ќе ги признаете вашите грешки и ќе се обидете да ги исправите доколку е можно тоа. И кога ќе направите сè што можете, замолете го Бога да го направите она што е неможно за вас: да ги излечи раните што им ги зададовте, да ви прости и да ги избрише вашите престапи. Ако тој што погрешил толку се спротивставува да го признае злото кое го направил, покажува дека со него владее неговата нескротлива и непосветена природа, а не духот на Христовото евангелие. {5C 343.1}

Ако Бог некогаш зборувал преку мене, вам ви претстои најсериозно дело - искрено каење што пред заблудените го покажавте тоа што е сатанско во вашите карактери не само со студенило и рамнодушност, туку и со занемарување и презирање. Ако тие навистина се во темнина и прават нешта кои ги доведуваат во опасност нивните души, треба да покажете многу поголем интерес за нив. Покажете им дека иако сакате да им останете верни на начелата и да не застраните од патот на правдата во исто време ги сакате. Покажете им со вашите зборови и дела дека кон нив не негувате никаква одмаздољубивост туку дека сте подготвени да ги жртвувате вашите чувства и да се победите себеси заради нив. Претставувајте го Христа кој е наш Пример, секогаш и во сите прилики покажувајте го Неговиот дух и во вас нека биде љубовта што била во Исуса Христа. Вашите патишта не се Божји патишта; вашата волја не е Божја волја. Не ја негувавте драгоцената билка - љубовта, ниту ја полевавте со росата на милоста. Со вас завладееја самољубието, самоувереноста и самозадоволството. {5C 343.2}

Што направил Исус за вас и што сè уште прави за секој од нас? Има ли нешто што не сте примиле? Христос рекол: „Јас сум лозата, а вие прачките". „Секоја прачка во Мене што не дава плод, Тој ќе ја исече; и секоја што дава плод, ќе ја очисти, за да принесе повеќе плод" (Јован 15:5, 2). Прачките не ја хранат лозата, туку лозата ги држи и храни прачките. Црквата не го држи Христа, туку Христос ја држи црквата со Неговата животворна сила. Не е доволно само да бидеме прачки туку треба да бидеме и плодни прачки. „Кој е во Мене, и Јас во него, тој ќе даде многу плод", кажува Исус. Но ако нашиот род се само густи трња, очигледно не сме прачки на живата лоза. {5C 344.1}

Животот е борба. Додека е на земјата, христијанинот мора да се бори против непријателот. Ќе постојат провокации да го испитаат нашиот темперамент, но христијанските доблести се развиваат токму во ваквата борба. Ако кротко ги поднесуваме навредите и нападите, ако на навредливите и на нападните зборови одговараме смирено, тоа е знак дека во нашето срце престојува Христовиот Дух, дека како прачките се храниме со сокот од живата лоза. Во овој живот ние се наоѓаме во Христовата школа, во која мораме да научиме да бидеме кротки и скромни. На денот на конечната пресметка ќе ги видиме сите препреки со кои сме морале да се бориме, сите неволи и тешкотии што сме морале да ги поднесуваме и практичните поуки преку кои

сме ги научиле начелата на христијанскиот живот. Ако во таквите прилики заземаме правилен став, тие во нас ќе развијат карактер сличен на Христовиот, со кој христијаните се разликуваат од останатиот свет. {5C 344.2}

Ние мораме да се издигнеме на голема морална висина, ако сакаме да бидеме Божји деца, благородни, чисти, свети и неосквернети; меѓутоа за да ја постигнеме таа висина, потребно е да поминеме преку процес на чистење. А како би дошло до тоа, кога не би имале тешкотии со кои би се бореле, да победуваме препреки, кога не би имало ништо во што би се покажала нашата трпеливост и истрајност? Овие неволи не се најмалите благослови во нашето искуство. Нивната цел е да нè зацрстат и да нè направат одлучни да успееме. Ние треба да ги искористиме како средства со кои Бог ни помага да се победиме себеси без да дозволиме тие да нè попречуваат, обесхрабруваат и уништат. {5C 344.3}

Карактерот ќе биде испитан. Ако навистина сме прачки од живата лоза, Христос ќе се покаже во нас. Ние ќе бидеме трпеливи, благи, истрајни, радосни и во неволите и во миговите на борба. Од ден на ден, од година во година мораме да го победуваме своето „јас" и да станеме благородни и храбри луѓе. Тоа е нашата задача. Но ние не можеме да ја извршиме без постојана помош од Исуса, без решителност, непоколебливи цели, постојана будност и непрестана молитва. Секој мора да се бори за себе. Секој мора да си пробие пат преку борбите и неволите. Тие што ја избегнуваат борбата ќе ја изгубат силата и нема да чувствуваат радост заради победата. Никој, дури ниту самиот Господ, не може да нè одведе на небото, ако не ги преземеме неопходните напори од наша страна. Мораме да внесуваме убавина во својот живот. Мораме од себе да ги искорениме вродените грди особини, заради кои се разликуваме од Исуса. Додека Бог работи во нас да бидеме волни и да го вршиме она што му е Нему угодно, ние мораме да работиме во хармонија со Него. Христовата вера го преобразува срцето. Човекот наклонет кон земното таа го врзува за небото. Под нејзиното дејство себичниот станува несебичен и го прима Христовиот карактер. Нечесниот човек станува чесен, и неговата нова природа се состои во тоа на другите да им го прави она што сака тие нему да му го прават. Разузданиот се менува од нечист во чист. Тој стекнува исправни навики, бидејќи Христовото евангелие му станува животен мирис за живот. {5C 345.1}

Сега, додека уште трае времето на милоста, никој не треба да ги осудува другите и себеси да се смета за пример на сите останати. Христос е нашиот Пример: угледајте се на Него, одете по Неговите стапки. Со зборови можете да изразите дека верувате во целата вистина, но тоа нема да ви помогне ако не ја спроведувате во дело. Ние не сме тука за да ги осудуваме другите; тоа не е наша должност, туку треба да се сакаме еден со друг и да се молиме еден за друг. Кога ќе видиме дека некој застранил од патот на вистината треба да плачеме за него, како што Исус плачел за Ерусалим. Еве што кажува нашиот небесен Татко за заблудените во Своето слово: „Браќа, и да падне човек во некаков грев, вие духовните поправајте го таквиот со духот на кротоста, пазејќи се и вие да не бидете искушани" (Галатјаните 6:1). „Ако, браќа, некој од вас се отклони од вистината, и ако некој друг го поврати, тој нека знае дека оној што ќе обрати грешник од лажлив пат, спасува една душа од смрт и ќе покрие многу гревови" (Јаков 5:19,20). Ова е големо мисионско дело. Тогаш ќе бидеме многу послични на Христа, отколку ако како јадни и грешни смртници ги обвинуваме и осудуваме оние што не се согласуваат потполно со нашите сфаќања. Треба да имаме на ум дека Исус нè познава сите и дека е милостив кон нашите слабости. Тој ги знае потребите на секое Свое создание и ги чита скриените, неизговорени болки на срцето. Ако навредиме некое од немоќните

созданија за кои умрел, Тој тоа го забележува и ќе нè повика на одговорност. Исус е добриот Пастир. Тој се грижи за Своите нејаки, болни и злаблудени овци. Тој ги знае имињата на сите нив. Неволите на секоја овца и на секое јагне во Неговото стадо во Него буди сомилост и љубов и секој повик за помош стигнува до Неговото уво. Пророкот укажал на еден од најголемите гревови на израелските пастири: „Слаби не поткрепувавте, болни не лекувавте, ранети не преврзувавте, истерани не враќавте и изгубени не баравте, а управувавте преку нив со насилие и жестокост. Тие се распрснаа без пастир, и откако се растурија, станаа плен на сите полски sверови. Скитаат овците Мои по сите планини и по секој висок рид и распрснати се по целата земја овците Мои, и никој не прашува за нив, и никој не ги бара" (Езекиел 34:4-6). {5C 345.1}

Исус се грижи за секого така како на земјата да нема ниедно друго создание. Како Божество, Тој ни дава силна помош додека како наш постар Брат, Тој сочувствува во сите наши неволи. Небесното Величество не стоеше на недостижна висина од паднатиот и грешен човечки род. Ние немаме Првосвештеник кој е толку воздигнат па да не може да нè забележува и да има сомилост кон нас, туку таков кој бил изложен на истите искушенија на кои сме изложени и ние, но бил без грев. {5C 346.1}

Колку далеку се од тој дух рамнодушноста и презирот што некои во _____ ги покажааа кон J. и оние врз кои тој имаше влијание. Ако некаде е потребна Божја преобразувачка благодат - на таа црква и е неопходно потребна. Судејќи и осудувајќи еден брат, тие вршеа дело кое Бог никогаш не го ставил во нивните раце. Закоравеноста на срцето, духот на замерување и осудување чијашто цел е уништување на личноста и независноста, се вткале во нивниот христијански живот и тие ја загубија Исусовата љубов во срцата. Побрзајте браќа да го искорените тоа од вашите души пред на небото да биде изговорено: „Кој чини неправда, нека чини неправда уште; и кој е осквернет, нека се осквернува уште; и кој е праведен, нека чини правда уште; и кој е свет нека се осветува уште" (Откровение 22:11). {5C 347.1}

Во христијанскиот живот ќе наидете на многу тешкотии во поврзаност со црквата; меѓутоа немојте претерано да се трудите да го обликувате карактерот на вашите браќа. Ако видите дека тие не ги задоволуваат барањата на Божјата реч, не ги осудувајте; ако ве предизвикуваат, не враќајте. Кога ќе се изговорат зборови што можат да ве разгневат, настојувајте да го сочувате мирот во вашата душа. Вие кај другите гледате многу нешта кои ви се чинат лоши и кои сакате да ги исправите. Почнувате со сопствена сила да спроведувате реформа, но непостапувате правилно. Кога работите за грешниците вашите срца треба да бидат понизни и омекнати со Божјиот Дух. Дозволете Господ да работи преку вас, орудијата. Префрлете го вашиот товар на Христа. Кога сатаната настојува да завладее над некоја душа вие мислите дека Бог треба да го преземе случајот во свои раце, меѓутоа, тоа што вие можете да го направите, направете го во понизност и кротост, а нејасните и сложени прашања препуштете му ги на Господа. Следете ги упатствата на Неговата Реч, а исходот препуштете го на Неговата мудрост. Кога ќе направите сè што можете за спасението на вашиот брат, престанете да се грижите и мирно исполнувајте ги останатите должности. {5C 347.2}

Немојте заради нетрпеливост да го пресекувате јазолот на тешкотиите, правејќи ги на тој начин нештата безнадежни. Дозволете Бог наместо вас да ги расплете заплетканите конци. Тој е доволно мудар и може да ги среди компликациите во нашите животи. Тој поседува вештина и тактичност. Ние не можеме секогаш да ги сфатиме Неговите планови. Мораме трпеливо да чекаме тие да се развијат и не смееме да ги спречуваме или уништуваме. Тој ќе ни ги открие кога ќе смета дека времето е погодно

за тоа. Копнејте за единство; имајте љубов и угледајте се на Христа во сè. Тој е извор на единство и сила. Но вие не копнеете со христијанско единство да ги поврзете вашите срца во меѓусебна љубов. {5C 348.1}

Вие имате должности за извршување во црквата и надвор од неа. „Со тоа ќе се прослави Мојот Татко: да носите многу плод и да бидете Мои ученици" (Јован 15:8). Светот го проценува нашиот карактер само според родовите што ги донесуваме. Тоа е доказ дека сме Христови ученици. Ако нашите дела се такви што како прачки на Живата Лоза ќе донесуваме обилни гроздови на драгоцен плод, тогаш пред светот носиме знак како Негови синови и ќерки. Ние сме живи посланија што ги познаваат и читаат сите луѓе. {5C 348.2}

Меѓутоа, јас се плашам дека нема да го направите она што можете да го направите за да се покаете за минатото и да станете живи, плодни прачки. Ако постапувате како што сака Бог, Неговиот благослов ќе се излее на црквата. Не се понизивте за вашето дело да биде целосно и за да ги исполните намерите на Светиот Дух. Наместо понизност, каење и скромност има самоувереност, себичност и вообразеност. Морате да го отстраните секој камен на сопнување да направите „прави патеки за своите нозе, та она што е куцо, да не се одврати од патот". Уште не е предоцна да се исправи она што е згрешено, но не смеете да мислите дека сте здрави и дека немате потреба од лекар, бидејќи помош навистина ви е потребна. Кога ќе пристапите кон Исуса со скршено срце, Тој ќе ви помогне и ќе ве благослови за да можете да го продолжите делото на вашиот Учител со храброст и енергија. Најдобар доказ дека сте во Христа е плодот што го носите. Ако не сте вистински соединети со Него, ќе ве осудат и уништат светлината и предимствата што ги имавте. {5C 348.3}

---

40. ОТКУПУВАЊЕ НА ВРЕМЕТО

Драги брате Ј. станав на полноќ за да ти пишам бидејќи сум мошне загрижена. Вознемирена сум заради тебе, бидејќи знам дека е близу крајот на историјата на оваа земја, а твоето дело нема да те радува кога ќе биде изнесено пред тебе на големиот ден, кога секој ќе добие награда според неговите дела. {5C 349.1}

Ти забележуваш дека другите прават зло, а јас исто како тебе знам дека црквата не покажа христијански дух. Но дали тоа ќе ти користи на судниот ден? Може ли од две зла да произлезе едно добро? Ако еден, двајца или тројца правеле зло во црквата, тоа нема да го избрише ниту да го оправда твојот грев. Без разлика по кој пат тргнале, ти си должен сопственото срце да го доведеш во ред. Никакви околности не смеат да те наведат да ги заборавиш или да ги запоставиш Божјите барања, бидејќи секоја душа е драгоцена во Неговите очи. {5C 349.2}

Мојата душа сочувствува со оние кои се сопнуваат од мрачните планини на неверство и јас сакам да им помогнам. Црквата во _____ имаше светла иднина. Меѓутоа, Светиот Дух не ги преобрази нејзините членови и тие не можат со нивната светлина да го осветлуваат светот. Некои кои поседуваат најдобри мотиви, и способности за најголема корисност, потполно се бескорисни во моментите на неволи во црквата, бидејќи им неостига љубов и милосрдие кои го исполнувале Христовото срце. Тие гледаат дека некој греши, и наместо да му помогнат, стојат по страна.

Наклонети се да даваат непријатни забелешки и да чепкаат по чувствителни места, иако би можеле да го избегнат тоа. Сопственото „јас" настапува и преовладува, и на тој начин на другите им се нанесува болка и се поттикнуваат лоши чувства. Колку и да се чисти нивните намери, нивните напори да прават добро речиси секогаш претрпуваат неуспех, а нанесуваат и штета, бидејќи ја немаат Христовата нежност и сожалување. Тие би биле добри хирурзи, но слаби болничари. Им недостига чувствителност која е плод на љубовта. Кога би ја поседувале, би знаеле како да кажат вистински збор и да постапат правилно во вистинскиот момент и на вистинското место. Можеби другите не копнеат поискрено да прават добро, и не се подлабоко заинтересирани за Божјото дело; тие можеби не се поискрени, ниту поодани, нивните склоности можеби не се подлабоки, нивната љубов можеби не е потопла; меѓутоа, тие сепак имаат успех во изведувањето на грешниците на вистинскиот пат благодарение на нивното внимателно и љубезно однесување. {5C 349.3}

На Господ би му било поугодно Неговиот народ да биде повнимателен отколку што е сега и во него да има повеќе милосрдие и пресретливост. Ако Христовата љубов престојува во срцето, тогаш секој поединец нежно води сметка за интересите и на другите. Братот не го искористува својот брат во меѓусебните деловни врски. Не зема претерана камата од братот кој се наоѓа во тешка положба и кому му е потребна помош. Тие што ја искористуваат несреќата на другите очигледно докажуваат дека не се раководат според начелата на Христовото евангелие. Нивниот живот во небесните книги е запишан како измама и нечесност; и секаде каде што владеат таквите начела Господовиот благослов не може да престојува во срцето. Таквите лица примаат белег на големиот непријател, а не на Светиот Дух. Меѓутоа, тие што на крајот ќе станат наследници на небесното царство мора да бидат преобразени со божествената благодат. Тие мора да бидат чисти во срцето и во животот и да поседуваат соодветен карактер. {5C 350.1}

Брате мој, ти се наоѓаш во голема опасност. Собираш богатство на земјата и срцето ти е врзано за тоа богатство. Но сите пари што можеш да ги натрупаш, па нека се и милиони, нема да бидат доволно да го платат откупувањето на твојата душа. Затоа мораш да се покаеш и да веруваш за да не ги спречиш Божјите милостиви намери. Немој да ја присилуваш Неговата рака да го уништи твојот имот и да те унесреќи. {5C 350.2}

Мнозина живеат на начин кој наскоро ќе предизвика казна. Тие од ден во ден, седмица по седмица, од година во година живеат само за сопствена себична корист. Нивното влијание и средствата што ги стекнале со помош на способностите и вештините што Бог им ги дал ги искористуваат само за себе и за своите семејства, без да мислат на својот милостив Доброчинител. Ништо не му враќаат на Дарителот. Навистина, тие сметаат дека животот и талентите што им се доверени се нивна лична сопственост. И кога на Бога му го враќаат делот што тој со право го бара, мислат дека со тоа го задолжиле својот Создател. Најпосле Неговото трпение кон таквите неверни повереници е исцрпено и Тој наеднаш ги прекинува нивните себични, земни планови, покажувајќи дека може да го растури она што тие го собирале раководејќи се единствено од нивната лична гордост и тие не можат да се спротивстават на Неговата сила. {5C 350.3}

Брате Ј. денес ти се обраќам како на еден заробеник на надежта. Но ќе сакаш ли да имаш во предвид дека твоето сонце пред извесно време го мина зенитот и дека набрзина заоѓа? Дојде вечерта. Не гледаш ли дека сенките стануваат сè подолги? Ти преостанува уште малку време да работиш за себе, за човештвото и за твојот Господар.

За твојата душа мора да се изврши нарочно дело ако сакаш некогаш да се вброиш меѓу победниците. Каков е записот за твојот живот? Дали Исус напразно се залага за тебе? Ќе се разочара ли од тебе? Некои твои другари, кои стоеја покрај тебе, веќе заминаа на починка. Вечноста ќе покаже дали тие пропуштиле да стекнат право на вечен живот и претрпеле бродолом на верата или биле послушни на Бога и станале наследници на „вечната и до сè попретежна слава". Нема ли да размислиш за тоа дека Божјото трпение кон тебе бара покајание и понизност на душата пред Него? {5C 351.1}

Покрај твоето лично спасение постојат и други значајни нешта на кои мораш да обратиш внимание. Колку и да е доцна, со оглед на тоа дека твоето сонце наскоро ќе зајде зад западните брегови, сè уште имаш должности кон твоите деца кои дозволија љубовта кон овој свет да ги одвои од Бога. Исто така имаш и роднини, соседи и пријатели кои не се спасени. Ако твојот пример беше во согласност со светлината што ти беше дадена, ако беше исто ревен во спасување на душите како што беше ревен во стекнување на пари и земно богатство, ако го употребеше твоето влијание и твоите средства, твојата мудрост и твоето пријатно однесување за собирање и придобивање на загубените души во Христовото стадо - кога такво би било твоето животно дело, ти би обезбедил жетва на души и би осигурал за себе богата награда на Божјиот ден. На тој начин би ѕидал драгоцена и непропадлива зграда на вистинските темели. Но наместо тоа, тие ѕидаше од дрво, слама и сено кои ќе изгорат кога ќе се испитува делото на секој човек. {5C 351.2}

Твојот живот е неуспех. Беше камен на сопнување за грешниците. Тие зборуваа за тебе: „Ако верата што ја исповеда овој човек е вистинската вера, зошто тој е толку врзан за овој свет? Зошто со своето однесување не го покажува Христовиот Дух?" Побрзај, драги брате, пред да биде засекогаш доцна, и тргни го тој камен на сопнување од патот на грешниците. Можеш ли со задоволство да го набљудуваш твојот живот и влијанието што го имаше? Ќе размислиш ли сега за твојот изминат живот? Ќе се потрудиш ли сега да стапиш во правилни односи со Бога? Не верувам дека на твоето срце не може да се влијае, и знам дека Божјата љубов, добрина и нежно милосрдие се чудесни. Ти остана уште малку време за поправање, ќе сакаш ли да го искористиш сега, додека Исус го преколнува Својот Татко за тебе? Тој милостиво ти го поштеди животот. Но твојот живот беше како неплодна смоква на која со години немаше плодови, туку само лисја. Колку долго ќе продолжиш да го разочаруваш Господарот? Ќе го принудиш ли да каже: „Отсега да нема плод на тебе довека", или „пресечи ја; зошто само да ја испостува земјата"? О, немој да чекаш Господ да ја подигне раката врз тебе и да го растури имотот што си го натрупал. Имај на ум дека целото твое богатство ниту еден момент нема да ти даде слатка сигурност и мир на претсмртната постела. {5C 352.1}

Сериозно ти укажувам на потребата веднаш да се вратиш кај Господа. Те преколнувам да го разочараш непријателот. Отргни се од неговата свирепа власт. Труди се во остатокот од твојот живот да го измениш тоа што е запишано за тебе на небото, за да не се посрамиш кога книгите ќе се отворат и кога на денот на судот ќе биде изречена пресуда на оние кои го запоставиле големото спасение. {5C 352.2}

Павле ги повикува своите ефески браќа правилно да го откупат времето, бидејќи деновите се зли. Тој повик може да се примени на тебе. Во една смисла неможно е да се надомести изгубеното време; бидејќи кога еднаш ќе помине, поминува засекогаш. Но ти си повикан да се преобразиш, да бидеш ревен во добри дела во ист степен во кој ја запоставуваше твојата должност. Мораш потполно да го промениш твојот живот. Удвој ја твојата трудољубивост за да го потврдиш својот повик и избор. Држи ги

Неговите уредби и Неговиот закон како зеницата на твоето око и ќе бидеш жив. Секој миг искористи го максимално работејќи за твојот вечен живот и за спасување на душите кои се околу тебе. На тој начин можеш да се спасиш ти и оние кои помалку или повеќе се под твоето влијание. Тоа се мотиви за кои мораш да размислиш. {5C 353.1}

Разбуди се! Разбуди се! Ти преостанува дело што мораш да го извршиш, а твоето сонце набрзина заоѓа. Твоите сили исчезнуваат. Меѓутоа, целото твое битие, секое делче од твојата способност, сето тоа му припаѓа на Бога и мора ревно и некористољубиво да го употребиш во Неговата служба. Работи додека сонцето сè уште е на небесниот свод, бидејќи „ќе настапи ноќ, кога никој нема да може да работи". {5C 353.2}

Дојди драги брате, дојди таков каков што си, грешен и осквернет. Стави го товарот на твојата вина на Исуса и со вера потпри се на Неговите заслуги. Дојди сега, додека уште се продолжува милоста, дојди со покајничка душа и Бог со радост ќе ти прости. Не се осмелувај да пропуштиш уште една прилика. Послушај го гласот на милоста кој те преколнува да станеш од мртвите за Христос да те осветли. Секој миг е непосредно поврзан со судбината во невидливиот свет. Затоа немој да дозволиш твојата гордост и неверство да те наведат да ја отфрлиш понудената милост. Ако го направиш тоа на крајот ќе лелекаш: „Мина жетвата, сврши летото, а ние не се избавивме" (Еремија 8:20). {5C 353.3}

Бдеј во длабока понизност пред Бога. Одлучи од овој момент да му припаѓаш на Господа извршувајќи ги своите должности, потпирајќи се на големото помирување. Постапувај така и од ништо не мораш да се плашиш. Остатокот од твојот животен пат ќе биде мирен и среќен и за себе ќе обезбедиш живот што трае вечно како што Бог е вечен. {5C 353.4}

Ти напишав затоа што почувствував дека Светиот Дух го бара тоа од мене и затоа што многу се грижам за тебе. Немој да дозволиш во ниеден момент твоите чувства да се свртат против мене, бидејќи ме поттикна љубовта кон твојата душа. Имаше многу драгоцени моменти во кои заедно го славевме Бога, кога Неговиот благ благослов ги растреперуваше нашите срца. Дали тие моменти завршија засекогаш? Можеби никогаш повеќе нема да се сретнеме во овој живот; но зар да не се состанеме кога откупените ќе се соберат пред големиот бел престол? {5C 354.1}

---

41. ПРОИЗВОДСТВО НА ВИНО И ФЕРМЕНТИРАН СОК ОД ЈАБОЛКИ (ЦИДЕР)

Драги браќа и сестри од црквата во _____, ми беше покажано дека како црква не се развивате во благодатта и во познавањето на вистината. Меѓу вас нема посветеност на Бога, лојалност на Неговата служба и некористољубиво залагање за напредок кои вашата црква би ја претвориле во напредна и здрава црква. Не се покорувате меѓу себе. Мнозина меѓу вас спроведуваат сопствени идеи и остваруваат себични планови, и во нив припаѓаат и некои кои заземаат истакнати места во црквата. {5C 354.2}

Братот К. не го насочи погледот само кон Божјата слава. Тој не ги набљудува нештата од вистински агол на гледање. Се управува според дошепнувањата на сатаната и се раководи според сопственото непосветено расудување, внимателно забележувајќи

го секој збор кој би можел да биде претставен како оправдување за неговиот лош правец. Тој е самоизмамен; тој не гледа дека се одвојува себеси од Божјиот Дух. Кога тој започна да оди по тој пат тој не знаеше за неговите опасности ниту пак сфати каде истиот би го водел. Сите кои чекорат по истиот пат ќе направат добро ако веднаш ги одвратат своите стапала кон патот на безбедноста. {5C 354.3}

Ние живееме во време на неумереност. Задоволувањето на апетитот и пиењето и производството на јаболков ферментиран сок претставува навреда за Бога. Заедно со другите учествувавте во оваа работа бидејќи не ја следевте светлината. Ако ја прифатевте светлината и ако живеевте според неа, такво нешто не би сакале ниту би можеле да направите. Секој од вас, кој учествуваше во таа работа на себе ќе навлече Божја осуда доколку потполно не го промени своето занимање. Ова треба да го сфатите најсериозно. Веднаш треба да почнете вашите души да ги чистите од престапите. {5C 354.4}

Некои од вас во _____ многу ревно ги осудуваа клубовите со црвена лента. Доколку во тоа се раководевте да го осудите злото во овие друштва, бевте во право; но ако сметавте дека е злосторство да се каже било што во нивна полза или да им се покаже некаква наклонетост, вие заминавте во крајност. Морате да бидете доследни во сè. Го замразивте и самото име „клубови со црвена лента”, бидејќи тоа не потсетува на Светиот Дух, но вашата огорченост не ви помогна вам ниту пак на некој друг. {5C 355.1}

Ги искористивте сведоштвата, што беа дадени по прашањето на односот на нашиот народ кон друштвата за умереност и ги толкувавте искривено за да вршите притисок и да ги обременувате луѓето. Преку вашето постапување со вистината која ви беше дадена вие мојата работа ја донесовте во злогласност. За тоа не постоеше ниту најмала потреба и некои од вас мораат да се потрудат за да ги исправат своите постапки. Вие би сакале на другите да им направите железни постели, да ги истегнете луѓето ако се кратки и да ги пресечете ако се предолги. „Не судете, за да не бидете судени” (Матеј 7:1). {5C 355.2}

Иако заземавте одлучен став против соработка со друштвата за умереност, сепак можевте да го задржите благотворното влијание врз другите, ако делувавте во согласност со светата вера која ја исповедате. Но оддавајќи се на производство на јаболков ферментиран сок, вие многу му наштетивте на вашиот углед. Што е уште полошо, вие дадовте повод да се срами вистината заради што трпеа и вашите души. Поставивте уид меѓу вас и делото на умереност. Вашите постапки ги натераа неверниците да се посомневаат во вашите начела. Вие не го израмнувате патот пред вашите нозе и хромите и неодлучните се сопнуваат од вас и паѓаат во пропаст. {5C 355.1}

Не можам да сфатам како христијаните во светлината на Божјиот закон можат при здрава совест да се оддадат на производство на вино или ферментиран сок од јаболка за продажба. Овие артикли можат да се употребат во добри цели и да станат благослов, а можат да се употребат и на зло и да станат искушение и проклетство. Јаболковиот сок и виното можат да се конзервираат пред да превријат и така можат да потрајат долго време. Користени како такви нема да ја одземат власта на разумот. Но тие кои ги преработуваат јаболките во јаболков сок не внимаваат какво овошје употребуваат, па често цедат сок и од изгниени јаболка. Луѓето што никогаш не би помислиле да јадат такви расипани јаболка, пијат јаболков сок од такви јаболка и велат дека тоа е уживање. Но микроскопот ќе открие дека овој пријатен пијалок е несоодветен за човечкиот организам, дури и кога се пие свеж. Тој е помалку опасен ако се свари и ако се издвојат штетните состојки. {5C 356.1}

Повеќе пати сум слушнала луѓе како зборуваат: „О, тоа е само сладок сок од јаболка. Тоа воопшто не е штетно, дури е и здраво”. И луѓето носат во домот неколку литри. Тој е сладок неколку дена, а потоа почнува процесот на вриење. Меѓутоа, мнозина го сакаат токму заради остриот вкус, а тој што сака слатко вино и јаболков сок без радост признава дека превреле. Луѓето можат да се опијат со вино и со јаболков сок исто како и со жестоки пијалоци. Токму најлошото пијанство го предизвикуваат тие таканаречени благи пијалоци. Страстите стануваат уште поизопачени, карактерот уште повеќе се менува, стануваат поупорни и понепопустливи. Одредена количина на вино и јаболков сок предизвикува желба за жестоки пијалоци и во многу случаи, луѓето станале вистински пијаници на тој начин. За некои луѓе ниту најмалку не е препорачливо во куќата да имаат вино или јаболков сок. Тие наследиле страст кон пиењето и сатаната постојано ги наведува да пијат. И кога ќе попуштат на неговите искушенија не се сопираат. Страста бара да биде задоволена и тие ја задоволуваат и на тој начин пропаѓаат. Мозокот станува зашеметен и збркан, разумот веќе нема узди, бидејќи тие се ставени на вратот на лакомоста. Како последица на пиењето на вино и на јаболково вино настапува разврат, брачно неверство и секакви пороци. Тој што ја исповеда нашата вера, а сепак се оддава на овие пијалоци никогаш нема да напредува во благодатта. Тој станува груб и порочен; сетилните страсти завладуваат над умните сили и доблестите не се почитуваат повеќе. {5C 356.1}

Умереното пиење е училиште во кое луѓето се воспитуваат да станат вистински пијаници. Сатаната толку незабележливо ги заведува луѓето далеку од тврдината на умереноста, безазленото вино и јаболковиот сок, толку незабележливо влијае на луѓето што тие и не забележуваат кога стапиле на патот на пијанството. Така се развива наклонетост кон пиење и нервниот систем пропаѓа. Сатаната го држи таквиот во постојан немир и јадната жртва, сè уште убедена дека е потполно сигурна, оди сè подалеку и подалеку, сè додека не се сруши и последната препрека и додека не се жртвуваат сите начела. Најсилните одлуки се поткопани; дури и вечните интереси не се доволно силни за изопачените желби да ги стават под власта на разумот. {5C 357.1}

Има луѓе кои никогаш не се вистински пијани, но секогаш се под дејство на ферментираниот јаболков сок и превриеното вино. Тие се во постојана треска, неурамнотежени се, не вистински пијани, но во исто толку лоша состојба; затоа што сите благородни сили на умот се изопачени. Човекот станува наклонет на разни болести: воденета болест, болестите на црниот дроб, треперења, навала на крв во главата. Тоа се последици на редовната употреба на киселиот јаболков сок. Тоа кај мнозина предизвикува хронични болести. Некои умираат од исцрпеност или заради срцев удар само заради таа причина. Други страдаат од лошо варење. Секоја витална функција е замрена и лекарите им зборуваат дека имаат заболен црн дроб. Всушност, кога би ги испокршиле буриња со ферментиран јаболков сок и никогаш не би ги замениле, нивните злоупотребени животни сили би се повратиле. {5C 357.2}

Оној што пие ферментиран јаболков сок ќе почне да пие и посилни пијалоци. Желудникот ја губи неговата природна сила, и чувствува потреба за нешто посилно за да биде натеран да проработи. Во една прилика јас и мојот сопруг бевме принудени неколку часови да чекаме воз при едно наше патување. Додека чекавме на станицата, во ресторанот влезе еден фармер со црвено лице и запраша со силен, груб глас: „Имате ли првокласен бренди?” Му одговорија потврдно и тој нарача половина кригла. „Имате ли зачин од пипер?” Му одговорија: „Имаме”. „Ставете две големи лажици”. Потоа порача уште две големи лажици алкохол и на крајот побара „добра доза на црн пипер”.

Човекот што го подготвуваше ова го запраша: „Што ќе правите со ова?” Тој одговори: „Мислам дека тоа ќе ми биде добро”. Потоа ја приближи чашата до устата и ја испи сета оваа огнена смеса. Овој човек со употребата на жестоки пијалаци го уништил нежното ткиво на својот желудник. {5C 357.3}

Читајќи го ова, мнозина ќе се насмеат ако ги предупредам на опасноста. Тие ќе кажат: „Ова малку вино или ферментиран јаболков сок несомнено не може воопшто да ми наштети”. Сатаната знае дека токму овие се негов плен. Тој ги води чекор по чекор сè подалеку и тие не го забележуваат тоа сè додека ланецот на навики и желби не стане толку силен што е неможно да се раскине. Видете колкава моќ имаат жестоките пијалоци над луѓето, што многу луѓе на сите позиции и со големи одговорности, луѓе на значајни положби, со големи способности, со големи достигнувања и префинети чувства, со силни нерви и силен разум жртвуваат сè за да ја задоволат оваа нивна страст. Најпосле тие паѓаат на ниво на животни. А во многу случаи нивниот пад почнал со пиење на вино и ферментиран јаболков сок. {5C 358.1}

Тага ми го обзема срцето што разумни мажи и жени кои за себе тврдат дека се христијани тврдат дека нема ништо лошо во произведувањето на вино и јаболков сок за продажба, бидејќи сметаат дека тие не се штетни во свежа состојба. Овој предмет има и една друга страна, која тие нема да ја земат во предвид, бидејќи себичноста им ги затворила очите за страшните зла што можат да произлезат од употребата на овие стимуланси. Не гледам начин нашите браќа да го избегнуваат секое зло, а притоа да се оддаваат на одгледување хмељ иако знаат за што е наменет. Тие што помагаат да се произведуваат пијалоци кои подоцна надразнуваат на употреба на уште посилни, ќе добијат плата според нивните дела. Тие се престапници на Божјиот закон и ќе бидат казнети за гревовите што ги прават, како и за гревовите на кои ги навеле другите изложувајќи ги на искушенија. {5C 358.2}

Сите што веруваат во вистината за ова време и сакаат да бидат реформатори нека живеат во согласност со нивната вера. Ако човекот чиешто име е запишано во книгата на црквата произведува вино и јаболково вино за продажба, треба љубезно да биде опоменат, а ако и понатаму продолжи да го прави тоа, треба да биде укорен пред црквата. Тие што нема да се откажат од овој бизнис не се достојни да имаат место во Божјиот народ и да се нарекуваат со неговото име. Ние треба да бидеме следбеници на Христа и со сето срце и влијание треба да се заложуваме за искоренување на секое зло. Како ќе се чувствуваме кога ќе се излее Божјиот гнев и кога ќе се соочиме со луѓето кои станале пијаници преку нашето влијание? Ние живееме во денот на помирувањето и нашите постапки ќе бидат изнесени на преглед пред Бога. Како ќе одговориме пред небесниот суд, ако со своите постапки ги наведуваме луѓето на употреба на опојни средства кои го заматуваат умот и ја уништуваат доблеста, чистотата и љубовта кон Бога? {5C 359.1}

Еден законик го запрашал Христа: „Учителе, што треба да направам за да наследам живот вечен? А Тој му рече: ‘Што е напишано во Законот? Што читаш таму?’ Тој одговори и рече: ‘Возљуби Го Господ, твојот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, со сета своја сила и со сиот свој разум; и својот ближен како себеси!’ Му кажа пак: ‘Добро одговори; тоа прави го и ќе живееш’” (Лука 10:25-28). Овде се работи за наградата на вечниот живот и Исус ни кажува како можеме да ја добиеме. Тој нè упатува на Писмото: „Што читаш таму?” Тука е покажан патот; треба да го љубиме Бога највеќе од сè и ближните како самите себеси. Но ако ги љубиме ближните како самите себеси, не смееме да им продаваме нешто што ќе ги упропасти. {5C 359.2}

Целата должност на христијанинот се состои во тоа да го љуби Бога и човекот. Ако законот на љубовта е запишан на плочите на срцето, Светиот Дух е во него и карактерот се покажува во добрите дела. Исус станал сиромав за ние да се збогатиме со Неговото сиромаштво. Каква жртва сме волни да поднесеме за Него? Ја чуваме ли Неговата драгоцена љубов во срцата? Ги љубиме ли нашите ближни како Тој што нè љубеше? Ако имаме љубов кон Него во нашите срца, секогаш ќе внимаваме со нашите зборови, дела и влијание да не ги доведеме во искушение оние што имаат слаба морална сила. Не смееме да ги осудуваме слабите и несреќните, како што тоа постојано го правеле фарисеите, туку мораме да копнееме за тоа да ги отстраниме сите пречки од патот на нашите браќа, за хромите да не застранат од патот. {5C 359.3}

Како народ, ние се сметаме за реформатори кои на светот му носат светлина, за верни Божји стражари, кои ја чуваат секоја патека по која сатаната може да дојде за со неговите искушенија да го изопачи апетитот. Ние мораме со нашиот пример и влијание да се заложиме за реформа. Мораме да се откажеме од секоја постапка која би можела да ја заведе совеста на другите и да ги доведе во искушение. Не смееме да отвориме ниедна врата преку која сатаната би можел да добие пристап кон битијата создадени според Божјото обличје. Кога сите би биле совесни и би внимавале на тие мали отвори направени со умереното користење на таканаречените нештетни пијалоци, виното и јаболковото вино, би се затворил патот кој води во пијанство. Тоа што е потребно во секоја црква се цврсти начела и волја да не се вкусува, допира и фаќа. Тогаш реформата на умереноста ќе биде силна, постојана и целосна. {5C 360.1}

Сребролубието ги наведува луѓето да работат против својата совест. Можеби токму тие пари би се приложиле во Божјата ризница, но Тој не ги прима таквите дарови, бидејќи тие се навреда за Него. Тие пари се стекнати со престап на Неговиот закон, кој бара човекот да го љуби ближниот како самиот себеси. За престапникот нема никаква вредност оправдувањето дека тоа би го направил некој друг и дека неговиот ближен сепак би станал пијаница. Зар христијаните смеат да се осмелат своите алишта да ги испрскаат со крвта на душите - врз себе да го навлечат проклетството изречено над оние кои поставуваат искушенија на патот на заблудените луѓе? Исус ги повикува Своите следбеници да се соберат под Неговото знаме и да помогнат во уништувањето на ѓаволските дела. {5C 360.2}

Откупителот на светот, кој добро ја познава состојбата на општеството во овие последни денови, кажува дека прејадувањето и пијанството се гревови кои го осудуваат ова време. Тој ни кажува дека во времето кога ќе се појави Човечкиот Син ќе биде исто како во времето на Ное. „Јадеа и пиеја, се женеа и се мажеа до оној ден кога Ное влезе во ковчегот и не сфатија додека не дојде потопот и истреби сè" (Матеј 24:38, 39). Истата состојба ќе преовладува и во последните денови и оние што веруваат во овие опомени ќе бидат мошне претпазливи, за да не тргнат по патот кој носи осуда. {5C 361.1}

Браќа, да го посматраме ова прашање во светлината на Светото Писмо и одлучно да се заложиме за умереност во секој поглед. Јаболката и грозјето се Божји дарови, тие можат да се искористат како здрава храна, а можат и да се злоупотребат. Бог веќе ги уништува лозјата и јаболкниците затоа што човекот ги користи на погрешен начин. Светот нè гледа како реформатори; да не им даваме на неверниците никаква прилика да ја срамат нашата вера. Христос рекол: „Вие сте солта на земјата," „светлина на светот" (Матеј 5:13, 14). Да им покажеме дека нашите срца и нашата совест се под преобразувачкото влијание на божествената благодат и дека во нашиот живот се

управуваме според чистите начела на Божјиот закон, па дури и ако тие начела бараат да ги жртвуваме нашите земни интереси. {5С 361.2}

---

42. БРАК СО НЕВЕРНИЦИ

Драга сестро Л. слушнав дека имаш намера да стапиш во брак со човек кој не е соединет со тебе во верата и се плашам дека не си размислила внимателно за тоа важно прашање. Пред да преземеш чекор кој ќе влијае на целиот твој иден живот, те повикувам за тоа да размислиш грижливо и со молитва. Дали таа врска ќе биде извор на вистинска среќа? Дали ќе ти помогне во христијанскиот живот? Дали ќе му биде угодна на Бога? Дали другите ќе можат да се угледаат на твојот пример? {5С 361.3}

Пред да даде согласност за брак, секоја жена треба да испита дали е достоен тој со кого сака да ја поврзе својата судбина. Каков бил неговиот поранешен живот? Дали неговиот живот е чист? Дали љубовта која ја покажува е благородна, со возвишен карактер, или тоа е само чувство на заљубеност? Дали поседува црти кои ќе ја усреќат? Може ли таа да најде вистински мир и радост во неговата љубов? Дали таа ќе ја сочува својата личност или нејзиното расудување и совест ќе бидат потчинети на контролата на нејзиниот сопруг? Како Христов ученик таа не е своја туку е откупена со скапа цена. Ќе може ли да ги исполнува најпрво барањата на Спасителот? Дали телото и душата, мислите и целите ќе бидат сочувани чисти и свети? Тие прашања се од животно значење за добробитта на секоја жена која стапува во брачни односи. {5С 362.1}

Верата е потребна во семејниот живот. Само таа може да ги спречи големите зла кои често го загорчуваат брачниот живот. Длабоката вистинска несебична љубов може да опстојува само кога владее Христос. Тогаш душата е поврзана со другата душа и двата животи складно се прилагодуваат еден на друг. Божјите ангели се гости во таквиот дом и нивното свето присуство ќе ја посвети брачната соба. Ниската сетилност ќе биде прогонета. Мислите ќе бидат упатени кон Бога, преданоста на срцето ќе му биде посветена Нему. {5С 362.2}

Срцето копнее за човечка љубов, но таа љубов не е доволно силна, чиста, и драгоцена за да може да ја замени Христовата љубов. Само во својот Спасител жената може да најде мудрост, сила и благодат за да ги преброди грижите, одговорностите и страдањата во животот. Тој мора да биде нејзина сила и нејзин водач. Жената треба да му се предаде на Христа пред да се предаде на било кој друг земен пријател и не треба да стапува во односи кои не се во хармонија со тоа. Тие што сакаат да најдат вистинска среќа мораат да поседуваат благослов од небото за сè што имаат и сè што прават. Непослушноста кон Бога многу срца и домови исполнува со беда. Драга сестро, ако сакаш твојот иден дом да го поштедиш од постојано присуство на мрачни сенки, немој да стапуваш во брак со човек кој е непријател на Бога. {5С 362.3}

Знаејќи дека со овие зборови ќе се соочам на судот, те преколнувам да размислиш за чекорот што планираш да го преземеш. Запрашај се: „Нема ли неверниот сопруг да ги одврати моите мисли од Исуса? Тој повеќе го сака задоволството од Бога. Нема ли да ме наведе да уживам во нештата во кои тој ужива?” Патеката кон вечниот живот е стрмна и нерамна. Немој на себе да преземаш нови товари кои ќе го успорат твоето

напредување. Имаш премалку духовна сила и потребна ти е поддршка наместо спречување. {5C 363.1}

Господ му заповедал на стариот Израел да не стапуваат во бракови со идолопоклоничките народи кои живееле околу нив. „И не ородувај се со нив: ќерката своја не ја давај на синот негов, и ќерката негова не земај ја за синот твој" (Второзаконие 7:3). Дадена е и причината за тоа. Предвидувајќи ги последиците од таквиот брак, бескрајната Мудрост кажува: „Зашто тие ќе ги одвратат синовите твои од Мене, за да им служат на други богови; тогаш ќе се разгори врз вас гневот на Господ и Тој ќе ве истреби" (Стих 4). „Зашто ти си свет народ на Господ, твојот Бог; тебе те избра Господ, твојот Бог, за да бидеш Негов сопствен народ меѓу сите народи, што се на земјата" (Стих 6). „И така знај дека Господ, твојот Бог, е Бог верен, Кој го пази заветот и има милост кон оние кои го сакаат и ги извршуваат заповедите Негови до илјада поколенија; а оние, кои го мразат, ги казнува и ги погубува; Тој не заборава да го казни токму оној, кој го мрази" (Стихови 9 и 10). {5C 363.2}

Во Новиот Завет има слични забрани во врска со браковите на христијаните со неверниците. Апостол Павле во своето прво послание до Коринтјаните вели: „Жената е врзана додека е жив мажот нејзин; а ако умре мажот нејзин, таа е слободна да се премажи за кого сака, но само во името на Господ" (1. Коринтјаните 7:39). „Не впрегнувајте се заедно со неверниците; зашто какво заедништво постои меѓу правдата и беззаконието? Што заедничко има меѓу светлината и темнината? Какво согласие може да има меѓу Христос и Велијар? Или, што има заедничко меѓу верник и безверник? Каква спогодба има храмот Божји со идолите? Вие сте храм на живиот Бог, како што рекол Бог: 'Ќе се вселам во нив и ќе одам меѓу нив; ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ.' 'Затоа излезете од нивната средина и одделете се!' вели Господ, и 'не допирајте се до нечисто, и Јас ќе ве примам! И Јас ќе ви бидам Татко, а вие ќе Ми бидете синови и ќерки'", вели Господ Седржителот" (2. Коринтјаните 6:14-18). {5C 363.3}

Драга сестро, дали се осмелуваш да ги заобиколиш овие јасни и одредени упатства? Како Божјо дете, како поданик на Христовото царство, откупена со Неговата крв, како можеш да се поврзеш со некој кој не ги признава Неговите барања, кој не се наоѓа под власт на Неговиот Дух? Заповедите што ти ги наведов горе не се човечки зборови, туку Божји. Ако другарот што го одбра е достоен во секоја друга смисла (што не е случај), тој сепак не ја прифатил вистината за ова време. Тој е неверник и небото не ти дозволува да стапиш со него во брачна врска. Не можеш да го занемариш тоа божествено барање, а притоа да не ја изложиш твојата душа на опасност. {5C 364.1}

Сакам да те предупредам на опасноста пред да биде премногу доцна. Ти ги слушаш ласкавите, пријатни зборови и наклонета си да веруваш дека сè ќе биде добро; меѓутоа не ги знаеш побудите кои ги поттикнуваат таквите убави зборови. Не можеш да ја согледаш длабочината на расипаноста скриена во срцето. Не можеш да погледнеш зад завесата и да ги забележиш стапиците што сатаната ги поставува за твојата душа. Тој сака да те наведе на пат на кој лесно би можел да ти пријде и против тебе да ги впери стрелите на своите искушенија. Не му дозволувај да те искористи ниту најмалку. Додека Бог влијае на умот на Своите слуги, сатаната работи преку децата на непокорноста. Меѓу Христос и Велијар не може да има договор. Меѓу тие две страни не може да има никаква хармонија. Поврзување со неверник значи поминување на сатанска почва. Со тоа ќе го ожалостиш Светиот Дух и ќе ја загубиш Неговата заштита. Можеш ли себеси да се дозволиш такви товари додека се бориш за вечен живот? {5C 364.2}

Ти би можела да кажеш: „Но јас веќе дадов ветување и треба ли сега да го порекнам?” Јас ти велам: ако си дала ветување спротивно на Светото Писмо, тогаш на секој начин одречи се од него и понизно покај се пред Бога заради љубовната занесеност која те наведе да дадеш непромислено ветување. Многу е подобро во Божји страв да се одречеш од тоа ветување, отколку да го исполниш и да го обесчестиш твојот Создател на тој начин. {5C 365.1}

Имај на ум дека пред тебе е можноста да го задобиеш небото и од друга страна, отворен пат кон пропаста која треба да ја избегнеш. Бог го мисли тоа што го кажува. Кога на нашите прародители им забранил да јадат од дрвото за познавање, нивната непослушност ги отворила браните на страдањата кои го преплавуваат целиот свет. Ако ние одиме наспроти Бога, Тој ќе оди наспроти нас. Единствен пат да бидеме безбедни е да сме послушни на сите Негови заповеди, по секоја цена. Сите тие се засновани на бескрајната љубов и мудрост. {5C 365.2}

Духот на интензивна световност кој постои денес, наклонетоста да не се признаваат возвишените обврски, туку само угодување на самите себеси е еден од знаците на последното време. „Но, како што беше во деновите на Ное”, рекол Христос, „така ќе биде и при доаѓањето на Синот Човечки; зашто, како што во деновите пред потопот јадеа и пиеја, се женеа и се мажеа до оној ден кога Ное влезе во ковчегот, и не сфатија додека не дојде потопот и истреби сè” (Матеј 24:37-39). Мажите и жените од ова поколение се женат и се мажат безобѕирно поминувајќи преку Божјите заповеди како што било во времето на Ное. Во христијанскиот свет постои изненадувачка, загрижувачка рамнодушност кон поуките на Божјата реч во врска со браковите кои христијаните ги склопуваат со неверниците. Мнозина кои тврдат дека го љубат Бога и дека имаат стравопочит кон Него се управуваат според сопственото расудување и не бараат совет од бескрајната Мудрост. За прашањето кое е од животно значење за среќата и добробитта на двете страни, во овој и во идниот свет, разумот, расудувањето и Божјиот страв се оставаат на страна и се дозволува да победат слепиот нагон и упорната решителност. Мажите и жените кои инаку се разумни и совесни ги затвораат ушите за совети. Тие се глуви на повиците и преколнувањата на пријателите, роднините и Божјите слуги. Зборовите на претпазливост или опомена се сметаат за дрско вмешување, а кон пријателот кој е толку верен што упатува опомена, се постапува како кон непријател. Сето тоа е онака како што сатаната сака да биде. Тој плете мрежа на магии околу душата додека потполно не ја маѓепса и зашемети. Разумот дозволува уздите на самосовладувањето да паднат на вратот на телесните желби додека телесните желби не победат наполно; а жртвата ја разбудува животот на беда и ропство, но тогаш е предоцна. Ова не е слика нацртана од фантазијата, туку изложување на фактите. Божјиот благослов не може да се излие на браковите кои Тој нарочно ги забранил. Со години примам писма од разни лица кои склопиле несреќни бракови и тие жалосни истории што ми се изложуваат се доволни да предизвикаат болка во срцето. Не е лесно да се одлучи каков совет да им се даде на тие несреќници или како може да се олесни нивната тешка судбина. Но нивното жално искуство треба да биде опомена за другите. {5C 365.3}

Во светот денес, кога сцената на земната историја наскоро треба да се затвори и кога се наоѓаме непосредно пред деновите на неволи какви што немало, подобро е и за мажите и за жените да се склопуваат што помалку бракови. Но над сè, кога сатаната дејствува со секакви измами на неправда меѓу смртниците, христијаните треба да внимаваат да не влегуваат во брачни врски со неверниците. Бог ја дал Својата Реч; и сите

што се плашат од Него ќе се покорат на Неговите мудри барања. Нашите чувства, побуди и склоности треба да бидат насочени кон небото, а не кон земјата на нискиот, животински тек на сетилните мисли и задоволства. Сега е време кога секоја душа треба да се однесува како да се наоѓа пред очите на Бога кој го испитува срцето. {5C 366.1}

Драга моја сестро, како Христова следбеничка мораш да испиташ какво влијание ќе има тој чекор не само на тебе, туку и на другите. Христовите следбеници мора да соработуваат со својот Учител; тие мораат да бидат: „Прави и чисти, непорочни чеда Божји, сред изопачено и развратно поколение", кажува Павле, „во кое светите како светила во светот" (Филипјаните 2:15). Ние ги примивме блескавите зраци на сонцето на правдата, и тие треба преку нашите добри дела да ги осветлуваат другите со јасна, постојана светлина, која никогаш не треба да потемни и ослаби. Не можеме да бидеме сигурни дека не нанесуваме никаква штета на оние околу нас ако со нашето влијание не ги водиме во правец на небото. {5C 366.2}

„Вие сте Мои сведоци", кажува Исус и при секоја постапка мораме да се запрашаме: Какви последици ќе има таа за царството на Откупителот? Ако навистина сте Христови ученици ќе одите по Неговите стапки, без разлика колку е тешко тоа за вашите природни склоности. Павле рекол: „А мене, да не ми даде Господ да се фалам со ништо друго, освен со крстот на нашиот Господ Исус Христос, преку Кого за мене светот е распнат, а и јас за светот" (Галатјаните 6:14). Ти, Сестро Л. мораш да седнеш покрај Исусовите нозе и да се поучуваш од Него како што некогаш тоа го правела Марија. Бог бара целосно да Му ја потчиниш својата волја, своите планови и намери. Исус е твојот Водач; треба твојот поглед со доверба да го насочиш само на Него; и не смееш да дозволиш нешто друго да те одврати од животот на посветеност кој го должиш на Бога. Треба да мислиш на небото, од каде го очекуваш Спасителот. Твојата побожност треба да биде таква што ќе ја почувствуваат сите кои се изложени на твоето влијание. Бог од тебе бара во секоја постапка во твојот живот да избегнуваш сè што изгледа дека е зло. Дали постапуваш така? Твојата најсвета обврска е да не ја понижуваш и срамотиш твојата вера стапувајќи во брачна врска со непријател на Господа. Ако доаѓаш во искушение да ја потценуваш Неговата Реч затоа што и другите го прават тоа, помисли на тоа дека со твојот пример ќе влијаеш на другите. Другите ќе те следат тебе и злото ќе се прошири. Иако тврдиш дека си Божјо дете, ако ги отфрлиш Неговите барања, ќе им нанесеш бескрајна загуба на оние кои се поведуваат по тебе. {5C 367.1}

Тие што се постојани во Христа секогаш ќе копнеат за тоа да ги спасуваат душите. Но ти што направи да го прославиш Оној кој те повика од темнината? „Стани ти што спиеш, воскресни од мртвите, и Христос ќе те осветли" (Ефесјаните 5:14). Отргни се од смртоносната залуденост која ја поматува твојата свест и ја умртвува енергијата на твојата душа. {5C 367.2}

Нам ни се предочени најсилните мотиви за верност, највозвишените побуди, најславната награда. Христијаните треба да бидат и претставници на Христа, Божји синови и ќерки. Тие се Негови скапоцени камења, Негово одбрано богатство. Тој им ветува на сите што ќе останат непоколебливи: „Тие ќе одат со Мене во бела облека, бидејќи се достојни" (Откровение 3:4). Тие што ќе влезат низ вратата на небесното блаженство ниедна жртва која ја поднеле нема да ја сметаат за преголема. {5C 368.1}

Господ нека ти помогне да истраеш во испитот и да ја сочуваш твојата исправност. Цврсто со вера фати се за Исуса. Немој да го разочараш твојот Откупител. {5C 368.2}

Света Елена, Калифорнија, 13. февруари 1885.

_____

43. ПОДДРЖУВАЊЕ НА МИСИИТЕ ВО ГРАДОВИТЕ

Драги Брате М. пред неколку дена го примив писмото што му го испрати на проповедникот Н. во кое даваш сериозни забелешки против тоа што вашата Област ја помага мисијата во _____ и кажуваш дека и сите други Области во полето треба да се заинтересираат за таа мисија. Но ако овие Области сега немаат важни мисии кои би ги поддржале во нивните градови, зар нема такви места каде ваквите мисии би требало да бидат воспоставени? Кога од вашата Област се бара да ја помага мисијата во _____ под надзор на Генерална Конференција, одговорните луѓе треба да почувствуваат дека тоа е доказ за довербата што нивните браќа ја имаат во нив и треба да кажат: „Да, ние ја прифаќаме оваа света доверба. Ќе направиме сè што е во наша моќ за оваа мисија да биде успешна, за да ја оправдаме довербата која нашите браќа ја имаат во нас. Ќе бараме мудрост од Бога, и ако е потребно, ќе поднесеме жртви и ќе спроведеме најстрого штедење". Бог ќе ви помогне во извршувањето на оваа должност, така што тие ќе ви бидат благослов, а не товар или пречка за Божјото дело во вашата држава. {5C 368.3}

Овој голем град е во мрак и заблуда, и ние долго време дозволувавме да остане таков. Дали Бог ќе ни прости за оваа наша немарност? Како ќе се оправдаме за мажите и жените кои умреле без да го слушнат словото на сегашната вистина и кои би ја примиле вистината ако им ја однесевме? Ме вознемирува тоа што делото во _____ толку долго беше занемарувано. Делото што сега се врши таму можеше да се оствари многу години порано, и тоа со многу помалку труд, средства и време. Сепак, тоа сега не смее да остане ненаправено. Започнато на мошне скромна основа, тоа постигна многу повеќе отколку што можеше да се очекува, со оглед на средствата со кои се располагаше. Но мора да се создадат поповолни услови. Мора да се најде место каде народот ќе може да ја чуе вистината. Мора да се најдат средства за да им се помогне на работниците во мисионското поле, за да можат да живеат, не раскошно, туку скромно, но удобно. Тие се Божји орудија и не смее да се преземе или да се каже нешто што би можело да ги обесхрабри. Напротив, треба да ги поткрепуваме нивните раце и да ги храбриме нивните срца. {5C 369.1}

Вашата Област располага со доволно средства за да го помага ова дело. Зар треба да дозволиме кнезот на мракот неограничено да владее во нашите големи градови, затоа што за издржување на мисијата потребно е нешто да се даде? Тие што сакаат до крај да го следат Христа нека ја прифатат работата, па тоа нека е и против волјата на проповедниците и претседателот. Тие што за ваквите работи зборуваат: „Те молам, извини ме" не внимаваат дали нема да примат награда за сегашноста и за вечноста. Христијаните што ја сакаат својата должност нека направат сè што е во нивна моќ, а потоа нека бараат сила од Бога. Тој ќе делува преку достојни мажи и жени и ќе го направи она што тие не се во состојба да го направат сами. Тие кои ќе го искористат тоа што го прифатиле, ќе примат нова светлина и сила. Кога црквата ќе види дека нешто е постигнато, ќе добијат нова волја и ревност. {5C 369.2}

Ние се радуваме во духот кога ќе помислиме што сè би можело да се направи, но црвенееме пред својот Создател при помислата колку малку сме направиле. Пастирите

ги занемарија должностите што Бог им ги доверил; беа ограничени и им недостасуваше вера; поттикнуваа страв кој не може да се прости, нетрудољубовост и закоравеност. Не ја сфатиле големината и значењето на делото. Потребни се луѓе чиишто очи се намачкани со очна маст, кои ги гледаат и сфаќаат намерите на небото. Тогаш ќе се подигне знамето на побожноста и за дејствување ќе се пријават вистински мисионери, подготвени да се жртвуваат за вистината. Во црквата нема место за себичните и за оние што сакаат за удобност туку се повикуваат мажи и жени кои ќе се заложат знамето на вистината да го истакнат во нашите големи градови и на големите сообраќајни патишта и раскрсници. {5C 370.1}

На светот треба да се однесе веста на опомена, и треба во понизност да работиме според можностите што Бог ни ги подарил. Верниците во сите држави треба да станат на работа. Какво право имаат луѓето со непосветени и ограничени погледи да одредуваат што ќе прави нивната Област, а што нема? Мисијата во _____ нема да биде препуштена само на вашата држава, но кога вашата Област со сето срце би се залагала за тоа дело, би можела да ги издржи сите вакви мисии без напори. Препашајте се, браќа, и тргнете на работа. Времето изгубено заради вашето неверување и малодушност е изгубено засекогаш. Ако проповедниците ги извршуваат своите должности, и широкоградите луѓе кои го љубат Бога и ги држат Неговите заповеди, ќе станат и ќе го помогнат Господовото дело. Црквата на тој начин ќе се подготви за идните напори, бидејќи нашите добродетелства никогаш не треба да престанат. {5C 370.2}

Проповеднику М., ти како претседател на Областа во _____, со твојот начин на управување покажа дека не си достоен за довербата што ти е укажана. Се покажа како конзервативен со застарени и ограничени поими. Не направи ниту половина од она што можеше да го направиш ако заземеше правилен став кон делото. Можеше да бидеш многу поискусен и поспособен отколку што си денес, и многу поподготвен со успех да ја вршиш таа света и значајна мисија - дело кое би ти донело општа доверба од нашиот народ. Но, како и другите браќа проповедници во вашата држава, ти не го следеше Божјото провидение и не покажа дека Светиот Дух извршил длабока промена во твоето срце, за Бог да може преку тебе да му зборува на Својот народ. Ако во оваа криза направиш нешто што би поттикнало сомнеж и недоверба на верниците во вашата држава спречувајќи ги да се посветат на ова дело, ќе одговараш пред Бога. Дали Бог ти даде несомнен доказ дека браќата во вашата држава не се должни да го прегрнат градот _____ како што Христос нив ги прегрна? Да беше постојан во светлината, ти со твојата вера ќе ја охрабреше мисијата. {5C 370.3}

Потребно е сам да пиеш од длабоката река на благодатта и спасението за да можеш и другите да ги водиш на Изворот на жива вода. Наоѓајќи се на положбата на претседател на една Област, со искуството и влијанието кои ги дава оваа положба, ти не смееш луѓето да ги правиш малодушни, туку треба да ги поттикнуваш на нови напори, на носење на поголеми одговорности. Луѓето на одговорни положби имаат нарочни одговорности; тие мораат да ги вршат должностите кои луѓето попрво би ги одбегнале. Но кога пастирот ќе ја занемари својата должност, нека Господ се сожали на јадните овци. {5C 371.1}

Твоето работење, брате, покажува дека не си сфатил дека твоите одговорности се свети и тешки. Ми беше покажано дека си способен за многу подобро дело од она што го вршеше досега и Бог бара повисоко и подобро дело од твоите раце. Тој бара чесност и верност. Делото на спасување на душите е најголемото и најблагородното што некогаш му е доверено на смртниот човек и ти не смееш да дозволиш нешто да се

испречи меѓу тебе и твојата света задача, да го апсорбира твојот ум и да го збуни твојот дух. На човек како тебе кој зазема толку значајна положба, вечните интереси мора да му бидат поважни од сè, а земните работи на второ место. Ти си Христов претставник и тие што ти се доверени треба да ги поттикнуваш на сè поголеми духовни достигнувања, на почист и посвет живот. Во твоите напори да ги спасиш душите од пропаста и да изградиш црква во вистина и правда, треба да бидеш внимателен, мудар и да ја користиш силата која можеш да ја примиш со постојано заедништво со Бога. Бог тоа го бара од тебе и од секој проповедник кој се посветил на Неговото дело Треба да ја покажеш твојата верност кон распнатиот Откупител сфаќајќи ја свечената обврска секој човек да го покажеш совршен во Христа, без никаква мана. {5C 371.2}

Ти на оваа положба можеше да постигнеш многу повеќе со свет живот, сесрдна молитва и внимателно, предано вршење на секојдневните должности. Ти можеше да направиш многу повеќе со верни опомени, укори и сесрдни повици. За тоа не се бара само умна сила, туку и сила на срцето. Вистината прикажана каква што е во Исуса ќе има дејство. Тебе ти недостига сесрдна, делотворна вера во домот. Себичноста го замрачи твојот ум и го изопачи твоето расудување, така што не ги оствари Божјите барања. Треба да ја ослободиш душата од земните грижи и занимања и пред очи да ја имаш само Божјата слава. {5C 372.1}

Наскоро ќе се одлучи вечната судбина на сите нас. Од Илиноис, Висконсин, Ајова и другите Области десетици проповедници треба да заминуваат со сесрдна ревност да ја објавуваат последната вест. И зар во такво време претседателите на нашите Области треба да го остават оружјето и да го избегнуваат тешкото бреме? Зар тие со зборови и писма ќе ги обесхрабруваат тие што имаат волја да работат? Секоја постапка со која народот се наведува на малодушност и наработење е најголемо злосторство. Тие треба да го поттикнуваат народот да биде ревен во Божјото дело, да поднесува секаков напор заради спасување на душите. Тие не би смееле да остават ниту најмал впечаток врз верниците дека тие премногу се жртвуваат за Божјото дело или дека од нив се бара премногу. Во борбата за небото мора нешто да се ризикува. Сега е време да работиме, да ги победуваме тешкотиите и опасностите. Божјото провидение зборува: „Одете напред”, не назад во Египет. Наместо своите проповеди да ги прават за да му угодат на народот, проповедниците треба да се потрудат да ги пробудат оние што спијат. {5C 372.2}

Во твоето писмо, проповеднику М. гледам наклонетост кон неверство, недостаток на здрав суд и разликување. Твојот став потврдува едно сведоштво, кое ти го напишав - ти ја ограничуваш Областа во премногу мали граници и го спречуваш нејзиниот напредок, затоа што не го издигаш високо знамето на вистината. Овде ќе наведам некои делови од тоа сведоштво кое е напишано за време на Генералната конференција во Батл Крик во ноември 1883 година: {5C 373.1}

„Нашиот разговор во поглед на мисијата _____ врз мене остави непријатен впечаток. Немој да мислиш дека моите забелешки во поглед на таа мисија беа престроги. Ти беше мошне задоволен со начинот на кој е спороведено тоа дело. Рече дека братот J. и оние кои соработуваат со него се подготвени да направат сè; дека имаат мала соба на таван каде ја подготвуваат нивната храна и дека вршат добро дело на најштедлив начин. Твоите сфаќања по тоа прашање не се правилни. Светлината што Бог ни ја даде - светлина подрагоцена од сребро и злато - мора да свети така што ќе го обележи делото. Браќата кои учествуваат во таа мисија не се лишени од човечки слабости и ако не се посвети внимание на нивното здравје, нивната работа во голема

мера ќе биде спречена. Тие што се наоѓаат на чело на делото не би смееле да дозволат таква состојба на нештата. Тие мораат да го воспитат народот да приложува средства за работниците да не се наоѓаат во тешка немаштија. Тие како Божји повереници се должни да се погрижат сите жртви да не ги поднесуваат еден или двајца додека другите уживаат, јадат и пијат и се облекуваат без да мислат на нашите свети мисии или на должностите кон нив. {5C 373.2}

Проповеднику М., ми беше покажано дека немаш правилно гледиште за делото, дека не го согледуваш неговото значење. Не го воспита народот во вистинскиот дух на самопожртвување и посветеност. Не ги предупредуваш богатите на нивната должност. И кога вложуваше слаби напори во вистинска насока, а тие почнуваа да се изговараат и да наоѓаат мали забелешки во поглед на раководење со делото, ти мислеше дека тие можеби се во право. Тој изговор, кој во нив поттикна сомнежи и неверство, влијаеше и на твоето сопствено срце, и тие го искористија тоа и научија како треба да постапуваат при твоите обиди. Кога тие поттикнуваа сомнежи во Сведоштвата, ти не го направи тоа што требаше да го направиш за да ги искорениш таквите чувства. Требаше да им предочиш дека сатаната постојано пронаоѓа грешки, се сомнева, ги обвинува и ги клевети браќата и дека е опасно да се заземе таков став. {5C 373.3}

Драги брате, ти со твоите постапки не ги поттикнуваше луѓето да се посветуваат на проповедништво. Наместо да се трудиш да ги намалиш трошоците на делото, должен си народот да го доведеш до заклучокот дека „работникот ја заслужува својата награда” (Лука 10:7). Црквите мораат да го согледаат фактот дека нивна должност е чесно да се однесуваат кон Божјото дело, без да дозволат врз нив да почива најлошиот вид на крадење - крадење на Бога во десетоците и даровите. Кога се примаат работници за работа во Божјото дело, тие не треба да бидат принудувани да прифатат мали плати затоа што благајната има недостаток од средства. На мнозина на тој начин им е ускратена нивната праведна награда, а тоа во Божјите очи е ист престап каков што е скратување на платата на вработени во било кое друго занимање. {5C 374.1}

Има способни луѓе кои би сакале да работат во некои наши полиња; меѓутоа, не се осмелуваат да се одлучат на тоа, бидејќи мораат да имаат средства за издржување на своите семејства. Да се дозволи една Област да ја запре работата или да не е во состојба да ги подмирува чесните обврски претставува најлош вид на управување. Има многу нешта кои во никој случај не му се по волја на Бога. {5C 374.2}

Ако претседателите и другите работници во нашите Области му го објаснат на народот карактерот на престапот на крадење од Бога и ако имаат вистински дух на преданост, на чувство на должност кон работата, Бог ќе направи нивниот труд да биде благослов за народот и нивните напори ќе вродат со плод. Ако проповедниците ја исполнеа должноста во воспитување на сите членови, богати или сиромашни, да даваат во сразмер на она што Бог им го дава ним, тогаш благајната би била полна и работниците би биле платени, а мисионерската работа би напредувала во сите полиња. Бог ми покажа дека на многу души им се заканува вечна пропаст заради себичноста и љубовта кон светот, а вината за тоа лежи врз стражарите бидејќи ја запоставиле својата должност. Сатаната триумфира заради таквата состојба. {5C 374.3}

Во делокругот на проповедниците влегуваат сите гранки на делото. Бог не одредил дека некој треба да оди по нив и да ја довршува нивната незавршена работа. Областа не е должна да се изложува на трошоци и да зема други работници кои ќе одат по нив и ќе ги исправуваат недостатоците кои тие ги направиле заради нивната немарност. Претседателот е должен да ги набљудува работниците и нивната работа и да ги поучува

да бидат верни во тоа, бидејќи ниедна црква која го краде Бога не може да напредува. Недостатокот на духовност во нашите цркви често е последица на себичноста која е застапена во загрижувачка мерка. Себичните, земни планови и цели се поставуваат меѓу Бога и душата. Луѓето грчевито се држат за овој свет, мислејќи дека од тоа зависи нивниот опстанок и се плашат дека Бог нема да се грижи за нив ако тие самите не се обезбедат. И така се обидуваат да се погрижат самите за себе. Тие се загрижени, вознемирени, очајни, држејќи се и зголемувајќи ги своите големи имоти. {5C 375.1}

Божјата Реч зборува за 'платата на работниците, . . . кои вие им ја скусивте' (Јаков 5:4). Обично се смета дека тоа се однесува на богатите кои имаат слуги, а не им плаќаат за нивниот труд. Меѓутоа, тие зборови имаат и пошироко значење. Тие се однесуваат и на оние кои се просветлени со Светиот Дух, а сепак ги придржуваат истите начела како тие луѓе кои ги искористуваат своите слуги за најниска дневница". {5C 375.2}

Свечено ве опоменувам: не заземајте став сличен на неверните извидници кои отишле да ја извидат ветената земја. Кога се вратиле од патот, Израелскиот собир копнежливо ги очекувал и имал големи надежи. Веста за нивното враќање се проширила од племе на племе и била поздравена со радост. Народот им излегувал во пресрет на гласниците кои биле уморни од патувањето преку прашливите патишта под жешкото сонце. Тие гласници донеле плодови на овошје за да ја покажат плодноста на земјата. Народот се радувал што ќе стане сопственик на толку плодна земја и внимавале да не им избега ниту еден збор додека извидниците го давале нивниот извештај на Мојсеј: „Бевме во земјата во која нè испрати", почнале извидниците, „во неа навистина тече мед и млеко, и еве ги плодовите нејзини" (Броеви 13:27). Народот бил одушевен; копнеел да го послуша Господовиот глас и веднаш да појде да ја заземе земјата. {5C 376.1}

Но извидниците продолжиле: „Но народот, кој живее во таа земја, е силен и градовите се укрепени и многу големи; таму ги видовме и потомците на родот Енаков" (Стих 28). Тогаш сцената се променила. Надежта и храброста паднале пред кукавичкото очајување додека извидниците ги изразувале чувствата на нивните неверни срца исполнети со обесхрабрување кое го поттикнал сатаната. Нивното неверие фрлило мрачна сенка врз народот, и силната Божја сила, толку често манифестирана во полза на одбраната нација, била заборавена. {5C 376.2}

Народот паднал во очај од разочарување и безнадежност. Се слушало болно лелекање измешано со негодување и конфузија. Сфаќајќи ја ситуацијата Халев смело застанал во одбрана на Божјата Реч и правел сè што е во негова моќ за да го отстрани лошото влијание на неверните придружници. За неколку моменти народот замолкнал за да ги слушне зборовите на надеж и охрабрување во поглед на ветената земја. Тој не го негирал тоа што веќе било кажано; ѕидовите навистина биле високи, а Хананејците силни. „Да појдеме и да ја преземеме, зашто можеме да ја покориме" (Стих 30), рекол тој. Но другите го прекинале изнесувајќи ги пречките во уште поцрна боја од почетокот. „Не можеме да одиме против тој народ", изјавиле тие, „зашто е посилен од нас". „И таму видовме огромни луѓе од потомците на родот Енаков; ние изгледавме пред нив како скакулци; такви бевме и во нивните очи" (Стихови 30 и 33). {5C 376.3}

„Тогаш целиот народ почна да вика и плачеше целата таа ноќ" (Исто 14:1). Луѓето кои одамна се бореле со изопаченоста на Израел добро знаеле што ќе следува. Брзо следела отворена побуна, бидејќи сатаната целосно завладеал и народот како да го изгубил разумот. Ги преколнувале Мојсеја и Арона, заборавајќи дека Бог ги слуша нивните безбожнички зборови и дека ангелот на Неговото присуство, обвиткан во

столбот од облак, го гледа страшниот излив на нивниот грев. Тие огорчено извикале: „О, да бевме умреле во Египетската земја, или да бевме изумреле во оваа пустина! И зошто Господ нè води во таа земја, за да паднеме во борба! Жените наши и децата наши ќе станат плен; не е ли подобро да се вратиме во Египет! Па си велеа едни на други: ‘Да си избереме старешина, и да се вратиме во Египет!’” (Стихови 2-4). {5C 377.1}

Во понизност и очајување Мојсеј и Арон „паднаа ничкум пред целото општество на синовите израелски”, не знаејќи што да преземат за да ги одвратат од нивните непромислени и страшни намери. Халев и Исус Навин се обиделе да ја стивнат побуната. Раскинувајќи ги своите облеки, влегле меѓу народот надвикувајќи ја бурата на негодување и гласовите на побунетите: „Земјата што ја изодивме, за да ја разгледаме, е многу, многу добра. Ако Господ нè сака, ќе нè воведе во неа и ќе ни ја даде - таа земја, каде што тече мед и млеко; само не бунтувајте се против Господ и не плашете се од народот на таа земја: тој е мал залак за нас; тие немаат заштита, а со нас е Господ; не плашете се од нив” (Стихови 7-9). {5C 377.2}

Лажниот извештај на неверните извидници во целост бил прифатен и преку него бил измамен целиот собор, како што сакал сатаната; а на Божјиот глас, кој се слушал преку Неговите слуги, не се обрнувало внимание. Предавниците го извршиле своето дело. Целиот собор едногласно барал каменување на Халев и Исус Навин. {5C 378.1}

И тогаш семоќниот Бог се открил пред соборот на непослушниот народ кој мрморел. „Но славата Господова се јави над скинијата на собранието пред сите синови израелски” (Стих 10). Колкав товар паднал на рамењата на Мојсеј и Арон и колку сесрдни биле нивните преколнувања Бог да не го уништи Својот народ! Мојсеј го преколнувал Господа изнесувајќи Му ги чудесните докази на божествената моќ заради кое името на Израилевиот Бог станало страв за нивните непријатели и преколнувал на непријателите на Бога и на Неговиот народ да не им даде прилика да триумфираат зборувајќи: „Господ, не можејќи да го воведе овој народ во земјата што со клетва му ја вети, го погуби во пустината” (Стих 16). Господ ја услишил молитвата на Мојсеја; меѓутоа Тој рекол дека тие што се побуниле против Него, иако лично се осведочиле за Неговата моќ и слава, мораат да паднат во пустината. Тие никогаш нема да ја видат земјата која им е ветена во наследство. Но за Халев рекол: „Но Мојот слуга Халев, поради тоа што во него имаше друг дух, и затоа што Ми беше наполно верен, него ќе го воведам во земјата, во која тој отиде, и неговото потомство ќе ја наследи” (Стих 23). {5C 378.2}

Халев бил храбар затоа што верувал во Бога; верата му дала сила да не се плаши од човекот, дури ниту од моќните џинови, синовите на Енак, и му овозможила смело и непоколебливо да истапи во одбрана на правото. Од истиот силен извор – моќниот Војсководач на небесните војски - сите војници на Христовиот крст мораат да црпат сила и храброст за да ги совладаат пречките кои често изгледаат непремостиви. Божјиот закон е направен невалиден; и тие што сакаат да ја вршат својата должност секогаш мора да бидат спремни да зборуваат зборови што Бог им ги дава, а не зборови на сомнеж, обесхрабрување и очај. {5C 378.3}

Проповеднику М., можеби мнозина те поддржуваат, како што мнозина ги поддржувале неверните извидници, но чувствата изразени во твоето писмо не ги поттикнал Светиот Дух. Внимавај твоите зборови и твојот дух да не бидат слични на нивните и твоето дело да не биде со истото злокобно обележје. Во деновите како што се овие не смееме да негуваме ниту една мисла ниту да кажеме еден збор на неверување, ниту смееме да поттикнуваме ниедна постапка за служење на самите себеси. Тоа беше случај со Горно Колумбиската и Северно Пацифичката Област. И

додека се наоѓавме таму, во одредена мерка ја чувствувавме тагата, големиот срам и обесхрабрувањето што го чувствувале Мојсеј, Арон, Халев и Исус Навин. Се обидовме нештата да ги насочиме во спротивна насока; но тоа нè чинеше тешки напори, голем страв и болка. И делото на реформа во тие Области е на почетокот. Требаше време да се совладаат неверството, недовербата и долгогодишните сомнежи. Сатаната во голема мера имаше успех во спроведувањето на своите намери во тие Области, бидејќи најде луѓе кои можеше да ги употреби како негови претставници. {5C 379.1}

Заради Христа и заради вистината, брате М., не го оставај делото во твојата Област во таква состојба така што на оној кој ќе те наследи да му биде неможно да ги среди нештата. Луѓето стекнале тесно и ограничено гледиште за Божјото дело; се поттикнува себичноста, а љубовта кон светот не се укорува. Те повикувам да направиш сè што е во твоја моќ за да го уништиш лошото влијание кое го имаше врз Областа, да ги исправиш жалните последици од запоставувањето на должноста, и така да го подготвиш полето за друг работник. Ако не го направиш тоа, тогаш Бог нека му се сожали на работникот кој ќе те наследи. {5C 379.2}

Претседателите на Областите треба да бидат луѓе на кои потполно ќе може да им се довери Божјото дело. Тие треба да бидат чесни, несебични, предани и вредни христијани. Ако не ги поседуваат овие доблести, тогаш црквите кои се доверени на нивната грижа нема да напредуваат. Тие треба повеќе од останатите проповедници да бидат пример за свет живот и несебична преданост на Божјото дело, за да не ги заведат оние што се угледуваат на нив. Меѓутоа, тие во некои случаи се обидуваат да му служат и на Бога и на мамона. Тие не се одрекуваат од самите себе, не носат товар за души. Нивната совест не е чувствителна; нивните срца не сочувствуваат кога Божјото дело страда. Тие во своите срца се сомневаат во сведоштвата на Светиот Дух. Не го носат Христовиот крст. Не ја познаваат сесрдната Христова љубов; и не се верни пастири на стадото што им е доверено. Тие нема да се радуваат на Божјиот ден кога ќе се соочат со своите дела. {5C 379.3}

Проповедникот треба будно да бдее над душите затоа што ќе мора да даде сметка за нив. Во неговиот живот и карактер треба да се открива преданост, единечност на целта и возвишена побожност. Многу е изгубено заради недостатокот на вештина и внимателност при излагањето на вистината на другите, како и заради невнимателното однесување, несоодветниот говор и светскиот дух кои на ниеден начин не го отсликуваат Христа ниту укажуваат на небото. Нашето дело наскоро ќе заврши. Наскоро на небото ќе биде изговорено: „Кој чини неправда, нека чини неправда уште; и кој е осквернет, нека се осквернува уште; и кој е праведен, нека чини правда уште; и кој е свет нека се осветува уште” (Откровение 22:11). Црквата треба да биде будна во ова сериозно време, затоа што сатаната не мирува. Неговото дејствување се забележува на сите страни. А проповедниците и народот се однесуваат како да не ги познаваат неговите лукавства и како тој да ги парализирал со својата сила. Секој член на црквата треба да се пробуди. Секој работник нека има на ум дека лозјето во кое работи не е негово, туку му припаѓа на Господарот кој заминал на далечен пат и ги задолжил своите слуги за време на неговото отсуство да се грижат за неговите интереси. Секој член мора да им на ум дека ќе даде сметка на Господарот кога ќе се врати, ако не биде верен на својата должност. {5C 380.1}

Додека тие што се сомневаат зборуваат за неможностите, треперат од помислата на високите ѕидови и силните џинови, нека истапат напред верните Халевци кои имаат „друг дух„. Божјата вистина, која донесува спасение, ќе продре во народот, ако

проповедниците и верниците не ѝ стојат на патот, како што правеле неверните извидници. Нашето дело бара залагање. Нешто мора да се направи за да се предупреди светот. Не смееме да дозволиме да се слушне ниеден глас кој ќе поттикнува себичност на сметка на мисионерската работа. Мораме со срце, душа и зборови да се посветиме на мисионерската работа, мораме да ги пробудиме умните и физичките сили. Целото небо е заинтересирано за нашата работа, а Божјите ангели се срамат заради нашите слаби напори. {5C 380.2}

Јас сум загрижена заради рамнодушноста на нашите цркви. Тие како Мироз не дошле во помош на Господа. Верниците остануваат незаинтересирани, убедени дека сите должности почиваат на проповедниците. Но Бог на секој човек му ја одредил неговата должност; не работа во неговите полиња со пченка и пченица, туку истрајна работа за спасување на душите. Проповеднику М., Бог на тебе и на другите проповедници ви забранува и во најмала мера да го кочите полетот за работа кој постои денес. Напротив, вие треба да го поттикнувате со зборови и сесрдна ревност. Господ нѐ направи чувари на Својот закон; Тој ни довери свети и вечни вистини, со кои мораме да ги опоменеме, укориме и поттикнеме другите. Со посредство на железницата и парабродите ние сме поврзани со сите краеви на светот и на нашата вест на вистина ѝ е отворен пат кон сите народи. Да го сееме семето на евангелието покрај секоја вода, зашто не знаеме кое ќе успее, ова или тоа, или пак и двете ќе донесат род. Павле може да сее, Аполо да полева, но Бог е оној кој прави да израсне. {5C 381.1}

„Така треба да свети пред луѓето и вашата светлина, за да ги видат вашите добри дела и да го прослават вашиот Татко небесен" (Матеј 5:16). Немојте вашата светлина да ја покривате со сад, туку ставете ја на светилник за да им свети на сите во домот. „Не припаѓате само на себе. Зашто скапо сте платени" (1. Коринтјаните 6:20), имено со скапоцената Христова крв. Ние немаме право да живееме за себе. Секој проповедник треба да биде посветен мисионер, а секој верник, работник, кој своите способности и влијание ги става во служба на Бога, бидејќи практичното добродетелство е животно начело на христијанинот. Ако се раководиме според тоа начело на Господарот ќе му носиме снопови од жетвата, додека со запоставување на истото ќе го спречуваме Божјото дело и ќе претставуваме пречка на патот за спасување на душите. {5C 381.2}

Проповедниците запоставија да го проповедаат евангелието на доброчинството. Тие не ја објасниј доволно целта на даровите и десетоците. Луѓето по природа не се наклонети да даваат, туку се наклонети да бидат скржави и да живеат само за себе. Сатаната се труди да ги наведе луѓето сите пари да ги потрошат на себични и земни цели. Тој триумфира кога може да ги наведе да ги избегнуваат должностите и да го крадат Бога во десетоците и даровите. Но никој не може да се ослободи од таа одговорност. „Секој од вас да оддели и да остави кај себе онолку како што Бог го благословил" (Исто 16:2). Богатите и сиромашните, момчињата и девојките кои заработуваат - сите треба да го дадат својот дел, бидејќи Бог го бара тоа. Духовното добро на секој член на црквата зависи од личните напори и непоколебливата верност на Бога. Апостол Павле кажува: „Заповедај им на богатите од овој свет да не се гордеат, ниту да се надеваат во непостојаното богатство, туку на живиот Бог, Кој ни дава за наслада сѐ во изобилие; нека прават добро, нека се збогатуваат со добри дела, да бидат штедри и сочувствителни. И на таков начин да си собираат сокровиште - добра основа за иднината, за да постигнат живот вечен. (1. Тимотеј 6:17-19). Од сите се бара да покажат најголем интерес за Божјото дело во разните гранки; сите ќе бидат изложени на тешки и неочекувани проби за да се покаже дали се достојни да го примат печатот на живиот Бог. {5C 382.1}

Сите треба да знаат дека не се сопственици, туку само повереници и дека доаѓа време кога ќе мораат да дадат сметка за начинот на кој го трошеле Божјиот имот. На Божјото дело му се потребни средства. Сите би требало да кажат заедно со Давид: „Но од Тебе е сè, и добиеното од Твојата рака Ти го дадовме" (1. Летописи 29:14). Треба да се формираат училишта во разни места, да се умножуваат нашите публикации, да се градат цркви во големите градови и да се испратат работници, не само во градовите, туку и на патиштата и меѓу оградите. А сега ви се пружа прилика за тоа, браќа мои кои верувате во вистината. Ние се наоѓаме на прагот на вечниот свет. Го очекуваме славното Господово доаѓање; ноќта помина и денот е на повидок. Кога ќе ја сфатиме големината на планот на спасението, ќе бидеме многу похрабри, попожртвувани и попредани отколку што сме сега. {5C 382.2}

Мораме да извршиме една големо дело ако сакаме нашите напори да бидат крунисани со успех. Мораме да извршиме одлучна реформа во нашите домови и цркви. Родителите мораат да се заложат за спасението на своите деца. Бог ќе ни помогне во нашата работа, ако ние од наша страна направиме сè што нè задолжил и за што нè оспособил. Но заради нашето неверство и рамнодушност, душите откупени со крв умираат во нивните гревови без да бидат опоменати и тоа во близина на нашите домови. Зар сатаната секогаш треба да триумфира на тој начин? О, не! Светлината која доаѓа од крстот на Голгота ни сведочи дека треба да се оствари поголемо дело од било кое друго кое нашите очи го виделе до денес. {5C 383.1}

Третиот ангел, кој лета среде небото објавувајќи ги Божјите заповеди и сведоштвото на Исуса, го претставува нашето дело. И колку подолго лета ангелот, вистината сепак не губи ништо од својата сила, бидејќи на Јован му било покажано дека станува сè посилна и посилна, додека со својата слава не ја осветли целата земја. Патот на народот кој ги држи Божјите заповеди води напред, секогаш напред. Веста на вистината која ние ја носиме мора да се однесе на сите народи, јазици и племиња. Таа наскоро ќе прерасне во гласна вика и земјата ќе биде осветлена со нејзината слава. Дали се подготвуваме за тоа големо излевање на Светиот Дух? {5C 383.2}

Во ова дело ќе учествуваат човечки посредници. Мораме да ја зголемиме нашата ревност и енергија, и талентите кои за'рѓале заради неактивност мора да ги направиме делотворни. Гласот кој вели: 'Чекај, не дозволувај да те оптоварат со должности' е гласот на кукавичките извидници. Нам денес ни се потребни Халевци, кои ќе истапат во први редови, водачи на Израел кои со охрабрувачки зборови силно повикуваат на непосредна активност. Кога себичните љубители на удобност и паничарите, плашејќи се од високите џинови и недостапните ѕидови, бунтовнички повикуваат на повлекување, нека се слушне гласот на Халевци, па дури и ако кукавиците стојат со камења во рацете, подготвени да ги каменуваат заради нивното верно сведоштво. {5C 383.3}

Можеме ли да не ги забележиме знаците на времето? Зар не гледаме како сатаната го собира каколот и ги обединува припадниците на своето царство, за да завладее со светот? Ова собирање на каколот се одвива многу побрзо отколку што ние замислуваме. Сатаната на сите можни начини го спречува ширењето на вистината. Тој се труди да направи спротивни мислења, да пробуди светски дух и закоравеност. Тој во неговото дејствување е лукав како змија и свиреп како лав, доколку гледа дека тоа ќе му донесе успех. Негова единствена радост е пропаѓање на душите, нивната пропаст е единствената негова цел. Зар треба сето ова да го набљудуваме како парализирани? Зар тие што тврдат дека веруваат во вистината ќе го наклонат увото кон искушенијата на

лукавиот непријател и ќе дозволат да станат себични и стеснати и земните интереси да бидат пречка во нивните напори за спасување на душите? {5C 383.4}

Низ вратата на небото ќе поминат само победниците. Дури кога мноштвото откупени со палмови гранки во рацете и крунисани со златни круни ќе се собере околу Божјиот престол, ќе дознае за победите што ги задобиле. Ќе согледаат колку се трудел сатаната да задобие власт над нив и како ги врзал за себе душите кои си ласкале себеси дека ја вршат Божјата волја. Ќе согледаат дека луѓето не би биле во состојба да се спротивстават на неговите напори ако божествената сила не се обединела со човечките напори. Човекот мора да биде победник и над самиот себе: тој мора својата природа, своите склоности и својот дух да ги потчини на Божјата волја. Но Христовата правда и сила ќе бидат доволни за сите што ќе се потпрат на Неговите заслуги. {5C 384.1}

Затоа одлучно подгответе се за да можете да ги одбиете нападите на страшниот непријател. Потребно ви е оружјето на правдата. Времето минува и ние брзо се приближуваме кон крајот на нашето време на проба (милост). Дали нашите имиња ќе бидат запишани во книгата на животот на Јагнето или ќе се вброиме меѓу неверниците? Му припаѓаме ли на оној број кој ќе се собере околу големиот бел престол, пеејќи ја песната на откупените? Таму нема да има рамнодушни и лицемерни. Секоја душа ќе биде сесрдна, секое срце преполно со благодарност за Божјата чудесна љубов и за победоносната благодат која му овозможила на Неговиот народ да победи во борбата против гревот, додека со силен глас ќе одекне песната: „За спасението наше слава на нашиот Бог, Кој седи на престолот, и на Јагнето” (Откровение 7:10). {5C 384.2}

---

44. ВИСТИНСКИ МИСИОНЕРСКИ ДУХ

Вистинскиот мисионерски дух е Христов дух. Откупителот на светот бил голем Пример на мисионер. Многу Негови следбеници работеле сесрдно и несебично за спасување на човечките души, но работата на ниеден човек не може да се спореди со самоодрекувањето, пожртвуваноста и добрината на нашиот Пример. {5C 385.1}

Љубовта што Исус ја покажал кон нас не може да се спореди со ништо. Колку сесрдна била Неговата работа! Колку пати бил потполно осамен во срдечна молитва, на падината на гората или во осаменоста на градината, молејќи се со воздишки и солзи. Колку истраен бил во Неговите барања и молби во корист на грешниците! Тој дури и на крстот ги заборавил Своите страдања, во длабоката љубов кон оние кои дошол да ги спаси. Колку е ладна нашата љубов и колку е слабо нашето интересирање, кога ќе ги споредиме со љубовта и интересирањето што ги покажал нашиот Спасител. Исус се дал себе за да го откупи човечкиот род, а ние задоволно избегнуваме да дадеме за Него сè што имаме. Нашиот Спасител бил подложен на напорна работа, презир и страдања. За цело време додека работел на делото заради кое дошол на земјата бил отфрлуван, измеван и презрен. {5C 385.2}

Зар, браќа и сестри, сè уште се прашувате на кого треба да се угледаме? Не ве упатувам на големите и добри луѓе, туку на Откупителот на светот. Ако сакаме да имаме вистински мисионерски дух, мора да бидеме проникнати со Христовата љубов и угледувајќи се на Зачетникот и Свршителот на нашата вера да го проучуваме Неговиот

карактер, во себе да го негуваме духот на благост и во кротост да одиме по Неговите стапки. {5C 385.3}

Мнозина сметаат дека мисионерскиот дух и способноста за мисионерска работа се нарочни дарови кои ги имаат проповедниците и неколку членови на црквата, а дека останатите треба да бидат само набљудувачи. Во секој вистински христијанин мора да има мисионерски дух, бидејќи да се биде христијанин значи да се биде сличен на Христа. Никој не живее само за себе и „ако, пак, некој нема Дух Христов, тој не е Негов" (Римјаните 8:9). Секој што ја искусил силата на идниот свет, млад или стар, учен или неук, ќе биде поттикнат од Духот што го вдахновувал Христа. Прва желба на обновеното срце е и други да доведе кај Спасителот. Тие што ја немаат оваа желба со тоа покажуваат дека ја загубиле првата љубов. Тие треба внимателно да го испитаат своето срце во светлината на Божјата Реч и искрено да побараат ново крштавање со Дух Свети. Тие треба да се молат за подлабоко сфаќање на таа чудесна љубов која Христос ја покажал кон нас, напуштајќи ја славата и доаѓајќи на паднатиот свет за да го спаси загубеното. {5C 385.4}

За секој од нас има работа во Господовото лозје. Не треба да копнееме за положби кои ќе ни овозможат најголемо задоволство и најголема корист. Во вистинската вера нема себичност. Мисионерскиот дух е дух на лично жртвување. Треба да работиме за делото на нашиот Господар со сите наши најдобри способности секаде и на секое место. {5C 386.1}

Штом едно лице ќе ја прифати вистината, во неговото срце се појавува сесрдна желба да отиде кај некој пријател или сосед и да го извести за драгоцената светлина која свети од страниците на светите страници. Со несебичната работа за спасување на другите, тој станува живо послание кое сите го познаваат и читаат. Неговиот живот покажува дека е обратен кон Христа и дека станал Негов соработник. {5C 386.2}

Адвентистите на седмиот ден како народ се великодушни и срдечни. Во објавувањето на вистината за ова време можеме да се потпреме на нивната силна и обилна наклонетост. Кога им укажуваме на вистинската цел на нивната дарежливост, апелирајќи на нивното расудување и совест, наидуваме на срдечен одговор. Нивните прилози за Божјото дело е доказ дека тие веруваат во вистината. Меѓутоа, меѓу нас има исклучоци. Не сите кои тврдат дека ја прифаќаат вистината се искрени и сесрдни верници. Меѓутоа, така било и во Христово време. Дури и меѓу апостолите постоел еден Јуда, но тоа не докажува дека сите се со ист карактер. Не постои никаква причина да ја губиме храброста кога знаеме дека има многу луѓе кои се предани на делото на вистината и кои се подготвени да поднесат благородни жртви заради нејзиното напредување. Меѓутоа, меѓу нас сè уште има еден голем недостаток, една голема потреба. Премалку има вистински мисионерски дух. Сите мисионерски работници треба да чувствуваат длабок интерес за душите на своите ближни кој ги обединува срцата во разбирање и во Исусова љубов. Тие мора да се молат за божествена помош и мудро да се залагаат за да придобијат души за Христа. Ладниот, малодушен напор, без одлучна волја, ништо нема да постигне. Потребно е Христовиот Дух да се излие врз пророчките синови. Тогаш кон душите на другите ќе ја покажат љубовта која Исус ја покажал во Својот живот. {5C 386.3}

Причината зошто не постои подлабока ревност и повеќе взаемна љубов во црквата е затоа што мисионерскиот дух изумира. Денес малку се зборува за Христовото доаѓање, додека тоа некогаш беше предмет за размислување и разговор. Верските разговори сè

повеќе се избегнуваат, сè повеќе се запоставуваат. Наместо тоа, дури и оние кои тврдат дека се Христови следбеници си угодуваат во празно и површно разговарање. {5C 387.1}

Драги браќа и сестри, сакате ли да се ослободите од занесеноста која ве зафатила? Сакате ли да се отргнете од тромоста која личи на безживотна нечувствителност? Тргнете на работа, без разлика дали тоа ве привлекува или не. Лично заложете се за да ги приведете душите кон Исуса и за да го прошириte сознанието за вистината. Во таквото работење ќе најдете и поттик и освежување; таа ќе ве пробуди и ќе ве зајакне. Со вежбање ќе ги зајакнете вашите духовни сили, така што со повеќе успех ќе можете да се занимавате и да го извојувате сопственото спасение. Мнозина кои го исповедаат Христа се зафатени од безживотната нечувствителност. Трудете се да ги пробудите. Опоменувајте, преколнувајте, докажувајте. Молете се Божјата љубов да ја загрее и да ја стопи нивната заледена природа. Иако тие можеби нема да ве послушаат, вашиот труд нема да биде напразен. Трудејќи се да бидете благослов за другите, вашите сопствени души ќе бидат благословени. {5C 387.2}

Ние ја имаме теоријата на вистината, и сега мораме ревно да копнееме за нејзината посветувачка сила. Не се осмелувам да останам спокојна во ова време полно со опасности. Ова е време на искушенија и духовни паѓања. Сатаната со неговите лукавства ги напаѓа сите и мораме да ги збиеме нашите редови за да се спротивставиме на неговата сила. Треба да бидеме еднодушни, едномислени, сите да зборуваме едно и со една уста да го славиме Бога. Тогаш ќе можеме успешно да ги прошируваме нашите планови и со сесрдна мисионерска работа да го искористиме секој талент во разните гранки на Божјото дело. {5C 388.1}

Светлината на вистината со своите продорни зраци го осветлува светот преку мисионерска работа. Печатот е орудие со чија помош може да се стигне до оние до кои е неможно да се стигне со мисионерска работа. Големото дело може да се оствари ако на народот му се изнесе Библијата таква каква што е. Однесете ја Божјата Реч пред секоја врата, нејзината јасна содржина изнесете ја на сечија совест, пред сите повторувајте ја заповедта на Спасителот: „Прегледајте ги писмата”. Предупредете го народот да ја прифати Библијата каква што е, да се моли за божествена светлина, а потоа, кога ќе засвети светлината, благодарно да го прими секој нејзин зрак и бестрашно да ги прифати последиците. {5C 388.2}

Пред народот треба да се издигнува Божјиот закон кој се гази под нозете. Штом во сердност и со почит ќе се обратат на Светото Писмо, небесната светлина ќе им открие чудесни нешта во Божјиот закон. Големите вистини, кои долго биле замрачени со празноверието и лажните науки, ќе засвети од светлите страници на Светата реч. Живите пророштва го излеваат нивното старо и ново богатство, давајќи им светлина и радост на сите што ги примаат. Мнозина се будат од нивната поспаност. Тие се будат како од смрт и ги примаат светлината и животот што само Исус може да ги даде. Христовите деца ја сфаќаат вистината која ја надминува моќта на разбирање на најголемите умови. На Христовите деца им станува јасно тоа што го замрачува духовното сфаќање на најобразуваните умови бидејќи тие, како некогаш Садуќеите, не го познаваат Светото Писмо и Божјата сила. {5C 388.3}

Оние што ја проучуваат Библијата со искрена желба да ја дознаат и вршат Божјата волја ќе станат мудри во поглед на спасението. Саботната школа е важна гранка на мисионерското дело, не само затоа што во неа и младите и старите стекнуваат знаење од Божјата Реч, туку и затоа што на тој начин во нив се буди љубов кон светите вистини

на Библијата, се буди желба самите да проучуваат, а над сè, тука тие учат својот живот да го прилагодат на нејзините свети учења. {5C 389.1}

Сите што Божјата реч ја прифаќаат како животно правило доаѓаат во блиски меѓусебни односи. Библијата ги спојува и обединува. Меѓутоа, тие нема да сакаат ниту ќе бараат да се дружат со оние кои светата реч не ја прифаќаат како непогрешлив доказ. Тие ќе се разликуваат во верата и животот. Меѓу нив не може да има единство; тие се непомирливи. Како адвентисти на седмиот ден ние по обичај се повикуваме на јасното: „Така зборува Господ", и од таа причина не сме и не можеме да бидеме во согласност со мнозинството кое ги прифаќа и следи човечките науки и заповеди. {5C 389.2}

Сите што се водени од Бога ќе станат Христови соработници. Таквите се сол на земјата. „Но ако солта го изгуби вкусот, со што ќе се соли?" (Матеј 5:13). Ако верата која ја исповедаме не ги обнови нашите срца и не ги посвети нашите животи, како тогаш ќе врши спасоносно влијание врз неверниците? „Таа веќе не е за ништо, освен да се фрли надвор и да се изгази од луѓето". Верата која не врши спасоносно влијание на светот нема никаква вредност. Ние не можеме да се потпреме на неа за нашето сопствено спасение. Колку побргу ја отфрлиме, толку подобро, бидејќи таа е немоќна и лажна. {5C 389.3}

Ние треба да му служиме на нашиот голем Војсководач и да бидеме Негови помошници, борејќи се против секое спротивно влијание. Делото кое ни е наменето се состои во тоа да го сееме семето на евангелието покрај секоја вода. Во тоа дело мора да учествуваат сите. Многуразличната Христова благодат нè направила повереници на таленти кои мораме да ги умножиме, за Господарот кога ќе ги побара да го добие Своето со добивка. {5C 389.4}

---

45. МЛАДИТЕ КАКО МИСИОНЕРИ

Младите луѓе кои сакаат да го прифатат повикот на проповедник или колпортер претходно треба да стекнат умно образование во соодветен степен и треба посебно да се подготват за тој позив. Необразованите, неизвежбаните и необлагородените не се подготвени да застанат на почвата на која моќните влијанија на способностите и образованието се спротивставуваат на вистината на Божјата реч. Тие исто така нема да можат успешно да се борат против необичните верски и филозофски заблуди, бидејќи за тоа е потребно познавање на научните и на библиските вистини. {5C 390.1}

Посебно оние што се подготвуваат за проповедници треба да го сфатат значењето на проучувањето на Светото Писмо како дел од подготовките. Тие со сето срце треба да бидат во делото и во исто време додека студираат други предмети од големиот Учител треба да се учат на Христовата благост и кротост. Бог, Кој ги исполнува Своите завети, ветил дека ќе го излие Својот Дух на тие што учат во Христовата школа, за да можат да станат проповедници на правдата. {5C 390.2}

Тешко е да се искоренат од умот заблудата и лажните учења, и вистината и библиската вера да најдат место во срцето. Бог наредил кај нас да се образуваат колеџи, за младите мажи и жени да се воспитуваат за мисионерска работа во разни гранки на делото. Божја волја е од нив да излегуваат многу работници, а не малку. Но сатаната, со намера да го оневозможи тоа, успеал да стекне власт токму над оние кои Бог сакаше да

ги воспита за најважни должности. Има многу луѓе кои сакаат да работат, треба само да се повикаат, и на тој начин би ги спасиле своите души. Црквата треба да сфати дека врз неа ќе лежи голема одговорност ако ја заробува вистината и Божјата благодат ја ограничува во нејзините мали граници, додека би требало нејзините средства и влијание да ги употреби за оспособување на лица соодветни за мисионерско дело и да ги испрати на полето на работа. {5C 390.3}

Веќе требаше да бидат подготвени стотици млади да земат учество во делото на сеење на семето на вистината покрај секоја вода. Нам ни се потребни луѓе кои ќе го издигнат триумфот на крстот, луѓе кои ќе истраат и покрај сите препреки и немаштија, кои ќе бидат ревни и одлучни верувајќи дека се неопходни на мисионерското поле. {5C 391.1}

Нашите цркви се повикани да го подржуваат тоа дело со многу поголема ревност од досега. Секоја црква треба да преземе нарочни чекори за да ги образува своите мисионери, и на тој начин да помогне во извршувањето на големата заповед: „Одете по сиот свет и проповедајте го евангелието на секое создание" (Марко 16:15). Браќа мои, ние грешевме вложувајќи премалку напори во овој поглед. Во странските полиња постои потреба за поголем број мисионери. Меѓу нас има луѓе кои без напрегање и губење време би можеле да научат некој странски јазик, со што би биле способни да ја објавуваат вистината на други народи. Во првобитната црква, мисионерите со чудо биле надарени со јазици и биле повикани на нив да ги проповедаат неизмерните богатства на Христа. А кога Бог сакал на тој начин да им помогне на Своите слуги во тоа време, можеме ли да се сомневаме дали ќе ги благослови нашите напори во воспитување на оние кои веќе располагаат со знаење на странски јазици и кои ќе ја однесат на своите сонародници веста на вистината ако им помогнеме? Ние би имале повеќе работници на мисионерското поле ако оние кои се посветија на работа правилно ги искористеа можностите што им стоеја на располагање. Но некои беа наклонети да одбијат помош ако тоа не беше точно според нивните идеи и планови. И какви беа последиците? Кога болеста и смртта ги одвојува нашите мисионери од нивното поле на работа, каде се луѓето кои тие ги подготвиле да ги заземат нивните места? {5C 391.2}

Ниеден од нашите мисионери не обезбеди соработка со сите талентирани луѓе кои би можеле да работат во делото. Така се загуби многу време. Ние се радуваме за резултатите кои се постигнати во некои странски земји. Меѓутоа, да се реализираше некој друг план, можеше да се сработи десет или дваесет пати повеќе и многу души би биле спасени од оковите на заблудите, кои би претставувале еден дар за Христа, подарок кој Тој со задоволство го прима. {5C 391.3}

Секој кој ќе ја прими светлината треба да биден поучен таа светлина да ја однесе и на другите. Нашите мисионери во странство треба со благодарност да ја прифатат секоја помош и секој дар кој им се нуди. Тие мораат да бидат спремни нешто да ризикуваат, да направат напори. Бог не е задоволен кога ги отфрламе можностите кои во моментот ни се укажуваат да правиме добро, надевајќи се дека ќе направиме некое големо дело во иднина. Секој треба да оди по патот на кој го упатува провидението, без да мисли на своите лични интереси и да не се потпира само на своето расудување. Некои можеби ќе видат само неуспех таму каде што Бог планира успех и ќе видат само џинови и утврдени градови таму каде што друг со појасен поглед ќе го види Бога и ангелите, подготвени да подарат победа на Неговата вистина. {5C 392.1}

Можеби во некои случаи ќе биде потребно младите да научат некој странски јазик. Тоа најуспешно може да се постигне со постојано движење меѓу луѓе, истовремено

секојдневно посветувајќи одредено време за изучување на јазикот. Меѓутоа, тоа треба да претставува само еден неопходен чекор на подготвување на оние кои веќе се наоѓаат во мисионерското поле и кои со правилно воспитување можат да станат добри работници. Мораме да се трудиме да ги придобиеме за делото луѓето кои можат на разни народи да им зборуваат на нивните јазици. За средовечен човек е многу тешко да научи некој јазик и нему, и покрај сите напори, ќе му биде невозможно да зборува точно и правилно, што е неопходно ако сака да биде ефикасен работник. {5C 392.2}

Ние не смееме да ги лишиме нашите домашни мисии од влијанието на средовечните и стари проповедници праќајќи ги на оддалечени полиња, каде ќе започнат дело за кое не се подготвени и за кое со било какви напори нема да можат да се подготват. Така пратените луѓе зад себе оставаат празнини кои неискусните работници не можат да ги пополнат. {5C 392.3}

Во црквата се поставува прашање, дали на младите луѓе смеат да им се доверат толку тешки одговорности како што е формирањето и водењето на една странска мисија. Мојот одговор е: Бог сака тие со воспитувањето во нашите колеџи и во соработка со искусните луѓе да се подготват за да можат да бидат корисни во делото. Мораме да манифестираме доверба во нашите млади луѓе. Тие треба да бидат пионери во секој напорен потфат, додека постарите Божји слуги треба да бидат советници кои ќе ги поттикнуваат и храбрат оние кои ги поднесуваат најтешките удари во Божјото дело. Провидението ги спровело овие искусни татковци низ борби и искушенија во нивната младост, додека потполно не се развиле нивните телесни и умни сили. Големината на должностите што им биле доверени ја поттикнала нивната енергија, а активната работа во делото го забрзала нивниот телесен и умен развој. {5C 392.4}

Потребни се млади луѓе. Бог ги повикува во мисионерските полиња. Бидејќи релативно се слободни од грижи и одговорности, тие повеќе можат да се посветат на делото од оние кои мораат да се грижат за издржување на своите семејства и за воспитување на своите деца. Освен тоа, младите луѓе полесно можат да се прилагодат на нова клима и нова околина и полесно можат да ги поднесат неволите и тешкотиите. Со внимателно однесување и истрајност, тие можат да го придобијат народот меѓу кој дејствуваат. {5C 393.1}

Сила се добива со вежбање. Сите кои ќе ги искористат способностите што Бог им ги доверил ќе станат уште поспособни да се посветат на Неговата служба. Тие што не работат ништо во Божјото дело нема да напредуваат во благодатта и во познавањето на вистината. Човекот кој би легнал и не би сакал повеќе да ги користи нозете, наскоро не би бил способен да оди. Така и христијанинот кој не сака да ги користи способностите што Бог му ги подарил не само што ќе ја изгуби силата што веќе ја имал, туку ќе стане духовно парализиран. Само оние кои од љубов кон Бога и ближните се трудат да им помогнат на другите, ќе станат силни и непоколебливи во вистината. Вистинскиот христијанин работи за Бога не заради моментални побуди туку од начело, не еден ден или месец, туку цел живот. {5C 393.2}

Нашата светлина ќе го осветлува светот единствено ако живееме со доследен христијански живот. Како светот ќе знае дека Му припаѓаме на Христа, ако не правиме ништо за Него? Нашиот Спасител кажува: „По нивните плодови ќе ги познаете” (Матеј 7:16). Исто така: „Кој не е со Мене, против Мене е” (Матеј 12:30). Не постои неутрална територија меѓу тие што со сите сили работат за Христа и тие што работат за непријателот на душите. Секој кој стои без работа во Господовото лозје не само што ништо не помага,

туку и им пречи на оние кои сакаат да работат. Сатаната ќе ги вработи сите кои сесрдно не се борат за спасение на себеси и на ближните. {5C 393.3}

Христовата црква може да се спореди со војска. Животот на секој војник е живот на тешкотии, маки и опасности. Секаде наоколу се наоѓаат будни непријатели, кои се предводени од кнезот на темнината кој никогаш не дреме и никогаш не го напушта своето место. Штом христијанинот ќе престане будно да бдее, силниот непријател ненадејно и жестоко напаѓа. Само ако членовите на црквата се активни, нема да бидат совладани со неговите лукавства. {5C 394.1}

Што би било кога половината од една војска не би дејствувала или би заспала на должност? Резултатот би бил пораз, ропство или смрт. А, ако некој од нив би успеал да побегне од рацете на непријателот, дали би бил сметан достоен за одликување? Не, таквите војници набргу би биле осудени на смрт. А, ако Христовата црква е безгрижна или неверна, тогаш последиците се далеку потешки. Заспиена војска на христијански војници – што може да биде поопасно од тоа! Какво напредување може да се оствари против светот кој е под власт на кнезот на темнината? Оние што се рамнодушни за време на борбата, кои не се заинтересирани и не чувствуваат никаква одговорност во поглед на исходот од судирот, најдобро би било веднаш да го променат својот живот или веднаш да ги напуштат војничките редови. {5C 394.2}

Господарот повикува евангелски работници. Кој ќе се пријави? Сите што стапуваат во војската не можат да бидат генерали, капетани, водници, па ниту десетари. Врз сите не почива грижата и одговорноста на раководење. Има и друго тешко дело кое мора да се изврши. Некои мораат да копаат ровови и да градат утврдувања, некои мораат да бидат стражари, а некои курири кои ќе пренесуваат вести. За да се формира една воена единица или строј потребни се многу војници, а само неколку офицери. Но сепак, победата зависи од секој војник. Плашливоста или предавството на еден војник може да биде причина за пораз на целата војска. {5C 394.3}

Секој од нас поединечно треба сесрдно да работи ако сакаме со успех да ја водиме добрата борба на верата. Во прашање се вечни интереси. Мора да го земеме сето оружје на правдата, и да му се спротивставиме на ѓаволот бидејќи имаме сигурно ветување дека ќе го натераме во бегство. Црквата мора да води агресивна војна, да освојува за Христа и да ги спасува душите од власта на непријателот. Во таа војна учествуваат Бог и светите ангели. Ве повикувам да ја извршуваме волјата на Оној кој нѐ повикал да бидеме војници. {5C 395.1}

Во тоа дело сите можат нешто да придонесат. Никој нема да биде прогласен за невин пред Бога, ако сесрдно и несебично не работи за спасување на души. Црквата треба со зборови и со пример да ги поучува младите да бидат Христови соработници. Мнозина се жалат на своите сомнежи и се јадосуваат затоа што немаат никакви докази за врската со Бога. Тоа често може да се препише на фактот дека тие ништо не работат за Божјото дело. Ревно нека се залагаат да им помогнат и да ги усреќат другите, и нивните сомнежи и очајувања ќе исчезнат. {5C 395.2}

Мнозина кои тврдат дека се Христови следбеници зборуваат и постапуваат како со нивните имиња да прават голема чест на Божјото дело, иако не носат никакви товари и не придобиваат души за вистината. Таквите луѓе живеат како Бог да нема никакви права над нив. Ако продолжат по тој пат, на крајот ќе сфатат дека и тие немаат никакви права кај Бога. {5C 395.3}

Оној Кој „на секого му ја одредил неговата работа” според неговите способности нема да дозволи верното извршување на должностите да остане ненаградено. Секоја

постапка на преданост или вера ќе биде наградена со посебна Божја благонаклоност и одобрување. На секој работник му е дадено ветувањето: „Одеа и плачеа оние што носеа свое семе; но со радост ќе се вратат, носејќи ги своите снопја” (Псалм 126:6). {5C 395.4}

---

46. ЗНАЧЕЊЕТО НА КОЛПОРТЕРСКАТА РАБОТА И СОБИРАЊЕТО НА ПРЕТПЛАТИ

На полето на собирање претплати може многу повеќе да се направи од тоа што е направено досега. Собирачот на претплати не треба да биде задоволен со себе ако постојано не се усовршува. Тој мора потполно да се подготви за таа работа и не смее да се задоволи со установениот начин на изразување. Тој мора да му дозволи на Господа да соучествува во неговите напори и да влијае на неговиот ум. Христовата љубов која престојува во неговото срце ќе го оспособи да го пронајде патот по кој ќе се приближи на поединците и семејствата. {5C 396.1}

Собирачите на претплати треба да имаат лично образование и префинето однесување, не извештаченост и присиленост на оние кои го љубат светот, туку соодветно однесување кое е природна последица на благоста на срцето и желбата да се имитира Христовиот карактер. Тие грижливо и сесрдно треба да ги вежбаат навиките на трудољубивост и внимателност, трудејќи се да го слават Бога со тоа што ќе стануваат сето она што за нив е можно за станат. Исус поднел неизмерна жртва за да ги доведе во правилен однос со Бога и нивните ближни, и божествената помош соединета со човечките напори ќе им овозможи да достигнат висок степен на совршенство. Тие треба да бидат скромни како Јосиф, кротки како Мојсеј и умерени како Даниел. Тогаш нивното дело ќе го прати сила каде и да тргнат. {5C 396.2}

Ако собирачот на претплати тргне по неисправен пат, ако кажува невистина и ги измамува другите, тој тогаш ја губи сопствената самопочит. Тој можеби не е свесен дека Бог ги гледа и знае сите негови деловни трансакции, дека светите ангели ги проценуваат неговите побуди и дека неговата награда ќе биде според неговите дела. Меѓутоа, кога би било можно да ги сокрие злите дела од луѓето и од Бога, фактот дека тој го знае тоа го понижува неговиот ум и карактер. Една постапка не го формира карактерот, но ги руши оградите и полесно се подлегнува на следното искушение, додека на крајот неискреноста и нечесноста во работењето не поминат во навика така што во тој човек повеќе не може да се има доверба. {5C 396.3}

Има многу лица во црквата и семејства кои не се интересираат за очигледните недоследности. Има млади луѓе кои наликуваат поинаку отколку што се. Тие изгледаат чесни и исправни. Меѓутоа, тие се како варосани гробови, однадвор убави, а во срцето расипани. Срцето е извалкано со дамките на гревот, и како такво е запишано во небесните книги. Во нивниот ум се развива процес заради кој стануваат закоравени, бесчувствителни. Меѓутоа, кога во големиот Божји ден ќе се дознае дека нивниот карактер е измерен на мерилата на светилиштето и е недостоен, тоа ќе биде несреќа која тие денес не ја сфаќаат. Вистината, драгоцената, незамрачена вистина, треба да биде дел од карактерот. {5C 396.4}

Каков пат и да се избере, патеката на животот е послана со опасности. Ако работниците во било која гранка на Божјото дело ги занемарат своите вечни интереси, тогаш ќе претрпат големи загуби. Заведувачот ќе најде пристап кон нив. Тој ќе постави

стапици пред нивните нозе и ќе ги заведе на несигурен пат. Единствено се безбедни оние кои во срцето ги држат чистите начела. Тие ќе се молат како Давид: „Зацврсти ги стапалата мои на патеките Твои да не застранат чекорите мои" (Псалм 17:5). Мораме непрестано да се бориме против себичноста и расипаноста на човечкото срце. Често ни се чини дека безбожниците ги следи среќата на нивниот пат, но тие што ќе го забораваат Бога, само за еден час или миг, се наоѓаат на опасен пат. Тие можеби не ја сфаќаат реалноста на опасностите, но пред да станат свесни за тоа, навиките ги врзуваат со железни ланци и ги прават робови на злото со кое се поигрувале. Бог го презира нивниот начин на живот и нема да им го излее Својот благослов. {5C 397.1}

Ми беше покажано дека младите се посветуваат на ова дело, иако не се поврзале со небото. Тие се изложуваат на искушенија за да ја покажат својата смелост и се смеат на лудостите на другите. Тие знаат кој е правиот пат, знаат како треба да постапуваат. Колку лесно можат да се спротивстават на искушенијата! Колку лекомислено пресудуваат за грешките на другите! Меѓутоа, тие самите не го земале Бога во своја одбрана. Сатаната лукаво подготвува стапици за нив за и тие самите да станат предмет на потсмев на потсмевачите. {5C 397.2}

Нашиот голем противник има помошници кои постојано бараат прилика да ги упропастат душите, како што лавот го демне својот плен. Отргнете се од нив, млади луѓе, бидејќи тие ќе се прават ваши пријатели за да ве наведат на лош пат. Ќе ви ласкаат со зборови и ќе ви нудат да ви помогнат и да ве водат; но нивните патишта завршуваат во пеколот. Ако ги послушате нивните совети, тоа ќе биде пресврт во вашиот живот. Ако одвратите еден стражар од вашата совест, ако прифатите една лоша навика, ако не одговорите на еден повик на должноста, тоа може да биде почеток на погрешниот пат кој ќе ве одведе во редовите на оние што служат на сатаната, а истовремено ќе тврдите дека му служите на Бога и на Неговото дело. Еден момент на непромисленост, еден погрешен чекор може целиот ваш живот да го сврти во погрешна насока. Вие можеби нема да дознаете што била причината за вашата пропаст, сè додека не ја слушнете осудата: „Одете од Мене вие што правите незаконски дела" (Матеј 7:23). {5C 397.3}

Некои млади луѓе знаат дека со овие зборови непристрасно го опишав нивниот животен пат. Нивните патишта не се скриени пред Господа, иако можеби не им се познати ниту на нивните најдобри другари, па дури ниту на нивните татковци и мајки. Јас малку се надевам дека тие некогаш ќе го променат својот живот на лицемерие и измамливост. Поинакви се оние кои погрешиле, но се трудат да се покаат. Драгиот Исус нека им помогне упорно да се спротивстават на секоја лага и на ласкањето на оние кои сакаат да ја ослабат нивната волја да прават добро и во нив да поттикнат сомнежи и неверство, за да ја поколебаат нивната вера во вистината. Млади пријатели, ниеден момент не смеете да бидете во друштво на оние кои ќе ве направат непогодни да работите во Божјото чисто и свето дело. Никако немојте пред другите да правите нешто што не би можеле да правите пред таткото и мајката или од што би се срамеле пред Христа и Неговите свети ангели. {5C 398.1}

Некој ќе помисли дека на оние што ја празнуваат саботата не им се потребни ваквите предупредувања. Но оние на кои се наменети знаат на што мислам. Млади луѓе; јас ве советувам да бидете претпазливи бидејќи ништо не може да се сокрие пред очите на Бога и Неговите ангели. Вие не можете да правите зло, а да не им наштетите на другите. Со вашите постапки вие не покажувате само каков е вашиот карактер, туку вршите силно влијание врз другите. Никогаш не губете го од вид фактот дека вие му припаѓате на Бога, дека Тој ве откупил со скапа цена и дека морате да му дадете сметка

за талантите што ви ги доверил. Оние чиишто раце се осквернети со грев, не треба да имаат учество во собирањето на претплатите ниту да бидат колпортери, бидејќи таквите лица сигурно би нанеле срам на делото на вистината. На оние кои работат на мисионерското поле им е потребно Божјо водство. Тие треба да внимаваат да тргнат по правиот пат, а потоа мирно и одлучно да одат по патеката на правичноста, бидејќи сатаната е истраен и одлучен во неговите напори да ги уништи. {5C 398.2}

Се погреши во тоа што се бараше претплата за нашите списанија за само неколку седмици, а ако луѓето се потрудеа малку повеќе, би можеле да ги добијат претплатите за подолго време. Претплатата за една година вреди повеќе од многу претплати за кратко време. Ако списанието се зема само неколку месеци, често со тоа завршува и интересирањето. Малку се оние кои ја обновуваат својата претплата на подолго време и затоа има многу потрошено време кое дава малку корист иако со поголема тактичност би можеле да се придобијат годишни претплати. Браќа, вашите планови се премногу ограничени. Вие не се посветувате на работата со енергија и истрајност кои таа ги заслужува. Во оваа работа има повеќе тешкотии од другите гранки на делото. Но поуките што ќе ги стекнете во него, вниманието и дисциплината на кои ќе се навикнете, ќе ве оспособат за другите полиња на работа на кои ќе можете да се грижите за душите. Оние кои нема да ги искористат овие поуки, кои се невнимателни и нагли во односот кон другите, ќе ги покажат истите недостатоци во однесувањето и кога ќе се посветат на повикот на проповедник. {5C 399.1}

Претплатите за кратко време се прифаќаат, но луѓето не сакаат да се потрудат да добијат претплати за подолго време. Собирачите на претплати не смеат да бидат невнимателни и незаинтересирани при работењето на терен. Тие треба да чувствуваат дека се Божји работници и љубовта кон душите треба да ги поттикне да вложат секаков напор за на народот да му ја разјаснат вистината. Провидението и благодатта, средствата и целите, тесно се поврзани. Кога Неговите работници ќе направат сè што е во нивна моќ, Бог ќе им помогне да го направат и тоа што не се во состојба да го направат со сопствени сили. Но никој не треба да се надева дека ќе успее без напор, или потпирајќи се само на своите сили. Активноста мора да се соедини со цврста доверба во Бога. {5C 399.2}

Штедењето е потребно во секое поле во Господовото дело. Денешната младина е наклонета да го занемарува и презира штедењето и да го осуети изедначувајќи ја со закоравеност и тесноградост. Но штедењето е во хармонија со најширките и најслободоумните погледи и чувства.Таму каде што го нема, не може да има вистинска дарежливост. Никој не треба ниту да помислува дека е под достоинство да се штеди и да гледа како на најдобар начин да се искористи вишокот. И Христос, по извршувањето на едно големо чудо, рекол: „Соберете ги останатите парчиња за да не се загуби ништо” (Јован 6:12). {5C 400.1}

Многу пари се трошат на хотелски сметки кои не се неопходни. Пионерите во Божјото дело се грижеа за Божјото дело така што тие ретко јадеа во хотели, иако оброкот чинеше дваесет и пет центи. Но младите мажи и жени не се навикнати на штедење и непромислено трошат секогаш кога ќе им се укаже прилика. Некои семејства толку многу трошат, што тоа би било доволно за издржување на уште едно цело семејство, кога повеќе би се штедело. Кога нашите млади на патувањата точно би воделе сметка за трошоците, тие би дознале каде исчезнуваат парите. Од нив не може да се бара да се лишат од топлиот оброк, како што тоа го правеа првите работници во нивниот патувачки живот, но сепак можат да поминат поевтино отколку што мислат

дека сега е неопходно. Има луѓе кои се ограничуваат и кои се одрекуваат од себе за да можат нешто да дадат за Божјото дело. Затоа и работниците во делото треба да се одречат од нешто и да ги намалат нивните трошоци колку што е можно. Сите наши работници би требало да ја проучуваат историјата на валденжанските мисионери и да се угледаат на нив во поглед на пожртвуваноста и самоодрекувањето. {5C 400.2}

Ние треба да извршиме едно големо дело за Господа - Божјата Реч да ја направиме пристапна за оние кои се наоѓаат во мракот на заблуди. Млади пријатели, работете како луѓе врз кои почива свечена одговорност. Вие треба да ја проучувате Библијата за да бидете во состојба да му одговорите на секого кој ќе ве запраша за причината за вашата надеж. Со христијанско достоинство на секој покажете му дека имате вистина која сите луѓе треба да ја слушнат. Ако таа вистина се вкорени во вашите срца, тоа ќе се забележи во вашиот живот и во вашите постапки, во вашето владеење со себеси и во мирот кој само христијанинот може да го има. {5C 401.1}

Оние кои се вистински понизни и чијшто ум е развиен со откриените вистини на евангелието ќе имаат силно влијание врз другите. Тие ќе остваат впечаток на умот и на срцата на другите и мнозина ќе ги почитуваат, дури и оние кои не се наклонети кон нивната вера. Со вистините на Библијата и нашите добри списанија тие ќе имаат успех, затоа што Господ ќе им пробие пат. Но со наметнување на нашите списанија на народот во вид на подароци и гратиси нема да се постигне никаков траен, добар ефект. Ако нашите работници во ова дело се потпираат на библиските вистини, ако во своите срца имаат љубов кон Христа и душите, тие ќе имаат повеќе успех во придобивање на постојани претплатници, отколку со подароци и ниски цени. Ако на тој начин мораме да ги придобиваме луѓето да се претплатат за нашите списанија, тие ќе мислат дека истите немаат никаква вредност. Би се постигнале подобри резултати кога повеќе би се укажувало на вредноста на списанијата, а парите потрошени за попусти да се искористат одреден број примероци да се разделат бесплатно. Со нудење на гратиси (подароци) многу луѓе се наведуваат да земат списание кои инаку не би го земале, додека други ќе го одбијат, мислејќи дека се работи за некоја шпекулација. Кога продавачите би умееле да ја објаснат вредноста на самото списание и за успех повеќе би се надевале во Бога, а помалку на попустите, би се постигнало многу повеќе. {5C 401.2}

Денес многу безначајни нешта се величат и слават. Луѓето прибегнуваат кон сите средства за да предизвикаат возбуда и да заработат нешто. Земјата е преплавена со книги без никаква вредност, кои се напишани само за да се заработат пари со нив, додека корисните книги не се продаваат ниту се читаат. Тие што продаваат сензационални книги за да заработат повеќе пари со тоа пропуштаат една драгоцена прилика да направат нешто добро. Потребна е борба за вниманието на мажите и жените да се привлече кон книгите кои имаат вистинска вредност, кои се засноваат на Библијата; а уште потешко е да се најдат совесни, богобојазливи работници кои ќе прифатат да собираат претплати за книгите кои имаат цел да ја шират светлината. {5C 401.3}

Работникот кој е заинтересиран за Божјото дело нема да се бори за поголема плата. Тој нема да вели, како некои млади, дека нема да има успех ако не изгледа модерно и елегантно и ако не се престојува во најдобрите хотели. Она што му е потребно на собирачот на претплати не е беспрекорна надворешност, ниту модерен изглед, туку чесност и цврстина на карактерот, кои се препознаваат во неговиот лик. Добрината и благородноста остваат трага и на лицето, на кое искусното око нема да открие никаква неискреност, ниту расфрлување во однесувањето. {5C 402.1}

Голем број од оние кои делат книги единствен успех гледаат во подароците. Тие немаат никаква заслуга како работници. Тие немаат искуство во практичната вера, туку имаат исти склоности и сфаќања кои ги имале и пред да се нарекуваат христијани. За нив може да се каже дека Бог не е во нивните мисли, дека за Него нема место во нивните срца. Во нивниот карактер е застапено ситничарството, земниот дух и нискоста која сведочи против нив. Тие одат по патот на сопственото срце и каде што ги водат очите. Тие не се жртвуваат, туку одлучиле да уживаат во животот. Небесното богатство за нив не е привлечно, сите нивни копнежи се насочени надолу, а не нагоре. Ваквите луѓе не можат роднините и пријателите да ги направат благородни, бидејќи не се решени да го презрат злото и да го одберат доброто. {5C 402.2}

Колку помалку се потпираме на таквите, кои не се малку туку многу, толку подобро ќе изгледа нашето дело во очите на светот. Нашите браќа треба да бидат мудри при изборот на собирачи на претплати и колпортери, доколку не сакаат тие погрешно да ја сфатат вистината и така да им ја прикажуваат на другите. Тие треба добро да ги наградуваат сите вистински работници, но наградата не треба да биде толкава за со неа да се купуваат самите работници, бидејќи тоа само ќе им наштети. Така тие стануваат себични и расипници. Од нив треба да се бара да имаат вистински мисионерски дух и квалификации потребни за успех. Ако ја имаат Исусовата љубов во душата, тие ќе се сметаат за почестени затоа што можат да придонесат во ширењето на вистината. Тогаш тие ќе мислат, планираат и ќе се молат кога работат. {5C 403.1}

Потребни се млади, разумни луѓе, кои ќе умеат да ги ценат умните способности што Бог им ги подарил и ревно ќе ги развиваат. Со вежбање и со развивање на овие способности, а ако притоа се развива и срцето, карактерот станува урамнотежен. Секој има можност да се развива. Затоа, никој не треба да го разочара Господарот, кога ќе дојде да бара плодови, и да Му даде само листови. Цврстата намера, посветена со Христова благодат, прави чуда. Исус и светите ангели ќе им подарат успех на интелигентните и богобојазни луѓе, кои прават сè што е во нивна моќ за да ги спасат душите. Тие треба тивко и умерено, со срце преполно со љубов да се трудат да ги наведат луѓето да ја истражуваат вистината, да бидат вклучени во давање на библиски часови кога можат. На тој начин ќе го сеат семето на вистината покрај секоја вода, славејќи го Оној кој ги извел од темнината и ги вовел во Својата чудесна светлина. Тие што со искрени побуди ја вршат оваа работа, вршат една значајна мисинерска должност. Тие нема да покажуваат слаб и неодлучен карактер. Нивните умни способности постојано ќе се зголемуваат, а нивниот начин на однесување ќе биде сè полљубезен. Тие нема да поставуваат никакви граници на нивниот развиток, туку секој ден ќе бидат сè поспособни за да вршат добро дело. {5C 403.2}

Многу работници на полето на колпортирање и собирање претплати не сакаат да поднесат никакви жртви. Генерално, тие имаат помалку мисионерски дух од работниците во другите вероисповеди. Тие се посветуваат на оваа работа, ако сè им се подготви однапред и ако им се обезбеди најголема награда. На колпортерите им се нудат многу предности да прифатат продавање на популарни книги. На мнозина им се нудат високи награди, па одбиваат за помалку да го прифатат растурањето на книги кои зборуваат за сегашната вистина. Затоа им се нуди иста награда која им ја даваат и останатите издавачи, заради што растат и трошоците за печатење и за растурање на книгите. Многу колпортери лесно доаѓаат до пари, затоа лесно и ги трошат. {5C 403.3}

Во народот кој ја исповеда сегашната вистина нема мисионерски дух кој е соодветен на нивната вероисповед. Во карактерот нема вистинско злато.

Христијанскиот живот значи многу повеќе од тоа што тие си замислуваат. Тоа не значи да се биде само благороден, трпелив, благ и кроток. Овие доблести се неопходни, но исто така треба да се поседува и сила, цврстина, храброст и истрајност. Мнозина кои се посветуваат на продавање на книги се слаби, духовно малаксани и лесно ја губат храброста. Немаат енергија. Тие ги немаат позитивните карактерни особини кои на луѓето им даваат сила да направат нешто - дух и енергија кои предизвикуваат ентузијазам. Работата на оние кои продаваат книги и собираат претплати е чесна и тие не треба да се срамат од тоа. Ако сакаат нивната награда да биде крунисана со успех, мораат да бидат храбри и полни со надеж. {5C 404.1}

Активните доблести исто така мораат да се негуваат како и пасивните. Христијанинот, иако секогаш подготвен љубезно да одговори на секој успех, мора да има храброст и како јунак да се спротивстави на секое зло. Заедно со благоста која поднесува сè, тој мора да има и цврстина на карактерот која ќе го направи храбар борец за доброто. Верата мора да биде проткаена во неговиот карактер. Неговите начела мора да се цврсти, тој мора да е благороден за никој да не смее да се посомнева во поглед на неговите побуди. Колпортерот не треба да биде фалбахија. Во дружењето со луѓето тој не треба вниманието да го насочува кон себе и да се фали, бидејќи така ќе ги одбие интелигентните, чувствителни личности. Во неговиот живот не смее да има себичност, властољубивост (желба за доминантност) ниту заповеднички дух. Мнозина луѓе сметаат дека не се во состојба да прочитаат една од десетиците иљади книги кои се појавуваат на пазарот. И кога ќе се појави колпортер, луѓето пред него ја затвораат вратата на своето срце. Затоа е неопходно тој да го извршува своето дело со тактичност и со понизност и со дух на молитва. Треба добро да ја познава Божјата реч и да располага со зборови за да ја изнесе драгоцената вистина и народот да дознае колку е вредна содржината на книгите кои им се нудат. {5C 404.2}

Секој треба да чувствува лична одговорност за оваа работа. Секој треба да води сметка за тоа на кој начин најдобро ќе го придобива вниманието на луѓето, бидејќи начинот на кој се прикажува вистината може да одлучи за судбината на душите. Ако остави добар впечаток, неговото влијание за некоја душа може да биде животен мирис за живот, а таа душа ќе ја расветли вистината на многу други. Затоа е мошне опасно да се биде невнимателен во работата со душите. {5C 405.1}

Работата на собирање на претплати и продажба на книги е средство со кое Бог придобива мнозина кои на друг начин не би дознале за вистината. Тоа е добро дело; неговата цел е возвишена и благородна. Затоа и однесувањето на колпортерот треба да биде достоинствено. Тој ќе дојде во контакт со луѓе со различни склоности. Ќе наиде на незнајковци и ниски луѓе кои не се во состојба да проценат ништо освен тоа што им донесува заработка. Тие ќе го попречуваат во работењето, но тој не смее да обратува внимание на тоа. Тој секогаш треба да биде расположен и радосно и полн со надеж да се бори со тешкотиите. Ќе наиде и на луѓе кои претрпеле неуспеси, станале малодушни и чиишто души се ранети. Тој често ќе има прилика на ваквите да им упати зборови на утеха, зборови на вера и надеж. Тој може да биде свеж извор на кој многу ќе можат да се освежат ако сакаат. Но за да биде тоа, тој мора да пие од Изворот на живата вистина. {5C 405.2}

Продажбата на книги е многу поважна работа отколку што мислат некои. Затоа при изборот на такви работници потребна е истата мудрост како и при изборот на проповедници. Младите можат да се воспитаат да работат многу подобро отколку што работеле досега, со многу помали плати од сегашните. Подигнете го знамето и повикајте

ги пожртвуваните луѓе кои го љубат Бога и човештвото да се придружат на војската од работници. Нека дојдат, не затоа што очекуваат лесна работа, туку за храбро да ги победуваат сите тешкотии и неволи. Нека дојдат оние кои можат да дадат добар извештај за нашите публикации затоа што и самите ја ценат нивната вредност. {5C 405.3}

Господ нека му помогне на секој до крајност да ги умножи талантите што му се доверени. Тие што работат во делото не ја проучуваат Библијата како што би требало да прават. Да го правеа тоа, нејзините поуки би имале позитивно дејство во нивните животи. Каква и да е вашата должност, драги браќа и сестри, вршете ја како за Господа, со вашите најдобри способности. Не отфрлајте ја златната прилика која ви се овозможува сега и не дозволувајте вашиот живот да биде неуспех, постојано сонувајќи за удобностите и за успехот во некое дело кое Бог не го наменил на вас. Извршувајте ја вашата работа дури и сред опасности и неволи кои постојат во мисионерското поле, но, ве молам, не жалете се на тешкотиите и самопожртвувањето. Угледајте се на Валденжаните. Погледнете какви планови правеле за светлината на евангелието да ја однесат на замрачените умови. Ние не треба да работиме и постојано да очекуваме награда во овој живот, туку треба постојано нашите очи да ги насочуваме кон наградата на крајот од оваа трка. Денес се потребни мажи и жени кои ќе бидат толку точни во вршењето на своите должности, како што магнетната игла точно го покажува полот – мажи и жени кои ќе работат и нема да бараат патот пред нив да се израмни и од него да се отстрани секоја препрека. {5C 406.1}

Опишав какви треба да бидат оние кои ги продаваат нашите книги и собираат претплати. Бог нека им помогне ова прашање да го сфатат во целото неговото значење и да согледаат дека се должни да го прикажат Христовиот карактер со своето трпение, храброст и истрајна чесност. Нека имаат на ум дека можат да се одречат од Него ако се немарни и неодлучни. Млади луѓе, ако со овие начела заминете на вашето поле на работа, ќе бидете почитувани и мнозина ќе ја прифатат вистината што ја застапувате, бидејќи вие ја живеете вашата вера, бидејќи вашиот секојдневен живот ќе биде како свеќа поставена на светилник, која им свети на сите в куќи. Дури и вашите непријатели кои ќе се борат против вашето учење ќе мораат да ве почитуваат. Ако го постигнете тоа, вашите едноставни зборови ќе имаат сила во себе и ќе бидат во состојба да ги придобиваат срцата. {5C 406.2}

---

47. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во издавачкото претпријатие во Батл Крик постојат и секогаш ќе постојат тешкотии. Институциите кои се подигнати тука претставуваат средства со кои се служи Бог за да го оствари Своето дело на земјата; од таа причина сатаната ја користи својата остроумност да го спречува. Тој со своите искушенија им приоѓа на мажите и жените кои се поврзани со овие институции, без разлика дали се наоѓаат на одговорна положба или ја вршат најскромната должност. И ако му се пружи прилика тој на тој начин ги фаќа во своите стапици и тие ја губат врската со Бога, стануваат збркани во расудувањето и неспособни да го разликуваат доброто од злото. Тој знае дека сигурно ќе дојде момент кога ќе се

откриe духот кој владеел со нивните животи и триумфира што животите на тие луѓе сведочат дека тие не се соработници на Христа. {5C 407.1}

Мнозина кои според годините и растот станале возрасни ги немаат карактерните особини кои го сочинуваат благородниот карактер на човекот. Бог не ги смета за луѓе. Тие не се доверливи. Некои од нив работат и во нашите институции. Тие имаат влијание, кое исто така е од убиствен вид, бидејќи ретко е на страна на правдата. Тие исповедаат побожност, но со својот пример постојано поттикнуваат зло. Нивните мисли се проткаени со сќептицизам, кој се изразува и во нивните зборови, и тие ги користат своите способности за да ја изопачат вистината и правдата. Со нивниот дух завладеал сатаната и тој преку нив работи на рушење на моралот и внесува забуна. Колку попријатен и попривлечен е нивниот начин на однесување и колку се посјајни и пообдарени со таленти, толку се поуспешни средства во рацете на непријателот на секоја правда да ги деморализираат сите кои се под нивно влијание. Мошне е тешка и неблагодарна должноста да се спречуваат овие луѓе да не станат владеачка сила и да не ја остварат нивната намера во поттикнување на раздор и лабави, неодредени начела. {5C 407.2}

Младите кои се изложени на влијанието на овие луѓе нема да бидат сигурни сè додека оние кои се грижат за нив не се претпазливи и додека во нив самите не се вкоренат правилни начела. Но жалосен е фактот дека денес многу млади луѓе лесно се потчинуваат на влијанието на сатаната, а се противат на Божјиот Дух. Во многу случаеви лошите навики толку цврсто се вкорениле што менахерите ниту со најголеми напори не се во состојба нивниот развиток да го насочат во добар правец. {5C 408.1}

Луѓето што заземаат доверливи положби во издавачкото претпријатие имаат тешки одговорности. Тие нема да бидат соодветни за овие положби, ако секој ден не стекнуваат сè подлабоко, поцврсто и посигурно христијанско искуство. На прво место треба да бидат вечните интереси и срдечно треба да се поздрави секое влијание кое ќе помогне во светиот живот. Луѓето на кои Бог им доверил да управуваат со она што е деловно во Неговото дело треба да бидат наклонети на духовноста. Тие не смеат да отсуствуваат од верските состаноци, ниту треба да ја сметаат за тешка должноста да зборуваат често пред другите за својот верски живот и искуства. Бог ќе ги слуша нивните сведоштва; Тој ќе ги забележи во книгата за спомен; ќе ги признае како Свои верници и ќе биде „милостив кон нив како што татко е милостив кон синот свој, кој му служи” (Малахија 3:17). {5C 408.2}

Луѓето што се ноѓаат на чело на издавачкото дело треба да имаат на ум дека се пример за мнозина, и затоа треба верно да ја вршат својата должност при јавните богослуженија, како што и тие бараат од секој работник во претпријатието верно да ја извршува својата должност. Ако тие само од време навреме се појавуваат на јавните богослуженија, другите тоа ќе го искористат како изговор. Овие луѓе можат секогаш точно да и разумно да зборуваат за деловни прашања, докажувајќи дека не напразно ги развивале способностите во тој правец. Тие покажуваат вештина, умешност и знаење во својата работа. Но исто така е важно нивните мисли, срца и сите нивни сили да се подготват за верна служба на Бога и во богослужението, за да се оспособат во едноставност да можат со речито зборување да укажат на патот на спасението преку Христа. Тие треба да бидат луѓе кои усрдно ќе се молат и цврсто ќе се потпираат на Бога, луѓе кои, како Аврам, ќе им заповедат на своите домаќинства после себе, и кои ќе покажуваат посебен интерес за духовното добро на сите што се поврзани со издавачкото претпријатие. {5C 408.3}

Доверба може да им се даде само на оние на кои Христос им е на прво место во сè. Тие нема да бидат самоуверени, ниту нивната верска ревност ќе се стопи во нивните деловни занимања. Дали Бог на луѓето им доверил свети должности? Тогаш Тој сака тие да ја почувствуваат својата слабост и својата зависност од Него. Мошне е опасно кога луѓето ќе се потпрат на својот разум и затоа треба секој ден да бараат сила и мудрост одозгора. Бог треба да биде во сите нивни мисли, тогаш никакви лукавства и вештини на старата змија нема да ги наведат да ја занемарат својата должност. Тие ќе му се спротивстават на непријателот со едноставното оружје кое Христос го користел: „Напишано е", или ќе го одбијат со „Бегај од Мене сатано" (Матеј 4:4,10). {5C 409.1}

Со опомената „бидете будни и молете се," Исус означил еден сигурен пат. Неопходно е да бдееме. Нашите срца се измамливи; ние сме подложни на човечките слабости и мани, а сатаната се напрегнал да уништува. Нашата будност понекогаш може да попушти, но нашиот непријател никогаш не мирува. Знаејќи за неговите неуморни напори, не смееме да спиеме како и останатите, туку треба „да бидеме будни и трезни". Мораме да му се спротивставиме на духот и на влијанието на светот и не смееме да дозволиме да завладее со нашиот ум и нашето срце. {5C 409.2}

Деловниот човек кога ќе дојде во контакт со светот ќе има тешкотии, неволи и различни грижи. Тој ќе види дека секаде постои наклонетост луѓето да се раководат според световни сфаќања и поими и дека е потребна дисциплина на умот и душата за да се сочува духот на побожност. Но божествената благодат чека на неговата молба и неговата голема потреба ќе му направи пристап кон Бога. За ваквите луѓе Христос посебно се погрижил. Тој ги повикува: „Дојдете кај Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам; Земете го Мојот јарем на себе и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете мир за душите ваши; Зашто јаремот Мој е благ и бремето Мое е лесно" (Матеј 11:28-30). Тие што одржуваат постојана врска со Христа ќе имаат мир и спокој. Зошто тогаш одиме сами и го презираме Неговото друштво? Зошто не Го прифаќаме како советник во сите нешта? Зошто не Му пријдеме со сите наши неволи да ја испитаме силата на Неговите ветувања? {5C 409.3}

Светиот Дух нè осветлува во темнината, нè поучува во нашето незнаење, нè разбира и ни помага при најразлични тешкотии. Но умот мора постојано да копнее за Бога. Ако дозволиме да се вкорени рамнодушноста и световниот дух, нема да имаме срце подготвено за молитва, немаме да имаме храброст да му се обратиме на Оној кој е извор на сила и мудрост. Затоа, драги браќа и сестри молете се непрестано „кревајќи свети раце без гнев и расправии" (1. Тимотеј 2:8). Принесете ги своите молби на престолот на благодатта и надевајте се на Бога секој час и секој миг. Служењето на Бога ќе ги постави на вистинското место сите ваши односи со вашите ближни и ќе направи вашиот живот да биде богат со добри дела. {5C 410.1}

Никој нека не мисли дека себичноста, вообразеноста и угодувањето на себе можат да се сложат со Светиот Дух. Врз секој вистински обратен маж и жена почиваат одговорности кои ние малку ги цениме. Синовите и ќерките на небесниот Цар не треба да ги прифаќаат мислењата и погледите на овој свет. „Возљубени, сега сме чеда Божји! Но уште не се покажа што ќе бидеме. Знаеме само дека, кога ќе се покаже, ќе бидеме слични на Него, зашто ќе Го видиме каков што е" (1. Јованово 3:2). Но, нас светот не нè познава, бидејќи не го познава ни Христос, нашиот Господар. {5C 410.2}

Во уредништвото на „Преглед" потребни се деловни луѓе кои правилно ќе го прикажуваат Христа и планот на спасението. Бог не сака тие сета своја сила да ја посветат на световни зафати или дури на занимања кои се во врска со издавачката работа, а

притоа да не прават ништо за зајакнување на Неговата црква и за изградување на Неговото царство. Работењето за Бога и за спасување на душите е највозвишениот и најблагородниот повик со кој човекот некогаш можел да се занимава. Загубите и добивките во таа работа имаат големо значење, бидејќи последиците не завршуваат во овој свет, туку се простираат во вечноста. {5C 410.3}

Браќа, со било каква работа да се занимавате, во која и гранка на делото да соработувате, носете ја својата вера со себе. Бог и небото не смеат да се исклучат од животот и животното дело. Работниците во Божјото дело треба да внимаваат да не станат едностранн и во карактерот да не покажуваат само земни особини. Досега имаше луѓе кои соработуваа со институцијата, а доживееја неуспех. Тие не беа наклонети на духовност и нивното влијание не беше насочено кон небесниот Ханан, туку назад - кон Египет. {5C 411.1}

Братот П. е благословен со способности со чија помош би можел да прави големи добри дела кога би бил посветен на Бога. Тој ја сфаќа теоријата на вистината и барањата на законот. Меѓутоа, тој не се поучувал во Христовата школа на кротост и љубов на чија основа би станал доверлив човек, човек на кој може да му се довери одговорна положба. Тој беше измерен на мерилата на светилиштето и се најде лесен. Тој доби голема светлина со опомените и укорите, но не ги прифати. Дури не согледа ниту потреба да ја смени насоката на своето занимање. Примерот што го даваше на работниците во уредништвото не беше во согласност со неговата вероисповед. Тој не копнееше кон целта без да се поколеба. Беше детинест човек и неговото влијание ги одвојуваше луѓето од Христа и ги доближуваше до овој свет. {5C 411.2}

На братот П. му беше предочен Христовиот крст, меѓутоа, тој се оддалечи од него затоа што тој со себе носи срам и прекор, а не почеста и фалбата на овој свет. Исус непрестано повикува: „Земи го крстот и врви по Мене и така ќе станеш мој ученик. Но други гласови повикуваат да се тргне по патот на земната гордост и славољубие. И тој ги послуша тие гласови зашто се подобри за човечкото срце. Тој му сврти грб на Исуса, се одвои од Бога и го прегрна овој свет. Беше повикан да го претставува Христос и да биде сјајна светлина во овој свет, но ја изневери таа света доверба. Светот се постави меѓу Христос и неговата душа и тој стекнуваше светско искуство, наместо да стекне искуство со наполно спротивен карактер. Целосно му припаѓаше на овој свет во поглед на своите склоности и мислења и затоа не беше во состојба да ги сфаќа духовните нешта. {5C 411.3}

Успехот на братот П. во проповедништвото и на доверливата должност во уредништвото, зависи од карактерот кој го изградува. Потребно е да вложува грижливи и истрајни напори за со своето однесување да не даде лош пример на соработниците. Божјата реч јасно укажува на планот кој требаше да го усвои и на насоката на занимање по која требаше да оди. Ако ја послушаше таа реч, таа би била светлина на неговиот пат, водејќи ги неговите неискусни нозе по патеката на безбедност. Постојано му беа упатувани Сведоштва на Светиот Дух, покажувајќи му каде отстапил од патот по кој треба да одат откупените во Господа, опоменувајќи и преколнувајќи да го промени правецот на својот пат. Меѓутоа, во неговите очи неговите патишта беа исправни, и тој се поведуваше по своите склоности, запоставувајќи ја светлината што му беше дадена. Тој не беше доверлив советник. Не беше доверлив човек во уредништвото, ниту доверлив пастир, бидејќи сакаше стадото да го заведе на погрешен пат. Тој држеше одлични проповеди, но не ги држеше начелата што ги проповедаше. Ваквото работење е навреда за Бога. {5C 412.1}

Дружењето на братот П. со светот беше стапица за него и за другите. О, колкумина се сопнаа на таквиот негов живот. Тие се уверени дека направиле сè што се бара од нив, доколку ги направиле првите чекори во обратувањето: покајание, вера и крштавање. Но тоа е судбоносна заблуда. Упорната борба за победа над самиот себе и небото, е победа која трае цел живот. Во таа војна нема здивнување; напорите мора да бидат постојани и истрајни. Кон христијанската исправност мора да се копнее за неуморна енергија и таа мора да се сочува имајќи ја во вид непроменливоста на целта. {5C 412.2}

Вистинското верско искуство се развива и засилува. Постојаното напредување, зголемување на знаењето и моќта на Божјата реч - тоа се природни последици на животната поврзаност со Бога. Светлината на светата љубов станува сè појасна и појасна додека не настане ден. Братот П. можеше да живее таков живот, но тој немаше масло на благодат во својот светилник и неговата светлина се изгаси. Ако наскоро не изврши решителна промена ќе се најде таму каде што никакви опомени и преколнувања нема да допираат до него. Неговата светлина ќе исчезне во мракот и тој ќе биде фрлен во очај. {5C 413.1}

Важноста на штедењето

Братот Р. поседува добри деловни способности за одредени гранки во делото и со нив би можел добро да послужи во уредништвото. Меѓутоа, тој не се воспитал и дисциплинирал за да може да биде добар и корисен управител. Под негово раководство се направија големи пропусти. Нештата се несредени и неорганизирани и тоа мора брзо да се поправи. Во неговата работа има многу ситни нешта на кои не им е обрнато внимание и заради тоа дојде до пропусти. Дојде до загуби и расфрлања кои можеа да се избегнат. {5C 413.2}

Отидов во уредништвото и видов како Божјите ангели гледаат на работењето во некои одделенија. Некои се наоѓаат во подобра состојба, додека во други има грешки кои можат да се поправат. Загуби, загуби се забележани во многу одделенија. Безгрижниот начин на работа доведува до загуба за уредништвото и навредување на Бога. Жално е што е така. Исус ни дал поука за штедењето: „Соберете ги останатите парчиња за да не се загуби ништо”, рекол Тој (Јован 6:12). Подобро би било да не се преземаат толку големи потфати ако заради тоа не може да се посвети внимание на многу ситни детали, бидејќи малите нешта се како штрафови кои ја одржуваат машината да не се распадне. Божјата Реч ја објаснува должноста и поставува правило за верно служење: „Верниот во малку и во многу е верен, а несправедливиот и во многу и во малку е несправедлив” (Лука 10:16). {5C 413.3}

Ми беше покажано дека покрај сегашните вработени во уредништвото треба да се вработат способни луѓе кои ќе помагаат во раководењето на разни гранки на делото. Треба да се вработат луѓе кои имаат искуство во работењето и кои се мудри управувачи. Би било подобро одамна да беа вработени луѓе кои се способни да управуваат - луѓе кои се научени на совесност, брзина и штедливост - дури ако мора да им плаќаат двојно поголеми плати на главните работници кои се неопходни. Братот Р. не е совршен во тоа. Тој не постапува правилно при исправањето на грешките. Тој сака да го прави тоа, но потполно заборава нешта кои би требало да се реформираат. На уредништвото му недостасува грижлив професионалец, способен деловен човек. Се губи трипати повеќе отколку што би било потребно да се плати најдобрата стручност и искуство во таа работа. {5C 414.1}

Многу е изгубено затоа што во уредништвото нема способни, енергични и практични личности кои ќе го надгледуваат работењето во одделенијата. Потребен е човек кој се разбира во печатењето и кој е запознат со сите делови на работата. Има некои кои го знаат печатарството, но немаат никакви способности за да управуваат. Други прават сè што можат, но уште се неискусни и не ја познаваат печатарската работа. Нивните идеи често се стеснати. Тие не знаат како да ги задоволат потребите на Божјото дело и заради тоа не се во состојба да ги проценат добивките и загубите од проширувањето на работата. Исто така тие се подложни на погрешно расудување и проценување и заради тоа прават лоши пресметки. Уредништвото претрпе загуби затоа што не се правеа добри пресметки и не се искористија можностите за да се прошири издавачката дејност. Во институција како што е оваа можат да пропаднат Илјадници долари затоа што пресметките ги вршат нестручни лица. Братот П. има способности, во некои нешта го сфаќа и правилно го проценува значењето на издавачката дејност, но тој имаше лошо влијание врз уредништвото. {5C 414.2}

Мора да постои некој кој ќе се погрижи на младите, кои доаѓаат во претпријатието да научат занает, веднаш да им се посвети потребното внимание. За таа работа треба да се земе човек кој е способен да поучува, кој е трпелив, љубезен и остроумен. Ако еден човек не е способен за таа работа, тогаш треба да се повика друг. Ако таа работа се врши добро, претпријатието ќе заштеди плати за тројца луѓе. Кај тие млади се создаваат навики кои ќе влијаат на целиот нивен живот. Тие, всушност се наоѓаат во училиште; и ако им се дозволи да стекнуваат знаење како што умеат самите, тогаш во целата нивна идна работа ќе се забележуваат очигледни недостатоци. Младите мора да се градат на темелот на совесноста, чесноста и исправноста. Создавањето на правилни навики кај младите има најголемо значење. Ако на младите луѓе им се дозволи да стекнуваат навики на немарност и безгрижност, наместо да се учат на послушност кон правилата и прописите, да се учат на точност, совесност, чистота, ред и штедливост - тие ќе ги задржат лошите навики цел живот. Тие можат да поседуваат способности да постигнат успех во своите потфати и треба да им се укаже на значењето на правилната употреба на тие способности. Исто така треба да бидат поучени да бидат штедливи, за да ги собираат останатите парчиња и ништо да не пропадне. {5C 415.1}

Луѓето на одговорни положби не треба да преземаат повеќе од она што можат брзо, добро и потполно да го завршат. Ако сакаат оние што се доверени на нивна грижа да стекнат правилни навики, тогаш мора да им дадат добар пример. Голема одговорност лежи на тие луѓе во поглед на влијанието кое со своите начела и начинот на работа го имаат врз развојот на карактерот на младите. Тие треба да имаат на ум дека поуките во поглед на работата и верското воспитување им помагаат на младите во изградување на карактер. Нивното мото треба да биде напредок. Младите треба да се поучуваат да копнеат кон совршенство во секоја гранка на делото. Ако на чело на одделението се наоѓаат луѓе кои не се совесни и штедливи и кои не го искористуваат правилно своето време и не го употребуваат внимателно своето влијание, тие на ист начин го изградуваат карактерот на другите. Ако таквите луѓе и после опомените не се променат, треба да се отстранат и да се обезбедат способни личности, дури ако е потребно тоа да се прави повеќе пати. Работниците мора да бидат многу поефикасни и поверни отколку што се сега. {5C 415.2}

Првите влијанија и првите поуки што им се даваат на тие млади луѓе треба да бидат највозвишени, бидејќи нивниот карактер се формира за овој живот и за вечноста. Тие што се грижат за нив треба да имаат на ум дека врз нив почива голема и свечена

одговорност. Тие треба да ги обликуваат како меката глина која може да се обликува додека не зацврсти и не стане неосетлива. Треба да го свиваат младото дрво пред да стане чворлив даб; и да го насочуваат текот на потокот пред да стане голема река. Ако на младите им се дозволи сами да ги бираат училиштата и другарите, некои ќе направат добар избор, а други ќе изберат лошо друштво. Ако верата не е придружник во нивното воспитување, тие лесно ќе станат предмет на искушување и нивните карактери ќе станат подложни на изопаченост и едностраност. Младите кои покажуваат почит кон светото тоа го учат уште покрај домашното огниште, пред светот да го стави својот печат на душата – обличје на грев, измама и нечесност. Љубовта кон Бог се стекнува покрај семејниот олтар - кај мајката и таткото во најраното детство. {5C 416.1}

Во уредништвото многу се чувствува недостатокот на верско влијание. Таму би требало да има повеќе духовност, преданост и жива вера. Мисионерската работа која тука би можела да се изврши под влијание на богобојазливи мажи и жени би донела најдобри резултати. Ставот не братот Р. не му е многу угоден на Бога. Човек на негова положба треба да биде предан човек. Тој треба да биде меѓу првите во верските прашања. Тој единствено е сигурен ако одржува жива врска со Бога и ако ја чувствува својата зависност од Бога. Без тоа тој нема правилно да ја врши должноста, ниту ќе врши добро влијание врз оние во уредништвото и врз оние со кои доаѓа во контакт при работењето. {5C 416.2}

Иста така ми беше покажано дека во издавачката куќа треба да се испита начинот со кој се постапува и со браќата и со неверниците. Љубезноста, чистотата, вистината и мирот - тоа се плодови кои треба да се забележат во претпријатието. Побудите и постапките треба да се испитаат детално и да се споредуваат со Божјиот закон. Бидејќи само тој закон е непогрешен пропис според кој треба да се управуваме во однесувањето, единствено сигурно правило на чест меѓу човек и човек. {5C 416.3}

Единство во работењето

Господ сака да има единство меѓу оние кои управуваат со разни гранки во Неговото дело. Тие што го управуваат Неговото дело на брегот на Пацификот и кои соработуваат во Неговото дело источно од Карпестите Планини треба да бидат едномислени во расудувањето - единствени во срцето, плановите и постапките. Бог не сака работниците во претпријатието да ја сметаат за доблест неслогата со своите браќа од другата издавачка куќа. Тие треба да се допишуваат и да се советуваат за плановите и намерите. Ако во една куќа предложат подобрување, тогаш раководителите треба да ги разгледаат тие предлози и да ги усвојат плановите и методите за подобрување. Во двете издавачки претпријатија треба во голема мера да се подобри работењето и раководителите треба уште многу да научат. А поуката, која ќе има одлучни и корисни последици за напредокот на Божјото дело, со состои во тоа помалку да учат според нивното сфаќање, а повеќе да се учат на Христовата кротост и понизност. Во ниедна издавачка куќа раководителите не треба да бидат себични, како што не бил Христос, и да не ги спроведуваат тврдоглаво своите планови без оглед на последиците. {5C 417.1}

Оние кои соработуваат со нашето издавачко претпријатие во Батл Крик не се такви какви што би требало да бидат, ниту такви какви што би можеле да бидат. Тие мислат дека нивните гледишта, навики и склоности се исправни. Тие се наоѓаат во постојана опасност да станат тесногради и да му завидуваат на издавачкото претпријатие во Пацификот, да заземат став на критичари и да се сметаат за надмоќни. Се дозволува тоа

чувство да се развива и да го спречува напредокот и да нанесува штета како на нивните интереси, така и на интересите на делото на брегот на Пацификот само затоа што преовладува себичноста и го спречува јасното расудување за тоа што е корисно за нив самите и за изградба на Божјото дело. Таквите себични чувства се спротивни на Христовиот Дух. Бог е незадоволен од таквите чувства и Тој сака тие целосно да се победат. Божјото дело е едно. Неговото лозје е едно големо поле на кое Божјите слуги работат различни работи. Никој не смее да има друга цел освен да работи несебично, да ги опоменува безгрижните и да ги спасува загубените. {5C 417.2}

Луѓето кои работат на Божјото дело во издавачката куќа, санаториумот и колеџот можат да сметаат дека се сигурни само ако се прилагодуваат на Христовиот карактер. Меѓутоа мнозина наследиле особини кои воопшто не наликуваат на божествениот пример. Има мнозина кои наследиле одредени недостатоци во карактерот, недостатоци што не ги отстранувале туку ги чувале како да се чисто злато и ги земале со себе во верскиот живот. Во многу случаи тие црти се одразуваат низ целиот живот. За одредено време можеби нема да се покаже дека се нарочно штетни. Меѓутоа, 'ркулецот се развива и злото се покажува кога ќе му се укаже добра прилика за тоа. {5C 418.1}

Некои од тие луѓе кои поседуваат изразени изопаченост на карактерот имаат цврсти, одлучни гледишта и не попуштаат, иако би било христијански да ги прифатат гледиштата на другите чијашто љубов кон делото на вистината е исто толку длабока како и нивната. Таквите лица треба да развиваат спротивни црти на карактерот и да се учат другите да ги почитуваат повеќе од себе самите. Кога учествуваат во некој значаен потфат, кога треба да спроведуваат големи планови, тие мора да внимаваат нивните лични идеи и посебни црти на карактерот да не влијаат неповолно на спроведувањето на плановите. Господ ја видел опасноста која постои кога разумот и расудувањето на еден човек управуваат при донесувањето одлуки и при изработката на планови, и Неговата вдахновена Реч ни налага да се потчинуваме еден на друг и другите да ги почитуваме повеќе од себеси. При изработката на планови кои се однесуваат на Божјото дело треба да се собере одбор составен од искусни луѓе, бидејќи слогата во работата е неопходна во сите тие потфати. {5C 418.2}

Луѓе со разни темпераменти и несовршени карактери ги забележуваат грешките на другите, но не ги согледуваат сопствените; и ако им се дозволи да ги спроведуваат сопствените планови без советување со другите, тогаш тие ќе направат страшни грешки. Нивните замисли мора да станат сѐстрани. Кај луѓето обично постои себичност и славољубие кои го спречуваат Божјото дело. Не смее да се внимава на личните интереси. Никој не треба да има цел да биде прв, никој не треба да се издвојува од Божјите работници, ниту да зборува и да пишува занесено за предметите кои не се разгледани критички и преку молитва и кои во понизност не се изнесени пред одборот. {5C 418.3}

Идниот свет со своите непроменливи и свечени прашања е близу - толку близу, толку многу блиску, а преостанува многу работа да се изврши и многу важни одлуки да се донесат! При сето тоа во нашите одбори се натрупуваат предрасуди, себични идеи и планови, лоши наследени црти на карактерот и се дозволува сето тоа да влијае на работата. Сите треба да согледате дека е грев да се управувате според личните побуди. Не смеете да ја злоупотребите вашата власт и да ја искористувате за спроведување на сопствените планови, само затоа што се наоѓате на положба која ви овозможува да постапувате така, без оглед на тоа какви последици ќе има тоа врз другите. Овластувањето што ви е дадено треба да го употребувате како свет, свечен залог, и да

имате на ум дека сте слуги на највозвишениот Бог и дека на Судниот ден ќе одговарате за секоја ваша постапка. Ако вашите постапки се несебични, ако придонеле за Божјата слава, тие ќе ја издржат проверката. Славољубието е смрт за духовното напредување, генијалецот греши, мрзеливоста е злосторство. Меѓутоа, животот во кој се почитувани сите праведни начела ќе биде крунисан со успех. {5C 419.1}

Многу ваши советувања немаат небесен печат. Вие на нив не доаѓате како луѓе кои одржуваат заедништво со Бога и кои го имаат Неговиот Дух и Неговото милостиво сочувство, туку како луѓе кои цврсто се решени да ги спроведуваат сопствените планови и прашањата да ги решаваат според сопствените сфаќања. Во секоја гранка на Божјото дело е неопходно да се има Христовиот ум и дух. Вие сте Божји работници и мора да сте учтиви и љубезни, инаку нема да го претставувате Христа. {5C 419.2}

На сите кои се вработени во нашите институции треба живо да им се предочи дека ќе бидат или благослов или проклетство. Ако сакаат да бидат благослов, тие мора секојдневно да ги обновуваат своите духовни сили, мора да бидат учесници во божествената природа и да ја избегнуваат расипаноста која постои во светот заради телесните желби. {5C 419.3}

Понекогаш, среде грижите на секојдневниот живот, тешко е да се препознаваат сопствените побуди; меѓутоа, ние секојдневно напредуваме по добриот или по лошиот пат. Склоностите, нетрпеливоста и жестоките лични чувства ќе сакаат да владеат со нашите постапки. Сетилноста ќе копнее да го заслепи нашиот вид. Ми беше покажано дека Исус нè љуби, но Тој е натажен кога ќе забележи недостаток на мудро расудување, неспособност за работа и недостаток на мудрост со чија помош може да се влијае на чувствата на другите. Ние треба да се чуваме од постојаната опасност да правиме сојузи со Христовите непријатели затоа што тие можат да нè расипат, но исто така треба да внимаваме да не се оддалечиме од оние кои Господ ги смета за свои. „Доколку не сте го направиле ова за еден од овие Мои најмали браќа”, кажува Тој, „ни за Мене не сте го направиле” (Матеј 25:45). Ако со љубов и со внимание ја користиме секоја прилика да им помогнеме на оние кои се обесхрабриле и паднале, нашиот живот нема да биде напразен. Нашите постапки нема да бидат груби, властољубиви и диктаторски, туку со нашиот пријатен живот ќе го испуштаме скриениот мирис на Христовата благодат. {5C 420.1}

Нашиот небесен Татко бара од Своите слуги според она колку што им доверил, и Неговите барања се праведни и разумни. Тој нема да прифати она што е помалку од тоа што го бара. Ние мораме да ги исполниме сите Негови барања, инаку тие ќе сведочат против нас. Ќе бидеме измерени и ќе се најдеме лесни. Самиот Исус со најголем интерес ги набљудува нашите напори. Тој знае дека Неговото дело го вршат луѓе кои ги имаат сите човечки слабости и со најголема сомилост ги забележува нивните неуспеси и слабости. Но неуспесите и недостатоците можат да бидат многу помали од она што всушност се. Ако живееме според небесните заповеди, ангелите служители ќе бидат со нас и нашите напори ќе бидат крунисани со успех. {5C 420.2}

Сега е голем ден на подготовка и сите што работат во разни гранки на нашето дело треба да имаат на ум дека во светилиштето на небото се врши свечено дело. Не смее да се дозволи деловните грижи толку да го обземат духот така што лекомислено да се сфаќа делото што се врши на небото, кое се однесува на секого поединечно. Очите на народот треба да се насочат на сериозните сцени на судењето, на големиот ден на помирувањето и да се повика со сесрдност и со напрегање да мисли на тоа. Предметот на светилиштето ќе ни даде правилни погледи за важноста на делото за ова време. Ако

го согледаат неговото значење, работниците во издавачките претпријатија поревно ќе се потрудат делото да биде успешно. Никој не смее да биде немарен, слеп за потребите на делото и за опасноста која ѝ се заканува на секоја душа туку секој треба да настојува да биде еден канал на светлина. {5C 420.3}

Во сите наши институции луѓето премногу се истакнуваат себеси, а премалку го истакнуваат Христа. Очите на сите треба да бидат насочени на нашиот Откупител, карактерите на сите треба да станат слични на Неговиот. Тој е Пример на кој треба да се угледаме, ако сакаме да стекнеме урамнотежен дух и правилно развиен карактер. Неговиот живот бил како Господовата градина, во кое растеле секакви дрвја убави за гледање и добри за јадење. Во Неговата душа биле соединети сите доблести на карактерот, а Неговата чувствителност, учтивост и љубов ги привлекле симпатиите на човештвото. Тој бил создател на сè и ги одржувал световите со Својата безгранична сила. Ангелите со задоволство му укажувале почести и радосно се покорувале на Неговата волја. Сепак, Тој бил во состојба да го слуша бебешкото зборување на малите деца и да ја прими нивната невешто искажана благодарност. Ги земал децата на раце и ги стиснувал до Своето срце полно со љубов. Тие кај Него се чувствувале како дома и тешко се одвојувале од Неговите раце. Тој не бил рамнодушен кон човечките болки и неволи и Неговото срце секогаш било трогнато со страдањата на оние кои дошол да ги спаси. {5C 421.1}

Светот повеќе не се угледува на овој најголем Пример на добрина, и затоа западнал во општо отпадништво и во морална расипаност. Исусовиот живот бил исполнет со мачни и пожртвувани напори за да го издигне човекот до неговата првобитна висина проникнувајќи го со дух на божествена добрина и несебична љубов. Тој бил со светот, но не бил во светот. Постојано му причинувало болка тоа што морал да наидува на непријателство, изопаченост и нечистотија кои ги предизвикал сатаната, но Тој имал задача човекот да го доведе во хармонија со божествениот план и земјата да ја поврзе со небото и не се колебал пред најголемите жртви за да ја постигне целта. Тој „бил искушуван како што сме и ние" (Евреите 4:15). Сатаната бил подготвен на секој чекор да го нападне со неговите најсилни искушенија, но Тој „не направи грев, ниту, пак, во устата Негова се најде измама" (1. Петрово 2:22). Тој „претрпе, откако беше искушан" (Евреите 2:18) - страдаше сразмерно со совршенството на Својата светост. И кнезот на мракот кај Него не пронашол ништо, ниедна мисла и ниедно чувство кое би подлегнало на неговите искушенија. {5C 421.2}

Неговите поуки на слушателите паѓале како дожд; Неговите зборови биле како роса. Во Христовиот карактер имало големина каква што Бог никогаш порано не ја открил на паднатиот човек и благост до која човекот никогаш не се издигнал. Никогаш порано меѓу луѓето не се движело суштество толку благородно, толку чисто, толку љубезно и толку свесно за Својата божествена природа, па сепак толку едноставно, и толку исполнето со намери за добро на човештвото. Тој се гнасел од гревот, но плачел од сомилост кон грешниците. Не си угодувал себеси. Небесното величество се облекло во понизноста на едно дете. Тоа е Христовиот карактер. Одиме ли ние по Неговите стапки? О, Спасителе мој, колку бедно Те претставуваат оние кои тврдат дека се Твои следбеници! {5C 422.1}

---

48. ПРОФЕСИЈАТА И РЕЛИГИЈАТА

Луѓето кои се вработени во разните наши институции - во издавачките претпријатија, училиштата и здравствените институции - треба да имаат жива врска со Бога. Посебно е значајно луѓето кои стојат на чело на институциите секогаш да ги имаат пред очи Божјото царство и Неговата праведност. Тие нема да бидат компетентни за овие одговорни положби ако не се раководат според Божјиот план и ако не донесуваат плодови за Негова слава. Нивна цел треба да биде со својот живот да го слават својот Создател, да се облагородуваат самите себе и да бидат благослов за ближните. Секој има некои вродени особини кои мора да се негуваат или да се искоренат, според тоа дали ни помагаат или нè спречуваат да напредуваме во благодатта и да стекнеме длабоко верско искуство. {5C 422.2}

Тие што се посветиле на Божјото дело не може да служат добро ако не ги искористат сите предности на верскиот живот кои ги имаат. Ние сме како дрва посадени во Господовата градина. Тој доаѓа кај нас да бара плодови кои со право ги очекува. Неговото око нè следи сите нас; Тој ги чита нашите срца и го познава нашиот живот. Тоа е сериозно испитување, затоа што од него зависи нашата судбина и нашиот живот. Сите на кои им се доверени свети должности нека се запрашаат: „Што виде кај мене Божјото око кое гледа сè? Дали моето срце е чисто од гревот? Или одаите на неговиот храм станале толку осквернети и исполнети со купувачи и продавачи што во него нема место за Христа?" Постојаната трка за заработка може да ја задуши духовноста и душата да ја остави без Христа. Луѓето можат да ја исповедаат вистината, но ако не одржуваат секојдневна врска со Бога, тие ќе се одвојат од Него и ќе почнат да донесуваат одлуки кои нема да бидат во согласност со Божјата волја. Нашите браќа на раководечки позиции нема да бидат сигурни ако се раководат само според сопствените побуди. Тие не сакаат да го земат Христовиот јарем и затоа не сакаат да работат во слога со Него. Тие ќе бидат неспособни да ги согледаат и сфатат потребите на делото и сатаната ќе ги поттикне да копнеат за положби кои ќе го посрамуваат и попречуваат делото. {5C 423.1}

Браќа мои, дали се развивате во побожноста? Дали во вас опстојува љубовта кон религиозното? Дали живеете во вера и дали го победувате светот? Дали присуствувате на јавните богослужења и дали вашиот глас се слуша во молитва на соборите? Дали ги собирате своите деца наутро и навечер и дали се молите за нив? Дали ги поучувате како да станат следбеници на Јагнето? Незаинтересираноста за религијата во вашиот дом ќе сведочи за вашата немарност и вашето неверство. Ако, додека вие ја вршите вашата должност во светото дело, вашите деца се немарни, без љубов и почит кон верските состаноци и кон светата вистина, тогаш тоа е за жалење. Таквото семејство има влијание против Христа и вистината, бидејќи „Кој не е со Мене, против Мене е" - кажува Христос (Матеј 12:30). Занемарувањето на религијата во домот и занемарувањето на воспитувањето на децата предизвикува најголемо негодување кај Бога. Кога некое ваше дете би се давело среде река, борејќи се со брановите во непосредна опасност, зар не би се возбудиле? Зар не би направиле сè, зар не би се молеле и зар не би покажале најголема восхитеност за да спасите еден човечки живот? А тука се вашите деца кои се одвоиле од Христа, чиишто души не се спасени. Тие можеби се груби и неучтиви, и го срамат името на вистината. Тие без надеж и без Бога пропаѓаат во светот, а вие сте немарни и незагрижени. {5C 423.2}

Каков пример им давате на вашите деца? Каков ред владее во вашата куќа? Треба да ги воспитате вашите деца да бидат љубезни, благи кон другите, благородни,

пристапливи кон причината и, над сè, да имаат почит кон верата и да го сфаќаат значењето на Божјите барања. Треба да ги учите да го почитуваат часот на молитва. Треба да барате од нив да стануваат рано, за да можат да присуствуваат на семејното богослужение. {5C 424.1}

Татковците и мајките кои го воздигнуваат Бога во своите семејства, кои ги учат своите деца дека стравот Господен е почеток на секоја мудрост, го слават Бога пред ангелите и пред луѓето и претставуваат пример на светот за добро средено и сложно семејство, - семејство кое го љуби Бога и Му се покорува. Христос не е странец во таквата куќа; Неговото име секогаш е почитувано и славено во неа. Ангелите се радуваат во домот во кој Бог има врховна власт и во кој децата се поучуваат да ја почитуваат религијата, Библијата и нивниот Создател. Таквите семејства имаат право на ветувањето „Јас ќе ги прославам оние кои Мене ме прославуваат" (2. Самоилова 2:30). Заминувајќи од таа куќа на секојдневните должности, таткото заминува со срце омекнато и потчинето преку разговор со Бога. Тој е христијанин, не само со зборови, туку во животот и во сите деловни односи. Тој совесно ја врши својата работа, знаејќи дека Божјото око секогаш го следи. {5C 424.2}

Неговиот глас се слуша и во црквата. Тој зборува зборови на благодарност и охрабрување, бидејќи е христијанин кој постојано се развива, кој секој ден стекнува ново искуство. Тој е помошен, активен работник во црквата, работејќи за Божја слава и за спасение на своите ближни. Тој би се чувствувал виновен пред Бога кога би занемарил да присуствува на јавните богослуженија и кога на тој начин не би ги искористил предностите кои му се овозможуваат за да стане уште подобар и поделотворен работник за делото на вистината. {5C 425.1}

Бог не се слави ако влијателните луѓе се оддадат само на нивните професии, занемарувајќи го своето вечно добро кое е далеку потрајно, поблагородно и повозвишено од сè што е земно. Каде треба да ја покажеме нашата најголема тактичност и вештина, ако не во она што е неминливо и трајно како вечноста? Браќа, развивајте ги вашите способности за Господова служба и во својата работа на изградбата на Христовото дело покажете ја истата способност и тактичност која ја покажувате во своите земни потфати. {5C 425.2}

За жал, морам да кажам дека водачите на многу семејства немаат сесрдност ниту интерес за духовните предмети. Тоа се некои кои ретко се забележуваат во црквата на богослужение. Тие се оправдуваат со многу нешта, но вистинската причина е затоа што нема наклонетост кон религијата. Во семејството не се негува дух на побожност. Децата не добиваат воспитување и Господови совети. Ваквите луѓе не се по волја на Бога. Тие немаат никакви живи врски со Него, тие се чисто деловни луѓе. Тие немаат помирлив дух и во нивниот однос со другите нема благост, кротост и учтивост, така што другите лошо ги толкуваат нивните побуди и имаат лошо мислење дури и за нивните добри особини. Кога би сфатиле колку нивниот живот е навредлив за Бога, тие би се промениле. {5C 425.3}

Во Божјото дело треба да работат луѓе кои имаат секојдневно, живо искуство во Христовата вера. „Зашто без Мене не можете да направите ништо" - кажува Христос (Јован 15:5). Никој од нас не е надвор од дофатот на силите на искушението. Сите што работат во нашите институции, во нашите Области и во мисионерските потфати треба еднаш засекогаш да согледаат дека имаат моќен непријател, кој постојано настојува да ги одвои од Христа, нивната сила. На колку повисоки положби се наоѓаат, толку поупорни ќе бидат неговите напади, затоа што знае дека другите ќе го следат нивниот

пример ако успее да ги наведе на погрешен пат. Но оние кои постојано учат во Христовото училиште ќе останат постојани и сите напори на сатаната да ги застрани од патот ќе доживеат неуспех. Искушението не е грев. Исус бил чист и свет, па сепак бил подложен на сите искушенија како и ние. Но тие искушенија биле толку силни и на кои ниеден човек нема да биде ставен. Тој со Својата успешна борба ни оставил светол пример и ние треба да одиме по Неговите стапки. Ако бидеме самоуверени и ако се потпираме на својата правда, ќе бидеме пуштени да паднеме под силата на искушенијата. Но ако гледаме на Христа и ако се надеваме во Него, ќе ни помогне силата која го победила непријателот на полето на битката и која во секое искушение ќе отвори пат за излегување од него. Кога сатаната навалува на нас со поплава од искушенија, мораме да му се спротивставиме со мечот на Духот, а Исус ќе ни помогне и за нас ќе го подигне своето знаме против него. Таткото на лагата трепери и се тресе кога ќе се соочи со горливата сила на Божјата вистина. {5C 425.4}

Сатаната на сите начини се труди да го одвои народот од Бога и неговите напори успеваат кога верскиот живот се стопува во деловните грижи, кога ќе му успее толку да ги обземе мислите на народот со грижи за да нема повеќе време за читање на Библијата, за тајна молитва и за принесување на благодарствена жртва на семејниот олтар секое утро и секоја вечер. Само малкумина го сфаќаат лукавството на најголемиот измамник. Само малкумина знаат за неговите планови. Ако нашите браќа намерно не доаѓаат на нашите состаноци, ако не мислат на Бога и ако не Го почитуваат, ако не Го прифаќаат како советник и тврдина, наскоро со нив ќе завладеат земни сили и неверство, и суетната доверба во филозофијата ќе стапи на местото на понизната и доверлива вера. Затоа што се одвоиле од Исуса, луѓето често мислат дека искушенијата што им се мили се глас на добриот Пастир. Тие не се безбедни ниеден момент ако во срцето не негуваат исправни начела, и ако не ги почитуваат во сите свои деловни потфати. {5C 426.1}

„Ако некому од вас му недостига мудрост, нека ја побара од Бога, Кој на сите им дава изобилно и без приговарање - и ќе му се даде" (Јаков 1:5). Ваквото ветување вреди повеќе од злато и сребро. Ако во понизност на срцето барате божествен совет во секоја неволја и несреќа, Неговото слово ветува дека милостиво ќе ви биде дадена. А Неговото слово не може да остане неисполнето. Небото и земјата можат да поминат, но Неговото слово никогаш нема да помине. Надевајте се на Господа и никогаш нема да се посрамите и да се разочарате. „Подобро е да се надевам во Господ, отколку да се надевам во човек. Подобро е да се надеваш во Господ, отколку да се надеваш во кнезови" (Псалм 118:8,9). {5C 427.1}

Каква и да е положбата што ја заземате во животот, каква и да е вашата професија, секогаш мораме да бидеме понизни и да чувствуваме потреба за помош. Ние мораме да се потпреме на учењето на Божјата Реч, прифаќајќи го секогаш Неговото провидение, и верно да ја излеваме нашата душа пред Него во молитва. Ако, драги браќа, се потпрете само на вашето расудување, и ако одите по вашите патишта низ животот, ќе жнеете жалост и разочарување. Надевајте се во Господа со сето ваше срце и Тој мудро ќе управува со вашите чекори и вашите интереси ќе бидат безбедни во овој и во идниот живот. Потребни ви се светлина и сознание. Вие за совет ќе се обратите на Бога или на вашите срца; вие ќе одите во искрата што самите сте ја запалиле или ќе ги собирате зраците на божествената светлина кои доаѓаат од Сонцето на Праведноста. {5C 427.2}

Во вашите постапки не се поведувајте со световна мудрост. Големата опасност која им се заканува на нашите деловни луѓе кои се на одговорни положби е тоа што тие се

оттуѓуваат од Христа и за себе бараат помош од други страни. Петар не би бил пуштен да покаже толкава слабост и лудост ако не копнеел да го избегне презирот, прогонството, исмевањето и нападите. Неговата најголема надеж била во Христа; но кога Го видел понижен, паднал во неверство кое растело. Тој подлегнал пред силата на искушението и наместо да се покаже верен во кризата, тој подло се одрекол од својот Господ. {5C 427.3}

Во намера да заработат пари, мнозина се одвојуваат од Бога и го занемаруваат своето вечно добро. Тие копнеат за истите цели како и лукавите луѓе од овој свет. Но во нив не престојува Бог, и тие Го навредуваат со тоа. Тој сака тие да бидат ревни во остварувањето на своите цели, но сите деловни нешта треба да се извршуваат во хармонија со големиот Божји морален закон. Ние мораме во секоја постапка на секојдневниот живот да ги применуваме начелата на љубовта кон Бога и кон своите ближни, и тоа во најважните како и во најзначајните нешта. Мораме да се потрудиме да правиме нешто повеќе од давање на десеток и дарови од нане, копар и ким; не смееме да ги заборавиме најзначајните барања на законот - судот, Божјата милост и љубов, бидејќи личниот карактер на секој човек влијае на работата која тој ја извршува. {5C 428.1}

Има мажи и жени кои напуштиле сè заради Христа. За нив интересите на Божјото дело се поважни од нивните лични интереси, од задоволствата кои ги даваат општеството, семејството и пријателите. Тие не ја подаруваат својата љубов на куќите и имотите, на родителите и роднините, колку и да им се мили, и со тоа да го стават Бога на второ место. А оние кои прават така, кои го посветуваат животот на ширењето на вистината и на доведување на многу синови и ќерки кај Бога, ветено им е дека ќе примат стократно во овој живот и во вечниот живот на новата земја. Оние што работат со благородни, несебични побуди ќе му се посветат на Бога со телото, душата и духот. Тие нема да се издигнуваат себеси, ниту ќе се сметаат способни за да носат одговорности, но нема да одбијат да носат товари, бидејќи ќе сакаат да направат сè што е во нивна моќ. Тие нема да го работат само она што им носи добивка, туку ќе се запрашаат: која е мојата должност? {5C 428.2}

Колку е поодговорна положбата, толку е понеопходно да се има исправно влијание. Секој човек што Бог го избрал за некоја посебна должност станува мета на сатаната. На него навалуваат многубројни искушенија, бидејќи нашиот буден непријател знае дека со неговите постапки и други ќе поведе по себе. Ние живееме во опасностите на последните денови кога сатаната се симнал со голем гнев, знаејќи дека му преостанува уште малку време. Тој се служи со секоја измама и неправда, но небото е отворено за секој кој ќе се потпре на Бога. Ќе бидеме безбедни единствено ако цврсто се држиме за Исуса и ако не дозволиме нешто да нè одвои од нашиот моќен Помошник. {5C 428.3}

Треба да се плашиме од оние кои работат во Божјото дело, а имаат само надворешна побожност. Тие сигурно ќе ја изневерат довербата што им е укажана. Ќе подлегнат пред лукавствата на искушувачот и Божјото дело ќе го доведат во опасност. Тие ќе дојдат во опасност да се поведуваат според нивните склоности, во нив ќе се појави властољубив и критизерски дух, и во многу случаи нема да внимаваат и нема да бидат нежни кон оние со кои треба да постапуваат љубезно. {5C 429.1}

„Што ќе си посее човекот, тоа и ќе си жнее" (Галатјаните 6:7). Какво семе сееме ние? Каква ќе биде нашата жетва за овој свет и за вечноста? Господарот на секој човек му дал одговорности според неговите способности. Дали сееме семе на вистина и

правда или на неверство, непријателство, зли претпоставки и љубов кон светот? Тој што сее лошо семе нека ја согледа природата на своето дело и нека се покае, па ќе му биде простено. Но простувањето од Господарот не го менува карактерот на семето кое било посеано и троскотот и плевата не ги претвора во пченица. Таквиот ќе се спаси како низ оган, но кога ќе дојде времето за жетва, таму каде што треба да има поле со пченица, ќе има отровен троскот. Тоа што е посеано во безбожна немарност ќе го изврши своето смртоносно дело. Оваа мисла ја мачи мојата душа и ме исполнува со болка. Кога сите кои зборуваат дека веруваат во вистината би го сееле драгоценото семе на љубезност, љубов, вера и храброст, тие би го славеле Бога во срцето одејќи по патот кој води нагоре и радувајќи се на светлите зраци на сонцето, а кога ќе дојде големиот ден на жетва би примиле вечна награда. {5С 429.2}

---

49. СКЛОНОСТИТЕ КОН СВЕТОТ КАКО СТАПИЦА

Драги брате и сестро П: многу ми е тешко на душата кога размислувам за вашиот случај. Минатата ноќ ми беше многу тешко. Јас разговарав со тебе брате П. Твоето одвојување од Бога е толку очигледно и ти си толку слеп за положбата во која се наоѓаш што да се бара од тебе да ја сфатиш, би значело да бараш од слеп човек да прогледа. {5С 430.1}

Не можев да спијам од три часот наутро и се молев на Бога да ми даде повеќе од Својот Дух. Постојано се прашував: кој е способен за овие нешта? Не се осмелувам да молчам затоа што Бог ми даде светлина. Морам да зборувам иако треперам и се плашам дека веста ќе биде отфрлена и душите на кои им е упатена ќе западнат во уште поголем мрак од оној во кој се наоѓале пред светлината да допре до нив. Мораме поблиску да Му пријдеме на Исуса. Ја ставив мојата рака на Неговата, со сесрдна молитва: „Води ме и покажи ми го патот, затоа што немам мудрост да одам сама". Ми се чини дека Исус е мошне блиску и имам длабоко чувство дека Тој ќе изврши едно посебно дело за Својот народ, посебно за оние кои работат во речта и со науката. Тој сака на обајцата да ви помогне, ако сакате да ја прифатите Неговата помош на начин што Тој го одредил. Но сè додека останувате на сегашните погледи, не можам да ви упатам ниеден збор на охрабрување. На вас се однесуваат зборовите што Христос ги упатил на фарисеите: „Но не сакате да дојдете кај Мене за да имате живот" (Јован 5:40). {5С 430.2}

Би сакала кога би можела да ви помогнам некако. Но што може да се направи за вас додека одите по световниот пат по кој сте тргнале? Вие го сакате светот и светот ве сака вас, бидејќи меѓу вас и световните луѓе нема никаква разлика во поглед на вистинската побожност. Вие во нивните очи сте пријатни и добри, тие во вас двајца наоѓаат нешто што им се допаѓа. Тие ве фалеа и ви ласкаа и со тоа ви угодуваа според вашите желби, а вие од ваша страна им угодувавте, одобрувајќи ја нивната рамнодушност кон Божјите барања. Вие ја одобрувавте нивната гордост и желбата за задоволства, и со вашите дела му зборувавте на грешникот: „Ќе ти биде добро". Заради постојаното дружење со световни луѓе, вашето расудување стана изопачено и вие гревовите кои се страшни во Божјите очи ги сметате за безазлени и безопасни. {5С 430.3}

Јас се плашам дека вие со вашата самоувереност околу вас ќе изградите уид кој никој нема да може да го сруши. Вие не бевте поблиску до Бога од припадниците на номиналните христијански цркви и не работевте повеќе од нив за Неговото дело, ниту бевте проникнати со Неговиот Дух. Вие не ја сфативте светоста на саботата и Бог не го прифати начинот на кој го празнувавте овој свет ден. Не бевте вистински посветени, ниту искрено побожни. Ниеден од вас не Го прославуваше Бога, ниту Го познававте преку искуства. Толку долго живеевте без Него, што Тој ви стана наполно непознат. Духовните нешта се сфаќаат духовно, но вие толку долго се прилагодувавте на светскиот начин на мислење и толку долго негувавте светски обичаи што нема да ви биде лесно да ги насочите мислите во друга насока. {5C 431.1}

Вие ќе почувствувате дека ова се „тешки зборови! Кој може да ги слуша!?" (Јован 6:60). Но светот не може да го разбере Божјиот народ. Меѓу децата на светлината и децата на мракот не постои хармонија. Павле прашува: „Какво согласие може да има меѓу Христос и Велијар? Или, што има заедничко меѓу верник и безверник? Каква спогодба има храмот Божји со идолите? Вие сте храм на живиот Бог, како што рекол Бог: 'Ќе се вселам во нив и ќе одам меѓу нив; ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ.' 'Затоа излезете од нивната средина и одделете се!' вели Господ, и 'не допирајте се до нечисто, и Јас ќе ве примам! И Јас ќе ви бидам Татко, а вие ќе Ми бидете синови и ќерки', вели Господ Седржителот" (2. Коринтјаните 6:15-18). Јован сведочи: „Возљубени, сега сме чеда Божји! Но уште не се покажа што ќе бидеме. Знаеме само дека, кога ќе се покаже, ќе бидеме слични на Него, зашто ќе Го видиме каков што е" (1. Јованово 3:2). „Не знаете ли дека пријателството со овој свет е непријателство на Бога?", прашува Јаков, „Зашто кој сака да му е пријател на светот, му станува непријател на Бога" (Јаков 4:4). {5C 431.2}

Исус им рекол на Своите ученици: „Ако Ме љубите, пазете ги Моите заповеди. Јас ќе Го помолам Таткото, и Тој ќе ви даде друг Утешител за да биде со вас довека. Духот на вистината, Кого светот не може да Го прими, зашто не Го виде, ниту Го познава; а вие Го познавате, зашто во вас е и во вас ќе биде". „Му рече Јуда, не Искариот: 'Господи зошто сакаш нам да ни се јавиш, а не на светот?' Исус одговори и му рече: 'Ако некој Ме љуби ќе го пази словото Мое; и Мојот Татко ќе го возљуби, и ќе појдеме кај него и живеалиште во него ќе направиме. Кој не Ме љуби, не го запазува словото Мое" (Јован 14:15-17, 22-24). {5C 432.1}

Христовите зборови не најдоа место во вашите срца, бидејќи вашите очи се слепи и вашите срца тврди. Во небесните книги е запишано дека му припаѓате на светот. Вашите срца понекогаш се загрижени, но не доволно за да се покаете и да го промените начинот на животот. Вашите чувства се врзани за светот и неговиот начин на живот ви е попријатен од послушноста на небесниот Учител. {5C 432.2}

Примерот што им го давате на вашите деца не е во согласност со вистината за која тврдите дека ја љубите. Вистината не ве посветува ниту вас ниту нив. Вие ги сакате себичните задоволства и поуките што им ги давате на децата со зборови и со пример во нив не развиваат понизност, благост и христијански доблести. Вие ги воспитувате според примерот на светот. Кога Исус пред вас ќе ја отвори записничката книга во која секојдневно точно се запишувани сите ваши зборови и дела, ќе согледате дека вашите животи биле еден страшен неуспех. {5C 432.3}

Не сум во состојба да кажам што ќе ви донесе вашата сегашна несреќа; но ако тоа има сила да ги отвори вашите очи и да ги преобрази вашите души секако ќе се случи во вашиот живот. Без потполно преобразување нема да ја примите круната на вечниот

живот, и вашите деца никогаш нема да бидат примени во друштвото на оние кои своите облеки ги испрале со Христовата крв, ако прво не ги забораваат лекциите на кои сте ги учеле и кои станале дел од нивниот живот и карактер. Вие со вашиот пример ги научивте верата да ја сметаат за облека, која по желба може да се облече и соблече, според тоа како бараат приликите. Значи, ако потполно не го променат влијанието на кое се изложени, во нив ќе се вкоренат сите неодредени поими за Божјите барања. Тие не знаат што го сочинува христијанскиот живот, тие не знаат што значи да се живее за вистината и да се понесе крст. {5C 432.4}

„Ако светот ве мрази, знајте дека Мене светот уште пред вас Ме замрази" (Јован 15:18), рекол Христос. Вие постојано мислевте дека причината што светот е толку против нас како народ, лежи во тоа што ние сме недружељубиви, премногу едноставни во облекувањето и премногу строги во поглед на забавувањето, без да присуствуваме на нив и осудувајќи ги со нашето учење. Мислевте дека мислењето на светот за нас многу ќе се промени, ако помалку се издвојуваме и ако повеќе се дружиме со нив. Ова е најголема заблуда на човечкиот ум. Христос рекол: „Да бевте од овој свет, тогаш светот ќе го љубеше светот; но бидејќи не сте од светот, туку Јас ве избрав од светот - затоа светот и ве мрази. Помнете ги зборовите што ви ги реков јас: ниеден слуга не е поголем од својот господар. Ако Мене Ме гонеа, и вас ќе ве гонат; ако Моите зборови ги запазија и вашите ќе ги запазат. Но, сето ова го прават заради Моето име, зашто не Го знаат Оној Кој Ме испрати" (Стихови 19-21). {5C 433.1}

Ова се зборови на Оној за кого дури и Неговите непријатели биле принудени да признаат: „Никогаш човек не говорел така како Овој Човек" (Јован 7:46). Зборовите на луѓето ги изразуваат нивните човечки мисли; но Христовите зборови се дух и живот. „Ако вие останете во Моето слово" - кажува Тој, „навистина ќе бидете Мои ученици" (Јован 8:31), но овие божествени изрази немаат место во срцата на оние што се од светот и кои ги сакаат неговите задоволства. {5C 433.2}

Бог дал одредени и јасни упатства и никој не треба да греши. „Човек не живее само од леб, туку и од секој збор што излегува од устата на Бога" (Матеј 4:4). Човекот треба да живее не само од еден збор, ниту од многу зборови, туку од секој збор што излегува од устата на Бога. Не смееме да бидеме рамнодушни ниту кон еден збор, или едно упатство што го дал Тој, колку и да ни изгледаат безначајни некои од нив и тогаш ќе бидеме безбедни. „И така, оној што ќе наруши една од тие најмали заповеди и така ги научи луѓето, ќе се нарече најмал во царството небесно, а оној што ќе ги исполни и поучи, тој ќе се нарече голем во царството небесно" (Матеј 5:19). Секој што самоволно престапува една заповед, не може во дух и вистина да држи ниедна од нив. Тој можеби ќе тврди дека ги исполнува, со исклучок на некои мали отстапки, но ако самоволно прекрши една заповед, ги прекршил сите. {5C 434.1}

Брате и сестро П. вие и покрај исповедањето дека сте христијани сте задржале еден дел од цената која треба да се плати за да се биде христијанин. Крадевте од Бога во вашите мисли и пожртвуваност, крадевте од талантите и влијанието. Вашите склоности беа стапица за вас. Не ја следевте вистината што Бог милостиво ви ја даде во сведоштвата и правевте дела кои ќе ви го затворат патот кон небото, ако не се покаете и не се реформирате. Ако ги прифатевте укорите кои ви беа пратени преку Светиот Дух, денес би биле силни во Господа и многу би напредувале во христијанското искуство, и извештајот за вас во небесните книги би бил сосема поинаков. {5C 434.2}

„Кој се откажува од Мене" - кажува Исус, „и не ги прима зборовите Мои, има Кој да го суди: Словото што го кажав, тоа ќе го осуди во последниот ден" (Јован 12:48). Каков

срам и грижа на совеста ќе се забележат тој ден на лицата на оние кои имале светлина и предимства и на кои Божјиот Син со својата бескрајна жртва им го направил спасението толку пристапно, а сепак не ги искористиле тие драгоцени дарови! Бог преку Својата Реч постојано ни укажува на вистинскиот пат, на возвишениот и славен пат на праведните. Патниците во овој пат не патуваат во темнина, зашто тој е осветлен со Сонцето на Праведноста; но вие го отфрлувате тоа сонце бидејќи беше премногу одвоен од светот. Самољубието и себичните амбиции не можат да поминат преку тесната врата и да одат по тесниот пат кој води горе. {5C 434.3}

На денот на конечната пресметка ќе се види дека Бог ги познава сите по име. На секоја постапка во нашиот живот присуствува еден невидлив сведок. „Ги знам делата твои" - кажува Оној, „Кој оди среде седумте свеќници" (Откровение 2:2, 1). Се знаат пропуштените прилики, се знае како неуморниот Пастир се труди да ги пронајде оние кои тргнале по кривиот пат и да ги врати назад на патот на сигурност и мир. Бог многу пати ги повикуваше оние што ги сакаат задоволствата; многу пати со Својата светлина го осветлуваше нивниот пат, за да можат да ја видат опасноста која им се заканува и да ја отстранат. Но тие со шеги и потсмев продолжуваат да одат по широкиот пат, сè додека на крајот не заврши нивното време на милост. Божјите патишта се прави и праведни, и кога ќе се изрече пресуда над оние што се пронајдени лесни, сите усти ќе замолчат. {5C 435.1}

Вие и двајцата би се наоѓале во сосема различна положба ако издигањето и почестите што ви ги укажуваа луѓето ги согледавте во нивната вистинска светлина. Вие и двајцата повеќе копнеете за пофалбите од светот, отколку за водата на животот. Вас ве опи мислата да имате некој нарочен глас меѓу луѓето; ве измамија нивните пофалби. Ако правилно ги процените вечните интереси, пријателството и пофалбите од богатите и учените нема да имаат никакво влијание на вас. Во вашите срца нема да има гордост во никаков облик. Но вие толку долго пиевте од водата на световниот живот, што не гледате дека би можеле да живеете подобар живот. {5C 435.2}

Бог многу пати ви ја пружи раката за да ви ги покаже вашите должности и обврски и да ве спаси. Тие должности се менуваат со зголемувањето на светлината која го осветлува вашиот пат. Ако светлината свети и ги открива и изобличува грешките што биле скриени, мора да се изврши и соодветна промена во животот и карактерот. Кога ќе се укаже на грешките кои се природна последица на заслепеноста на умот, тогаш тие веќе не се гревови од незнаење или заблуди во расудувањето, туку дрски гревови затоа што и покрај примената светлина не е извршена одлучна промена. Моралниот мрак кој ве опкружува ќе стане уште погуст. Вашите срца ќе станат уште позакоравени и ќе станете уште полоши во Божјите очи. Вие не ја согледувате големата опасност во која се наоѓате, опасност вашата светлина да стане незабележлива и потполно да исчезне во темнината. Ако ја прифатите светлината и постапувате според неа вие ќе го распнете гревот затоа што сте мртви за светот, но живи во Бога. Ќе ги напуштите вашите идоли и ќе бидете пример за самооткажување, а не пример за угодување на себеси. {5C 435.3}

Брате и сестро П. ако го послушавте сведоштвото на Светиот Дух, вие сега ќе одевте во светлина, во хармонија со Божјиот народ; но вашето неверство ви ускрати големо добро. Сестрата П. не се бунтуваше против сведоштвата, но не покажа дека верува дека тие доаѓаат од Господа преку послушност кон нив. Таа сака нејзиниот маж да биде почестуван и издигнуван од светот. Тоа ѝ одговара на нејзината гордост која воопшто не е мала. Вие навистина би можеле да се запрашате: „Зошто сум толку неодлучен кога треба да се одвојам од светот и да го прифатам Христа како дел од мене? Зошто да ги

сакам и да ги почитувам оние кои знам дека не го љубат Бога, ниту пак ги почитуваат Неговите барања? Зошто сакам да го сочувам пријателството со непријателите на мојот Господ? Зошто да ги прифатам нивните обичаи и да бидам под влијание на нивните сфаќања?" Драги мои пријатели, не можете да му служите на Бога и на мамона. Морате да се предадете потполно, инаку во блиска иднина светлината што свети на вашиот пат ќе се претвори во мрак на очај. Вие се наоѓате на почвата на непријателот; и Господ нема да ве штити од нападите на тој непријател затоа што доброволно поминавте на негова почва. {5C 436.1}

Во вашата сегашна состојба вие правите многу повеќе зло отколку добро, бидејќи поседувате некој вид побожност и тврдите дека верувате во вистината, додека вашите зборови и постапки зборуваат: „Широка е вратата и широк е патот", што водат во живот, „и мнозина одат по него". Ако вашиот живот е исповедање на Христа, тогаш со право би можеле да кажеме дека и овој свет тргнал по Него. Вашето исповедање можеби е искрено, но имате ли понизност, љубов, кротост и преданост? „Секој што Ме признава Мене пред луѓето", со свет живот и побожно однесување, „и Синот Човечки ќе го признае пред Божјите ангели" (Лука 12:8). Никој не може да го признае Христа ако го нема Неговиот дух и карактер. Никој не може да го пренесе на друг она што самиот не го поседува. Секојдневниот живот мора да биде израз на посветувачка сила, вистина и доказ дека Христос живее во нашата душа преку вера. Сè што е спротивно на плодовите на Духот или на Божјото дело во поглед на одвојувањето на Неговиот народ од светот е одречување од Христа. А Неговите зборови се: „Кој ќе се одрече од Мене пред луѓето, тој ќе биде одречен пред Божјите ангели" (Стих 9). {5C 436.2}

Ние можеме да се одречуваме од Христа со нашите световни разговори и со гордоста во облекувањето. Вие имате круг на пријатели кои се стапица за вас и за вашите деца. Вам ви е пријатно нивното друштво. Заради дружењето со нив наклонети сте да се облекувате според модата која ја следат тие што пред очите го немаат стравот од Бога. На тој начин покажувате дека сте во пријателство во светот. „При многу зборување не се избегнува гревот" (Изреки 10:19). Дали дружењето со тие пријатели почесто ве наведува да ја посетувате собата за молитва и да барате божествена љубов и благодат, или ги одвратува вашите мисли од Бога? И што се однесува на вашите деца - какво значење имаат вашите запоставени должности за нивните вечни интереси? Вашиот пример ги поттикна да брзаат по животниот пат со безобѕирна дрскост и слепа самоувереност, без да се управуваат според верските начела. Тие не ги почитуваат Божјите барања и саботата совесно во секој поглед. Тие не ги љубат христијанските должности и сè повеќе се оддалечуваат од изворот на светлина, мир и радост. {5C 437.1}

Без вера не е можно да се угоди на Бога, бидејќи „сè што не е според верата, грев е" (Римјаните 14:23). Верата не се состои само во прифаќање на науката. Потребна е вера која работи преку љубовта и која ја чисти душата. Понизноста, кротоста и послушноста не се вера; но тие се последица или плодови на верата. Тие доблести треба да ги стекнете поучувајќи се во Христовата школа. Вам не ви се познати небесните начела и чувства, небесниот јазик за вас двајца е речиси непознат. Светиот Дух сè уште се залага за вас; но јас сериозно и со болка се сомневам дека вие ќе го послушате гласот кој веќе со години ве повикува. Сепак се надевам дека сакате и дека ќе го промените вашиот пат и ќе живеете. {5C 437.2}

Мислите ли дека е преголема жртва вашето јадно, безвредно „јас" да го предадете на Исуса? Дали попрво ќе се одлучите за безнадежните окови на гревот и смртта отколку да се одвоите од овој свет и да се соедините со Христа со врски на љубов? Исус сè уште

живее за да се залага за нас. Затоа треба секој ден да Му се заблагодаруваме од сѐ срце. Тој што ја согледува својата вина и немоќ може да дојде таков каков што е и да прими Божји благослов. Ветувањето се однесува на секого кој ќе го прифати со вера. Но тој што во сопствените очи е богат, чесен и праведен, кој гледа како што гледа светот, и кој доброто го нарекува зло, а злото добро, не може да бара, ниту да добие затоа што не чувствува потреба за такво нешто. Тој мисли дека е исполнет и затоа ќе си замине празен. {5C 438.1}

Ако сте загрижени за сопствените души, ако ревно го барате Бога, вие ќе Го најдете. Меѓутоа, Тој не прифаќа покајание кое не потекнува од сѐ срце. Ако се одречете од вашите гревови, Тој секогаш е подготвен да ви помогне. Ќе сакате ли сега да Му се предадете потполно? Дали ќе го насочите вашиот поглед на Голгота и ќе запрашате ли: „Не ја поднесе ли Христос оваа жртва за мене? Не ли се изложил на понижување, срам и навреди и не претрпел ли страшна смрт на крстот само затоа што сакал да ме спаси од страдањата заради престапот и од ужасот на очајот и да ме направи неискажливо среќен во своето царство?" Погледнете го Оној кого вашите гревови го прободоа и одлучете: „Ќе му служам на Господа целиот мој живот. Нема веќе да им пристапувам на Неговите непријатели. Нема повеќе со моето влијание да им помагам на оние кои се побунile против Неговото владеење. Сѐ што имам и сѐ што сум е премалку да го жртвувам за Оној што толку ме сакал што и Својот живот го дал за мене - Својата божествена личност за еден толку грешен и заблуден грешник. Одвојте се од светот, целосно преминете на страната на Господа, сузбивајќи ја битката до портите и ќе извојувате славна победа. {5C 438.2}

Блажени се оние што обрнуваат внимание на зборовите за вечен живот. Под водство на духот на вистината, тие ќе ја примат целата вистина. Тие нема да бидат сакани, почитувани и фалени од светот, но ќе бидат драгоцени во небесните очи. „Гледајте колку голема љубов ни дал Таткото - да бидеме наречени чеда Божји: затоа светот не нѐ знае, зашто не Го спозна Него" (Јован 3:1). {5C 439.1}

---

50. ОДГОВОРНОСТИТЕ НА ЛЕКАРОТ

„Почеток на мудроста е стравот Господов" (Изреки 1:7). На луѓето од сите професии им е потребна божествена мудрост. Меѓутоа, на лекарот посебно му е потребна таа мудрост бидејќи доаѓа во контакт со лица со најразлични карактери и со сите видови на болести. Неговиот повик е поодговорен од повикот на проповедникот на евангелието. Тој треба да биде соработник на Христа и нему му се потребни непоколебливи верски начела и цврста врска со Богот на сета мудрост. Ако во своето работење се раководи според божествената мудрост тогаш големиот Исцелител ќе учествува во неговите напори и тој ќе дејствува со најголема претпазливост за да не нанесе штета на некое Божјо создание со погрешно постапување. Тој во држењето на начелата ќе биде непоколеблив и цврст како карпа, а во однесувањето сепак љубезен и фин кон секого. Тој ќе согледа колку е одговорен неговиот позив; и од неговите постапки ќе се види дека го поттикнуваат чисти, несебични побуди и желбата Христовата наука да ја украси во сѐ. Таквиот лекар ќе поседува небесно достоинство и ќе дејствува силно

во корист на доброто во светот. Иако можеби нема да биде ценет од оние кои немаат никакви врски со светот, тој ќе биде почитуван на небото. Во Божјите очи тој ќе биде подрагоцен од злато, од злато офирско. {5C 439.2}

Лекарот треба да биде строго умерен човек. Телесните заболувања кај човештвото се безбројни, и лекарот мора да лечи болести во разни облици. Тој знае дека многу болести што настојува да ги излечи се последица на неумереност и на други облици на попуштање на склоностите. Тој е повикан да ги лечи луѓето во младоста, во најубавите години и во добата на зрелост кои на себе, навлекле болести со употреба на наркотичниот тутун. Ако е способен лекар тој ќе може да ја следи болеста се до причината за неа, но ако самиот не е непушач, тој ќе се стеснува со прстот да покаже на таа причина и точно да му покаже на пациентот од каде потекнува болеста. Тој ќе пропушти да ги повика младите да се откажат од оваа навика додека не се вкоренила сосема. Ако и самиот пуши, како ќе може на неискусната младина да ѝ укаже на штетните последици од тутунот, и тоа не само за нив самите, туку и за оние кои ги опкружуваат? {5C 439.3}

Во денешно време користењето на тутунот речиси станало сèопшто. Жените и децата страдаат затоа што мораат да вдишуваат воздух загаден од лулињата, цигарите и од заразниот здив на пушачите. Тие што живеат во таква атмосфера секогаш ќе бидат болежливи и лекарот, пушач, секогаш ќе препишува некои лекови кои најдобро би се излекувале со оставање на тутунот. {5C 440.1}

Лекарите не можат верно да ги извршуваат своите должности кон Бога и кон луѓето, ако обожаваат идол во вид на тутун. За болните е мошне штетно ако мораат да вдишуваат здив на пушач. Тие се згрозуваат од него. Зар не е недоследност кога луѓето кои завршиле медицина и кои тврдат дека можат да му помогнат на човештвото кое страда постојано со себе носат наркотичен (опоен) отров кога ги посетуваат нивните пациенти? А сепак, мнозина пушат и хвакаат тутун сè додека не си ја расипат крвта и додека не го поткопаат нервниот систем. Во Божјите очи тоа е посебен грев кога тоа го прават лекари, кои можат да направат многу добра и кои веруваат во вистината за ова време. За нив можат да се применат зборовите на апостол Павле: „И така, возљубени, имајќи вакви ветувања, да се очистиме од секоја нечистота на телото и на духот, исполнувајќи ја светоста во страв Божји". „Браќа, во името на Божјото милосрдие ве молам подајте ги телата ваши во жртва жива, света и благоугодна на Бога, како ваша духовна богослужба" (2. Коринтјаните 7:1; Римјаните 12:1). {5C 440.2}

Оние кои користат тутун не можат да се застапуваат за умереност, бидејќи тие не се доследни на своите тврдења и не се придржуваат на истата. Како би можеле да советуваат човек кој со алкохол го упропастува својот разум и живот кога нивните хепови се полни со тутун и кога одвај чекаат да бидат слободни за да можат да хвакаат и да пушат од него? Како можат и со најмало право да ја бранат моралната реформа во здравствените институции и на трезвените говорници, додека самите се трујат со тутун? Ако сакаат нивното залагање луѓето да се откажат од опојните средства да има сила, нивните зборови мора да бидат со чист здив и да доаѓаат од чиста уста. {5C 441.1}

Лекарите и проповедниците треба да бидат построги од сите останати во поглед на умереноста. Напредокот на општеството бара од нив да бидат целосно умерени, бидејќи тие со својот пример работат за или против реформата и поправањето на општеството. Со запоставувањето на законите на здравјето или со својата рамнодушност кон нив тие свесно прават грев, бидејќи нив ги сметаат за помудри од останатите луѓе.

Ова посебно важи за лекарите, на кои им се доверени човечките животи. Од него се бара да не се оддава на никаква навика која ги слабее животните сили. {5C 441.2}

Како може лекарот или проповедникот кој пуши да ги воспита своите деца и да им ги предаде Господовите поуки? Зар може да го осудува кај децата она каде што попушта самиот? Ако го врши делото што му го дал Оној Кој владее со вселената, тој ќе го осудува злото во секој облик и на секоја положба. Тој со својот авторитет и углед ќе се залага за самоодрекување и точно и непоколебливо извршување на Божјите барања. Тој ќе се труди на своите деца да им обезбеди среќа во овој живот и дом во Божјиот град. Како може да го постигне тоа ако им попушта на желбите на апетитот? Како може стапалата на другите да ги става на скалите на напредокот кога тој се спушта пониско? {5C 441.3}

Нашиот Спасител дал пример за самоодрекување. Тој во молитвата за Своите ученици рекол: „И за нив јас се посветувам, та и тие да бидат осветени преку вистината" (Јован 17:19). Кога еден човек кој прифаќа тешки одговорности како оние на лекарскиот позив греши против себе со тоа што не се покорува на законите на природата, тој мора да ги жнее последиците од своите постапки наведнувајќи се пред праведната одлука на тие закони, против кои нема жалба. Причината доведува до последици, и во многу случаи, лекарот кој треба да има чист и остар ум и смирени нерви за да биде во состојба точно да ја одреди дијагнозата и ефикасно да постапува според истата, тој има растроени нерви и замрачен ум заради уживањето на опојни средства. Неговата способност да прави добро е намалена, и тој и други ќе наведе на патот по кој оди. Стотици луѓе ќе се поведат по примерот на еден неумерен лекар, мислејќи дека не е штетно да живеат како што живее тој. А на Божјиот ден, пред него ќе биде изнесен извештајот за неговиот живот и ќе биде повикан да даде сметка за сето добро што можел да го направи, а не го направил, бидејќи со своите намерни постапки - со попуштање на своите склоности - ги ослабил своите физички и интелектуални сили. {5C 442.1}

Не се поставува прашањето: како постапува светот? туку: како постапуваат одговорните луѓе во поглед на распространетото проклетство - пушењето кое сè повеќе зема замав. Дали луѓето на кои Бог им подарил разум и кои се наоѓаат на положби со света доверба навистина ќе го следат гласот на својот разум? Дали тие луѓе на кои им се доверени лица кои тие со својот пример можат да ги упатат на добар или на лош пат навистина ќе бидат примерни луѓе? Дали со поука и со пример ќе ги поучуваат другите да се покоруваат на законите кои владеат во нивните организми? Ако познавањето на законите кои владеат со нивните битија не го спроведат на дело, ако повеќе сакаат да угодуваат на своите склоности отколку да бидат здрави духовно и телесно, тогаш не се достојни за да им се доверат животите на другите. Нивна должност е да го чуваат достоинството на од Бога дадената машкост, да бидат слободни од робувањето на сите страсти. Човекот кој хвака или пуши тутун со тоа не си штети само себеси, туку и на сите врз кои има влијание. Ако мораме да побараме помош од лекар, не треба да одиме кај лекар кој пуши. Тој не може да биде ваш сигурен советник. Ако до болест дошло заради пушење, тој ќе биде во искушение да не ви ја каже вистината и да ви каже некоја друга причина, бидејќи како може да го осудува она што самиот секој ден го прави? {5C 442.2}

Има многу начини на лечење, но небото одобрува само еден начин. Божјите средства за лекување се едноставните лекови од природата, кои не го разоруваат организмот со своето силно дејство. Чистиот воздух и водата, хигиената на телото, правилната исхрана, чистотата на животот и силната доверба - тоа се лекови, и заради недостатоци на истите умираат Илјадници луѓе. Сепак, овие лекови станале

непопуларни, затоа што нивната правилна примена бара напор што луѓето не го ценат. Чистиот воздух, движењето и чистата вода и чистата околина, им се достапни на сите со мали трошоци, додека лековите се скапи, како во поглед на цената, така и во поглед на последиците на нивното дејствување во организмот. {5C 443.1}

Задачата на христијанскиот лекар не завршува со излекување на телото. Неговата работа треба да ја опфати и болеста на душата и да ја спаси истата. Ако не го прашаат, негова задача не е да ги објаснува теоретските поставки на вистината, но тој на своите пациенти може да им укаже на Христос. Поуките на божествениот Учител секогаш се применливи. Тој секогаш треба да го посочува вниманието на мрзоволниот болен кон новите дарови на љубов и водство од Бога, на Неговата мудрост и добрина кои се огледуваат во Неговите дела. Со посредство на природата, духот може да се доведе кон Божјата природа и да се насочи кон небото кое Тој го подготвува на оние кои го љубат. {5C 443.2}

Лекарот мора да знае како да се моли. Во многу случаи тој мора да ги зголеми болките за да го спаси животот. Без разлика дали пациентот е христијанин или не, тој ќе се чувствува посигурен ако знае дека неговиот пациент има Божји страв во себе. Молитвата на болниот ќе му даде верба и многу пати, ако случајот на болниот во понизност се изнесе пред големиот Лекар, тоа ќе има поголема корист од сите лекови што можат да се препишат. {5C 443.3}

Сатаната е зачетник на болеста и лекарот постојано војува против неговото дело и неговата сила. Насекаде преовладуваат болести на душата. Во деведесет проценти на случаите, тоа е причината на сите болести од кои страдаат луѓето. Можеби некоја семејна неволја ја нагризува душата како рак и ги слабее животните сили. Грижата на совеста за направениот грев понекогаш го поткопува здравјето и доведува до душевна неурамнотеженост. Исто така има и погрешни учења, како што е на пример учењето за вечно вжарениот пекол и за бескрајното мачење на безбожниците, кои даваат потполно погрешна претстава за мачењето на безбожниците, кои даваат потполно погрешна претстава која доведува до споменатите пореметувања кај чувствителните луѓе. Неверниците ги користеа овие несреќни случаи и оваа пореметеност ја препишуваа на религијата. Но тоа е една голема клевета, за која ќе мораат да одговараат. Христовата религија не само што не дава причина за душевна пореметеност, туку е еден најуспешните лекови за смирување на нервите. {5C 443.4}

На лекарот му е потребно нешто повеќе од човечка мудрост и сила за да знае како треба да ги лекува сложените случаи не болести на душата и на срцето со кои мора да се занимава. Ако не знае за силата на божествената милост, нема да може да им помогне на несреќните, туку само ќе ги зголеми нивните неволи. Но ако цврсто се потпре на Бога, тој ќе може да им помогне на болните, да им укаже на своите пациенти на Христа и да ги поучи сите нивни грижи и неволи да ги предадат на големиот Носач на товари. {5C 444.1}

Постои врска меѓу гревовите и болестите. Секој лекар може да го види тоа после еден месец пракса. Тој не може да обрати внимание на тоа ако духот му е зафатен со други нешта, но ако добро набљудува и биде исправен, нема да може да не признае дека гревот и болеста стојат еден спроти друг како причина и последица. Лекарот треба брзо да го согледа овој однос и да постапува во согласност со тоа. Штом ќе ја стекне довербата на болниот ублажувајќи ги неговите страдања и спасувајќи го од работ на гробот, тој треба да го поучи дека болеста е последица на гревот и дека тоа е дело на паднатиот непријател кој копнее да ги наведе луѓето на постапки со кои го поткопуваат

своето здравје и ги уништуваат своите души. Тој мора да ги поучи да се одречат од себе и да се покоруваат на законите на здравјето и животот. Тој треба посебно во мислите на младите да всади исправни начела. Бог ги сакак Своите созданија со љубов која е нежна и силна. Тој ги поставил законите на природата, но Неговите закони не се самоволни барања. Секое „не", и во физичкиот и во моралниот закон, содржи едно ветување. Ако му се покоруваме, нашите чекори ќе ги следи благослов, ако пак не, последиците ќе бидат опасност и несреќа. Божјите закони имаат цел народот да го приближат поблиску до Него. Ако луѓето дозволат да бидат водени, тој ќе ги спаси од злото и ќе ги води кон доброто, но никогаш нема да ги принудува. Ние не можеме да ги сфатиме Божјите намери, но мора да имаме доверба во Него и нашата вера да ја покажеме со дела. {5C 444.2}

Малку се лекарите кои го љубат Бога и кои се бојат од Него во споредба со оние кои се неверни и отворени противници на религијата; и затоа на овие првите секогаш треба да им се помага. Ние не можеме да се довериме на непобожни лекари. За нив се отворени вратите на искушенијата и лукавиот непријател ги поттикнува на ниски мисли и постапки, а само силата на божествената вистина може да ги смири разбрануваните страсти и човекот да го направи силен против гревот. Тие што се морално расипани не пропуштаат прилика да ги расипат оние што се чисти. Но како ќе се појави порочниот лекар во Божјиот ден? Претворајќи се дека се грижи за доброто на болните, тој ја изиграл светата доверба. Тој ги унизил и телата и душите на Божјите созданија и ги упатил по патот кој води во пропаст. Страшно е ако мораме оние кои ги сакаме да ги довериме во рацете на еден расипан човек кој може да ја отруе и упропасти душата. За непобожниот лекар нема место крај претсмртната постела. {5C 445.1}

Лекарот речиси секој ден се наоѓа лице в лице со смртта. Тој, така да се каже, чекори на работ на гробот. Често сцените на страдања и умирање доведуваат до бесчувствителност и рамнодушност кон човечките страдања и до немарност во лекувањето на болните. Таквите лекари немаат нежност и љубов. Тие се груби и избувливи така што болниот се плаши штом ќе ги види. Таквите луѓе малку можат да им помогнат на болните, колку и да се вешти и искусни. Меѓутоа, ако љубовта и сомилоста што Исус ги покажувал се соединат со лекарското знаење, самото негово присуство ќе влијае благотворно. Тој на пациентите нема да гледа како на човечки механизми, туку како на души кои треба да се спасат. {5C 445.2}

Должностите на лекарот се напорни. Малку луѓе ги сфаќаат умните и физичките напори на кои е изложен. Сите енергии и способности мора да се посветат во одлучната борба против болеста и смртта. Тој често знае дека со едно невнимателно движење на раката во погрешен правец, со ширина на влакно, може душата неподготвена да ја испрати во вечноста. Затоа не еден верен лекар му се потребни љубовта и молитвата на Божјиот народ. Тој има право на тоа исто колку и најпреданите проповедници и мисионери. Лишен од одмор и сон, па дури и од верските предимства во сабота, нему му е потребна двапати поголема благодат која ќе го освежува секој ден, инаку ќе ја изгуби врската со Бога и ќе дојде во опасност да западне во поголем мрак од луѓето со други позиви. А нему сепак често неправедно му се префрлува и се дозволува самиот да се бори против најсвирепите искушенија на сатаната, чувствувајќи дека неговите непријатели не го сфатиле и го изневериле. {5C 446.1}

Многу луѓе нема да го прифатат лекарскиот повик, знаејќи колку се напорни неговите должности и колку малку прилики има лекарот да се одмори од своите грижи, дури и во сабота. Но големиот непријател постојано се труди да го уништи делото на

Божјите раце и културните и интелектуални сили се повикани да се борат против оваа страшна сила. На овој позив треба да се посветат повеќе луѓе кои ги имаат потребните доблести. Треба да се вложат најголеми напори за овој повик да се оспособат соодветни луѓе. Тоа треба да бидат луѓе чиишто карактери целосно се втемелени на начелата на Божјата Реч - луѓе кои имаат природна енергија, сила и истрајност која ќе ги оспособи да достигнат висок степен на совршенство. Не може секој да биде добар лекар. Мнозина се посветиле на оваа професија, иако никако не биле подготвени за тоа. Тие го немаат потребното знаење, ниту имаат вештина и умешност, концентрација и интелегенција кои се потребни за да се има успех. {5C 446.2}

Лекарот може многу поуспешно да ја извршува својата работа ако е физички јак. Ако е слаб, нема да ја издржи напорната работа која е поврзана со неговата професија. Човекот со слабо тело, наклонет на болести, човек кој не владее совршено со себеси не може да се оспособи да ги лечи сите видови на болести. Треба многу да се внимава лицата кои можат да бидат корисни во некоја друга професија да не се наговараат да студираат медицина, која бара големи парични трошоци и многу потрошено време, доколку нема основана надеж дека ќе успеат во тоа. {5C 447.1}

Има луѓе кои за кои беше покажано дека имаат особини потребни за добар лекар и кои беа советувани да студираат медицина. Но некои кои во почетокот на студирањето беа христијани не се држеа цврсто за Божјиот закон; тие ги жртвуваа начелата и го загубија потпирањето на Бога. Тие согледаа дека препуштени сами на себе не можат да ја држат четвртата заповед, а да не се изложат на потсмев и исмејување од славољубивите, површни, сќептични и неверни луѓе од овој свет. Тие не беа подготвени да се спротивстават на овој вид на прогонство. Имаа амбиции да дојдат на високи положби во светот и се сопнаа во мрачната планина на неверството и така станаа недостојни за довербата. На нив наидуваа секакви искушенија, а тие немаа сила да им се спротивстават. Некои од нив станаа нечесни луѓе кои бараат само корист за себе и кои западнале во тежок грев. {5C 447.2}

На секој што денес се посветува на медицината му се закануваат опасности. Неговите наставници често се луѓе со мудрост од овој свет, а колегите се неверници кои воопшто не мислат на Бога, и нему му се заканува опасност да западне под влијание на нерелигиозното друштво. Сепак, некои завршија медицина и им останаа верни на начелата. Тие не сакаа да студираат во сабота и докажаа дека луѓето можат да се оспособат за лекари, а притоа да не ги разочараат очекувањата на оние кои им дале средства за студирање. Тие како Даниел му оддадоа чест на Бога, и Тој ги одржа. Даниел во своето срце одлучил да не ги следи обичаите кои владееле на царскиот двор. Тој не сакал да јаде од царското јадење ниту да пие од неговото вино. Тој од Бога барал сила и мудрост и Бог му дал мудрост, умешност и знаење повеќе од сите астролози, маѓепсници и гатачи во царството. Врз него се исполнило ветувањето: „Јас ќе ги прославам оние кои Мене Ме прославуваат” (1. Самоилова 2:10). {5C 447.3}

Младиот лекар има пристап кон Богот на Даниел. Со божествена благодат и сила, тој може да стане исто толку способен во својата професија како што бил Даниел на својата висока положба. Но погрешно е научното образование да се смета за поважно од сè, а да се запоставаат верските начела, кои се темели на секој практичен успех. Многу луѓе се фалени како мошне компетентни за својата професија, иако тие ја мразат помислата дека треба да се потпрат на Исуса за да им даде мудрост во нивното работење. Меѓутоа, кога овие луѓе кои се надеваат на нивното научно знаење би биле просветлени со светлина од небото, колку поголемо совршенство би постигнале! Колку

поголеми би биле нивните сили, и со колку поголема сигурност би можеле да ги лекуваат тешките случаи! Човекот кој е тесно поврзан со големиот Лекар на телото и душата, располага со сите сили на небото и земјата и може да работи со мудрост и прецизност која непобожниот човек никогаш не би можел да ја достигне. {5C 448.1}

Тие што се грижат за болните, без разлика дали се лекари или болничарки, треба да имаат на ум дека нивната работа треба да опстои пред строгото испитување на окото на Јехова кое гледа сè. Ниедно мисионерско поле не е позначајно од она каде што работи верниот и богобојазлив лекар. Нема поле на кое човекот би можел да постигне повеќе добра, ниту да добие повеќе драгоцености кои ќе светат на круната на неговата радост. Тој може да ја внесува Христовата благодат во сите болнички соби како пријатен мирис и ќе донесува вистински мевлем за лекување на душите заболени од гревот. Тој на болните и на оние кои умираат може да им укаже Божјото Јагне кое ги зема врз себе гревовите на светот. Тој не треба да ги прифаќа препораките на оние кои велат дека не треба да се зборува за вечните интереси на оние чијшто живот е во опасност, за да не се влоши нивната состојба, бидејќи во деведесет проценти од случаите сознанието дека постои спасител кој ги простува гревовите ќе донесе подобрување и на телото и на душата. {5C 448.2}

Површните и злонамерни луѓе ќе копнеат да пробудат негодување против оние кои верно ги извршуваат должностите на својата вера и ќе се обидат нивниот пат да го исполнат со пречки, но ваквите искушенија само ќе го откријат чистото злато во карактерот. Христос ќе биде нивното засолниште од зајадливите јазици. Иако нивниот живот ќе биде мачен и полн со самоодрекувања, и без успех според мислењето на луѓето, тој ќе биде возвишен во очите на небото и тие ќе бидат издигнати и почитувани пред Бога. „Разумните ќе сјаат како светила на небото, и оние што мнозина вратиле во правда - како ѕвездите, во век и засекогаш“ (Даниел 12:3). {5C 449.1}

---

51. КРИЗАТА ШТО СЕ ПРИБЛИЖУВА

„И се разлути змевот на жената и отиде да војува со другите од семето нејзино што ги пазат Божјите заповеди и го имаат сведоштвото на Исус Христос” (Откровение 12:7). Ние во блиска иднина ќе видиме како се исполнуваат овие зборови, бидејќи протестантските цркви ќе се соединат со светот и со папската сила против оние кои ги држат Божјите заповеди. Истиот дух кој во минатото ги поттикнувал папистите ќе ги наведе и протестантите да го заземат истиот став кон оние кои ќе сакаат да му останат верни на Бога. {5C 449.2}

Црквата и државата сега се подготвуваат за идниот судир. Протестантите прикриено работат на тоа да ја воведат неделата, како што правеле и римокатолиците. Ширум целата Земја папството гради величествени и огромни градби во чиишто тајни скривалишта ќе се повторат нивните поранешни прогонства. Наголемо се подготвува патот за покажување на лажните чуда со кои сатаната ќе настојува ако е можно да ги измами дури и избраните. {5C 449.3}

Декретот кој ќе биде издаден против Божјиот народ ќе биде сличен на оној во времето на Естира кој го издал Артарксеркс против Евреите. Персискиот едикт

произлегол од пакоста на Аман кон Мардохеј. Не затоа што Мардохеј му направил некакво зло, туку затоа што одбил да му покажува почитување кое му припаѓа само на Бога. Царевата одлука против Евреите била издејствувана со лажно прикажување на избраниот народ. Сатаната го поттикнал овој план со намера да ги истреби од лицето на земјата оние кои во себе го чувале сознанието за вистинскиот Бог. Но неговите намери биле осуетени од една сила која владее меѓу синовите човечки. За заштита на Божјиот народ биле испратени ангели кои се ненадминати во силата и злите намери на нивните непријатели паднале врз главите на нив самите. Протестантскиот свет денес во малиот собир на оние кои ја празнуваат саботата гледа еден Мардохеј пред вратата. Нивниот карактер и живот во кој се огледа почитување кон Божјиот закон претставува постојан укор за оние кои го отфрлиле Христа и Неговата сабота ја газат под нозете. Несаканиот натрапник кој го нарушува нивниот мир мора да биде отстранет по секоја цена. {5C 450.1}

Истиот мајсторски дух кој во минатите векови правел завери против верните и денес сè уште се труди да ги отстрани од лицето на земјата оние кои се бојат од Бога и го држат Неговиот закон. Сатаната копнее да предизвика огорченост против понизното малцинство кое доследно одбива да ги прифати популарните обичаи и традиции. Луѓето со високи положби и углед ќе се придружат на беззаконициите и неугледните за заедно со нив да се борат против Божјиот народ. Богатството, способностите и образованието ќе се здружат за тој да се изложи на презир. Управителите, проповедниците и членовите на црквите ќе се здружат за да го прогонуваат. Тие ќе настојуваат да ја поткопаат неговата вера со перо и со зборови, со фалење, закани и исмејување. Со лажно прикажување и налутени повици тие ќе ја поттикнат страста на народот. Бидејќи против бранителите на саботата нема да можат да се повикаат на „така вели Библијата", тие ќе прибегнат кон притисок за да го надоместат овој недостаток. За да ја обезбедат својата популарност и заштита, законодавците ќе го прифатат барањето да се донесе неделниот закон. Тие што се бојат од Бога не можат да прифатат одредба која нарушува една од десетте заповеди. На тоа боиште ќе дојде до последната голема борба меѓу вистината и заблудата. И ние не сме оставени во незнаење во поглед на исходот на овој судир. Сега, како и во деновите на Мардохеј, Господ ќе ја одбрани Својата вистина и Својот народ. {5C 450.2}

Со овој декрет со кој насилно ќе се наметне тој закон на папството и ќе се прекрши Божјиот закон, нашата нација целосно ќе се одрече од праведноста. Кога протестантизмот ќе ја испружи раката преку бездната за да се поврзе со римската сила, и кога таа ќе посегне преку бездната за да се поврзе со спиритизмот, и кога под влијание на овој троен совет нашата земја ќе го отрфли секое начело на нејзиниот устав, и кога ќе почне со подготовките да ги шири папските лаги и измами - тогаш знаеме дека е дојдено времето за сатанското дело на чуда и дека се приближува крајот. {5C 451.1}

Како што приближувањето на римската војска за учениците на Христа било знак дека му претстои пропаст на Ерусалим, така и ова отпаднишство за нас ќе биде знак дека е помината границата на Божјото трпение, дека нашата нација ја наполнила чашата со неправда и дека ангелот на милоста се подготвува да замине и никогаш повеќе да не се врати. Тогашниот народ ќе западне во маки и неволи кои пророците ги опишувале како време на Јакововите маки. Пекањето на прогонетите верници ќе стига до небото. Како што крвта на Авел викала од земјата, така и гласовите на маченициte од гробовите, - од морските длабочини, од планинските пештери и под манастирските темели ќе викаат

кон Бога: „До кога, Севишен, свет и вистинит, нема да судиш и да им се одмаздуваш за нашата крв на оние што живеат на земјата” (Откровение 6:10). {5С 451.2}

Господ го врши Своето дело. Целото небо е активно. Наскоро судијата на целата земја ќе стане за да го одбрани Својот авторитет. Знак на ослободување ќе биде втиснат на оние што ги држат Божјите заповеди, што длабоко го почитуваат Неговиот закон и кои одбиваат да го примат белегот на sверот и неговиот лик. {5С 451.3}

Господ ми откри што ќе се случи во последните денови, за Неговиот народ да се подготви да издржи во борбата со бурата од противење и гнев. Тие што се опоменати за настаните кои доаѓаат не смеат да седат рамнодушно очекувајќи ја бурата која доаѓа и да се тешат дека Бог ќе ги штити Своите верни во денот на неволи. Ние треба да се однесуваме како луѓе кои го чекаат својот Господ, но не во безделнично чекање, туку со најсердно работење и со непоколеблива вера. Ние сега немаме време на нашите мисли да им дозволуваме да се занимаваат со помалку важни нешта. Додека луѓето спијат сатаната работи за Господовиот народ да остане без милост и оправдување. Неделното движење сега тајно го подготвува патот за себе. Неговите водачи ја прикриваат неговата вистинска цел и мнозина кои му пристапуваат на тоа движење не согледуваат каде всушност ги води тоа. Оние кои го поддржуваат тоа движење, навидум се благи и христијани; но кога ќе прозборуваат, ќе се покаже духот на змевот. Наша должност е да направиме сè што е во наша моќ за да ја спречиме опасноста која се заканува. Ние треба да се трудиме да ги разоружаме предрасудите и пред народот да се покажеме во вистинска светлина. Треба да им покажеме за што всушност се работи овде и на тој начин да подигнеме најенергичен протест против мерките насочени за ограничување на слободата на совеста. Ние треба да го проучуваме Светото Писмо за да можеме да ги покажеме причините за нашата вера. Пророкот кажува: „Безбожниците ќе си останат безбожни, и никој од нив нема тоа да го разбере, само мудрите ќе разберат” (Даниел 12:10). {5С 452.1}

На оние кои преку Христа имаат пристап кон Бога им претстои значајно дело. Сега е вистинско време цврсто да се фатиме за раката на нашата сила. И пастирите и останатите верници треба да се молат со молитвата на Давид: „Време е, Господи да се дејствува: Твојот закон го оскверниja” (Псалм 118:126). Господовите слуги нека плачат меѓу тремот и олтарот, пекајќи: „Смилувај се, Господи, над народот Свој, не предавај го наследството Твое на срам” (Јоил 2:17). Бог секогаш го штител Својот народ во најголемите неволи и тогаш кога се чинело дека нема ниту најмала надеж да се избегне пропаста. Намерите на безбожните луѓе, непријателите на црквата, се потчинети на Неговата сила и Неговото провидение кое управува со сè. Тој може да го трогне срцето на државникот; гневот, разбрануваноста и омразата на оние што го мразат Бога, Неговата вистина и Неговиот народ Тој може да ги сврти на друга страна како што ги свиткува водените потоци, ако така намисли. Молитвата ја придвижува раката на Семожниот. Тој што го одредува патот на ѕвездите на небото, чиишто зборови владеат со брановите на длабокото море - истиот бесконечен Создател ќе го заштити Својот народ кога тој ќе Го повика со вера. Тој ќе ги заузда силите на темнината додека на светот не му се даде опомена и сите кои ќе ја прифатат ќе бидат подготвени за борба. {5С 452.2}

„Зашто и преку човековиот бес Ти ќе се прославиш, а и остатокот од нив ќе Те прославува” (Псалм 76:10), кажува Псалмистот. Божја намера е вистината да се изнесе на виделина и да стане предмет на испитување и проучување, дури ако тоа биде и со помош на презирот на кој е изложена. Мора да се пробуди интересот на народот. Секоја

расправија, секоја клевета и срам на кои се изложува едно Божјо дете се средства со кои Бог ќе ги натера луѓето на подлабоко испитување и ќе ги пробуди луѓето на тие што инаку би спиеле. {5C 453.1}

Така било и во минатото на Божјиот народ. Тројца Евреи биле фрлени во вжарена печка затоа што одбиле да се поклонат на златниот лик кој го направил Навуходоносор. Но последица на наметнатото идолопоклонство е тоа што кнезовите и големците на големото вавилонско царство дознале за вистинскиот Бог. {5C 453.2}

Така било и кога било забрането луѓето да се молат на некој друг бог освен на царот. Бидејќи Даниел, според својот обичај, трипати дневно му се молел на небесниот Бог, тоа било изнесено пред кнезовите и управителите. Тој така имал прилика лично да зборува за да укаже на вистинскиот Бог, и да ги изнесе причините зошто треба само Нему да Му се молат, како и должноста да Му се укажува благодарност и почит. А избавувањето на Даниел од лавовската јама било уште еден доказ дека Оној на кого тој се молел е вистински и жив Бог. {5C 453.3}

Така и Павловото затворање го донело евангелието пред цареви, кнезови и владетели, кои на друг начин не би примиле светлина. Обидите да се забави напредувањето на вистината само ќе придонесат за нејзиното ширење. Совршенството на вистината појасно се забележува со секоја наредна точка од која може да биде набљудувана. На заблудата ѝ се потребни маскирање и прикривање. Таа се облекува во ангелски облеки бидејќи секое јасно покажување на нејзиниот карактер ги смалува нејзините шанси за успех. {5C 453.4}

Народот на кој Бог му го доверил Својот закон не смее да дозволи Неговата светлина да биде скриена. Вистината мора да се објави во мрачните места на земјата. Пречките мора да се пречекаат и да се совладаат. Треба да се изврши едно големо дело и тоа дело е доверено на оние што ја познаваат вистината. Тие сега треба да се молат сесрдно за помош од Бога. Христовата љубов треба да престојува во нивните срца. Врз нив треба да се излее Светиот Дух и тие треба да бидат подготвени за да можат да опстојат на судот. Ако се потпрат на Бога, убедлива сила ќе ги поддржува нивните напори да ја изложат вистината на другите и нејзината светлина ќе најде пристап кон многу срца. Не смееме повеќе да спиеме на маѓепсаната почва на сатаната, туку треба да ги користиме сите сили и способности со кои нѐ надарило провидението. Последната опомена треба да биде објавена на „секое племе и колено, јазик и народ" (Откровение 14:6). А дадено е ова ветување: „И ете, Јас сум со вас преку сите дни до крајот на светот" (Матеј 28:20). {5C 454.1}

---

52. ЦРКВАТА - СВЕТЛИНА НА СВЕТОТ

Господ го повикал Израел како Свој народ и го одвоил од светот за да може да му довери света доверба. Тој го направил чувар на Својот закон и одлучил преку него да го сочува знаењето за Себе меѓу луѓето. Преку тој народ небесната светлина требало да свети во мрачните делови на земјата и преку него требало да се чуе гласот кој ги повикува сите народи да се одвратат од идолопоклонството и да му служат на живиот и вистински Бог. Доколку Евреите биле верни на оваа доверба, тие би биле сила во светот. Бог би бил нивна одбрана и би ги издигнал над сите народи на земјата. Преку Нив би се

откриле Неговата светлина и вистина и под Неговото мудро и свето водство тие со пример би покажале колку таа е повозвишена од секое идолопоклонство. {5C 454.2}

Но тие не го одржале својот завет со Бога. Ги извршувале идолопоклоничките обичаи на другите народи и наместо да го прославаат својот Создател на земјата, тие со својот живот Го изложиле на презир кај незнабошците. А сепак Божјите цели мора да се остварат. Знаењето за Него мора да биде распространето по целата земја. Бог го предал Својот народ во рацете на непријателите и го растурил меѓу другите народи. Многу Евреи во неволите се каеле и го барале Господа. Растурени меѓу незнабожечките народи тие го однеле знаењето за вистинскиот Бог. Начелата на божествениот закон дошле во судир со обичаите и навиките на светот. Идолопоклониците се труделе да ја уништат вистинската вера. Во своето провидение Господ ги извел Своите слуги: Даниел, Немија и Езра пред царевите и владетелите, за идолопоклониците да имаат можност да примат светлина. Така делото што Бог му го дал на Својот народ да го изврши во просперитет, во својата земја сепак било извршено, иако во ропство и со големи тешкотии и пречки. {5C 455.1}

Како што некогаш го повикал Израел, така Бог и денес ја повикува Својата црква да биде светлина на земјата. Со моќниот меч на вистината - вестите на Првиот, Вториот и Третиот ангел - Тој го одвоил од останатите цркви и од овој свет и го довел во Својата света близина. Тој го направил чувар на Својот закон и му ја доверил големата вистина на пророштвата за ова време. Како што на стариот Израел му била доверена света доверба, така и овие пророштва дадени на црквата се света доверба кои треба да се објават на светот. Тројцата ангели во Откровение 14. глава го претставуваат Божјиот народ кој ја примил Неговата вест и како Негов застапник почнал да ја објавува опомената низ целиот свет. Христос им кажал на Своите следбеници: „Вие сте светлина на светот" (Матеј 5:14). На секој кој ќе ја прифати вистината крстот од Голгота му зборува: „Сфати ја вредноста на една душа". „Одете по сиот свет и проповедајте го евангелието на секое создание" (Марко 16:15). Не смееме да дозволиме ништо да нè оттргне од работата на тоа дело. Тоа е најважното дело на сите времиња. Тоа е далекусежно како вечноста. Љубовта која Исус ја покажал за човечките суштества со жртвата која ја поднел за нивното откупување треба да ги поттикне сите Негови следбеници. {5C 455.2}

Меѓутоа, многу малку се оние кои ја прифатиле светлината и кои го вршат делото што им е доверено. Малку се тие што се непоколебливи во верата, кои не гледаат на личната корист, удобноста, па дури и животот, туку ревно ја искористуваат секоја можност и на другите да им ја однесат светлината на вистината и да го објават светиот Божји закон. Гревовите кои преовладуваат во светот се вовекле во црквите и во оние што тврдат дека се избран Божји народ. Мнозина од оние кои ја примиле светлината се трудат да ги смират стравувањата на светските луѓе и лицемерите. Дури и меѓу оние што тврдат дека го чекаат Господовото доаѓање има такви кои го сакаат светот. Тие копнеат за слава и за богатство. Христос ја опишал оваа класа кога рекол дека Божјиот ден ќе дојде како стапица за сите што живеат на земјата. Овој свет е нивниот дом. Нивната главна цел е да обезбедат земно богатство за себе. Тие градат скапоцени куќи и ги снабдуваат со сите удобности, уживаат во облекувањето и задоволувањето на апетитот. Нештата од овој свет се нивни идоли, кои се испречиле меѓу нивните души и Христа, така што тие одвај ја здогледуваат свечената и страшна реалност околу себе. Истата непослушност и неуспех што ги видовме во еврејската црква во уште поголема мера се покажаа кај народот кој ја добил таа голема светлина од небото во последната вест на

опомена. Треба ли да дозволиме историјата на Израел да се повтори во нашето искуство? Треба ли како нив да ги пропуштиме дадените можности и предимства, сè додека Бог на крајот не дозволи да нè снајдат неволи и прогонства? Зар ќе дозволиме делото кое може да се оствари во мир и благосостојба да го оставиме неостварено, и да мораме после да го остваруваме во денови на темнина, под притисокот на неволи и прогонствата? {5C 456.1}

Страшна е вината за која црквата е одговорна. Зошто оние кои имаа светлина не се трудеа ревно таа светлина да ја пренесат и на другите? Тие гледаат дека крајот е близу. Тие гледаат дека многу луѓе секојдневно го престапуваат Божјиот закон и знаат дека тие души не можат да се спасат во нивните престапи. Меѓутоа, тие сепак повеќе се заинтересирани за своите занаети, имоти, куќи, трговии, облеки и јадења, отколку за душите на мажите и жените со кои мораат да се сретнат лице в лице на Божјиот суд. Народот кој тврди дека се покорува на вистината заспа. Тој не би се чувствувал така ако беше буден. Љубовта кон вистината изумира во нивните срца. Нивниот пример не е таков што ќе може да го убеди светот дека тие поседуваат вистина која ја нема ниеден друг народ на земјата. Токму во времето кога сите треба да бидат силни во Бога, поседувајќи секојдневна жива вера, тие се слаби, колебливи и се потпираат на поддршката на проповедникот, наместо да им служат на другите со умот и душата, со зборови и перо, со време и пари. {5C 457.1}

Браќа и сестри, мнозина меѓу вас се оправдуваат со неспособноста да работат за другите. Меѓутоа, дали Бог вас ве создал неспособни? Зар таа неспособност не е последица на вашето неработење и зар вие не ја одржувате со ваша одлука? Зар Бог не ви дал ниеден талант за да го умножите, за сопствено задоволство и удобност, туку за Него? Ја сфативте ли својата должност како Негови слуги да Му донесете добивка со мудра и вешта употреба на талантите што ви ги доверил? Дали не пропуштавте прилики да ги искористите своите сили во таа цел? Жална е вистината дека малку се оние кои ги сфаќаат своите должности кон Бога. Љубовта, расудувањето, памнењето, предвидувањето, тактичноста, енергијата и сите други особини се посветени на сопственото „јас”. Покажавте поголема мудрост во службата на злото отколку во службата на Божјото дело. Вие вашите способности ги изопачивте, онеспособивте и направивте потполно неделотворни со тоа што со сите сили копнеете кон земни цели, запоставувајќи го Божјото дело. {5C 457.2}

Сè уште ја смирувате вашата совест зборувајќи дека не можете да го поправите минатото и да стекнете издржливост, сила и вештина која би ја поседувале ако сте одговорни за немарноста и за пропустите што ги правевте заради вашето неверство. Колку повеќе ги вежбате вашите сили за Учителот, ќе станувате сè поспособни и повешти. Колку поцврсто ќе се поврзете за Изворот на светлина и сила, толку поголема светлина ќе се излее врз вас и ќе располагате со повеќе сили кои ќе можете да ги употребите за Бога. Исто така, одговорни сте за она што сте можеле да го постигнете, а не сте го постигнале заради прилагодувањето на овој свет. Кога станавте Христови следбеници вие му се заветувавте дека ќе му служите само Нему, а Тој вети дека ќе биде со вас и ќе ве благословува, дека ќе ве поткрепи со Својата светлина, дека ќе ви го даде Неговиот мир, радост во Неговото дело. Дали ги искусивте тие благослови? Ако не, тогаш бидете сигурни дека тоа е последица на вашите постапки. {5C 458.1}

Имаше луѓе кои, за да го избегнат регрутирањето за време на војната, самите предизвикаа кај себе некоја болест или си нанесуваа повреди за да се онеспособат за воена служба. Слично се однесуваат и мнозина во однос на Божјото дело. Тие ги

онеспособиле своите сили, физички и умни, така што не се способни да учествуваат во делото во кое се толку неопходни. {5C 458.2}

Претпоставете дека ви е доверена една сума пари да ја вложите во некоја одредена цел; дали би ги фрлиле и би тврделе дека повеќе не сте одговорни за нејзината употреба? Дали во тој случај би чувствувале дека се спасивте од една голема грижа? А токму тоа го правите со Божјите дарови. Да се повлекуваме од работата за спасување на душите под изговор дека сме неспособни, а со сите сили да копнееме кон земни цели, тоа значи дека му се потсмеваме на Бога. Големо мноштво на свет навалува во пропаст, додека постои само една рака народ кој ја прифатил светлината и вистината и кој се спротивставува на војската на злото; а сепак и покрај тоа таа мала група ги посветува сите свои сили на сè друго, само не на тоа да научи како да ги спасува душите од смртта. Дали е тогаш чудно што црквата е слаба и неделотворна, што Бог малку може да направи за народот кој тврди дека е Негов? Тој народ се довел во положба Бог да не може да работи со него и за него. Дали се осмелувате и понатаму да ги запоставувате Неговите барања? Сакате ли и понатаму да се шегувате со најсветите небесни вистини? Дали како Каин ќе кажете: „Зар јас сум чувар на брат ми?" (Создавање 4:9). {5C 458.3}

Имајте на ум дека вашите сегашни одговорности не се мерат според вашите сегашни можности и способности, туку според способностите што ви беа дадени на почетокот и можностите да ги подобрите истите. Прашањето кое секој треба да си го постави не е дали некој е неискусен и неспособен за работа во Божјото дело, туку зошто се наоѓа во таква состојба и како може да се поправи. Бог нема на натприроден пат да ни ги даде способностите кои ни недостигаат. Меѓутоа, ако ги вежбаме способностите што ги имаме, Тој ќе соработува со нас во проширувањето и зајакнувањето на секоја способност. Нашата заспиена енергија ќе се разбуди и силите што одамна замреле ќе оживеат. {5C 459.1}

Сè додека се наоѓаме на овој свет мораме да се занимаваме со нештата од овој свет. Секогаш постои потреба да се занимаваме со минливи, земни работи. Меѓутоа, тоа никогаш не смее да ги обземе сите наши сили. Апостол Павле за тоа ни дал едно сигурно правило: „Бидете неуморни во ревноста! Бидете пламени во духот! Служете Му на Господа" (Римјаните 12:11). Скромните, обични животни должности мора верно да се извршуваат, како што кажува апостолот: „Од сè срце, за Господа". Каков и да е делокругот на нашето дејствување, дали тоа се домашни работи, земјоделие или интелектуална работа, ние тоа ќе го вршиме за слава на Бога, додека Христос ни е прв и последен, најдобар во сè. Меѓутоа, покрај тоа земно занимање, на секој Христов следбеник дадена му е посебна задача во изградбата на Неговото царство - работа која бара лични напори за спасување на луѓето. Тоа не е работа која треба да се извршува само еднаш седмично, на местото на богослужението - туку секогаш и на секое место. {5C 459.2}

Секој кој ќе стапи во црквата со тоа дава свечен завет дека ќе работи за интересите на црквата и дека нејзините интереси ќе му бидат поважни од сите други земни работи. Секој треба постојано да одржува врска со Бога, со срце и со душа да се залага за остварувањето на големиот план и со својот живот и карактер да го покаже совршенството на Божјите заповеди наспроти обичаите и прописите од овој свет. Секој што го исповеда Христа се заветувал дека ќе направи сè што е во негова моќ да стане духовен работник, за да биде делотворен, ревен и корисен во служењето на Христа. Христос бара секој човек да ја врши својата должност. Тоа нека биде лозинка во редовите на Неговите следбеници. {5C 460.1}

Ние не смееме да чекаме луѓето да нѐ молат да им дадеме светлина, да нѐ преколнуваат за совет и поука. Секој што ги прифаќа зраците на Сонцето на Праведноста тој ќе ги рефлектира истите и на другите. Неговата вера секогаш треба да врши позитивно и решително влијание. Неговите молитви треба да бидат проникнати со Светиот Дух за да можат да ја омекнат и придобијат душата. Исус рекол: „Така треба да свети пред луѓето и вашата светлина, за да ги видат вашите добри дела и да Го прослават вашиот Татко небесен" (Матеј 5:16). За светскиот човек е подобро никогаш да не види личност која исповеда религија, туку да дојде под влијание на верникот кој не ја познава силата на побожноста. Ако Христос е наш пример и Неговиот живот е наше правило, каква ревност би се покажувала, какви напори би се преземале; каква дарежливост би се забележала, и каква пожртвуваност би се развила! Колку неуморно би работеле, колку сесрдни молитви за сила и милост би упатувале на Бога! Кога сите Божји деца би сфатиле дека главна цел во животот е да се изврши делото што Тој ни го дал, кога несебично би се посветиле на Неговото дело, каква промена би се покажала во срцата, домовите, црквите, па дури и во самиот свет! {5C 460.2}

Во сите времиња од Христовите следбеници се барала будност и верност; меѓутоа, сега кога се наоѓаме на прагот на вечноста, кога ја имаме вистината и големата светлина, кога пред нас е толку значајна задача, мораме да ја удвоиме нашата ревност. Секој треба до крајни можности да ги искористи своите способности. Брате мој, ако сега гледаш на пречките, твоето спасение го доведуваш во опасност. Бог ќе те повика на одговорност, ако не ја извршиш задачата што ти ја доверил. Ако ја знаеш вистината, пренеси им ја и на другите. {5C 460.3}

Што да кажам за да ги разбудам нашите цркви? Што да кажам за оние кои одиграа важна улога во објавувањето на последната вест? „Господ доаѓа" - е сведоштвото што треба да го објавуваме не само со зборови, туку и со животот и карактерот. Но мнозина на кои Бог им дал светлина и знаење, таланти на влијание и богатство, се луѓе кои не ја сакаат вистината и не живеат според неа. Тие толку пиеле од опојната чаша на себичност и световен дух, што се опија со грижите на овој живот. Браќа, ако и понатаму сте толку немарни, наклонети кон овој свет и себични како што бевте досега, Бог сигурно ќе ве отфрли и ќе ги прими оние кои помалку се грижат за себе, кои помалку копнеат за признавање од овој свет, и кои нема да се плашат да претрпат напади, како што тоа го правел и нивниот Учител. Делото ќе им биде доверено на оние кои ќе сакаат да го примат, на оние кои го ценат и кои неговите начела ги вткале во своето секојдневно искуство. Бог ќе избере скромни луѓе, кои се трудат да го прослават Неговото име и да го унапредат Неговото дело, и кои не сакаат слава и почести за себе. Тој ќе поттикне луѓе кои немаат многу световна мудрост, туку кои одржуваат врска со Него и кои бараат сила и совет одозгора. {5C 461.1}

Некои од водечките луѓе се наклонети на духот кој го покажал апостол Јован кога рекол: „Учителе, видовме еден, кој во Твое име изгонува демони, а не врви по нас; и му забранивме зашто не оди по нас" (Марко 9:38). Организацијата и дисциплината се важни, но сега постои голема опасност луѓето да се оддалечат од едноставноста на Христовото Евангелие. Потребно е помалку да зависиме од надворешните форми и обреди, а многу повеќе од вистинската побожност. Сите луѓе со добар карактер и живот треба да работат, ако покажат волја за тоа. Ако и не се сложуваат со нашиот начин на работа, не смееме да изговориме ниеден збор со кој би можеле да ги обесхрабриме. Кога фарисеите сакале Исус да ги замолкне децата кои го славеле пеејќи, Тој рекол: „Ако тие замолкнат, камењата ќе повикаат" (Лука 19:40). Пророштвото мора да се исполни.

Така е и во овие денови; делото мора да се изврши. Постојат многу полиња на работа, секој нека придонесе најдобро што може и умее. Човекот што има еден талант не смее да го закопа во земја. Бог на секој човек му дал задача според неговите способности. Оние на кои им се доделени поголеми одговорности и поголеми задачи не смеат да ги замолкнуваат помалку способните и помалку искусните. Луѓето со еден талант можат да пристапат кај онаа класа на луѓе каде што оние со два или пет таленти не можат да се приближат. И големите и малите се избрани садови да ја носат водата на животот за да се напијат жедните души. Оние кои го проповедаат словото не смеат на ниеден работник да покажат со прст и да кажат: 'Мораш да работиш на овој начин, или воопшто нема да работиш'. Рацете понастрана браќа. Дозволете секој да работи во својот делокруг, со свое оружје, правејќи сè што може на свој скромен начин. Крепете ги неговите раце за работа. Сега не е време да управуваат фарисеите. Господ нека работи преку кого Тој сака. Пораката мора да напредува. {5C 461.2}

Сите треба да ја покажат својата преданост на Бога со мудро користење на капиталот што им е доверен, не само во пари, туку секоја способност со која може да се придонесе во градењето на Божјото царство. Сатаната на сите начини ќе се обиде да го спречи допирањето на вистината до оние кои се наоѓаат во заблуди, но гласот што опоменува и повикува мора да стигне и до нив. Денес само малку луѓе се посветуваат на оваа работа, а би можеле да бидат Илјадници. Никогаш не била Божја волја членовите на црквата да не работат во Неговото дело. „Одете и вие во Моето лозје", им заповеда Господ на сите Свои следбеници. Сè додека има неизвестени души во светот, мораме ревно и одлучно да работиме за нивно спасение. Тие што ја примиле светлината треба да настојуваат да ги просветлат оние кои ја немаат. Ако членовите на црквата самите не се посветат на ова дело, со тоа ќе покажат дека немаат жива врска со Бога. Нивните имиња ќе бидат запишани како имиња на зли и мрзеливи слуги. Зар не гледате зошто нема поголема духовност во нашите цркви? Затоа што не сте Христови соработници. {5C 462.1}

Бог на секој човек го одредил неговото дело. Секој од нас треба да очекува од Бога и Тој ќе го поучи како да работи и која работа најмногу му одговара. Но никој не смее да се раководи со духот на независност ниту да застапува нови учења. Работниците треба да бидат во хармонија со вистината и со своите браќа. Тие треба да се советуваат и да соработуваат меѓусебно. Но немојте да мислите дека на секој чекор мора да застанат за да запрашаат некој повисок функционер што треба да преземат. Нив не треба да ги водат луѓе, туку Израилевиот Бог. {5C 463.1}

Делото што црквата ќе пропушти да го изврши во време на мир и благосостојба ќе мора да го изврши во страшна криза, под најтешки околности. Опомените кои се замолкнати и спречени заради прилагодениот кон светот ќе мора да се објавуваат во најтешката борба со непријателот на верата. Во тоа време површните и назадни луѓе чие влијание постојано го спречувал напредокот на делото, ќе се одречат од верата и ќе станат отворени непријатели, на чија страна долго биле нивните склоности. Овие отпадници тогаш ќе се покажат како најогорчени непријатели и ќе прават сè што е во нивна моќ за да им наштетат на своите некогашни браќа и да предизвикаат омраза кон нив. Тој ден е токму пред нас. Секој член на црквата поединечно ќе биде испитан и испробан. Секој ќе се најде во околности во кои ќе мора да се изјасни за вистината или против неа. Мнозина ќе бидат повикани да одговараат пред собори и во судските сали, можеби одвоени и сами. Тие пропуштиле да го стекнат искуството кое ќе им помогне во

овие неволи и затоа во својата душа ќе почувствуваат горко каење заради пропуштените прилики и неискористените предности. {5C 463.2}

Мои браќа и сестри, размислувајте за овие нешта, ве молам. Секој од вас треба да изврши едно дело. Вашето неверство и немарност се запишани во небесните книги. Вие ги намаливте вашите сили и способности. Вие ги немате искуството и делотворноста што би можеле да ги имате. Јас ве повикувам да се опашете, пред да биде предоцна. Не колебајте се повеќе. Денот речиси помина. Сонцето се приближува кон запад и наскоро засекогаш ќе исчезне од пред вашите очи. Сепак вие можете да добиете простување сè додека Христос на основа на Неговата пролиена крв се залага за вас. Соберете ги сите сили на душата, искористете ги овие неколку последни часови во ревна работа за Бога и за своите ближни. {5C 463.3}

Моето срце е длабоко возбудено. Немам зборови со кои би ги изразила моите чувства со кои се залагам за душите што страдаат. Зар молбите се напразни? Како пратеник на Христа ве повикувам да работите како што никогаш досега не сте работеле. Вие не можете вашата задача да ја префрлите на другите. Вашата задача не може да ја изврши никој друг, освен вие самите. Ако вие ја спречувате светлината, некој заради вашата немарност ќе мора да остане во темнина. {5C 464.1}

Вечноста е пред нас. Завесата наскоро ќе се подигне. Што работиме ние кои имаме свечена и одговорна задача, што мислиме кога грчевито се држиме за нашето самољубие и желбите за удобност, додека околу нас душите пропаѓаат? Зар нашите срца толку се закоравени? Зар не чувствуваме и не сфаќаме дека сме должни да работиме за спасение на другите? Браќа, зар вие сте од оние кои имаат очи, но не гледаат, имаат уши, но не слушаат? Зар Бог напразно ви подарил познавање на Неговата волја? Зар напразно ви праќаше опомена по опомена? Дали верувате во вечната вистина на Оној Кој рекол дека повторно ќе дојде на Земјата, дали верувате дека Божјите казни ќе паднат врз светот и можете ли сепак да бидете спокојни во чувството на удобност, немарни, безгрижни и љубители на задоволства? {5C 464.2}

Сега не е време Божјиот народ да собира богатство на земјата. Не е далеку времето, кога, како првите ученици, ќе бидеме принудени да бараме прибежиште во пусти и осамени места. Како што опсадата на Ерусалим од страна на римската војска им била знак за бегство на јудејските христијани, така и заканата со сила од страна на нашата нација во декретот со кој присилно се наметнува задолжително празнување на папскиот ден за одмор ќе биде предупредување за нас. Тогаш ќе дојде време да ги напуштиме големите градови, подготвени да ги напуштиме и помалите, подготвувајќи се за осамените престојувалишта во зафрлените места по планините. А сега, наместо овде да бараме скапи станови, треба да се подготвуваме за заминувањето во една подобра земја – небесната. Наместо нашите средства да ги трошиме за задоволување на личните желби, треба да се учиме да штедиме. Секој талент што ни го доверил Бог треба да го искористиме за Негова слава, објавувајќи го последното предупредување на овој свет. Бог за своите соработници се уште има задача која тие треба да ја извршат во градовите. Мораме да ги одржуваме нашите мисии, но исто така мораме да отвораме и нови. За да се спроведе ова дело успешно, потребни се не мали трошоци. Потребни се молитвени домови во кои ќе може да се повикува народот да ја слушне вистината за ова време. Заради тоа Бог доверил капитал на Своите повереници. Немојте вашиот имот да го вложувате во земни потфати и со тоа да го спречите ова дело. Вложувајте ги своите пари таму каде што тие ќе можат да се употребат за напредок на Божјото дело. Испратете го вашето богатство пред вас во небото. {5C 464.3}

Секој член на црквата треба своето богатство и себеси да се стави на Божјиот олтар. Денес повеќе од било кога порано важи повикот на Спасителот: „Продајте си ги имотите ваши и давајте милостиња! Подгответе си ќесиња што нема да изветват, ризница на небото, каде крадец не се приближува и кое молец не го јаде; зашто, каде што е вашата ризница, таму ќе биде и срцето ваше" (Лука 12:33,34). Тие што своите пари ги вложуваат во големи куќи, во имоти и во земни потфати со своите постапки велат: „Ова не е за Бога; ова е потребно за мене лично". Тие го завиткале својот талант во крпа и го закопале во Земјата. Тие имаат причина да бидат загрижени. Браќа, Бог не ви подарил пари за да стојат неискористени, туку за да ги искористите за ширење на Неговото дело, за спасување на душите од пропаста. Сега не е време Господовите пари да ги вложуваме во скапи згради и големи имоти додека делото е оставено со напор да се пробива и додека касата е полупразна. Господ не е во ваквото дело. Имајте на ум дека брзо се приближува денот кога ќе биде кажано: „Дај сметка за раководењето, зашто веќе не можеш да бидеш настојник" (Лука 16:2). Зар не ги забележувате знаците на времето? {5C 465.1}

Секој ден што поминува нè приближува сè повеќе до големиот и значаен ден. Ние за една година сме поблиску до судниот ден и до вечноста, отколку што бевме во почетокот на 1884 година. Дали и ние се приближуваме кон Бога? Дали бдееме во молитва? Уште една година од нашето време за работа помина засекогаш. Ние секој ден доаѓаме во контакт со луѓе кои ќе мораат да излезат пред судот. Секој ден може да биде судбоносен за некоја душа; секој ден некој може да донесе одлука која ќе одлучи за неговата идна судбина. Како влијаевме на овие сопатници? Какви напори направивме за да ги доведеме кај Христа? {5C 466.1}

Смртта е сериозна, но животот е уште посериозен. Ние ќе мораме да одговараме за секоја мисла, збор или дело во својот живот. Тоа што ќе го направиме од себе во времето на милоста, тоа ќе останеме цела вечност. Смртта предизвикува распаѓање на телото, но не го менува карактерот. Ниту Христовото доаѓање нема да ги промени нашите карактери, туку само ќе ги направи непроменливи за сите времиња. {5C 466.2}

Повторно ги повикувам членовите на црквата да бидат христијани, да бидат слични на Христа. Исус работел, не за себе, туку за другите. Ако сте христијани, вие ќе го следите Него. Тој поставил темели и ние треба да sидаме на Него. Но со каков материјал sидаме на тој темел? „Сечие дело ќе се покаже јасно; судниот ден ќе го покаже; зашто преку оган ќе се открие, и огнот ќе испита какво е делото на секого" (1. Коринтјаните 3:13). Ако сите свои сили и способности ги посветите на овој свет со тоа ќе докажете дека вашето животно дело е претставено како дрво, сено и слама, кои ќе изгорат во огнот на последниот ден. А несебичната работа за Христа и идниот живот ќе бидат како злато, сребро и скапоцени камења, кои не пропаѓаат. {5C 466.3}

Браќа и сестри, пробудете се од смртниот сон, ве преколнувам. Премногу е доцна силите на својот ум, коските и мускулите да ги користиме за угодување себеси. Последниот ден нека не ве затече без небесно богатство. Трудете се да придонесете за победата на крстот, трудете се да ги просветлувате душите, работете за спасување на ближните и вашето дело ќе ја издржи огнената проба. {5C 466.4}

„И, ако делото на оној што сосидал остане, тој ќе прими награда" (Стих 14). Верните работници ќе примат славна награда кога ќе се соберат околу престолот на Бога и на Јагнето. Кога Јован во своето смртно тело ја согледал Божјата слава, паднал како мртов, бидејќи не бил во состојба да издржи таква сцена. Но кога смртното ќе се облече во бесмртно, спасените ќе бидат слични на Христа, бидејќи ќе Го видат каков што е. Тие ќе

стојат пред престолот што значи дека се примени. Сите нивни гревови ќе бидат избришани и нивните престапи ќе бидат префрлени врз зачетникот на гревот. Тие тогаш ќе можат да ја гледаат целата слава на Божјиот престол. Тие соучествувале со Христа во Неговото страдање, биле Негови соработници во планот на спасението и ќе бидат заедно со Него во радоста, гледајќи како душите спасени со нивно посредување го слават Бога низ целата вечност. {5C 467.1}

---

53. ИСУС* И АНГЕЛОТ

Кога би се подигнала завесата која го одвојува видливиот свет од невидливиот и кога Божјиот народ би можел да ја види големата борба која се води меѓу Исус и светите ангели од една и сатаната и неговите зли војски од друга страна, кога би го сфатил Божјото чудесно дело за ослободување на душата од ропството на гревот и Неговата сила која постојано нè штити од пакоста на злиот непријател - тој би бил поподготвен да се спротивстави на лукавствата на сатаната. Неговите мисли би биле обземени со светоста, ширината и значењето на планот на откупувањето и со големината на делото кое го чека како Христов соработник. Тој би бил понизен, но охрабрен, знаејќи дека цело небо е заинтересирано за неговото спасение. {5C 467.2}

Во пророштвото на Захарија дадена ни е силна и возбудлива слика за делото на сатаната и делото на Христа, како и силата на нашиот Посредник да го порази клеветникот на Својот народ. Пророкот во свето видение го видел Исус, првосвештеник, кој бил „облечен во извалкана облека" (Захарија 3:3), и стоел пред Господовиот ангел, молејќи го Бога за милост кон Неговиот народ кој бил во голема неволја. Сатаната стоел од неговата десна страна за да му се спротивстави. Бидејќи Израел бил одбран да го сочува знаењето за Бога на земјата, тој од самиот почеток на своето постоење како народ бил посебен предмет на непријателство од сатаната кој одлучил заради тоа да го уништи. Тој не можел да му наштети сè додека му служел на Бога, затоа со сите сили се трудел да го наведе на грев. Измамени од неговите лукавства, Израелците го прекршиле Божјиот закон и се оддалечиле од Изворот на нивната сила, па станале плен на безбожните непријатели. Биле одведени во вавилонско ропство, каде што останале многу години. Сепак Господ не ги оставил. Тој им праќал Свои пророци со опомени и укори. Народот се пробудил, ја согледал својата вина, се понизил пред Бога и се вратил кај Него со искрено покајание. Тогаш Господ им пратил охрабрувачка вест, јавувајќи им дека ќе ги ослободи од ропството и повторно ќе им подари милост. Сатаната решил да го спречи тоа. Еден дел од Израел веќе се вратил во својата земја и сатаната се трудел да ги поттикне незнабожечките народи, кои биле негови помошници, сосема да го уништат. {5C 467.3}

---

* Исус за кого станува збор овде не е Исус Христос, туку Исус синот Јоседеков кој бил првосвештеник во времето на повторното градење на Ерусалимскиот храм.

Кога Исус понизно се молел за исполнување на Божјите ветувања, сатаната дрско станал да му се спротивстави. Тој укажувал на престапите на Израел како на причина

заради која тие не можат повторно да ја задобијат Божјата милост. Тврдел дека тие се негов плен и барал да бидат предадени во неговите раце за да ги уништи. {5C 468.1}

Првосвештеникот не можел да се одбрани ни себе ни народот од обвинувањата на сатаната. Тој не тврдел дека Израел е слободен од недостатоци. Во својата валкана облека која ги симболизира гревовите на неговиот народ и која тој ја носи како негов претставник, стоел пред ангелот, признавајќи ги гревовите на народот, но укажувал на нивното признавање и понизување, надевајќи се на милоста на Откупителот кој ги простува гревовите и со вера се повикувал на Божјите ветувања. {5C 468.2}

Тогаш Ангелот, кој е самиот Христос, Спасителот на грешниците, го замолкнал клеветникот на Својот народ, зборувајќи: „Господ да те укори сатано, Господ да те укори, Оној кој го избра Ерусалим. Зар не е тој гламна истргната од оган" (Захарија 3:2). Израел долго бил во огнот на искушенијата. Заради неговите гревови, тој речиси бил целосно уништен, но Господ сега ја испружил Својата рака да го отстрани. Милостивиот Спасител не го препуштил Својот народ на свирепата сила на незнабошците, затоа што тој се покајал и се понизил. „Скршената трска нема да ја здроби, и ленот што тлее нема да го угасне" (Исаија 42:3). {5C 469.1}

Бидејќи посредувањето на Исус било прифатено, дадена е заповед: „Соблечете ја од него извалканата облека", и ангелот му рекол на Исуса: „Ете, ја отфрлив од тебе вината твоја и те облекувам во свечена облека". „И му ставија на главата чист повој и го облекоа во свечена облека" (Захарија 3:4,5). Неговите гревови и гревовите на народот биле простени. Израел бил облечен во „свечена облека", - му била препишана Христовата правда. На главата на Исус била ставена капа што ја носат свештениците, на која имало натпис „Светост Господова", што значело дека тој сега можел да служи пред Господа во Неговото светилиште, без оглед на поранешните престапи. {5C 469.2}

Откако така свечено му го предал достоинството на свештеник, Ангелот рекол: „Вака вели Господ Саваот: Ако одиш по патиштата Мои и се придржуваш кон Моите уредби, ќе владееш со Мојот дом и ќе ги вардиш дворовите Мои. И Јас ќе ти дозволам да одиш меѓу тие луѓе што стојат овде" (Стих 7). Тој бил почестен како судија и чувар на храмот и на сите служби во него; требало да оди меѓу службените ангели и најпосле да му се придружи на возвишеното мноштво околу Божјиот престол. {5C 469.3}

„Но, послушај, Исусе, првосвештениче, ти и браќата твои што се пред твоето лице, зашто тие луѓе се познати. Еве, Јас ќе го доведам Својот слуга - Зачетникот" (Стих 8). Овде е откриена надежта за Израел. Преку вера во доаѓањето на Спасителот Исус и неговиот народ добиле простување. Преку верата во Христа повторно ја задобиле Божјата наклонетост. Со посредство на Неговите заслуги, и под услов да одат по Неговите патишта и да држат што им наредил, тие луѓе требало да „бидат чудо" и да бидат почитувани како одбрани од небото меѓу народите на земјата. Христос бил нивна надеж, нивно оправдување и откупување, како што денеска е надеж на Својата црква. {5C 469.4}

Како што сатаната ги обвинувал Исус и неговиот народ, така тој во сите векови ги обвинува тие што бараат милост и наклонетост од Бога. Во Откровението тој е опишан како: „Клеветникот на браќата наши кој ги клеветеше пред нашиот Бог дење и ноќе" (Откровение 12:10). Борбата се повторува за секоја душа која се спасува од силите на злото и чиешто име е запишано во книгата на животот на Јагнето. Никој сè уште не е примен од сатанското семејство во Божјото семејство без одлучно противење од страна на безбожниците. Обвинувањата на сатаната против оние кои го бараат Господа не се негодувања против нивните гревови. Тој триумфира заради несовршеноста на нивните

карактери, бидејќи знае дека може да добие власт над нив само ако тие го престапуваат Божјиот закон. Сознанието дека Исус е помоќен од него ја разбудило сета омраза и злоба на архиизмамникот и тој со сите сили и лукавства се труди да ги одвои од Христа остатокот на човечките деца кои го прифатиле Неговото спасение. {5C 470.1}

Тој ги поттикнува луѓето на сќептицизам за да ја изгубат довербата во Бога и да се одделат од Неговата љубов, ги доведува во искушение да го прекршат Неговиот закон и потоа бара да станат негов плен, оспорувајќи го правото на Христа да ги ослободи од него. Тој знае дека сите што сесрдно ќе побараат простување и милост од Бога ќе го добијат тоа и затоа постојано им ги изнесува нивните гревови за да ги обесхрабри. Тој постојано бара поволни прилики да ги собори оние кои се трудат да се покоруваат на Бога. Тој се труди нивната најдобра и најсовесна служба да ја прикаже како нечесна. Тој се труди да издејствува осуда за нив со безбројни лукавства и најсвирепи и најподли средства. Човек не може сам да се одбрани од тие напади. Тој стои пред Бога во својата облека извалкана од гревот, признавајќи ја својата вина. Но Исус е наш Бранител кој успешно се залага за сите кои со покајание и вера ќе Му ги доверат своите души да се грижи за нив. Тој ги брани и го победува нивниот обвинител со силните докази од Голгота. Преку покорност кон Божјиот закон, која ја покажал со смртта на крстот, Тој ја стекнал сета власт над небото и земјата и Тој бара од Својот Татко милост и простување за паднатиот човек. Тој на клеветникот на Својот народ му вели: „Господ да те укори сатано. Тие се гламни истргнати од огнот, откупени со мојата крв". А на оние кои во вера се надеваат на Него, Тој им кажува: „Ете, ја отфрлив од тебе вината твоја и те облекувам во свечена облека" (Захарија 3:4). Сите што ќе се облечат во облеката на Христовата правда ќе стојат пред Него како избрани, верни и вистинити. Сатаната нема да може да ги оттргне од Христовите раце. Христос нема да дозволи ниедна душа која во покајание и вера бара заштита од Него да падне под власта на непријателот. Тој ветил: „Ако пребегне кон заштитата Моја и склучи мир со Мене. Тогаш нека склучи мир со Мене" (Исаија 27:5). Ветувањето дадено на Исус: „Ако се придржуваш кон Моите уредби… ќе ти дозволам да одиш меѓу тие луѓе што стојат овде" (Захарија 3:7), се однесува на сите. Божјите ангели постојано ќе бидат со нив, уште на овој свет и тие на крајот ќе стојат меѓу ангелите кои го опкружуваат Божјиот престол. {5C 470.2}

Податокот дека избраниот Божји народ стои пред Господа во извалкани облеки треба да поттикне понизност и испитување на срцата кај сите кои го исповедаат Неговото име. Оние кои навистина ги чистат своите души со покорност на вистината имаат најскромно мислење за себе. Колку повнимателно го разгледуваат беспрекорниот карактер на Христа, толку е посилна нивната желба да станат слични на Него и толку помалку себе ќе се сметаат за чисти и свети. Но иако треба да ја сфатиме нашата грешна состојба, ние можеме да се потпреме на Исуса како наша праведност, наше посветување и откупување. Ние не можеме да одговориме на обвинувањата кои сатаната ги подига против нас. Единствено Христос може успешно да нè одбрани. Тој е во состојба да го замолкне клеветникот повикувајќи се, не на нашите заслуги, туку на Неговите лични заслуги. {5C 471.1}

Меѓутоа, ние никогаш не смееме да бидеме задоволни со грешен живот. Фактот дека секоја мана на карактерот и сè што христијаните ги оневозможува да одговорат на божественото мерило претставува отворена врата преку која сатаната може да влезе за да ги искушува и упропасти, треба да го поттикне секој христијанин со уште поголема ревност и сесрдност да се труди да го победи злото. Покрај тоа, секој нивен недостаток и погрешка на искушувачот и на неговите помошници им дава прилика да го исмеваат

Христа. Ние треба да се трудиме со сите сили за да победиме и да бараме сила од Исуса да го направиме она што не можеме самите да го постигнеме. Тие што треба да одат со Христа во бели облеки не треба да оправдуваат ниеден грев. Валканата облека мора да се соблече и да се замени со облеката на Христовата правда. Покајанието и верата нè оспособуваат да се покоруваме на сите Божји заповеди и пред Него да застанеме чисти и без мани. Оние кои сега ги мачат своите души, ги признаваат своите гревови и сесрдно се молат за простување преку својот Бранител Исус ќе имаат Божјо одобрување. Нивното внимание е сконцентрирано на Него, Кој е центар на нивната надеж и вера. И кога ќе биде издадена заповедта: „Соблечете ја од него извалканата облека… ставете му на главата чист повој" (Захарија 3:4,5), тие ќе бидат подготвени да Му ја оддадат сета слава за нивното спасение. {5C 472.1}

Видението на Захарија за Исуса и ангелот посебно се однесува на искуството на Божјиот народ на крајот од големиот ден на откупување. Црквата на остатокот мора да помине преку големи проблеми и неволи. Оние кои ги држат Божјите заповеди и ја имаат верата Исусова ќе го почувствуваат гневот на змевот и неговите војски. Сатаната целиот свет го смета за негови поданици. Тој задобил власт над отпаднатите цркви, но постои една мала црква која се спротивставува на неговата надмоќност. Неговата победа би била целосна кога би можел да ја збрише од лицето на земјата. Како што во минатото ги поттикнувал незнабожечките народи да го уништат Израел, така и во блиска иднина ќе ги поттикнува безбожните сили на земјата да го уништат Божјиот народ. Од сите ќе се бара да се покоруваат на човечките закони со кои се прекршува божествениот закон. Тие што ќе бидат предани на Бога и на должноста ќе бидат изложени на прогонства, обвинувања и презир. Ќе бидат предавани од родителите и браќата, роднините и пријателите. {5C 472.2}

Нивна единствена надеж ќе биде Божјата милост, а единствена одбрана молитвата. Како што Исус се молел пред ангелот, така и црквата на остатокот со понизно срце и непоколеблива вера ќе бара простување и ослободување преку Исус, нејзиниот Бранител. Верниците наполно ќе бидат свесни за грешноста на нивниот живот, ќе ги согледуваат своите слабости и недостојноста, и гледајќи на себе ќе бидат во искушение да паднат во очај. Искушувачот ќе биде тука да ги обвинува како што стоел покрај Исуса да се бори против Него. Тој ќе ги покажува нивните валкани облеки, несовршеноста на нивните карактери. Ќе укажува на нивните слабости и лудости, на неблагодарноста и на нивната несличност со Христа со која го посрамиле својот Откупител. Тој ќе се труди душите да ги застраши со помислата дека нивниот случај е безнадежен, дека дамките од нивните гревови никогаш нема да се отстранат. Ќе настојува да ја уништи нивната вера за да попуштат на неговите искушенија да се одречат од својата верност на Бога и да го примат белегот на сверот. {5C 473.1}

Сатаната пред Бога изнесува обвинувања против нив, тврдејќи дека тие со нивните гревови го загубиле правото на Негова заштита и бара право над нив за да ги уништи како престапници. Тој кажува дека и тие како тој заслужуваат да им се скрати правото на Божјата милост. „Зар тоа е народот кој треба да го заземе моето место на небото и местото на ангелите кои пристапија кон мене", зборува тој. „Тие тврдат дека се покоруваат на Божјиот закон, но дали навистина ги држеа Неговите прописи? Нели го сакаа повеќе светот отколку Бога? Нели се грижеа повеќе за своите лични интереси отколку за Неговата служба? Зар не ги сакаа богатствата од овој свет? Погледни на гревовите што се обележје на нивните животи. Погледни ја нивната себичност, подлост и нивната меѓусебна омраза". {5C 473.2}

Божјиот народ грешеше во многу нешта. Сатаната многу добро знае на кои гревови успеал да го наведе Божјиот народ и истите ги прикажува во најсилна светлина преувеличувајќи ја нивната тежина, зборувајќи: „Зар Бог ќе ме избрка од себеси мене и моите ангели, а ќе ги награди оние кои правеа исти гревови? Ако си праведен Господи, ти не можеш да го направиш тоа. Твојот суд и твојот престол нема да бидат праведни! Правдата бара тие да бидат осудени". {5C 474.1}

Меѓутоа, иако грешеле, Христовите следбеници не се предале на силата на злото. Тие ги отфрлиле своите гревови и во понизност го побарале Господа и божествениот Бранител посредува во нивна корист. Тој што најмногу е навредуван заради нивната неблагодарност, кој ги познава нивните гревови и нивното каење, кажува: „Господ да те укори сатано. Јас го дадов Својот живот за овие души. Тие се врежани на Моите дланки". {5C 474.2}

Нападите на сатаната се силни и неговите измами се страшни, но окото на Господа е со Неговиот народ. Нивната неволја е голема и се чини дека пламенот на вжарената печка ќе ги проголта, но Исус ќе ги извади како злато прочистено во оган. Сè што е земно во нив мора да се отстрани за во нив да може совршено да се отсликува ликот на Христа. Тие мораат да го победат неверството, а да ја развиваат верата, надежта и трпението. {5C 474.3}

Божјиот народ воздивнува и плаче заради гнасотиите што се прават на земјата. Тој во солзи ги опоменува безбожниците за опасноста која им се заканува затоа што со нозете го газат Неговиот закон и со неискажлива тага се понижуваат самите себе пред Господа заради сопствените престапи. Безбожниците се смеат на нивната болка, на нивните повици, и, како што велат тие, на нивните слабости. Но стравот и понизноста на Божјиот народ се несомнени докази дека тој повторно ја стекнува силата и благородноста на карактерот што ја загубил заради гревот. Тој е во состојба да ја сфати сета грешност на гревот затоа што се наоѓа во Христова близина и затоа што очите му се насочени на Неговата совршена чистота. Нивното каење и самопожртвување се бескрајно поприфатливи во Божјите очи од самоувереноста и гордоста на оние кои мислат дека немаат причини за каење, кои ја презираат Христовата понизност и тврдат дека се совршени, додека, меѓутоа, го престапуваат Божјиот свет закон. Благоста и понизноста на срцето се услови за сила и победа. Круната на слава ги очекува оние кои ќе паднат во подножјето на крстот. Блажени се оние што плачат, зашто ќе се утешат. {5C 474.4}

Оние кои се верни и кои се молат се засолнати во Бога. Ниту тие самите не знаат колку добро се заштитени. Поттикнати од сатаната, владетелите на овој свет копнеат да ги уништат. Но кога нивните очи би можеле да се отворат како на слугата на Елисеј во Дотан, тие би виделе дека се опкружени со Божјите ангели, кои со својата светлина и слава ги одбиваат четите на мракот. {5C 475.1}

И додека Божјиот народ ги мачи своите души пред Бога, молејќи се за чистотата на срцето, ќе биде издадена заповедта: „Соблечете ја од него извалканата облека", и ќе бидат изговорени зборови полни со охрабрување: „Ете, ја отфрлив од тебе вината твоја и те облекувам во свечена облека" (Захарија 3:4). Во тие чисти облеки на Христовата правда ќе се облечат искушаните и испитани, но верни Божји деца. Презрениот остаток ќе биде облечен во величествен костум, кој никогаш повеќе нема да го извалкаат со расипаноста на овој свет. Нивните имиња се запишани во книгата на животот на Јагнето, запишани меѓу имињата на верните од сите времиња. Тие се бореле против лукавството на сатаната, и не се одрекле од својата вера заради рикањата на змевот. Сега засекогаш

се спасени од сите лукавства на сатаната. Нивните гревови се префрлени на зачетникот на гревот. Остатокот нема само да добие простување и да биде примен, туку ќе биде и почествуван. На нивните глави ќе бидат ставени „чисти капи". Тие ќе бидат како цареви и свештеници на Бога. Додека сатаната ги изнесувал своите обвинувања и се трудел да ги уништи, невидливите ангели биле околу нив и на нив го ставале белегот на живиот Бог. Тоа се оние кои пред Јагнето стојат на гората Сион и го имаат името на Неговиот Татко напишано на нивните чела. Тие ќе пејат нова песна пред престолот, песна која не може никој да ја научи освен сто четириесет и четирите илјади кои се откупени од Земјата. „Тие се оние што го следеа Јагнето… Тие се откупени меѓу луѓето, првенци на Бога и на Јагнето, и во устата нивна измама не се најде; тие се непорочни пред престолот Божји" (Откровение 14:4). {5C 475.2}

Тогаш во потполност ќе се исполнат зборовите на ангелот: „Но, послушај, Исусе, првосвештениче, ти и браќата твои што се пред твоето лице, зашто тие луѓе се познати. Еве, Јас ќе го доведам Својот слуга - Зачетникот" (Стих 8). Христос ќе биде откриен како Откупител и Ослободител на Својот народ. Тогаш остатокот навистина ќе биде „чудо", бидејќи солзите и понижувањата на нивниот животен пат ќе ги заменат со радост и слава во присуство на Бога и на Јагнето. „Во оној ден фиданката Господова ќе јави во убавина и чест, а плодот на земјата и во величие и слава, за спасените синови израелски. Тогаш преостанатите на Сион и преживеаните во Ерусалим - сите, запишани како да живеат во Ерусалим, ќе се нарекуваат свети" (Исаија 4:2, 3). {5C 476.1}

Број триесет и три

СВЕДОШТВО ЗА ЦРКВАТА

---

54. ЕДИНСТВО И ЉУБОВ ВО ЦРКВАТА

Драги браќа и сестри во Хилдсбург, не заборавајте дека најголемите стапици што сатаната ги подготвува за црквата ќе дојдат преку нејзините членови кои не го љубат Бога повеќе од сè друго и своите ближни како самите себе. Сатаната постојано се труди да направи раздор меѓу браќата. Тој настојува да добие контрола над оние кои тврдат дека веруваат во вистината, но не се обратени. И тој триумфира кога ќе успее да влијае на нив преку нивната телесна природа, кога ќе ги привлече кон себе и на тој начин да оневозможи остварување на Божјите цели. {5C 477.1}

Здравствениот институт, колеџот, проповедничката служба, мисионерските друштва - сето тоа се орудија кои Бог ги користи за да го оствари Своето дело. Сатаната ќе направи сè што може талантите и средствата да не се искористат за тоа, туку да се употребат во некоја друга цел. Има луѓе кои сами себе се измамуваат. Си ласкаат себе дека вршат Божјо дело, а се фрлаат во рацете на големиот измамник и всушност му служат нему. Чувајте се од ваквите измами. Секогаш имајте пред очи што е нашата должност како Божји избран народ. Внимавајте во копнежот за независност да не дејствувате против Божјата волја, за измамени од лукавствата на сатаната да не станете камен за сопнување на оние кои се слаби и неодлучни. {5C 477.2}

Посебно треба да внимавате да не станете орудие на непријателот во неговиот копнеж да ги одврати мислите на мажите, жените и децата од целосната посветеност на Бога и на големото дело за ова време. Внимавајте на младите луѓе да не им ветувате голема парична заработка, чудесни можности за образование и големи лични успеси. Ласкавите зборови се слатки за непосветеното срце и некои кои мислат дека се непоколебливи, ќе бидат заведени со надежи кои никогаш нема да се исполнат. Многу се грешеше во овој правец. Сите треба да бидат скромни кога зборуваат за своите способности и мораат да внимаваат да не поттикнуваат гордост и самоувереност кај другите. Моралните сили на мажите и жените кои не се посветени на Бог се слаби и тие можат да погрешат во оценувањето на човечките способности и она што ја сочинува христијанската верност. Немојте со никакви ветувања да ги одвраќате луѓето од изградба на институција за која Бог наредил дека мора да се изгради. {5C 478.1}

Братот А. не покажа здраво расудување во сите прилики и за сите прашања. Тој не е урамнотежен и ако не оди понизно пред Бога ќе направи опасни грешки. Нему му недостасува расудување и затоа погрешно ги проценува луѓето. Неговите претерани ласкања можат сериозно да им наштетат на нивните души. Тој ги наведува да имат високо мислење за себе и да мислат дека се во состојба да извршат некое големо дело, а да ги занемаруваат малите должности поставени токму пред нив. {5C 478.2}

Јас не велам дека луѓето не треба да се трудат, туку кажувам дека треба да го искоренат од себе тој себичен и световен дух. Треба да се учествува во секој потфат кој ќе ги соедини интересите на членовите на црквата и ќе внесе хармонија и единство во Божјото дело. Но никогаш, никогаш не смеете да заборавите дека вие сте или слуги на Христа кои ревно се трудат да го остварат она единство за кое се молел Исус, или пак сте луѓе кои го рушат тоа единство и работат против Христа. {5C 478.3}

Оние кои настојуваат да го намалат интересот за било кое училиште во Хилдсбург или за било кој вид на мисионерска работа не работат за Бога, туку според наредбите на другиот водач кој само настојува да ги уништи. Браќа и сестри од Хилдсбург, ако сакате да бидете корисни треба да бидете исправни, понизни, свети и неизвалкани во сите постапки. Меѓу вас треба помалку да има гордост, самопреценување и себиченост. Кога членовите на црквата ќе се облечат во понизност, кога ќе се одречат од себиченоста и самопреценувањето, кога непрестано ќе бараат да ја вршат Божјата волја - тогаш ќе работат во слога. Светиот Дух е еден… {5C 479.1}

Кризата е пред нас, и на секого ќе му биде потребна сила од Бога за да може да се одбрани од нападите на сатаната, бидејќи неговите измами ќе се појават во сите можни облици. Тие што си дозволуваат себеси да си играат со искушенијата на сатаната тогаш нема да бидат во состојба да застанат на правата страна. Нивните поими ќе бидат збркани и нема да можат да прават разлика меѓу божественото и сатанското. {5C 479.2}

Во секоја наша институција ќе дојде до криза. И верниците и неверниците ќе работат против нив. Затоа денес не смееме да ја изневериме довербата и светиот завет издигнувајќи се себеси. Треба да бдееме непрестано и ревно да пазиме на својот живот, за да не оставиме погрешен впечаток во светот. Секој со зборовите и со делата треба да сведочи: „Јас сум христијанин. Не смеам да живеам според сфаќањата на овој свет. Морам да го љубам Бога над сè и ближниот како самиот себеси. Не смеам да направам ниту да одобрам и најмал чекор кој би наштетил на мојата исправност, би го ослабил моето влијание или пак би ја поткопал довербата во било која Божја институција”... {5C 479.3}

Имајте на ум дека Божјиот народ е многу малечко стадо во споредба со оние кои само се нарекуваат христијани и милионите мажи и жени кои го сакаат овој свет. Вие треба да бидете христијани според Библијата и треба да им давате пример на младите за праведност и доблест во сè. Секое влијание на кое се подложни младите треба да биде од свет карактер, а таквото влијание треба да започне во нашите семејства. Светото не смее да се меша со она што е земно. {5C 479.4}

Чување на интересите на браќата

Секој член на црквата со својот завет при крштавањето дал свечено ветување дека ќе ги чува интересите на своите браќа. Сите ќе дојдат во искушение да се поведуваат според своите омилени мисли и планови, кои ќе им изгледаат исправни; но тие треба да се молат, да бдеат и да работат со сите свои сили на изградбата на Христовото царство во светот. Бог бара од секој христијанин, колку што е тоа можно, да ги штити своите браќа и своите сестри од влијанието кое би можело да внесе неслога меѓу нив или да ги одвои од делото за ова време. Секој треба да внимава не само на своите лични духовни интереси, туку треба да чувствува товар и за душите со кои стапил во сродство и преку Христа мора да влијае врз другите членови на црквата. Тој со своите зборови и постапки треба да ги наведува да се угледаат на Христовиот пример во самоодрекувањето, пожртвувањето и љубовта кон другите. {5C 480.1}

Ако во црквата има такви чиешто влијание е спротивно на љубовта и несебичната добрина која Христос ја покажал кон нас, такви кои се одделуваат од своите браќа, верните треба мудро да постапуваат со нив, имајќи го во предвид доброто за нивните души, но треба да внимаваат тие со својот пример да не влијаат врз другите и црквата да не застрани од вистинскиот пат заради нивната омраза и нивните клевети. Некои се преполни со горделивост. Тие само неколкумина ги сметаат за исправни, а се сомневаат и ја напаѓаат секоја постапка на другите. На овие луѓе не смее да им се дозволи да ги доведат во опасност интересите на црквата. Со цел да се подобри моралното здравје на црквата, секој мора да се смета должен да копнее кон духовно издигнување, со строго применување на библиските начела имајќи на ум дека Бог е присутен насекаде. {5C 480.2}

Секој член на црквата треба да види колку е неопходно да биде исправен пред Бога, и дека мора да се посвети на вистината. Дури тогаш ќе биде во состојба пред другите да претставува христијански карактер и да им служи како пример за несебичност. Ако секој член постапува така, црквата ќе се развие духовно и ќе ја прати Божјо одобрување. {5C 481.1}

Секој член на црквата треба да се смета за должен својот десеток да го посвети на Бога. Никој не смее да ги следи желбите на очите ниту склоностите на своето себично срце и на тој начин да краде од Бога. Членовите не смеат да ги употребуваат своите пари за да ја задоволат суетата или било која друга себична наклонетост, затоа што ако прават така ќе се заплеткаат во мрежите на сатаната. Бог дава можност и способност за стекнување на богатство, и затоа сè треба да се стави на Неговиот олтар. Заповедта гласи: „Почитувај го Господа со својот имот”. Наклонетоста кон алчност мора постојано да се зауздува, инаку ќе ги нагризе срцата на мажите и жените и тие лакомо ќе трчаат по добивка. {5C 481.2}

Во пустината на искушенијата сатаната - непријателот на душите - му укажал на Христа на славата на светот велејќи: „Сето ова ќе ти Го дадам, ако паднеш и ми се

поклониш” (Матеј 4:9). Спасителот го одбил сатаната. Меѓутоа, колку лесно наведувањето на големиот непријател ги заведува луѓето! Мнозина се маѓепсани со привлечностите од овој свет; тие повеќе му служат на мамона отколку на Бога и на тој начин ги губат своите души. {5C 481.3}

Наскоро ќе се сретнеме со нашиот Господ; и каква сметка ќе Му дадеме за начинот на кој сме ги употребиле нашето време, нашите таланти, влијанието и имотот? Наша радост треба да биде делото за спасување на душите. Свечено ја прашувам црквата во Хилдсбург: Дали Бог навистина е меѓу вас? Вистинскиот Сведок кажува: „Но во Сард имаш неколку имиња што не ги оскверниј алиштата свои. Тие ќе одат со Мене во бела облека, бидејќи се достојни” (Откровение 3:4). Се наоѓате ли вие во тој број? Дали ја сочувавте вашата верност? Дали се држевте за Исуса како давеникот за сламката, кој е ваш единствен спас? Дали Му служите, дали живеете за Него, дали Го љубите? Дали секој член е чист, свет и неосквернет, од чијашто уста не излегува измама? Ако е така тогаш сте најсреќни, бидејќи во Божјите очи ќе „бидете повредни од чисто злато, повредни од офирско злато” (Исаија 13:12). Додека мнозинството се жртвува на мамона и не му служи на Светецот Израилев, малку се оние кои не ги извалкале своите облеки и кои се неосквернети од светот; и тој мал број ќе има голема сила. Таа група ќе поседува вера преку која работи љубовта и ја прочистува душата. Тие ќе ги претставуваат возвишените христијански начела. Тие ќе копнеат лично да дојдат во допир со Изворот на светлината и ќе се трудат да бидат сè подобри развивајќи ги сите свои особини до најголема мера. Бог бара во својот живот да внесете најцврсто почитување и исправност. На тој начин ќе се разликувате од светот како деца на највозвишениот Бог. Исус бил благ и љубезен, и не губел власт над самиот Себе дури ниту во бурните борби, среде најголемото противење. {5C 481.4}

Бог вака им кажува на оние кои примиле голема светлина: „Пријдете поблиску”. Пријдете поблиску кон Бога и кон небото. Одете напред. Вам ви се потребни вера, искрена љубов кон вашите браќа и поголемо интересирање за нив. Бог ви доверил свети должности. За секој член на црквата има поле за дејствување на кое може да прави добро. {5C 482.1}

Нашиот колеџ не е таков каков што треба да биде, ниту каков што би бил ако нашите браќа и сестри согледаат дека тој е свет аманет што им е доверен. Кога тие би го издигнале знамето на духовноста во црквата, кога би дале пример за исправност во сите свои постапки, и кога би негувале побожност и христијанско искуство - тогаш влијанието на колеџот би се ширело и од него би светела светлина со богати благодети. Ако со колеџот се управува правилно, ми беше покажано дека многу млади луѓе од него ќе излегуваат како делотворни работници во Божјото дело. Но сите нека внимаваат да не работат против него или против вистината, со зборови или со дела, со непосветен живот, клеветење или со озборување; бидејќи Бог тоа сигурно ќе го запише против нив. Колеџот секогаш ќе биде принуден да се бори против тешкотии, бидејќи на некои луѓе им недостига вера, и со нив не владее Светиот Дух. Сатаната ќе биде задоволен ако може меѓу нас да најде личности кои пронаоѓаат зло и ги потценуваат нашите институции и покажуваат на секоја неповолна ситница. Тој не престанува да вложува напори за да ги наведе луѓето да го потценуваат колеџот затоа што истиот во сите детали не одговара на нивните замисли. Ако согледа дека колеџот може да им користи на младите, тој ќе направи сè влијанието на црквата да ги обесхрабри младите, наместо да ги подигнува и храбри. {5C 482.2}

Никој не може да негира дека такви елементи не постојат во Хилдсбург како и во другите места; и ако сатаната не ги искористи, тој ќе искористи некое друго влијание за истата цел. Но „тешко му на оној човек, преку кого доаѓа соблазната" бидејќи „за него е подобро да му се обеси воденички камен на вратот и да потоне во морската длабочина" (Матеј 18:7,6). Бог има свој начин на работа. Луѓето не можат секогаш да го забележат тоа, и со тоа што им придаваат преголемо значење на своите сопствени напори, не само што го спречуваат Господа во Неговото дејствување, туку работат против Него. „Затоа, кој мисли дека стои, нека гледа да не падне" (1. Коринтјаните 10:12). „А вие возљубени, знаејќи го ова однапред, пазете се од измамата на беззаконициte за да не бидете одведени со нив, и да не отпаднете од својата утврденост, туку да напредувате во благодатта и во познанието на нашиот Господ и Спасител Исус Христос" (2. Петрово 3:17,18). {5C 483.1}

Се приближуваме кон крајот на времето. Многу искушенија ќе доаѓаат однадвор, но не смееме да дозволиме да доаѓаат од црквата. Божјиот народ нека се одрече од себе заради Исус и заради вистината. „Зашто сите ние треба да се јавиме пред Христовиот суд. Та секој да прими што заслужил, според она што го извршил во телото свое, било добро или зло" (2. Коринтјаните 5:10). Секој што вистински го љуби Бога ќе поседува Свети Дух и сесрдна љубов кон своите браќа. Колку повеќе срцето на една личност одржува заедништво со Бога, толку повеќе нејзините чувства се насочени кон Христа, толку помалку ќе ја вознемируваат маките и тегобите кои наидуваат во животот. Оние што се развиваат до полна возраст на мажи и жени во Исуса Христа, стануваат сè послични на Христа во карактерот, издигнувајќи се над склоностите кон негодување и незадоволство. Тие ги презираат клеветниците. {5C 483.2}

Црквата во ова време треба да поседува вера која еднаш засекогаш им е дадена на светиите и која ќе ѝ помогне смело да каже: „Бог ми помага". „Сè можам преку Исус Христос, Кој ме крепи" (Псалм 54:4; Филипјаните 4:13). Господ нè повикува да станеме и да тргнеме напред. Во сите времиња кога црквата се одрекувала од своите гревови и кога верно одела во вистината, таа била почитувана од Бога. Во верата на понизност и послушност се наоѓа сила на која светот не може да се спротивстави. Намера на Божјото провидение во поглед на Неговиот народ е тој да напредува - да напредува непрестано во усовршување на христијанскиот карактер, на патот на светлината, издигајќи се сè повисоко и повисоко во јасната светлина и знаењето и Божјата љубов сè до свршетокот на времето. О, зошто сè уште ја учиме само основата на Христовата наука? {5C 484.1}

Господ има богати благослови за црквата ако нејзините членови се трудат да се пробудат од погибелната млакост. Суетната вера, зборовите лишени од животна сила, карактер лишен од морална цврстина - на тоа укажува свечената порака која Вистинитиот Сведок ја упатил на црквите, предупредувајќи ги против гордоста, наклонетоста кон овој свет, формализмот и вообразеноста. На оној што вели „Богат сум и се збогатив и ништо не ми треба" (Откровение 3:17), небесниот Господ му вели: „Не знаеш дека си беден и проколнат, сиромав, слеп и гол" (Исто). Но на понизните, несреќните, на верните и трпеливите им се дадени охрабрувачки зборови: „Ете, стојам на вратата и чукам. Ако некој го чуе гласот Мој и ја отвори вратата, ќе влезам кај него и ќе вечерам со него, и тој со Мене" (Стих 20). Вистинскиот Сведок на сите им зборува: „Ги знам делата твои" (Стих 15). Мошне строго се испитуваат црквите во Калифорнија. Ништо не може да се сокрие од Неговото испитувачко око; нивните погрешки и заблуди, пропусти и неуспеси, нивното грешно отстапување од вистината, отпадништвото и

нивните недостатоци - сето тоа е „голо и откриено за очите на Оној пред Кого ние ќе одговараме” (Евреите 4:13). {5C 484.2}

Се надевам и се молам дека одите во кротоста на умот, за да бидете благослов едни на други. „Зашто уште малку, сосем малку и Оној што иде ќе дојде и нема да задоцни” (Евреите 10:37). Свадбените светилници секогаш мора да се украсени и запалени. Господ го одложува Своето доаѓање заради своето трпение кон нас „бидејќи не сака да загине некој, туку сите да се покаат” (2. Петрово 3:9). Но кога со сите откупени ќе стоиме на стаклената море, со златни харфи и венци на славата, и кога пред нас ќе се наоѓа бескрајната вечност, тогаш ќе видиме колку кратко било времето на чекање и проба. „Блазе на оние слуги што ќе ги затече господарот будни, кога ќе си дојде” (Лука 12:37). {5C 485.1}

Ние живееме во време кога сите посебно внимание треба да обратат на налогот на Спасителот: „Внимавајте, бидете будни и молете се, зашто не знаете кога ќе биде часот” (Марко 13:33). Секој нека има на ум дека треба да биде верен и предан на Бога, да верува во вистината и да расте во благодатта и во познавањето на Исуса Христа. Спасителот нè повикува: „Поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете мир за душите ваши” (Матеј 11:29). Господ сака да ни помогне, да нè поткрепи и да нè благослови; но ние мораме постојано да поминуваме преку процесот на прочистување додека не изгори сета нечистотија на нашиот карактер. Секој член на црквата ќе биде ставен во печката за претопување, но не за да изгори, туку за да се прочисти. {5C 485.2}

Господ се наоѓа меѓу вас, но и сатаната се вовлекол за да внесе фанатизам. Исто така постојат и други зла кои мора да се избегнуваат. Некои се наоѓаат во опасност да се задоволат само со површно примање на Божјата светлина и љубов, и така престануваат да напредуваат. Не бдеат и не се молат. И токму во времето кога ќе се изјавува: „Ова е храмот Господов, храмот Господов” (Еремија 7:4), ќе наидат искушенија и душите ќе ги обвитка темнина - земен дух, себичност и самовоздигнување. Тогаш ќе биде потребно сам Господ да ги соопштува своите мисли на луѓето. Каква помисла! - наместо нашите јадни, земни и ограничени мисли и планови самиот Господ ќе ги соопштува своите благородни и далекусежни мисли кои секогаш водат кон небото! {5C 485.3}

Вам ви се заканува опасност затоа што не се трудите да трчате „кон целта - кон наградата на горното признание од Бога во Исус Христос” (Филипјаните 3:14). Дали Господ ви подари светлина? Тогаш вие сте одговорни за таа светлина, и тоа не само додека ве осветлуваат нејзините зраци, туку и за сè што ви е откриено за минатото. Вие треба вашата волја секојневно да ја потчинувате на Бога; треба да одите во светлина и да барате уште, бидејќи светлината што свети од Спасителот треба да свети сè посилно и посилно во моралната темнина и да го зголемува својот сјај додека не настане ден. {5C 486.1}

Дали членовите на вашите цркви се трудат секое утро и секоја вечер да добиваат свежа мана? Дали барате божествено просветлување или пак само сакате да се издигнете себеси? Дали со сета своја душа, сила и со сите свои мисли го сакате Бога и дали Му служите, и со тоа да бидете благослов за оние што ве опкружуваат - да ги доведувате кај Светлината на светот? Дали сте задоволни со благословите од минатото? Дали живеете како што живеел Исус, дали работите како што работел Тој, откривајќи Го на светот со вашите зборови и дела? Дали како послушни деца живеете со чист и свет живот? Вие со вашиот живот треба да го претставувате Христа. Единствено Тој може да ве излечи од зависта, сомнежите во вашите браќа; единствено Тој може да го искорени

духот на задоволување со самиот себеси кои го негуваат некои од вас на сопствена штета. Единствено Исус може да направи да ја почувствувате својата слабост, своето незнаење и изопаченоста на својата природа. Единствено Тој може да ве направи чисти, благородни и достојни за дворовите на благословените. {5C 486.2}

„Со Бога сме силни" (Псалм 60:12). Можете да направите многу добра ако бидете предани на Бога и на вашите браќа, ако ја загушите секоја неблагородна мисла, секое чувство на завист или себичност! Вашиот живот треба да биде исполнет со сесрдно служење на другите. Не знаете кога ќе бидете повикани да го положите оружјето. Смртта може ненадејно да дојде, без да ви даде телесни и умни сили вашите мисли да ги посветите на Бога и да се измирите со Него. Некои наскоро ќе дознаат колку е напразна човечката помош, колку се безвредни вообразеноста и самоувереноста што ги задоволувале. {5C 487.1}

Светиот Дух ми наложи да ви кажам дека сега е вашиот ден на предности, доверба и благослови. Дали ќе ги искористите? Дали се залагате за Божјата слава или за себичните интереси? Дали пред вашите духовни очи ги имате сјајните прилики за земен успех кој ќе ви овозможи задоволство и парична добивка? Ако е така, горко ќе се разочарате. Меѓутоа, ако се трудите да живеете со чист и свет живот, секојдневно во Христовата школа да учите поуки кои Тој ги бара од вас за да бидете со понизни и скромни срца, тогаш ќе имате мир кој никакви земни околности не можат да го нарушат. {5C 487.2}

Животот во Христа е живот на спокојност. Зловолието, незадоволството и немирот го откриваат отсуството на Спасителот. Ако со вашиот живот го претставувате Христа, тој ќе биде исполнет со добри и благородни дела за Господа. Ќе заборавите да служите на самите себе и вашиот живот сè повеќе ќе се приближува кон љубениот Спасител. Вашиот карактер ќе стане сличен на Христовиот карактер и сите кои ве опкружуваат ќе дознаат дека сте биле со Исуса и дека сте се научиле од Него. Секој човек во себе поседува извор на сопствената среќа или несреќа. Ако сака, може да се издигне над ниските, сентиментални чувства кои го сочинуваат животот на многумина; но сè додека човекот е задоволен со самиот себе, Господ не може ништо да направи за него. Сатаната ќе покажува сјајни прилики за да ги маѓепса сетилата, но ние секогаш мораме да ги имаме на ум зборовите: „Трчам кон целта - кон наградата на горното признание од Бога во Исус Христос" (Филипјаните 3:14). Напнете се да правите добри дела во вашиот живот. „Разумните ќе сјаат како светила на небото,и оние што мнозина повратиле кон правда - како ѕвездите, во век и засекогаш„ (Даниел 12:3). {5C 487.3}

Ако нашиот живот е исполнет со свет мирис, ако го славиме Бога имајќи добри мислења за другите, правејќи добри дела и служејќи им на ближните, тогаш не е важно дали ќе живееме во некоја колиба или во палата. Околностите немаат врска со животот на душата. Духот дава смисла на сите наши постапки. Човекот кој е во мир со Бога и со своите ближни не може да биде несреќен. Зависта не може да престојува во неговото срце; во него нема место за зли претпоставки; омразата не може да опстои. Срцето кое е во хармонија со Бога е издигнато над незгодите и искушенијата во овој живот. Но срцето во кое нема Христов мир, е несреќно и исполнето со незадоволство; таквото лице во сè наоѓа недостатоци и би внело несклад и во најсовршената хармонија на небото. Животот на себичност е живот на зло. Оние чиишто срца се исполнети со љубов кон самите себе натрупуваат зли мисли против своите браќа и зборуваат против Божјите орудија. Страстите, запалени и поттикнати од сатаната, се горчливи извори од кои извира горчина која го труе животот на другите...{5C 488.1}

Секој што тврди дека е следбеник на Христа секогаш треба другите да ги цени повеќе од себе. Приближете се едни кон други, приближете се! Во единството е силата и победата; во неслогата и раздорот се слабоста и поразот. Тие зборови ми се упатени од небото. Јас ви ги кажувам како Божји пратеник. {5C 488.2}

Да се трудиме да одговориме на Христовата молитва: „За да бидат сите едно, како што си Ти, Татко, во Мене, и Јас во Тебе" (Јован 17:21). О, какво е тоа единство! И Христос кажува: „По тоа ќе познаат сите дека сте Мои ученици, ако имате љубов меѓу себе" (Јован 13:35). {5C 488.3}

Кога смртта ќе однесе некој од нашите членови, какви се нашите спомени за нашето постапување со него? Дали е пријатно да размислуваме за сликите кои се појавуваат на уидот на сеќавањата? Дали тоа се сеќавања на љубезно упатени зборови на сочувство укажано во вистински момент? Дали неговите браќа ги одбивале клеветите на непромислените кои се мешаат во туѓи работи? Дали ги побивале обвинувањата и клеветите против Него? Дали верно се придржувале на советот: „Утешувајте ги малодушните, поткрепувајте ги слабите?" „Ете ти мнозина си советувал и си поткрепувал изнемоштени раце". „Закрепнете ослабени раце и зајакнете колена што треперат; кажете им на плашливите со дух: бидете цврсти, не плашете се" (1. Солунјаните 5:14; Јов 4:3; Исаија 35:3). {5C 489.1}

Кога е мртов некој со кого сме биле здружени во црквата; кога знаеме дека сè за него е запишано во небесните книги и дека за тоа ќе даде сметка на судниот ден, какви се размислувањата на неговите браќа во поглед на нивното однесување кон него? Колку јасно се сеќаваат сега на сите груби зборови, на секоја непромислена постапка! Колку поинаку би се однесувале кон него кога би им била дадена прилика за тоа! {5C 489.2}

Апостол Павле му благодарел на Бога за утехата што му ја давал во страдањата: „Благословен нека е Бог… на секоја утеха. Тој нè утешува при секоја наша неволја, та и ние да можеме да ги утешиме сите оние кои се во неволја со онаа утеха со која Бог нè утешува нас самите" (2. Коринтјаните 1:3, 4). Кога Павле ја почувствувал утехата и топлината на Божјата љубов која ја осветлувала неговата душа, Тој со тој благослов зрачел и на другите. Треба да се однесуваме на тој начин што сликите обесени на ѕидовите на нашето памтење да не бидат такви што да не можеме да го поднесеме размислувањето за нив. {5C 489.3}

Кога ќе починат оние со кои контактираме, никогаш повеќе нема да ни се даде прилика да повлечеме изговорен збор, од памтењето да избришеме некој впечаток. Според тоа треба да внимаваме на нашите постапки за да не го навредуваме Бога со нашите дела. Да го отфрлиме секое студенило и неслога. Нашето срце треба да биде трогнато со сочувство пред Бога кога ќе помислиме на Неговото однесување кон нас. Светиот Дух како свет пламен нека ги спали отпадоците кои се натрупале на вратата на срцето за во него да влезе Исус; тогаш Неговата љубов преку нашите љубезни зборови и постапки ќе се излева и врз другите. Постапувајќи на тој начин ние нема да се срамиме од своите зборови запишани во небесните книги, кога на судот повторно ќе се состанеме со нашите пријатели кои смртта ги одвоила од нас. {5C 489.4}

Кога смртта ќе ги затвори очите на покојниот, кога неговите раце ќе се свиткаат на безживотните гради, колку брзо се менуваат чувствата на непријателство и несогласување! Нема повеќе замерки, нема огорчувања. Навредите и грешките се забораваат и се простуваат. Колку многу убави зборови се кажуваат за покојниот! Во сеќавањето се појавуваат многу добри дела од неговиот живот! На покојниот обилно му се оддава признание и благодарност; но тие зборови допираат до уши кои повеќе не

слушаат, до срце кое повеќе не ги чувствува. Кога тие зборови би биле изговорени тогаш кога толку многу му биле потребни на измореният дух, кога увото можело да ги слушне, а срцето да ги почувствува, каква пријатна слика би се појавила во сеќавањето! Колкумина се таквите кои, стоејќи застрашени и неми покрај покојниот, со срам и со жалење се сеќаваат на зборовите и делата кои предизвикале тага во срцето кое засекогаш престанало да чука. Затоа, сета љубов, убавина и добрина треба да ја покажеме во овој живот. Треба да бидеме внимателни, благодарни, трпеливи и полни со простување во меѓусебните односи. Мислите и чувствата кои доаѓаат до израз околу оној што умира или околу покојниот треба да дојдат до израз во секојдневниот однос со нашите браќа и сестри во овој живот. {5C 490.1}

---

55. КАКО ДА СЕ ОДНЕСУВАМЕ ВО БОЖЈИОТ ДОМ

За понизната и верна душа Божјиот дом на земјата е врата од небото. Песните на благодарност, молитвите, зборовите кои ги изговараат Христовите претставници - сето тоа се орудија со кои Бог подготвува еден народ за возвишеното богослужение во небесната црква во која не може да влезе ништо осквернето. {5C 491.1}

Според светоста на старозаветното светилиште, христијаните можат да се научат како треба да го почитуваат местото на кое Господ се состанува со Својот народ. Во навиките и обичаите на народот во поглед на верските обреди дојде до промени, не на подобро, туку на полошо. Драгоцените, свети нешта кои нè поврзуваат со Бога брзо го губат своето влијание на умот и срцето и се сведуваат на низок степен на обични нешта. Во голема мера исчезна онаа почит која народот ја имал кон старозаветното светилиште во која се состанувал со Бога при светата служба. Но сам Бог ги воспоставил уредбите на својата служба, издигнувајќи ја над сè што е минливо. {5C 491.2}

Куќата е место за богослужение на семејството, тајната соба или шумата е најсоодветно место за молитвите на поединецот; но црквата е светилиште за собирање на верници. Треба да постојат правила во поглед на времето, местото и начинот на богослужението. Кон ништо што е свето или е дел од богослужението не треба да се постапува безгрижно и рамнодушно. За луѓето да можат да го слават Бога на најдобар начин, тие треба да бараат друштво на такви луѓе кои ќе можат да прават разлика меѓу она што е свето и тоа што е обично. Друштвото на оние што имаат сестрани идеи, благородни мисли и копнежи ги поткрепува сите божествени мисли. Среќни се оние кои имаат светилиште (дом за молитва) било да е голем или мал, во град или во планинска пештера, во скромна куќа или во пустина. Ако тоа е најдоброто место кое можат да го обезбедат за својот Господ, Тој исто ќе го посвети со своето присуство и тоа ќе биде свето за Господа над војските. {5C 491.3}

Кога оние што доаѓаат на богослужение влегуваат во просторијата за состанување, тие треба да се однесуваат пристојно, мирно заземајќи ги своите места. Ако во просторијата има печка не е пристојно да се туркаме околу неа на немарен, безгрижен начин. Обичните разговори, шепотот и смеата не се дозволени во Божјиот дом ни пред ниту по службата. Оние што дошле да се молат треба да бидат обземени со сесрдна и делотворна побожност. {5C 492.1}

Ако некои мораат да чекаат неколку мигови до почетокот на богослужението, во тишина нека го сочуваат вистинскиот дух на побожност со длабоко размислување, и своите срца во молитва нека ги издигнуваат кон Бога за богослужението да биде делотворно, посебно за нивните сопствени срца, а исто така тоа би довело до осведочување и обратување на душите на другите. Тие треба да имаат на ум дека во домот се наоѓаат небесните весници. Сите ние многу губиме од слаткото општење со Бога заради нашата вознемиреност и неискористување на моментите за размислување и молитва. Често треба да ја испитуваме нашата духовна состојба и своите мисли и постојано треба да ги насочуваме кон Сонцето на правдата. Ако народот на местото за богослужение доаѓа со искрена почит кон Господа и ако има на ум дека се наоѓа во Негово присуство, тогаш речитоста ќе му биде пријатна, а ќе се состои во молчење. Шепотењето, смеењето и разговорот, кои можеби не се грев на некое друго место, не се дозволени во домот кој е посветен за служба на Бога. Умот треба да се подготви за слушање на Божјата Реч, за тие зборови да имаат впечатливо влијание на срцето. {5C 492.2}

Држењето на проповедникот кога влегува во Божјиот дом треба да биде достоинствено и сериозно. Штом ќе застане зад проповедалната тој треба да се наведне во тивка молитва и сесрдно да побара Божја помош. Каков впечаток ќе остави тоа! Народот ќе го обземе свечено чувство и стравопочит. Нивниот проповедник општи со Бога; тој се доверува на Бог пред да се осмели да настапи пред народот. Сите се обземени со свечено расположение и Божјите ангели се мошне блиску. Секој што се бои од Бога исто така треба со наведната глава да му се придружи на проповедникот во тивката молитва, за Бог да го благослови богослужението со Своето присуство и да ѝ даде сила на Својата вистина која излегува од човечките усти. Кога состанокот е отворен со молитва, секое колено треба да се приклони во присуството на Светиот и секое срце треба да се издига кон Бога во тивко стравопочитување. Молитвите на верниците ќе бидат услишени и службата ќе донесе поволни последици. Безживотното однесување на верникот во Божјиот дом е една од главните причини заради кои службата не донесува изобилство на благослови. Мелодијата на песната, која јасно и разбирливо излегува од многу срца е едно средство за спасување на душите. Секоја служба треба да се врши свечено и со стравопочитување, исто како да е видливо присуството на Господарот. {5C 492.3}

При проповедта, вие браќа, треба да имате на ум дека го слушате Божјиот глас преку слугата кој Тој го одредил. Слушајте внимателно. Не заспивајте ниеден момент, бидејќи во тоа дремење може да ги пропуштите токму оние зборови кои ви се најпотребни - токму зборовите кои, кога внимателно би ги слушале, би ве спасиле да не застраните на погрешни патишта. Сатаната и неговите ангели се трудат да ги парализираат (да ги направат бесчувствителни) сетилата така што луѓето нема да можат да ги слушнат зборовите кои опоменуваат, предупредуваат и укоруваат, или пак ако ги слушнат, тие да не влијаат на срцето и да не го преобразуваат животот. Понекогаш некое мало дете толку го привлекува вниманието на слушателите што драгоценото семе не паѓа на добра земја и не донесува плод. Понекогаш младите мажи и жени имаат толку малку почитување кон Божјиот дом и кон богослужението што за цело време на проповедта со дошепнувања и допишувања цело време комуницираат меѓусебно. Кога би можеле да ги видат Божјите ангели кои ги набљудуваат и го запишуваат нивното однесување, тие би се посрамиле и би се гнаселе од самите себе. Бог бара внимателни слушатели. Додека луѓето спијат, доаѓа сатаната и сее какол. {5C 493.1}

Кога се изговара благослов, сите треба да бидат мирни, како да се плашат дека ќе го изгубат Христовиот мир. При излегувањето, сите треба да излегуваат без туркање или гласно зборување, чувствувајќи дека се наоѓаат во Божјо присуство, дека Неговите очи ги гледаат и дека треба да постапуваат како Неговото присуство да е видливо. Никој нека не застанува меѓу клупите или во претсобјето за да разговара, спречувајќи ги другите да поминат. Влезовите на Божјиот дом треба да бидат опкружени со свето стравопочитување. Тие не треба да служат како место за средби на стари пријатели, за разговори или за размена на обични мисли и земни деловни договарања. Сето тоа треба да се остави кога ќе се влегува во Божјиот дом. Со безгрижното, гласно смеење и со тупкање со нозете, кое се случува на некои места, им се нанесува срам на Бога и на Неговите ангели. {5C 493.2}

Родители, издигнете ги христијанските начела пред очите на вашите деца. Помогнете им да го вткаат Исус во нивните животи. Научете ги да имаат најголемо стравопочитување кон Божјиот дом и да сфатат дека кога влегуваат во него нивните срца треба да бидат обземени со мисли како овие: „Овде е Бог и ова е Неговиот дом. Јас морам да имам чисти мисли и најсвети побуди. Во моето срце не смее да има гордост, завист, зли претпоставки, омраза ниту измама, затоа што се наоѓам во присуство на светиот Бог. Ова е местото на кое Бог се состанува со Својот народ и овде го благословува. Возвишениот и свет Бог кој престојува во вечноста ме гледа, го испитува моето срце и ги чита најтајните мисли и постапки на мојот живот”. {5C 494.1}

Браќа, зар нема да размислите малку за ова прашање и да размислите како се однесувате во Божјиот дом и какви напори вложувате со зборови и со пример да го негувате чувството на стравопочит кај вашите деца? Вие префрлувате голема одговорност врз проповедникот и сметате дека тој е одговорен за душите на вашите деца, а не ја согледувате вашата должност како родители и воспитувачи исто како Аврам да им заповедате на членовите на вашите домови и после вас да ги држат уредбите на Господа. Со вашиот пример и со вашата непостојаност во начелата вие ги расипувате вашите деца. И покрај недостатокот од домашно воспитување вие од проповедникот очекувате да ги исправува последиците од вашето секојдневно влијание и да постигне чудесни достигнувања во изградбата на доблести и побожност во нивните срца и животи. Кога проповедникот ќе направи сè што може за црквата преку советување со љубов, со трпеливо поучување и со сесрдни молитви да ги спаси душите, и сепак во тоа нема успех, татковците и мајките често вината ја префрлуваат на него затоа што нивните деца не се обратени, додека можеби тоа е последица на нивната немарност. Врз родителите почива товар; ќе сакаат ли да ги прифатат делата што им ги доверил Бог или ќе ги извршуваат ли верно тие дела? Дали тие сакаат да напредуваат залагајќи се со понизност, трпеливо и истрајно за да се издигнат самите и по тој пат да ги поведат и своите деца? Не е чудо што нашите цркви се немоќни и што во нив нема длабока, сесрдна побожност која би требало да ја има. Против нас сведочат нашите навики и обичаи кои му нанесуваат срам на Бога и светите и небесни нешта ги сведуваат на степен на земни. Ние имаме света, испитувачка вистина која посветува, и ако нашите навики и нашите постапки не се во согласност со таа вистина, тогаш грешиме среде голема светлина и нашата вина е во сразмер со истата. Во денот на Божјите одмазднички судови ќе им биде многу полесно на безбожниците отколку на нас. {5C 494.2}

Во ширењето на вистината би можело да се постигне многу повеќе отколку што се постигнува сега. Бог од нас очекува да дадеме обилен род. Тој очекува поголема сесрдност и верност, повеќе љубов и сесрдни напори од поедини членови на црквата во

корист на нивните ближни и во корист на оние кои во светот се без Христа. Родителите мора да ја извршат нивната задача. Тие мора своето дело да го започнат според еден возвишен план на дејствување. Сите што го споменуваат Христовото име мораат да го земат сето оружје и сесрдно да преколнуваат, да опоменуваат и да се трудат да придобиваат души и да ги ослободуваат од гревот. Сите што можете доведете ги во Божјиот дом да ја слушнат вистината. Мораме многу повеќе да се трудиме да ги истргнуваме душите од огнот. {5C 495.1}

Чиста вистина е дека речиси целосно згасна стравопочитувањето кон Божјиот дом. Не се прави разлика меѓу светите нешта и светите места и обичните; не се цени тоа што е свето и возвишено. Не е ли тоа причината за недостаток на сесрдна побожност во нашите семејства? Не е ли тоа затоа што возвишеното знаме на верата занемарено се влече по прашината? Бог на Својот народ во Стариот завет му дал совршени прописи во поглед на редот и точноста. Зар Неговиот карактер се променил? Не е ли Тој Големиот и Семоќен Бог кој владее во небото над небесата? Зар не би било добро често да ги читаме упатствата што самиот Бог им ги дал на Евреите, за ние кои сме осветлени со светлината не величествената вистина да се угледаме на стравопочитувањето кое тие го имале кон Божјиот дом. Ние имаме многу причини да бидеме во службата на Бога да изразуваме дух на сесрдна побожност. Ние имаме причини да бидеме уште повнимателни и да негуваме уште поголемо стравопочитување кон нашите богослужениј од Евреите. Меѓутоа, непријателот дејствува за да ја уништи нашата вера во светоста на христијанското богослужение. {5C 495.2}

Местото посветено на Бога не треба да биде некоја просторија во која се извршуваат земни работи. Би било натчовечко да се очекува од децата кои се собираат на богослужение во просторија која преку седмицата служи како училиште или како складиште, своите мисли за побожноста да не ги мешаат со мислите за учењето или за нештата кои се случувале тука во изминатата седмица. При воспитувањето на младите треба да се издигнуваат светите нешта и да се и да се поттикнува чиста преданост на Бога во Неговиот дом. Мнозина кои тврдат дека се деца на небесниот Цар немаат правилно сфаќање за светоста на вечните нешта. Речиси сите мора да се поучат како да се однесуваат во Божјиот дом. Родителите не треба само да ги поучуваат, туку и да им заповедаат на своите деца со сериозност и стравопочитување да влегуваат во светилиштето. {5C 496.1}

Моралните погледи на оние кои доаѓаат на богослужение во Божјиот дом мора да бидат возвишени, благородни и посветени. Ова прашање во голема мера е запоставено. Неговото значење не се сфаќа и како последица на тоа преовладува неред и непочитување, а му се нанесува срам на Бога. Кога раководителите во црквата, проповедникот и народот, татковците и мајките немаат возвишено гледиште за тоа прашање, што може да се очекува од неискусните деца? Децата често се собираат во групи, одвоени од родителите кои би требало да се грижат за нив. Иако се наоѓаат во присуство на Бога и Неговите очи ги набљудуваат, децата се однесуваат лекомислено, се шегуваат, шепотат и се смеат, безгрижни се, невнимателни и немаат стравопочитување. Ним ретко им се кажува дека проповедникот е Божји пратеник, дека веста што тој ја носи е орудие за спасување на душите и дека таа за сите оние што имаат предност да ја слушаат, за нив ќе биде животен мирис за живот или смртен мирис за смрт. {5C 496.2}

Чувствителниот дух на децата, кој е подложен на влијание, ја цени работата на Божјите слуги според тоа како на оваа работа гледаат родителите. Мнозина од оние кои

се глави на семејствата во домот службата ја прават предмет на критика; мал дел одобруваат, а сето останато го критикуваат. И така веста упатена на луѓето се критикува, се става на разгледување и станува предмет на лекомислени разговори. Само небесните книги ќе откријат како влијаат на децата овие лекомислени и невнимателни примедби. Децата многу полесно ги примаат и сфаќаат овие нешта отколку што мислат родителите. На тој начин тие добиваат погрешни морални поими, кои никогаш нема да можат потполно да ги променат. Родителите се жалат дека нивните децата се со закоравени срца и дека во нив не можат да пробудат чувство на одговорност кон Божјите барања; но во небесните книги со перо кое не прави грешки е запишана вистинската причина за ова. Нивните ниски и површни поими за светоста на проповедничкиот позив и на Божјото светилиште се вткаени во воспитувањето на нивните деца. Прашање е дали некој кој со години добивал погрешно домашно воспитување ќе може некогаш да има почитување и високо разбирање за проповедниците на Бога и за луѓето кои Тој ги одредил да послужат за спасување на души. За ова треба да се зборува со стравопочит, со одбрани зборови и со чувство на одговорност, за со тоа да им покажете на сите со кои доаѓате во контакт дека веста на Божјите слуги ја сметате за вест од самиот Бог. {5C 497.1}

Родители, внимавајте каков пример и какви поими им давате на вашите деца. Нивниот дух мошне е подложен на влијание и лесно прифаќа. Ако говорникот за време на богослужението направи некоја грешка, не спомнувајте го тоа. Зборувајте само за неговите добри постапки и за добрите мисли што ги изнел, што треба да ги цените како да доаѓаат преку Божји посредник. Многу е лесно да се види зошто работата на проповедниците има толку слабо дејство на децата и зошто тие имаат толку мало стравопочитување кон Божјиот дом. Нивното воспитување во тој поглед е неправилно. Нивните родители имаат потреба од секојдневно одржување на врска со Бога. Нивните мисли не се возвишени, ниту пак благородни, и затоа е потребно жив жар од олтарот да се допре до нивните усни. Тогаш нивните обичаи и нивното постапување во домот благотворно ќе влијае не духот и карактерот на нивните деца; а степенот на религиозност ќе биде многу поголем. Таквите родители би направиле големо дело за Бога. Во нивните домови би имало сè помалку склоности кон земните и обични нешта, а сè повеќе кон благородноста и верноста. Нивниот живот би бил наметнат со свеченост која порано одвај можеле да ја сфатат. Тие не би сметале за обично ништо од она што припаѓа на службата и на Божјата слава. {5C 498.1}

Кога влегувам во домот каде што се извршува Божја служба често болно сум погодена кога гледам неуредно облечени мажи и жени. Ако срцето и карактерот на таквите луѓе се проценува според нивниот надворешен изглед, во нив навистина не би се видело ништо небесно. Тие немаат вистинска претстава за уредноста, прикладноста и благородноста на однесувањето кое Бог го бара од сите оние кои доаѓаат во Негово присуство и Му се молат. Каков впечаток остава тоа на неверниците и на младите, кои толку внимателно забележуваат и се подготвени да извлечат заклучоци? {5C 498.2}

Мнозина немаат повозвишено мислење за Божјиот дом отколку за било кое друго место. Некои влегуваат во домот за молитва со шешир на главата и во извалкана и неуредна облека. Таквите не сфаќаат дека излегуваат пред Бога и пред светите ангели. Во сите наши цркви треба да се изврши длабока промена во овој правец. И самите проповедници треба да имаат повозвишени поими и да бидат почувствителни за ваквите нешта. Оваа гранка на делото страшно е запоставена. Заради непочитувањето во облекувањето, држењето и во однесувањето, заради недостатокот на вистинска

побожност, Бог честопати го свртуваше Своето лице од оние кои се собрале за богослужение. {5C 498.3}

Сите треба да се научат да бидат чисти, уредни и внимателни во облекувањето, но исто така да не се оддаваат на надворешно украсување кое никако не е соодветно во светилиштето. Украсувањето не смее да се дозволи, бидејќи поттикнува стравонепочитување. Често вниманието на народот се обратува на некој надворешен украс на костимот и на тој начин се појавуваат мисли кои се спротивни на оние кои треба да бидат во срцата на присутните во тие мигови. Бог треба да биде предмет на нашето размислување и обожавање и сето она што ги одвратува мислите од тоа Му е одвратно. Украсувањето со чипки и ленти, со перја и со злато е идолопоклонство и нема никаква врска со Божјата света служба, при која очите на сите верници треба да бидат насочени на Неговата слава. Во сите прашања за облекувањето треба да се управуваме според прописите на Библијата. Модата е божица која владее со надворешниот свет, но честопати се вовлекува и во црквата. Црквата треба да ја земе Божјата Реч како свое мерило, а родителите треба разумно да го сфатат ова прашање. Ако видат дека нивните деца се наклонети на прилагодување кон светската мода тие како Аврам треба да преземат одлучни чекори - да заповедаат во својот дом. Наместо да ги соединуваат со светот, треба да ги поврзат со Бога. Никој не смее да го обесчести Божјото светилиште со својот начин на облекување заради покажување. Таму се присутни Бог и ангелите. Светиот Израилев Бог рекол преку Својот апостол: „Вашата убавина да не биде надворешна, односно во плетењето на косите, китењето со злато или облекување на облеки, туку - внатрешна, во срцето на скриениот човек во постојаност и тих дух, што е драгоцено пред Бога” (1. Петрово 3:3, 4). {5C 499.1}

Ако е формирана нова црква, а не добила поуки за овие прашања, тоа значи дека проповедникот ја занемарил својата должност и тој ќе одговара пред Бога што дозволил да преовладуваат такви впечатоци. Ако народот не се поучи за тоа што значи вистинско богослужение и вистинско стравопочитување, ќе постои се посилна и посилна наклонетост сè она што е вечно и свето да се изедначува со обичното и оние кои ја исповедаат вистината ќе претставуваат навреда за Бога и потсмев за верата. Со своите ниски поими, тие нема да бидат во состојба да ја ценат чистотата и светоста на небото и нема да можат да се подготват за дружење со оние кои ќе го слават Бога во небесните дворови, каде владее чистота и совршенство, каде секое суштество ќе има совршено стравопочитување кон Бога и кон Неговата светост. {5C 500.1}

Павле вели дека должност на Божјите пратеници е секој човек да го прикажат совршен во Исуса Христа. Оние што ќе ја примат вистината со небесно потекло преку неа треба да се облагородат и посветат. Потребни се многу мачни напори за да се достигне Божјото мерило на вистинско совршенство. Неправилниот камен добиен од каменоломот мора да се обработува и неговите нерамни страни мора да се израмнат. Ова време е прочуено по својата површна работа, по своите лесни методи, по фалбахиската светост која мошне се разликува од карактерните мерила што Бог ги поставил. Сите напречни патишта, сите скратени патеки и сите учења кои не го истакнуваат Божјиот закон како мерило за религиозниот карактер се лажни. Совршенството на карактерот е доживотно дело; и е неостварливо за оние кои не сакаат тоа да го постигнат со постепени напори по патот кој Бог го одредил за тоа. Ние никако не смееме да си дозволиме себеси да грешиме во овој поглед туку секојневно мораме да растеме во Христа, нашата жива Глава. {5C 500.2}

56. РЕЛИГИЈАТА И НАУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Драги брате и сестро Б. вие обајцата ми бевте покажани како луѓе кои се наоѓаат во опасност во духовен поглед. Вие ја напуштате вистинската патека и со своите нозе стапувате на широкиот пат. Сестро Б. ти со твоите примедби и упаѓања сееше семе на разни места и жетвата сигурно нема да изостане. Поттикнуваше неверство и му кажуваше на твојот сопруг дека патот по кој одите е премногу тесен и понижувачки. Мислиш дека твојот сопруг е надарен со високи способности и дека треба да ги покаже на едно пошироко поле на дејствување и на повлијателен начин. Братот имаше исто мислење. Всушност тој и те наведе да мислиш така. И двајцата држевте знаме на кое беше напишано: „Божјите заповеди и верата во Исуса", но кога на патот се сретнавте со луѓе за кои мислевте дека се популарни, го спуштивте знамето, велејќи: „Ако ги запознаеме дека сме адвентисти на седмиот ден, нашиот углед ќе исчезне и ќе изгубиме многу предности". Ми беше покажано како го влечете знамето по земја. И тогаш се запрашавте: „Зошто воопшто да го носиме? Ние можеме да веруваме во она што гледаме дека е вистина, но не е потребно наставниците и учениците да знаат дека го носиме тоа непопуларно знаме". Во вашето друштво имаше некои кои не беа задоволни со ваквите сфаќања, но беа слаби и се поведоа по вашето влијание, наместо високо да го држат своето знаме и да светат со својата светлина. Патувајќи понатаму и тие го сокрија нивното знаме плашејќи се да светат со светлината која им е дадена од небото за да ги осветлуваат другите со неа. {5C 501.1}

Ми беше покажано дека некој ви се приближува со цврсти чекори и со тажно лице. Тој рече: „Не дозволувајте никој да ги земе вашите венци". Дали го заборавивте понижувањето што го претрпел Божјиот Син доаѓајќи на нашиот свет - како бил изложен на навреди, прекори, напади, омраза, исмевање и предавство - како бил изведен на срамно судење во судница откако ги издржал натчовечките напади на сатаната во Гетсиманската градина? Ги заборавивте ли бесните крици на здивеаната толпа: „Распни го, распни го!" и како умрел со смрт на злосторник? Дали слугата е поголем од својот Господар? Христовите следбеници се понизни и кротки во срцето како и нивниот Учител, но не се популарни во овој свет. Вие копнеете да се издигнете на највисокото место, но на крајот ќе се најдете на најниското. Ако се трудите да постапувате праведно, да ја љубите милоста и понизно да одите со Господа, вие ќе учествувате со Христа во Неговите страдања, но ќе учествувате со Него и во Неговата слава во Неговото царство. Господ ве благослови, но малку ја ценевте Неговата добрина полна со љубов. Сосема малку Му оддававте чест со вашите усти. Вие можете да вршите добро дело за вашиот Учител, но не смеете да мислите дека вашите поими се највозвишени. Мора да учите во Христовата школа, инаку никогаш нема да се оспособите да поминете во повисок клас, да го примите печатот на живиот Бог, да поминете преку вратата на Божјиот град и да бидете крунисани со слава, чест и бесмртност. {5C 501.2}

Сатаната дејствува на многу начини каде што никој не може да го препознае, дури и преку мажи и жени кои се наоѓаат на одговорни положби. Тој ги наведува на навидум безопасни заблуди во мислите, делата и зборовите кои создаваат сомневање и предизвикуваат недоверба, а тие мислат дека безбедноста е осигурана. Тој ќе влијае на незадоволните за да ги поттикне на акција. Во тој правец ќе поттикнува желба кон

големина и почести. Ќе биде предизвикана завист кај оние за кои не се претпоставувало дека постои, а нема да недостигаат околности кои зависта ќе ја стават во дејство. Ќе се појават сомнежи и ќе се предочат ласкави ветувања за добивка ако крстот не е на прво место. Сатаната ги наведува некои да мислат дека нашата вера стои како пречка на патот кон големите успеси, дека ни го попречува патот кон високите земни положби, и дека ни оневозможува да станеме истакнати мажи и жени. {5C 502.1}

Кога првпат сеел незадоволство, сатаната бил мошне лукав. Тој само тврдел дека сака нештата да ги доведе во подобар ред, да направи големо подобрување. Тој ја одделил светата двојка од Бога, од нивната приврзаност кон Божјите заповеди преку нивната суетна вообразеност - преку истото со кое искушува Илјадници, и заради кое паѓаат Илјадници. Вистинското знаење е божествено. Сатаната со посредство на змијата успеал кај нашите прародители да поттикне желба за знаење на чијашто основа, како што им рекол, многу ќе ја подобрат својата состојба. Меѓутоа, рекол тој, за да го постигнат тоа, тие мора да постапат спротивно на Божјата волја, бидејќи Бог не сака да ги води до најголемите висини. Бог немал намера тие да стекнат знаење кое се засновува на непослушност. Тоа било широко поле на кое сатаната настојувал да го наведе Адам и Ева, и на тоа исто поле со своите искушенија го наведува светот денес. {5C 502.2}

Вие тврдите дека образованието треба да претставува независно поле на работа. Сметате дека мешањето на верските прашања и библиската наука со научното образование е назадување во нашата воспитна работа и пречка во настојувањето учениците да стекнат повисок степен на научно образование. {5C 503.1}

Главната причина зошто толку мал број на големи луѓе од овој свет и оние кои стекнале високо образование се покоруваат на Божјите заповеди е тоа што тие го одвоиле образованието од религијата, мислејќи дека тоа се две посебни полиња на работа. Бог дал доволно широко поле на работа на кое можат да го усовршат знаењето сите што сакаат да стапат на истото. Тоа знаење се стекнувало под божествен надзор. Тоа било поврзано со непроменливиот закон на Јехова и од него требало да произлезе совршено блаженство. {5C 503.2}

Бог не го создал злото; Тој создал само добро кое било слично на Него. Меѓутоа, сатаната не се задоволил само со познавање и со извршување на Божјата волја. Неговата љубопитност го натерала да го дознае она што Бог не сакал да го дознае. Бог не го создал злото, гревот и смртта; тие се последица на непослушноста која води потекло од сатаната. Познанието на злото дошло на свет преку лукавството на сатаната. Постојат мошне тешки науки и луѓето за да ги завршат се изложуваат на големи трошоци, но сепак тие сакаат да ги изучуваат и мнозина никогаш нема да видат дека е благодат непознавањето на некои видови знаење чие учење произлегува само од незадоволените желби и несветите стремежи. Адамовите синови и ќерки се исто толку љубопитни и вообразени како што била Ева во копнежот кон забранетото сознание. Тие стекнуваат искуства и знаења кои Бог никогаш не сакал да ги стекнат, а последиците од тоа ќе бидат слични како и за нашите прародители - губење на нивниот Едемски дом. Кога човечките суштества ќе го сфатат она што јасно им е предочено? {5C 503.3}

Историјата покажува колку е вреден и активен ѓаволот. Тој не може да биде невработен или безазлен. Тој употребил само едно дрво за да ја загрози безбедноста на Адам и на Ева. Тој направил план светата двојка да го привлече кон тоа дрво за да го направат токму она што Бог рекол дека не смеат да го прават - да јадат од дрвото за познавање. За нив не постоела никаква опасност да се приближуваат на сите други

дрвја. Колку наводум прифатливи биле неговите зборови! Тој се послужил со истите аргументи со кои се служи денес - со ласкање, со завист, со недоверба, со претпоставки и со неверство. Кога сатаната уште на почетокот бил толку лукав, тогаш каков е денес, кога располага со искуство стекнато во многу иЉадни години? А сепак Бог, светите ангели и сите оние кои послушно се покоруваат на Божјата волја се помудри од Него. Лукавството на сатаната нема да се намали, но мудроста дадена на луѓето преку Изворот на целата светлина и божествено знаење ќе биде во сразмер со неговите вештини и измами. {5C 504.1}

Ако луѓето му се спротивстават на искушението на кое му подлегнал Адам, и ако со сила од Исуса се покоруваат на сите Божји заповеди - затоа што тие се правдата - тогаш тие нема да копнеат да се стекнат со несоодветно знаење кое потекнува од непослушност и кое, спроведено во дело, завршува со вечна смрт. Кога луѓето речиси непроменливо го бираат знаењето што го нуди сатаната; кога нивните склоности се толку изопачени што копнеат за тоа знаење како тоа да е извор на врховна мудрост - тогаш тие докажуваат дека се одвоиле од Бога и дека се побуниле против Христа. {5C 504.2}

---

57. ОБРАЗОВАНИЕТО НА НАШИТЕ ДЕЦА

Драга сестро Ц., Бог во Своето провидение формирал училиште во нашиот народ во _____; и наместо твојата ќерка да ја пратиш таму каде што ќе биде во друштво и под влијание на оние што ја сакаат вистината, ти ја праќаш во Семинарот _____, каде ќе биде во друштво со луѓе од овој свет, кои не го почитуваат Бога ниту Неговите закони. Те прашувам: можеш ли да очекуваш Господ да дејствува спротивно на лошото влијание кое ја опкружува, а кое е последица на твојот избор? Дали Бог ќе им нареди на ангелите да го извршат делото што ти го доверил тебе? Бог не постапува на тој начин; Тој од нас очекува да ја следиме светлината која ни ја дал во Својата Реч. {5C 505.1}

Кога Бог имал намера да ги усмрти првородените во Египет, Тој им наредил на Израелците да ги одвојат своите деца од Египтјаните, да ги соберат во своите домови, и праговите на вратите да ги напрскаат со крв, за ангелот сотирач да ги заобиколи нивните куќи кога ќе ја види крвта. Родителите биле должни да ги соберат своите деца. Истата должност ја имаме и ти и јас и сите мајки што веруваат во вистината. Ангелот става знак на челата на сите оние кои се одвојуваат од гревот и од грешниците, а по него доаѓаат ангели кои целосно ги уништуваат и старите и младите. {5C 505.2}

Бог не е задоволен со безгрижноста и лекомисленоста со кои постапуваме кон благословите кои ни се наоѓаат на дофат. Тој исто така не е задоволен кога нашите деца ги пуштаме во друштвото на овој свет само затоа што тоа им одговара на нивниот вкус и нивните склоности. Ако сакаш душите на твоите деца да бидат спасени, мораш верно да ја извршуваш својата должност. Бог не беше потполно задоволен со твојот став во поглед на дружењето со светот и сега се појави опасност. Ти исто така поттикнуваше читање романи; романите и списанијата со приказни кои стоеја на твојот орман го воспитаа вкусот на твојата ќерка заради што нејзиниот дух е затруен така што сега е потребна поголема сила и поцврста волја од нејзината за да се контролира. {5C 505.3}

Непријателот постапуваше со твојата ќерка според својата волја сè додека не ја врза силно како со челични окови, така што ќе бидат потребни силни, истрајни напори за да се спаси нејзината душа. Ако сакаш да имаш успех во тоа, ништо не треба да работиш половично. Долгогодишните навики не се искоренуваат лесно. Таа треба да биде сместена некаде каде што постојано ќе биде под цврсто, непоколебливо влијание. Јас те советувам да ја пратиш во колеџот во _____. Таа треба да биде подложена на интернатската дисциплина. Таа одамна требаше да биде испратена во некој интернат во кој се управува според начелата на чијашто основа домот станува удобен. Таквиот дом можеби не одговара на склоностите на некои деца, но тоа е затоа што тие се воспитани со погрешни методи, затоа што се попуштало и угодувало на нивното самоволие и затоа што сите нивни навики и обичаи биле насочени во погрешен правец. Меѓутоа, драга моја сестро, ние се приближуваме на крајот на времето и денес не треба да се прилагодуваме на вкусовите и склоностите на овој свет, туку на Светиот Дух; ние денес треба да испитуваме што вели Светото Писмо и потоа да одиме по светлината што Бог ни ја дал. Нашите склоности, навики и обичаи не смеат да бидат на прво место. {5C 506.1}

Што се однесува до здравјето на твојата ќерка, правилните навики ќе го сочуваат нејзиното здравје, а лошите ќе ја упропастат за овој и за идниот, бесмртен живот. Таа треба да го задобие небото, а да ја избегне пропаста. Кога ти со Божји страв ќе направиш сè што можеш од своја страна, тогаш можеш да очекуваш Бог да го направи она што за тебе е невозможно. Одлучното залагање во овој момент може да спаси една душа од пропаст. {5C 506.2}

Потребно е твојата ќерка да биде под некое силно влијание кое ќе се спротивстави на влијанието на друштвото кое го сака. За да се излечи од духовната несреденост, потребни се исто толку одлучни напори како и на пијаницата да се излечи од желбата за алкохол. Во тој поглед ти имаш должност која никој друг не може да ја изврши наместо тебе. Ќе ја извршиш ли таа должност? Дали во името на Господа со твоето дете ќе постапуваш како со душа која се наоѓа во опасност да пропадне засекогаш? Ако таа е девојка која го љуби Бога, девојка која е во состојба да владее самата со себе, опасностите во кои се наоѓа не би биле толку големи. Меѓутоа, таа не сака да размислува за Бога, за своите обврски или за небото. Таа упорно оди по сопствениот пат; не му се обраќа секојдневно на Бога за да бара сила да се спротивстави на искушенијата. Дали намерно ќе ја изложиш на влијанија кои сигурно ќе ја оддалечат од Бога, од вистината и од правдата. Ако го правиш тоа, ќе ја турнеш на военото поле на непријателот потполно немоќна да се спротивстави на неговата моќ или да ги совлада неговите искушенија. {5C 507.1}

Кога таа би престојувала на место каде што има небесни и божествени влијанија, нејзината парализирана морална чувствителност би можела да се пробуди, нејзините мисли и намери, со благослов од Бога, би можеле да се насочат кон небото и таа би се преобразила. Денес таа се наоѓа пред опасности од внатрешно расипување и од надворешни искушенија. Сатаната ја игра животната игра за нејзината душа и има прилика да ја добие играта. {5C 507.2}

Во сон разговарав со тебе како што ти пишувам сега. Моето срце длабоко е трогнато заради тебе. Колку и да е тежок твојот случај во овој момент, немој да очајуваш. Тебе ти се потребни ведрина и решителност. Барај помош од Бога; Тој ти е пријател. Никогаш не си сама. Прифати ја Библијата како твој советник. Таа е светлина

за оние што се во темнина. Биди непоколеблива во миговите на неволи, бидејќи ќе наидеш на нови неволи. Цврсто држи се за Исуса и Тој нека биде твоја сила. {5C 507.3}

_____

58. ОПАСНОСТИ ЗА МЛАДИТЕ

Брате Д. јас се молам на Бога за тебе и љубовта кон твојата душа ме наведува повторно да ти напишам. Длабоко сум загрижена заради твојот случај и не те гледам како прогонет, туку како измамен, заведен човек, кој во својата душа не е сличен на Христа и кој се мами самиот себеси, одејќи по пат на сигурна пропаст. {5C 508.1}

Кога Божјото дело би ти лежело на срцето, ти би согледал дека твоите браќа само ја вршеле својата должност во ставот кон тебе. Зборуваш за тоа дека ќе заминеш во _____ и ќе покажеш дека можеш да бидеш човек. Сè што бараат од тебе оние кои се наоѓаат на одговорни положби во уредништвото е да се покажеш како човек таму каде што се наоѓаш и да не се понижуваш со дружење со грешници и заедно со нив да учествуваш во лоши постапки. Престани да си угодуваш на себеси и сети се на зборовите на Спасителот. Размисли на бескрајната жртва која ја поднел заради човекот и помисли на Неговото разочарување - на тоа дека еден човек, иако Исус поднел толкава жртва заради Него, отишол кај оние кои го мразат Христа и правдата и им се придружил во задоволувањето на изопачените склоности, туркајќи ја својата душа во пропаст на тој начин. {5C 508.2}

Меѓутоа, ти веќе ме слушна како ти зборувам за сите овие работи. Јас ти ги напишав, а ти ги прочита, но сепак тоа не влијаеше на твоето срце и твојот живот. Го затвори твоето срце за доброто, а го отвори за злото. Самиот тргна по патот на непријателот и не се потпре на Бога кој ќе те оспособеше да се спротивставиш на искушенијата на непријателот. Да претпоставиме дека заради одмазда, ќе ги раскинеш сите врски со _____, затоа што браќата ти ја кажаа вистината. На кого ќе му наштетиш, на нив, или на себе? Ти ќе ги натажиш со таквата постапка, но Божјото дело и покрај тоа ќе продолжи. Бог покренува работници насекаде и на сите страни. Тој не зависи од тебе или од било кој друг човек во поглед на Своето дело. Ако твоето срце не е невино и ако твоите раце не се чисти во Божјите очи, Тој не може да соработува со тебе. Тој сака вистината да биде во твоето срце и во твојот живот - да биде вткаена во твојот карактер. {5C 508.3}

Те советувам да го понизиш твоето срце и да ги признаеш твоите грешки. Сети се на свечените зборови што Давид му ги кажал на Соломон на претсмртната постела: „Еве, јас заминувам по патот на сите смртни, а ти биди храбар и човек, и чувај го заветот на Господ, твојот Бог, одејќи по Неговите патишта и да ги чуваш повелбите Негови и заповедите Негови, судовите Негови и законите Негови, како што е напишано во Мојсеевиот закон за да бидеш благоразумен во сè што и да правиш и насекаде, каде и да се свртиш (1. Царевите 2:2, 3). Стави го овој аманет при срцето. Не дозволувај некој да ти ласка за лошите дела. Срамно е да се греши, но не е срамно, туку е чест да се признаат своите гревови. Сочувај ја вистинската самостојност и имај достоинство на човек. Отфрли ја гордоста, вообразеноста и лажното достоинство, бидејќи тоа може да има само ужасни последици за тебе лично. {5C 509.1}

Гласната песна, веселото друштво и надразливиот пијалок нема да те направат човек во Божјите очи, ниту ќе го развеселат твоето болно и јадосано срце. Само вистинската религија може да биде твоја поткрепа и утеха во неволите. Дисциплината на која наиде во издавачката куќа не беше построга отколку што налагаше Божјата реч. Сакаш ли Бог да го наречеш неправеден? Сакаш ли в лице да Му кажеш дека е самоволен, бидејќи бара престапникот да се оддалечи од Неговото присуство? {5C 509.2}

Во Божјата реч јасно е изложено Неговото постапување со човекот кој го прифатил Неговиот повик да дојде на свадба, но кој одбил да ја облече свадбената облека која била купена за него - облека на Христовата праведност. Тој сметал дека неговата извалкана облека е доволна добра за со неа да излезе пред Христа. Но тој е исфрлен како човек кој го навредил својот Господ и кој ја злоупотребил Неговата милостива добрина. {5C 509.3}

Драги брате, твојата праведност нема да биде доволна. Мораш да ја облечеш облеката на Христовата правда. Мораш да бидеш сличен на Христа. Сети се на тешкото искушение на кое бил изложен Исус во пустината во поглед на апетитот. Тој бил исцрпен од долгото постење за мене и за тебе. Се борел и го победил сатаната, за да ни обезбеди поповолна положба и да ни даде божествена сила за да ја победиме наклонетоста кон задоволување на апетитот и на секоја друга страст. {5C 510.1}

Јас те молам ова прашање да го разгледуваш какво што е. Кога ќе се соединиш со луѓе кои го презираат Христа за да пиеш пиво, вино или жестоки пијалоци, помисли на Исуса кој ги претрпел најголемите маки на гладот за да ја скрши моќта на сатаната и на човекот да му овозможи да победи во Негово име. Кога ја подигаш чашата со пенливо пиво во друштво на оние кои ја отфрлаат вистината и спасението, сети се дека те гледа Исус, оној Исус кој го сметаш за свој Спасител и во кого се надеваш за вечен живот. О, зар можеш, зар можеш да бидеш во толкаво морално слепило и да не согледуваш како влијае ова на тебе и на другите. Ти го кршиш најсветиот закон, а потоа зборуваш дека те прогонуваат! {5C 510.2}

Кога луѓето, кои мислат дека мора да направат нешто за да ги скинат ланците со кои сатаната ја заробил твојата младост, со тага зборуваат дека нема да може да останеш поврзан со Божјото дело како преведувач, ако не го промениш начинот на живеење, како можеш да им пркосиш и да не покажуваш никакво каење за твоите постапки? Како го набљудува тоа твојот Спасител кој го дал Својот живот за тебе? А ти сè уште мислиш дека те прогонуваат. „Зашто сите ние треба да се јавиме пред Христовиот суд. Та секој да прими што заслужил според она што го извршил во телото свое, било добро или зло" (2. Коринтјаните 5:10). Кога ќе стоиш пред тој голем и страшен суд за чии одлуки нема да има жалби, и кога нема повеќе да биде можно нештата погрешно да се прикажуваат и толкуваат, тогаш ќе замолкнеш. Не ќе можеш да кажеш ниеден збор во своја одбрана. Ќе стоиш како виновен, осуден и без надеж, доколку сега не ги отфрлиш своите гревови, не се покаеш и ако не се облечеш во облеката на Христовата праведност. {5C 510.3}

Како поинаку луѓето требаа да постапуваат со тебе освен онака како што направија? Јас имам најнежни чувства на сомилост и љубов кон твојата душа, но нема да ти упатам ниеден збор на наклонетост кон тебе за да не ја охрабрам твојата непокорност и пркосење кон оние кои Бог ги поставил на одговорни положби во Своето дело. Премногу се грижам за тебе за да ти кажувам, како некои други, дека твојот сегашен живот ќе заврши добро - живот со кој ја срамотиш твојата мажевност, го

бришеш моралниот Божји лик во својата душа, го мамиш своето срце и го обесчестуваш Оној кој те откупил со својата крв. {5C 511.1}

Христос рекол: „На оној што победува, ќе му дозволам да седне со Мене на Мојот престол, како што и Јас победив и седнав со Таткото Свој на Неговиот престол" (Откровение 3:21). Дали ти победи? Или те победија твоите страсти, апетитот и желбите? {5C 511.2}

Зар може со сигурност да ти се довери преводот на нашите најважни дела и ракувањето со светите нешта, кога ти не одржуваш потполна врска со Бога и кога не се посвети целосно на Неговата служба? За да можеш успешно да ја извршуваш должноста на преведувач, треба да се наоѓаш во состојба во која светите ангели ќе можат да ти помагаат, да ти даваат мудрост и знаење како што Бог му давал на Даниел и да те инспирираат со правилни мисли. Зар можеш да очекуваш дека Бог со чудо ќе те спаси од канхите на сатаната, кога ти доброволно одлучи да го отвориш своето срце за неговите убедувања и кога избра друштво на Христови непријатели? Злите ангели се собираат околу твојата душа, но ти самиот ги повикуваш. Тие ти даваат предлози, а ти ги прифаќаш. Бог не може да те води сè додека не одлучиш да се покоруваш на Неговата волја. {5C 511.3}

Исус очекува сите што тврдат дека се Негови војници да Му служат верно. Тој очекува од тебе да го препознаеш непријателот и да му се спротивставиш, а не уште и да го повикуваш, подарувајќи му ја својата доверба и со тоа изневерувајќи го светиот завет. Господ те поставил на место на кое можеш да се издигнеш, да се облагородиш и сè повеќе да се оспособуваш за Неговото дело. Сам ќе се осудиш ако не ги стекнеш тие способности. {5C 511.4}

Постојат три начини на кои Господ ни ја открива Својата волја за да нè води и да не оспособи да ги водиме другите. Како да го разликуваме Неговиот глас од гласот на туѓинецот? Како ќе го разликувам од гласот на лажниот пастир? Бог Својата волја ни ја открива во Својата Реч - Светото Писмо. Неговата волја исто така се открива во делата на Неговото провидение, и ние ќе ја познаеме ако не ги одвојуваме душите од Него и ако не одиме по сопствени патишта, постапувајќи според сопствената волја и следејќи ги желбите на нашите непосветени срца, заради што често доаѓа до пореметување во разбирањето и заради што повеќе не сме во состојба да го сфатиме вечното, туку маскираниот глас на сатаната го примаме како Божји глас. {5C 512.1}

Вториот начин со кој го слушаме Божјиот глас е повикот на Неговиот Свети Дух, кој делува на срцето, а тоа делување се покажува и во карактерот. Ако те обземат сомневања за било кое прашање, најпрво мораш да бараш поука во Светото Писмо. Ако навистина си почнал да живееш живот на вера, предај се потполно на Господа и Тој, во согласност со Својата цел, ќе те изгради и обликува така што ќе бидеш сад за чест. Ти треба да сакаш во Неговите раце да си свитлив и да одиш секаде кај што Тој ќе те води. На Тој начин ќе му довериш да ја изврши Својата цел за тебе, и истовремено ќе соработуваш со Него, работејќи на своето спасение со страв и со трепет. Брате мој, ова тебе за тебе можеби ќе биде тешко, затоа што не си научил од искуство да го запознаеш гласот на Добриот Пастир, и заради тоа доаѓаш во сомнежи и опасност. Ти треба да бидеш во состојба да го препознаеш Неговиот глас. {5C 512.2}

Вежбање на волјата

Чистата вера не ја исклучува потребата за волја. Волјата е владеечка сила на човечката природа која владее со сите други способности. Волјата не е вкус ниту наклонетост, туку сила на одлучување, која децата ги прави покорни или непокорни на Бога. {5C 513.1}

Ти си интелигентно млад човек и сакаш твојот живот најпосле да биде достоен за небото. Но често се обесхрабруваш, бидејќи согледуваш дека ти недостасува морална сила, дека им робуваш на сомневањата и дека со тебе владеат навики стекнати во твоето поранешно живеење во гревот. Гледаш дека твоите чувства се косат со самиот тебе, со твоите најдобри одлуки и најсвети завети. Сè ти изгледа нереално. Твојата сопствена колебливост те тера да се сомневаш во оние кои сакаат сè најдобро за тебе. Колку повеќе се бориш со сомневањата, толку помалку сè ти изгледа вистинско, и најпосле ти се чини дека никаде немаш цврсто тло под нозете. Твоите ветувања се како клин од врба и ти во истата невистинска светлина ги набљудуваш зборовите и делата на оние во кои би требало да имаш доверба. {5C 513.2}

Ти ќе бидеш во постојана опасност сè додека не ја видиш вистинската сила на волјата. Ќе веруваш во сè и ќе ветуваш, но твојата вера и твоите ветувања нема да имаат никаква вредност сè додека со својата волја не застанеш на страната на верата и делата. Ако се бориш во борбата на верата со сета сила на твојата волја, ќе победиш. Не смееш да се потпираш на твоите чувства, впечатоци и сфаќања, затоа што тие не се сигурни, посебно покрај твоите изопачени идеи. Со неисполнување на ветувањата и со кршење на твоите завети ти си ја ослабил довербата во самиот себе, како и довербата на другите во тебе. {5C 513.3}

Но не треба да очајуваш. Мораш решително да веруваш, иако сè ти се чини невистинско и нереално. Не е потребно да ти кажувам дека самиот се доведе во оваа незавидна состојба. Мораш да ја вратиш довербата кај Бога и кај своите браќа. На тебе останува да ја потчиниш твојата волја на Христовата волја. Ако го направиш тоа, Бог непосредно ќе делува во тебе да го сакаш и да го правиш она што Му е угодно. Тогаш целата твоја природа ќе се потчини на Христовиот Дух, па дури и твоите мисли. Ти не можеш да владееш со твоите страсти и чувства но можеш да владееш со твојата волја и на тој начин можеш потполно да го промениш својот живот. Ако својата волја ја потчиниш на волјата на Христа, твојот живот со Христа ќе биде сокриен во Бога и ќе биде поврзан со силата која е поголема од сите власти и сили. Бог ќе ти даде сила да се фатиш за Неговата сила и ќе можеш да примиш нова светлина - светлина на жива вера. Но твојата волја мора да соработува со Божјата волја, а не со волјата на твоите другари преку кои сатаната постојано работи да те фати во својата стапица и да те упропасти. {5C 513.4}

Зар нема без колебање да стапиш во вистинско сродство со Бога? Зар нема да кажеш: „Ќе ја предадам мојата волја на Исуса и сакам тоа да го направам веднаш„, и од тој момент целосно да бидеш на страната на Господа? Презри ги навиките и силното негодување на желбите и страстите. Не му давај можност на сатаната да каже: „Ти си еден беден лицемер". Затвори ја вратата за сатаната да не те обвинува и да те направи малодушен. Кажи одлучно: „Јас сакам да верувам и верувам дека Бог е мој помошник" и ќе видиш дека ќе триумфираш во Бога. Твојата волја постојано нека биде на страната на Господа и секое чувство нека се потчини на Исусовата волја. Тогаш ќе стоиш на цврста карпа. Заради тоа понекогаш ќе мораш да го дадеш и последниот дел од твојата волја, но Бог на тој начин постапува со тебе за од процесот на обликување да излезеш како сад за чест. {5C 514.1}

Зборувај за верата. Држи се на Божјата страна. Немој твојата нога да ја ставаш на страната на непријателот, и Господ ќе ти биде помошник. Тој за тебе ќе го направи она што ти не си во состојба да го направиш. Како резулатат на тоа ќе станеш како „кедарот ливански". Твојот живот ќе биде благороден и твоите дела ќе бидат направени за Бога. Во тебе ќе има сила, сесрдност и едноставност кои ќе те направат мазно орудие во Божјите раце. {5C 514.2}

Потребно е секој ден да пиеш од Изворот на вистината, за да ја запознаеш тајната на задоволството и радоста во Господа. Но мораш да имаш на ум дека твојата волја е извор на сите твои дела. Таа волја која сочинува важен дел од човечкиот карактер при падот на човекот била потчинета на власта на сатаната и тој од тогаш постојано ги наведува луѓето да сакаат и да бараат само задоволства за себе, што му донело крајна беда и пропаст. Но бескрајната жртва која Бог ја поднел предавајќи го Исуса, Својот сакан Син како жртва за гревовите, Му овозможила, без притоа да повреди некое начело на своето владеење, да каже: „Предај се на Мене, дај Ми ја својата волја, ослободи ја од власта на сатаната, и Јас ќе владеам со неа. Тогаш ќе направам да го сакаш и да го правиш она што ми е угодно". И кога тој ќе ти даде Христов Дух, твојата волја ќе стане како Неговата, твојот карактер ќе се промени и ќе стане сличен на Христовиот. Дали имаш намера да ја извршуваш Божјата волја? Дали сакаш да се потчиниш на науката на Светото Писмо? „Ако некој сака да врви по Мене, нека се одрече од себе, нека го земе својот крст и нека Ме следи", рекол Исус (Матеј 16:24). {5C 515.1}

Ти не можеш да го следиш Христа, ако не се одречеш од робувањето на твоите склоности и ако не одлучиш да му се покоруваш на Бога. Божјо дете не можат да те направат твоите чувства, туку извршувањето на Божјата волја. Ако твојата волја ја потчиниш на Божјата волја, можеш да станеш корисен во животот. Тогаш во годините на својата мажевност дадена од Бога ќе бидеш пример за добри дела. И ќе придонесеш да се почитуваат дисциплинските правила, наместо да ги кршиш. Тогаш ќе придонесуваш да се одржува ред, наместо да го презираш и со твоите постапки другите да ги поттикнуваш на несреден живот. Ти сведочам во Божјиот страв: јас знам што можеш да станеш ако твојата волја ја ставиш на страната на Бога. „Ние сме Му соработници на Бога" (1. Коринтјаните 3:9). Ти можеш делото за овој и за вечниот живот да го направиш такво што ќе ја издржи пробата на Божјиот суд. Ќе се потрудиш ли да го направиш тоа? Ќе го промениш ли својот правец наполно? Ти си предмет на Христовата љубов и залагање. Ќе му се потчиниш ли на Бога и ќе им помогнеш ли на оние кои се поставени како стражари за да ги чуваат интересите на Неговото дело, наместо да им нанесуваш болка и обесхрабрување? {5C 515.2}

---

59. СООДВЕТЕН ИЗБОР НА ЛИТЕРАТУРА ЗА ДЕЦАТА

Драги брате Е., само што го прочитав „Преглед и Гласник" и ја забележав твојата статија со список на добри книги за младите. Мошне се изненадив кога прочитав дека ги препорачуваш „Колибата на Чичо Том", „Робинзон Крусо" и слични книги. Се наоѓаш во опасност да станеш невнимателен во одреден предмет на твоето пишување. Би било добро да размислиш и да го проучиш сето она што ќе се овековечи со печатот. Навистина сум вознемирена затоа што твоите духовни очи не гледаат појасно при

изборот на книги за младите. Знам дека препораката на такви книги во нашите списанија како што е „Колибата на Чичо Том” во духовите на мнозина ќе го оправда читањето на други книги кои не се ништо друго освен измислица… Заради твојата препорака оние кои се трудат младите да ги отргнат од читањето на романи ќе мораат да вложат многу поголеми напори. Многупати го нагласив злото од читањето на таквите книги кои ти ги препорачуваш и подготвив статија во која ги опоменувам младите токму во тој поглед. {5C 516.1}

Внимавај, драги брате, да не ги оддалечуваш младите од истражувањето на Светото Писмо. Нашите браќа купуваат и продаваат книги со приказни за деца кои се користат обично во неделните училишта и ми беше покажано дека тоа е стапица за нашиот народ, а посебно за нашите деца. Тоа ги наведува да ги трошат парите на книги кои ја возбудуваат фантазијата и ги онеспособуваат за вистинските должности во секојдневниот живот. Можеш да бидеш сигурен дека твојата препорака ќе биде прифатена. На младите не треба да им се даваат такви препораки и таква слобода, бидејќи нивните вкусови и склоности и онака се насочени во тој правец. Меѓутоа, јас се надевам дека таквите препораки нема да се појавуваат повеќе. Ти се оддалечуваш од Христа и од Неговата наука, а не го гледаш тоа. {5C 516.2}

Работата на сатаната е на нашите млади да им нуди да читаат романи и приказни во весниците и книгите кои ги магепсуваат сетилата, и на тој начин да се уништи наклонетоста кон Божјата реч. Драги брате, немој сè што ќе ти падне на памет да го објавуваш во „Преглед и Гласник”, туку биди внимателен во пишувањето. Ако Светиот Дух те поттикнува да пишуваш, тогаш своето перо употреби го со чувство на товар за душите, плачејќи меѓу тремот и олтарот и зборувајќи: „Смилувај се, Господи, над народот Свој, не предавај го наследството твое на срам” (Јоил 2:17). Меѓутоа, ако на пишување те тераат твоите сопствени чувства и активниот дух, тогаш воздржи се од пишување додека не те поттикне Светиот Дух на тоа. Немој да мислиш дека фактот што самиот одиш по одреден правец и правиш одредени нешта е доказ дека твојот пат и постапки се правилни и дека треба да ги изнесуваш на другите како правило и патоказ. Не е добро ниту за тебе што мислиш дека слободно можеш да го изразуваш своето мислење за прашања кои се однесуваат на добробитта на нашите млади, препорачувајќи им книги кои не поттикнуваат духовност и побожност. Ако си замислуваш дека читањето на такви книги ќе поттикне цврсти, неизвалкани начела, тогаш си во заблуда. Господ нека ти помогне да постапуваш внимателно и понизно и во списанијата да не објавуваш изјави кои водат на лош пат, бидејќи другите ќе сметаат дека нашиот народ ги одобрува. На тој начин ставаш товар на рамењата на другите да ги отстрануваат последиците од таквите чувства. {5C 517.1}

Брате мој, ти ќе бидеш сигурен само ако понизно одиш со Бога. Јас треперам додека ги читам многубројните статии во кои ги советуваш другите проповедници. Тебе навистина не ти прилега да зборуваш многу во тој правец. Ако станеш самозадоволен и самоуверен, Господ сигурно ќе те напушти и ќе направиш некоја грешка. Тебе ти е потребно грижливо да ја чуваш својата душа и да копнееш за живи, секојдневни искуства во Божјото дело. Треба да се сокриваш себеси, а да го истакнуваш Христа. Христос е твојата сила, твојот штит; ти си слаб и грешен човек; и затоа е неопходно да бидеш претпазлив за да не го осуетиш Божјото дело со зборови или со дела. {5C 517.2}

Јас мошне сум благодарна за тебе што можеш да соучествуваш во ова големо дело. Исус те сака и ќе ти помогне во твоите напори, ако постојано одржуваш жива врска со Бога. Но мораш да живееш живот со постојано бдеење и молитва. Не смееш да станеш

нетрудољубив. Не смееш да се одвоиш од Исуса, туку постојано мораш да Го имаш на ум во секојдневниот живот. Немој на себе и на другите да им создаваш тешкотии со непромислени совети и одобрувања; знај дека, ако не го примиш Христа во срцето, ако пред очи не ја имаш само Божјата слава, гордоста ќе завладее со твоето срце, ти ќе се воздигнеш и ќе станеш нетрудољубив пред да станеш свесен за тоа. „Направете си прави патеки за своите нозе, та она што е куцо, да не се повреди" (Евреите 12:13). {5C 518.1}

Бог многу наши млади луѓе ги надарил со високи способности. Тој им подарил најубави таленти; но тие непотребно ги трошеле своите сили, нивните сфаќања се ослабени и збркани така што со години не напредуваа во благодатта и во познавањето на причините за нашата вера, бидејќи се оддадоа на задоволување на своите склоности за читање на романи. Тие не можеа да ја обуздаат оваа страст за читање на површни текстови, како што пијаницата не може да ја обузда својата страст за алкохол. Тие денес би можеле да бидат вработени во нашите издавачки претпријатија, како корисни работници. Би можеле да водат книги (книговодство), да прават коректура и да подготвуваат материјал за печатење. Но нивните способности се изопачија, тие станаа морално заболени и неспособни за било каква работа. Нивната фантазија е болна. Тие живеат во нереален свет. Станаа неспособни дури и за практичните должности од секојдневието, и што е најлошо ја изгубија наклонетоста за сериозни книги. Тие се маѓепсани и занесени со душевната храна слична на романтичните настани во „Колибата на Чичо Том". Ова книга е добредојдена за оние кои требаше да се пробудат и да ги променат нивните погрешни погледи на ропството. Меѓутоа, ние се наоѓаме на самата граница на вечниот свет и таквите ромени не ни се потребни за подготовка за вечниот живот. {5C 518.2}

Секој од нас ќе биде наполно сигурен само ако се обрати потполно и ја прими вистината таква како што е откриена во Божјата Реч, бидејќи само на тој начин ќе бидеме во состојба во понизност и страв да дадеме одговор на секого кој ќе нè запраша за нашата надеж. {5C 519.1}

Проповедниците и сите работници во нашите редови треба да вложат посебни напори за да го одвратат вниманието на младите од читањето на возбудливи романи и да го насочат на најсигурната пророчка реч. Секоја душа која се бори за вечен живот треба своето внимание да го насочи на Библијата. {5C 519.2}

Имајќи на ум сè што напишав во поглед на читањето на возбудливи романи, необично се зачудив кога прочитав како препорачуваш да се читаат „Робинзон Крусо", „Колибата на Чичо Том" и „Басните на Езоп". Брате мој, ти згреши кога ја напиша оваа статија. Ако овие книги се наоѓаат меѓу оние што ги продаваш, те молам никогаш повеќе да не ги нудиш на младите. Ти си должен да ја препорачуваш Библијата. Не станувај нивен заведувач нудејќи им интересни книги кои ќе го одвратат нивното внимание од читањето на Светото Писмо. И ние самите мораме да пиеме од водата на животот, инаку постојано ќе бараме разбиени кладенци кои не можат да држат вода. {5C 519.3}

Сатаната има Илјадници начини и патишта по кои се вовлекува во немирниот дух на младите. И тој ќе ги фати во своите стапици, ако тие своите души цврсто не ги поврзат со Бога и ако не се трудат постојано да ги занимаваат своите мисли со проучување на Светото Писмо, за цврсто да се втемелат во верата. Ние за ниеден момент не смееме да попуштиме во нашата будност. Не смееме да дозволиме со нас да управуваат чувствата. Мораме будно да бдееме над себе и над нашите деца, за сатаната да не ги привлече со своите искушенија. {5C 519.4}

Ние живееме во големиот ден на помирување и постојано треба да го проучуваме светото дело на Христа кое Тој го врши за Божјиот народ во небесното светилиште. Треба да ги учиме и нашите деца за вистинското значење на симболичниот, старозаветен ден на помирување, а посебно треба да им укажеме дека тоа било време на голема понизеност и каење за гревовите пред Бога. Вистинскиот ден на помирување во кој живееме има ист карактер. Секој што поучува на вистината со поуки и со пример ќе даде одреден звук на трубата. Ти секогаш треба да негуваш духовност, бидејќи твоите мисли природно не се насочени кон небото. Пред нас лежи голема задача - да го одвратиме народот од светските обичаи и навики и да го воздигнуваме сè повеќе и повеќе кон духовноста, побожноста и сесрдната работа за Бога. Ти си должен да ја објавуваш веста на Третиот ангел и да го упатуваш последниот повик и опомена на светот. Господ нека те благослови со силата на духовниот вид. Ова ти го пишувам со љубов, свесна за опасностите кои ти се закануваат. Те молам грижливо и со молитва да ги разгледаш овие прашања. {5C 520.1}

---

60. СОВЕТ ЗА МЛАДИТЕ

На студентите од академијата во Јужен Ланкастер јас би им рекла: „Приближете се кон Бога, и Тој ќе се приближи кон вас". Никогаш не се срамете од вашата вера, никогаш не ставајте се на страната на непријателот. „Вие сте светлината на светот" (Матеј 5:14). Вие вашата вера треба да ја разгласувате како драгоцена вистина - вистина која треба и мора да ја имаат сите, доколку сакаат да се спасат. Ние не сме популарни. Нашите непријатели будно ќе бараат некое зло кај нас за да нè напаѓаат и да ги уништат нашите души. Тој искривено ќе ги толкува нашите побуди. Тие искривено ќе ја прикажуваат нашата сесрдна ревност и нашата голема желба на другите да им ја објасниме вистината, за и тие да ја вршат Божјата волја покорувајќи се на сите Негови заповеди. Но ние треба да се бориме во добрата борба на верата, имајќи ги на ум зборовите: „Бидете постојани, непоколебливи и секогаш богати во делото Господово" (1. Коринтјаните 15:58). {5C 520.2}

Мене ме опфаќа чувство на неискажлива тага и речиси очај кога ќе помислам на положбата во која се наоѓаат младите и кога ќе видам колку е тешто да се поттикнат да стекнат образование оние кои Бог дарежливо ги надарил со способности за тоа. Без образование, тие ќе бидат некорисни и неспособни за било каква положба. Но во настојувањето да стекнат образование ќе бидат изложени на опасности и искушенија. Сатаната ќе настојува нивните развиени умни способности да ги искористи во своја служба. {5C 521.1}

Некои своите способности ги искористуваат за лоши цели. Тајниот отров на сетилност тече во нивните вени и не наидува на никаков отпор на својот пат. Тој заведува и маќепсува. Умот кој, кога би се обратило доволно внимание на моралната исправност, би бил способен за највисок степен на култура и книжевно образование, често е унижен до таму да ѝ служи на сетилноста. За тие измамени души возвишениот морал и вистинската побожност немаат никаква привлечност и затоа речиси е неможно на било кој начин да се влијае на нив, ниту со поука ниту со пример, и залудна е борбата против напорите на сатаната да ги изопачи и упропасти нивните души. Ако тие млади мажи и

жени не сакаат да учат и не сакаат да ги прифатат советите на искусните, сатаната сигурно ќе ги заведе со своите лукавства. А ако оние што учат не растат постојано во благодатта, во познавањето на вистината и во духовното разликување, ќе бидат во опасност со својот пример и со ширење на погрешни идеи ненамерно да му помагаат на непријателот во неговата намера. Тие ќе ги наведуваат душите да веруваат дека најкорисно им е она што всушност ќе им нанесе најголема штета и ќе биде најмалку корисно за нив. {5C 521.2}

Програмот за образование на нашите млади никако не е премногу обемен. Нивното образование не смее да биде едностранo, туку на сите способности треба да им се обрнува еднакво внимание. Моралната филозофија, проучувањето на Светото Писмо и телесните вежби треба да се комбинираат со предмети кои вообичено се предаваат во училиштата. Сите способности - физички, умни и морални - треба да се вежбаат, дисциплинираат и развиваат, за да можат да се употребат за највозвишена служба; бидејќи ако способностите не се развиваат рамномерно, едната нема да може да ја изврши својата задача, а притоа прекумерно да не оптовари еден дел од човечкиот механизам. {5C 521.3}

Многу е пишувано и зборувано за значењето на воспитувањето на умот за негова највисока корисност. Така се вкорени мислењето дека ако умот се образува и се развијат неговите највисоки способности, тоа ќе ја засили и телесната и моралната природа и ќе го развие човекот целосно. Времето и искуството покажаа дека тоа е погрешно. Видовме како од колеџите излегуваат мажи и жени кои во ниеден поглед не се способни да го користат чудесниот физички организам со кој Бог ги надарил. Целото тело е создадено за работа, а не за неработење. Ако физичките сили не се изложуваат на исти напори како умните, последниве ќе бидат прекумерно оптоварени. Ако секој дел од човечкиот организам не ја извршува својата одредена должност, ниту умните сили нема да можат подолго време да се користат во највисок степен. Природните сили мора да се управуваат според природните закони, и способностите мора да се воспитуваат да работат во хармонија и согласност со овие закони. Учителите во нашите училишта не можат да се ослободат од обврската во предвид да ги земат сите овие факти. Гордоста може да ги наведе да копнеат за високи интелектуални достигнувања по светските мерила, за нивните ученици да постигнат сјаен успех. Но кога ќе се укажат прилики како мажи и жени да се покажат во практичниот живот, ваквите студенти покажуваат дека само делумно се подготвени да постигнат успех во животот. Заради погрешното воспитување, тие често претрпуваат неуспех во секоја гранка на делото во која ќе се приклучат. {5C 522.1}

Гимнастичките вежби можат да бидат корисни во некои случаи. Тие беа воведени да се отстрани недостатокот од телесни активности и станаа омилени во воспитните институции. Но ниту тие не се без недостаток. Ако не се применуваат правилно, можат да бидат повеќе штетни отколку корисни. Некои во тие гимнастички вежби и спортови се здобија со повреди кои ќе остават трајни последици за цел живот. Ако се применува правилно, рачната работа во нашите училишта во голема мера може да ја замени гимнастиката. {5C 523.1}

Учителите треба да посветуваат многу поголемо внимание на телесните, моралните и духовните влијанија во нашите училишта. Иако студентите со научните студии се стекнуваат со високо литературно знаење, тоа не е потполно и совршено образование. Ако се посвети сестрано внимание на развојот на сите телесни и морални способности што Бог ни ги подарил, тогаш студентите нема повеќе да излегуваат од

нашите колеџи мислејќи дека стекнале образование, а всушност ги немаат потребните знаења за практичниот живот и целосниот развој на карактерот. {5C 523.2}

Ме боли срцето кога ќе забележам вакви недостатоци, бидејќи последиците од тоа ќе бидат загуба на здравјето, недостаток на ангажирање и прилагодување кон работата која е неопходна за успех во животот. Весниците се преполни со сензационални статии за проневери и кражби, за бедата во семејствата - мажите ги напуштаат своите жени и бегаат со туѓи, а жените исто така бегаат со туѓи - сето тоа е затоа што тие луѓе не научиле да работат со своите раце, да го штедат времето и на најдобар начин да ги користат способностите за да создадат среќен дом. {5C 523.3}

Би сакала кога би можела да го подигнам секој учител во нашата земја да размисли за овие прашања. Пред нив стои задача да ја прошират и издигнат работата во воспитувањето. Пред нив се наоѓа време кога светот ќе западне во очајна состојба, кога речиси сосема ќе се искорени вистинската вера која се засновува на јасното „така зборува Господ". Нашите млади треба да се поучат дека тоа што Бог не ги казнува веднаш престапниците со најтежок гнев не значи дека Тој не внимава и дека ги заборавил безбожните дела. Бог ќе се пресмета со народите. Преку сите векови на светската историја, злите луѓе натрупувале гнев за денот на гневот. И кога ќе дојде денот кога неправдата ќе ги премине границите на Божјата милост, Неговото трпение ќе заврши. Кога небесните книги ќе покажат дека престапите го достигнале врвот, Божјиот гнев ќе се излие, непомешан со милост и тогаш ќе се види колку е страшно да се злоупотребува божественото трпение. Таа криза ќе наиде кога народите ќе се обединат за Божјиот закон да го фрлат под нозете. {5C 523.4}

Доаѓаат денови кога праведните поревно ќе се залагаат за Бога заради сè поголемото преовладување на беззаконието. Само божествената сила може да се спротивстави на сатанската дрскост соединета со злите луѓе. Меѓутоа, во миговите на најголема опасност за црквата, верниот остаток сесрдно ќе се моли за неа, и Бог ќе ги слушне и ќе ги услиши токму во моментот кога вината на престапниците ќе го достигне врвот. Тој „ќе ги одбрани Своите избраници, што викаат кон Него дење и ноќе" (Лука 18:7). Тие ќе бидат љубоморни за Божјата чест, ревни во молитвата и нивната вера постојано ќе се засилува. {5C 524.1}

Меѓу учениците има премалку ревност. Тие треба да вложуваат посесрдни напори. Потребен е голем труд за да се знае како треба да се учи. Секој ученик мора да ја одгледува навиката на трудољубивост. Тој треба да се труди секое дело кое ќе произлезе од неговите раце да биде првокласно; и да ги примени на себе зборовите кои Павле ги упатил на Тимотеј: „Занимавај се со читање на Писмото, со утешување и со поучување! Не занемарувај ја дарбата што е во тебе, и која ти беше дадена по пророштво заедно со полагање раце врз тебе од свештенството! Грижи се за тоа, на тоа предади се, та успехот твој да им стане јасен на сите! Пази на себе и на учењето; биди истраен во тоа, зашто, ако постапуваш така, ќе се спасиш и себе самиот и оние што те слушаат" (1. Тимотеј 4:13-16). {5C 524.2}

Должностите на старите и на младите мора да се изнесат со едноставни, јасни зборови бидејќи живееме во опасни времиња кога се чини дека лагата и измамите на сатаната ќе ја совладаат вистината. Во времето на испитување и проба, оние кои Бог ги направил чувари на Својот закон ќе бидат заштитени со крилата на Семоќниот. Кога законодавците ќе го отфрлат начелото на протестантизмот за да ја поддржат и да ја испружат десната рака кон раката на католицизмот, тогаш Бог на посебен начин ќе посредува во интерес на Својата чест и спасението на Својот народ. {5C 525.1}

На младите во секојдневното образование мора да им се предочуваат начелата кои треба да ги почитуваат за - кога ќе биде издаден декретот со кој од сите ќе се бара да се поклонат на сверот и на неговата икона - да можат да донесат правилни одлуки и да имаат сила без колебање да ја искажат својата преданост на Божјите закон и на верата Исусова дури и во времето кога сиот верски свет ќе го гази Божјиот закон под нозете. Оние кои денес се колебаат и доаѓаат во искушение да тргнат по трагите на отпадниците кои отстапиле од верата, „слушајќи измамнички духови и злодуховски учења" (Стих 1), ќе поминат на страната на оние кои го газат Божјиот закон, доколку не се покајат и не заземат цврст став во верата која еднаш им е дадена на светиите. {5C 525.2}

Ако живееме среде тие ужасни опасности опишани во Божјата реч, зар не треба да ја сфатиме реалноста на ситуацијата? Зошто сме толку молчеливи? Зошто им даваме најмало знчење на предметите кои имаат најголемо значење за сите нас? Библијата треба да биде нашето најдрагоцено богатство и треба ревно да ја проучуваме и сесрдно да ги поучуваме другите. Како може таа чудна рамнодушност и понатаму да се одржува кај оние кои добиле светлина и знаење? {5C 525.3}

Пророштвата и историјата треба да бидат опфатени со програмата во нашите училишта и сите кои ја прифаќаат должноста на наставник треба повеќе од сè да ја ценат Божјата откриена волја. Тие треба своите ученици да ги поучуваат во едноставност. Треба да им го објаснуваат Светото Писмо и со сопствениот живот и карактер да им ја покажат драгоценоста на библиската вера и убавината на светоста. Меѓутоа, никогаш и ниту во еден момент не смее на некого да му се остави впечаток дека е за негово добро да ја крие својата вера и наука од неверниците во овој свет, плашејќи се да не биде ценет толку високо ако ги открие своите начела. {5C 525.4}

Сега не е време да се срамиме од нашата вера. Ние сме глетка за светот, ангелите и луѓето. Целата вселена со неискажливо внимание го следи завршниот дел од големата борба меѓу Христа и сатаната. Во време какво што е ова, кога треба да почне судењето на живите, смееме ли да дозволиме нашите срца да ги обземаат несвети амбиции? Што денес може да има значење за нас, освен тоа да ја докажеме својата преданост и верност на небесниот Бог? Што може да има вистинска вредност во овој свет кога се наоѓаме на самата граница на вечниот свет? Какво образование би можеле да им овозможиме на нашите ученици во нашите училишта кое би било исто толку потребно како познавањето на Светото Писмо? {5C 526.1}

Примери за херојска верност на Бога

Јосиф не ја прикривал својата верност на Бога ниту тогаш кога бил високо почитуван од Египтјаните{5C 526.2}.

Илија не се трудел среде општото отпаднишство да го сокрие фактот дека му служи на небесниот Бог. Имало четиристотини и педесет пророци, четиристотини свештеници и Илјадници обожаватели на Ваал. Меѓутоа, Илија сепак не се обидел да се претстави како да се наоѓа на нивната популарна страна. Тој бил осамен. Планината била исполнета со народ кој желно исчекувал. Царот дошол во голем сјај и идолопоклониците, убедени дека ќе победат му искажувале добредојде. Меѓутоа, на Бога му бил нанесен голем срам. Еден човек, само еден единствен човек се појавил да ја одбрани Божјата чест. Со глас јасен како труба, Илија му се обратил на насобраното мноштво: „До кога ќе храмите на двете колена? Ако Господ е Бог, врвете по Него; ако

пак е Ваал - одете по Него" (1. Царевите 18:21). Последица на тоа била одбранувањето на честа на Господ Бог кој владее на небесата, а обожавателите на Ваал биле убиени. Каде се денес таквите кои се како Илија? {5C 526.3}

Историјата на животот на Даниел исто така е значајна. Тој се придржувал на својата вера и своите начела наспроти големото противење. Бил осуден на смрт затоа што ниту најмалку не сакал да отстапи од својата преданост на Бога, дури и спротивно на царевиот декрет. Можеби би можело да се нарече претерана праведност што тој, според својот обичај, трипати дневно паѓал на колена пред отворениот прозор и се молел, иако знаел дека неговите непријатели се подготвени да го обвинат за непреданост на царот. Меѓутоа, Даниел не дозволил никаква земна сила да се испречи меѓу него и неговиот Бог, дури иако му било ставено до знаење дека заради тоа го очекува смрт во лавовската јама. Иако Бог не го спречил фрлањето на Даниел во јамата со лавови, со него пратил еден ангел кој ја затворил устата на лавовите; така што не му се случило ништо; и наутро кога царот го повикал, тој одговорил: „Мојот Бог го испрати Својот ангел и им ја затвори устата на лавовите, така што тие не ме повредија, зашто Јас излегов пред Него чист, па и пред тебе, царе, не сум извршил никаков престап" (Даниел 6:23). Тој бил благороден и непоколеблив слуга на Бога. {5C 527.1}

Ништо не може да се постигне со кукавичлук или страв кога ќе се дознае дека сме народ кој ги држи Божјите заповеди. Криењето на нашата светлина, како да се срамиме од нашата вера, може да доведе само до пропаст. Бог ќе нè препушти на нашите слабости. Господ нека нè сочува од воздржувањето да светиме на секое место на кое Тој нè повикува. Ако се осмелиме да одиме сами, раководејќи се според сопствените мисли и планови и оставајќи го Исуса на страна, тогаш не можеме да очекуваме дека ќе стекнеме постојаност, храброст и духовна сила. Бог имал морални херои, и денес ги има - тоа се оние кои не се срамат да бидат Негов избран народ. Нивната волја и нивните намери се потчинети на Божјиот закон. Исусовата љубов ги наведува своите животи да не ги сметаат за драгоцени. Нивно дело е да примаат светлина од Божјата Реч и со јасни зраци непрестано да го осветлуваат светот. „Верноста кон Бога" е нивното мото. {5C 527.2}

Образован проповедник

Трговецот, дрводелецот, земјоделецот и адвокатот - сите мора да го научат својот занает или својата професија. На почетокот нивната работа е несовршена затоа што им недостасува знаење; меѓутоа, тие трпеливо продолжуваат да се усовршуваат и така стануваат мајстори на својот занает. Ако на својот позив не ги посвети својот ум и срце и сите сили на своето битие, проповедникот ќе доживее неуспех. Тој може да биде говорник, но мора исто така да се подготви да биде и пастир. Учењето никогаш не престанува; тоа мора да продолжи за цело време во неговото работење, без оглед ако тој мисли дека се оспособил за таа работа. {5C 528.1}

Нашето време не бара неуки, туку интелегентни и образовани проповедници. Лажните науки се појавуваат во сè поголем број. Светот се развива со сè поголем степен на образованост, а гревот, неверството и безверието стануваат сè посмели и попркосни со зголемувањето на интелектуалното знаење и остроумност. Заради таквата состојба мора да се напрегнат сите сили на умот, бидејќи проповедникот ќе наиде на проникливи умови кои се под власта на сатаната. Тој мора да биде добро урамнотежен со помош на верските начела, развивајќи се во доблеста и во познавањето на нашиот Господ Исус

Христос. Премногу се работи без систем и не се вежбаат сите способности на умот. Нашите проповедници мора да ја бранат вистината од подлите отпадници и да изнесуваат силни докази од Светото Писмо наспроти оние кои проповедаат уверливи заблуди. Вистината мора да се изнесува наспроти дрските тврдења. Нашите проповедници мора да бидат потполно посветени на Бога, луѓе кои поседуваат висок степен на образование. Но нивниот ум треба да биде вжарен од пламенот на верата; и собирајќи божествени зраци на светлина од небото, тие треба со нив да отсјајуваат среде мракот кој ја обвиткал земјата и густата темнина која го обвиткува народот. {5C 528.2}

Постојано се шират пороците, злосторствата и беззаконието од секој вид. Убедливата сила на библиската вистина мора да покаже спротивност меѓу вистината и заблудата. За добро служење на Учителот потребен е повисок степен на подготвување. Меѓутоа, ако проповедникот се потпира само на знаењето кое го стекнал и ако не чувствува потреба за секојдневно божествено просветлување, тогаш неговото образование е само камен на сопнување за неверниците. Нам ни е потребно Богот на секоја мудрост да нè поттикнува во нашата работа, во сите наши постапки. Тогаш секое знаење ќе претставува сила на добро и ќе придонесува за развојот на способностите и ревност слична на Христовата. Тоа е вера. {5C 529.1}

---

61. НАКЛОНЕТОСТ КОН СВЕТОВНОСТ

Драги брате Ф., време е детално да ги испитаме нашите срца за да видиме дали сме во Божјата љубов и вера. Ако не дојде до будење меѓу нас кои имавме толку голема светлина и многу предимства, ќе паѓаме сè подлабоко, ќе пропаднеме, а нашата судбина ќе биде полоша од судбината на Хоразин и Витсаида, бидејќи Христос за овие градови кажал: „Ако во Тур и Сидон беа чудата, што станаа кај вас, тие одамна би се покајале во вреќиште и пепел" (Матеј 11:21). {5C 529.2}

Крајно време е да се заземеш за сопствената душа и за душите на твоите деца. Твојот повик во Христа го бара тоа. Тешка болка ја погодува мојата душа и моето срце е трогнато и тажно гледајќи те во каква состојба се наоѓаш. Бидејќи знам дека постојано ќе ја менуваш својата поткрепа ако не се преобразиш. „Барајте Го Господа, додека можете да Го најдете; викајте Го додека е близу" (Исаија 55:6). Те преколнувам да го понизиш своето срце пред Бога и никако да не престануваш да вложуваш напори, сè додека не станеш друг човек. Јас длабоко се интересирам за твоето духовно добро и би сакала сесрдно да се бориш за твоето спасение и за спасението на твоите драги деца, со кои постапуваш исто како што Илија постапувал со своите деца. Заложи се за Господа со сето твое влијание. Твоите деца нека видат дека ти не си човек кој се поведува по моменталните чувства, туку човек со непоколебливи начела. Тие ќе се угледаат на примерот што ќе им го покажеш. Сè додека не забележам дека се менуваш на подобро, јас ќе ти праќам апели и ќе те поттикнувам. {5C 529.3}

Ние се приближуваме кон крајот на времето. Но не треба само да ја исповедаме сегашната вистина, туку мораме и да живееме според неа. Строго испитај ги темелите на твојата надеж за спасение. Додека се наоѓаш на положба на гласник на вистината,

како стражар на ѕидовите на Сион, не можеш твојот интерес да го посветуваш на рудниците или бизнисот со недвижнини, а истовремено да бидеш делотворен во извршувањето на светата задача која е доверена во твои раце. Не смее да има двоумење таму каде што се работи за човечките души, каде што се вклучени вечни интереси. Ова посебно важи за тебе. Ти грчевито сакаш да се збогатиш. На мнозина им зборуваше како може да се заработи со вложување на пари во земјиште во _____. Мислите постојано ти беа обземени со користа од овој потфат, и тоа додека вршеше должност на Христов проповедник кој се заветуваше дека со својата душа, тело и дух ќе се посвети на спасување на душите. Истовремено примаше пари од благајната за да се издржуваш ти и твоето семејство. Со твоето зборување ти сакаше да го одвлечеш интересот и парите на нашиот народ од нашите институции и од работата на подигање на царството на Спасителот на земјата. Ти имаше намера да ги наведуваш луѓето своите пари да ги вложуваат во потфати, во кои ти ги уверуваше дека за кратко време ќе се дуплираат, ласкајќи им дека така многу повеќе ќе го помогнат Божјото дело. Ти можеби не им препорачуваше намерно да не вложуваат во Божјото дело; но некои немаат други пари, освен оние кои ги вложиле во нашите институции и ги земаа од таму, за да ги вложат согласно со твоите барања. {5C 530.1}

Ние во извесна мера сме чувари на нашите браќа. Поврзани сме лично со душите кои преку заслугите на Исуса Христа можат да копнеат за слава, чест и бесмртност. Нашите зборови, дела, однесување, молитви и верно извршување на должноста влијаат на нивната чистота, искреност, ревност, доследност и побожност. Христос на Своите ученици им рекол: „Вие сте светлината на светот" (Матеј 5:14). Христовите проповедници мораат во црквата и на поединците да ги изнесуваат фактите дека самото исповедање на верата, па и кај адвентистите на седмиот ден, е без сила за добро, ако не произлегува од искрена побожност. Од црквите треба да свети светлината на верата, а посебно од проповедниците. Нејзините зраци мора да бидат јасни и постојани. Таа не смее да се покажува само во посебни прилики, а потоа само да тлее, како да ќе се изгаси секој момент. Доблестите на Исус Христос секогаш ќе светат во карактерот на вистинските верници и тие секогаш ќе ја вметнуваат во сè науката на нашиот Спасител. Така ќе се открие превозвишеноста и силата на евангелието. Од секој член на црквата се бара да биде во жива врска со Изворот на сета светлина и да биде духовен работник, придонесувајќи со својот дел и пренесувајќи светлина на светот со добри дела. {5C 531.1}

Посебно проповедникот треба да внимава да не западне во никакви земни потфати, туку да одржува постојана врска со Изворот на сета сила, за да може точно да претставува што значи да се биде христијанин. Тој треба да се одвои од сè што на било кој начин би ги одвоило неговите мисли од Бога и од големото дело за ова време. Христос очекува од него како од Свој вработен слуга да биде сличен на Него во духот, мислите, зборовите и делата. Тој од секој што го отвора Светото Писмо пред другите очекува да постапува внимателно и разумно, да не ги користи своите способности немудро за да не им наштети и да не ги злоупотреби туку да биде во состојба да врши добро дело за Господа. Секоја душа е повикана активно да работи во некоја гранка на делото, а Пастирот ќе го води своето стадо и ќе управува со него. {5C 531.2}

Проповедникот не смее да го употреби својот јазик за да им зборува на луѓето како на најдобар начин да го закопаат своето богатство во земјата, туку да ги упати како со сигурност да го вложат во небесната банка. Јас се молам Господ да ти подари духовно распознавање, бидејќи сигурно ќе претрпиш бродолом на верата ако твојата духовна

состојба не се промени. Тебе ти е неопходна Божјата сила што преобразува, и ако не се промениш потполно, сигурно ќе ја напуштиш вистината. Но, ако го задобиеш и целиот свет, тоа нема ништо да ти користи ако ја изгубиш својата душа. Господ нека ти помогне брате мој, брзо да дојдеш при себе и да постапуваш како човек со урамнотежен дух. Прифати ја својата задача со посветена уста и срце и оди понизно пред Бога. {5C 532.1}

---

62. ПРАКТИЧНА ПОБОЖНОСТ

Драги браќа и сестри од Оукленд, чувствувам потреба да ви напишам. Често зборувам со вас во своите сонови и секогаш ве гледам во некоја неволја. Меѓутоа, што и да ви се случи не смеете да станете малодушни и да дозволите вашата вера да стане само безживотна формалност. Милостивиот Исус е подготвен богато да ве благослови, но ние мораме да стекнеме искуства во верата, во сесрдната молитва и во радоста во Божјата љубов. Зар треба секој од нас да се најде лесен кога ќе биде мерен на мерилата? Ние мораме да бдееме над самите себеси и будно да внимаваме на секое несвето движење на нашата природа, за да не ги изневериме големите одговорности кои Бог ни ги дал како претставници меѓу луѓето. {5C 532.2}

Мораме да ги проучуваме опомените и укорите што Бог му ги давал на Својот народ во минатите векови. Ние не сме без светлина. Знаеме од какви дела треба да се чуваме и на кои закони мораме да се покоруваме, и ако според тоа, не се трудиме да дознаеме што е исправно, тоа е затоа што злото повеќе им годи на нашите телесни срца отколку доброто. {5C 532.3}

Секогаш ќе има непостојани во верата кои ќе чекаат верата на другите да ги води понатаму. Тие немаат искуство во познавањето на вистината и затоа не го ни почувствувале нејзиното свето дејство во своите срца. Секој член на црквата има задача мирно и ревно да го испита своето срце и да види дали неговиот живот и неговиот карактер се во согласност со големото мерило на Божјата праведност. {5C 533.1}

Господ направи големи работи за вас во Калифорнија, посебно во Оукленд, но Тој со радост би направил и многу повеќе кога вашите дела би биле во согласност со вашата вера. Бог никогаш не може неверството да го награди со богат благослов. Размислете за тоа што направи Бог и знајте дека тоа е само почеток од она што сака да го направи. {5C 533.2}

Мораме многу повеќе да го цениме Светото Писмо од досега, бидејќи во него е откриена Божјата волја за луѓето. Не е доволно само да кажеме дека Божјата реч е вистина, туку мораме да го истражуваме Светото Писмо за да знаеме што содржи тоа. Дали Библијата ја прифаќаме како „Божја жива реч”? Таа за нас е исто толку божествено средство за соопштување како да ни доаѓа со глас кој се слуша. Ние не ја сфаќаме нејзината драгоценост, затоа што не се покоруваме на нејзините поуки. {5C 533.3}

Секаде околу нас на дело се злите ангели, но ние не ги забележуваме со нашите природни очи и затоа на нивната реалност не обрнуваме внимание како што тоа е изложено во Божјата реч. Кога во Светото Писмо не би имало ништо што е тешко за сфаќање, човекот би се издигнал читајќи ги неговите страници и би станал горд и самоуверен. Не е добро некој да мисли дека го разбира секој дел на вистината, затоа што не може да ја разбере во целост. И затоа никој нека не си ласка себеси дека целосно ги разбира сите делови на Светото Писмо и да се чувствува должен да им ги објаснува

на сите, за сè да им биде јасно како и нему. Искоренете ја интелектуалната гордост. Јас го подигам својот глас во опомена против секој облик на духовна гордост. Денес во црквата ја има премногу. {5C 533.4}

Кога се виде дека вистината која ние ја застапуваме денес е библиска вистина, беше сметана за мошне чудна и наидовме на големо противење кога првпат ја објавуваме на народот. А колку послушни и искрени беа работниците кои ја сакаа вистината! Ние навистина бевме избран народ. Бевме малкумина, без богатство, без светска мудрост и чест; па сепак, со вера во Бога бевме силни, имавме успех и бевме страв и трепет за оние кои правеа зло. Нашата меѓусебна љубов беше постојана, и не можеше лесно да се поколеба. Кога меѓу нас се покажуваше Божјата сила, болните беа излекувани и имавме изобилие на тивка, слатка и света радост. Но иако примаше сè поголема светлина, црквата не напредуваше во сразмер со неа. Чистото злато стануваше сè потемно и мртвилото и формализмот ја парализираа енергијата на црквата. Иако имаше сјајни предимства и можности, Божјиот народ не ги искористи за да се издигне во светост и чистота. Кога тој верно би ги искористил талантите што Бог му ги доверил, тие таланти многукратно би се зголемиле. Кај е дадено многу, многу и ќе се бара. Само оние кои верно ќе ја прифатат и ќе ја ценат светлината што Бог ни ја подари и кои ќе заземат висок и благороден став во самоодрекувањето и пожртвуваноста ќе бидат канали на светлина за светот. Оние кои не напредуваат, ќе назадуваат, дури и на самата граница на небесниот Ханан. Ми беше откриено дека нашата вера и нашите дела никако не одговараат на светлината која ни е дадена. Ние не смееме да имаме половична вера, туку совршена вера која работи преку љубовта и ја чисти душата. Бог вас во Калифорнија ве повикува целосно да се соедините со Него. {5C 534.1}

Посебно треба да се внимава на личната независност. Ние сме војници на Христовата војска и во разните гранки на делото мора да има единство на акцијата. Никој не смее да работи на своја лична одговорност и во нашите списанија да ги застапува своите сфаќања на учењата на Библијата, ако е познато дека други меѓу нас имаат други мислења и со тоа да се направи судир. Ова го направија адвентистите на седмиот ден. Секој се раководеше со своето лично расудување и се трудеше да истакне оригинални идеи, така што на крајот не се сложуваа во ништо, освен во противењето кон адвентистите на седмиот ден. Не смееме да тргнеме по нивниот пример. Секој работник треба да работи во согласност со останатите. Следбениците на Исус Христос не смеат да работат независно едни од други. Нашата сила треба да биде во Бога и треба да се користи внимателно и штедливо, да биде вложена во благородна, посветена активност. Таа не смее да биде растурена од бесмислени движења. {5C 534.2}

Во единството е силата. Меѓу издавачките претпријатија и другите наши институции треба да владее единство. Кога би имало единство тие би биле сила. Меѓу работниците не смее да има раздор и неслога. Делото е едно и со него раководи еден Водач. Осамените и усилени напори само направија штета. Колку и да се силни, тие имаат мала вредност, бидејќи после нив сигурно доаѓа реакција. Мораме да имаме истрајност и постојано да се трудиме да ја дознаеме и вршиме Божјата волја. {5C 535.1}

Браќа и сестри, ние не треба да дозволиме да не носи струјата на популарните, широко распространетите сфаќања. Наша сегашна должност е да излеземе од светот и да се одвоиме. Ова е единствениот начин на кој можеме да одиме со Бога, како што правел и Енох. Божественото влијание постојано ги надополнувало неговите човечки напори. Како и тој, и ние сме повикани да имаме силна, жива, делотворна вера, бидејќи тоа е единствениот начин на кој можеме да бидеме соработници на Христа. Мораме да

ги исполниме условите што се назначени во Божјата реч или да умреме во своите гревови. Мораме да знаеме кои морални промени мора да се извршат во нашиот карактер со Христова благодат, за да бидеме достојни за небесните дворови. Со Божји страв ви велам дека сме во животна опасност слично како Евреите, - лишени од Божјата љубов, и непознавајќи ја Неговата моќ, додека засенувачката светлина на вистината свети насекаде околу нас. {5C 535.2}

Десет иљади по десет иљади луѓе можат да тврдат дека се покоруваат на законот и евангелието, а сепак да живеат во престапи. Мнозина можат јасно да им ја изложуваат вистината на другите, а нивните срца сепак да бидат телесни. Гревот може да се сака и да се прави во тајност. Божјата вистина за нив може да не е вистина затоа што нивните срца не се посветени преку неа. Љубовта кон Спасителот нема моќ да ги зауздува нивните ниски страсти. Познато ни е од историјата дека луѓето можат да се наоѓаат на свети положби, а сепак да имаат лажен став кон Божјата вистина. Тие не можат да ги подигаат светите раце кон Бога, „без гнев и расправии" (1. Тимотеј 2:8). Тоа е затоа што Бог не владее со нивните мисли. Вистината никогаш не удрила печат на нивните срца. „Бидејќи со срцето се верува за оправдание". „Возљуби Го Господа, својот Бог, со сето свое срце, и со сета своја душа, и со сиот свој разум" (Римјаните 10:10; Матеј 22:37). Дали постапувате така? Мнозина не постапуваат и никогаш не постапувале така. Нивното обратување било само површно. {5C 536.1}

„И така, ако сте воскреснале заедно со Христос", кажува апостол Павле, „барајте го она што е горе, каде што Христос седи оддесно на Бога; мислете за небесното, а не за земното" (Колосјаните 3:1, 2). Срцето е тврдината на човекот. Од него произлегува живот или смрт. Додека не го исчисти своето срце, човек не може да има никаков дел во црквата со светите. Зар Оној што ги испитува срцата не знае кој му попушта на гревот и кој ја занемарува својата душа? Зар нема сведоци за најтајните работи во сечиј живот? Бев принудена да слушнам зборови што некои луѓе им ги кажуваат на жените и на девојките - ласкави зборови, кои измамуваат и занесуваат. Сатаната ги употребува сите овие средства за да ги уништи душите. Некои од вас на тој начин можат да бидат негови орудија; ако е така, тогаш ќе морате да одговарате за тоа на страшниот суд. Ангелите за таквите зборуваат: „Тие никогаш не ги предале своите срца на Бога. Христос не е во нив. Во нив нема вистина. Нејзиното место го заземаа гревот, измамата и лагата. Тие не веруваат во Божјата реч и не живеат според неа". {5C 536.2}

Сегашната активност на сатаната во влијанието врз поединците и врз црквата како народ, треба да предизвика страв кај секој што ги проучува пророштвата. Крајот е близу. Нашите цркви треба да се пробудат. Секој верник поединечно треба да ја почувствува Божјата моќ за преобразување во своето срце, и тогаш ќе видиме длабоко дејствување на Светиот Дух. Простувањето на гревовите не е само резултат на Исусовата смрт. Тој поднел бескрајна жртва не само за да се отстрани гревот, туку и природата на човекот да биде обновена, разубавена и повторно изградена од урнатините за да се оспособи за Божјо присуство. {5C 537.1}

Ние треба да ја покажеме нашата вера со дела. Треба да настојуваме во поголема мера да го покажуваме Христовиот Дух; бидејќи во тоа лежи силата на црквата. Сатаната се труди да ги раздели Божјите деца. О колку малку љубов имаме - љубов кон Бога и едни кон други! Ако словото и духот на вистината престојуваат во нашите срца, тие нè одвојуваат од светот. Непроменливите начела на вистината и љубовта спојуваат срце со срце и силата на таа врска е сразмерна со благодатта и вистината што ги поседуваме. Би било добро секој од нас да застане пред огледалото - возвишениот Божји закон - и во

него да ги види ликот на сопствениот карактер. Треба грижливо да внимаваме да не поминат незабележано знаците на опасност и опомените дадени во Неговата реч. Ако ги занемариме тие опомени и ако не ги совладаме недостатоците на карактерот, тие недостатоци ќе го совладаат оној што ги поседува и тој ќе западне во заблуда, отапдништво и отворен грев. Умот кој не се издига до највисокиот степен ќе го загуби и она што некогаш го стекнал, кога неговите сили ќе попуштат. „Затоа, кој мисли дека стои, нека гледа да не падне". „А вие возљубени, знаејќи го ова однапред, пазете се од измамата на беззаконициите за да не бидете одведени со нив, и да не отпаднете од својата утврденост, туку да напредувате во благодатта и во познанието на нашиот Господ и Спасител Исус Христос" (1. Коринтјаните 10:12; 2. Петрово 3:17,18). {5C 537.2}

Бог во овие последни денови избрал народ на кого му го доверил Својот закон, и тој народ секогаш ќе има непријатни должности за извршување. „Ги знам делата твои, трудот твој и трпението твое, и дека не можеш да ги поднесеш лошите; знам дека си ги испитал оние што себеси се нарекуваат апостоли, а не се, и дека си утврдил дека се лажговци; дека имаш трпение, дека си поднесувал за името Мое и дека не си се уморил" (Откровение 2:2, 3). Потребна е голема будност и постојана борба за злото да се држи далеку од црквите. Мора да се спроведува строга, непристрасна дисциплина, бидејќи некои кои имаат само обличје на побожност ќе се трудат да ја ослабат верата на другите и во тајност ќе работат на тоа да се издигнат самите себе. {5C 538.1}

Господ Исус на Маслинската гора јасно рекол: „И бидејќи беззаконијата ќе се умножат, кај мнозина љубовта ќе олади" (Матеј 24:12). Тој зборува за оние луѓе кои паднале од висок степен на духовност. Таквите зборови со свечена, испитувачка сила нека се пробијат во нашите срца. Каде се ревноста и преданоста на Бога кои одговараат на големината на вистината во која тврдиме дека веруваме? Љубовта кон светот, љубовта кон некој омилен грев ги одвратиле срцата од молитвата и од размислувањето за светите нешта. Формалните верски обреди се одржуваат; но каде е Исусовата љубов? Духовноста изумира. Треба ли непостојано да се продолжува тоа мртвило, тоа жалосно опаѓање? Треба ли светилникот на вистината да тлее и да изгасне во мракот, затоа што постојано не се полни со маслото на благодатта? {5C 538.2}

Би сакала секој проповедник и секој наш работник ова прашање да го сфати како што ми беше прикажано на мене. Самоиздигањето и вообразеноста го уништуваат духовниот живот. Се издигнува сопственото „јас", се зборува за себе. О, кога тоа „јас" би умрело. „Секој ден умирам", кажува апостол Павле. Кога таа горда и фалбахиска вообразеност и таа ласкава самоувереност ја исполнуваат душата, тогаш нема место за Христа. Нему му се дава подредено место, а сопственото „јас" го зголемува значењето и го исполнува целиот храм на душата. Тоа е причината зошто Бог може да направи толку малку за нас. Кога Бог би соработувал со нас во нашите напори, додека се наоѓаме во таквата состојба, човекот иако е само орудие, целата слава би ја препишал на сопствената големина, мудрост и способност и би се фалел како фарисејот: „Постам двапати во седмицата, давам десеток од сè што ќе стекнам" (Лука 18:12). Кога сопственото „јас" би било сокриено во Христа, не би излегувало толку често на површината. Сакаме ли да ја сфатиме смислата на Светиот Дух? Сакаме ли повеќе да се посветиме на практичната побожност, а помалку на механичкото подесување? {5C 538.3}

Христовите слуги треба да живеат како да се наоѓаат пред Неговите очи и пред очите на ангелите. Тие мора да се трудат да ги сфатат потребите на нашето време и да се подготват за нив. Сатаната постојано нè напаѓа на нови и неиспитани начини, и зошто

раководителите во Божјата војска да бидат неделотворни? Зашто и една нивна способност да остане неразвиена? Треба да се изврши едно големо дело - и ако не постои сложно залагање, тогаш за тоа причина се себичноста и самоувереноста. Само ако грижливо го извршуваме налозите на Господарот, без да ставаме наш печат на делото, можеме да го извршиме складно и успешно. Ангелот кажува: „Збијте ги редовите, збијте ги редовите!” {5C 539.1}

Ве повикуваме сите вие кои вршите света должност да размислувате повеќе за практичната религија. Колку ретко се забележува чувствителна совест, искрена душевна тага и каење за гревот! Тоа е затоа што во нас нема длабоки поттикнувања на Светиот Дух. Нашиот Спасител е онаа скала која ја видел Јаков, чиј што под бил на земјата, а врвот им допирал до највисокото небо. Тоа укажува на патот на спасението. На крајот ќе се спасат само оние кои ќе се држат за Исуса како стопалото што стои на скалите. За верниците Христос е мудрост и праведност, посветување и откупување. Никој нека не мисли дека е лесно да се победи непријателот и дека може да се издигне до бесмртното наследство без напори од своја страна. Ако погледнеме наназад, ќе добиеме вртоглавица; ако ја изгубиме потпората, ќе пропаднеме. Малку се оние кои сфаќаат дека е неопходна постојана борба за да победат. Тие попуштаат во својата трудољубивост и заради тоа стануваат себични и почнуваат да си угодуваат себеси. Не сфаќаат дека духовната будност има големо значење. Во христијанскиот живот не внесуваат сесрдност на своите напори. {5C 539.2}

Некои кои мислат дека стојат цврсто ќе доживеат страшен пад, бидејќи имаат вистина, но не онаа која што е во Исуса. Моментално невнимание може една душа да ја фрли во неповратна пропаст. Еден грев води во втор, вториот го подготвува патот за трет и така натаму. Ние, верните Божји гласници, мораме постојано да се молиме Тој да нè чува со Својата сила. Ако и најмалку застраниме од должноста, постои опасност да тргнеме по пат кој ќе заврши со пропаст. За секој од нас има надеж, но само на еден начин, а тој е да одржуваме постојана врска со Христа и со сите сили да се бориме да го достигнеме совршенството на Неговиот карактер. {5C 540.1}

Верата која лекомислено го набљудува гревот, мислејќи дека Бог го сака грешникот без оглед на неговите постапки, само го поддржува грешникот во неговото верување дека Бог ќе го прими, иако постојано продолжува да го прави она што знае дека е грев. Тоа го прават и некои кои тврдат дека веруваат во сегашната вистина. Вистината се држи далеку од животот, и тоа е причината зашто таа нема сила да ја пробуди и да ја обрати душата. {5C 540.2}

Бог ми покажа дека некои луѓе во Калифорнија во својот живот никогаш не ја внеле онаа вистина која е во Исуса. Тие ја немаат религијата на Библијата. Никогаш не се обратиле, и ако нивните срца не се посветат на вистината која ја примиле, ќе бидат споредени со каколот, бидејќи не раѓаат гроздови од драгоцениот плод кој ќе покаже дека се прачки на Живата Лоза. {5C 540.3}

„Барајте Го Господа, додека можете да Го најдете; викајте Го додека е близу. Нечесниот нека го остави патот свој, и беззаконикот - помислите свои и нека се обрати кон Господ, нашиот Бог, - и Тој ќе го помилува, зашто е многу милостив” (Исаија 55:6, 7). Животот на мнозина покажува дека тие немаат жива врска со Бога со Бога. Поведувајќи се по околностите, тие во духот и животот се поистоветуваат со останатиот свет. Тие всушност немаат никаков дел со Христа. Желни за забава и уживање, тие се исполнети со себични идеи, планови, надежи и амбиции. Додека тврдат дека му служат на Бога, тие всушност му служат на непријателот. Тие се наоѓаат во ропски синџири на својот

господар, а тоа се синџири кои сами ги избрале согласувајќи се да бидат доброволни робови на сатаната. {5C 540.4}

Лажните идеи кои мнозина ги застапуваат, дека секое ограничување на децата е штетно, ќе упропастат илјадници и илјадници. Доколку будно не бдеете над своите деца, сатаната сигурно ќе го запоседне нивниот ум и нивните мисли. Не дозволувајте да се дружат со неверниците. Одделете ги од таквото друштво. Одделувајќи се и самите од таквите, покажете им дека сте на страната на Господа. {5C 541.1}

Ќе сакаат ли оние кои сакаат да бидат деца на највозвишениот да живеат повозвишен живот - не само додека се на нашите состаноци, туку непрестано? Зар не сакате да бидете на страната на Господа и свесно да Му служите од сè срце? Ако постапувате како децата на Израел, кои ги прекршиле Божјите заповеди, сигурно е дека ќе ве стигне Неговата казна. Но, ако се одречете од гревот и ако практикувате жива вера, ќе примите најобилни благослови од небото. {5C 541.2}

Базел, Швајцарија, 1. март 1887.

---

63. „ВАША РАЗУМНА СЛУЖБА”

„Подајте ги телата ваши во жртва, жива, света и благоугодна на Бога, кое е ваша разумна служба” (Римјаните 12:1). {5C 541.3}

Во времето на стариот Израел свештениците критички ја испитувале секоја благодарствена жртва. Ако се открила некаква мана, животното не било примано, бидејќи Господ сакал жртвата да биде „без мана”. Ние треба нашите тела да ги принесеме како жива жртва на Бога, и зар не треба да се трудиме нашата жртва да биде што посовршена? Бог ни ги дал сите поуки за нашата физичка, умна и морална добробит. Затоа секој од нас е должен својот начин на живеење во секој детаљ да го усогласи со божественото мерило. Зар Господ ќе се задоволи со нешто друго, освен со најдоброто што можеме да му го дадеме? „Возљуби Го Господа, својот Бог, со сето свое срце” (Матеј 22:37). Ако навистина Го љубите со сето свое срце, ќе се трудите да Му ја подарите најдобрата служба во вашиот живот и ќе копнеете сите сили на вашето битие да ги доведете во хармонија со законите кои ќе ве направат уште поспособни да ја творите Неговата волја. {5C 541.3}

Секоја способност на нашето битие ќе ни биде дадена за да можеме да извршуваме служба угодна на нашиот Господар. Бидејќи преку гревот сме ги изопачиле Божјите дарови и нашите способности сме ги предале на кнезот на темнината, Христос нè откупил со Својата драгоцена крв. „А Христос умре за сите, та живите да не живеат веќе за себеси, туку за Оној Кој умре за нив и воскресна” (2. Коринтјаните 5:15). Не треба да ги следите обичаите од овој свет. „Не сообразувајте се со овој век, туку преобразете се со возобновување на вашиот ум” (Римјаните 12:2). {5C 542.1}

64, СВЕТОВНИ ВЛИЈАНИЈА

Драга сестро Г., моето срце е исполнето со љубов и наклонетост кон тебе. Денешната состојба на твоето семејство несомнено е последица на тоа што ги следеше своите погрешни идеи. А ова сè уште не е крајот. Не ја согледа опасноста која ти се закануваше заради твојот близок однос со роднините. Тие имаа поголемо влијание на тебе и на твоите, отколку ти на нив; иако ти се роднини, тие се престапници на Божјиот свет закон и се голема пречка на твоето духовно добро. Нивниот живот исто толку му е одвратен на Бога како и животот на секој што ја одбива светлината и вистината, и не прифаќа никаков доказ во нивна полза. Штетните впечатоци влијаеја на твојот ум и на твоите постапки. Бог се погрижи спасението да ни биде на дофат, но Тој не ни го наметнува принудно. Тој во Својата реч поставил услови и ние треба ревно, трудољубиво, со срце и со ум да работиме за да ги дознаеме тие услови, за да не направиме некоја грешка и да не го изгубиме правото на небесните дворови. {5C 542.2}

Не можеме истовремено да му служиме на Бога и на светот. Не смееме нашите чувства да ги сконцентрираме на нашите роднини во овој свет кои не сакаат да ја запознаат вистината. Можеме на сите начини да се трудиме нашата светлина да свети при дружењето со нив; меѓутоа, нашите зборови, однесување, обичаи и постапки во никој случај не смееме да ги прилагодуваме на нивните поими и обичаи. Ние мораме да ја истакнуваме вистината при сите контакти со нив. Ако не сме во состојба да го правиме тоа, тогаш ќе биде подобро за нашата духовност што е можно помалку да се дружиме со нив. Ако имаме друштво кое влијае на нас да ги заборавиме Божјите возвишени барања, тогаш самите се изложуваме на искушенија и нашите морални сили стануваат премногу слаби за да им се спротивставиме. Ние тогаш го примаме духот на оние со кои се дружиме и ги прифаќаме нивните поими, додека светите и вечни нешта за нас стануваат помалку значајни од поимите на нашите пријатели. Речено накратко, изложени сме токму на оној квасец кој непријателот на секоја правда сака да ни го подметне. {5C 543.1}

Младите, ако бидат донесени под ова влијание, повеќе се погодени од него отколку постарите. На нивниот ум влијае сè - лицата што ги гледаат, гласовите што ги слушаат, местата што ги посетуваат, пријателите со кои се дружат и книгите што ги читаат. Невозможно е да се процени значењето на друштвото кое го одбираме за себе, а посебно за нашите деца, како за овој, така и за идниот живот. {5C 543.2}

Првите години од животот се позначајни од секој друг период во животот. Тогаш се тргнува или во исправен или во погрешен правец. Од една страна, може да се стекнат површни навики; од друга страна, може да се стекне солидно, драгоцено знаење неопходно за практичниот живот, може да се запознае Бог и да се научи како да се разиваат способностите што Тој ни ги подарил. Најголемо животно значење за нашето сегашно и идно добро е познавањето на божествената вистина како што е откриена во Божјата Реч. {5C 543.3}

Ние живееме во време кога сè што е лажно и површно се воздига над вистинското, природното и трајното. Умот мора да се ослободи од сè што може да го наведе на погрешен пат, не смее да се оптоварува со бесмислени приказни кои не ја зголемуваат силата на умните способности. Мислите го примаат карактерот на она со што го храниме нашиот ум. Подобро е времето посветено на непотребни, безначајни нешта, да го употребиме за размислување за чудесните тајни на планот на спасението и сите сили што ни ги дал Бог да ги употребиме за проучување на Господовите патишта, за нашите нозе да не се сопнат на мрачната планина на неверството или да застранат од патот на

светоста, кој бескрајната Жртва го израмнила за по него да одат откупените во Господа. Силата на умот и стекнатото знаење се драгоцености кои не можат да се купат ниту со офирско злато. Нивната цена ги надминува среброто и златото. Младите обично не го бираат тој пат на образование. Децата ги следат своите желби, претпоставки и склоности, самите одлучуваат што им се допаѓа, а што не. Меѓутоа, ако родителите имаат исправно гледиште за Бога, вистината и друштвото во кое треба да бидат нивните деца, тие ќе почувствуваат дека се одговорни пред Бога цврсто да ги водат неискусните млади по правиот пат, знаејќи дека ќе го жнеат она што ќе го посеат. {5C 544.1}

Кога мојот глас би можел да допре до родителите во целата земја, би ги опоменала да не попуштаат на желбите на своите деца при изборот на другари и пријатели. Родителите немаат во предвид дека младите многу полесно ги прифаќаат штетните и лоши влијанија отколку божествените, и затоа треба да се бира друштво кое ќе има најповолно влијание за растење во благодатта и вистината која е откриена во Божјата реч. Ако децата се дружат со оние кои зборуваат за безначајните земни нешта, и нивниот дух ќе стане таков. Слушајќи како се исмеваат начелата на верата, како се омаловажува нашата вера, слушајќи ги лукавите примедби за вистината, тоа ќе се вкорени во нивните мисли и ќе влијае на обликувањето на нивниот карактер. Ако нивните мисли потполно се обземени со читање на романи, без разлика дали се вистински или измислени, во нив нема да има место за корисни знаења или науки со кои треба да се занимаваат. Каква пустош направи во умовите наклонетоста за читање на бесмислени романи! Таа ги уништи начелата на искреноста и вистинската побожност, кои се основи на правилно развиен карактер. Таа е слична на таен отров кој полека продира во организмот и чиишто последици порано или подоцна ќе се појават. Лошиот впечаток на душата оставен во младоста е печат кој не е втиснат на морски песок, туку на тврда карпа. {5C 544.2}

Вашите деца имаат такво друштво што на нив не може на ниеден начин да се влијае да ги остават навиките штетни за здравјето. Тие се нетрпеливи ако се не е онака како што сакаат тие. Христијанските совети им се одвратни. Тие се наоѓат на пат кој води во пропаст и секој обид да се упатат во спротивен правец во нивните срца предизикува најлоши чувства. Тие се производ на околностите. Тоа рано обликување, неповолно за верски впечатоци, силно влијаело на нив во секој нареден чекор. Обезбедете им на децата што е можно поповолна околина; бидејќи друштвото што ќе го одберат, начелата што ќе ги усвојат и навиките што ќе ги стекнат ќе ја доведат во прашање нивната корисност овде и за нивното идно, вечно добро, и тоа неодминливо. Родителите не смеат да попуштаат пред склоностите на своите деца, туку треба да одат по патот на должноста што Бог јасно го означил, обуздувајќи ги во благост, одвратувајќи ги со цврстина и решителност, но со љубов, од нивните лоши желби и водејќи ги со истрајни, сесрдни напори и со молитва во срцето сè подалеку од овој свет, насочувајќи ги кон небото. На децата не смее да им се дозволи да прават што сакаат и да одат по патиштата кои се отворени во сите насоки и кои ги застрануваат луѓето од правиот пат. Никој не се наоѓа во толку голема опасност како оние кои не ја сфаќаат опасноста која им се заканува, а не сакаат да прифатат предупредувања и совети. {5C 545.1}

Ти пишувам денес вака затоа што гледам во каква опасност се наоѓаш. Има многу луѓе кои ти ласкаат и го искористуваат твоето гостопримство, без да се потрудат да ти помогнат со добар совет, додека јас морам да ти укажам на опасноста која ти не ја согледуваш, а која ќе ги доведе во прашање твоите сегашни и вечни интереси. Се приближуваме кон бурни времиња и мораме да ги проучуваме вистинските темели на

нашата вера. Потребно е да ја читаме книгата на законот за да видиме дали нашето право на бесмртното наследство е без мани. {5C 546.1}

Луѓето го сметаа нашиот народ за премногу безначаен за да му посветуваат некакво внимание, но ова ќе се промени. Во христијанскиот свет сега се појавуваат движења кои неодминливо ќе предизвикаат да се истакне народот кој го држи Божјиот закон. Божјите вистини постојано се заменуваат со теории и лажни човечки учења. Се појавија движења кои имаат за цел да ја заробат совеста на оние сакаат да бидат верни на Бога. Законодавните власти ќе бидат против Божјиот народ. О, кога, како народ, би биле мудри самите и кога таа мудрост би ја пренеле на своите деца! Секое тврдење на нашата вера ќе се стави на испитување и ако не ја проучуваме Библијата исцрпно, ако нашето знаење не биде цврсто втемелено, нас ќе нè заведе мудроста на големите луѓе од овој свет. {5C 546.2}

Светот е вознемирен, загрижен и посветен да чини зло. Луѓето ревно го вршат злото како да е правда, веруваат во заблудите како да се вистина и прават гревови како да се светост. Мрак ја покрива земјата, и длабока темнина народите. Зар Божјиот народ треба да спие во вакво време? Зар оние кои ја имаат вистината треба да молчат како парализирани? Неверниците зборуваат дека би биле многу попобожни кога би го исповедале она во што христијаните тврдат дека веруваат. Ако веруваме дека се приближува крајот на сè „каков треба да ви биде вашиот свет живот и побожноста ваша?" (2. Петрово 3:11). {5C 546.3}

Секоја душа што верува во вистината ќе го покаже тоа и со своите дела. Сите треба да бидеме што посесрдни и понепоколебливи во своите напори да придобиваме души за Христа. Ако вистината се вкорени длабоко во нивните срца, тие ќе копнеат да ја всадат и во срцата на другите. Вистината премногу долго се држи во предворјето. Внесете ја во внатрешниот храм на душата, поставете ја на престолот на вашето срце и потчинете ѝ го својот живот. Ние треба да ја проучуваме Божјата Реч и да му се покоруваме. Тогаш срцето ќе најде мир, среќа и радост и нашите мисли ќе бидат насочени кон небото. Меѓутоа, ако вистината се чува одделена од животот, во предворјето, срцето нема да биде загреано од пламенот на Божјата добрина. {5C 547.1}

Мнозина Исусовата вера ја чуваат само за посебни денови или за посебни прилики, додека во останатото време ја забораваат и занемаруваат. Непоминливото начело на вистината не важи само неколку часови во сабота, и за неколку дела на милосрдие, туку треба да влезе во срцето и да го облагороди и посвети срцето. Ако човекот дури и за еден момент би бил безбеден без посебна светлина и сила од небото, тогаш Божјата вистина воопшто не би му била потребна. Библијата, чистата и света Божја Реч, мора да биде негов советник и водач, владеечка сила во неговиот живот. Таа постојано ќе ни дава поуки, ако сакаме да ги примаме во нашите срца. {5C 547.2}

Авраам бил човек кој имал Божја благонаклоност. Господ рекол: „Зашто Јас го познавам него, тој ќе им заповеда на своите деца и својот дом после него како да одат по Господовиот пат и да прават она што е праведно и добро" (Создавање 18:19). Бог го пофалил Аврам затоа што ја негувал верата во својот дом и во сите членови на своето семејство влевал Господов страв. „Зашто Јас го познавам него, тој ќе им *заповеда*" - тоа значи дека нема да ја изневери светата доверба што му е дадена, дека нема да слуша никој друг освен Бога. Постои закон и Авраам ќе го исполнува. Слепата љубов нема да го замрачи неговото чувство за праведност и нема да се испречи меѓу Бога и неговите деца; тој нема да управува со таква благост, која всушност е најголема свирепост. {5C 547.3}

И родителите и децата му припаѓаат на Бога и мора да Му се покоруваат. Авраам управувал со својот дом здружувајќи ги љубовта и авторитетот. Божјата реч дала правила според кои треба да се управуваме. Овие правила за нас претставуваат закон од кој не смееме да отстапуваме, ако сакаме да одиме по Господовиот пат. Божјата волја е највисокиот закон. Ние не смееме да се прашуваме: Што прават другите? туку: Што рекол Бог? Ниту родителите, ниту децата нема да бидат среќни, освен ако одат по Господовиот пат. {5C 548.1}

Благодарна сум што имаш благородни синови кои се трудат да одат по Господовите патишта, но се надевам дека појасно ќе ја разбереш должноста кога го бираат нивното друштво. Тоа ќе одлучи дали ќе напредуваш во духовен поглед, или ќе станеш џуџе во својот религиозен живот. Мораш да се покоруваш на наредбите на совеста, колку и да е тешко тоа. Тоа ќе ти помогне да стекнеш морална сила. Должноста честопати е крст кој мораме да го понесеме. Молитвите и благоданоста кон Бога не секогаш се упатуваат без борба. На патот по кој мораме да одиме има саомодрекувања и крст, но ние мораме да одиме по него ако сакаме да стигнеме до вратата на Божјиот град. Исус го покажал патот, ќе сакаме ли да одиме по него? {5C 548.2}

Ние мораме да соработуваме со Бога, не само заради нашето сопствено спасение, туку и во нашите напори да ги спасиме другите. Така ќе станеме учесници во планот на спасението и ќе добиеме свој дел во вечната слава. Бог од тебе бара да трчаш по твојот пат кон целта, „кон наградата на горното признание од Бога во Исус Христос" (Филипјаните 3:14). Господ нека те благослови, тоа е мојата молитва. Но имај на ум дека ако си соединета со Христа мора да бидеш Негов соработник. Ако секој ден не соработуваме со Светиот Дух, нашата побожност и верските должности ќе се смалат во толкава мера што ќе им одговараат само на нашите лични интереси. Интересирањето за душите на другите доведува до проширување, продлабочување и постојаност на христијанскиот карактер. {5C 548.3}

Господ доаѓа. Се приближуваме кон домот и потребно е да примаме поголемо вдахновение на небесната атмосфера. Тогаш ќе станеме едно со Спасителот во сите Негови планови. Треба да се воздигнеме, да бидеме делотворни во добри дела и во состојба и другите да ги воздигнуваме. {5C 549.1}

---

65. ПОТРЕБИТЕ НА НАШИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Од време навреме Светиот Дух ми наложуваше да објавам сведоштво во поглед на неопходноста во нашите институции и во разни други гранки од делото да бидат вработени луѓе со најдобри способности. Досега не се посветуваше доволно внимание на обезбедувањето на најдобри способности во сите гранки на делото. Оние врз кои лежат одговорности мора да бидат луѓе способни за работа - луѓе кои Бог може да ги поучува и кои може да ги почествува со мудрост и расудување, како што бил Даниел. Тоа мора да бидат мисловни луѓе - луѓе кои го носат Божјиот печат и кои постојано напредуваат во светоста, во моралното достоинство и во сфаќањето на своето дело. Тоа мора да бидат луѓе од молитва - луѓе кои ќе се искачат на гората и ќе ја видат славата на Бога и достоинството на небесните суштества на кои Бог го доверил Своето дело. Тогаш,

како Мојсеј, и тие ќе се придржуваат на прописите што им се дадени на гората и ќе бидат подготвени да обезбедат и да посветат најдобри способности што можат да бидат употребени. Ако тоа се луѓе кои имаат посветен разум, кои напредуваат и го слушаат Божјиот глас и кои се трудат да го фатат секој зрак на светлина од небото - тогаш тие, слично на Сонцето, без застранувања ќе одат по својот пат и ќе се развиваат во Божјата мудрост и благонаклоност. {5С 549.2}

Издавачкиот отсек е значајна гранка на Божјото дело и сите оние кои соработуваат во него треба да чувствуваат дека тоа дело го одредил Бог и дека целото небо се интересира за истото. Посебно оние кои учествуваат во раководењето на тоа дело треба да имаат сестран ум и посветено расудување. Тие не смеат да ги растураат Господовите пари заради својата немарност или деловна неспособност, ниту смеат да ја ограничуваат работата со освојување на тесногради планови и со доверување на работата на луѓе со ограничени способности. {5С 550.1}

Повеќе пати ми беше покажано дека со сите наши институции треба да управуваат луѓе кои се наклонети кон духовноста и кои во своето раководство нема да ги мешаат сопствените несовршени идеи и планови. Тоа дело не смее да се довери на луѓе кои ќе го мешаат светото со земното и кои ќе сметаат дека Божјото дело е исто што и земните работи, дека со него може да се управува така како што тие управуваат со своите земни работи. Сè додека во нашите институции не соработуваат луѓе кои имаат сестран ум и кои можат да изготвуваат планови во согласност со развојот на Божјото дело и неговото возвишено обележје, секогаш ќе постои тенденција да се смалува сè што се презема и ќе се нанесува срам на Бога. О, кога сите врз кои лежи одговорност во врска со Божјото дело би се издигнале во повисока, посвета атмосфера во која треба да се наоѓа секој вистински христијанин! Кога тие би сакале да го направат тоа, тогаш би се издигнале и тие и делото кои го претставуваат и би се наметнале со свето достоинство предизвикувајќи почит кај сите кои се поврзани со Божјото дело. {5С 550.2}

Меѓу оние кои се вработени во нашите институции има луѓе кои не бараат совет од Бога, кои не се прилагодуваат на големите начела на вистината што Бог ја поставил во Својата Реч и кои постојано покажуваат очигледни недостатоци во својот карактер. Заради тоа недостатоците на човечкото раководење го попречуваа најголемото дело што некогаш е доверено на смртниците. Доколку небесните прописи беа раководечки начела, сите гранки на Божјото дело би се наоѓале многу поблиску до совршенство. {5С 550.3}

Оние што се наоѓаат на водечки положби треба да бидат луѓе со доволно сестрано сфаќање за да знаат да ги ценат лицата со образуван ум и да ги изградуваат во сразмер со одговорностите што ги имаат. Вистина е дека оние што учествуваат во Божјото дело не треба да работат само заради платата што ја добиваат, туку за слава на Бога, за напредок на Неговото дело и за стекнување на непропадливо богатство. Во исто време не можеме да очекуваме оние кои се способни точно и ревно да ја извршат работата за која се потребни размислување и трудољубиви напори, да не добиваат поголема награда од помалку способните работници. Способноста мора исправно да се процени. Оние кои не го ценат доброто работење и вистинската способност не треба да бидат раководители во нашите институции, бидејќи ќе влијаат на тоа да се ограничи работата и да се спушти на пониско ниво. {5С 551.1}

Ако сакаме нашите институции да бидат успешни заради што се наменети од Бога, тогаш на непоколебливата верност и духовната ревност треба да додадеме сесрдна молитва. Можеби ќе бидат потребни поголеми трошоци за во Божјото дело да се

вработат исправни работници, но тоа во крајна линија ќе се покаже како заштеда. Иако е неопходно штедењето да се спроведува секаде каде што е можно, ќе се покаже дека штедењето на тој начин што се вработуваат оние кои работат за ниски плати и чијшто карактер одговара на нивните плати, на крајот ќе доведе до загуба. Божјото дело ќе заостане и ќе биде потценувано. Браќа, можете да штедите колку што сакате во личните потфати - во градењето на вашите куќи, во купувањето на облека, во снабдувањето со намирници и во општите трошоци; меѓутоа, немојте тоа штедење да го применувате во Божјото дело и на тој начин да ги спречувате способните луѓе, луѓе со вистинска морална вредност да учествуваат во тоа дело. {5C 551.2}

На олимписките игри, на кои апостол Павле го задржува нашето внимание, од оние кои учествувале на трките најпрво се барало целосно да се подготват. Тие со месеци вежбале со разни тренери за телесни вежби со цел да стекнат телесна сила и енергија. Нивната исхрана била ограничена на продукти кои ќе го одржат телото во најдобра кондиција, а нивната облека им овозможувала секој орган и секој мускул да бидат слободни. Кога оние кои учествуваат во трката за земни почести се принудени да се подложуваат на строга дисциплина за да успеат, колку е понеопходно оние кои учествуваат во Господовото дело да бидат целосно дисциплинирани и подготвени ако сакаат да постигнат успех! Колку што небесното е поважно од земното, толку и нивните подготовки треба да бидат посестрани, посесрдни и нивната пожртвуваност поголема отколку кај оние кои копнеат за световни почести. И духот и телото треба да се навикнат на најтешка и најистрајна работа. Патот до успехот не е лесен, ниту пак по него се патува со луксузен автомобил, туку е напорен, преполн со пречки кои можат да се совладаат само со истрајни напори. {5C 552.1}

Браќа мои, ние ни на половина не се трудевме од она што е потребно за на оние кои би можеле да работат да им објасниме колку е значајно да се подготват за таа работа. Ако не ги дисциплинираат своите способности, нивното работење ќе биде несовршено. Меѓутоа, ако ги подготвуваат мудри и посветени учители и ако ги води Светиот Дух, тие ќе бидат во состојба не само да прават добри дела, туку ќе можат да ги изведат на правиот пат и оние кои работат со нив. Затоа мора постојано да се трудат да научат како уште подобро да работат на делото на кое се посветиле. Никој не смее да се оддаде на неработење и мрзеливост, туку мора да се трудат да се возвишат и облагородат, за заради недоволното воспитување да не пропуштат да го сфатат возвишениот карактер на делото и за да не го унижат според своите ограничени мерила. {5C 552.2}

Ми беше покажано дека во книговодството на многу оддели од нашето дело има големи недостатоци. Книговодството беше, и секогаш ќе биде значаен дел на работата во нашите институции како и во сите гранки на мисионерство и затоа се потребни оние кои станале професионалци во тоа. За да се извршува оваа должност правилно, без брзање и премор, потребни се подготовки, но оспособувањето на квалификувани лица за оваа работа срамно беше запоставувано. Гревот дозволи едно толку големо дело какво што е нашето да се извршува невнимателно и погрешно. Бог бара совршено работење, до крајните можности на луѓето. Да се извршува оваа работа поинаку значи да се срамоти светата вистина и нејзиниот Творец. Видов дека меѓу работниците во нашите институции нема да има хармонија и сложно работење, ако не се потчинуваат на Божјиот авторитет. Господ ќе биде невидлив заповедник ако сите се покоруваат на Неговите наредби; но мора да има и едно лице кое ќе биде водач и кое се бои од Бога. Господ никогаш нема да прифати негрижливи и неуредни работници, ниту ќе сака да ги

води напред и нагоре кон благородните висини и кон сигурна победа оние што се самоволни и напокорни. Ако душата се издигнува и напредува, тоа значи дека Исус е закон во срцето. Срцето што Тој го исполнува со мир, радост и благословени плодови на Неговата љубов станува Негов храм и Негов престол. „Вие сте Ми пријатели", кажува Исус, „ако го вршите она што ви заповедам Јас" (Јован 15:14). {5C 553.1}

Нашите институции ниту оддалеку не се такви какви што Бог би сакал да бидат, затоа што мнозина кои работат во нив не одржуваат заедништво со Бога. Не се развиваат. Не учат непрестано од Исуса и затоа не стануваат сè поделотворни. Кога би Му се приближиле и би побарале помош од Него, Тој би одел со нив и би разговарал со нив, би бил нивен советник во сè и би им подарил небесна мудрост и знаење исто како на Даниел. {5C 553.2}

Пред многу години ми беше покажано дека нашиот народ многу заостанал во стекнувањето на знаење со кое би се квалификувал за доверливи положби во делото. Секој член на црквата треба да се потруди да се квалификува во работата за Господа. На секого е доделена некоја должност според неговите способности. Дури и сега во дванаесетиот час, треба да се потрудиме за делото да воспитаме способни луѓе, кои би можеле да заземат доверливи позиции и кои со својата поука и пример би ги воспитале сите со кои доаѓаат во контакт. {5C 554.1}

Некои заради себично славољубие го задржуваа за себе знаењето што можеа да го предадат на други. Некои други не сакаа да се потрудат да поучат уште некого. А тоа е најдоброто дело што може да се направи за Исуса. Христос кажува: „Вие сте светлината на светот" (Матеј 5:14), и затоа мораме да настојуваме нашата светлина да свети на луѓето. {5C 554.2}

Ако во сè се раководевме според она што го кажа Господ за овие прашања, нашите институции денес би биле на многу повисоко ниво; но луѓето се задоволија со мали достигнувања. Тие не се трудеа со сите сили да ги развијат своите умни, морални и физички способности. Не согледаа дека Бог го бара тоа од нив, ниту пак сфаќаа дека Христос умрел за да можат да го вршат ова дело. Заради тоа, тие далеку заостанаа зад она што можеа да бидат по интелигенцијата, по способноста да мислат и да планираат. Можеа на доблеста да додаваат доблест и знаење на знаењето и така да станат силни во Господа. Но пропуштија да го направат тоа. Сега секој нека се фати за работа, цврсто решен да се воздигне. Денес не е толку голема потребата за повеќе работници отколку за поспособни и попосветени работници. {5C 554.3}

---

66. НАШИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО БАТЛ КРИК

Фактот дека во Батл Крик се сконцентрирани толку важни институции доведе до големи зла. Опасностите се многубројни, затоа што непосветените само чекаат некоја промена на состојбата за со сите свои сили да се стават на страната на злото. Кога сите оние што работат во нашите институции би биле побожни и духовно настроени, надевајќи се на Бога повеќе отколку на самите себе, насекаде би се забележувал многу поголем напредок од оној што го гледаме сега. Но ние не можеме да бидеме сигурни во ништо, ако меѓу нас постои толку голем недостаток на понизна доверба и зависност

од Бога. Нам денес мошне ни се потребни луѓе крстени со Свети Дух, луѓе кои ќе одат со Бога како Енох. Нам не ни се потребни луѓе со толку тесни погледи што го ограничуваат делото наместо да го прошируваат и кои се раководат со начелото: „Религијата си е религија, работата си е работа". Потребни ни се далекувиди луѓе, кои ќе ја сфатат ситуацијата од причините до последиците. {5C 555.1}

Колеџот

Учителите во нашиот колеџ треба да бидат мажи и жени со урамнотежен дух, со голем морален углед, луѓе кои знаат како треба да постапуваат со другите и да имаат вистински мисионерски дух. Кога сите би биле такви, товарот што лежи врз претседателот би бил полесен и би била отстранета опасноста тој предвреме да се исцрпи. Но токму оваа мудрост недостасува. {5C 555.2}

Не е пожелно школаринаta да биде премала. Таа треба да биде доволна да се покријат трошоците, дури и кога колеџот не би примал толку големи прилози. Оние кои навистина ја согледуваат предноста на овој колеџ ќе поднесат вонредни трошоци за да се образуваат во истиот. Поголемиот дел од оние што доаѓаат заради ниската школарина не се од никаква полза на другите ученици ниту на црквата. Колку е поголем бројот толку е попотребно согледување, тактичност и будност заради надзор над нив. {5C 555.3}

Кога колеџот почна со работа, во „Преглед и Гласник" беше основан еден фонд кој им помагаше на оние што сакаат да се образуваат, а немаат средства. Него го користеа повеќе студенти, на кои им се помогна во почетокот и кои можеа да заработат доволно за да ги вратат добиените пари, за другите да можат да ги користат. {5C 556.1}

Сега би требало да се погрижиме да се одржат овие фондови, од кои би можело да им се позајмува на сиромашните, но достојни студенти кои сакаат да се подготват за мисионерска работа. Меѓу нас има способни луѓе, кои би направиле добра услуга на делото, ако ние се погрижиме за нив и ги охрабриме. Ако некој е премногу сиромав за да може да се образува во колеџ, црквата треба да смета за предност што може да ги сноси неговите трошоци. На младите треба јасно да им се каже дека тие мораат самите да ги сносат трошоците, колку што е можно. Тоа што се плаќа малку, малку и се цени; она што ќе се плати приближно на својата вистинска вредност, повеќе ќе се цени. Но црквите од сите краеви треба да знаат дека се должни да ги воспитаат младите и старите за работа на мисионерското поле. Ако видат дека меѓу нив има луѓе кои имаат изгледи да станат корисни работници, но не се во состојба да се образуваат, треба да знаат дека се должни да ги испратат во колеџ за да стекнат образование и да се развијат. {5C 556.2}

Потребни квалификации на раководителите

Луѓето што сега работат во нашите значајни институции треба целосно да се реформираат. Тие имаат некои драгоцени карактерни особини, но имаат недостиг од некои други. Треба да имаат поинаков карактер - карактер сличен на Христовиот. Мораат да имаат на ум дека сè уште не достигнале совршенство, дека работата за изградување на карактерот не е завршена. Ако одат во светлината што Бог им ја дал, ако себе се споредуваат со карактерот и животот на Христа, ќе видат дека не ги исполниле барањата на Божјиот закон и ќе копнеат да станат совршени во својот делокруг, како Бог што бил совршен во Својот. Ако тие луѓе го сфатеа значењето на ова, денес би се наоѓале

на многу повисоко ниво и би биле многу посоодветни за својата должност. Тие треба да настојуваат да го усовршат својот карактер за време на овие часови на милост. Мораат секојдневно да учат од Христа. Тие се поврзани со Божјото дело не затоа што се совршени, непогрешни, без мани и недостатоци, туку дека се поврзани и покрај тие недостатоци. Бог од нив очекува постојано да учат и да се трудат да го следат својот Пример сè додека работат во Неговото дело. {5C 556.3}

Исус ги поврзал Јован, Петар и Јуда со Себе во Својата работа и ги направил Свои соработници; но истовремено тие морале постојано да учат од Него. Морале од Неговото божествено учење да црпат поуки со кои ќе ги исправаат своите погрешни идеи и погледи за тоа што го сочинува христијанскиот карактер. Јован и Петар не биле совршени, но ја користеле секоја прилика за да научат нешто. Петар не научил да нема доверба со самиот себе сè додека не попуштил на искушенијата на сатаната и не се одрекол од својот Господ. Јуда исто како и овие ученици имал можности да се поучи од Христа, но тој не ги ценел тие поуки. Само слушал, но не извршувал. Последиците јасно се прикажани во неговото предавство на својот Господ. {5C 557.1}

Луѓето што Бог ги поврзал со Своите институции не смеат да мислат дека не мора да се развиваат, затоа што се наоѓаат на одговорни положби. Ако се угледни луѓе, чувари на најсветите интереси што некогаш им биле доверени на смртниците, тогаш мора да станат ученици. Не смеат да мислат дека ништо не им треба, не смеат да имаат високо мислење за себе. Секогаш мораат да имаат на ум дека се движат на света почва. Божјите ангели се подготвени да им помогнат, и тие постојано мора да примаат светлина и сила од небото, инаку нема да бидат посоодветни за делото од неверниците. {5C 557.2}

Кога карактерите на луѓето што работат во издавачката куќа во Батл Крик би се променил за да можат да имаат благотворно влијание врз другите, можностите би биле многу поповолни. Без разлика што мислат вработените за своите способности, јас имам основа да кажам дека мораат во многу нешта да се поправат, ако сакаат да станат достојни за своите должности. Можеби тие сметаат дека можат да им даваат совети на другите, но на ним им е потребен совет од Оној што е непогрешлив во својата мудрост. Тие можат да ги загрозат големите и значајни интереси и работата да ја насочат во погрешен правец. Кога сите повеќе би го чувствувале своето незнаење и помалку би се надевале на себе, би можеле од својот голем Учител да се научат на благост и кротост на срцето. {5C 558.1}

Бог посматра сè што се случува во издавачката куќа. „Ти си Бог што гледа сè" (Создавање 16:13), тоа секогаш треба да го имаме на ум. Секој што извршува некоја должност во издавачката куќа треба да биде љубезен и учтив кон сите. Ако луѓето секогаш имаат чувство дека Христос е присутен, тоа ќе ги одврати од повредувањето на правата на другите, што толку често се случува во светот, а му е одвратно на Бога. {5C 558.2}

Браќа мои, најважната должност е да обезбедите Божји благослов во вашите срца. Тогаш тој благослов внесете го во своите домови, оставете го критикувањето, победете ги маните и дозволете да завладее дух на ведрина и благост. Вие и во издавачката куќа ќе ја внесувате истата атмосфера што владее во домот и небесен мир ќе ги исполни вашите души. Каде што владее Христовата љубов тука има и нежност и внимателност кон другите. Најблагородното дело на кое можат да се посветат моите браќа е развивање на карактер сличен на Христовиот. {5C 558.3}

Ми беше покажано дека оние што раководат со нашите институции секогаш треба да имаат на ум дека постои еден главен раководител, а тоа е небесниот Бог. Треба да се

има строга чесност во сите деловни потфати во секоја гранка на делото; и постојано да се одржува ред, но со цврстината треба да се спои милосрдието, сожалувањето и трпението. Правдата има сестра близначка - љубовта. Тие мора да одат една со друга. Библијата треба да биде наш водач. Човек не може да биде во поголема заблуда кога мисли дека во неволја може да најде подобар водач од Божјата Реч. Благословената реч мора да биде светилник на нашите нозе. Поуките од Библијата мора да се применат во секојдневниот живот. {5C 559.1}

Состаноците на управните одбори

Оние што се дел од нашите одбори треба секојдневно да седат покрај Исусовите нозе и во Неговата школа да се поучуваат како да бидат понизни и благи во срцето. Бидејќи и тие се обични, слаби и грешни луѓе, мора да негуваат наклонетост и сожалување кон другите што грешат. Тие не можат да се подготват да постапуваат праведно, да ја сакаат милоста и да поседуваат вистинска учтивост која го обележувала животот на Христа, ако не ја согледаат потребата да се соединат со Него. Лицата на кои им се доверени одговорности треба да сфатат дека се наоѓаат пред Божјите очи, и постојано треба да имаат на ум дека, како ограничени луѓе, при правењето планови се подложни на грешки доколку постојано не одржуваат блиска врска со Бога и доколку не се трудат од својот карактер да го отстранат секој недостаток. Мора да се мерат според божественото мерило. {5C 559.2}

Секој што учествува на состаноците на управните одбори треба ревно да се труди за да стекне мудрост одозгора. На секој состанок треба да се чувствува преобразувачката Христова благодат. Тогаш Светиот Дух ќе влијае на срцата на присутните и ќе направи нивната работа да биде исправна. Тој ќе ја стиши бучната расправија и ќе ги растера несветите влијанија од овој свет заради кои луѓето стануваат груби, расположени за критикување, дрски и подготвени да обвинуваат. {5C 559.3}

Кога се одржуваат состаноци на одбори, присутните изговараат неколку формални зборови во вид на молитва, но всушност, само сесрдната и искрена молитва, искажана со жива вера, во кроток и покајнички дух ги приближува нивните срца кон Бога. Ако лицата на одговорни положби се одвојат од Бога на секоја мудрост и сила, тие во својот однос со ближните не можат да ја сочуваат чесноста која Бог ја бара од нив. Без божествена мудрост нивниот дух ќе биде вткаен во одлуките што ги донесуваат. Ако овие луѓе не одржуваат врска со Бога, сатаната сигурно ќе биде присутен на заседанијата и ќе ја искористи нивната непосветеност. Ќе се извршува неправда затоа што Бог нема да претседава на нивните состаноци. Светиот Дух постојано треба да биде владеечка сила која ќе управува со срцето и умот. {5C 560.1}

Вие треба да го повикувате Господа да биде присутен на секое ваше заседание. Ако го чувствувате Неговото присуство на вашите собири, секоја одлука ќе ја разгледувате совесно и со молитва. Секоја лоша побуда ќе биде задушена и сите ваши одлуки ќе бидат означени со праведност, како малите, така и големите. Најпрво барајте совет од Бога, бидејќи тоа е неопходно за да можете меѓусебно да се советувате. {5C 560.2}

Треба да бдеете и да внимавате работата да не ве наведе да ја запоставите молитвата во миговите кога ви е најпотребна силата што ја дава молитвата. Постои опасност побожноста да биде потисната од душата заради претераната оддаденост на работата. Големо зло е да се лиши душата од силата и небесната мудрост која ви стои

на располагање. Потребна ви е просветленост што само Бог може да ви ја даде. Никој не е способен да раководи со своите потфати ако не ја поседува таа мудрост. {5C 560.3}

Откако беше формирано Издавачкото Друштво, беше давана светлина од време навреме кога ќе се појавеше забуна, и Господ често ги изложуваше начелата кон кои треба да се придржуваат сите работници. На почетокот на делото, постојано ни беа пред очи сериозните одговорности кои лежат врз оние што се наоѓаат на одговорни положби и ние на Господа му се обраќавме три до пет пати дневно за да ни подари небесна мудрост за да можеме да ги штитиме светите инереси на Божјото дело и на Неговиот избран народ. {5C 560.4}

Ќе направите најголема лудост ако го исклучите Бога од вашите одбори и ако се потпрете на човечката мудрост. Со тоа што се наоѓате на одговорни положби, вие во нарочна смисла сте светлина на светот. Треба да чувствувате сесрдна желба за одржување на постојана врска со Богот на мудроста, светлината и знаењето за да станете канали на светлината. Во ваша надлежност спаѓаат важни прашања кои се однесуваат на напредокот и успехот на делото на сегашната вистина. Како тогаш ќе бидете способни да донесувате правилни одлуки, да правите мудри планови и да давате мудри совети ако на тој начин не одржувате врска со Изворот на сета мудрост и праведност? Премногу лекомислено ги сфативте задачите што треба да ги извршите на вашите одбори. Секојдневните разговори, обичните забелешки, приказните за тоа што прават другите беа дел од тие важни состаноци. Треба да имате на ум дека вечниот Бог е сведок на сите ваши состаноци. Окото на Јехова кое гледа сѐ ја одмерува секоја ваша постапка и ја споредува со Својот свет закон, со Своето големо мерило на правдата. Оние што се советници мора да бидат побожни луѓе, верни, целосно слободни од себичноста, луѓе кои не се осмелуваат да се потпираат на сопствената човечка мудрост и кои сесрдно ќе се молат за светлина, да можат на најдобар начин да ги извршуваат работите што им се доверени. {5C 561.1}

Световни начини за водење на работата

Начинот на водење на работата кој го користат световните луѓе не смее да биде начин кој ќе го усвојат и спроведуваат луѓе што работат во нашите институции. Себичноста нема небесно, туку земно потекло. Овој свет се раководи со начелото: „Целта ги оправдува средствата”, и тоа се забележува во сите гранки на дејствување. Ова начело има одлучувачко влијание на сите општествени слоеви, во големите собранија меѓу нациите и секаде каде што Христовиот Дух не е владеечко начело. Сите оние кои се поврзани со издавачката куќа и сите што служат во колеџот и санаториумот треба да поседуваат претпазливост, грижливост, тактичност и умешност. Меѓутоа, законите на правдата не треба да се запоставаат и никој не смее да мисли дека е правило да обезбедува успех само во својата гранка на делото без оглед на другите гранки. Мора да се обрне внимание да успее секоја гранка во делото, за ниедна да не биде лишена од своите потреби. Во овој свет богот на трговијата најчесто е бог на измамата. Меѓутоа, така не смее да биде кај оние кои работат на Божјото дело. Светското мерило не смее да биде мерило на оние кои се занимаваат со свети нешта. {5C 561.2}

Кога пред мене беа изнесени сцените на Судот, видов дека книгите во кои се запишуваат делата на луѓето покажуваат дека некои кои исповедаат побожност во нашите институции се управуваат според светските мерила, и не се придржуваат строго на Божјото големо мерило на правдата. Во целосност ми беа покажани односите на

луѓето во меѓусебното работење, а посебно оние кои се поврзани со Божјото дело. Видов дека не смее да има користољубиво работење меѓу браќата кои претставуваат значајни институции, што можеби се различни, но се гранки на истото дело. Тие секогаш мора да имаат благороден, понизен дух, сличен на Христовиот дух. Во нивното работење не смее да има место за тврдокорност. Тие не смеат да го помагаат Божјото дело со ниедна постапка која е спротивна на Христовиот Дух и карактер. Себичниот начин на работење кај еден брат ќе предизвика исти склоности кај другите. Меѓутоа, дарежливоста и вистинската пресретливост ќе пробудат исти такви склоности и кај другите, а тоа ќе му биде угодно на нашиот небесен Татко. {5C 562.1}

Световниот начин на работење не треба да се меша со здравото расудување, иако тоа честопати се прави. Световниот начин на работење е еден вид на себичност, било каде да се покажува. Здравото расудување никогаш не е стопирано во своето работење. Умот кој поседува здраво расудување има сестрани поими и не се насочува само на едно нешто. Тоа ги набљудува нештата од сите агли, додека световниот начин на работење има ограничен видик. Притоа се забележува само најблискиот предмет, но не се гледаат целите кои се оддалечени. Постојано се бара прилика да се стекне некаква корист. Оние што работат на начинот од овој свет за себе градат куќа, а го вадат темелот од куќата на другиот. Секоја зграда мора да се изгради на вистински темели за да може да стои. {5C 563.1}

Авторски приход од книгите

Умствените работници поседуваат капитал што им го дал Бог. Резултатите од нивното работење му припаѓаат на Бога, а не на луѓето. Ако работникот верно го одработува времето за кој е платен, тогаш вработувачот не може да му поставува други услови. И ако таквиот работник, со својата вредност и заштеда на време, подготви и други дела достојни за објавување, тогаш може да ги употреби на начин со кој мисли дека најдобро ќе му послужат на Божјото дело. Ако се одрече од сè освен од малиот хонорар, тогаш направил добро дело за оние кои работат со книги, и од него не треба да се бара повеќе. Бог не го смета Одборот за публикации за одговорен за совеста на другите. Одборот не смее упорно да се обидува да ги натера луѓето да ги прифатат неговите услови. {5C 563.2}

Писателите се одговорни на Бога за начинот на кој ги употребуваат своите средства. Парите се потребни. Ќе се отвораат нови мисионерски полиња, а тоа бара големи трошоци. Оние што добиле таланти од Бога треба да ги умножат според своите способности, бидејќи на тој начин ќе имаат дел во помагањето на Божјото дело. Кога членовите на Управниот одбор сметаат и бараат целата заработка од нашите книги да му припаѓа на Издавачкото друштво и на посредниците и сметаат дека писателите на книгите, кога ќе им се плати времето и трошоците за пишувањето на книгата, треба да се откажат од уделот во заработката, тогаш врз себе преземаат задача која не можат да ја извршат. Писателите исто толку се грижат за напредокот на Божјото дело како и оние од Управниот одбор. Некои од нив во Божјото дело соработуваа од самиот почеток. {5C 563.3}

Ми беше покажано дека има сиромашни луѓе за кои единствен начин да заработат е умствената работа. Исто така постојат деловни луѓе кои соработуваат со нашите институции, но кои не им дораснале на истите, и кои не ги искористија поуките што Бог ги даваше од време навреме за раководењето на тие институции. Тие во своето

работење не внесоа вистинска вера и Христов Дух. Според тоа Издавачкото друштво не смее да стане сила која управува со сè. Мора да се почитуваат надареноста и правата на поединците. Кога би се дала одредба сите резултати на личната надареност да се вложуваат во Издавачкото друштво, тогаш би биле запоставени други значајни интереси. {5C 564.1}

Бог на секој човек му дал работа. На некои им дал таланти на пари и влијание. И оние кои при срце го имаат доброто на Божјото дело ќе го разберат Неговиот глас кој им зборува што треба да работат. Ќе се чувствуваат должни да работат во правецот во кој треба да работат. {5C 564.2}

Неколку пати ми беше покажано дека кон братот Х. се постапува неправилно и неблагородно откако почнал да работи во Батл Крик. Се растажувам кога морам да ја изнесам причината за таквото постапување. А причината е затоа што дојде како странец и сиромав. Затоа што е сиромав, ставен е во непријатна положба и неговото сиромаштво му е ставено до знаење. Луѓето што соработуваат со нашите институции сметаа дека можат да му наметнат свои услови и тој се најде во мошне незгодна положба. Во неговиот живот има жални поглавија кои не мораа да се случат ако неговите браќа беа благонаклонети и ако постапуваа со Него како што постапувал Христос. Божјото дело секогаш мора да биде чисто и од најмала неправда и ниедна постапка поврзана со него не смее да потсетува на тврдокорност или угнетување. {5C 564.3}

Господ внимава на интересите на секој човек. Тој секогаш бил пријател на сиромашните. Речиси во сите срца на оние кои се занимаваат со свети нешта, има некој чуден недостаток на љубов слична на Христовата. На моите браќа, каде и да се наоѓаат, сакам да им кажам: развивајте ја Христовата љубов! Таа треба да се излева од душите на христијаните како поток во пустина, освежувајќи и разубавувајќи, внесувајќи радост, мир и ведрина во нивниот живот и во животот на другите. „Никој од нас не живее за себе” (Римјаните 14:7). Ако се покаже и најмало угнетување на сиромашните и неправедно постапување со нив во најмала мера, Бог ќе ги повика угнетувачите на одговорност. {5C 565.1}

Не трудете се да поставувате неправедни и нечесни услови на старешината Ј., на професорот Х. ниту на било кој друг работник. Немојте да ги присилувате да ги прифаќаат условите на оние кои не знаат што значи да се напише книга. Овие луѓе имаат совест и одговорни се пред Бога за капиталот што им е доверен и начинот на кој ќе го употребат и вие не смеете да бидете нивната совест. Тие сакаат да им се овозможи парите што ќе ги заработат со напорна работа да ги вложат каде што Светиот Дух ќе сака. {5C 565.2}

Моите браќа треба да имаат на ум дека Божјото дело не го опфаќа само издавачката куќа во Батл Крик и останатите тамошни институции. Никој подобро од братот Ј. не знае како е формиран уредот. Тој работеше во издаваштвото уште на почетокот - кога беше притиснат со сиромаштија, кога храната на нашите трпези одвај ги задоволуваше природните потреби, бидејќи моравме да се одречуваме од многу нешта во исхраната, облеката и платите, за листот (списанието) да може да живее. Тогаш тоа навистина беше неопходно, и оние што поминаа преку тоа искуство ќе бидат подготвени да го направат истото под слични околности. {5C 565.3}

На оние што немаа искуства во тие неволи, туку стапија во делото денес кога тоа цвета, не им прилега од првоборците да бараат да почитуваат услови кои ги сметаат за неправедни. Братот Ј. го сака Божјото дело и своите пари ќе ги вложи за негово напредување секаде каде што ќе види дека тоа е потребно. Затоа оваа задача на

примање и вложување пари препуштете им ја на оние кои се повикани за тоа - луѓе на кои Бог им дал таланти на углед и способност. Тие одговараат пред Бога за парите. Ниту Издавачкото друштво ниту неговите управувачи не треба да бидат надзорници на овие писатели. {5C 566.1}

Ако управата ја оствари својата намера да ги наметне своите услови на браќата Х. и Ј., зар овие писатели нема да сметаат дека со нив се постапува неправедно? Зар пред нив нема да се отвори една врата на искушенија и со тоа да се загрози слогата работењето и љубовта? Кога управителите би ја приграбиле сета заработка, тоа не би било само загуба за делото, туку би довело редица зла кои би биле судбоносни за Издавачкото друштво. Тоа уште повеќе би го поттикнало духот на нетрпеливост, кој во одредена мерка веќе се покажува на нивните заседанија. Сатаната сака со луѓето кои соработуваат во објавувањето на светата вест на вистината да завладее тесноградост и вообразеност, што му се одвратни на Бога. {5C 566.2}

Истите начела кои важат за работењето во нашите институции во Батл Крик важат во целото поле на работа. Ги додавам следниве извадоци од едно писмо кое го напишав на братот К. на 8. ноември 1880 година: {5C 566.3}

„Пред тебе се отвора едно широко поле на работа, но мнозина се оддалечуваат од едноставноста на делото. Сега е време да се работи, и тоа да се работи според Божјиот мудар совет. Ако во мисијата и во саботната школа воведеш непосветени лица, делото ќе стане само форма. Работниците во сите гранки на делото треба да бидат штедливи, да ја имаат Христовата едноставност и да се трудат да допрат до срцата на луѓето". {5C 566.4}

„Нам ни се заканува опасност да се прошириме на поголем простор и да формираме повеќе претпријатија отколку што сме во состојба да одржиме. Постои опасност да занемариме некои значајни гранки на делото, а да посветиме прекумерно внимание на други гранки. Да се преземат обемни задачи од кои ниедна не може да се изврши добро значи дека се планира лошо. Ние мораме да одиме напред, но не смееме во таа мера да се оддалечиме од едноставноста на делото што ќе ни биде неможно да се грижиме за сите потфати, а притоа да не ги жртвуваме нашите најдобри работници со цел сите потфати правилно да се развиваат. Мора да се има обѕир кон животот и здравјето". {5C 567.1}

„Мораме секогаш да бидеме подготвени да го следиме Божјото провидение, но не смееме да се впуштаме во потфати за кои не сме во можност успешно да ги оствариме. Мораме да го чуваме и да го зголемиме интересот за нашите постоечки институции". {5C 567.2}

Постојано се отвораат сè пошироки и пошироки полиња на работа. Мора да имаме пошироки видици во поглед на изборот и образување на работници кои треба да работат на доведување на души до вистината. Нашите млади проповедници треба да се бодрат решително да прифатат да работат, да се воспитуваат за тоа едноставно и совесно. Се чудам кога ќе видам колку малку се ценат нашите млади проповедници и колку малку внимание им покажуваат луѓето. Сепак, некои од нив се ревни во делото и сè работат со несебично залагање". {5C 567.3}

„Во односот кон работниците не смее да има тесноградост и нечесност без разлика дали се скромни или угледни… Треба да има повеќе Христови доблести, а помалку себичност. Треба да се искорени острото критикување. Секој работник треба да негува љубов и милосрдие. Ако Исус не дојде во срцето и не завладее со него, ако себичноста не се задуши, а Христос не се издигне, тогаш нема да се развиваме како народ. Брате,

те преколнувам да работиш потполно со Бога, не да остваруваш многу планови туку да се бориш делото да се остварува совесно и сестрано, за да биде трајно”. {5C 567.4}

_____

68. ХРИСТИЈАНСКОТО ВЛИЈАНИЕ ВО ДОМОТ И ВО ЦРКВАТА

Драги брате и сестро Л. мошне сум загрижена за вас. На вашите срца им е потребна Божјата благодат што пробразува. Потребен ви е Христов дух. Во Христовата школа треба да се научите на благост и кротост на срцето. Вие не согледувате колку ви е потребна длабока, внатрешна побожност и живеете во самоизмама. Ја одложувате одлуката која би требало веднаш да ја донесете за ваше добро и за доброто на другите. Бог од секој човек бара да ја врши својата должност. Тој го бара целото срце, сета љубов. Не е задоволен само ако го исповедаме Исуса Христа и вистината, а не донесуваме плодови. Ова барање важи и за малите и за големите, учените и необразованите, богатите и сиромашните. {5C 568.1}

Од секого се бара да работи според способностите што Бог му ги дал. Секој мора верно да ја врши својата служба, ако сака неговата совест да остане чиста и да не ја изложува на опасност својата душа. Никој нека не дозволи да го загуби небото. Имајте ги на ум зборовите што Христос им ги упатил на сите Свои следбеници: „Вие сте светлината на светот” (Матеј 5:14). Бог очекува оние што го знаат патот да им го покажат и на другите. тој на луѓето им го доверил богатството на Својата вистина. Нам ни е потребна вера и доверба во Бога. Внатрешната благодат ќе се покаже во надворешните дела. Нам ни е потребен дух кој на другите ќе им покаже дека сме учеле во Христовата школа и дека се угледуваме на примерот што ни е даден. Потребно ни е срце кое е ослободено од возвишеност и суета, дух кој не мисли само на себе. Би требало секој поединец непрестано да копнее да им биде благослов на другите. Бог ги гледа нашите скромни напори и тие се драгоцени во Неговите очи. Нам ви е потребна побожност во домот, слатко задоволство и смиреност, без замерки, префрлувања, расправии и строгост. Благоста и љубовта нека бидат правило во нашите домови. Секој што не дозволува во неговиот дом да свети светлината на вистината го обесчестува Спасителот. {5C 568.2}

Вистината, каква што е во Исуса, има големо влијание врз оној што ја прима, и не само врз него, туку и врз сите оние со кои тој доаѓа во контакт. Вистински обратената душа прима светлина одозгора, а Христос во таа душа е: „Извор на вода што тече во вечен живот” (Јован 4:14). Луѓето можат лажно да ги прикажуваат и толкуваат зборовите, побудите и делата на таквата душа, но таа нема тоа да го става на ум, затоа што знае дека се работи за значајни нешта. Таа не гледа на сегашноста, не копнее за слава и не се грижи дали луѓето ќе ја фалат. Нејзината надеж е на небото; и таа оди право, со очи насочени кон Исуса. Ја застапува правдата затоа што тоа е исправно и затоа што само оние што творат правда ќе влезат во Божјото царство. Таа е блага и кротка и сака да ги усреќи другите. Никогаш не зборува: „Зар јас сум чувар на брат ми” (Создавање 4:9), туку го сака својот ближен како себе самиот. Не е груба и наклонета да го наметнува своето мислење на другите како непобожните луѓе, туку со небесна светлина им свети и на другите. Таа е искрен, храбар војник на Христовиот крст што ја

проповеда речта на Животот. Доколку таа душа стекне углед кај луѓето, ќе исчезнат предрасудите кон неа, ќе се признае нејзината побожност и нејзините библиски начела ќе бидат уважени. {5C 569.1}

Таков е секој оној што ќе се обрати вистински. Тој носи драгоцена вистина и правејќи така оди како што одел Исус, зборува како Тој што зборувал и работи како Тој што работел; и Исусовата вистина делува преку него во домот, меѓу соседите и во црквата. Тој на луѓето им дава пример за драгоцеността на начелата на вистината, покажувајќи како делува вистината на животот и карактерот на оној што вистински верува во неа. Тој и не знаејќи ја исполнува својата задача во големото Христово дело за откупување на душите - дело кое е далекусежно според својот карактер и дејство, поткопувајќи ги на тој начин лажните вери и лажните науки. {5C 569.2}

Принудена сум да пишувам вака затоа што знам дека браќата никогаш нема да ви го кажат ова. Не сакам ти и твојата жена да ги изгубите престојувалиштата на небото, за кои мораме да дадеме сè, и мораме да покажеме енергичност и ревности што се во сразмер со вредноста на целта кон која копнееме. Вечниот живот е достоен за истрајни, неуморни напори. {5C 570.1}

Господ сака ти и членовите на твоето семејство да бидете христијани во секоја смисла на тој збор и со својот карактер да ја покажете посветувачката моќ на вистината. Вашите дела ќе ја издржат пробата на судот само ако стекнете таков карактер. Кога огнот во последниот ден би се запалил над вашите сегашни дела, тие би изгореле како сено и слама. Немојте да мислите дека ова е претерана строгост, ова е вистина. Во сите ваши дела до израз доаѓа вашето „јас". Ќе сакате ли да се прилагодите на возвишените мерила? Тоа ќе биде слично на учење на првите начела кои го сочинуваат христијанскиот карактер. Христос му рекол на апостол Петар: „А ти кога еднаш ќе се обратиш, укрепи ги браќата свои" (Лука 22:32). И вие исто така мора да се обратите, за да можете да вршите прифатлива служба за Господарот. {5C 570.2}

Брате мој, ти можеш да бидеш силен во Господа, доколку сакаш. Ти имаш способности што Бог ти ги доверил за да ги посветиш не Неговата служба. Ако ако не се посветиш на Христа целиот, твојата способност ќе стане опасност за тебе и за другите, бидејќи ќе ги наведеш да застранат од патот на вистината и да се оддалечат од Христа. {5C 570.3}

За членовите на црквата во _____ мора многу да се направи. Ти треба да имаат огнена ревност за Исуса, треба да бидат попонизни, потрпеливи, полљубезни, попопустливи - слични на Христа во секој поглед. Треба со својот карактер на светот да му ја покажат моќта на вистината. Бог не дозволува ти со твојот пример и твоите зборови да го попречуваш патот на ова значајно дело. Сакаш ли да соработуваш со Христа? Сакаш и да му бидеш верен на Господа кој те откупил? Сакаш ли да оставиш на страна сè што има помало значење? Ти мораш да бидеш крстен во една посеопфатна вера и љубов кон Бога. Повеќе треба да ги цениш работите што имаат вечно значење. Би сакала со сите свои сили да те убедам колку е силно и моќно влијанието кои потекнува од примерот на личната побожност и примерот што го дава црквата, покажувајќи го посветувачкото дејство на вистината врз карактерот. {5C 570.4}

Во _____ можеше да се собере многу побогата жетва ако црквата заземеше правилен став кон Бога, и ако секој се потрудеше да ги доведе во ред своето срце и својот дом. Зборувајте помалку и дозволете внатрешната побожност да свети со добри дела. Бидете љубезни; негувајте љубов и благородност. Молете се повеќе, повеќе читајте ја Библијата. Бидете вредни ученици во Христовата школа. Тогаш членовите на

црквата нема да бараат грешки кај своите браќа и своите сестри, затоа што тоа е сатанско дело. {5C 571.1}

Се надевам дека ќе се охрабриш и ќе се зацврстиш во верата. Делото сигурно и понатаму ќе напредува без оглед на тоа дали ние ќе помагаме во него или не. Тоа ќе победи; но прашање е: дали и ние ќе победиме со него? Бог нека ви помогне во срцата да почувствувате колку ви е потребно длабоко дело на благодатта. Сетете се дека Исус ве откупил жртвувајќи го Својот живот. „Не си припаѓате само на себе; зашто скапо сте платени. Затоа прославате Го Бога во своите тела и во своите души, кои се Божји" (1. Коринтјаните 6:19,20). {5C 571.2}

---

69. ЕДЕН ВПЕЧАТЛИВ СОН

Драги брате М. минатата ноќ сонував еден значаен сон. Ти видов на еден цврст брод, како пловиш по разбрануваното море. Брановите понекогаш те преплавуваа дури и преку највисокиот дел на бродот и водата те заплискуваше. Рече: „Ќе се симнам од овој брод, бидејќи потонува". „Еден, кој очигледно беше капетанот, ти рече: „Не, овој брод плови кон пристаништето. Никогаш нема да потоне". Но ти одговори: „Брановите преку палубата ќе ме фрлат во морето. Не сум капетан, ниту помошник на капетанот. Кој се грижи за мене? Ќе ја побарам среќата на оној брод што го гледаш таму". Капетанот рече: „Нема да те пуштам да преминеш таму, затоа што знам дека тој брод ќе се разбие од карпите пред да стигне до пристаништето". Ти се исправи и со голема сигурност кажа: „Овој брод ќе доживее бродолом; тоа ми е јасно толку што веќе како да се случи". Капетанот те погледна со продорен поглед и решително ти рече: „Нема да ти дозволам да го загубиш својот живот со преминување на тој брод. Дрвото од кое е направен е нагризано од црви и неговата цврстина е лажна. Кога би знаел повеќе, би го разликувал лажното од вистинското, светото од она што е осудено на пропаст". {5C 571.3}

Се пробудив, но овој сон ме наведува да ти напишам. Длабоко ме возбудија некои нешта кога примив писмо во кое се велеше дека се наоѓаш во „големи искушенија и неволи". Што е тоа брате М.? Дали сатаната повторно те искушува? Дали Бог дозволува повторно да заминеш на истото место каде што некогаш погреши? Ќе дозволиш ли неверството да завладее со твојата душа? Постојано ли ќе грешиш, како некогаш израелците? Бог нека ти помогне да му се спротивставиш на ѓаволот и од секое искушение на верата да излезеш охрабрен и зајакнат. {5C 572.1}

Внимавај што правиш. Израмни го патот пред нозете. Затвори ја вратата на неверството и направи Бог да биде твојата сила. Ако западнеш во состојба на збунетост и неизвесност, застани; немој да одиш во мрак. Длабоко сум загрижена за твојата душа. Ова можеби е последното искушение кое Бог дозволил да те снајде. Немој да направиш ниеден чекор по патот кој те води во пропаст. Чекај и Бог ќе ти помогне. Имај трпение и ќе се појави јасна светлина. Ако им попуштиш на впечатоците, ќе ја изгубиш душата, а душата има голема вредност пред Бога. {5C 572.2}

Кога ја пишував првата книга од „Големата борба" ме обзеде мошне свечено чувство додека размислував за значајните предмети како што се: создавањето и падот на сатаната до падот на Адам. Додека пишувам, чинам дека Господ е мошне близу и

длабоко сум возбудена набљудувајќи ја борбата од почетокот до денешно време. Пред мојот дух јасно се појавуваа делата на силата на темнината. Ни претстојат најтешки времиња. Сатаната, облечен во ангелска облека, ќе ги напаѓа душите со искушенија како што го напаѓал Христа во пустината. Тој ќе го цитира Светото Писмо и ако нашиот живот не биде скриен во Христа во Бога, тој сигурно ќе ги окова нашите души во неверство. {5C 572.3}

Времето е многу кратко и сè што треба да се направи мора да се направи брзо. Сатаната ја користи секоја душа која не е целосно утврдена во вистината, а додека ангелите ги задржуваат четирите ветришта, секоја душа ќе биде ставена на проба. Секоја мана на карактерот, ако не ја победиме со помош на Светиот Дух, сигурно ќе биде средство за уништување. Посилно од било кога порано ја чувствувам потребата на нашиот народ да се зајакне со Духот на вистината, бидејќи сатаната со своите лукавства во своите стапици ќе ја фати секоја душа што Бога не го направила своја сила. Господ има уште многу да направи, а ако го правиме она што ни го наменил, Тој ќе соработува со нашите напори. {5C 573.1}

---

70. ПОТРЕБНО Е СЕКОЈДНЕВНО ПРОУЧУВАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

Луѓето што Бог ги повикал да работат во речта и науката треба постојано да учат. Мора постојано да се трудат да се развиваат, за да даваат пример на Божјото стадо и да им прават добро на сите со кои доаѓаат во контакт. Оние што не чувствуваат потреба за постојано напредување и усовршување нема да растат во благодатта и во познавањето на Христа. {5C 573.2}

Целото небо е заинтересирано за делото кое се извршува на овој свет и со кое мажите и жените се подготвуваат за идниот, вечен живот. Според Божјиот план на човечките суштества им е дадена висока чест да бидат соработници на Исуса Христа во спасувањето на душите. Божјата реч јасно покажува дека овие орудија соработувајќи во тоа големо дело имаат предност што можат да согледаат дека Семожниот ја држи нивната десница и дека ќе им помогне во секој искрен напор да достигнат највисоко ниво на морално и духовно совршенство во делото на својот Учител. Тоа ќе биде со сите оние кои чувствуваат дека им е потребна помош. Тие на Божјото дело треба да гледаат како на свето дело и секојдневно треба да донесуваат дарови на радост и благодарност за силата на Неговата благодат која им овозможува да напредуваат во божествениот живот. Работникот секогаш треба да има скромно мислење за себе, имајќи ги на ум мноштвото прилики што ги пропуштил заради недостаток на трудољубивост и омаловажување на делото. Тој не смее да стане малодушен, туку постојано мора да ги обновува своите напори за да го искористи времето. {5C 573.3}

Луѓето што Бог ги избрал да бидат Негови проповедници треба со грижливо испитување на срцето и одржување на блиска врска со Откупителот на светот, да се подготват за својот повик. Ако немаат успех во доведување на души кај Христа, значи дека и нивните души не се исправни пред Бога. Мнозина што ја проповедаат речта доброволно остануваат во незнаење. Тие не се оспособиле за задачата со исцрпно проучување на Светото Писмо. Не го сфаќаат значењето на вистината за ова време и затоа таа вистина за нив не е жива реалност. Кога би ги понизиле своите души пред Бога

и би живееле според Светото Писмо, во кротост на духот, тогаш појасно би го виделе Примерот на кој треба да се угледаат; но тие го немаат постојано пред очи Зачетникот и Свршителот на нивната вера. {5C 574.1}

Не е неизбежно некој да им попушти на искушенијата на сатаната и со тоа да ја вознемирува својата совест и да го жалости Светиот Дух. Во Божјата реч се дадени многу ветувања на чијашто основа сите можат да добијат божествена помош во напорите да победат. Ако секогаш пред себе го имаат Исуса, ќе станат слични на Неговиот лик. Сите кои преку вера го имаат Христа во себе имаат сила која прави сите нивни напори да успеат. Тие ќе имаат сè поголеми и поголеми успеси во својата работа и Божјиот благослов, кој ќе се покаже во напредокот на делото, ќе сведочи дека тие навистина се соработници на Христа. Но човекот колку и да се издигнува во духовниот живот, никогаш нема да стигне до нив кога нема да му биде потребно да го проучува Светото Писмо, бидејќи на него се темелат доказите на нашата вера. Сите делови од нашето учење, дури и ако се прифатени како вистина, мора да се споредат со законот и сведоштвата и ако не ја издржат пробата, тоа значи дека „во нив нема светлина". {5C 574.2}

Треба внимателно да го проучуваме големиот план на откупување кој се открива во завршното дело во овие последни денови. Сцените во светилиштето на небото треба да остават таков впечаток на срцето и на умот така што сите да бидат во состојба ова да го пренесат и на други. Сите треба да стекнат подлабоко знаење за делото на откупување кое се одвива во небесното светилиште. Кога ќе се види и ќе се сфати оваа голема вистина, дури тогаш ќе бидат во состојба да работат во хармонија со Христа на подготвување на народот за да може да опстои во големиот Божји ден и дури тогаш нивните напори ќе бидат наградени со успех. Со учење, со размислување и со молитва Божјиот народ ќе се издигне над обичните земни мисли и чувства и ќе биде во хармонија со Христа и со Неговото големо дело на чистење на светилиштето од гревовите на народот. Неговата вера ќе го одведе во светилиштето и верниците на земјата внимателно ќе ги испитуваат своите животи и ќе го споредат својот карактер со големиот стандард на праведност. Ќе ги согледаат своите недостатоци, и исто така ќе согледаат дека мора да имаат помош од Светиот Дух ако сакаат да се оспособат за светото и големо дело за ова време за кое се задолжени Божјите претставници. {5C 575.1}

Христос рекол: „Ако не го јадете телото на Синот Човечки и не ја пиете крвта Негова, не ќе имате живот во себе. Кој го јаде Моето тело и ја пие Мојата крв, има живот вечен и Јас ќе го воскреснам во последниот ден. Зашто Моето тело е вистинска храна, и Мојата крв вистинска напивка. Кој јаде од Моето тело и пие од Мојата крв, ќе биде во Мене и Јас во него. Како што Ме прати живиот Татко и Јас живеам преку Таткото, така и тој што јаде од Мене, ќе живее преку Мене" (Јован 6:53-57). Колкумина од оние што работат во речта и во науката, кои го јадат Христовото тело и ја пијат Неговата крв можат да ја сфатат оваа тајна? Самиот Спасител дал објаснување на тој предмет: „Духот е тој што оживува; телото ништо не помага. Зборовите што ви ги кажав се дух и живот" (Стих 63). Божјата Реч мора да се вткае во живиот карактер на оние кои веруваат во него. Единствено живата вера е вера која ја прифаќа и усвојува вистината така што таа станува дел од битието на оној кој ја прима и основна сила на животот и дејствувањето. Исус е наречен Божја Реч. Тој го усвоил законот на Својот Татко, ги применил Неговите начела во Својот живот, го покажал Неговиот Дух и Неговата благотворна моќ во срцето. Јован кажува: „И Словото стана тело и се всели меѓу нас, полно со благодат и вистина; и ние ја видовме Неговата слава, слава како на Единороден од Таткото" (Јован 1:14). Христовите

следбеници мора да учествуваат во Неговото искуство. Мораат потполно да се прилагодат на Божјата реч. Со сила од Христа мораат да се преобразат според Него, и во нив мора да се огледаат божествени особини. Мораат да јадат од телото и да пијат од крвта на Божјиот Син, инаку нема да имаат живот во себе. Духот и делото на Христа мора да станат дух и дело на Неговите ученици. {5C 575.2}

Не е доволно да се проповеда вистината; таа мора да се спроведува во животот. За да можеме да соработуваме во Божјото дело, Христос мора да биде во нас и ние во Него. Секој мора да има свое лично искуство и да вложува лични напори за да може да допре до душите. Бог бара од секој да ги вложи сите свои сили во делото и со непрестани напори да се оспособи за работа така што неговото дело да може да биде примено. Тој очекува секој да ја прими Христовата благодат во своето срце, за да може да стане светлина на светот. Ако Божјите работници сестрано ги развиваат сите свои сили, тогаш ќе работат постојано и мудро и Бог сигурно ќе им помогне во нивните напори да ги издигнат, облагородат и спасат своите ближни. Сите работници мора да бидат тактични и своите способности да ги потчинуваат на дејството на Светиот Дух. Мораат да си стават задача да ја проучуваат Неговата Реч и да го слушаат Божјиот глас кој им се обраќа преку Неговите живи гласници со укори, поуки и охрабрувања и тогаш Неговиот Дух ќе ги поткрепи, за како Божји работници да напредуваат во верскиот живот. Така чекор по чекор ќе напредуваат сè повеќе и повеќе и нивната радост ќе биде потполна. {5C 576.1}

Ако целосно се посветат на делото што Бог им го дал, нема да имаат време да се жалат и да негодуваат, ниту пак ќе имаат време или волја да се издигнуваат самите себе, бидејќи нивните чувства ќе бидат насочени кон она што е горе, а не кон земните нешта. Тогаш и срцето и телото и душата ќе бидат посветени на делото на Учителот. Нема да работат себично, туку ќе се одречат од себе заради Христа. Ќе го воздигаат Неговиот крст, како Негови вистински ученици. Тие ден по ден ќе се хранат од драгоцените вистини на Божјата Реч и така ќе се оспособат за својата должност и ќе се наоружаат за борбата против искушенијата. Така ќе станат силни и добро развиени мажи и жени во Христа. Тогаш ќе бидат вистински синови и ќерки на небесниот Цар. Големината на вистината што ја сакаат и за која длабоко размислуваат ќе ги облагороди нивните мисли, ќе го засили нивното расудување и ќе го возвиши нивниот карактер. Повеќе нема да бидат неискусни работници во големото дело за спасување на душите, затоа што ќе работат со мудрост дадена од Бога. Нема да бидат џуџиња во верскиот живот, туку ќе се развиваат во Христа, во својот жив Поглавар до возраст на зрели мажи и жени во Исуса Христа. Судирот со непријателот на вистината само ќе ги засили нивните надежи и тие ќе добиваат драгоцени победи, бидејќи на помош ќе го повикаат моќниот Помошник кој никогаш не го остава понизниот молител. Ако во своите напори имаат успех, сета слава за тоа ќе ја препишат на Бога. Небото ќе им приде близу, полно со љубов и помош. Тие навистина ќе станат гледање на светот, на ангелите и на луѓето. Нивниот карактер ќе се препознава по чистотата на срцето и на животот, силата на нивната цел, нивната цврстина и корисност во Божјото дело. Тие ќе бидат големи во Божјите очи. {5C 577.1}

Во верскиот живот секоја душа што на крајот ќе биде победник, ќе наидува на страшни тешкотии и неволи. Но познавањето на Светото Писмо ќе ѝ овозможи да се потсети на охрабрувачките ветувања на Бога, кои ќе го утешат срцето и ќе ја засилат верата во силата на Семоќниот. Ќе читаат: „И така, не напуштајте ја вашата слобода; таа ви носи голема награда". „Та вашата вера испитана да излезе подрагоцена од нетрајното злато, кое сепак се испробува преку оган, за пофалба. чест и слава, кога ќе се

појави Исус Христос, Кого Го сакате, иако не сте Го виделе, и во Кого верувајќи сега, а не гледајќи Го, се радувате со неискажлива и славна радост" (Евреите 10:35; 1. Петрово 1:7,8). Испитувањето на верата е подрагоцено од злато. Сите мораат да знаат дека тоа е дел од воспитувањето во Христовата школа и е важен за чистење и ќе ги исчисти од троскотот на овој свет. Тие ќе мораат храбро да ги поднесуваат нападите на непријателот и да ги совладаат сите препреки кои сатаната ќе ги постави на патот на нивниот напредок. Тој ќе настојува да ги наведе да ја занемарат молитвата и проучувањето на Светото Писмо, и нивниот пат ќе го опсипе со своите грозни сенки, за да го сокрие Христа и небесните блаженства од нивните погледи. {5C 578.1}

Никој не треба постојано да се плаши и да се повлекува ниту да се оддава на постојани сомнежи, и својот пат да го опсипува со постојано јадосување, туку сите треба својот поглед да го насочат на Бога, набљудувајќи ја Неговата добрина и радувајќи се на Неговата љубов. Соберете ги сите сили за своите очи да ги насочите на небото, а не доле на тешкотиите; тогаш никогаш нема да паднете. Набргу ќе го забележите Исуса зад облаците кој ја посега Својата рака за да ви помогне. И сè што треба вие да направите е да ја пружите вашата рака во едноставна вера и да Му дозволите да ве води. Ако имате доверба, вие преку верата во Исуса ќе бидете полни со надеж. Светлината што свети од крстот на Голгота ќе ви открие колку Бог ја цени душата, и сфаќајќи ја правилно вредноста на таа цена, ќе се залагате со таа светлина да го осветлите светот. Високото име стекнато во светот е слично на збор напишан на песок. Меѓутоа, беспрекорниот карактер ќе остане за цела вечност. Бог ви дава разум и расудување со кои можете да ги сфатите Неговите ветувања, а Исус е подготвен да ви помогне до изградбата на цврст, и храмоничен карактер. Оние што поседуваат таков карактер никогаш не треба да ја губат храброста затоа што немаат успех во земните работи. Тие „се светлина на светот" (Матеј 5:14). Сатаната не може да ги уништи ниту да ја неутрализира светлината што свети од нив. {5C 578.2}

Бог на секој му одредил работа што треба да ја работи. Неговиот план не предвидува наклонетоста и честа од страна на луѓето да ги поддржуваат душите во борбата на животот; туку Тој има план тие да излегуваат надвор од кампот, носејќи срам, борејќи се со добрата борба на верата и да се потпираат на Неговата сила во сите тешкотии. Бог ни ги отворил сите небесни ризници со тоа што ни подарил драгоцен дар - Својот Син, кој може да нè издигне, облагороди и оспособи, преку совршенството на Својот карактер, да бидеме корисни во овој живот и да се подготвиме за светото небо. Тој дошол во нашиот свет и живеел така како што бара да живеат Неговите следбеници. Неговиот живот бил живот на самоодречување и непрестано самопожртвување. Ако поттикнуваме себичност и удобност и ако се раководиме според своите склоности, ако не вложуваме најголеми напори да соработуваме со Бога во чудесното дело на воздигнување, облагородување и чистење - за да станеме Божји синови и ќерки, тогаш нема да ги исполниме Неговите барања, туку постојано ќе губиме во овој живот и на крајот ќе го загубиме идниот, вечен живот. Бог од вас бара да работите, и тоа не со самопотценување и обесхрабрување, туку со силна вера и надеж, за да го застапуваме Христос ведро и радосно пред овој свет. Исусовата вера е радост, мир и среќа. Кога го проучуваме Светото Писмо, и ја согледуваме Божјата бескрајна благонаклонетост, Кој го дал Исус на светот за сите што веруваат во Него да имаат вечен живот, тогаш треба да ги активираме сите сили на нашето битие во оддавање слава, чест и благодарност на Оној што има таква неискажлива љубов кон човечките деца. {5C 579.1}

71. ОБРАЗУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Нам ни претстои дело што малкумина го сфаќаат. Тоа дело се состои во објавување на вистината на сите народи. Пред работниците се наоѓа широко поле на работа во сите странски земји и во Америка. Бог ги повикува луѓето што се: предани, чисти, со широко срце, со сестран ум и понизни; такви луѓе треба да работат на тие полиња. Колку се малку оние што ја сфаќаат големината на делото! Мораме да се пробудиме и на работата да ѝ пристапиме од една повозвишена точка од која ѝ пристапувавме досега. {5C 580.1}

Тие што ја примиле вистината ги имаат сите предности, посебно во поглед на светлината и знаењата содржани во нашите публикации. Досегашното богато и разновидно искуство треба да биде сфатено во вистинската светлина. Ние знаеме колку беше тешко да се работи на почетокот, колкави пречки се испречуваа пред делото, колку малку беа олеснувањата кои можеа да ги искористат пионерите за да се залагаат за напредок на Божјото дело. Меѓутоа, сега се измени сѐ и сега свети јасна светлина. Кога првобитното христијанство би ги проникнувало срцата на оние што тврдат дека веруваат во вистината, тогаш тоа во нив би внело нов живот и сила. Народот што живее во мрак тогаш би ја согледал разликата помеѓу вистината и заблудата, помеѓу учењето на Божјата Реч и суеверните приказни. {5C 580.2}

Грешевме во тоа што не се трудевме вистината да ја објавуваме на повисоките класи. Премногу ги избегнувавме луѓето што не припаѓаат на нашата вера. Иако не треба да се дружиме со нив за да ги прифатиме нивните гледишта, сепак секаде има чесни луѓе за кои треба да се залагаме претпазливо, мудро и разумно, исполнети со љубов кон нивните души. Треба да собереме средства за мажите и жените да се образуваат за работа со повисоките класи во нашата земја и во странство. Премногу се зборува за тоа како треба да се спуштиме до необразованиот ум. Бог бара надарени луѓе со висок ум, луѓе што можат да ги проценуваат доказите - луѓе кои постојано ќе ја бараат вистината како сокриено богатство. Тие луѓе ќе бидат во состојба да допрат не само до просечните, туку и до повисоките луѓе. Таквите мора непрестано да ја проучуваат Библијата, потполно свети за јасната одговорност што им е доверена. Тие ќе дадат целосен доказ дека се повикани во службата на проповедање на евангелието. {5C 580.3}

Во разните гранки на Божјото дело има премалку талентирани луѓе. Мора да се формираат нови зафати. Нам ни се потребни способни луѓе кои ќе прават планови со чија помош ќе можеме да допреме до душите кои се наоѓаат во темнината на заблудата. Нам ни се потребни интелигентни умови во различни области. Меѓутоа, ние не треба да им забележуваме ако нивните поими не се во целосна согласност во нашите поими. Треба да имаме посестрани планови за образување на работниците кои ќе ја објавуваат веста. Тие што веруваат во вистината и ја сакаат постапуваат благородно со тоа што ги даваат своите средства за издржување на разни потфати (проекти), но има голем недостиг на способни работници. Не е мудро ако постојано се даваат средства за да се отворат нови полиња за работа, додека многу малку се презема за подготвување на работници кои ќе раководат со нив. Божјото дело не смее да се спречува затоа што нема доволно застапници што ќе го спроведуваат. Бог ги повикува образованите луѓе кои ја

проучуваат Библијата и ја сакаат вистината за истата да им ја проповедаат на другите и да ја спроведуваат во својот живот и карактер. Нам ни се потребни луѓе кои го сакаат Исуса и цврсто се држат за Него и кои ја ценат бескрајната жртва што Тој ја принел за паднатиот човек. Нам ни се потребни усни допрени со жив жар и срца чисти од валканоста на гревот. Оние што се површни во побожноста и кои на прво место го истакнуваат своето славољубие, не се луѓе за ова време. Не се потребни оние што повеќе мислат на себе отколку на делото. {5C 581.1}

Луѓето во нашите цркви не примаат воспитување што ќе ги наведе да одат со понизен дух, да се одречат од надворешното украсување трудејќи се да се украсат одвнатре. Единството на црквата воглавно зависи од ревноста, чистотата, самоодречувањето и разумните напори на проповедниците. Нејзините членови мора да имаат делотворен мисионерски дух. Мора да имаат подлабока побожност, посилна вера и пошироки видици. Во делото треба да вложуваат повеќе лични напори. Нам ни е потребна жива вера. Едноставниот поединец што има сестрано сфаќање на должноста, чијашто душа е во заедништво со Бога и кој е полн со ревност за Христа, може да има моќно и благотворно дејство. Тој не пие од плитките, заматени и загадени реки, туку од чистиот, возвишен извор и може на црквата да ѝ даде нов дух и нова сила. Бог сака Неговата црква да биде поткрепена со светите вистини во кои веруваме за да може да издржи кога ќе се засили притисокот однадвор. Работејќи преку Божјите синови и ќерки, небесниот Свети Дух ќе ги победи сите препреки, ќе ја чува и ќе ја сочува својата положба од непријателите. Бог ќе му подари големи победи на Својот народ кој ја сака вистината и ги држи Неговите заповеди. Полињата веќе зреат за жетва. Ние имаме светлина, и богат, свет аманет од небото во вистината која ни е ставена во рацете; но мажите и жените не се образувале и дисциплинирале да работат на полињата кои брзо зреат за жетва. {5C 581.2}

Бог за секој поединец знае со каква верност и преданост ја извршува својата задача. Во ова големо дело нема место за мрзеливците, за луѓето што им попуштаат на своите желби и за оние што не се способни да успеат во ниеден повик - во него нема место за оние што не се залагаат со цело срце, за оние што не се ревни и не се подготвени да поднесуваат тегоби, противење, напади, па дури и смрт заради Христа. Неработникот не може да биде Христов проповедник. Има луѓе неуредни, неработливи и недостојни за почитување, а кои се обидуваат да проповедаат. За нив би било подобро да обработуваат земја, отколку да ја проповедаат Божјата света вистина. {5C 582.1}

Младите луѓе наскоро ќе мора да ги понесат товарите што досега ги носеа старите. Ние изгубивме време, затоа што не се трудевме да ги повикаме младите и да им овозможиме повисоко, сестрано образование. Делото постојано напредува и ние мораме да се покориме на наредбата: „Одете напред!”. Младиот човек што стои на тлото на вистината може да направи многу добра, кого околностите не можат да го одвратат од вистинскиот пат, кој оди со Бога и кој се моли многу и кој најсесрдно се залага да собере што повеќе светлина. Работникот мора да се подготви да ги вложи сите свои умни и морални енергии со кои го надарила природата, воспитувањето и Божјата благодат. Меѓутоа, неговиот успех повеќе ќе зависи од степенот на посветеност и пожртвуваност со кои ќе работи, отколку од вродените и стекнатите способности. Потребни се најсесрдни и непрестани напори за да станеме корисни, но нема да постигнеме ништо ако Бог не соработува со човечките напори. Христос вели: „Без Мене не можете да направите ништо” (Јован 15:5). Божествената благодат е голем елемент на спасоносната сила и без неа сите човечки напори се напразни; ако сакаме на луѓето да

им ја однесеме вистината, нејзиното дејство е потребно дури и на најсрдните човечки напори. {5C 582.2}

На Божјото дело му се потребни учители со високи морални карактеристики на кои ќе може да им се довери образованието на другите - луѓе што се здрави во верата, трпеливи и внимателни, што одат со Бога и се чуваат од секоја појава на зло, што се толку блиску поврзани со Бога така што можат да бидат канали на светлина, накратко, луѓе кои се угледни христијани. Добрите впечатоци што ќе ги остават, никогаш нема да се избришат, образованието стекнато на тој начин ќе трае низ вечноста. Тоа што нема да се направи во текот на образованието веројатно никогаш нема да се направи. Кој ќе ја прифати оваа задача? Би сакале да имаме силни млади луѓе, кои имаат длабоки корења во верата, кои одржуваат блиска врска со Бога и затоа се во состојба, кога ќе бидат советувани од старите браќа за тоа, да заминат на повисоки школи во нашите земји каде би имале пошироко поле за работа и набљудување. Овие работници ќе имаат голема корист ако се запознаат со луѓе со различни положби и мислења, со методите применети во општиот систем на образование, со теологијата што се предава во научните институции. Така ќе се оспособат за работа со образовани луѓе и за борба со најголемите заблуди во нашево време. Со овие методи се служеле и старите Валденжани. Кога би биле верни на Бога, нашите млади како и тие би можеле да направат добро дело, дури и за време на своето образование, сеејќи го семето на вистината во душите на луѓето. {5C 583.1}

„Стојте во верата, држете се машки" (1. Коринтјаните 16:13). Прашајте го Оној што поднел потсмев, навреди и потценување заради вас: „Господе, што сакаш да направам?" (Дела 9:6). Никој не е толку многу образован за да не може да стане понизен ученик на Христа. Оние кои сметаат дека се почестени што можат со својот живот и знаење да Му служат на Оној што ги примил, нема да ги избегнуваат жртвите, напорите и работата и со својата служба ќе Му ги вратат на Бога талантите што им ги доверил. Во големата борба на животот многу работници го губат од вид светиот карактер на својата мисија. Смртното проклетство на гревот и понатаму во нив го изобличува Божјиот лик, за да не работат така како што работел Христос. {5C 584.1}

Ние гледаме дека постои потреба образованието да се издигне на повисок степен и за проповедници да се бираат образовани луѓе. Оние што не примиле правилно образование пред да станат проповедници не се погодни да ја примат таа света доверба и да работат на ширењето на делото на реформацијата. Сепак, сите треба и понатаму да работат на своето воздигнување и откога ќе се посветат на работата. Во нив мора да живее Божјата реч. На нашите работници им е потребно повисоко образование и повеќе манири и благородност на душата. Ваквото образование своите резултати ќе ги покаже во вечноста. {5C 584.2}

„Ви напишав вам, татковци, бидејќи Го познавате Оној Кој е од почеток; ви напишав вам, момчиња зашто сте силни, и словото Божјо пребива во вас, па го победивте лукавиот" (1. Јованово 2:14). Апостолот го поврзува искуството на татковците со искуството на момчињата. Истата врска постои меѓу старите ученици во ова дело и младите, кои немаат искуство од настаните што порано ја пратеа веста. Оние што беа млади кога се појави веста треба да се воспитуваат кај старите знаменосци. Тие учители мора да сфатат дека ниеден напор не е претеран во подготвувањето на другите за оваа света должност, сè додека како знаменосци се во состојба да го држат знамето високо. Оние што толку долго се бореа во битката сè уште можат да ја добијат таа победа. Тие многу добро ги запознале сите лукавства на сатаната и нема лесно да застранат од

старите патишта. Тие се сеќаваат на старите денови, и го познаваат Оној што е од почетокот. Тие треба секогаш да бидат носители на светлина, верни сведоци за Бога и живи посланија што ги препознаваат и читаат сите луѓе. {5C 584.3}

Да му заблагодариме на Бога што неколкумина како Јован, преостанале и можат на нас да ги пренесат своите искуства од првите денови на објавувањето на веста и прифаќањето на она што денес нам ни е драгоцено. Меѓутоа, тие еден по друг набрзина паѓаат (умираат) и мудроста бара да подготвиме други кои ќе го прифатат нивното дело пред тие да го остават. {5C 585.1}

Мораме да преземеме напори за да оспособиме млади луѓе за работа. Тие мора да стапат на фронтот, да понесат товари и одговорности. Оние што денес се млади можат да станат силни луѓе. Мора да се оспособат за правење планови и давање совети. Божјата реч која „стои" во нив ќе ги направи чисти и ќе ги исполни со вера, надеж, храброст и преданост. Делото е многу забавено затоа што луѓето врз себе преземаа одговорности за кои не се дораснати. Зар овој голем недостаток и понатаму треба да постои и да стане уште поголем? Треба ли тие одговорни должности од рацете на старите, искусни работници да поминат во рацете на оние што се неспособни да ги извршуваат? Зар не занемаруваме една мошне важна задача со тоа што не ги воспитуваме и образуваме нашите млади за да можат да примат одговорни должности? {5C 585.2}

Работниците нека се воспитуваат, но истовремено нека бидат понизни и кротки во срцето. Да ја издигнеме работата на највисоко можно ниво, имајќи на ум дека Бог секогаш ќе го направи Своето, ако и ние ја вршиме нашата должност. {5C 586.1}

---

72. НЕСВЕТА АМБИЦИЈА

Драги брате и сестро Н. иако не ми јавивте дека го примивте моето последно писмо, сепак чувствувам потреба повторно да ви напишам. Ми беше покажана опасноста во која се наоѓате и не можам да не ви укажам на неопходноста да одите понизно пред Бога. Вие ќе бидете сигурни само ако имате скромно мислење за себе. Но јас знам дека вашите души се во опасност. Вие барате поширок пат за своите нозе од патот на понизноста и светоста; возвишениот пат кој води во Божјиот град. Имате премногу себичност, а премалку Христова скромност и кротост. Самоуверени сте и многу се цените себеси, а имате малку вера во Бога. Во вашата природа силно се развија нехармонични елементи. Со вас владеат нескротливи страсти. Гордоста и суетата навалуваат да превладеат. Знам дека непријателот жестоко ве искушува. Вашата единствена сигурност лежи во целосното потчинување на Божјата волја. Потребно е да се покорувате. Ваша единствена надеж за спасение е целосно да се посветите на Христа. Ако одите пред Бога во понизен дух, тогаш тој ќе соработува со вас во вашите напори и Неговата сила ќе стане совршена во вашата слабост. Христос е нашиот Спасител. Тој за мое и ваше добро рекол: „Без Мене не можете да направите ништо" (Јован 15:5). О, дали сакате да имате повеќе Христов Дух, а помалку себичност? {5C 586.2}

Брате Н. ти по природа не си побожен и затоа мора постојано да се трудиш да ја одржуваш верата. Ти многу лесно го губиш Христа од своето искуство. Господ ве

благослови во минатото и тој благослов беше поткрепа за вашите души. Ве утеши, ве охрабри. Ваша страст е да го издигнувате образованието, но јас ви велам дека образованието е зла сила, ако не е урамнотежено со верски принципи. {5C 586.3}

Нема да останам пасивен набљудувач гледајќи ве како паѓате со другите во судбоносна заблуда, мислејќи дека адвентистите на седмиот ден се премногу ограничени во своите идеи, дека одат по претесен пат, дека мора да станат многу попопуларни и да стекнат поголем углед, дека учителите во нашите училишта мора повеќе да се посветат на науките и да не ја мешаат толку многу религијата во своите предавања. Ако ова семе се посее во срцата на учениците, набргу би донело жетва која не би сакале да ја жнеете. {5C 587.1}

Ние се наоѓаме на самата граница на вечниот свет. Ако сакате во училиштето да ја извршувате должноста за кое тоа е формирано, морате многу да учите од книгата над книгите. Никакви други студии нема да ви бидат поважни од проучувањето на Библијата. Не смеете за пример да ги земате другите училишта во нашата земја. {5C 587.2}

Ми беше покажано дека вие сте маѓепсани со образованието од кое верскиот елемент речиси целосно е исклучен. Во нашата земја има многу училишта од таков вид и во нив учениците можат да одат ако сакаат да стекнат такво образование. Но ова училиште мора да биде со други карактеристики: во секое негово одделение мора да се постапува согласно со Божјата волја. {5C 587.3}

Исус и Неговата љубов мора да се вткаат во целиот процес на образование, бидејќи тоа е најдоброто знаење што можат да го стекнат студентите. „Почеток на мудроста е стравот Господов" (Изреки 1:7). Ако управителот со своите славољубиви планови се оддалечи од Изворот на сето знаење мислејќи дека библиската вера ќе го спречи неговиот полет, ќе согледа дека неговите достигнувања не претставуваат ништо повеќе од меурче сапуница. И затоа, заради твојата душа, имај на го ум Кнезот на животот во сите твои планови, во секое организирање. Во твоето училиште Исус и библиската историја никогаш нема да бидат излишни. {5C 587.4}

Ја имаме ли ние вистината? Живееме ли во последните денови на светската историја? Нели Исус е пред вратата? Ова се прашања за кои секој од нас треба да размислува. Образованието секогаш треба да биде на високо, свето ниво и за тоа денес постои поголема потреба од било кога порано. Наскоро верните ќе го напуштат овој свет. Зошто тогаш сите сили на умот и душата целосно да не ги посветиме на Бога? {5C 587.5}

Никогаш немојте да го сокривате своето знаме, никогаш својата светлина не ставајте ја под сад или под кревет, туку ставете ја на светилник, за да им свети на сите в куќи. Дали ти и учителите кои со тебе беа во _____ ги користевте дадените прилики да ги просветлите другите? Дали разумно се залагаше да го направиш сето добро кое можеше да го направиш? Дали се трудеше вниманието на луѓето со кои се запозна да го насочиш на библиската вистина? Зар со тоа што се срамиш од твојата припадност на Божјиот народ не го влечеш знамето зад себе, наместо да го подигнеш високо? „Кој се срами од Мене и од зборовите Мои, од него ќе се засрами и Синот Човечки, кога ќе дојде во славата на Својот Татко" (Лука 9:26). Само ако секој ден се трудиш да се храниш од Исуса, тогаш ќе можеш да бидеш вистински едукатор. {5C 588.1}

Брате мој, опасно е што сакаш да кажеш сè одеднаш. Од тебе не се бара да држиш долги говори ниту да зборуваш за нешта кои обичниот народ нема да ги разбере ниту ќе умее да ги цени. Опасно е што постојано разгледуваш прашања што се наоѓаат на

највисокото скалило од скалите, додека оние со кои работиш треба да ги поучиш да се искачат на првото скалило. Зборуваш за нешта кои не се разбирливи за оние што не се запознаени со нашата вера и затоа твоите говори не се интересни. Тоа не е храна за оние на кои им се обраќаш. {5C 588.2}

Исус бил најголемиот едукатор што некогаш живеел на светот. Во споредба со Неговото знаење, секое човечко знаење е лудост. Меѓутоа, Неговите поуки сепак биле толку едноставни што секој можел да Го разбере, и образованите и неуките. Не се трудел да го покаже Своето неограничено знаење, бидејќи тие не би Го разбрале. Ти мислиш дека со твоите долги говори можеш да влијаеш на слушателите така како што сакаш, но сигурно нема да успееш во тоа. Твоето влијание би било многу поголемо кога би зборувал помалку, а повеќе би се молел. Бог треба да биде извор на твојата сила. {5C 588.3}

Твоите долги говори за научното образование се мачни на Божјите ангели, кои постојано се трудат мислите и чувствата да ги насочат на небесните нешта. Душите пропаѓаат додека ти занемаруваш со талантите што ти се подарени да постапиш според примерот на Христа. Заради твоите долги говори во кои го нема Христа душите ќе бидат изгубени. И твојата душа заостана во познавањето на Христа. Ти губиш многу затоа што те заслепија духот и методите на образованието кои нема да ги спаси душите. {5C 589.1}

Младите имаат потреба од твојата работа. Кога би бил посветен човек, кој секој ден учи во школата на Христа, тогаш твојата работа би била животен мирис за живот. Тогаш би работел трпеливо, со љубов и во Божја сила за душите на младите кои се изложени на искушенија. Еден дел од времето што го трошиш на долгите говори посвети го за лична работа со младите на кои им е потребна твојата помош. Покажи какви барања има Бог за нив, моли се со нив. Мнозина се оковани со зли навики кои се посилни од челични ланци. Сатаната со своите лукавства ги маѓепсал јадните жртви и тие се неспособни да се ослободат и да останат во слободата што Бог им ја дал. Тие изгубиле години од минатото; треба ли да ги изгубат и годините што им претстојат? Ќе сака ли управителот на училиштето да стане свесен за своите должности и умот и срцето да ги посвети на спасување на младите? Ако не, тогаш своето место нека го отстапи на друг. Постојано се троши, а ништо, или речиси ништо не се направи за да се оствари целта заради која е формирано училиштето. {5C 589.2}

Треба ли духовните и умните сили сè уште погрешно да се трошат? Треба уште да се пропуштаат прилики? Треба ли од ден во ден да се исполнува празната форма, без да се постигне нешто? О, пробудете се, пробудете се учители и ученици, пред да биде премногу доцна? Пробудете се пред да го слушнете очајниот крик од бледите усни: „Мина жетвата, сврши летото, а ние не се избавивме (Еремија 8:20). {5C 589.3}

Дали талентите и способностите на едукаторите се искористуваат за најголема полза на учениците? Кој гледа да ја искористи секоја поволна прилика за да упати зборови на љубов и внимание? Кој сака да ја раскажува сторијата за Оној што толку го сакал овој свет што го дал Својот живот за да ги откупи изгубените грешници? Поучувајте ги младите, образувајте ги нивните карактери, воспитувајте ги, воспитувајте ги за идниот, бесмртен живот. Молете се често. Молете го Бога да ви подари дух на понизни молители. Немојте да мислите дека сте ја извршиле задачата како учители, ако вашите ученици не сте ги привеле кон верата во Исуса и љубовта кон Него. Христовата љубов нека ги проникне вашите души и тогаш несвесно ќе ја пренесувате на другите. Ако како наставници му дозволите на Исуса да ве води, упатува и контролира, никогаш нема да погрешите. Ваша најголема задача е да ги научите вашите ученици да бидат христијани.

Обратете му се на Бога; Тој ги слуша молитвите и ќе ги услиши. Отфрлете ги сомнежите, недовербата и неверството; во вашето учење не смее да има грубост. Не бидете премногу строги, туку негувајте благост и љубов. Бидете ведри. Немојте да сте нагли; немојте да бидете премногу строги во казнувањето. Бидете цврсти, но широкогради, слични на Христа, сомилостиви и љубезни. „Што ќе си посее човекот, тоа и ќе си жнее" (Галатјаните 6:7). {5C 590.1}

Не можам да искажам колку силно сакам да го бараш Господа со најголема сесрдност, додека може да се најде. Ние живееме во денот на Божјата подготовка. Ништо не смее да биде толку важно за да ти ги одврати мислите од делото на подготовка за големиот суден ден. Подготви се. Ладното неверство нека не ја одвојува твојата душа од Бога, туку Неговата љубов нека гори на олтарот на твоето срце. {5C 590.2}

---

73. „КЛОНЕТЕ СЕ ОД СЕКАКОВ НАЛИК НА ЗЛО"

Чувствувам дека сум должна да им се обратам на оние кои на светот му ја кажуваат последната вест на опомена. Од поединечните работници многу зависи дали оние за кои што работат ќе ја согледаат и ќе ја прифатат вистината. Божјата заповед гласи: „Очистете се, вие што носите садови Господови" (Исаија 52:11), а Павле го опоменува Тимотеј: „Пази на себе и на учењето" (1. Тимотеј 4:16). Делото мора да започне со работникот; тој мора да биде соединет со Христа како што прачката е соединета со лозата. „Јас сум лозата, а вие прачките", рекол Христос (Јован 15:5). Со ова е прикажана најблиската можна врска. Накалемете го гранчето без лисја на живиот чокот и тоа ќе стане жива прачка, која добива сок и храна од лозата. Гранчето се поцврсто ќе се спојува со лозата, жила по жила, сè додека не распупи, процвета и донесе плод. Прачката го претставува грешникот. Со соединувањето со Христа, душата се спојува со душа, слабото и ограниченото со светото и бесконечното и човекот станува едно со Христа. „Без Мене не можете да направите ништо", кажува Христос (Јован 15:5). {5C 591.1}

Дали сме се соединиле со него ние што се сметаме за Божји работници? Дали сме постојани во Христа? Дали сме едно со Него? Веста што ја објавуваме е наменета на целиот свет. Таа мора да се објави на сите народи, племиња и јазици. Господ од ниеден од нас нема да бара да тргнеме носејќи ја оваа вест пред да не обдари со милост и со сила за да можеме да ја прикажеме на народот на начин кој одговара на нејзиното значење. Големото прашање што се поставува денес е: ја носиме ли ние оваа вест на светот на начин кој го покажува нејзиното значење? Господ ќе соработува со работниците ако тие се потпрат само на Христа. Тој никогаш немал намера Неговите мисионери да бидат без Неговата благодат и да бидат лишени од Неговата моќ. {5C 591.2}

Христос нè одвоил од светот за да бидеме посебен и свет народ. Тој „се даде самиот Себе за нас, за да нè избави од секакво беззаконие и да нè очисти, та да Му бидеме народ избран, ревносен кон добри дела" (Тит 2:14). Божјите работници мора да бидат луѓе од молитва и да го проучуваат Светото Писмо, гладни и жедни за правда, за да можат да бидат светлина и охрабрување на другите. Нашиот Бог е Бог ревнител и од нас бара да Му служиме во дух и вистина, во убавината на светоста. Псалмистот вели:

„Да мислев беззаконие во срцето мое, Господ немаше да ме услиши” (Псалм 66:18). Како работници ние мораме да внимаваме како живееме. Ако псалмистот не би бил услишен ако имал беззаконие во своето срце, зар можат денес да бидат услишени молитвите на луѓето што чинат беззаконие? {5C 591.3}

Кога помина одреденото време во 1844. година кај адвентистите се појави фанатизам. Бог даваше опомени за да се спречи злото што се појавуваше. Имаше голема блискост меѓу некои мажи и жени. Јас им укажав на високиот степен на вистина на кој мораме да се искачиме и чистотата на однесувањето кон која мораме да се придржуваме ако сакаме да примиме Божјо одобрување и да останеме „без осквернување, или порок, или нешто слично” (Ефесјаните 5:27). Бог им даде многу свечени опомени на луѓето и жените чиишто мисли се упатија на нечисти патишта, иако тврдеа дека се посебни Божји избраници. Тие ја отфрлија и ја презреа веста што Бог им ја даде. Ме нападнаа, зборувајќи: „Дали Бог зборуваше само преку тебе, а не и преку нас?” Не се поправија и Господ дозволи да продолжат така сè додека нивните животи не беа осквернати и жигосани со нечистотија. {5C 592.1}

Оваа опасност постои и денес. Секоја душа која ќе се посвети на ширење на веста на опомената ќе дојде во големо искушение да тргне по патот по кој ќе ја негира својата вера. Сатаната посебно сака работниците да ги направи слаби во молитвата, да ги ослаби нивните сили и влијание, сè заради нивните карактерни мани. Ние како работници мораме да се обединиме во осудата на сè што и најмалку личи на зло во нашите меѓусебни односи. Нашите дела мора да ја покажуваат светоста и почитувањето на Божјиот закон и не смеат никого да го поттикнуваат на ниско ниво на мисли или однесување. {5C 592.2}

Нашиот живот мора да биде возвишен. Мораме да веруваме и да ја учиме вистината каква што е во Исуса. Светоста на срцето никогаш нема да наведе на нечисти дела. Пазете се од оној што тврди дека ја учи вистината, а постојано сака да биде во друштво на млади и омажени жени, интимно да ги става своите раце на нив и со нив да води доверливи разговори. Во неговата душа не се начелата на чистата вистина. Таквите не се во Христа, и Христос не е во нив. Тие мора целосно да се преобразат ако сакаат Бог да ја прими нивната работа. Вистината со небесно потекло никогаш не го понижува оној што ја прифаќа, ниту го наведува да се впушта во било каква интимност. Напротив, таа го посветува верникот, го облагородува неговиот вкус, го воздигнува и го доведува во тесна врска со Исуса. Таа го тера да се управува според советот на апостол Павле, да се чуваме дури и од она што само изгледа дека е зло, за да „за доброто да не се зборува како за зло”. {5C 593.1}

Мораме да обрнеме големо внимание на ова прашање. Мораме да се чуваме од гревот на ова изопачено време. Мораме да избегнуваме сè што личи на недозволена блискост. Бог го осудува тоа. Тоа е забрането тло на кое е опасно да се застане. Целта на секој збор и дело треба да биде воздигнување и облагородување на карактерот. Грев е да се биде невнимателен кон ова. Апостол Павле го опоменува Тимотеј да биде вреден и ревен во својот повик на проповедник и го советува да размислува за нештата кои се свети и совршени, за неговите доблести да се забележат во сè. Истиот совет е мошне потребен и на младите луѓе во денешно време. Неопходно е сериозно размислување. Кога луѓето би размислувале повеќе, а помалку би постапувале според своите чувства, нивната работа би дала многу повеќе успеси. Нам ни се доверени работи со бескрајна вредност и не смееме да дозволиме на нашите дела да влијаат маните на нашиот карактер. Треба да го покажеме Христовиот карактер. {5C 593.2}

Ни претстои голема должност - да ги воздигнеме луѓето и да ги доведеме кај Христа наведувајќи ги да копнеат за соучество во божествената природа, за да се спасат од секоја расипаност која дошла на светот преку похота. Секоја мисла, секој збор и секое дело на работникот мора да се од возвишен карактер кој е во хармонија со светата вистина што ја застапуваат. Можеби ќе се покаже потреба мажите и жените помалку или повеќе да работат заеднички во нашите значајни мисионерски полиња. Ако е така, тие никогаш не можат да бидат премногу внимателни. Оженетите луѓе нека бидат резервирани и внимателни, за нив да не може да се каже ништо лошо. Живееме во време кое изобилува со расипаност и еден непромислен збор или недостојна постапка може многу да ја намали корисноста на оној што ќе ја покаже оваа слабост. Работниците нека се оградат со бариери од резервираност, за да не се случи ништо што непријателот би можел да го искористи. Ако почнат да покажуваат нарочна наклонетост еден кон друг и да се служат со ласкави зборови, Бог ќе им го ускрати Својот Дух. {5C 594.1}

Кога оженети луѓе ќе се посветат на работата и ќе ги остават своите сопруги да се грижат за децата во домот, сопругата и мајка исто така врши значајна должност како и сопругот и татко. Додека едниот како мисионер работи во полето, другиот е мисионер во домот и грижите на мајките често се многу поголеми од должностите на сопругот и таткото. Нејзиното дело е свето и значајно: таа ги образува умот и карактерот на своите деца, ги воспитува да бидат корисни во овој и достојни за идниот, бесмртен живот. Сопругот што работи во мисионерско поле можеби ќе биде пофален од луѓето, а работникот во домот не добива никакво земно признание за својата работа. Но ако таа вложува најголеми напори за доброто на своето семејство, трудејќи се карактерот на своите деца да го изгради според божествениот Пример, ангелите ќе го запишат нејзиното име како име на еден од најголемите мисионери во светот. Бог не ги гледа работите така како што ги гледа човечкото ограничено око. Сопругот и таткото мора грижливо да ја чува верноста на својот брачен завет. Тој мора да биде многу претпазлив, за кај младите девојки и омажените жени да не поттикнува мисли кои не се во согласност со возвишените и свети мерила на Божјите заповеди. Христос објаснил колку се обемни тие заповеди, затоа што се однесуваат и на мислите, намерите и побудите на срцето. Тука мнозина стануваат престапници. Мислите на нивните срца не се чисти и свети како Бог што го бара тоа. Затоа колку и да е висока нивната положба, колку и да се големи нивните способности, Бог ќе ги жигоса како престапници и ќе ги смета за повиновни и како луѓе кои го заслужиле Неговиот гнев повеќе од оние кои имаат малку дарови, помалку светлина и помал углед. {5C 594.2}

Тешко ми е кога гледам како на луѓето им се оддаваат претерани почести, како им се ласка и како се галат. Бог ми откри дека оние што примаат такви почести не се достојни да го споменуваат Неговото име; па сепак нивните ограничени битија се воздигнуваат до небото, затоа што се гледа само она што е надворешно. Сестри мои, никогаш немојте да им ласкате на бедните, погрешливи и непостојани луѓе, без разлика дали се стари или млади, женети или неженети. Вие не ги знаете нивните слабости и не знаете дека токму тоа внимание и тие пофалби можат да ја предизвикаат нивната пропаст. Загрижена сум заради кратковидоста и недостигот на мудрост што мнозина ги покажуваат во овој поглед. {5C 595.1}

Луѓето што се предани на Божјото дело и кои го имаат Христа во своите срца нема да го спуштаат знамето на моралот, туку ќе се трудат да го издигнат. Тие нема да наоѓаат задоволство во женското ласкање ниту ќе дозволат тие да се умилкуваат. Женетите и неженетите мажи треба да кажат: „Рацете покрај себе! Никогаш нема да дадам ниту

најмала прилика за мене да се зборува лошо. Мене моето добро име ми е подрагоцено од злато и сребро. Сакам да го сочувам неизвлакано. Ако луѓето го напаѓаат тоа име, нема да го прават тоа затоа што сум им дал повод за такво нешто, туку затоа што од иста причина лошо зборувале и за Исус Христос - затоа што ја мразеле чистотата и светоста на Неговиот карактер, бидејќи тој им бил постојан укор". {5C 595.2}

Би сакала да ги убедам сите работници во Божјото дело дека е мошне потребно постојано и сесрдно да се молат. Тие не можат постојано да бидат на колена, но можат постојано да ги издигаат своите срца кон Господа. На таков начин и Енох одел еднакво со Бога. Внимавајте да не си станете доволни себеси и да не го изгубите Исуса работејќи во своја сила, наместо во силата и духот на својот Учител. Не губете драгоцено време во површни разговори. По враќањето од мисионство не издигајте се себеси, туку Исуса. Издигнете го крстот од Голгота. Не дозволувајте да ве фалат, да ви ласкаат и да ве држат за раце како нерадо да ве пуштаат. Плашете се од сите вакви очигледни гестови. Бидете внимателни ако некои млади личности дури и оние што се во брак сакаат да ви ги доверат своите семејни тајни. Ако покажат желба да им се укаже сочувство, знајте дека тогаш треба да се придржувате кон најголема предострожност. Оние што се проникнати со Христовиот Дух и кои одат со Бога немаат такви несвети желби за туѓи симпатии. Тие имаат друштво кое ги задоволува сите потреби на душата и срцето. Женетите мажи кои примаат ласкања, воздигање и внимание од жени треба да знаат дека љубовта и симпатијата на таквите личности не е достојна да се посака. {5C 596.1}

Жените мошне често се искушувачи. Под овој или оној изговор, тие на себе го навлекуваат вниманието на оженетите или неоженетите мажи и ги заведуваат да го престапат Божјиот закон со што се уништува нивната корисност и нивните души се изложуваат на опасност. Историјата на Јосиф е забележана за доброто на сите оние што се искушуваат слично на него. Тој во начелото останал тврд како карпа и му одговорил на искушувачот: „Како јас да направам толку големо зло и да згрешам пред Бога?" (Создавање 39:9). И денес има потреба за морална сила каква што била неговата. Кога жените би копнееле за тоа да го облагородат својот живот и да станат соработници на Христа, нивното влијание би имало многу помалку опасности. Но со нивната денешна немарност во поглед на домашните должности и Божјите барања кон нив, нивното влијание често е мошне силно во лоша насока, нивните способности се намалуваат и нивната работа не носи божествен печат. Тие не се мисионери ниту во својот дом ниту надвор од него; и домот, драгоцениот дом, честопати станува пустош. {5C 596.1}

Секој што го исповеда Христа нека се залага да ја победи секоја неблагородност, сите слабости и лудости. Некои луѓе никогаш не дораснуваат до возрасни мажи во Исуса Христа. Тие се детинести и си попуштаат себеси. Понизната побожност сето ова би го поправила. Чистата вера нема ништо заедничко со детинестото попуштање на себеси. Таа е достоинствена во највисока смисла. Затоа ниеден од оние што пристапиле во редовите на Христовата војска не треба да падне на денот на искушението. Сите треба да бидат свесни за должностите што ги очекуваат и да ги воздигнуваат своите ближни. Никој нема право да се одмора во борбата чијашто цел е д2бледта да се направи пожелна, а порокот омразен. Во овој свет нема одмор за живиот христијанин. Покорување на Божјите заповеди значи вршење на она што е исправно и само исправно во сите околности. Ова е христијанска мажевност. Но мнозина уште многу мора да учат од животот на Христа кој е зачетник и свршител на нашата вера. „Мислете на Оној Кој од грешниците претрпе над Себеси таква поруга, та да не ви дотегне, и да не станете малодушни! Во борбата против гревот уште не сте се бореле до крв" (Евреите 12:3,4).

Морате да покажете дека растете во христијанските доблести. Покажувајќи кротост и кога ве навредуваат и издигнувајќи се над нискиот земен дух докажете дека Спасителот е во вас и со секоја мисла, збор и дело привлекувајте ги луѓето кон Исуса, а не кон себе. Има уште многу да се направи, а преостанува само малку време за работа. Вашето животно дело нека биде такво што сите ќе ги инспирира со помислата дека мораат да направат едно дело за Христа. Прифатете и извршете ја секоја должност што другите не ја сфаќаат затоа што не сакаат да ја сфатат својата животна задача. {5C 597.1}

Мерилото на моралност не е доволно возвишено меѓу Божјиот народ. Мнозина од оние што тврдат дека ги држат Божјите заповеди и дека ги бранат всушност ги престапуваат. Искушенијата доаѓаат на таков начин што оној што е искушан во нив гледа некој изговор за своите престапи. Оние што се посветуваат на мисионерска работа мора да бидат мажи и жени кои одат и општат со Бога. Сите што како проповедници стојат зад проповедалната мора да бидат луѓе со беспрекорен глас, нивните животи мора да бидат без мана и возвишени над сè што би личело на нечистота. Немојте добриот глас да го ставате на коцка изложувајќи се на искушенија. Ако некоја жена долго ви ја задржува раката, брзо потргнете се и на тој начин спасувајте се од гревот. Ако покажува несоодветна наклонетост и ако се жали дека сопругот не ѝ укажува доволно внимание и љубов, не се обидувајте да го надоместите тој недостаток. Единствено и мудро однесување во тој момент е сочувството да го задржите за себе. Ваквите случаи се многубројни. На овие души укажете им на Носачот на товари, вистинскиот и сигурен Советник. Ако го избрала Христос за свој водач, Тој ќе ѝ даде сила да ги сноси своите неволи без негодување. Истовремено, таа треба свесно да се труди со сите свои сили да го привлече кон себе својот сопруг во најстрга верност кон него и да се труди својот дом да го направи радосен и привлечен. Ако и сите нејзини напори останат безуспешни и без признание, таа сепак ќе ја има љубовта и помошта од својот мил Откупител. Тој ќе ѝ помогне во носењето на сите нејзини товари и ќе ја теши во нејзиното разочарување. Таа покажува недоверба кон Исуса ако бара човечките суштества да го заменат Христа на местото кое Тој секогаш е подготвен да го исполни. Таа со своето јадосување греши против Бога. Добро би било кога би го испитала своето срце, за да види дали гревот е сокриен во нејзината душа. Срцето кое на тој начин бара човечки симпатии и од секого прифаќа забранета наклонетост не е чисто и беспрекорно пред Бога. {5C 597.2}

Библијата ни дава неколку воочливи примери на силното влијание на лошите жени. Кога Валам бил повикан да го проколне Израел, не му било дозволено да го направи тоа, бидејќи Господ „не гледа беззаконие кај Јаков ниту изопаченост во Израел" (Броеви 23:21). Но Валам, кој веќе им подлегнал на искушенијата, целосно станал слуга на сатаната. И затоа одлучил да го направи непосредно она што Бог му забранил да го направи директно. Тој им поставил стапица на Израелците маѓепсувајќи ги со убавината на моавските жени што ги наведувале да го престапат Божјиот закон. На тој начин биле наведени да прават беззаконие и Божјиот благослов не почивал на нив. Нивните сили биле ослабени во голема мера и непријателите повеќе не се плашеле од нивната сила, бидејќи Господ над војските повеќе не бил присутен со нивните чети. {5C 598.1}

Ова треба да биде опомена за Божјиот народ кој живее во последните денови. Ако луѓето копнеат за правда и вистинска светост, ако ги исполнуваат сите Божји заповеди, сатаната и неговите помошници нема да можат да ги победат. Сето противење на најогорчениот непријател ќе се покаже безуспешно и нема да може да ги уништи ниту да ги искорени прачките од Божјото лозје. Сатаната знае, што покажува и жалосното искуство на Валам, дека не вреди магијата против Јаков, ниту врачењето против

Израелците сè додека во нив нема расипност. И затоа тој сета своја сила и влијание ќе ги употреби за да го уништи нивното единство и да ја извалка чистотата на нивниот карактер. Тој на Илјадници начини ги поставува своите стапици за да ја ослаби нивната сила за добро. {5C 599.1}

Јас повторно ви укажувам на неопходноста од чистота на секоја мисла, збор и дело. Ние лично сме одговорни пред Бога и имаме должности, што никој не може да ги изврши за нас. Мораме да го поправаме светот со совети, со лични напори и со пример. Мораме да ја развиваме друштвеноста, но не смееме да мислиме само на забава, туку да имаме јасна цел пред себе. Тоа е спасување на душите. Приближете им се со своите лични напори. Отворете ја својата врата за младите луѓе што се изложени на искушенија. Нив од сите страни ги повикува злото. Потрудете се да ги привлечете. Ако имаат многу недостатоци, трудете се да ги исправите овие грешки. Немојте да се држите на растојание од нив, туку приближете им се. Повикувајте ги во вашиот дом, покрај својот семеен олтар. За Илјадници од нив е потребно да се направи ова дело. Секое дрво во градината на сатаната е преполно со отровни искушенија и изречена е осуда над секој што бере плодови од нив и ги јаде. Да имаме на ум дека Бог нè повикал патот кон небото да го направиме чист, видлив и привлечен за да ги спасиме душите што сатаната ги маѓепсал и кои ги води во пропаст. {5C 599.2}

Бог ни подарил разум за да го користиме во благородни цели. Ние овде се подготвуваме за идниот живот. Ова е мошне сериозно време за секој од нас и никој не смее да биде безгрижен и непостојан. Нашето дружење со другите мора да се одликува со чистота и побожност. Нашите зборови мора да се однесуваат на небесните работи. „Но оние кои се бојат од Бога, си велеа често еден на друг: Господ гледа и го пази тоа, и пред лицето Негово се пишува спомен книга за оние што се плашат од Бога и го почитуваат името Негово. Тие ќе бидат Мои, вели Господ Саваот, Моја сопственост во оној ден, што го готвам, и ќе бидам милостив кон нив како што татко е милостив кон синот свој, кој му служи" (Малахија 3:16, 17). {5C 600.1}

Зар постои нешто што е подостојно од планот на спасението па тоа да ги обзема нашите мисли? Тоа е неисцрпен предмет. Исусовата љубов, спасението кое се нуди на паднатиот човек преку Неговото бескрајно милосрдие, светоста на срцето, драгоцената, спасоносна вистина за овие последни денови, Христовата благодат - тоа се предмети кои можат да ја издигнат душата и оние што се со чисто срце да ги наведат да ја почувствуваат радоста што ја чувствувале учениците кога Исус им се придружил на патот за Емаус. Секој што својата љубов ја насочил кон Христа ќе ужива во тоа свето заедништво и ќе црпи божествена сила од тоа; но оној што не сака таков вид на општење и кој повеќе сака да зборува за сентименталните бесмислици, се оддалечил од Бога и станал мртов за светите и благородни копнежи. Таквите личности сетилното и земното го сметаат за небесно. Ако разговорот е лекомислен и се води за непристојни предмети и ако во него се чувствува недозволен копнеж за човечки симпатии и фалби, значи дека се поттикнати од болната љубовна сентименталност пред која не се сигурни не само младите туку и оние со бела коса. Ако Божјата вистина е постојано начело на срцето, таа ќе биде жив извор. Луѓето можат да се обидат да го задушат тој извор, но тој тогаш ќе избие на некое друго место. Тој е тука и не може да се задуши. Вистината во срцето е извор на животот. Таа го крепи уморниот и ги спречува злите мисли и зборови. {5C 600.2}

Зар немаме доволно примери кои укажуваат на опасностите со кои е опсипана нашата патека? Насекаде ги гледаме разурнатините на човештвото, напуштените семејни олтари, унесреќени семејства. Преовладува развратот и застранување од

начелата, моралните мерила се снижуваат, се умножуваат гревовите заради кои Бог ја казнил земјата и го уништил Содом со оган. Се приближуваме кон крајот. Бог долго го трпел изопачениот човечки род; но нивната казна нема воопшто да изостане заради тоа. Оние што тврдат дека се светлина на светот нека отстапат од секоја неправда. Гледаме дека против вистината се подига истиот дух кој се појавил во Христово време. Оние што сакаат Божјиот закон да го направат сосема неважечки ќе лажат за да ги оцрнат и да ги изложат на презир Божјите работници, затоа што нема да можат да изнесат библиски аргументи против нив. Тие така постапувале и со Откупителот на светот, така ќе постапуваат и со Неговите следбеници. Веста која нема никаква основа ќе се разнесува како вистина. {5C 601.1}

Бог го благословил Својот народ кој ги држи Неговите заповеди и сите напади и лаги само ќе ги засилат оние што ја бранат верата која еднаш им е дадена на светите. Но ако оние кои за себе зборуваат дека се чувари на Божјиот закон станат престапници на истиот, Тој повеќе нема да ги штити и мнозина ќе пропаднат заради изопаченост и разврат. Тогаш навистина нема да бидеме во состојба да им се спротивставиме на непријателите. Но ако Неговиот народ се одвои од светот, како народ кој извршува правда Бог ќе биде негова одбрана и никакво направено оружје против него нема да биде успешно. {5C 601.2}

Имајќи вакви опасности пред себе, зар не треба како народ кој ги држи Божјите заповеди од нашите редови да го искорениме секој грев, секоја неправда и изопаченост? Зар не би требало жените што ја исповедаат вистината строго да внимаваат на себе, за да не дадат и најмал повод за недозволена блискост? Тие можат да затворат многу врати на искушенија ако постојано внимаваат да бидат резервирани и однесувањето да им биде беспрекорно. Мажите треба да се угледаат на примерот на Јосиф и да останат верни на начелата, колку и да се силни искушенијата. Ние имаме недостиг на мажи и жени ревни за правда. Околу нас се наоѓаат морално слаби личности. Ним им е потребно друштво на цврсти луѓе, чиишто срца тесно се поврзани со Христовото срце. Секој ќе биде испитан во начелата. Но има и такви кои самите одат во искушенија, како безумници во справа за мачење (каде стигаат заради своите неразумности). Тие го повикуваат непријателот да ги искушува. Се обесхрабруваат самите себе, морално слабеат и последица на сето тоа се срам и збрка. {5C 601.3}

Колку се бедни во очите на светиот Бог оние што тврдат дека го бранат Неговиот закон, додека притоа ги престапуваат Неговите прописи! Тие нанесуваат срам на Божјото дело и даваат можност противниците на вистина да трумфираат. Никогаш не треба да се избрише границата која ги дели Христовите следбеници од следбениците на сатаната. Самиот Бог повлекол јасна линија меѓу овој свет и црквата, помеѓу оние што ги држат Неговите заповеди и оние што ги престапуваат. Тие не можат да се измешаат. Тие се разликуваат како пладне и полноќ - различни се според своите склоности, желби намери и карактери. Ако негуваме љубов и страв од Бога, и најмалото наговестување на нечистота ќе ни биде одвратно. {5C 602.1}

Господ нека ги привлече душите кон себе и нека им подари секакво чувство за света одговорност. Тие мора да изградат карактер заради кој Христос нема да се посрами да ги нарече Свои браќа. Издигнете ги мерилата и тогаш ќе бидете благословени во денот кога секој човек ќе прими според она што го правел во тело. Оние што работат за Бога мора да живеат така како постојано да се наоѓаат пред Неговите очи и мораат постојано да го развиваат својот карактер, своите доблести и својата побожност. Нивните мисли и срца мора целосно да бидат проникнати со Светиот

Дух и со светата вест што ја разнесуваат, за секоја мисла, секое дело и секој побуда да бидат возвишени над земното и сетилното. Нивната среќа нема да се состои во забранетите, себични задоволства, туку во Исуса и во Неговата љубов. {5C 602.2}

Мојата молитва е: „О, Господе, помази ги очите на Својот народ за да го разликува гревот од светоста, расипаноста од правдата, за најпосле да биде победник". {5C 603.1}

---

74. ЉУБОВ КОН ЗАБЛУДЕНИТЕ

Христос дошол за на сите да им овозможи спасение. Тој на крстот на Голгота платил неизмерна цена за да го откупи изгубениот свет. Неговото самодрекување, пожртвување, Неговата несебична раобта, понижување, и над сè, жртвувањето на Својот живот сведочат за Неговата љубов кон паднатиот човек. Тој дошол на земјата да ги најде и спаси загубените. Неговата мисија била наменета на грешните - на грешниците од секој вид, од сите народи и јазици. Тој ја платил цената за сите за да ги откупи и да ги доведе во единство и хармонија со Себе. Не ги заобиколил ниту најгрешните, ниту најзаблудените и нарочно се залагал за оние на кои им било најпотребно спасението што го носел. Колку била поголема потребата тие да се реформираат, толку поголемо било Неговото интересирање за нив, толку била поголема Неговата љубов и посесрдни Неговите напори. Неговото срце полно со љубов чувствувало најдлабоко сожалување токму кон оние што биле во најбезнадежна состојба и на кои им била најпотребна Неговата благодат што преобразува. {5C 603.2}

Во параболата за загубената овца прикажана е Христовата чудесна љубов кон заблудените кои талкаат. Тој не одбрал да остане со оние што го прифаќаат Неговото спасение, и сите свои напори да им ги посвети ним и да ја прима нивната љубов и благодарност. Добриот пастир го напушта стадото што Го љуби и заминува во пустината, изложувајќи се на опасности и смрт, за да ја пронајде и да ја спаси овцата која се одвоила од стадото и која ќе пропадне ако не се врати назад. И кога после напорното барање ќе го најде загубеното, пастирот иако уморен, гладен и жеден, не ја пушта овцата да оди по Него, ниту ја брка пред себе, туку (о, колку ли чудесна љубов!) нежно ја зема на раце, ја подига на своето раме и ја носи назад во трлото. И тогаш ги повикува своите соседи да се радуваат со него затоа што го нашол изгубеното. {5C 603.3}

Истата поука ја содржат и параболите за загубениот син и за загубениот динар. Секоја душа која нарочно е изложена на искушенија, предизвикува бол во Христовото срце и Неговото најнежно сожалување и најголеми напори. Радоста за еден грешник кој се кае е поголема од радоста за деведесет и деветте праведници кои немаат потреба од каење. {5C 604.1}

Овие поуки се дадени за наше добро. Христос на Своите ученици им наложил да соработуваат со Него во Неговото дело и да се љубат меѓусебно како што Тој ги љубел нив. Маките што ги претрпел на крстот сведочат колку Тој ја ценел човечката душа. Сите што ќе го прифатат ова големо спасение со тоа се обврзуваат да бидат Негови соработници. Никој не треба себе да се смета за миленик на небото и сето внимание и љубов да ги намени за себе. Сите оние што пристапуваат во служба на Христа мораат да

работат како што работел и Тој, и да ги љубат оние што се во незнаење и грев како што ги љубел Тој. {5C 604.2}

Но меѓу нас како народ нема доволно длабока, сесрдна и делотворна љубов кон заблудените и оние што се изложени на искушенија. Мнозина покажуваат големо студенило и грешна немарност стоејќи што е можно подалеку од оние што имаат најмногу потреба за помош; таквите Христос ги прикажал зборувајќи за свештеникот и левитот кои поминале покрај настраданиот самарјанин без да му укажат помош. Новообратената душа честопати има големи внатрешни борби со вкоренетите навики или со некој нарочен облик на искушување. Таа често може да подлегне на некоја силна страст или копнеж и може да ја изневери довербата со некоја непромисленост или грешка. Од браќата се бара во таков случај да бидат енергични, но и тактични и мудри, за да го повратат загубеното духовно здравје. Во тие случаи треба да се примени советот на Божјата Реч: „Браќа, и да падне човек во некаков грев, вие духовните поправајте го таквиот со духот на кротоста, пазејќи се и вие да не бидете искушани". „Ние, силните, должни сме да ги поднесуваме слабостите на немоќните, и да не си угодуваме на себеси" (Галатјаните 6:1; Римјаните 15:1). Но колку малку Христова сомилост и сочувство покажуваат оние што тврдат дека се Негови следбеници! Ако некој погреши, другите често се чувствуваат премногу слободни случајот да го прикажат што е можно полош. Тие можеби се виновни за исто толку големи гревови, но во некој друг правец постапуваат со свирепа строгост кон својот брат. Грешките направени заради незнаење, непромисленост или слабост се преувеличуваат и се прикажуваат како намерни и ужасни гревови. Таквите кога ќе видат дека некоја душа застранува, остануваат со скрстени раце зборувајќи: „Зар не ти кажав? Знаев дека на таквите не можеш да се потпреш". Со тоа самите се ставаат во положба на сатаната, радувајќи се затоа што се исполниле нивните зли предвидувања. {5C 604.3}

Ние мораме да очекуваме да се сретнеме со големи недостатоци кај оние што се млади и неискусни, но мора да сме подготвени да бидеме трпеливи со нив. Христос ни заповедал да ги поправаме овие души во благ дух и Тој ќе нè направи одговорни ако ние со своите постапки ги доведеме до малодушност, очајување и пропаст. Ако не ја негуваме драгоцената билка на љубовта секојдневно, можеме да станеме тесногради, немилосрдни, нетрпеливи и критичари, мислејќи за себе дека сме праведни, а всушност сме далеку од тоа Бог да нè прифати. Некои се крути, сурови и нагли. Тие се слични на боцкавите шишарки на костенот кои бодат каде и да се допрат. Погрешно го прикажуваат нашиот милостив Спасител со тоа нанесуваат непроценлива штета. {5C 605.1}

Мораме да постигнеме повозвишено ниво, инаку нема да сме достојни за нашето христијанско име. Мораме да го негуваме духот со кој Христос работел за спасување на душите. Тој нив ги сака исто како и нас. Тие исто така се во состојба да станат трофеи на Неговата благодат и наследници на Неговото царство. Но тие се изложени на стапиците на лукавиот непријател, на опасности и заблуди и сигурно ќе пропаднат, ако бидат лишени од спасоносната Христова благодат. Кога оваа работа би ја согледале во вистинска светлина, таа би пробудила ревност во нас, нашите сесрдни и самопожртвувани напори многукратно би се умножиле, така што би можеле да им се приближиме на оние на кои им е потребна нашата помош, нашите молитви, нашето сочувство и нашата љубов. {5C 605.2}

Сите што биле немарни во ова нека ја разгледаат својата должност во светлината на големата заповед: „Возљуби го својот ближен како себеси" (Матеј 22:39). Оваа

должност е задолжителна за сите. Од сите се бара да се залагаат да го намалат злото и да ја умножат среќата на своите ближни. Ако сме силни и можеме да им се спротивставиме на искушенијата, ќе имаме поголема должност да им помогнеме на оние кои се слаби и попустливи. Ако имаме знаење, треба да ги поучуваме оние што се во незнаење. Ако Бог нè благословил со земни добра, должни сме да им помагаме на сиромасите. Мора да работиме за доброто на другите. Сите оние со кои доаѓаме во контакт нека учествуваат во предимствата што ги имаме. Никој не смее да биде задоволен ако само себе се храни со лебот на животот, а не го дели со оние кои се околу него. . {5C 606.1}

Само оние што се верни на својот Учител и кои се трудат да ги спасат загубените, само тие живеат за Христа и го слават Неговото име. Вистинската побожност сигурно ќе го покажува силниот копнеж и сесрдната работа на распнатиот Спасител да ги спаси оние за кои умрел. Ако нашите срца се смекнати и совладани со Христовата љубов и ако горат со пламенот на Божјата добрина и љубов, нашата љубов, милосрдие и нежност природно ќе се насочат на другите. Вистината што се остварува во животот ќе ја покаже својата сила и ќе дејствува како сокриен квасец на сите со кои ќе дојдеме во контакт. . {5C 606.2}

Бог одредил луѓето да го следат примерот на Христа и да работат како Тој што работел, ако сакаат да напредуваат во благодатта и во познавањето на Христа. Често е потребно да се бориме за да ги совладаме нашите чувства за да не ги обесхрабриме оние што се во искушенија со нашето зборување. Без сериозни напори не можеме да живееме живот на секојдневна молитва и благодарност, живот кој како светлина ќе ја осветли патеката на другите. Но ваквиот напор ќе донесе драгоцени плодови и благослови не само на примателот, туку и на давателот. Духот на несебична работа за другите дава цврстина, постојаност, христијанска благост на карактерот и донесува мир и среќа на оној што го има. Копнежите стануваат возвишени. Оние што ги вежбаат христијанските доблести ќе напредуваат. Ќе имаат силни духовни мускули и ќе бидат силни во работата за Бога. Ќе имаат јасно духовно распознавање, цврста растечка вера и нивните молитви ќе имаат ненадминлива сила. Оние што бдеат над душите, кои потполно се посветиле на спасување на заблудените со тоа најдобро работат и за своето сопствено спасение. . {5C 606.3}

Но оваа должност страшно е занемарена. Ако нашите мисли и чувства сме ги посветиле на Бога, зар можеме бесчувствително да ги напуштиме душите кои се во заблуда, изложени на сатанските искушенија? Зар не би вложиле поголем напор да ги спасиме овие заблудени, со Христова љубов и едноставност. Сите кои вистински се посветиле на Бога со најголема ревност ќе се посветат на делото за кое Тој направил најмногу, за кое поднел непроценлива жртва - делото за спасување на душите. Тоа дело секогаш треба да се поддржува и помага и никогаш не треба да се дозволи да ослаби. {5C 607.1}

Бог го повикува Својот народ да се пробуди и да излезе од ледената атмосфера на бесчувствителност во која живее, да ги отфрли од себе впечатоците и идеите кои го задушиле чувството на љубов и кои го држат во себична неактивност. Тој го повикува да се издигне од неговото ниско земно ниво и да ја вдиши чистата сончева атмосфера на небото. {5C 607.2}

Нашите состаноци за богослужение за нас треба да бидат свети, драгоцени прилики. Состанокот за молитва не е место каде браќата треба да се укоруваат и критикуваат меѓусебно, каде што ќе се слушнат нељубезни зборови и покажуваат

негативни чувства. Христос ќе биде истеран од собирот во кој ќе се покаже ваков дух, а тогаш ќе влезе сатаната за да го преземе водството. Не смее да се дозволи нешто што би имало нехристијански карактер. Зар не се собираме за да измолиме милост и проштевање од Господа? Зар Спасителот не рекол јасно: „Зашто, со каков суд судите, со таков ќе бидете судени; со каква мерка мерите, со таква и ќе ви се мери" (Матеј 7:1). Кој може да застане пред Бог и да тврди дека има безгрешен карактер, и чист живот? Како тогаш се осмелуваме да ги критикуваме и осудуваме нашите браќа? Оние што и самите можат да се надеваат на спасение само преку заслугите на Христа, кои можат да бараат проштевање само преку заслугата на Неговата крв, тие се најмногу обврзани да негуваат љубов, милосрдие и проштевање кон своите ближни кои се грешници како и тие самите. {5C 607.3}

Браќа, ако не се научите да го почитувате местото за богослужение, Бог нема да ве благослови. Можете да одржувате формални богослуженија, но тоа нема да биде духовна служба. „Зашто, каде се двајца или тројца собрани во Мое име, таму сум и Јас среде нив", кажува Исус (Матеј 18:20). Сите мора да чувствуваат дека се наоѓаат во Божјо присуство и дека мораат внимателно да ги испитаат сопствените срца наместо да зборуваат за грешките и заблудите на другите. Бидејќи треба да ги исповедате своите гревови, извршете ја вашата должност, а оставете ги другите самите да ја вршат нивната. {5C 608.1}

Ако попуштате на крутоста на својот карактер и покажувате дух на грубост и нечувствителност кон другите, со тоа ќе ги одбиете токму оние што треба да ги придобиете. Со вашата крутост вие во нив ја задушувате наклонетоста кон состаноците, а последица на тоа често е нивното отпаѓање од вистината. Треба да сфатите дека Божјиот укор се однесува и на вас самите. Додека вие ги осудувате другите, Господ ве осудува вас. Вие сте должни да го признаете вашето нехристијанско однесување. Сам Господ нека делува на срцето на секој член на црквата за Неговата благодат која преобразува да се покаже во животот и карактерот на сите. Тогаш, кога ќе се собирате, тоа нема да биде за да ги критикувате меѓусебно, туку за да зборувате за Исуса и за Неговата љубов. {5C 608.2}

Нашите состаноци треба да бидат интересни. Тие треба да бидат проникнати со небесна атмосфера. На нив не треба да има долги, сувопарни говори, формални молитви, само за да помине времето. Сите треба да бидат подготвени да го извршат својот дел од должностите и после тоа состанокот треба да се затвори. Така состаноците ќе бидат интересни сè до крајот. Таквото богослужение ќе му биде угодна и прифатлива жртва на Бога. Тоа треба да биде интересно и привлечно и не смее да се изопачи во празна форма. Мораме да живееме со Христа секој ден, секој час и секој миг. Тогаш Христос ќе престојува во нас, и кога ќе се состанеме Неговата љубов ќе биде во нашите срца, излевајќи се како извор во пустината, ќе ги освежи сите околу нас и ќе предизвика желба да се напијат од водата на животот и кај оние кои се пред пропаѓање. {5C 609.1}

Ние не смееме да се потпреме на двајца или тројца членови на црквата за да ги извршуваат обврските за цела црква. Секој поединечно од нас мора да поседува силна, жива вера, вршејќи го делото што Бог ни го доверил. Со длабок, жив интерес треба да го запрашаме Господа: „Што сакаш да правам? Како да ја исполнам својата должност на овој свет и за вечноста?" Секој од нас поединечно мора да ги вложи сите свои сили во истражувањето на вистината, употребувајќи ги сите средства што ни се на дофат и кои можат да ни помогнат во внимателното и побожно истражување на Светото Писмо и

тогаш ќе бидеме посветени со вистината за да можеме да ги спасуваме душите. {5C 609.2}

Во секоја црква мора да се вложат најсесрдни напори за да се отстрани озборувањето и духот на осуда кои влегуваат во гревовите од кои произлегува најголемото зло во црквата. Строгоста и постојаното изнаоѓање грешки мора да се укоруваат како дело на сатаната. Членовите на црквата мора да ја поттикнуваат и да ја засилуваат меѓусебната љубов и доверба. Сите треба во Божји страв и од љубов кон браќата, да ги затворат своите уши за озборувањето и осудувањето. Сплеткувачот упатувајте го на науката на Божјата Реч. Кажете му да се покорува на библиската наука и своите жалби да ги изнесе непосредно на оние за кои мисли дека погрешиле. Таквата сложна акција во црквата ќе внесе плима на светлина и ќе ја затвори вратата пред плимата на злото. На тој начин Бог ќе се прослави и многу души ќе се спасат. {5C 609.3}

Поттикнувањето на верниот Сведок до Сардската црква гласи: „Имаш име дека си жив, а мртов си. Биди буден и утврдувај ги оние што се на умирање; бидејќи делата твои не ги најдов совршени пред Мојот Бог. Спомни си за оние што си ги примил и чул, и послушај го, и покај се" (Откровение 3:3). На оваа црква посебно ѝ се припишувал гревот што не ги утврдувала оние што биле на умирање. Зар таа опомена не се однесува и на нас? Секој од нас поединечно треба да го испита своето срце во светлината на Божјата Реч и наша прва должност е со Христова помош да ги средиме своите срца. {5C 610.1}

Бог го извршил Својот дел во делото за спасување на душите, и сега ја повикува црквата да соработува во тоа. На една страна се наоѓаат Христовата крв, словото на вистината и Светиот Дух, а на друга страна се душите што пропаѓаат. Секој следбеник на Христа е должен да ги наведува луѓето да ги прифатат благословите што ги дава небото. Треба внимателно да се испитаме себеси и да утврдиме дали сме ја исполниле нашата должност. Треба да ги испитаме нашите побуди и сите постапки во животот. Дали има многу непријатни слики на ѕидовите на нашето сеќавање? Често ви беше потребна прошка од Исуса. Постојано зависевте од Неговото проштевање и љубов. И покрај сето тоа, дали не пропуштивте кон другите да го покажете оној дух што Христос го покажа кон вас? Дали се чувствувавте должни кон оној што тргнал по забранета патека? Дали плачевте заради него и дали се молевте за него и со него? Дали со нежни зборови и љубезни постапки му покажавте дека го сакате и дека сакате да го спасите? Кога се дружевте со оние што се колебаа и паѓаа под товарот на слабостите на сопствениот карактер и грешните навики, дали ги остававте да се борат сами, иако можевте да им помогнете? Дали ги заобиколивте оние што се наоѓаат во големи искушенија, додека светот беше подготвен да им биде наклонет и да ги привлече во стапиците на сатаната. Дали, како Каин, бевте подготвени да кажете: „Зар јас сум чувар на брат ми" (Создавање 4:9). Како големиот Поглавар на црквата гледа на вашето животно дело? Како Оној за кого секоја душа е скапоцена, бидејќи е откупена со Неговата крв, гледа на вашата рамнодушност кон оние што застрануваат од вистинскиот пат? Зар не се плашите дека Тој ќе ве напушти, како што вие ги напуштате нив? Бидете сигурни дека вистинскиот стражар на Господовиот дом ја забележал секоја немарност. {5C 610.2}

Зар толку го исклучивте животот на Христа и Неговата љубов и на местото на тоа во вашите срца се вселила формалната служба. Каде е пламенот на душата кој некогаш го имавте кога го спомнувавте Исусовото име? Колку беше сесрдна вашата љубов кон душите кога се посветивте во почетокот! Колку сериозно се трудевте на луѓето да им ја покажете љубовта на Спасителот! Недостатокот на таа љубов ве направи ладни, критички и непомирливи. Настојувајте повторно да ја добиете, и потоа работете за

придобивање на души за Христа. Ако одбиете да го направите тоа, други, со помалку искуство и со помали можности, ќе го заземат вашето место и ќе го направат она што вие пропуштивте да го направите, бидејќи оние што се во искушенија, во неволја и кои пропаѓаат мора да се спасат. Христос ја предал оваа служба на Својата црква; кој сака да ја прифати? {5C 611.1}

Бог не ги заборавил добрите дела и самопожртвувањата на црквата во минатото. Сето тоа е запишано на небото. Но тоа не е доволно. Тоа нема да ја спаси црквата, ако престане да ја врши својата мисија. Ако не престане да биде толку немарна и рамнодушна како што беше досега, црквата и понатаму ќе се изопачува и ќе стане слаба и формалистичка, наместо да станува сè посилна и посилна. Ќе дозволиме ли да дојде до тоа? Треба ли да се овековечи тоа мртвило, тоа исчезнување на љубовта и духовната ревност? Зар Христос во ваква состојба треба да ја затекне Својата црква? {5C 611.2}

Браќа, вашите светилници, навистина ќе треперат додека не изгаснат во мракот, ако не преземете решителни напори да се реформирате. „Спомни си од каде си паднал и покај се, и врши ги поранешните дела" (Откровение 2:5). Можноста што се пружа сега можеби ќе трае кратко. Но за оние што ова време на милост и покајание го пропуштат неискористено, дадена е опомената: „Скоро ќе ти дојдам и ќе го преместам свеќникот твој од местото негово" (Исто). Тие зборови ги изговорил Оној што е долготрпелив и милостив. Тие претставуваат свечена опомена на црквата и на поединците дека Стражарот кој никогаш не спие ги одмерува нивните чекори. Можат да се заблагодарат за Неговата чудесна милост што не се отсечени како препреки на земјата. Но Неговиот Дух нема засекогаш да се бори со луѓето. Неговото трпение ќе трае само уште малку. {5C 612.1}

Вашата вера мора да биде нешто повеќе отколку што беше досега. Инаку ќе бидете измерени и ќе се најдете лесни. Во последниот ден, Судијата на целата Земја ќе донесе одлука според нашето залагање и практичната работа за несреќните, потиштените и искушуваните. Вие не можете секогаш да ги заобиколувате, доколку сакате да влезете во Божјиот град како откупеници. „Вистина", кажува Христос, „доколку не сте го направиле тоа за еден од овие најмали браќа ни за Мене не сте го направиле" (Матеј 25:45). {5C 612.2}

Уште не е предоцна да се поправат пропустите од минатото. Повторно нека оживее првата љубов и првата ревност. Побарајте ги оние што сте ги избркале, раните што сте ги направиле превијте ги со покајание. Приближете му се на големото Срце на сомилосна љубов и дозволете во вашето срце да потече река од божествено милосрдие, а од него во срцата на другите. Благоста и милосрдието на Исуса нека ни служат како пример како треба да постапуваме со ближните, посебно кон оние што се наши браќа во Христа. Мнозина ја изгубиле храброста во големата борба на животот, а само еден збор на утеха и охрабрување би им помогнал да победат. Никогаш, никогаш немојте да бидете без срце, ладни, нечувствителни и критичари. Никогаш не пропуштајте прилика да кажете некој збор на охрабрување и да им влеете надеж на луѓето. Ние не сме свесни какви последици можат да имаат нашите нежни и благи зборови, нашите христијански напори да олесниме нечиј товар. Заблудените можат да се повратат на правиот пат само со кротост, благост и нежна љубов. {5C 612.3}

Дали би сакал да откупиш една заблудена душа,
и еден загубен назад кон Бог да водиш?
Дали би сакал да бидеш ко ангел заштитник,

за оној кој долго во вина газел.
Оди кај него и со љубезни зборови
земи ја неговата рака, во својата рака.
И покрај него како брат стои, сѐ додека
демонот на гревот не го симнеш од престолот. {5C 613.1}

Не му се подбивај на виновниот, туку моли го,
во љубезен и благ тон;
За назад загубениот да го водиш,
кон Бога, човештвото и доброто.
Ти самиот си човек, и си слаб,
и можеш да паднеш како и тој.
Тогаш кон паднатите покажи милост,
за и кон тебе да биде покажано милост. {5C 613.2}

---

75. ДОЛЖНОСТИТЕ НА ЦРКВАТА

Каде што престојува Светиот Дух тука има благост, трпение, благородност и добрина. Секој вистински следбеник на Христа ќе се труди да се угледа на својот Пример. Тој ќе копнее Божјата волја да се твори на земјата, како и на небото. Оние чиишто срца се извалкани со грев не можат да бидат ревни во добри дела. Тие не ги исполнуваат првите четири Божји заповеди кои ја одредуваат должноста на човекот кон Бога, ниту последните шест, кои се однесуваат на должностите кон ближните. Нивните срца се исполнети со себичност и тие постојано изнаоѓаат грешки кај другите, што се подобри од нив. Тие преземаат работи што Бог не им ги одредил, а не го работат тоа што им го наменил, да внимаваат на себе, за да не израсне некој корен на горчина кој внесува збрка во црквата и ја валка. Тие со својот поглед ги гледаат другите, и будно внимаваат на слабостите на нивниот карактер, а би требало да внимаваат на себе и критички да ги проверуваат сопствените постапки. Кога тие би ги очистиле своите срца од себичноста, зависта, сомнежите и пакоста, тогаш не би се качувале на судскиот стол и не би ги осудувале оние што во Божјите очи се подобри од нив. {5C 613.3}

Тој што сака да ги реформира другите, прво мора да се реформира себе. Мора да го има духот на својот Учител и мора да биде подготвен да поднесува самоодрекувања и навреди како Тој. Целиот свет станува безначаен во споредба со вредноста на една душа. Попуштањето на желбата за наметнување на авторитет и господарењето со Божјото наследство ќе доведе до загуба на душата. Оние што навистина го љубат Исуса, ќе се трудат своите животи да ги сообразат со својот Пример и во Негов Дух ќе работат за спасување на ближните. {5C 614.1}

За да го привлече човекот кон себе и да му обезбеди вечен живот, Христос ги напуштил Своите царски дворови и се симнал на Земјата, ја поднел агонијата на гревот и срамот наместо човекот и умрел за да го ослободи. Цената што е платена за откупување на човекот е толку неизмерна, што ниеден кој го исповеда Христовото име

не смее да се осмели да биде рамнодушен кон некој од Неговите најмали. Браќата и сестрите во црквата мораат грижливо да внимаваат со некој збор или постапка да не го обесчестат маслото и виното. Тие треба да бидат трпеливи, благи и милостиви кон оние што Христос ги откупил со Својата крв. Колку верно и сесрдно треба да се трудат на подигање на оние што паднале во очај и малодушност. Колку благи треба да бидат кон оние што копнеат да живеат според вистината, а за тоа немаат охрабрување во домот, кои постојано вдишуваат атмосфера на неверство и темнина. {5C 614.2}

Како да се постапува со заблудените

Ако се смета дека еден брат згрешил, неговите браќа и сестри не треба да си шепотат меѓу себе и да ги преувеличуваат неговите претпоставени заблуди и грешки. Ова често се случуваше и последица на тоа е што Божјото негодување ги погодува оние што прават така, додека пак сатаната трумфира што може да ги ослаби и да им отежнува на оние што би можеле да бидат силни во Господа. Светот ја гледа нивната слабост и дава суд за тие луѓе и за вистината што ја исповедаат според нивните плодови. {5C 615.1}

„Господи, кој може да престојува во Твоето живеалиште? Кој може да се всели на Твојата света гора? Оној што оди непорочно, што врши правда и во срцето свое говори вистина. Кој не клевети со јазикот свој, не прави зло на ближниот свој и не прима зол глас против ближниот свој; во неговите очи, злобникот е ништожен, а ги почитува оние што имаат стравопочит кон Господ; кој кога се колне на својот ближен, не порекнува; кој не дава пари на заем за лихва и не прима поткуп против невин. Кој така постапува, нема никогаш да се поколеба” (Псалм 15). Според ова клеветникот е исклучен од Господовото живеалиште и не може да се насели на светата гора Сион. Оној што прима зол глас против својот ближен не може да наиде на одобрување кај Бога. {5C 615.2}

Често се случува проповедниците кои се посветиле на доброто дело за доведување на души кај Бога и вистината, да бидат повикани да решат некој спор што се појавил меѓу браќата во црквата кои воопшто не се во право, туку причината за спорот е нивниот кавгахиски и властољубив дух. {5C 615.3}

Колку повеќе се шириле ова дело, сè почесто и почесто се повторуваа случаите луѓето да се одвојуваат од своето поле на работа. Тоа е лукавство на големиот непријател на човекот за да ги спречи луѓето во Божјото дело. Кога душите кои треба да се одлучат за вистината, се изложат на штетни влијанија, го губат интересот и после ништо друго не може да ги покрене. Сатаната се труди на сите начини да ги одвои проповедниците од нивното поле на работа, за нивните напори да останат без успех. {5C 615.4}

Во црквата има непосветени, необратени мажи и жени кои повеќе се интересираат за сопственото достоинство и мислење отколку за спасението на ближните и сатаната преку нив прави потешкотии кои го бараат времето и работата на проповедникот, заради што многу души се изгубени. {5C 616.1}

Сè додека членовите на црквата се со поделени чувства, нивните срца ќе бидат тврди и нечувствителни. Напорите на проповедниците тогаш личат на ковање на ладно железо и секоја страна станува уште поупорна отколку што била пред тоа. Положбата на проповедникот станува сосема незавидна, бидејќи колку и да се мудри неговите одлуки, секогаш ќе има некои на кои нема да им се допаднат и така разделеноста ќе станува сè посилна и посилна. {5C 616.2}

Ако проповедникот се всели во некое семејство, другото сигурно ќе биде завидливо, плашејќи се да не стекне неповолно мислење за нив. Ако даде некој совет, некој ќе каже: „Тој и тој му го рече тоа" и неговите зборови нема да имаат влијание на нив. Така во нивните души се повеќе се вкоренува недоверба и проповедникот е изложен на предрасуди и љубомора. Често се случува кога ќе замине состојбата да биде полоша отколку што била кога дошол. Црквата би се наоѓала во многу подобра состојба ако проповедникот би одбил да слуша едностранн и обоени нечии приказни, ако даваше совети во согласност со библиското правило и ако кажал како Немија: „Зафатен сум со голема работа, не можам да слезам" (Неемија 6:3). {5C 616.3}

Проповедниците и членовите на црквата предизвикуваат Божјо незадоволство против себе ако дозволуваат поединците да им зборуваат за маните и грешките на нивните браќа. Тие не би смееле да ги слушаат ваквите извештаи, туку треба да го прашаат оној што им ги изнесува: „Дали целосно ја применуваше поуката на твојот Спасител, дали му пријде на престапникот и дали зборуваше со него насамо за неговите грешки? Дали тој одби да те сослуша? Дали со молитва и внимание зема уште двајца или тројца и дали се обидовте да работиш заедно со него во љубов, понизност и кротост? Дали твоето срце е трогнато со љубов кон неговата душа?" Ако се постапило целосно според правилата што Поглаварот на црквата ги постави за постапување со заблудените, тогаш можат да се преземат други чекори. Кажи ѝ на црквата и препушти таа да постапи во согласност со Светото Писмо. Тогаш небото ќе ја одобри одлуката, ако црквата го исклучи престапникот кој не сака да се покае. Ако не се постапило така не го слушајте злиот глас против своите ближни. Кога не би имало браќа и сестри кои прават вака, злите јазици наскоро би замолкнале, бидејќи не би им се овозможувала прилика да се јадат и истребуваат меѓусебно. {5C 616.4}

Избор на водачи

Апостол Павле му пишува на Тит: „За да го довршиш несвршеното и во сите градови да поставиш старешини, како што ти бев порачал: ако некој е непорочен, маж на една жена и има верни деца, што не се укорувани за блудство или непокорност. Бидејќи епископот, како Божји распоредник, не треба да е порочен" (Тит 1:5-7). За сите ваши проповедници би било добро да ги стават во срцето овие зборови и да не брзаат многу кога примаат луѓе во службата; без доволно разгледување и сесрдна молитва за Бог преку својот Свети Дух да одреди кој да се прими. {5C 617.1}

Вдахновениот апостол кажал: „Раце на никого не полагај пребрзо" (1. Тимотеј 5:22). Во некои наши цркви премногу брзо се помина на организирање и наименување на старешини. Не се почитуваше библиското правило и заради тоа црквата се најде во големи потешкотии. Не смее да се брза со поставувањето на старешини, за да не се постават луѓе кои на ниеден начин не се соодветни за таа одговорна работа - луѓе што треба да се обратат, возвишат, облагородат и да станат подобри пред на било кој начин да можат да му служат на Божјото дело. {5C 617.2}

Мрежата на евангелието ги фаќа и добрите и лошите. Како што е потребно време за да се развие карактерот, исто така е потребно време и да се види какви всушност се луѓето. Треба да се гледа и какво е семејството на човекот што се предлага за примање во службата, да тоа во целосност е потчинето на Господа. Може ли тој човек добро да управува со своето семејство? Какви се неговите деца? Ќе придонесуваат ли тие за честа на татковиот углед? Ако тој нема тактичност, мудрост и силна побожност во домот, во

управувањето со своето семејство, може да се заклучи дека тој истите недостатоци ќе ги покажува и во црквата и дека во неа ќе се забележи лошиот начин на управување. Многу е подобро да се критикува човек пред да биде примен во службата отколку после тоа, подобро е да се молиме и советуваме пред да се направи тој одлучен чекор, отколку потоа да се трудиме да ги исправиме лошите последици на тој чекор. {5C 618.1}

Во некои цркви старешината (водачот на црквата) ги нема потребните квалификации своите членови да ги воспита и да ги подготви за работа. Не се применети и тактичност и здрав суд за да се пробуди и да се одржи живо интересирањето за Божјото дело. Водачот е бавен и досаден, многу зборува и предолго се моли на јавните собири; нема жива врска со Бога која би му дала свежо искуство. {5C 618.2}

Водачите на црквите во сите места треба да бидат сесрдни, полни со ревност и со несебично пожртвување, Божји луѓе кои ќе бидат во состојба работата да ја насочат во правилна насока. Тие треба своите барања со вера да ги упатуваат на Бога. Ако сакаат, тие можат сето свое време да го посветат на тајна молитва, но во нивните јавни молитви и сведоштва треба да бидат што пократки и поодредени. Треба да се избегнуваат долгите, сувопарни молитви и долгите поттикнувања. Ако браќата и сестрите сакаат да кажат нешто што ќе ги поткрепи и охрабри другите, тоа претходно мора да биде во нивните срца. Тие треба секого постојано да го одржуваат во врска со Бога, снабдувајќи се од Неговата неисцрпна ризница и изнесувајќи од неа „и старо и ново". Ако нивните сопствени души се освежени со Светиот Дух, тие ќе бидат во состојба да ги подигаат, засилуваат и храбрат другите; но ако самите не пиеле од Изворот на живото спасение, нема да можат ниту другите да ги водат на него. {5C 618.3}

На оние што ја примиле теоријата на вистината мора да им се укаже на неопходноста од религиозно искуство. Проповедниците мора да ја одржуваат Божјата љубов во сопствените души за да можат да ги убедат луѓето во неопходноста од лично посветување и пробразување. Сите мора да стекнат лични, живи искуства; Христос мора да живее во нивните срца; Неговиот Дух мора да ги контролира чувствата, инаку нивното исповедање на верата нема има никаква вредност и нивната состојба ќе биде полоша отколку ако никогаш не слушнале за вистината. {5C 619.1}

Во малите групи кои ќе ја примат вистината треба да се погрижиме да биде обезбеден напредокот на црквата. За водење на делото треба да се определи човек за една седмица или за еден месец, потоа некој друг за неколку седмици. Така различни личности ќе дојдат во контакт со делото и по соодветниот испит, црквата може да избере еден човек за водач, но тој никогаш не треба да биде избран за подолго од една година. Тогаш треба да се избере друг, или истиот човек повторно ако неговата служба се покаже благотворна за црквата. Со истото начело треба да се управуваме и при изборот на луѓе за други одговорни положби, како и при изборот на службениците за Областите и Униите. За претседатели на Областите не треба да се бираат неиспробани луѓе. Мнозина не покажуваат доволно разбирање за овие важни прашања во кои се работи за повисоки интереси. {5C 619.2}

Ние тврдиме дека сме чувари на Божјиот закон, тврдиме дека имаме поголема светлина и дека се стремиме кон повисока цел од било кој друг народ на земјата. Затоа нашиот карактер мора да биде посовршен, а нашата побожност посесрдна. На оние што ја прифатиле светлината на сегашната вистина доверена им е најсветата вест. Нашата светлина треба да свети осветлувајќи го патот на оние што се наоѓаат во темнина. Како членови на видлива црква и како работници во Божјото лозје, сите што го исповедаат христијанството, мора да дадат сè од себе за да го сочуваат мирот, хармонијата и

љубовта во црквата. Обрнете внимание на Христовата молитва: „За да бидат сите едно, како што си Ти, Оче, во Мене, и Јас во тебе; па така и тие да бидат во Нас едно, и да поверува светот дека Ти си Ме пратил" (Јован 17:21). Единството на црквата е убедлив доказ дека Бог го пратил Исус на светот како негов Откупител. Тоа е доказ што неверниците не можат да го побијат. Затоа сатаната постојано се труди да го уништи единството и хармонијата, за неверниците, гледајќи неверство и раздор меѓу оние што тврдат дека се Христови следбеници, да се гнасат од верата и да станат уште потврди во своето непокајание. Бог е обесчестен преку оние што ја исповедаат вистината, а живеат во меѓусебен раздор и непријателство. Сатаната е голем клеветник на браќата и сите што се оддаваат на тоа стануваат негови помошници. {5С 619.3}

Ние тврдиме дека имаме повисоки вистини од другите вероисповеди. Ако тоа не нè доведе до повисоко посветување, до почист, посвет живот, каква е користа од тоа. За нас би било подобро никогаш да не сме ја запознале светлината на вистината, отколку да тврдиме дека сме ја примиле, а да не сме посветени со неа. {5С 620.1}

За да можеме да ја сфатиме важноста на обратувањето на душата од заблудата во вистината, мораме прво да ја сфатиме вредноста на бесмртноста. Мораме да согледаме колку се страшни страдањата на втората смрт и да сфатиме колкава е славата и среќата што ги очекува откупените и што значи тоа да се живее во присуство на Оној што умрел за да го издигне и облагороди човекот и на победникот да му даде царска круна. {5С 620.2}

Ограниченият ум не е во состојба да ја процени вистинската вредност на душата. Со каква благодарност спасените и откупените ќе се сеќаваат за оние што биле орудие за нивното спасение. Никој тогаш нема да ги жали своите несебични напори, истрајно залагање, трпеливо поднесување и сесрдниот копнеж на своето срце за душите, што можеле да бидат изгубени ако тој ја занемарил својата должност или ако се изморил правејќи добро. {5С 620.3}

Сега тие што ќе бидат облечени во бели облеки се собрани во стадото на Големиот Пастир. Јагнето на престолот ќе го поздрави верниот работник и душите кои се спасени со неговите напори и ќе ги води кон дрвото на животот и изворот на жива вода. Каква радост ќе чувствува Исус гледајќи ги овие откупени кои ќе учествуваат во славата на Откупителот! Колку подрагоцено ќе им биде небото на оние што верно работеле во делото за спасување на душите! „Разумните ќе сјаат како светила на небото, и оние што мнозина повратиле кон правда - како ѕвездите, во век и засекогаш„ (Даниел 12:3). {5С 621.1}

---

76. ЕДНО ПИСМО

Драги брате О., го примив твоето писмо и не потребно да ти кажувам колку се ожалостив и изненадив од твојата неодамнешна постапка. Посматрајќи го твоето минато, се сетив на твоето искуство во Колорадо, на твоето размислување додека беше на онаа карпа од која изгледаше дека не е можно да се симне човек, и на твоето подоцнежно делумно враќање во верата, на твоето искушение поттикнато од лажните и славољубиви надежи дека ќе постигнеш многу повеќе далеку од нашиот народ отколку со него, на твоето разочарување, на твоето повлекување и молчење достојно за

пофалба, на молитвите на Божјиот народ кои заради тебе се издигаа кон небото, на неговата наклонетост кон тебе и на моите непрестани молби: „Не оставајте го сам, туку вложете ги сите напори за да го спасите. Западна во стапица и ја изгуби својата потпора во Бога". {5C 621.2}

Се сеќавам кога последен пат бев со твојата сопруга пред нејзината смрт. Таа се грижеше за тебе и за вашите деца. Рече дека се плаши за иднината заради неверството на нејзиниот сопруг. „Ако умрам", зборуваше таа, „а тој се одрече од верата и ги наведе моите деца да се одречат од саботата, тоа ќе биде страшно, затоа што веќе прими голема светлина и многу докази! Заради тоа грчевито се борам за живот. Во неговата душа Божјото дело не е длабоко вкоренето за тоа да му биде котва кога ќе наидат искушенија. О, сестро Вајт, грчевито се борев за овој живот заради душите на мојот сопруг и нашите деца. И сакам отворено да ти кажам дека искрено жалам што не ги примив со друг дух сведоштвата што се дадени на мене и на мојот сопруг. Сега гледам дека пораката што ни беше дадена е токму она што ни беше потребно, и ако ја прифатевме, ќе бевме во подобра, далеку подобра положба од духовна точка на гледање отколку онаа во која сме веќе одредено време. Обајцата бевме горди и од тоа време јас некако те избегнував, бидејќи сметав дека не ни веруваш и дека немаш доверба во нас. Меѓутоа, во последните неколку месеци сето тоа исчезна, и јас кон тебе ја чувствував истата доверба, наклонетост и љубов како во поранешниот живот; но знам дека мојот сопруг не го чувствува истото и нема никаква корист да зборувам со него за тие работи. Премногу сум слаба за да му ги изнесам работите како јас што ги сфаќам, а тој е премногу непоколеблив во своите поими и чувства. Затоа сакав да ти ја изразам својата вера во сведоштвата и во твоето дело и одамна сакав да ми се пружи прилика да ти го кажам ова, а сега се чувствувам слободна. Ќе сакаш ли да им простиш за моите чувства и зборови кои беа насочени против тебе? Го нажалив Светиот Дух и понекогаш чувствував дека Тој ме напуштил. Меѓутоа, одредено време повеќе го немам тоа чувство. Никогаш порано како во последните неколку седмици не ја согледував опасноста од разговорите за неверството. Мошне сум загрижена за својот сопруг, бидејќи тој изразува неверство, и се плашам дека ќе се одрече од сè и ќе стане неверник. О, колку сакам да му помогнам!" {5C 621.3}

Брате О., кога ми рече дека твојата сопруга умрела не верувајќи во Сведоштвата, не ти противречев, но сметав дека не ја зборуваш вистината. Потоа дојдов во заклучок дека се наоѓаш во голема темнина, бидејќи таа ми испрати писмо во кое кажува дека има целосно доверба во Сведоштвата и дека знае дека се вистинити што се однесува до тебе и до неа самата. Присуствував на црковниот собор во _____ и ти исто така беше таму. Тогаш доживеа нешто што за тебе ќе имаше трајна вредност ако останеше понизен пред Бога во тој момент. Тогаш го понизи своето срце и на колена ме молеше да ти го простам она што го зборуваше против мене и моето дело. Рече: „Не можеш да замислиш колку ниско зборував за тебе". Јас ти реков дека ќе ти простам со исто толкаво задоволство со кое се надевам дека Исус ќе ми ги прости моите гревови и заблуди. Во присуство на многу лица кажа дека многу нешта си зборувал на моја штета. Јас одговорив дека со задоволство ти простувам за сè, бидејќи тоа не беше насочено против мене. Ниедно од тие нешта не беше против мене, бидејќи јас сум само слуга кој ја пренесува веста што Бог му ја дал. Ти не стана против мене лично, туку против вестите што Бог ти ги прати преку своето понизно орудие, го навреди Христа, а не мене. Ти реков: „Јас не сакам да ми се исповедаш мене. Среди сè меѓу твојата душа и Бога, и сè ќе биде во ред меѓу нас". Ги сфати во премногу силна светлина некои изрази што беа

напишани во врска со тебе. Меѓутоа, откога внимателно ги прочита повторно, рече дека поинаку ги сфаќаш, и сè беше во ред. При тој разговор рече дека никогаш порано не си почувствувал што значи обратувањето, и дека сега првпат се препороди и обрати. Можеше да кажеш дека ги сакаш своите браќа. Ја виде светоста на делото како никогаш порано и твоите писма ја одразуваа длабоката промена што во тебе ја направи Светиот Дух. {5C 622.1}

Меѓутоа, и покрај сето тоа јас знаев дека сè ќе мораш повторно да доживееш и дека ќе бидеш испитуван во сето она каде што порано претрпе пораз. Господ така постапувал со Израилевите деца; така постапувал со Својот народ низ сите векови. Тој дозволува да бидат испита ни таму каде што порано доживеале неуспех. Тој ги проверува, и ако подлегнат по втор пат, повторно ќе ги изложи на истиот тест. {5C 623.1}

Срцето ми се кине секогаш кога мислам на тебе; мојата душа навистина е тажна. Секоја душа е драгоцена, бидејќи е откупена со драгоцената крв на Исуса Христа. Често мислам за тоа дека тоа што е стекнато со Исусовата крв не го цениме доволно - откупувањето на душите. Кога ќе помислам за неизмерната цена што е платена за душите на поединците, си велам себеси: „Што ќе биде ако таа душа засекогаш е загубена? Што ќе биде ако одбие да биде ученик во Христовата школа, ако не негува кротост и љубов, ако не сака да го носи Христовиот јарем?" Драги брате, тоа беше твојот најголем пропуст. Ако помалку се потпираше на сопственото мислење, ако го земеше Исуса за твој советник, ќе станеше силен во благодатта и во познавањето на Исуса Христа. Не го зеде на себе јаремот на Христа. Не беше проникнат со Неговиот Дух. О, твојот карактер има голема потреба од божествено обликување! {5C 623.2}

Ние сме одговорни за многу нешта, со оглед на нашите предности и сознанието дека ќе ни биде судено во согласност со светлината и предностите што Господ ни ги дал. Не можеме да се оправдуваме дека сме добиле помалку светлина од (еврејскиот) народ кој со векови предизикувал чудење и укори од овој свет. Не можеме да очекуваме помилување од судот, затоа што, слично на Капернаум, сме се издигнале до небото. Господ работеше за Својот народ кој ги држи Неговите заповеди. Светлината што нè осветлува од небото не била дадена на Содом и Гомор, инаку тие би постоеле до денешен ден. И ако силните дела и знаењето и милоста што му се покажани на овој народ би биле покажани на народите во темнина, ние не знаеме колку тие денес би биле пред овој народ. Ние не знаеме колку на судниот ден ќе им биде полесно ним отколку на оние што ги осветлувала светлината на вистината, но кои од некоја необјаснива причина отстапиле од светите заповеди што им се дадени, како што е твојот случај. На твојот случај само со жалење можеме да укажуваме како на опомена. „Затоа, кој мисли дека стои, нека гледа да не падне" (1. Коринтјаните 10:12). Господ не гледа како што гледа човекот. Неговите мисли и Неговите патишта не се такви какви што ги сметаат или посакуваат слепите и себични луѓе. Господ го набљудува срцето и влијае на Своите созданија соработувајќи со нив за тие суштества да сакаат да извршуваат и да извршуваат сè што Тој ќе заповеда или ќе побара од нив, освен ако тие го отфрлат Неговиот совет и одбијат да ги слушаат Неговите заповеди. {5C 624.1}

Поголемиот дел од својот живот го помина изложувајќи наука која ќе ја отфрлиш и осудиш пред крајот на својот живот. Кое е исправното, а кое лажното дело? Можеме ли да се потпреме на твоето толкување на Светото Писмо? - Не можеме, бидејќи би се нашле во опасност да бидеме заведени. Ни сега ниту во некој подоцнежен период од својот живот не можеш да сметаш дека твоите нозе стојат на цврста карпа. Не можев да се воздржам да не мислам на твојата иднина. За мене тоа е вистинска жива реалност.

Знам дека е вистина дека Божјата Реч е сигурна. „Допрашајте се до законот и откровението! Ако некои речат дека не е така, тогаш за нив нема светлина” (Исаија 8:20). Дали твојата светлина ќе се претвори во темнина? {5C 625.1}

Пишувам опширна книга за „Големата борба” која ја содржи историјата за падот на сатаната и појавата на гревот во нашиот свет и појасно од било кога ја согледав таа борба меѓу Христа - Кнезот на светлината, и сатаната - кнезот на темнината. Гледајќи ги разните измами на сатаната, со кои тој сака да го упропасти заблудениот човек и да го направи сличен на себе, да го направи престапник на Божјиот закон, би сакала Божјите ангели да се симнат на земјата и да го изнесат ова прашање со неговото големо значење. Посматрајќи го тоа, мошне сум загрижена за душите што се оддалечуваат од светлината, сознанието и покорувањето на Божјиот свет закон. Како што Адам и Ева верувале во измамата на сатаната: „Ќе станете како богови” (Создавање 3:5), така и тие души се надеваат дека преку непослушност ќе се издигнат на повисоко место и ќе добијат ласкава положба. Јас сум толку многу загрижена што, додека другите спијат, поминувам многу часови молејќи му се на Бога со Својата моќна сила да дејствува за да ги уништи фаталните измами на човечкиот ум и со кротост да ги поведе луѓето кон крстот на Голгота. Сепак се тешам со мислата дека сите тие души се откупени со крвта на Господа Исуса. Ние можеме да чувствуваме љубов кон тие души, но Голгота сведочи за тоа колку ги сака Бог. Тоа дело не е наше, туку на Господа. Ние во Неговите раце сме само орудија со кои Тој ја спроведува Својата волја, а не нашата. Кога ги набљудуваме оние што постапуваат спротивно на Духот на милоста, ние трепериме за нив. Разочарани сме и натажени затоа што не се верни на Бога и на вистината. Меѓутоа, уште повеќе сме натажени кога мислиме на Исус кој ги откупил со Својата скапоцена крв. Би дале сè што имаме за да ги спасиме, но гледаме дека не можеме да го направиме тоа. Би го дале и животот за да спасиме една душа за вечен живот, но дури ниту со таа жртва не би го остариле тоа. Единствената голема жртва е принесена - во животот, во мисијата и во смртта на Исуса Христа. О, кога подлабоко би се размислувало за големината на таа жртва! Тогаш подобро би била сфатена големината на спасението. {5C 625.2}

И сега, брате О. - ти што доби голема светлина и изобилство докази за библиската вистина - не одиш напред со оние што на крајот ќе победат со вистината. Помина на страната на првиот голем бунтовник газејќи го Божјиот закон, со што тој и другите ќе ги наведе на истиот пат на кршење на Божјиот свет закон и на презирање на нашата вера. Кога судот ќе започне и кога на секого ќе му се суди според она што е запишано во книгите, какви изгледи ќе има тогаш твојот случај? Би гледал души кои одат по патот на Божјите заповеди, ако не ги опкружеше со атмосфера на неверство, ако не го изопачи Светото Писмо со лажно толкување на неговото значење и ако не ги оддалечуваше душите од целосната послушност на Божјиот свет закон. Дали тогаш ќе можеш со задоволство да ги набљудуваш овие души? Тогаш ќе го слушнеш гласот на големиот Судија: „Кој го бараше тоа од тебе?” {5C 626.1}

Твојата сегашна сопруга нема длабоко верско искуство во самоодрекувањето, самопожртвувањето, во општењето со Бога и во верувањето во вистината. Таа лесно може да биде наведена да застрани од патот на послушност кон Бога на патот на престапот. Вашите деца ќе одат по патот по кој ќе ги води нивниот татко, и ако не ги спаси некое посебно провидение, нивната непослушност и престапи ќе паднат на твојата душа. Судијата на целата Земја ти укажува на светиот закон чиишто прописи не ти се непознати. Твојот карактер и карактерот на твојата сопруга и вашите деца се проценуваат според светото мерило на правдата. Ти ги наведе да грешат и винаа за

непочитувањето на Божјиот закон лежи во тебе. Со разни измами, со кои те запозна сатаната се трудеше кај другите да оставиш впечаток дека си чесен човек, а всушност ја напушташе светлината на вистината. Дали си чесен? Не, не си. Тоа е измама, ужасна измама. Што ќе му одговориш на Бога во страшниот суден ден? Тогаш ќе чувствуваш страв и ужас пред својот Создател. Ќе се обидеш да најдеш некое оправдување за своите постапки, но ќе ти се чини дека секое оправдување бега од тебе. Ќе стоиш како виновен и ќе бидеш осуден. Можеш да ми се налутиш затоа што на овој начин ти го изнесов твојот случај, но така ќе биде со секој престапник на Божјиот свет закон. {5C 627.1}

Секогаш имај ја на ум оваа вистина: „Каде и да сум и што и да правам, ти Боже ме гледаш". Не е можно дури и нашите најбезначајни постапки да останат незабележани пред оној што вели: „Ги знам делата твои" (Откровение 2:2). Длабочината на секое срце е откриена за Божјите очи. Секоја постапка, секоја намера, секој збор толку јасно се забележани како да има само еден човек во целата вселена и како сето Божјо внимание и испитување да се користат само за неговото однесување. Затоа, смееме ли да престапиме макар и еден пропис на Неговиот закон и со изговори, докажувања и лаги да наведуваме и други да постапуваат така пред очите на Законодавецот? Смееме ли да се спротивставиме на пресудата пред лицето на Судијата? Во тоа лежи смелост која ја надминува и најлошата човечка дрскост. Јас знам, драги мој брате, кого очекувам да го сретнам на судниот ден, дека нема да имаш оправдување за твоето отпадништво. {5C 627.2}

О, кога би можела тебе и на останатите браќа да им објаснам колку е неопходно секогаш да го чувствувате Божјото присуство, што би го ограничило вашиот живот и вашиот морал и вера би биле сосема поинакви! Мораме да достигнеме повисоко ниво. Секоја душа во сите деловни договарања, во секој момент и на секое место при своите постапки треба да има на ум дека е под надзор на Бога и на небесните ангели и дека Создавањето кое го одмерува секое дело на човекот за вечноста, го следи на секој чекор, набљудувајќи ги сите нејзини постапки и испитувајќи ги сите нејзини побуди. Целото човечко суштество треба да биде проникнато со свеста за Божјото присуство и за опасноста која произлегува од повредите на Неговите прописи. Каква промена тогаш би се случила во човекот, а каква пак во општеството! Колку зла не би биле направени! Во сите слоеви на општеството и низ сите векови би се слушал извикот: „Како јас да направам толку големо зло и да згрешам пред Бога?" (Битите 39:9). {5C 628.1}

Кој ќе влезе преку вратата во градот? „Блажени се оние што ги исполнуваат заповедите Негови, за да бидат достојни за дрвото на животот и да влезат во градот низ портите" (Откровение 22:14). Тебе заповедите ти се познати исто колку и на мене. Ја сакам твојата душа и душата на твојата сопруга и душите на твоите невини деца, и заради тоа ти пишувам. Внимателно разгледај по кој пат одиш. Имам уште нешто да кажам, но не сега. Те молам одговори ми и врати ми го писмото во кое е опишан сонот, како што побарав. {5C 628.2}

Те поздравувам со многу сожалување, сомилост и љубов.

20. април 1887.

---

77. БОЖЈАТА ЉУБОВ КОН ГРЕШНИЦИТЕ

Драги брате П., од твоето писмо гледам дека си во состојба на неверство, и прашуваш дали има надеж за тебе. Како Божји пратеник, јас ти кажувам: „Надевај се на Господа". Тој „толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот" (Јован 3:16). Зар не можеш да се храбриш од тоа милосрдно ветување? Сатаната многупати ќе ти каже дека си грешник, но ти можеш да му одговориш: „Вистина е, јас сум грешник, но Исус Христос дошол на светот за да ги спаси грешниците". {5C 629.1}

Исус рекол: „Зашто не дојдов да ги повикам праведниците, туку грешниците на покајание" (Матеј 9:13). Уште рекол: „Ви велам дека така и на небото ќе биде поголема радост за еден грешник, кој се кае, отколку за деведесет и девет праведници што немаат потреба од каење" (Лука 15:7). Зар не веруваш во овие драгоцени зборови? Зар нема да ги примиш во твоето срце? „Барајте Го Господа, додека можете да Го најдете; викајте Го додека е близу. Нечесниот нека го остави патот свој, и беззаконикот - помислите свои и нека се обрати кон Господ, нашиот Бог, - и Тој ќе го помилува, зашто е многу милостив" (Исаија 55:6, 7). Зар тоа ветување не е широко, длабоко и потполно? Можеш ли да бараш повеќе? Нема ли да му дозволиш на Господа веднаш место тебе да го дигне знамето наспроти непријателот? Сатаната е подготвен незабележливо да те лиши од благословените Божји ветувања. Тој сака од душата да ја земе секоја надеж и секој зрак на светлина. Но ти не смееш да му дозволиш да го направи тоа. Вежбај ја верата. Бори се во добрата борба на верата. Спротивстави им се на сите сомнежи; запознај се со ветувањата. {5C 629.2}

„Кога ќе му речам на праведникот дека тој нема да биде жив, и тој се надева на својата праведност, па врши неправда, тогаш сите негови праведни дела нема да се спомнат, и тој ќе умре од неправдата своја, што ја извршил. А кога ќе му кажам на грешникот: 'Бездруго ќе умреш', и тој се откаже од гревовите свои, па почне да живее по закон и по правда, ако тој грешник го врати залогот, го поврати ограбеното, оди по законот на животот и не врши ништо лошо, - тогаш тој ќе живее, нема да умре. Ниеден од неговите гревови, што ги извршил нема да му се спомнат; тој почнал да живее по закон и по правда, тој ќе биде жив" (Езекиел 33:13-16). {5C 629.3}

„Со што да застанам пред Господ, да се поклонам пред небесниот Бог? Да застанам ли пред Него со сепаленици, со едногодишни телци? Но може ли да му се угоди на Господа со Илјадници овни или неизмерни потоци масло? Дали да Му го дадам Мојот првороден Син за престапите свои и плодот на утробата своја за гревовите на душата своја?' О, човеку, речено ти е што е добро, и што бара од тебе Господ, да работиш праведно, да сакаш милосрдни дела и понизно да врвиш пред твојот Бог" (Михеј 6:6-8). Кога сатаната ќе ти се приближи со искушение за да ти ја одземе секоја надеж, тогаш кажи му ги овие зборови. Моли се со Давид: „Гревовите на младоста моја и престапите мои не споменувај ги; по милоста Своја сети се на мене, заради Твојата доброта, Господи! Добар и праведен е Господ, грешниците ги изведува на пат, ги упатува понизните кон правда и ги учи понизните на своите патишта" (Псалм 25:7-9). {5C 630.1}

„Тогаш дојдете и ќе се пресуди, вели Господ. Гревовите ваши да се и алово црвени - како снег ќе ги побелам; да бидат црвени и како пурпур - како волна ќе станат бели. Ако Го барате и послушате, ќе ги јадете добрата земни; ако, пак, не сакате и се противставувате, меч ќе ве истреби! Тоа го рече устата Господова" (Исаија 1:18-20). Овде ветувањата се јасни и дефинитивни, богати и целосни; но тие се дадени со услови. Ако

ги исполниш условите, зар не можеш да се надеваш на Господа дека ќе ја исполни Својата Реч? Тие благословени ветувања треба да влезат во состав на верата, да бидат сместени во одаите на помнењето. Ниедно ветување нема да остане неисполнето. Сè што рекол Бог, Тој и ќе исполни тоа. „Зашто верен е Оној Кој ветил" (Евреите 10:23). {5C 630.2}

Јасно ти е изложено делото што треба да го извршиш: „Измијте се, исчистете се, исставете ги очите Мои од лошите дела свои; престанете да правите зло; научете се да правите добро, барајте правда, спасувајте угнетен, заштитувајте сирак, застапувајте се за вдовица" (Исаија 1:16,17). „Ако тој грешник го врати залогот, го поврати ограбеното, оди по законот на животот и не врши ништо лошо, - тогаш тој ќе живее, нема да умре" (Езекиел 33:15). Господ кажува: „Синовите на твојот народ велат: 'Не е прав патот на Господ', а всушност нивниот пат не е прав" (Стих 17). „Не се ли прави доме Израилев, Моите патишта? Па зар се прави вашите патишта? (Исто 18:29). „Зар Јас сакам смрт за грешникот? вели Господ Бог. Напротив, Јас сакам - тој да се откаже од патиштата свои и да биде жив" (Стих 23). „Затоа Јас ќе ви судам вам, доме Израилев, секого според делата негови, вели Господ Бог; покајте се и од оттргнете се од вашите престапи, та вашето нечестие да не ви биде вам сопка. Отфрлете ги од себе сите свои гревови, со кои сте згрешиле, и направете си ново срце и нов дух; и зошто да умирате, доме Израилов? Зашто Јас не сакам никој да умре, вели Господ Бог; но поправете се - и живејте" (Стихови 30-32). {5C 630.3}

Овде Господ јасно ја открил Својата волја во поглед на спасението на грешниците; и ставот што мнозина го заземаат изразувајќи сомнеж и неверство дека Господ ќе ги спаси, фрла сенка на Божјиот карактер. Тие што се жалат на Неговата строгост, во суштина зборуваат: „Не е прав патот на Господ". (Исто 33:17). Но Тој го префрла обвинението на грешниците: „Па зар се прави вашите патишта? Можам ли да ги простам вашите гревови кога не се каете и не се одвраќате од своите гревови?" (Исто 18:29). Божјиот карактер јасно се открива во зборовите на Светото Писмо што овде ги изнесов. Господ ќе го прими грешникот кога ќе се покае и ќе се одрече од своите гревови, така што Бог може да соработува со него во неговите напори за усовршување на карактерот. Овие ветувања не се „да" или „не", туку, ако човекот ги исполнува условите, тогаш во Христа ќе бидат „'Да', и во Него 'Амин', за слава Божја преку нас" (2. Коринтјаните 1:20). Целта што Бог сака да ја оствари со тоа што го дал Својот Син за гревовите на светот е човекот да се спаси, но не во престапот или злото, туку со тоа што ќе се одрече од гревовите и ќе ја испере облеката на својот карактер и ќе ја обели со крвта на Јагнето. Тој има намера да го ослободи човекот од сè што го навредува својот Создател и што е одвратно во Неговите очи, но човекот мора да соработува со Бога во тоа дело. Гревот мора да се отфрли и да се мрази, а Христовата правда мора да се прими преку верата. Тогаш божественото ќе соработува со човечкото. {5C 631.1}

Мораме да внимаваме да не му даваме место на неверството и сомнежот и во нашите неволи да не Го обвинуваме Бога и со тоа погрешно да Го прикажеме на светот. Тоа би значело да се застане на сатанска почва. „Јадни души", кажува тој, „ јас ве сожалувам што страдате од гревот, но Бог не ве сожалува. Вие копнеете за некој зрак на надеж, но Бог ве пушта да пропаднете и ужива во вашата неволја". Ова е страшна измама. Не слушајте ги дошепнувањата на искушувачот, туку кажете: „Исус умрел за јас да живеам. Тој ме сака и нема да дозволи да пропаднам. Имам милостив небесен Татко и иако ја злоупотребив Неговата љубов, иако ги отфрлив благословите со кои ме опсипа, ќе станам и ќе отидам кај мојот татко и ќе Му кажам: „Татко, згрешив против небото и

пред тебе, и не сум веќе достоен да се наречам твој син; но прими ме како еден од своите наемници" (Лука 15:18, 19). Параболата ни кажува како ќе биде примен синот. „И кога беше уште далеку, го виде неговиот татко и се сожали на него, па потрча, го прегрна и го целива" (Стих 20). Така Библијата ја опишува Божјата подготвеност да го прими грешникот кој се враќа и се кае. {5C 632.1}

Но дури ниту таа парабола, колку и да е потресна и трогателна, не ја изразува потполно бескрајната милост на небесниот Татко. Господ преку Својот пророк објавува: „Со вечна љубов те засакав и затоа со љубовна љубезност те привлекував" (Еремија 31:3). Додека грешникот е уште далеку од Татковиот дом, растурајќи го својот имот во туѓа земја, срцето на Таткото копнее за него и секој копнеж пробуден во душата да се врати кај Бога всушност е благ повик на Неговиот Дух, кој го повикува загубениот и го привлекува кон Татковото срце преполно со љубов. {5C 632.2}

Можеш ли сè уште да се сомневаш кога пред тебе се наоѓаат толку богатите ветувања на Библијата? Можеш ли да веруваш дека Господ ќе го отрфли грешникот, кој копнее да се врати кај Него и паѓа пред Неговите нозе во покајание? Отфрли ги таквите мисли! Ништо не нанесува поголем срам на Бога од тие мисли. Ништо не може повеќе да ја рани твојата душа отколку негувањето на такви мисли за нашиот небесен Татко. Целиот наш духовен живот станува безнадежен заради таквите претстави за Бога. Таа претстава го обесхрабрува секој обид да се копнее за Бога или да Му се служи. За Бога не смееме да мислиме дека е само судија кој е подготвен да нè казни. Тој го мрази гревот; меѓутоа, од љубов кон грешниците се дал себеси, во лицето на Исуса Христа, за сите оние што сакаат да можат да бидат спасени и вечно благословени во царството на славата. {5C 633.1}

Самиот Господ го открил Својот карактер што сатаната лукаво го прикажувал во лажна светлина. Тој се открил како „Господ, Господ, Бог човекољубив и милостив, долготрпелив, многумилостив и верен, Кој ја чува правдата и покажува милост на Илјадници, Кој проштава беззаконија, неправди и гревови" (Излез 34:6,7). Може ли да се употребат посилни или понежни зборови од оние што Тој ги избрал за да ја изрази својата љубов кон нас? Тој кажува: „Може ли жена да го заборави породот свој, а да не се смилува на чедото од утробата своја? А и кога би го заборавила, Јас тебе нема да те заборавам" (Исаија 49:15). {5C 633.2}

Во планот на откупувањето „милоста и вистината ќе се сретнат, праведноста и мирот ќе се целиваат" (Псалм 85:10). Сезнаечкиот, семоќниот Бог, кој престојува во беспрекорна светлина, полн е со љубов и добрина. Затоа, славете го Господа вие што се сомневате и треперите, бидејќи Исус живее за да се залага за нас. Славете го Бога Кој го дарувал Својот сакан Син, за Неговата смрт да не биде напразна. {5C 633.3}

Брате П. прашуваш дали си направил грев за кој нема проштевање во овој, ниту во животот што следи. Јас ти одговарам: не гледам ниту најмал доказ дека тоа е случај. Што е всушност гревот против Светиот Дух? - Ако намерно се препишува на сатаната делото на Светиот Дух. На пример, да препоставиме дека некој е сведок на посебно делување на Светиот Дух. Тој поседува убедлив доказ дека делото е во согласност со Светото Писмо, и Духот му сведочи на неговиот дух дека тоа е од Бога. Меѓутоа, после тоа тој подлегнува на искушението. Со него завладуваат гордост, самоувереност или некои други лоши особини; и отфрлајќи ги сите докази од божествен карактер, тој изјавува дека тоа што порано го признавал како сила на Светиот Дух - е сатанска сила. Бог преку Својот Дух дејствува на човечките срца, но кога луѓето намерно го отфрлаат Духот и изјавуваат дека доаѓа од сатаната, тие ја пресекуваат врската преку која Бог може да

општи со нив. Порекнувајќи ги доказите што Бог милостиво им ги дал, тие ја отфрлаат светлината што светела во нивните срца. Тие ја отфрлаат светлината што светела во нивните срца и заради тоа остануваат во мрак. Така се исполнуваат зборовите на Христа: „ако светлината што е во тебе, е темнина, тогаш каква ли ќе е темнината" (Матеј 6:23). За одредено време оние што ќе го направат овој грев можат надворешно да изгледаат како Божји деца. Меѓутоа, кога ќе се појават околности кои влијаат на развојот на карактерот и кога ќе се покаже со каков дух се, тогаш ќе се согледа дека тие се наоѓаат на почвата на непријателот, дека стојат под неговото црно знаме. {5C 634.1}

Драги брате, Божјиот Дух те повикува денес. Пријди Му на Исуса со сето свое срце. Покај се за гревовите, и исповедај Му се на Бога, одречи се од своето беззаконие, и ќе имаш право на сите Негови ветувања. Неговиот милосрден повик гласи: „Кон Мене обратете се, и ќе бидете спасени" (Исаија 45:22). {5C 634.2}

Ќе дојде ден кога страшната казна на Божјиот гнев ќе биде изречена над сите што упорно се придржуваат на непослушноста кон Него. Тоа ќе биде тогаш кога Бог ќе мора да зборува правда и да прави страшни работи против престапниците на Неговиот закон. Меѓутоа, ти не мораш да бидеш меѓу оние врз кои ќе се излее Божјиот гнев. Сега е денот на спасението. Светлината од крстот на Голгота сè уште свети со јасни, светли зраци, откривајќи го Исуса - жртвата за нашите гревови. Кога ќе ги читаш ветувањата што ти ги изнесов, имај на ум дека тие се израз на неискажливата љубов и добрина. Големото срце со бескрајна љубов е привлечено кон грешникот со бескрајна милост. „Во Кого имаме откуп преку Неговата крв и простување на гревовите" (Ефесјаните 1:7). Да, само веруваj дека Бог е твој помошник. Тој сака да го обнови Својот морален лик во човекот. Ако не се приближиш кон Него со исповедање и каење, ни Тој нема да се приближи кон тебе со милост и проштевање. Ние сите му должиме на Господа, Тој е Создател на нашето спасение. Ако се залагаш за сопственото спасение со страв и трепет, „Бог ќе делува во тебе да сакаш и да го правиш тоа што Му е угодно". {5C 634.3}

---

78. ИСПОВЕДАЊЕ НА ГРЕВОВИТЕ КОЕ БОГ ГО ПРИФАЌА

„Кој ги крие престапите свои, нема да напредува; а кој се кае и ги остава, ќе биде помилуван" (Изреки 28:13). {5C 635.1}

Условите за добивањето на Божјата милост се едноставни, праведни и разумни. Господ не бара од нас да направиме нешто тешко за да добиеме проштевање на гревовите. Не е потребно да преземаме долги и заморни поклонениja или да изведуваме болно мачење на своето тело (покори), за да ги препорачаме нашите души на небесниот Бог или за да ги окаеме нашите престапи. Тој што ги признава своите гревови и се одрекува од нив ќе добие милост. Тоа е драгоцено ветување дадено на паднатиот човек за да се поттикне неговата доверба во Богот на љубовта и за да копнее за вечен живот во Неговото царство. {5C 635.2}

Читаме дека Божјиот пророк Даниел од небото бил наречен: „Даниеле, сакан човеку" (Даниел 10:11). Тој имал висока положба на вавилонскиот дворец и му служел на Бога и го славел еднакво во благосостојба и во неволи; а сепак се понизил признавајќи го својот грев и гревот на својот народ. Тој со длабока болка во срцето признал: „Згрешивме, вршевме беззаконија, дејствувавме нечесно, се противевме и

отстапивме од Твоите заповеди и од Твоите наредби и не ги слушавме Твоите слуги, пророците, кои им зборуваа од Твое име на царевите наши и на достоинствениците, на татковците наши и на сиот народ од земјата. Во Тебе, Господи, има правда, а во нас - срам на лицата, како што е денес кај секој Јудеец, меѓу жителите на Ерусалим и во сиот Израел, и кај ближниот и кај далечниот, по сите краишта каде што си ги прогонил заради нивното отстапништво, се кое отстапија од Тебе" (Даниел 9:5-7). {5C 635.3}

Даниел не се обидел да се оправда себеси или својот народ пред Бога, туку се понизил и со болка во душата во целост ги признал своите гревови и недостатоци и гревовите и недостатоците на својот народ и ги прифатил Божјите постапки како праведни кон еден народ кој ги запоставил Неговите закони и кои не ги користел Неговите сесрдни совети. {5C 636.1}

Денес се потребни токму такви искрени и срдечни каења и признанија. Тие што не ги понизиле своите души пред Бога признавајќи ја својата вина не го исполниле ниту првиот услов за Бог да може да ја прими нивната исповед. Ако не сме се покајале искрено, ако не сме го признале својот грев во искрена понизност на душата и со понизен дух, гнасејќи се од беззаконието, тогаш никогаш не сме копнееле искрено за проштевање на гревовите, а ако не сме го барале никогаш, никогаш не сме го нашле Божјиот мир. Единствената причина заради која можеби нема да ни бидат простени гревовите од минатото е затоа што не сакаме да ги понизиме нашите горди срца и да ги исполниме условите изнесени во словото на вистината. Признавањето на гревот, без разлика дали е јавно или тајно, треба да потекнува од срцето и да биде доброволно. Грешникот не смее да се принудува на признавање. Тоа не смее да се искаже на површен и безгрижен начин, ниту пак смее да се изнуди од оние што не го согледуваат карактерот и одвратноста на гревот. Признанието што е проследено со солзи и жалење, кое доаѓа од дното на душата, е признание што наоѓа пат до Богот со бескрајно сожалување. Псалмистот кажува: „Близу е Господ до оние со скршено срце, и смирените по дух ќе ги спаси" (Псалм 34:18). {5C 636.2}

Мнозина признаваат како што признал фараонот кога го снашла Божја казна. Тој го признал својот грев за да избегне понатамошно казнување, но повторно почнувал да се спротивставува штом страдањата биле стопирани. Слично било и признавањето на Валам. Тој ја признал својата вина затоа што се уплашил од ангелот и за да не го изгуби животот. Тоа не било искрено каење за гревот, грижа на совеста, преобразување, гнасење од злото, а во неговото признание немало вредност и доблест. Откако го издал својот Господ, Јуда Искариотски се свртел кон свештениците извикнувајќи: „Згрешив, зашто предадов невина крв" (Матеј 27:4). Но таквото негово признание не можело да го препорача на Божјата милост. Тоа признание од неговата расипана душа го изнудил ужасот од осудата и стравот од очекуваната казна. Тоа признание на големиот грев изнудиле последици кои ќе го снајдат. Во неговата душа немало длабоко жалење кое го сече срцето затоа што го предал Божјиот Син да биде исмеван, камшикуван и распнат, затоа што Израилевиот светец го предал во рацете на безбожниците и на бескрупулозни (несовесни) луѓе. На признание го натерало единствено себичноста на неговото мрачно срце. {5C 637.1}

Откако го вкусиле забранетиот плод, Адам и Ева биле исполнети со чувство на срам и ужас. Нивната прва мисла била како да го оправдаат својот грев пред Бога и да ја избегнат смртната казна што се заканувала. Кога Госпд ги запрашал зошто згрешиле, Адам во одговорот вината делумно ја префрлил на Бога, а делумно на жената, велејќи: „Жената, која ми ја даде Ти, таа ми даде плод од дрвото, и јас јадев" (Создавање 3:12).

А жената вината ја префрлила на змијата, велејќи: „Змијата ме измами, и јас јадев” (Стих 13). Зошто си ја создал змијата? Зошто си дозволил да биде во рајот? Тоа се прашањата кои содржеле оправдување за нејзиниот грев, прашања кои одговорноста за нивниот пад ја префрлале на Бога. Духот на оправдување на себеси потекнува од таткото на лагата и него го покажуваат сите синови и ќерки на Адам. Таквите признанија не се проникнати од божествениот Дух и нема да бидат прифатливи пред Бога. Вистинското каење го наведува човекот сам да ја носи својата вина и да ја призане без измама или лицемерие. Тој, слично на побожниот цариник, без да ги подига очите кон небото, ќе се удара во градите зборувајќи: „Боже, биди милостив спрема мене, грешниот (Лука 18:13). И оние што ја признаваат својата вина ќе се оправдаат, бидејќи Исус ќе се повикува на Својата крв и ќе се залага за душата која се кае. {5C 637.2}

Не е никаква деградација за човекот да клекне пред својот Создател, да ги признае своите гревови и да преколнува за проштевање потпирајќи се на заслугите на распнатиот и воскреснат Спасител. Благородно е да ги признаете своите грешки пред Оној што сте го раниле со својата побуна и престапи. Тоа вас ќе ве издигне пред луѓето и ангелите, бидејќи „кој се понижува себе самиот, ќе биде возвишен” (Стих 14). Меѓутоа, оној што клечи пред грешен човек и пред него ги отвора своите тајни мисли и склоности на своето срце, тој се срамоти себеси понижувајќи го своето достоинство и ја унижува секоја благородна наклонетост на својата душа. Човекот кој гревовите на својот живот ги исповеда на свештеникот, кој е расипан од вино и разузданост, го понижува својот карактер и се валка самиот себе. Тој во своите мисли го понижува Бога, бидејќи Го споредува со грешен човек, затоа што свештеникот го смета за претставник на Бога. Тоа понижувачко исповедање на човека пред грешен човек доведува до сè поголемо зло кое го валка светот и го подготвува за конечна пропаст. {5C 638.1}

Апостолот кажува: „Исповедајте си ги грешките еден на друг и молете се еден за друг за да се исцелите” (Јаков 5:16). Тие зборови се земени како оправдување за обичајот од свештеникот да се бара проштевање; меѓутоа, тие не се со такво значење. Исповедајте ги гревовите на Бога, Кој единствено може да ги опрости; а своите меѓусебни препирања исповедајте си ги еден на друг. Ако сте го навредиле пријателот или соседот, признајте ја вашата грешка, а тој е должен со задоволство да ви прости. Потоа барајте проштевање од Бога, бидејќи братот што сте го навредиле е Божја сопственост, а ако сте го навредиле сте згрешиле против неговиот Создател и Откупител. Случајот воопшто не треба да се изнесува пред свештеник, туку пред единствениот вистински посредник, нашиот голем Првосвештеник, кој бил искушан во сè, како и ние, но не направил грев, и кој ја познава нашата слабост и може да нè очисти од секоја нечистотија на беззаконието. {5C 639.1}

Кога Давид згрешил против Урија и неговата жена, тој го молел Бог да му прости. Тој молејќи се рекол: „Само против Тебе згрешив и пред Тебе зло извршив” (Псалм 51:4). Секое зло што ќе се направи на ближните, од нив поминува на Бога. Затоа Давид не бара проштевање од свештеник, туку од Создателот на човекот. Тој се молел: „Помилуј ме Боже, поради големата Твоја милост, и заради големата Твоја добрина избриши ги беззаконијата мои” (Стих 1). {5C 639.2}

Вистинското признание секогаш е со одреден вид и секогаш се однесува на секој грев посебно. Тие можат да бидат такви, што треба да се изнесат само пред Бога; а можат да бидат неправда која треба да се признае на поединците кои страдале заради неа; или можат да бидат општи, а таквите треба да се изнесат пред црквата. Меѓутоа,

ваквото признание треба да биде одредено и да се исповедат токму оние гревови што се направени. {5C 639.3}

Кога Амоновите синови го угнетувале Израел, избраниот народ му се обратил на Бога на начин кој го прикажува вистинското признание; „Па повикаа синовите Израелови кон Господ и рекоа: 'Згрешивме пред Тебе, зашто го оставивме нашиот Бог и им служиме на Ваалovци.' И Господ им рече на Израеловите синови: 'Не ве угнетуваа ли Египќаните и Аморејците, Амонците и Филистејците, Сидонците... не ве спасив ли од рацете нивни? А вие Ме оставивте и почнавте да им служите на други богови; затоа нема повеќе да ве спасувам; одете, повикајте ги боговите што сте ги избрале, нека ве спасат тие во ова за вас тешко време.' Тогаш синовите Израелови му рекоа на Господ: 'Згрешивме; прави со нас сè што ти е мило, само спаси нè сега" (Судии 10:10-15). После тоа постапиле во согласност со нивното признание и молитва. „И ги отфрлија од себе туѓите богови и почнаа да Му служат на Господ" (Стих 16). Неговото срце се нажалило за нив – „и не ги истрпе душата Негова страдањата Израелови" (Стих 16). {5C 640.1}

Бог не го прифаќа исповедањето ако не е проследено со каење и преобразување. Животот мора да се промени од темел; мора да се отфрли сè што го навредува Бога. Тоа е последица на вистинското жалење заради гревот. Зборувајќи за покајанието, Павле вели: „Зашто, ете, тоа што се ожалостивте по Бога, каква сесрдност предизвика во вас, какво извинување, какво огорчување, каков страв, каков копнеж, каква ревност, каква горчина! Со сè покажавте дека во тоа дело сте чисти" (2. Коринтјаните 7:11). {5C 640.2}

Во времето на Самоил Израелците се оддалечиле од Бога. Тие страдале од последиците на своите гревови, бидејќи ја изгубиле верата во Бога и довербата во Неговата моќ и мудрост да владее со народот, и да го брани и одмазди Своето дело. Тие се одвратиле од големиот Владетел на вселената и барале да имаат цар како што имале народите околу нив. Пред да најдат мир, отворено признале: „Кон сите наши гревови додадовме уште едно зло, кога баравме за себе цар" (1. Самоилова 12:19). Тие морале да го признаат токму оној грев за кој биле осудени. Нивната неблагодарност ги притискала нивните души и ги одвојувала од Бога. {5C 640.3}

Кога гревот ќе ги умртви моралните сфаќања, престапникот не ги забележува недостатоците на својот карактер, ниту сфаќа колкаво зло направил. И ако не се потчини на убедливата моќ на Светиот Дух, тој делумно останува слеп за својот грев. Неговите исповеди не се искрени и сесрдни. На секое признавање на својата вина тој го додава и оправдувањето за својата постапка, изјавувајќи дека не би го направил тоа и тоа за кое е укоруван ако немало околности за такво нешто. Меѓутоа, примерите што се дадени во Божјата реч во врска со искреното каење и понизноста покажуваат дух на исповедање во кое нема извинување за гревот, ниту обиди за оправдување. {5C 641.1}

Павле не се трудел да го прикрие својот грев, туку го изложувал во најцрни бои, без да се обидува да ја намали својата вина. Тој вели: „Многу светии затворив, а кога ги убиваа, и јас одобрував, и често ги мачев по сите синагоги и ги принудував да хулат на Исус и, разјарен, без мерка ги гонев нив дури и до туѓите градови" (Дела 26:10,11). Тој не се притеснувал да каже: „Христос Исус дојде во светот да ги спаси грешниците, меѓу кои сум прв јас" (1. Тимотеј 1:15). {5C 641.2}

Понизното и скршено срце, проникнато со искрено каење, правилно ја сфаќа големината на Божјата љубов и цената што е платена на Голгота; и како што синот му се исповеда на таткото полн со сомилост, така искреniот покајник сите свои гревови ќе ги изнесе пред Бога. И како што е напишано: „Ако ги исповедаме гревовите свои, Тој е

верен и праведен да ни ги прости гревовите и да нè очисти од секаква неправда” (1. Јованово 1:9). {5C 641.3}

_____

79. ПОГРЕШНИ ПОИМИ ЗА ИСПОВЕДАЊЕТО НА ГРЕВОВИТЕ

Драги браќа и сестри во _____, слушнав за доброто дело кое се развива меѓу вас и тоа го исполни со радост моето срце. Откако дојдов во Батл Крик, многу размислував за овдешната црква. За време на молитвената седмица Господ работеше за нас, и во сите наши институции и понатаму има непоколебливо, урамнотежено залагање. {5C 642.1}

Во колеџот се одржуваа состаноци кои имаа голем успех. Многу ученици се обратија. Тие обратувања беа уште позначајни затоа што тие поединци немаа никакво верско искуство пред да дојдат во колеџот и некои решија да не присуствуваат на тие состаноци за да не излезат на патот на светлината. Меѓутоа, тие сепак присуствуваа на состаноците, Светиот Дух ги убеди и потполно се преобразија. Тие изјавуваат дека никогаш во својот живот не биле толку среќни како што се сега. Неколкумина од нив заминаа во домовите за распустот. Нивните родители не ја исповедаат верата и нивната вера ќе биде изложена на тешки проби. Меѓутоа, пристигнуваат поволни писма во кои се вели дека врз себе преземаат нови одговорности, дека се трудат да им покажат на нивните пријатели дека верата што ја прифатиле не ги направила фанатици или екстремисти, туку урамнотежени христијани, луѓе подобри во сè после обратувањето, дека имаат начела на чиста љубов и вера кон Бога и кон ближните, и дека тоа го покажуваат со среден живот и со побожен разговор. Тоа добро дело во колеџот беше извор на радост за сите нас. {5C 642.2}

Три седмици, во пет часот и триесет минути наутро одржувавме состаноци за помошниците во санаториумот. Јас во таа прилика зборував со добри резултати; исто така неколку пати им зборував и на болните. {5C 642.3}

На пладне одржувавме состаноци со работниците од канцеларијата на „Преглед”. Господ очигледно делува таму. Господовиот Дух ги посети луѓето кои со години ја исповедаа вистината, а сепак немаа топлина во душата, и требаше да ги слушнете нивните сведоштва за Божјата драгоцена љубов во нивните срца. Некои од нив кажуваат дека порано воопшто не биле обратени. {5C 642.4}

Состаноци во црквата се одржуваа двапати дневно, две седмици и сите срца беа проникнати со објавување на веста. Дадените сведоштва наидоа на добар одговор. Му благодарам на Бога за тоа добро дело. Бидејќи црквата е голема, откако го повикавме народот во сабота попладне да излезе на молитва, ние во последната сабота од старата година ги повикавме оние што чувствуваат потреба да ги признаат гревовите да дојдат во една од црквените простории каде им се даде посебна можност за тоа. Јас зборував од последната глава од книгата на пророкот Малахија: „Смее ли човек да краде од Бога”. „Донесете ги сите десетоци, па да има храна во Мојот дом, и потоа испитајте Ме, вели Господ Саваот: зар нема да ги отворам отворите небески за да излијам благослов на вас, па да имате и на претек?” (Малахија 3:8,10). Во врска со ова прашање беа направени многу исповеди. {5C 643.1}

Некои што не постапувале чесно со своите ближни ги признаа своите гревови и ја надоместија штетата. Во следните неколку седмици некои што не беа исправни во своите должности кон Бога заради што се одвоиле од Него, почнаа да го надоместуваат она што го скратувале. Еден брат не давал десеток две години. Тој на секретарот на Областа му дал чек за десетокот што го задржувал и за каматата во износ од 571,50 долари. Му благодарам на Господа што тој брат имаше храброст да го направи тоа. Другиот брат даде чек од 300 долари. Еден човек кој толку отпадна од Бога што имаше малку надеж дека повторно ќе тргне по исправниот пат, даде чек од 1,000 долари. Беше предложено тие десетоци и дарови, кои долго биле задржувани, да се посветат за мисијата во Централна Европа. Така со тие дарови и со молитвените дарови таа црква во благајната приложи близу 6,000 долари да се употребат за мисионерска работа. {5C 643.2}

Душата која со вера живее во Христа не сака никакво друго или поголемо добро отколку да ја знае и да ја врши Божјата волја. Божја волја е верата во Христа да се усоврши преку делата. Со тие дела Тој ги поврзува спасението и вечниот живот на оние што веруваат и преку нив се шири светлината на вистината во сите земји и народи. Тоа е плод на дејствувањето на Светиот Дух. {5C 644.1}

Вистината најде места во срцата. Тоа не е лош нагон, туку вистинско преобратување во Господа, и изопачената волја на луѓето се потчини на Божјата волја. Да се краде од Бога во десетоците и даровите значи да се престапи јасно одредената наредба на Јехова; тоа им нанесува најголема штета на оние што постапуваат така, бидејќи се лишуваат од Божјите благослови кои им се ветени на оние што се исправни во своите должности кон Него. {5C 644.2}

Ние од искуство согледавме дека сатаната ако не може да ги држи душите оковани во ледот на рамнодушноста, тогаш ги турка во оганот на фанатизмот. Кога Светиот Дух се спушта на Господовиот народ, непријателот ја користи приликата и тој да дејствува, трудејќи се да го изобличи Божјото дело со помош на посебни непосветени особини на рамнодушните кои се поврзани со Божјото дело. Така секогаш постои опасност да се преземаат непромислени чекори. Мнозина работат според своето сфаќање, иако Бог не ги поттикнува на такво нешто. {5C 644.3}

Меѓутоа, досега во Батл Крик делото се развиваше без фанатизам. Ние гледаме дека има потреба од сите страни со најголема грижливост да се чуваме од такво нешто, бидејќи непријателот би бил задоволен ако би успеал поединци да турне во некоја крајност. Тој на тој начин може да направи поголема штета отколку ако воопшто немаше будење. Ние знаеме дека досега не е вложен ниеден верски напор без сатаната да не се обиде на сите можни начини да се вовлече, и исто така знаеме дека во овие последни денови ќе се обидува како никогаш порано. Тој гледа дека неговото време е кратко и работи „со секакво неправедно измамување” (2. Солунјаните 2:10) за во Божјото дело да уфрли заблуди и погрешни гледишта и да ги натера луѓето да заземат погрешен став. {5C 644.4}

Во многу наши верски будења направени се грешки во поглед на исповедањето. Иако исповедањето е потребно на душата, притоа треба мудро да се постапува. {5C 645.1}

Ми беше покажано дека многу, многу исповеди не смееле да бидат искажани пред увото на смртникот, бидејќи ограниченото расудување на ограничените суштества не може да ги предвиди последиците. Семето на зло се сее во мислите и во душите на оние што слушаат, и кога ќе паднат во искушение, тоа семе никнува и донесува плод и

повторно доаѓа до истото жално искуство. Бидејќи, тие што ќе паднат во искушение, сметаат дека тие гревови не се толку тешки, затоа што зар оние што се исповедаа, дамнешните христијани, не го направија истото? Така отвореното признавање на тие тајни гревови во црквата станува смртен мирис за смрт, а не животен мирис за живот. {5C 645.2}

За ова прашање не смее да има површни, општи движења, бидејќи на тој начин Божјото дело може да го загуби угледот во очите на неверниците. Ако ги слушнат исповедите за ниските постапки на оние што тврдат дека се Христови следбеници, тогаш се нанесува срам на Неговото дело. Сатаната настојува да се остави впечаток дека адвентистите на седмиот ден се општествен талог, и тој би се радувал ако биде така. Затоа Бог забранува на сатаната да му се даде можност за тоа! Бог подобро ќе биде прославен ако тајната, вродена расипаност на своето срце ја исповедаме само на Исуса; отколку ако нејзиното сокровиште го отвориме на ограниченият, грешен човек, кој не може да расудува правилно ако неговото срце постојано не е поврзано со Светиот Дух. Бог го познава срцето, дури и сите тајни на душата; затоа немојте пред човечки уши да кажувате исповед што треба да ја слушне само Бог. {5C 645.3}

Има такви исповедања кои можат да се кажат само пред неколку избрани лица и тоа во најдлабока понизност. Исповедањето не смее да биде такво што порокот ќе се претвори во доблест и грешникот да се гордее со своите злодела. Ако постојат срамни гревови што треба да се изнесат пред црквата, тогаш треба да се изложат пред мал број на избрани луѓе, и не треба Христовото дело да се изложува на јавен срам на тој начин што надвор од црквата ќе се објавува лицемерноста што постоела во неа. Тоа би фрлило сенка и на оние кои се трудат да изградат карактер сличен на Христовиот. Тие нешта мора да се имаат во предвид. {5C 645.4}

Потоа има исповеди кои Бог ни заповедал да ги правиме едни на други. Ако сте го нажалиле својот брат со збор или со дело, морате прво да се помирите со него за небото да може да ја прифати вашата служба. Исповедајте им се на оние што сте ги навредиле и надоместете ја штетата за вашето каење да донесе род. Ако некој чувствува огорченост, лутина или злоба кон некој брат, лично нека оди кај него, нека го признае својот грев и нека моли за проштевање. {5C 646.1}

Од начинот на кој постапувал Христос со грешниците треба да извлечеме корисни поуки кои можат да се применат и на исповедањето. Тој ни налага да одиме кај оној што паднал во искушение и да работиме со него насамо. Ако не е можно да му помогнеме затоа што неговиот ум во толкава мера е замрачен што се одвоил од Бога, тогаш треба да се обидеме повторно со уште други двајца или тројца. Ако злото ниту тогаш не биде исправено, дури тогаш треба да ја известиме црквата. Многу е подобро ако злото може да се исправи и навредата да се исцели, без предметот да се изнесува пред целата црква. Црквата не треба да се претвори во сад во кој ќе се влеваат сите жалби и исповедања. {5C 646.2}

Од друга страна, ја согледувам опасноста од искушението гревот да се прикрива или да се прави компромис со него; така постапуваат лицемерите. Морате да се трудите вашето исповедање во целост да ги отстрани последиците од злото што сте го направиле, за ниедна должност кон Бога, кон ближните и кон црквата да не остане неисполнета, и тогаш можете со доверба да се потпрете на Христа и да очекувате благослов од Него. Меѓутоа, прашањето како и на кого треба да се исповедаме треба да се проучи грижливо и со молитва. Ние мора да го разгледаме од сите страни, одмерувајќи го пред Бога и барајќи божествено просветлување. Треба да испитаме дали

јавното признавање на гревот што сме го направиле ќе има добри или лоши последици. Дали последица на тоа ќе биде славење на Оној што нè извел од мракот и нè довел во Неговата величествена светлина? Дали ќе придонесе за чистотата на човечките мисли, или пак јавното изнесување на измамите со кои е отфрлана вистината ќе ги затруе и мислите на другите и ќе ја уништи довербата во нас? {5C 646.3}

Луѓето немаат Божја мудрост ниту примаат светлина постојано од изворот на секоја сила, за да можат без опасности да се управуваат според своите побуди и впечатоци. Јас од лично искуство видов дека мнозина пропаднаа на тој начин, и тоа не само оние што дејствуваа според тоа начело, туку и оние што дојдоа под негово влијание. Постапувањето според личните побуди доведе до најбесмислени претерувања. После тоа настапуваше отпад од верата, а неверството и сќептицизмот беа сè посилни колку што повеќе се одеше во крајност во религиозното возбудување. {5C 647.1}

Во сè што прави Господ има сила и трајност, без разлика дали тоа го прави преку луѓе или на некој друг начин. Напредувањето и усовршувањето на делото на благодатта во срцето не зависат од покажувањето на возбудување и претерување. Срцето што е под влијание на Светиот Дух ќе биде во слатка хармонија со Божјата волја. Како што ми беше покажано, кога Господ работи со Својот Свети Дух, во тоа нема ништо што би можело да го унизи Божјиот народ, туку само ќе го воздигне. Христовата вера не ги прави груби и крути оние што ја исповедаат. Тие луѓе нема да ја избегнуваат причината, туку секогаш ќе бидат подготвени да учат од Христа и меѓусебно да се советуваат. {5C 647.2}

Тоа што ќе го научиме од големиот Учител на вистината ќе биде трајно. Во тоа нема да има ниту трага од вообразеност, туку ќе нè наведе на понизност и кротост. Делото што ќе го вршиме ќе биде корисно, чисто и благородно, бидејќи ќе биде направено во Бога. Оние кои ќе постапуваат така во својот семеен живот и во односот кон другите ќе покажат дека го имаат Христовиот Дух. Во нивните срца ќе владее милоста и вистината, кои ќе ги вдахновуваат и пречистуваат нивните побуди и ќе ги контролираат нивните постапки. {5C 647.3}

Се надевам дека никој нема да мисли дека може да го стекне Божјото одобрување со признавање на гревовите на човечки суштества ниту дека има некоја посебна доблест во исповедањето на луѓе. Мораме да ги стекнеме искуствата и верата која делува преку љубовта и која ја чисти душата. Христовата љубов ќе ги потчини телесните желби. Вистината во себе не носи само доказ за нејзиното небесно потекло, туку и потврдува дека преку благодатта на Светиот Дух може да ја очисти душата. Господ сака секој ден да Му пријдеме со своите неволи и да Му ги признаеме своите гревови и Тој ќе ни подари мир ако го земеме Неговиот јарем и ако го понесеме Неговото бреме. Неговиот Свети Дух ќе ја исполни душата со своето благотворно дејство и секоја мисла ќе се доведе во покорност на Христа. {5C 648.1}

Сега стравувам Божјиот благослов што го примивте во _____ да не се претвори во проклетство заради некои ваши погрешки; да не се појави некоја лажна идеја која за неколку месеци ќе ве доведе во полоша состојба отколку што бевте пред делото на будење. Ако своите души не ги држите во постојана будност, пред неверниците ќе се покажете во најлоша светлина. Со таква повремена служба Бог не се слави. Внимавајте да не западнете во крајност и да не нанесете траен срам на Божјото драгоцено дело. Мнозина грешат затоа што не се трудат во Христова понизност да бидат благослов за другите откако Бог ги благословил нив. Сега, кога во вашите срца е посеано словото на

вечниот живот, ве молам да одите понизно пред Бога, да го вршите Христовото дело и да донесувате обилен род во правда. Се надевам и се молам да постапувате како синови и ќерки на Семожниот и да не станете ескремисти ниту да правите нешто што би можело да го ожалости Светиот Дух. {5C 648.2}

Вашите надежи не поврзувајте ги со луѓе, како тие да се безгрешни, туку надевајте се на Исуса. Не зборувајте ништо што би можело да ѝ наштети на вашата вера. Своите тајни гревови исповедајте ги единствено пред Бога. Признајте ги заблудите на Оној Кој совршено знае како треба да го обработи вашиот случај. Ако сте го натажиле вашиот сосед признајте го својот грев и каењето покажете му го со тоа што ќе го исправите истиот. Тогаш побарајте благослов. Пријдете Му на Бога такви какви што сте и дозволете Му Тој да ги излечи сите ваши слабости. Својот случај изнесете го на престолот на милоста, за делото да биде потполно. Бидете искрени кон Бога во вашата душа. Ако Му пристапите со вистинско покајничко срце, Тој ќе ви подари победа. Тогаш ќе можете да го изнесете слаткото сведоштво за слободата, славејќи го Оној што ве повикал од темнината во Својата чудесна светлина. Тој нема да ве сфати погрешно ниту пак ќе ве осуди. Вашите ближни не можат да ве ослободат од гревот ниту да ве очистат од неправдата. Единствено Исус може да ви даде мир. Тој ве љуби и сам Себе се дал за вас. Во Неговото срце полно со љубов има сожалување кон нашите слабости. Има ли грев кој е премногу голем за Тој да не може да го прости? Има ли душа која е толку замрачена и која е толку нагризана од гревот за Тој да не може да ја спаси? Тој е милостив и не ги гледа нашите заслуги, туку нашите престапи ги лечи со својата безгранична добрина, сакајќи нè, иако сме грешници. Тој е „долготрпелив и многумилостив" и „долго време трпи, бидејќи не сака да загине некој, туку сите да се покајат" (2. Петрово 3:9). {5C 649.1}

Не трудете се да постигнете што поголем степен на возбудување, туку работете за другите и трпеливо поучувајте ги. Вие сега сте наклонети да мислите дека секој човек има бреме од гревови што мора да ги признае и се наоѓате во опасност тоа да го земете за цел на своите потфати. Ќе сакате секого да го наведете на патот по кој сте тргнале вие и ќе мислите дека не може да се направи ништо сè додека сите не ги признаат своите гревови на тој начин. Нема да бидете наклонети да работите и да им помагате на другите со помош на Светиот Дух, кој вашите срца ги направи благи и покорни со длабокото дело на чистење. Ако насекаде го спроведувате својот сопствен дух, ќе бидете во опасност да го осуетите Божјото дело. Ако работите за душите, понизно надевајќи се на Бога, ако Неговиот дух зрачи од вас, ако милосрдието, благоста, трпеливоста и љубовта се постојани, непроменливи начела на вашиот живот, тогаш ќе бидете благослов за сите околу вас. Нема да ги критикувате другите или да покажувате дух на суровост и јавно да ги обвинувате, нема да мислите дека тие мораат сите нивни идеи да ги сообразат со вашите сфаќања, туку во вас ќе се открие Христовата љубов и благословените плодови на Неговата љубов. {5C 649.2}

„А плодот на Духот е: љубов, радост, мир, долготрпеливост, благост, добрина верност, кротост, воздржливост... Оние, пак, кои се Христови, го распнаа телото свое со страстите свои и похотите. Ако живееме со Дух, по Духот сме должни и да постапуваме" (Галатјаните 5:22-25). {5C 650.1}

Непријателот ќе се труди да се вовлече дури и во вашите верски постапки. Треба секој влез внимателно да се чува, за себичноста и гордоста да не се вплеткаат во вашето дело. Ако себичноста навистина се распне, а со неа и страстите и желбите, ќе се појават плодови во добрите дела на Божја слава. Ве молам во страв Божји да не дозволите

вашите дела да се изопачат. Бидете реални, соодветни христијани. Кога срцето ќе ја подари Својата љубов на Христа, сè што е старо поминува, и сè станува ново. {5C 650.2}

Нашата вера мора да биде разумна. Мора да нè засилува, поткрепува и поддржува со мудрост одозгора. Мораме да одиме сè понатаму и подалеку, мораме да напредуваме сè повеќе и повеќе, од светлина кон уште поголема светлина и Бог ќе ни ја открие Својата слава на таков начин на кој не ја открива на овој свет. {5C 650.3}

Батл Крик, Мичиген, 6. јануари 1889.

---

80. РЕАЛНОСТА НА БОЖЈОТО ПРИСУСТВО

Драги брате К. драго ми е што денес си во _____. Ако си совесен, ќе бидеш исправен човек на вистинското место. Немој секаде да го истакнуваш своето јас и со тоа да го кочиш делото, колку и да е природно. Оди понизно со Бога. Треба да работиме несебично за Бога, секогаш имајќи го пред очи чувството за Неговата постојана присутност. Сети се на Мојсеј: како неговиот живот бил исполнет со истрајност и трпеливост. Павле во своето послание до Евреите кажува: „Зашто веруваше во Оној Кој не се гледаше, како да Го гледа" (Евреите 11:27). Карактерот што Павле му го препишува на Мојсеја не означувал само пасивно спротивставување на злото туку истрајност во правдата. Тој секогаш пред себе го имал Господа и Господ секогаш бил од десната страна да му помогне. {5C 651.1}

Мојсеј имал длабоко чувство за личното присуство на Бога. Тој не само што знаел дека со векови подоцна Христос ќе се покаже во тело, туку и на еден посебен начин го видел Христа како ги следи Израилевите деца на нивниот пат. Бог за него бил реалност, секогаш присутен во нивните мисли. Кога луѓето не го сфаќале, кога морал да се изложува на опасности и да поднесува навреди заради Христа, тој не се одмаздувал. Мојсеј верувал во Бога како во Некој што му е потребен и знаел дека Тој ќе му помогне кога ќе му затреба помош. И Бог му бил вистинска помош. {5C 651.2}

Многу луѓе веруваат само на зборови; вистинската, истрајна и постојана вера е многу ретка. Мојсеј врз основа на лично искуство дошол до сознание дека Бог ќе ги исполни своите ветувања на оние кои ќе Го бараат истрајно. Тој ја ценел наградата според ветувањето. Ова е уште една точка од верата што треба добро да ја проучиме - Бог ќе го награди верниот и послушен човек. Ако таа вера се покаже и во животното искуство, ќе го оспособи оној кој го љуби Бога и кој се бои од Него да ги поднесе искушенијата. Мојсеј бил полн со доверба во Бога, бидејќи имал цврста вера. Нему му била потребна помош, и тој се молел за неа, барал со вера и во своето искуство го вткал верувањето дека Бог се грижи за него. Тој верувал дека Бог управува со неговиот живот. Го видел и го признал Бога во секој детаљ од својот живот и чувствувал дека живее во присутноста на Оној Кој гледа сè и кој ги мери побудите и го испитува срцето. Му се обраќал на Бога и очекувал од Него да му подари сила за да излезе чист од сите искушенија. Знаел дека е наменет да изврши една посебна задача и сакал да ја изврши што е можно подобро. Но знаел дека нема да може да ја изврши без божествена помош, бидејќи имал работа со изопачен народ. Божјото присуство било доволно да му пружи безбедност во најголемите неволи со кои може да се судри еден човек. {5C 651.3}

Мојсеј не само што мислел на Бога; тој и Го видел. Бог постојано му бил пред очите; тој никогаш не го изгубил од вид Неговото лице. Го видел Исуса како свој Откупител и верувал дека заслугите на Спасителот ќе му бидат препишани нему. Оваа вера за Мојсеја не била само некоја претпоставка, туку вистинска реалност. Ваквата вера и нам ни е потребна, - вера која ќе истрае низ сите неволи. О, колку често им подлегнуваме на искушенијата затоа што очите не ни се насочени кон Исуса! Нашата вера не е постојана. Ние си попуштаме себеси и грешиме заради тоа, и тогаш не сме во состојба да издржиме како Мојсеј, кој „веруваше во Оној Кој не се гледаше, како да Го гледа" (Евреите 11:27). {5C 652.1}

Брате мој, направи го Христа свој водач секој ден и секој час и нема да се жалиш дека немаш вера. Посматрај го Христа. Проучувај го Неговиот карактер. Зборувај за Него. Колку помалку се издигаш себе, толку повеќе ќе го воздигаш Исуса. Бог ти дал една должност. Секогаш имај го Господа пред себе. Брате и сестро К., трудете се постојано да стекнувате сè појасно познавање на Христовиот карактер. Кога Мојсеј се молел: „Покажи ми ја славата своја" (Излез 33:18), Господ не го укорил, туку ја услишил неговата молитва. Му рекол на Својот слуга: „Ќе ја покажам пред тебе сета Моја слава, и ќе Го изговорам името Господово пред тебе" (Стих 19). Ние сме се одвоиле од Бога и затоа не го гледаме откривањето на Неговата сила. {5C 652.2}

Присуството на Христа во училницата

Брате мој и сестро моја, Бог нека ви подари мудрост за да знаете како да постапувате со душите. Господ нека ве поучи колку големи нешта може да направи ако верувате. Поведете го Христа во училницата како свој придружник. Имајте Го пред очи кога зборувате, за од вашите усти да излегува законот на добрината. Не дозволувајте никој да влијае на вас по тој предмет. Допуштете им на децата што ви се доверени да имаат своја личност како што ја имате и вие. Трудете се да ги водите, а не да ги бркате. {5C 653.1}

Овде во Швајцарија видов некои нешта на кои треба да се угледаме. Учителите во училиштата често им приоѓаат на децата кои си играат и ги учат како да се забавуваат, и на тој начин постојано се со нив за да ја спречат секоја неслога и секое зло кое ќе се појави. Понекогаш ги водат своите ученици на долги излети. Тоа ми се допадна: сметам дека на тој начин децата имаат помалку прилики да се изложат на искушенија. Учителите присуствуваат на детските игри и внимаваат на редот. Не би можела да се сложам со мислењето дека децата треба да почувствуваат дека во нив никогаш се нема доверба и дека затоа не можат да се однесуваат како деца. Дозволете учителите да им се придружат на децата во нивните игри, да бидат едно со нив. Нека им покажат дека тие сакаат да бидат среќни и децата ќе имаат доверба во нив заради тоа. Со нив може да се управува со љубов, а не со тоа што постојано ќе ги следиме при нивните оброци и игри со немилосрдна и непопустлива строгост. {5C 653.2}

Дозволете ми да кажам дека оние што немаат свои деца обично не се најсоодветни мудро да управуваат со различните умови на децата и младите. Тие се наклонети да управуваат со непроменлив закон, и не прават никаков исклучок. Учителите секогаш мора да имаат на ум дека некогаш и самите биле деца. Тие мораат да ги прилагодат своите поуки на духот на децата и да ги придобијат нивните симпатии. Тогаш децата ќе бидат поучени и облагородени со пример и со поука. {5C 653.3}

Исусовиот Дух нека влија на вашите срца, нека ги обликува вашите карактери и нека ги издигне и облагороди вашите души! Христос им рекол на Своите ученици: „Ако не се промените и не бидете како деца, нема да влезете во царството небесно” (Матеј 18:3). Треба да ги отфрлиме железните формули и вештачкото помагање и да станеме понизни како деца. Духот на строгоста мора да се промени во дух на љубов, за наместо малодушност и тага да дојде радост и сончеви зраци. {5C 654.1}

---

81. ПРИРОДАТА И ВЛИЈАНИЕТО НА СВЕДОШТВАТА

Колку повеќе се приближува крајот и колку повеќе се проширува делото на последно опоменување на светот, толку е поважно оние што ќе ја прифатат вистината да имаат јасен поим за влијанието и за карактерот на сведоштвата кои Бог во Своето провидение ги поврзал во веста на Третиот ангел уште од самиот негов почеток. На следните страници давам цитати од она што го пишував во последните четириесет години во врска со моето поранешно искуство во оваа посебна задача, а исто така изнесувам тоа што Бог ми го покажа во поглед на карактерот и значењето на сведоштвата, начинот на кој се дадени и како треба да се гледа на нив. {5C 654.2}

„Набргу по истекот на (одреденото) време во 1844. година го имав своето прво видение. Бев во посета кај една драга сестра во Христа која со сето срце беше обединета со мене. Ние петмина, само жени, клечевме мирно пред семејниот олтар. И додека се молевме, Божјата сила слезе на мене на начин како никогаш порано. Ми се чинеше дека опкружена со светлина сè повеќе и повеќе се издигам над Земјата” (1. Сведоштво 58 стр. ориг.) Во тоа време ми беше покажано искуството на адвентните верници, Христовото доаѓање и наградата која ќе им биде дадена на верните”. {5C 654.3}

„Во второто видение, кое следеше набргу по првото, ми беа покажани неволите низ кои ќе морам да поминам, и тоа дека сум должна да одам и на другите да им го изнесам она што Бог ми го откри. Ми беше покажано дека мојата работа ќе наиде на големо противење и дека моето срце ќе биде раскинувано од болка, но дека Божјата благодат ќе биде доволна да ме поддржува во сè. Повикот што ми е даден во ова видение необично силно нè обеспокои, бидејќи имав должност да одам меѓу народот и да ја објавувам вистината”. {5C 655.1}

„Посебно се плашев дека ако покорувајќи се на повикот на должноста, тргнам да декларирам дека имам посебна наклонетост на Севишниот кој ми дава виденија и откровенија за народот - да не попуштам пред грешниот занес и да не се возвишам заради положбата што треба да ја имам, и на тој начин на себе да го навлечам Божјиот гнев и да ја изгубам својата душа. Зн{5C 655.2}аев неколку слични вакви случаеви и моето срце се стегна при помислата на толку тешко искушение”.

„Затоа тогаш се молев ако морам да тргнам да го објавувам тоа што Бог ми го покажал, Тој да ме сочува од несоодветното возвишување. Ангелот рече: ‘Твоите молитви се сослушани и ќе бидат услишени. Ако ти се закани таква опасност од која се плашиш, Господ ќе ја испружи својата рака за да те сочува; Тој со неволја ќе те привлече кон себе за да ја сочува твојата понизност. Верно објавувај ја веста. Издржи до крај и ќе јадеш плодови од дрвото на животот и ќе пиеш жива вода.’” (1. Сведоштво 62, 64, 65 стр. ориг). {5C 655.3}

Во тоа време се појави фанатизам меѓу некои од оние кои веруваа во првата вест. Подржуваа опасни заблуди во науката и во праксата и некои беа подготвени да го осудат секој што нема да ги прифати нивните гледишта. Бог во видение ми ги откри тие заблуди и ме прати кај Своите заблудени деца за да им укажам на истите. Меѓутоа, вршејќи ја таа должност, наидов на огорчено противење и префрлување. {5C 655.4}

„За мене беше мошне голем крст на заблудениот да му укажам на заблудата. Ми причинуваше голема болка кога другите ги гледав тажни и вознемирени. И кога бев принудена да ја објавувам веста, ја ублажував и ја прикажував што е можно поповолна за овие личности, а потоа се повлекував во самотија и плачев во душевна болка. Ги набљудував оние што мораа да се грижат само за сопствените души и мислев дека никогаш не би негодувала кога би била во нивната положба. Тешко беше да се објавуваат јасните и остри сведоштва кои Бог ми ги даваше. Со страв го исчекував резултатот, и кога укорените личности стануваа против укорот и потоа почнуваа да се противат на вистината, во мојот дух се појави двоумење: дали ја изнесов веста како што треба? Дали сепак не постоел некој друг начин за нивното спасение? Притоа мојата душа ја обземаше таква болка, што често помислував дека смртта би ми била мил гласник и гробот слатко место за одмор. {5C 656.1}

Не ја сфаќав опасноста и грешноста на овие мои мисли додека во едно видение не бев издигната пред Христа. Тој ме погледна со негодување и го заврте Своето лице од мене. Неможно е да се опишат ужасот и агонијата кои ги почувствував во тој момент. Паднав ничкум пред Него и немав сила да кажам ниеден збор. О, колку сакав да се сокријам од тој страшен поглед! Тогаш донекаде сфатив какви ќе бидат чувствата на изгубените кои ќе викаат „на планините и на карпите: ‘Паднете врз нас и скријте не од лицето на Оној Кој седи на престолот и од гневот на Јагнето’” (Откровение 6:16). {5C 656.2}

Наскоро еден ангел ми нареди да станам и тешко е да се опише сцената што ја видов тогаш. Пред мене стоеше група луѓе со замрсени коси и искинати облеки, чијшто изглед беше вистинска слика на очај и ужас. Тие ми пристапија и почнаа своите облеки да ги тријат од мене. Кога ја погледнав својата облека, видов дека е из валкана со крв. Тогаш повторно паднав како мртва покрај нозете на својот ангел придружник. Не можев да изговорам ниеден збор, туку само сакав да се оддалечам од тоа свето место. Ангелот ме подигна на нозе и рече: ‘Ова не е твојот случај сега, но сцената што ти е покажана треба да ти предочи каква ќе биде твојата положба ако пропуштиш на другите да им го објавуваш она што ти го дал Бог”. (1. Сведоштво 73.74 орг.). Откако ми беше дадена таа свечена опомена, тргнав на народот да му зборувам зборови на укор и поука што Бог ми ги даде”. {5C 656.3}

Лични сведоштва

Вестите што ми се дадени за разни поединци, јас често ги пишувам на оние за кои се однесуваат, но во многу случаи тоа го правам заради нивните упорни барања. Колку повеќе се прошируваше мојата работа, тоа стана голем и заморен дел од моите напори. Пред објавувањето на Сведоштвото бр. 15, мнозина од оние што требаше да се советуваат или да се укорат бараа да ги напишам сведоштвата. Меѓутоа, бидејќи се наоѓав во состојба на голема исцрпеност заради заморната работа, јас ја откажав таа должност, посебно кога знаев дека многу од тие лица се недостојни и имаше мала

надеж опомената да издејствува некаква промена во нив. Во тоа време мошне ме охрабри следниот сон: {5C 657.1}

„Една личност ми донесе една ролна бела ткаенина и ме замоли од него да скројам облеки за лица од сите големини, за сите карактерни особини и животни прилики. Ми рече да ги скројам и да ги подготвам за да можат да се завршат, веднаш штом ќе се укаже потреба. Имав впечаток дека многу лица за кои ми беше наредено да скројам облеки се недостојни. Прашав дали тоа е последното парче ткаенина кое треба да го скројам и добив одговор дека не е, и дека кога ќе го завршам ова, веднаш потоа ќе добијам друго. Гледајќи колкава работа ме чека, ја изгубив храброста и реков дека повеќе од дваесет години кројам облеки за другите, дека моите напори не се ценети и дека не гледам дека со својата работа сум постигнала многу добра. Спомнав една жена за која ми беше наредено да кројам облека. Реков дека таа нема да ја цени облеката и дека тоа би било само напразно трошење на време и материја. Таа беше многу сиромашна, со ограничени умни способности и неуредна и веднаш би ја извалкала. {5C 657.2}

Личноста што ми ја донесе ткаенината одговори: 'Скроj ја облеката. Тоа е твојата должност. Загубата нема да те погоди тебе, туку мене. Бог не гледа како што гледа човекот. Тој ги открива должностите кои треба да се извршат и ти не знаеш на кого ќе му користи тоа, на овој или на оној.' {5C 658.1}

Јас тогаш ги покажав своите раце изнаранети од ножиците, и реков дека теперам и при самата помисла понатаму да работам вака. Таа личност повторно одговори: - {5C 658.2}

'Кроj ги оделата. Уште не дошол часот да бидеш разрешена.' {5C 658.3}

Со чувство на голем умор, јас ја продолжив својата работа. Пред мене имаше нови, сјајни ножици кои почнав да ги користам. Одеднаш исчезна секое чувство на умор и обесхрабрување, ножиците како да сечеа сами и јас мошне лесно кроев облеки една по една" (2. Сведоштво 10-12 стр. Ориг.). {5C 658.4}

Има многу сонови од обичните животни случувања со кои Светиот Дух нема врска. „Постојат лажни сонови и лажни виденија кои се инспирирани од сатанскиот дух. Но соновите кои доаѓаат од Господа во Божјата реч се ставени во ист ред со виденијата и исто така се вистинити плодови како и самите виденија. Тие сонови самите се доказ за нивната вистинитост, доколку ги земеме во предвид личностите на кои им се дадени и околностите под кои се дадени" (1. Сведоштво 569 стр. ориг.). {5C 658.5}

Со оглед дека опомените и поуките дадени во сведоштвата за поединците исто така можат да се применат на многу други на кои не се упатени посебни сведоштва сметав дека сум должна да ги објавам личните сведоштва заради доброто на црквата. Зборувајќи за таа потреба, во Сведоштво бр. 15 јас реков: „Јас не знам на кој начин би можела подобро да го изложам моето видение за општите опасности и заблуди како и за должностите на сите што го љубат Бога и ги држат Неговите заповеди, отколку со објавување на овие сведоштва. Можеби и не постои понепосреден и поделотворен пат да го изнесам она што Господ ми го покажа" (2. Сведоштво 9 стр.). {5C 658.6}

Во видението што ми беше дадено на 12. јуни 1868. година ми беше покажано она што во потполност ја покажува исправноста на мојот став во поглед на објавувањето на личните сведоштва. „Кога Господ ќе издвои поедини случаи и ќе укаже на нивните грешки, другите, на кои не било укажано во видението, често се сигурни дека се на исправен пат. Кога некој ќе биде укорен заради некој нарочен грев, браќата и сестрите треба внимателно да се испитаат себеси за да ги видат своите недостатоци и да се

уверат дека и тие не западнале во истите грешки. Тие треба да негуваат дух на понизност и признавање на гревовите, бидејќи не стануваат праведни со самото тоа што другите ги сметаат за праведни. Бог гледа на срцето. На тој начин ги испитува и проверува душите. Укорувајќи ги грешките на поединците, Тој има намера да поправи и мноштво други. Но ако овие не ги применуваат на себе тие укори и си ласкаат себеси дека Бог поминал преку нивните грешки затоа што нарочно не укажал на нив; тогаш се лажат самите себе. Тие ќе бидат оставени во темнина и препуштени да одат по патот кој самите го избрале, да ја следат вообразеноста на сопственото срце. {5C 659.1}

Мнозина се неискрени кон сопствената душа и живеат во голема самоизмама во поглед на нивната вистинска состојба пред Бога. Тој се служи со оние патишта и начини кои ги смета за најдобри за да ги постигне Своите цели и да ги испита срцата на оние кои тврдат дека се Негови следбеници. Тој ги открива грешките на поединците за со тоа да ги опомене и другите, за со страв да ги избегнуваат истите и слични погрешки. Испитувајќи се себеси тие можат да дојдат до сознанието дека го прават токму она што Бог го осудува кај другите. Ако навистина сакаат да Му служат на Бога и ако се бојат да не Го навредат, нема да чекаат на посебен начин да се укаже на нивните грешки, па дури тогаш да признаат и во понизност и покајание да се вратат кај Господа. Во согласност со светлината што им е дадена на другите, тие ќе отфрлат сè што не е по волја на Бога. Ако пак, напротив, луѓето видат дека ги прават истите грешки заради кои се укорени другите, а сепак продолжат и понатаму да ги прават само затоа што не се посебно опоменати, своите души ги изложуваат на голема опасност, бидејќи сатаната ќе ги зароби и ќе ги потчини на неговата волја" (2. Сведоштво 112, 113 стр.). {5C 659.2}

„Ми беше покажано дека Господ во Својата мудрост нема да ги открие гревовите на сите... Овие сведоштва, иако упатени на поедини лица, се однесуваат на сите што грешат, иако нивните имиња не се спомнати во нив. И затоа Бог нема да им прости на оние кои поминуваат преку своите гревови и ги прикриваат затоа што нивните имиња не се посебно спомнати во Сведоштвата. Тие не можат да постигнат никаков напредок на патот на побожниот живот, туку сè повеќе и повеќе ќе запаѓаат во темнина, сè додека не го загубат последниот зрак на светлина" (2. Сведоштво 447 стр.). {5C 660.1}

Во видението што ми е дадено пред отприлика дваесет години, „Ми беше наредено усмено и писмено да ги изнесам општите начела и истовремено да ги откријам опасностите, заблудите и гревовите на поединците, за сите да бидат опоменати, укорени и советувани. Ми беше покажано дека сите треба внимателно да ги испитаат своите срца и своите животи, за да видат дали и тие ги направиле истите грешки и дали опомените дадени не другите се однесуваат и на нив. Ако е така, би требало да сметаат дека овие совети и опомени се упатени и на нив самите и да ги применат на себе како да се однесуваат на нив лично... Бог сака да ја испита верата на сите што тврдат дека искрено сакаат да дознаат кои се нивните должности. Тој јасно ќе ги изнесе нивните должности, и на сите ќе им даде прилика да покажат што имаат во срцата" (2. Сведоштво 687 стр. ориг). {5C 660.2}

Целта на сведоштвата

„Во старите времиња Бог им зборувал на луѓето преку устите на пророците и апостолите. Во овие денови им зборува преку Сведоштвата на Својот Дух. Бог никогаш не го поучувал Својот народ посериозно отколку денес во поглед на Својата волја и патот по кој сака тој да оди" (4. Сведоштво 147,148 стр.). {5C 661.1}

„На Господа му беше важно да ми ги открие маните и потребите на Својот народ. Колку и да е тешко тоа, јас верно ги откривам престапниците, нивните грешки и средствата кои ќе ги поправат... Така Светиот Дух праќаше опомени и осуди, без притоа да ги скратува драгите ветувања за милост... {5C 661.2}

Грешниците кои се каат немаат причина да очајуваат затоа што им се предочуваат нивните гревови и им се укажува опасноста во која се наоѓаат. Токму тие напори преземени заради нив покажуваат колку Бог ги љуби и колку сака да ги спаси. За да го наследат вечниот живот, тие треба само да ги слушаат Неговите совети и да ја извршуваат Неговата волја. Бог на Својот грешен народ му ги предочува неговите гревови за во светлината на божествената вистина да ги согледа во сета нивна одвратност. И тогаш негова должност е засекогаш да се одрече од нив". „Кога Божјиот народ би ги сфатил Неговите постапки и би ги прифатил Неговите поуки, би го нашол вистинскиот пат и светлина која би го водела низ темнината и неволите" (4. Сведоштво, 14,15). {5C 661.3}

„Заблудените меѓу адвентистите на седмиот ден не се опоменуваат и укоруваат затоа што тие живеат понечесен живот од таканаречените христијани кои им припаѓаат на останатите цркви, ниту затоа што нивните постапки се полоши од постапките на другите кои не се покоруваат на Божјиот закон, туку затоа што тие имаат голема светлина и затоа што со своето исповедање станале Божји избран народ во чие срце е запишан Неговиот закон. Со покорување на законите на небесниот Бог, тие ја потврдуваат својата верност Нему. Тие се Божји претставници на Земјата. Но секој нивен грев ги одвојува од Бога и на посебен начин нанесува голем срам на Неговото име, бидејќи со тоа им се дава прилика на непријателите на Божјиот закон да се потсмеваат на Неговото дело и Неговиот народ кој Тој го нарекува: „избран род, царско свештенство, свет народ, луѓе придобиени", кој треба да ги објави добродетелствата на Оној Кој ги „повика од темнина во Својата чудесна светлина" (1. Петрово 2:9). {5C 661.4}

„Господ ги укорува оние што тврдат дека го држат Неговиот закон за да ги поправи. Тој им укажува на нивните гревови и ја открива нивната неправда, бидејќи сака тие да се одречат од секој грев и неисправност, за да ја усовршат светоста во Божји страв... Бог ги опоменува, кара и исправува за да ги очисти, посвети и облагороди и на крајот да ги издигне до својот престол" (2. Сведоштво 452, 453 стр.). {5C 662.1}

„Ги разгледав сведоштвата кои им беа дадени на адвентистите на седмиот ден и изненадена сум од Божјата милост и Неговата грижа која ја има кон Своите деца давајќи им толку опомени, укажувајќи им на опасностите кои им се закануваат и изложувајќи ги на возвишената положба што треба да ја заземат. Ако тие останат постојани во Неговата љубов и ако се одвојат од светот, на нив ќе почива Негов посебен благослов и Неговата светлина ќе ги осветлува. Нивното благотворно влијание ќе се чувствува во сите гранки на делото и во сите делови на евангелското поле. Но ако тие не одговорат на Божјата намера, ако и понатаму не го сфаќаат возвишеното обележје на делото, како што правеа и во минатото, тогаш нивниот пример и влијание ќе се покажат како страшно проклетство. Тој ќе нанесува штета и само штета. На нивните облеки ќе ја има крвта на драгоцените души. {5C 662.2}

Сведоштвата кои содржеа опомени се повторувани. Јас прашувам: кој ги послуша? Кој се покаја сесрдно за своите гревови и идолопоклонство и кој ревно се залагаше да „Трча кон целта - кон наградата на горното признание од Бога во Исус Христос" (Филипјаните 3:14)... Загрижено очекував, надевајќи се дека Бог ќе го излие Својот Дух на некои и ќе ги употреби како орудие на правдата за да ја пробуди и да ја доведе во

ред Својата црква. Бев речиси очајна кога видов дека Божјиот народ од година во година сè повеќе се одвојува од едноставноста која, како што ми покажа Бог, треба да биде обележје на животот на Неговите следбеници. Интересот и пожртвуваноста за Божјото дело сè повеќе исчезнува. Јас прашувам: во што оние кои тврдат дека веруваат во сведоштвата настојуваа да живеат во согласност со светлината која им е дадена? Во што ги послушаа Неговите опомени? Со што докажаа дека живеат според поуките што им се дадени?" (2. Сведоштво, 483,484 стр.). {5C 662.3}

Сведоштвата не го заземаат местото на Библијата

Дека Сведоштвата не се дадени за да го заземат местото на Библијата покажува следниот извод од едно сведоштво кое е објавено 1876. година: {5C 663.1}

„Братот Ј. би сакал да ги збуни умовите така што нештата ги претставува на тој начин како светлината што Бог ја дава преку сведоштвата да се додаток на Божјата реч; меѓутоа, тој на тој начин нештата ги претставува во лажна светлина. Бог сметаше дека тој начин е соодветен за кон Својот народ да ја приближи Својата реч, да му овозможи појасно рабирање на таа Реч" (2. Сведоштво 246 стр.). Божјата реч е доволна за да се осветли и најмрачниот ум и сите што сакаат да ја разберат можат да ја разберат. Но и покрај тоа, некои кои тврдат дека Библијата е нивен предмет на проучување, всушност живеат сосема спротивно на нејзините најјасни учења. Затоа, за мажите и жените да немаат никаков изговор, Бог им дава јасни и одредени сведоштва за да ги врати кон Речта која занемариле да ја следат" (2. Сведоштво 455 стр.). Во Божјата Реч има многу општи начела за стекнување на добри навики во животот, а Сведоштвата, како општите така и личните имаат цел да обратат посебно внимание на тие начела" (4. Сведоштво 323 стр.). {5C 663.2}

Тој предмет ми е изложен во сон на 30. април 1871. година. Се чинеше дека присуствувам на некој значаен состанок на кој се собра многу народ. „Мнозина беа наведнати пред Бога и се молеа сесрдно и изгледаше дека нивните души ги тишти некој товар. Пекаа кон Господа да им подари посебна светлина. Некои изгледаа како да се во агонија во духот и беа мошне возбудени; со солзи на лицето гласно преколнуваа за помош и светлина. При оваа впечатлива сцена присуствуваа и нашите најистакнати браќа. Братот С. падна ничкум на подот, очигледно во голема болка; додека неговата сопруга седеше во друштво на оние кои рамнодушно се потсмеваа. Таа се однесуваше како да сакаше сите да ја видат дека им се потсмева на оние што така се понижуваа. {5C 664.1}

Сонував дека Светиот Дух се спушти на мене и дека станав среде пекањата и молитвите, велејќи дека Господовиот Дух се спуштил на мене. Се чувствувам сигурна да кажам: морате да почнете да работите самите за себе. Вие се обраќате кон Бога и сакате Тој да го изврши делото што ви го препуштил вам да го извршите. Ако самите за себе го направите она што знаете дека треба да го направите, тогаш Бог ќе ви помогне кога ќе ви затреба Неговата помош. Вие пропуштивте да ги извршите токму оние нешта кои Бог ви ги препуштил вам. Вие сега го повикувате Бога Тој да го изврши вашето дело. Ако ја следевте светлината што ви ја подари, сега би ве осветлувала уште поголема светлина. Но вие ги занемаривте опомените, укорите и советите што ви беа дадени. Како тогаш можете да очекувате од Бога да ви подари уште поголема светлина и благослови, за повторно да ги презрете и отфрлите? Бог не е човек, и со Него не можеме да си поигруваме. {5C 664.2}

Ја земав драгоцената Библија и ја опкружив со неколку Сведоштва за Црквата, кои му беа дадени на Божјиот народ. Реков: овде се изнесени случаите на речиси сите. Укажано е на гревовите што треба да се избегнуваат. Овде оние што бараат совет можат да го најдат, бидејќи веќе е даден за случаи слични на нивните. Бог сакаше да ви даде правило по правило, заповед по заповед. Но меѓу вас нема мнозина кои навистина знаат што се Сведоштвата. Вие не го познавате добро Светото Писмо. Ако Божјата реч ја направевте предмет на своето прочување, со желба да живеете според библиските мерила и да постигнете христијанско совршенство, тогаш Сведоштвата не би ви биле потребни. Токму затоа што занемаривте да се запознаете со Божјата вдахновена книга - Библијата, Тој сакаше да допре до вас со едноставни, непосредни сведоштва, преку нив да го сврти вашето внимание на вдахновената реч на која не ѝ се покорувавте и да ве повика своите животи да ги сообразите со нејзините чисти и возвишени поуки. {5C 664.3}

Господ има намера преку дадените Сведоштва да ве опомене, укори, посоветува и да ви влее свест за значењето на вистината на Неговата реч. Пишуваните сведоштва не даваат некоја нова светлина, туку имаат цел појасно да го втиснат во срцето значењето на веќе откриените вистини на вдахновението. Во Божјата реч точно е одредена должноста на човекот кон Бога и своите ближни, но малкумина се покоруваат на дадената светлина. Никаква додатна вистина нема да биде изнесена; но Бог со Сведоштвата ги упрости големите вистини кои веќе се дадени и ги откри на Својот народ на начин што Тој го избра - за да го пробуди неговиот ум и да ја втисне вистината во него, за да нема изговор. {5C 665.1}

Гордоста, самољубието, себичноста, омразата и завистa ја парализирале моќта на забележување и чувствителност и затоа вистината, која би ве направила мудри за спасение, ја изгуби својата сила да го придобие духот и да го контролира. Бидејќи не сте гладни ниту жедни за библиско знаење, за чистота на срцето и за светост на животот, не сте во состојба да ги сфатите ниту најнеопходните начела на побожноста. Сведоштвата не се напишани за да ја смалат Божјата реч, туку за да ја возвишат и вниманието на духот на луѓето да го насочат на неа, за на нив да влијаат едноставноста и убавината на вистината. {5C 665.2}

Како што Библијата, реков понатаму, е опколена со овие книги и брошури, така и вас Бог ве опколи со укори, совети, опомени и охрабрувања. Вие овде пекате кон Бога и во душевен страв барате поголема светлина. Бог ме овласти да ви кажам дека ниеден зрак светлина преку сведоштвата нема да го осветли вашиот пат сè додека не ја примените во животот светлината која веќе ви беше дадена. Бог ве опколи со светлина, но вие не ја ценевте, туку ја фрливте под нозете. Додека некои ја презреа сосема, други ја запоставуваа или пак само рамнодушно ја следеа. Малкумина во срцето одлучија да се покоруваат на вистината што Бог ви ја подари. {5C 666.1}

Некои преку сведоштвата примија посебни опомени, но само по неколку седмици ги заборавија укорите што им беа дадени. На некои сведоштвата им беа повторувани по неколку пати, но тие не ги сметаа за толку значајни за грижливо да ги послушаат. Ги сметаа за празни приказни. Ако ја примија светлината што им беше дадена, би биле поштедени од многу загуби и искушенија за кои сега мислат дека се строги и немилосрдни. Треба на самите себе да си префрлаат за ова. Сами го земаа на себе јаремот и сега им е тешко да го носат. Овој јарем не го ставил Христос на нив. Бог ја покажа Својата грижа и љубов кон нив, но нивните себични, зли и неверни срца не беа во состојба да ја согледаат Неговата добрина и милост. Тие и понатаму слепо трчаат со сопствената мудрост додека сатаната не ги фати во својата стапица, совладани од

искушенијата и збунети со тешкотиите. Ако ги примите зраците светлина кои Бог порано ви ги прати, тогаш Тој ќе ви прати уште повеќе светлина. {5C 666.2}

Ги упатив на стариот Израел. Бог им го дал Својот закон, но тие не сакале да се покоруваат на него. Тој потоа им дал обреди и уредби за, извршувајќи ги, да го задржат Бога во своето сеќавање. Но тие биле наклонети брзо да го заборават и Него и Неговите барања; затоа било потребно постојано да бидат поттикнувани за да ја согледаат својата обврска да го слават својот Создател и да Му се покоруваат. Ако Му биле послушни и ако Неговите заповеди ги држеле од љубов, не би било потребно тоа мноштво на обреди и уредби. {5C 666.3}

Кога народот кој за себе тврди дека е избрано богатство на Бога, би се покорувал на Неговите заповеди, како што се напишани во Неговата реч, не би биле потребни посебни сведоштва за да го поттикнуваат на неговите должности и да му објаснат колку е грешно и опасно да се занемари послушноста кон Божјата реч. Совеста на мнозина отапела затоа што ја отфрлиле и презреле светлината... {5C 667.1}

Некој ми пристапи и ми кажа: „Бог те подигна и ти даде зборови како на никој друг за да му зборуваш на народот и да допреш до срцата. Тој така ги уредил твоите сведоштва што можат успешно да одговорат на случаите во кои е потребна помош. Нека не влијаат на тебе презирот, потсмевањето, укорувањето и префрлувањето. За да можеш да бидеш посебно орудие на Бога, не смееш да се потпреш на никого, туку само на Него, како што лозата со своите израстоци се обвиткува околу жицата. Тој од тебе ќе направи средство со кое ќе дава сила на Својот народ. Секој ден мора да примаш нова сила од Бога, која ќе ти помогне околината да не те замрачи и да не ја фрли во сенка светлината која Тој преку тебе ја праќа на Својот народ. Сатаната посебно настојува да спречи оваа светлина да дојде до Божјиот народ, на кого му е мошне потребна во овие последни денови. {5C 667.2}

Твојот успех се наоѓа само во твојата едноставност. Ако ја напуштиш и почнеш своите сведоштва да ги прилагодуваш на нечии сведоштва, твојата сила ќе исчезне. Денес речиси сè е вештачки разубавено и нереално. Светот е полн со сведоштва кои маѓепсуваат за еден миг и го издигнуваат сопственото „јас”. Твоето сведоштво е од поинаков вид. Тоа се спушта до деталите во животот, одржувајќи ја слабата вера за да не умре и на верниците живо да ја прикажува нивната должност да бидат светлина на светот. {5C 667.3}

Бог ти ги дал тие сведоштва за на отпаднатите и на грешните да им ја покажеш нивната вистинска состојба и неизмерната загуба која ќе ја претрпат ако и понатаму одат по патот на гревот. Бог ти го прикажа ова на највпечатлив начин со тоа што во видение ти го откри како на ниеден друг меѓу живите и твојата одговорност е исто толку голема како што е голема светлината што ти ја подари. „Не со сила, не со снага, а со Мојот Дух, вели Господ Саваот” (Захарија 4:6). Викни како труба и покажи го на народот мој беззаконието негово и на Израилевиот дом гревовите негови” (1. Сведоштво 604-608 стр.). {5C 667.4}

Погрешна употреба на сведоштвата

Некои кои веруваат во сведоштвата грешеа што неправилно ги наметнуваа на другите. Во книгата 1. број 8. има сведоштво кое се однесува на ова прашање. „Во _____ имаше некои кои беа Божји деца, а сепак се сомневаа во виденијата. Другите не се противеа, но не се осмелуваа да заземат цврст став кон нив. Некои беа сќептични,

а имаа и доволно причини да станат такви. Лажните виденија, занесувањето, кои донесоа жалосни родови, доведоа до тоа душите во _____ да почнат да се сомневаат во сè што се нарекува видение. Би требало сè ова да се земе во предвид и да се постапува претпазливо. Не треба да се осудуваат ниту непотребно да се вложува труд за оние кои никогаш не го виделе однесувањето на личноста која има виденија и кои лично не го искусиле дејството на видението. На таквите не би требало да им се ускратуваат благодетите и привилегиите на црквата, доколку нивниот христијански живот во секој друг поглед е исправен... {5C 668.1}

Како што ми беше покажано некои се во состојба да прифатат печатени виденија, бидејќи дрвото го ценат според неговите плодови. Други, како неверниот Тома, не можат да поверуваат во печатените сведоштва, ниту можат да се уверат преку сведоштвото на другите, туку мораат самите да видат и да се уверат со сопствените очи. Таквите не смееме да ги напуштиме туку кон нив треба да покажеме братска љубов и трпение сè додека не го заземат својот став за или против. Ако тие се борат против виденијата, за кои не знаат ништо, ако во своето противење отидат толку далеку така што се спротивставуваат на оние работи за кои немаат никакво искуство... за таквите црквата треба да знае дека се неверни". (1. Сведоштво 328 стр.). {5C 668.2}

Некои наши браќа имаат долго искуство во вистината и со години ме познаваат мене и мојата работа. Тие се уверија во вистинитоста на сведоштвата и ја потврдија својата вера во нив. Тие го почувствуваа моќното влијание на Светиот Дух кој почиваше на нив и кој ги натера да ја посведочат вистинитоста на виденијата. Ми беше покажано дека ако таквите, кога ќе бидат укорени преку виденија, станат против него и почнат тајно да работат за да наштетат на влијанието на истото, тогаш со нив треба да се постапува претпазливо, бидејќи нивното влијание ги доведува во опасност оние кои немаат искуство (1. Сведоштво, 382). {5C 669.1}

Првото објавено Сведоштво содржи опомена против непромислената употреба на светлината која на тој начин е дадена на Божјиот народ (1. Сведоштво, 119). Таму кажав дека некои постапуваа неразумно; бидејќи зборувајќи со неверниците на својата вера им читаа од моите списи за да им ги дадат доказите што тие ги бараа, наместо за докази да се обратат на Библијата. Ми беше покажано дека таквиот став е недоследен и дека неверниците стекнуваат предрасуди против вистината. Сведоштвата не можат да имаат никакво влијание на оние кои не знаат ништо за духот на сведоштвата. Во таквите случаи не треба да се повикуваме на сведоштвата. {5C 669.2}

Другите опомени во врска со употребата на сведоштвата беа давани одвреме навреме: {5C 669.3}

„Некои проповедници многу заостанаа. Тие тврдат дека веруваат во сведоштвата додека на некои им наштетуваат што од сведоштвата прават железно начело за оние кои во тоа немаат никакво искуство, а самите на ги спроведуваат на дело. Ним во повеќе наврати им се упатувани сведоштва, но тие до крајност ги запоставуваа. Ставот на таквите не е доследен" (1. Сведоштво 369 стр.). {5C 669.4}

Видов дека мнозина го користеа она што Бог го откриваше во поглед на гревовите и неисправноста на другите. Тие го прифаќаа најстрогото значење на она што е откриено во видение и толку го истакнуваа тоа, што кај мнозина почна да слабее верата во тоа што Бог го покажал и црквата почна да ја губи храброста и смелоста" (1. Сведоштво 166). {5C 669.5}

Непријателот ја користи секоја можност која му се пружа за да ги уништува душите. „Беа изнесувани сведоштва за доброто на некои кои извршуваа важни должности. Тие

на почетокот сакаа да го земат товарот на себе и да придонесат во Божјото дело. Но сатаната ги прогонува со своите искушенија, така што на крајот подлегнуваат. А кога останатите ќе забележат дека тргнале по лош пат, сатаната им дошепнува дека мора да има некоја грешка во сведоштвата дадени на тие лица, инаку не би се покажале недостојни за служењето во Божјото дело". {5C 670.1}

Така се појавува сомнеж во поглед на светлината која Бог ја даде. „Тоа што може да се каже за луѓето под извесни околности не може да се каже за нив во други околности. Луѓето се толку слаби во морален поглед, толку себични до крајност, толку задоволни со себе, наклонети за возвишена и суетна вообразеност, што Бог не може да соработува со нив. Препуштени сами на себе, тие се однесуваат како да се слепи и покажуваат таква слабост и лудост, што мнозина се чудат како такви личности воопшто можеле да бидат применети и сметани за достојни да имаат некаква врска со Божјото дело. Сатаната токму тоа го сака. Тој од самиот почеток настојува да му нанесе срам на Божјото дело и да фрли сомнеж на сведоштвата. Ако останеа таму каде што не би имале никакво влијание на Божјото дело, сатаната не би ги напаѓал со толкав бес, бидејќи тогаш не би можел да ги искористи како орудие за остварување на своите намери" (3. Сведоштво 469,470 стр.). {5C 670.2}

Судени според нивните плодови

Сведоштвата треба да се ценат според нивните плодови. Каков е духот на нивното учење? Какви се последиците од нивното влијание? „Сите кои сакаат можат да се запознаат со плодовите на моите виденија. Веќе седумнаесет години Бог ги одржува и ги засилува наспроти противењето на сатаната и влијанието на човечките орудија кои му помагаат во неговата работа" (1. Сведоштво 330 стр.). {5C 671.1}

„Бог или ја поучува својата Црква, ги укорува нејзините неисправности и ја засилува нивната вера, или не го прави тоа. Ова дело или е Божје или не е. Бог ништо не прави во сојуз со сатаната. Мојата работа... носи Божји печат или печат на непријателот. Тука нема средина. Сведоштвата се или дело на Светиот Дух или дело на сатаната" (4. Сведоштво 230 стр.). {5C 671.2}

Кога Господ ми се откри преку Духот на пророштвото, „пред мене поминаа: минатото, сегашноста и иднината. Ми беа покажани лица кои никогаш ги немав видено и кои ги препознав кога ги видов неколку години подоцна. Се будев од сон со живо сеќавање на сè што сум видела и пишував на полноќ. Писмата патуваа преку цели континенти, и стигнувајќи во време на криза, го спасуваа Божјото дело од големи несреќи. Тоа беше мојата должност многу години. Една сила ме тераше да укажувам на злите дела и да ги укорувам, а за кои не ни помислував. Дали тие дела во последните триесет и шест години се одозгора или одоздолу?" (5. Сведоштво 64,65 стр.). {5C 671.3}

Христос ги опоменал Своите ученици: „Пазете се од лажните пророци, кои доаѓаат во овча кожа, а одвнатре се волци грабливи. По нивните плодови ќе ги познаете. Се бере ли грозје од трње, или смокви од чичка? Па така, секое добро дрво дава добри плодови, а лошо дрво дава лоши плодови. Не може добро дрво да дава лоши плодови, ниту лошо дрво да дава добри плодови. Секое дрво, што не дава добар плод, го сечат и го фрлаат во оган. И така, по нивните плодови ќе ги познаете" (Матеј 7:15-20). Ова е мерило кое секој кој сака може да го примени. Тие што навистина сакаат да ја дознаат вистината ќе најдат доволно докази за своето верување. {5C 671.4}

Сомневање во сведоштвата

„Сатаната има намера да ја ослаби верата на Божјиот народ во Сведоштвата” (4. Сведоштво 211). „Сатаната знае како треба да нападне. Тој влијае на духовите за да поттикне завист и незадоволство кон оние што се наоѓаат на чело на делото. Веднаш зад нив се разгледуваат плодовите; секако, на нив се обрнува многу слабо внимание и се занемаруваат поуките што се дадени во видение” (1. Сведоштво 236). „Потоа доаѓа сќептицизмот во поглед на важните прашања на нашата вера, столбовите на нашата положба, па сомневање во Светото Писмо и најпосле пат кон пропаст. Ако луѓето се сомневаат во Сведоштвата во кои некогаш верувале, сатаната знае дека тие нема да застанат на тоа и затоа ги дуплира своите напори додека не ги наведе на отворена побуна, која станува неизлечива и завршува со пропаст” (4. Сведоштво 210). „Попуштајќи им на сомнежите и на неверството во поглед на Божјото дело, предавајќи се на чувствата на недоверба и страшната завист, тие самите го подготвуваат патот на сатаната целосно да ги измами. Тие со огорченоста стануваат против оние кои се осмелуваат да зборуваат против нивните заблуди и да ги укоруваат заради нивните гревови” (3. Сведоштво 328). {5C 672.1}

Сведоштвото упатено на некои млади луѓе, кое првпат е објавено 1880. година за овој предмет, вели: „Сè повеќе преовладува неверувањето во Сведоштвата на Светиот Дух; и овие млади луѓе поттикнуваат неверство и сомнежи наместо да ги отстрануваат. Тие не го познаваат духот и силата на Сведоштвата” (4. Сведоштво 437). {5C 672.2}

Ми беше покажано дека мнозина се толку малку духовни што не ја сфаќаат вредноста на сведоштвата ниту нивната реална цел. „Тие зборуваат со омаловажување за сведоштвата кои Бог ги дал заради благодетта на Својот народ и ги осудуваат, замерувајќи му на овој или на оној, додека би направиле подобро кога би ги ставиле рацете на уста и би паднале ничкум затоа што не се во состојба да го ценат духот на сведоштвото бидејќи за Светиот Дух знаат само малку” (4. Сведоштво 443). {5C 672.3}

„Има луѓе во Батл Крик кои никогаш не прифатиле укори во целост. Тие одат по патот кој самите го избрале. Тие, во поголема или помала мера, застануваа против оние кои ја бранеа правдата и го укоруваа злото. Мошне е лошо влијанието на таквите поединци кое доаѓаат ваму и кои стапуваат во контакт со нив. Тие влеваат сомнежи во срцата на тие новодојдени верници во поглед на Сведоштвата на Светиот Дух, и наместо да ги наведуваат тие лица да се посветат на Бога и да го слушаат гласот на црквата, тие ги учат да бидат независни и да не се осврнуваат на гледиштата и судот на другите. Таквите луѓе тајно го вршат своето дело. Некои не се свесни за злата кои ги нанесуваат. Меѓутоа, затоа што и самите се непосветени, горди и непослушни, тие и другите ги наведуваат на лош пат. Тие непосветени луѓе создаваат отровна атмосфера. На нивните облеки ќе се најде крвта на душите кои ги завеле на тој начин и Христос во страшниот суден ден ќе им рече: ‘Отстапете од мене сите што вршите неправда’ (Лука 13:27). Тие ќе се зачудат, но нивните таканаречени христијански животи биле само измама и лага” (4. Сведоштво 513,514). {5C 673.1}

„Некои го искажуваа своето мислење, дека Сведоштвата на сестра Вајт не се сигурни. Тоа е токму она што мнозина непосветени го сакаат. Сведоштвата со укори ја зауздуваа нивната суета и гордост, но ако имаа смелост, тие никогаш не би застанале во својата трка за модата и суетата. Бог на таквите ќе им даде прилика да се искушаат и да го откријат својот вистински карактер” (3. Сведоштво 313). {5C 673.2}

„Видов дека причината зошто виденијата во последно време не се чести лежи во тоа што црквата не ги цени. Таа речиси сосема ја изгуби својата духовност и вера и укорите и опомените мошне малку влијаат на неа. Мнозина од оние што тврдат дека веруваат во нив, не им се покоруваа" (1. Сведоштво 119). {5C 674.1}

„Ако ја изгубите верата во сведоштвата, ќе се одвоите од вистината на Библијата. Се плашев дека мнозина ќе се оддадат на сомневање и неверство и затоа ве опоменувам со грижа за вашата душа. Колкумина ќе ги прифатат овие опомени? Според вашето сегашно мислење за Сведоштвата дали би сте се осмелиле да отфрлите еден дел од нив или едно сведоштво, доколку тоа би ја попречувало вашата патека и би ве укорувало? Токму она што најмалку сте подготвени да го примите, токму тоа е она што најмногу ви треба" (5. Сведоштво 98). {5C 674.2}

„Драги браќа, чувајте се од злото срце што не верува. Божјата реч е јасна и строга во своите ограничувања; тоа ви пречи во вашата себичност и вие затоа не го слушате. Сведоштвата на Неговиот Дух ви го свртуваат вниманието на Светото Писмо, укажуваат на недостатоците на вашиот карактер и ги укоруваат вашите гревови; затоа и не ги слушате. И за да го оправдате својот телесен живот, живот на љубов кон угодностите, почнувате да се сомневате дали сведоштвата се од Бога. Кога би го примиле нивното учење, би биле уверени во нивното божествено потекло. Имајте во вид дека вашето неверие не ја намалува нивната вистинитост. Ако се од Бога, тие ќе опстојат" (5. Сведоштво 234). {5C 674.3}

„Ми беше покажано дека неверството во сведоштвата, во опомените, во охрабрувањата и во укорите ја отстранува светлината од Божјиот народ. Неверието ги затвора нивните очи, така што не гледаат во каква состојба се наоѓаат". „Тие сметаат дека сведоштвото на Светиот Дух на укорување е непотребно или пак не се однесува на нив. Овие луѓе имаат најголема потреба за Божјата благодат и за јасно духовно расудување, за да можат да ги согледаат сите свои недостатоци во духовното знаење" (3. Сведоштво 255,253,254). {5C 674.4}

„Мнозина што се одрекоа од вистината како причина за тоа наведуваат дека немаат вера во Сведоштвата... Сега се поставува прашањето: дали тие ќе ги жртвуваат своите идоли кои Бог ги осудува, или и понатаму ќе продолжат по лош пат, отфрлувајќи ја светлината што Бог им ја пратил со која го осудува токму она во коешто тие уживаат? Прашањето кое треба да го одговорат е: треба ли да се одречам од себе и да ги прифатам сведоштвата како послание од Бога, или пак да ги отфрлам затоа што ги осудуваат моите гревови? {5C 675.1}

Во многу случаи луѓето ги прифаќаат сведоштвата, престануваат со лошите навики и веднаш настапува преобразување во согласност со светлината што Бог ја дал. Во други случаи, тие и понатаму ги задоволуваат своите грешни желби, ги отфрлаат сведоштвата и со многу невистинити причини се оправдуваат себе за тоа. Тие не даваат вистински причини. А тој недостаток на морална храброст е волјата да се искоренат штетните навики со помош на Светиот Дух" (4. Сведоштво 32). {5C 675.2}

„Сатаната е мошне вешт да влева сомнеж и да измислува забелешки на јасното сведоштво што Бог го праќа, и мнозина сметаат дека знак на доблест и интелигенција ако изразат неверство, ако поставуваат прашања и ако замеруваат. Тие што сакаат да се сомневаат ќе имаат многу прилики за тоа. Божја намера не е да се отстранат сите прилики за сомневање. Тој дава докази кои мора да се испитуваат во понизност на духот кој сака да учи. Секој треба сам да одлучува врз основа на тежината на доказите" (3. Сведоштво 255). „Бог дава доволно докази за вера на невините души; но тој што им врти

грб на доказите затоа што има неколку нешта кои не може да ги објасни, ќе биде оставен во ладната, ледена атмосфера на неверство и сомнежи и неговата вера ќе претрпи бродолом" (4. Сведоштво 232.233). {5C 675.3}

Должноста за изнесување на укори

„Ако Божјите слуги се рамнодушни кон злото кое се појавува во Неговиот народ, тие со тоа практично го поддржуваат и оправдуваат грешникот и виновни се како и тој и затоа на себе ќе го навлечат Божјиот гнев, бидејќи самите се одговорни за гревовите на истиот. Во видението ми беше укажано на многу случаи во кои е предизвикано Божјото негодување со немарноста на Неговите слуги кои не стануваат против против неисправностите и гревовите кои постојат меѓу Неговиот народ. Народот ги смета за пријатни и љубезни луѓето кои ги одобрија овие неисправности само затоа што избегнуваа да вршат една јасна должност која ни ја препишува Светото Писмо. Оваа должност не им е пријатна и затоа ја избегнуваа" (3. Сведоштво 266). {5C 676.1}

Продорното сведоштво на Светиот Дух „ќе ги одвои од Израилот оние кои постојано се бореле против средствата со кои Бог наредил да се очисти црквата. Злото мора да се нарече зло. Тешките гревови мораме да ги нарекуваме со нивните вистински имиња. Сите од Божјиот народ мора да Му пријдат поблиску на Бога... Тогаш ќе го видат гревот во вистинска светлина и ќе сфатат колку тој е одвратен во Божјите очи" (3. Сведоштво 324). „Јасното, отворено сведоштво мора да живее во црквата, инаку Божјото проклетство ќе падне на Неговиот народ исто толку неизбежно како и на стариот Израел заради Неговите гревови" (3. Сведоштво 269). {5C 676.2}

„Никогаш не постоела поголема потреба за верни опомени и укори... отколку во ова време. Сатаната слегол со голема сила, знаејќи дека времето е кратко. Тој го преплавува светот со привлечни бајки, а Божјиот народ сака да му се зборуваат мили нешта... Ми беше покажано дека Божјиот народ мора да вложи поодлучни напори, за да ја растера темнината која надоаѓа. Непосредното дејство на Светиот Дух денес е потребно повеќе од било кога порано" (3. Сведоштво 327, 328). {5C 676.3}

Кога во младоста го прифатив делото за кое Бог ме назначи, јас од Него добив ветување дека ќе уживам посебна поддршка од мојот Помошник. Исто така ми беше даден налог верно да ја пренесувам Господовата вест, без да правам разлика меѓу пријателите и непријателите. Бог не гледа кој е кој. Господовиот гласник не смее да биде неверен на светите вистини без разлика дали работи со богати или сиромашни, со самоуверени или скромни, со образовани или прости. {5C 677.1}

„Никој нека не мисли дека сакам да повлечам некое одредено сведоштво кое сум го изнела на поединците или на народот. Ако направив некоја грешка, тогаш тоа е затоа што не го укорував гревот појако и поодлучно. Некои наши браќа почнаа да ја критикуваат мојата работа и да предложуваат полесен начин на кој би се исправиле грешките. На овие луѓе би сакала да им кажам: јас одам по Божјите патишта, а не по вашите. Тоа што сум го кажала или го напишала во сведоштвата со укори требаше да биде уште појасно. {5C 677.2}

Тие што тргнале по сопствен пат, што се спротивставиле на јасните сведоштва што им беа дадени и копнееја да ја поколебаат верата на другите, ќе мораат сами да одговараат пред Бога... На оние пак кои примиле на себе одговорност да ме укоруваат и во своето ограничено расудување да ми предложуваат начин кој им се чини помудар, им повторувам дека не ги прифаќам нивните напори. Нека ме остават со Бога, кој ќе ме

учи. Ќе примам зборови од Господа и ќе им ги зборувам на народот. Не очекувам сите да го прифатат укорот и да го променат својот живот, но сепак морам да ја вршам својата должност. Ќе одам понизно пред Бога, вршејќи го своето дела за ова време и за вечноста. {5C 677.3}

Бог на моите браќа не им го дал делото што ми го дал мене. Беше кажано дека мојот начин на давање на јавни опомени ги навел другите да бидат остри, критички настроени и строги. Ако е така, тие за тоа ќе мораат да одговараат пред Бога. Ако другите на себе земале должности со кои Бог не ги оптоварил, ако не се осврнувале на поуките да бидат благи и трпеливи, кои им ги праќаше повеќе пати преку понизното орудие што го избрал, тогаш тие самите ќе мораат да одговараат за последиците. Со срце преполно со болка ја вршев својата непријатна должност кон своите најмили пријатели, не осмелувајќи се да си дозволам себеси да не го предадам укорот, дури и кога беше во прашање мојот сопруг, и нема да бидам помалку верна во опоменувањето на другите, без оглед дали тие ќе послушаат или нема. Кога му зборувам на народот јас кажувам многу нешта за кои не сум размислувала. Светиот Дух често се спушта на мене. Јас тогаш се издигам над себеси; животот и карактерот на различни луѓе се појавува мошне јасно пред мојот дух. Тогаш ги гледам нивните мани и опасности и се чувствувам принудена да го зборувам она што ми е покажано. Не се осмелувам да му се спротивставам на Светиот Дух" (5. Сведоштво 19, 20). {5C 677.4}

Отфрлање на укорот

„Мнозина го презираат верниот укор што Бог им го пратил преку Сведоштвата. Ми беше покажано дека во овие денови некои отишле толку далеку што ги спалиле пишуваните зборови на укори и опомени, токму како што направил безбожниот цар на Израел. Но противењето на Божјите закани нема да го спречи нивното остварување. Тие што ќе ѝ пркосат на Божјата реч, која Тој ја пратил преку Своите избрани слуги со тоа само ќе го предизвикаат Неговиот гнев и ќе се фрлат себеси во сигурна пропаст. Во срцето на грешниците често се раѓа омраза кон слугите што Бог ги избрал да ги објават Неговите укори. Така било отсекогаш: и денес постои духот кој го прогонувал и затворал Еремија затоа што се покорувал на Господовата реч" (4. Сведоштво 180). {5C 678.1}

Од самиот почеток на моето работење, кога бев повикана да изнесувам отворени и одредени сведоштва, да го укорувам злото и никого да не штедам, без разлика кој е кој, уште тогаш имаше такви кои се противеа на моите сведоштва, кои заминуваа да зборуваат мили нешта и да ги мачкаат со лоша вар за да го уништат влијанието на мојата работа. Господ ми наложуваше да укорувам, а поединци се поставуваа помеѓу мене и народот за моите сведоштва да ги направат напразни. {5C 678.2}

„Речиси во сите случаи кога е потребен укор ќе се најде некој кој нема да го согледа фактот дека Светиот Дух е навреден и дека на Неговото дело му е нанесена штета. Таквите ќе ги сожалуваат оние кои заслужиле укор, бидејќи со тоа се повредени нивните чувства. Заради таа непосветена наклонетост и оние кои чувствуваат такво сожалување имаат дел во вината на укорените. Во девет од десет случаи би можело да му се помогне на укорениот да ја види својата грешка и да се поправи, кога би бил оставен да се чувствува виновен. Меѓутоа, обично се вмешуваат непосветени лица со своите склоности кои лошо ги претставуваат побудите на оној кој укорува и видот на укорот. Земајќи го укорениот во заштита, тие го наведуваат на заклучок дека нему му е направена неправда. И нивните чувства пламнуваат против тој што само си ја врши

својата должност. Тие што верно ги исполнуваат своите непријатни должности, и знаат дека се одговорни пред Бога за тоа, ќе примат благослов од Него" (3. Сведоштво 359). {5C 679.1}

„Во овие последни денови има некои кои велат: 'Говорете ни ласкаво, претскажувајте го она што ни е пријатно' (Исаија 30:10). Меѓутоа тоа не е моето дело. Бог нареди да го укорувам Неговиот народ. И исто толку сигурно како што на мене го стави тој тежок товар, Бог од оние на кои им е дадена пораката ќе бара сметка за начинот на кој постапиле со неа. Со Господ не смееме да се шегуваме и тие што го презираат Неговото дело ќе добијат плата според своите дела. Јас не ја избрав сама мојата непријатна работа. Оваа работа нема да ми донесе наклонетост ниту пофалба од луѓето. Тоа е дело кое малкумина го ценат. Меѓутоа, тие што настојуваат двојно да ја отежнат мојата работа со нивното извртување, злобни сомнежи и неверување, и кои на тој начин кај другите будат предрасуди кон сведоштвата што Бог ми ги даде мене и кои ја спречуваат мојата работа, тоа прашање ќе мора да го решат со Бога, а јас и понатаму ќе одам напред по патот кој Провидението и моите браќа го отвораат пред мене. Во името и во силата на мојот Откупител, ќе направам сè што можам... Мојата должност не е да си угодувам себеси, туку да ја вршам волјата на својот небесен Татко Кој ми го довери ова дело" (4. Сведоштво 231.232). {5C 679.2}

Кога Бог ми ја даде веста која ја објавувам на Неговиот народ, тие што ме спречуваат во тоа дело и ја слабеат верата на народот во вистината, не се борат против орудието, туку против Бога. „Вие не го презирате и навредувате орудието, туку Бог кој ви зборуваше во тие опомени и укори" (5. Сведоштво 235). „Луѓето најтешко го навредуваат Бога со презирањето и отфрлањето на орудието кое Тој го избрал за да ги води" (7. Сведоштво 355). {5C 680.1}

Запоставување на сведоштвата

Не се наоѓаат на опасна почва само оние кои отворено ги отфрлуваат сведоштвата или кои се сомневаат во нив. Да се запоставува светлината значи да се отфрла. {5C 680.2}

„Некои од вас примаат укор на зборови, но не го примаат во срцето. Ти продолжуваш по својот пат, со таа разлика што си станал уште помалку подложен на влијанието на Божјиот Дух, уште повеќе заслепен, уште помалку мудар и што имаш уште помалку морални сили, ревност и сесрдност во верскиот живот, така што ако не се обратиш ти најпосле сосема ќе престанеш да се надеваш во Бога. Примајќи го укорот, ти не си извршил никаква коренита промена во својот живот, затоа што не си ги увидел и сфатил недостатоците на својот карактер и големата спротивност помеѓу својот живот и животот на Христа". „Што значат твоите молитви додека има неправда во твоето срце? Ако потполно не се измениш, тебе наскоро ќе ти станат досадни укорите како на Израилските деца и ќе отстапиш од Бога како и тие" (4. Сведоштво 332).{5C 680.3}

„Мнозина живеат потполно спротивно на светлината којашто Бог ја дал на Својот народ, затоа што не ги читаат книгите кои ја содржат светлината и знаењето во вид на укори и предупредувања. Грижите од овој свет, робувањето на модата и недостатокот на верата го одвоиле вниманието од Божјата светлина што толку милостиво е дадена, додека книгите и списанијата кои содржат заблуда ја преплавуваат целата земја. Насекаде преовладуваат сомнежи и неверување. Скапоцената светлина, којашто доаѓа од Божјиот престол, е ставена 'под сад'. Бог ќе го направи Својот народ одговорен за ова немарност. Нему ќе мораме да Му дадеме сметка за секој зрак светлина што ја

осветлува нашата патека било да сме ја искористиле за да се развиваме во божестените работи, или да сме ја отфрлиле затоа што ни било попријатно да одиме по своите склоности". {5C 681.1}

„Книгите на Духот на Пророштвото и Сведоштвата исто така треба да ги има секое семејство кое ја празнува саботата и браќата треба да ја запознаат нивната вредност и треба да бидат ургирани да ги читаат. Не било најмудро што тие книги се продавани по најниска цена и што во секоја црква се наоѓа по еден примерок. Тие треба да се наоѓаат во библиотеката на секое семејство и секогаш одново треба да се читаат. Треба да стојат таму кадешто многу можат да ги читаат" (4. Сведоштво 390, 391). {5C 681.2}

Проповедниците и народот треба да имаат на ум дека душите до кои допира вистината на евангелието, ако таа не ги спаси, стануваат уште понечуствителни. Среде отфрлувањето на светлината луѓето остануваат во ропство, оковани во синџирите на мракот и неверството. „Душата која од ден во ден го отфрлува повикот на милоста наскоро без возбудување ќе може да ги слуша и најсесрдните повици. Нам како на Божји работници, ни е потребно повеќе побожност, а помалку самодоверба. Доколку повеќе се издига сопственото „јас", дотолку ќе биде послаба верата во сведоштвата на Божјиот Дух... Оние кои се надеваат само во себе сè помалку и помалку ќе го гледаат Бога во сведоштвата на Неговиот Дух" (5. Сведоштво 134). {5C 681.3}

Како треба да се прими укорот

„Оние кои се укорени од Божјиот Дух не треба да се подигаат против понизното орудие кое Божјиот Дух го употребило за да ги предупреди. Тоа не се зборови на погрешлив смртник, туку Бог проговорил за да ги спаси од пропаста" (3. Сведоштво 257). На човечката природа не ѝ е пријатно да прими укор, ниту е можно човечкото срце, ако не е расветлено со Божјиот Дух, да ја сфати потребата од укорот или благословот кој тој треба да го донесе. Доколку човекот повеќе му попушта на искушението и гревот, дотолку повеќе се замрачува неговиот ум. Моралната светлина се изопачува. Предупредувањата на совеста се запоставуваат, а нејзиниот глас сè помалку се слуша. Човекот постепено ја губи моќта да прави разлика помеѓу доброто и злото, така што не ја увидува својата вистинска состојба пред Бога. Тој може да се придржува на надворешните облици на религијата и ревно да ги поддржува нејзините учења, а истовремено може потполно да биде лишен од нејзиниот дух. Состојбата на таквиот ја опишал Вистинскиот сведок: „Зашто велиш: 'Богат сум и се збогатив, и ништо не ми треба", а не знаеш дека си беден и проколнат, сиромав, слеп и гол" (Откровение 3:17). Кога Божјиот Дух преку веста на укорот ќе му соопшти на човекот дека се наоѓа во таква состојба, дека таа вест е вистинска, дали треба заради тоа да ја отфрли веста? - Не. Бог дал доволно докази, така што секој кој сака може да се увери во карактерот на сведоштвото. И кога ќе се уверат дека сведоштвата се од Бога, должност на сите е да го примат прекорот, дури и тогаш ако самите не увидуваат дека прават грев? Кога тие во потполност ќе сфатат во каква состојба се наоѓаат, зар тогаш би биле потребни укори. Но токму заради тоа што тоа не го знаат, Бог милостиво им укажува на нивната состојба, за да можат да се покајат и поправат пред да биде и премногу доцна. „Тие што ги презираат предупредувањата ќе бидат оставени во слепило и самоизмама. Но оние кои ќе ги послушат и кои ревно ќе се залагаат да се очистат од гревот и да ги постигнат потребните дарови, со тоа ќе ја отворат вратата на своето срце на драгиот Спасител за да може да влезе во нив и да престојува во нив" (3. Сведоштво 257). „Најтесно поврзани

со Бога се оние кои го познаваат Неговиот глас кога им говори. Оние кои се духовни ги распознаваат духовните работи. Таквите ќе бидат благодарни кога Господ ќе им укаже на нивните заблуди" (5. Сведоштво 134). {5C 682.1}

„Давид добил мудрост преку Божјото постапување со него, и се приклонил во понизност под казната на Највозвишениот. Пророкот Натан на Давид точно му ја опишал неговата состојба и го запознал со неговите гревови, коешто на Давид му помогнало да ги отфрли. Тој понизно примил совет и се понизил пред Бог. 'Непорочен е законот Божји - кажува тој – ја обратува душата'" (Псалм 19:7), (4. Сведоштво 14.15). {5C 683.1}

„Ако, пак останете без казна, во која сите станаа соучесници, тогаш сте деца незаконски, а не синови" (Евреите 12:8). Нашиот Господ кажува: „Оние што Јас ги сакам, нив ги карам и воспитувам" (Открровение 3:19). „Секоја казна во почетокот не се покажува дека е за радост, туку за жалост; но потоа на оние што ќе се поучат од неа таа ќе им принесе мирен род на праведност" (Евреите 12:11). Иако дисциплината е горка, таа ја одредила нежната Татковска љубов за да можеме „да учествуваме во Неговата светост" (Стих 10). {5C 683.2}

Неправилно разликување

Некои го прифатија гледиштетото дека опомените, предупредувањата и укорите кои Господ ги дава преку Својата слугинка немаат поголемо значење од советите и предупредувањата кои доаѓаат од други извори, ако не се дадени преку нарочно видение за секој посебен случај. Во некои случаи се претпоставуваше дека на мене влијаеле писмата кои сум ги примила од членовите на црквата да напишам одредени сведоштва за црквите или поединците. Имаше и такви кои тврдеа дека сведоштвата кои се објавувани како да се дадени од Божјиот дух всушност се само израз на моето сопствено расудување, засновано на известувањата кои се собрани од човечки извори. Таквото тврдење е потполно погрешно. Меѓутоа, ако, во одговорот на некое прашање, изјава или молба од страна на некоја црква или поединци, е напишано сведоштво во која е изложена светлина која Бог ја дал во врска со тоа, фактот дека тоа дало поттик за сведоштвата ниту во најмала мера не ја намалува неговата вредност или значење. Ќе наведам од Сведоштвото бр. 31, неколку редови кои се однесуваат непосредно на тоа прашање: {5C 683.3}

„Како било со апостол Павле? Вестите, што ги примил од домашните на Хлојин за состојбата на црквата во Коринт, го навеле да го напише првото послание на оваа црква. Тој добил приватни писма кои му ја прикажувале состојбата онаква каква што била, па во својот одговор поставил општи начела според кои верните треба да постапат, ако сакаат да го искоренат постоечкото зло. Тој со голема благост и мудрост ги посоветувал сите да бидат со еден дух, за да нема раздор меѓу нив. {5C 684.1}

Павле бил вдахновен писател, но сепак Господ секогаш не му ја откривал вистинската состојба на Неговиот народ. Оние на кои им дошло до доброто на црквата и кои го виделе злото како се вовлекува во неа, го известувале за тоа. Светлината којашто порано ја примил му овозможувала да го увиди вистинскиот карактер на овие настани. Оние, кои искрено копнееле за светлината, не ја отфрлувале неговата порака како обично писмо само затоа што Господ не му подарил нарочно откровение токму за таа прилика. Не, навистина не ја отфрлувале. Господ му ги открил тешкотиите и опасностите кои ќе се појават во црквата, така што знаел како треба да се спротивстави кога ќе се појават. {5C 684.2}

Тој се ставил во одбрана на црквата. Тој морал да бдее над душите како оној кој мора да даде сметка на Бог. Зар требало да ги отфрли вестите кои говореле за разузданоста и неслогата? Неоспорно е дека и укорот што им го испратил бил исто така вдахновен од Божјиот Дух како и секое друго негово послание. Но кога дошле укорите, некои не сакале да се поправат. Говореле дека преку Павле не им зборувал Бог, дека тој самиот им го дал своето мислење како човек и сметале дека нивниот суд е исто така добар како и Павловиот. Тоа истото се случува со мнозина помеѓу нашиот народ кои скршнале од старите патишта и се повеле според своето расудување" (5. Сведоштво 65, 66). {5C 684.3}

Кога нашиот народ ќе заземе таков став, тогаш предупредувањата и советите што Бог ги дава преку Духот на пророштвото не можат да влијаат на него, ниту да издејствуваат преобразување во неговиот живот и карактер. Господ не дава видение за секоја прилика која би можела да се појави во животот на Неговиот народ и во развојот на Неговото дело. Меѓутоа, Бог ми покажа дека Неговиот начин на постапување со Неговата заедница во минатите векови се состоел во тоа на Своите избрани слуги да им ги изложи потребите и опасностите на својата работа како и на поединиите лица и на нив да го стави товарот на советувања и предупредувања. {5C 685.1}

Исто така и на мене во многу случаи Бог ми даде светлина во поглед на посебните недостатоци во карактерот на членовите на црквата и во поглед на опасностите кои им се закануваат на поединците и на Божјото дело ако тие недостатоци не се отстранат. Под извесни околности лошите склоности можат силно да се развијат и уцврстат нанесувајќи штета на Божјото дело и пропаст на поедиците. Понекогаш, кога посебни опасности се закануваат на Божјото дело или на поединците, Господ ми го соопштува тоа на мене, или во сон или во ноќни виденија, во кои тие случаи живо ги изнесува пред моите духовни очи. Го слушам гласот што ми говори: „Стани и пишувај; тие души се во опасност". Покорувајќи се на налогот на Божјиот Дух моето перо тогаш ја опишува нивната вистинска состојба. Кога патувам и излегувам пред народот во разни места, Господовиот Дух ги изнесува пред мене токму оние случаи што ми беа покажани во видение, оживувајќи ги впечатоците кои порано ми беа дадени. {5C 685.2}

„За изминатите четириесет и пет години Господ ми ги откриваше потребите на Неговото дело и случаите на поединците во сите фази на животот, покажувајќи ми каде и како пропуштале да усовршат христијански карактер. Ми беа изложени стотици случаеви, и оние кои Бог ги одобрува, и оние кои ги осудува. Бог ми покажа дека, ако се оди по одреден пат и ако се попушта на одредени црти на карактерот, мора да дојде до одредени последици. На тој начин ме поучуваше и дисциплинираше за да можам да ги забележам опасностите кои им се закануваат на душите и да го поучувам и предупредувам Неговиот народ, „правило по правило, заповед по заповед", за да ги избегне сатанските лукавства и да ги избегне неговите стапици. {5C 685.3}

Делото кое Господ особено ми го стави во должност е да им зборувам на младите и на старите, на образованите и необразованите самите да го истражуваат Светото писмо; на сите највпечатливо да им изложам дека проучувањето на Божјите зборови го развиваат умот и ја зајакнуваат секоја способност, оспособувајќи го разумот да ги решава проблемите на длабоката и далекусежната вистина; сите да ги убедам дека јасното познавање на Библијата го надминува секое друго знаење усовршувајќи го човекот да стане тоа што Бог одредил да биде. „Објавувањето на Твоите зборови просветува и скромните ги вразумува" (Псалм 119:130). Со светлината која ми е дадена преку посебни Божји зборови, со нарочното знаење кое ми е дадено за посебните

случаи во Божјиот народ под сите околности и во сите фази на животот, можам ли денес да бидам во она исто незнење, во истата духовна неизвесност и темнина како што сум била на почетокот на својата работа? Можат ли моите браќа да кажат дека сестра Вајт била толку слаб ученик, дека нејзиното расудување во таа насока не е ништо подобро отколку што било пред да стапи во Христовата школа за да се оспособи и подготви за посебното дело? Немам ли јас поголемо разбирање во поглед на должностите и опасностите на Божјиот народ од оние на кои тие работи никогаш не им биле покажани? Јас нема да го обесчестувам својот Творец признавајќи дека сите тие докази на Неговата моќна сила во мојот живот и работа и сета таа светлина биле напразни, дека не го развиле моето расудување и не ме оспособиле за Неговото дело. {5C 686.1}

Кога гледам дека мажите и жените тргнуваат по патот и ги развиваат особините кои упропастија други души и нанесоа штета на Божјото дело, кои Господ толку пати ги укори, тогаш како можам да не им укажам на опасноста? Кога ги гледам плашливите души, под товарот на чувството за сопствената несовршеност, но кои сепак се залагаат да го прават она што е исправно според Божјата Реч и кога знам дека Бог со задоволство гледа на нивните сесрдни напори, зар тогаш не треба да зборувам зборови на охрабрување на тие јадни и растреперени срца? Треба ли да молчам затоа што не ми е укажано на секој поединечен случај во непосредно видение? {5C 686.2}

„Ако, пак, стражарот го види мечот што доаѓа и не затруби со трубата, така што народот нема да биде предупреден, тогаш, кога ќе дојде мечот и некому ќе му го одземе животот, тој ќе биде погоден заради гревот свој, но крвта негова ќе ја барам од стражарот. И тебе, сине човечки, Јас те поставив како стражар на домот Израилов: ти ќе слушаш слово од Мојата уста и ќе ги вразумуваш од Мене. Кога ќе му речам на грешникот: ‘грешнику, ти бездруго ќе умреш‘, а ти не му кажеш ништо, не го опоменеш беззаконикот да го остави неговиот пат, грешникот ќе умре за својот грев, но крвта негова ќе ја барам од раката твоја. Ако, пак, беззаконикот си го предупредил, да се врати од својот пат, а тој не се одвратил од патот свој, тој ќе умре за својот грев, но ти ќе ја зачуваш душата своја” (Езекиел 33:6-9). {5C 687.1}

Во еден неодамнешен сон бев изведена пред еден собир од кој некои се трудеа да го уништат влијанието на најсвеченото сведоштво на опомена коешто сум им го дала. Тие зборуваа: „Ние веруваме во сведоштвата на сестра Вајт. Меѓутоа, кога ни зборува за нешта кои не ги видела непосредно во видение за одреден случај, нејзините зборови за нас немаат поголемо значење од зборовите на било кој друг човек”. Светиот Дух слезе на мене и јас станав и ги укорив во името на Господа. Го повторив она што го изнесов погоре во врска со стражарот. Реков дека тоа може да се примени и на мене и на нивниот случај. {5C 687.2}

Ако оние на кои се упатени овие зборови на опомена кажат: „Тоа е само лично мислење на сестра Вајт, јас ќе се раководам според сопственото расудување”, и ако и понатаму прават дела против кои се предупредени, тие со тоа покажуваат дека го презираат Божјиот совет, а последиците од тоа ќе бидат токму она што Светиот Дух ми го покажа - загуба за Божјото дело и нивна пропаст. Некои кои сакаат да го поддржат својот став од сведоштвата изнесуваат нешто што сметаат дека ќе го поддржи нивното гледиште и најсилно го истакнуваат тоа. Меѓутоа, она што не одговара на нивните постапки или кое не се сложува со нивното гледиште, тие го прогласуваат за лично мислење на сестра Вајт, го оспоруваат неговото небесно потекло и го стават на исто ниво со нивното сопствено расудување. {5C 687.3}

Браќа мои, ако вие кои ме знаете мене и мојата работа веќе долги години, сметате дека мојот совет нема поголема вредност од советот на оние кои не се посебно воспитани за тоа дело, тогаш немојте да барате од мене да соработувам со вас, бидејќи сè додека заземате таков став, вие неизбежно ќе работите спротивно на мојата работа. Ако мислите дека сте безбедни кога се придржувате на сопствените побуди исто како да ја следите светлината дадена преку избраната слугинка на Бога, тогаш самите се изложувате на опасност; и ќе бидете осудени затоа што ја отфрливте светлината што Бог ви ја прати. {5C 688.1}

Кога бев во _____, Господ ми се јави ноќе и ми зборуваше охрабрувачки зборови во врска со мојата работа, повторувајќи ја истата вест која ми ја даде неколку пати претходно. Во поглед на оние кои го свртеа грбот на светлината што им беше дадена, Господ рече: „Презирајќи и отфрлувајќи ги сведоштвата кои ти ги дадов да ги изнесеш, тие ме презираат Мене, твојот Господ, а не тебе". {5C 688.2}

Ако оние кои се тврдоглави и полни со самоувереност продолжат да одат по својот пат, каква ќе биде состојбата во црквата? Како ќе се исправи неисправноста која постои кај тие тврдоглави и славољубиви лица? Со какви средства Бог може да допре до нив? Како Тој ќе ја доведе во ред Својата црква? Постојано се појавуваат разлики во гледиштата и отпадништвото често ја погодува црквата. Кога ќе се појават спорови или неслога, сите тврдат дека се во право и дека совеста им е чиста, без да дозволат да ги поучат оние кои одамна го носат товарот на делото и за кои оправдано треба да се знае дека ги води Господ. Пратена им е светлина за да ја растера темнината, но тие се премногу горди во срцето за да ја прифатат, и побргу се одлучуваат за мракот. Тие го презираат Божјиот совет затоа што не е во хармонија со нивните гледишта и планови и затоа што не ги одобрува лошите црти на нивниот карактер. Дејствувањето на Светиот Дух, кој би ги извел на правиот пат кога би го прифатиле, не доаѓа на начин кој им се допаѓа и не ѝ ласка на нивната самоправедност. Светлината што Бог ја дава за нив не претставува светлина и тие одат во темнина. Тие тврдат дека повеќе не треба да се има доверба во расудувањето на личноста која има долгогодишно искуство, која Господ ја поучи и ја употреби за да изврши едно посебно дело, отколку во расудувањето на било кое друго лице. Дали нивното постапување е Божји план или нарочно дело на непријателот на секоја правда да ги држи душите во заблуда, оковани со силните измами од кои не можат да се ослободат, затоа што се оддалечиле вон дофатот на орудието на кое Бог му наредил да работи со Неговата црква? {5C 688.3}

Во сите векови Господ на Својата црква ѝ давал укори, опомени и поуки. Во времето на Христа, тие опомени биле отфрлани од лицемерните и самоуверени фарисеи кои тврделе дека ним не им требаат такви укори и дека со тоа кон нив се постапува неправедно. Тие никогаш не сакале да ја прифатат Господодовата Реч од Неговите слуги бидејќи таа реч не одговарала на нивните склоности. Кога Господ во наше време дава виденија за таков вид на народ, укажувајќи на нивните грешки, укорувајќи го нивното лицемерие и осудувајќи ги нивните гревови, тие се бунат исто како и жителите на Назарет кога Христос им ја покажал нивната вистинска состојба. {5C 689.1}

Ако таквите луѓе не ги понизат своите срца пред Бога, ако се поведуваат по дошепнувањето на сатаната, тогаш со нивните души ќе завладее сомнеж и неверство и тие сè ќе гледаат во лажна светлина; а кога семето на сомнежот ќе се посее во нивните срца, тоа дава обилна жетва. Тие нема да имаат доверба и ќе се сомневаат во вистините кои се јасни и полни со убавина во кои другите не се сомневаат. Тие кои го навикнуваат

својот ум да фаќа сè што може да се употреби како клин на кој ќе закачат некој сомнеж и кои таквите мисли им ги наметнуваат на другите, секогаш ќе најдат прилика за сомневање. Тие ќе се сомневаат и ќе го критикуваат секое изнесување на вистината, ќе ја критикуваат работата и ставот на другите, ќе ја критикуваат секоја гранка на Божјото дело во кое не учествуваат самите. Ќе се „наслаѓуваат" на заблудите, грешките и пропустите на другите, како што кажува ангелот, „сè додека Исус Господ не го напушти Своето посредничко дело во небесното светилиште, не се облече во одмаздничка облека и не ги затече на тоа несвето наслаѓување; и тогаш самите ќе увидат дека не се подготвени за вечерата на свадбата на Јагнето". Нивните склоности се толку изопачени, што би ја критикувале дури и Господовата трпеза во Неговото царство. {5C 689.2}

Дали Бог некогаш им открил на таквите што живеат во самоизмама дека Неговите укори и поуки немаат значење ако не доаѓаат непосредно преку видение? Јас поопширно го истакнувам ова прашање затоа што ставот кој мнозина го заземаа за него всушност е измама на сатаната со која сака да ги упропасти душите. Кога сатаната толку ќе ги измами и ослаби што и покрај укорите упорно настојуваат да го смалат дејството на Светиот Дух, тогаш неговата победа над нив е потполна. Некои кои се сметаат за праведни, исто како Јуда ќе го предадат својот Господ во рацете на Неговите најогорчени непријатели. Таквите самоуверени поединци, кои се решени да одат по сопствениот пат и да ги застапуваат сопствените идеи, ќе стануваат сè полоши додека не продолжат да одат по било кој пат само да не ја напуштат својата сопствена волја. Тие слепо одат по патот на злото. Меѓутоа, тие слично на заведените фарисеи, толку се измамени што мислат дека му служат на Бога. Христос го опишал патот по кој оди одредена класа народ кога ќе им се пружи прилика да го развиваат својот вистински карактер: „Ќе бидете предадени исто така и од родители, и од браќа, и од роднини и од пријатели, а некои од вас ќе бидат и убиени" (Лука 21:16). {5C 690.1}

Бог ми даде посебно, свечено искуство во врска со Неговото дело. И можете да бидете сигурни дека, сè додека мојот живот е поштеден, нема да престанам да го подигам гласот на опомена кој е дејство на Светиот Дух, без оглед дали луѓето ќе слушаат или не. Јас не поседувам никаква посебна мудрост. Јас сум само орудие во рацете на Господа и го извршувам делото што Тој ми го одреди. Поуките што ги давав усно или писмено се израз на светлината што Бог ми ја даде. Се обидов да ви ги изложам начелата кои Бог со години ги влеваше во мојот ум и ги запишуваше во моето срце. {5C 691.1}

И сега, браќа, јас ве преколнувам да не се поставувате меѓу мене и народот одвратувајќи ја од него светлината што Бог му ја наменил. Немојте со вашето критикување да ја одземате сета сила, значење и влијание на сведоштвата. Немојте да мислите дека можете да ги анализирате сведоштвата според своите идеи, да тврдите дека Бог ви дал способност во нив да правите разлика меѓу светлината од небото и она што е обичен израз на човечка мудрост. Ако сведоштвата не се согласуваат со Божјата реч - отфрлете ги. Христос и Велијар не можат да се сложат. Заради Христа, не правете забуна во душите на народот со човечките лукавства и сомнежи, и немојте да го уништувате влијанието на Господовото дело. Немојте заради вашиот недостиг на духовно расудување, Божјото орудие да го претворите во камен на сопнување на кој мнозина ќе се сопнат и ќе паднат, ќе се заплеткаат и ќе се фатат во стапица. {5C 691.2}

---

82. НЕОСНОВАНИ ГЛАСОВИ

Минатата зима, (Е.Г.Вајт Материјали 1888, 89) неколку пати слушнав како се зборува дека за време на конференцијата во Минеаполис „на сестра Вајт ѝ е покажано дека судењето кое во 1844. година започна над праведните мртви сега почна на живите". Ова не е вистина. Слични измислици, кои се пренесуваат веќе околу две години се појавија на следниот начин: во едно писмо кое од Швајцарија го испратив на еден проповедник од Калифорнија, јас буквално го кажав ова: „Веќе четириесет години трае судот на мртвите и ние не знаеме колку набргу ќе започне над живите". Ова писмо им беше прочитано на разни лица и невнимателните слушатели го пренесоа тоа што мислеа дека го слушнале. Така започна ова. Приказната од Минеаполис исто така потекнала од некого кој погрешно сфатил еден цитат од писмата. Ниедна приказна нема друга основа освен оваа. {5С 692.1}

Второ, во оваа приказна се кажува како во едно видение сум видела еден проповедник кој сега уште жив е спасен во царството Божјо, што би значело дека неговото спасение е сигурно. Ниту во ова нема никаква вистина. Во Божјата Реч се одредени условите за нашето спасение, и само од нас зависи дали ќе се покориме или не. {5С 692.2}

Јован во Откровението вели: „Но во Сард имаш неколку имиња што не ги оскверниј алиштата свои. Тие ќе одат со Мене во бела облека, бидејќи се достојни. Кој победува ќе биде облечен во бела облека и нема да му го избришам името негово од книгата на животот, туку ќе го признаам името негово пред Мојот Татко и пред Неговите ангели". {5С 692.3}

„Но ние, според Неговото ветување, очекуваме ново небо и нова земја, на кое ќе се всели правда. Затоа возљубени, додека го очекувате тоа, погрижете се пред Него да излезете спокојни, неосквернети и непорочни". „А вие, возљубени, знаејќи го ова однапред, пазете се од измамата на беззаконициte за да не бидете одведени со нив, и да не отпаднете од својата утврденост". „Вам, пак, Господ да ви даде да растете и да изобилувате во љубов еден кон друг и кон сите, каква што и ние имаме кон вас, и да ги утврди вашите срца, та да бидат непорочни во светоста пред Бога и Таткото наш при доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос со сите Негови светии". „А праведниот преку верата ќе биде жив; Јас не се радувам за ниеден кој отстапува. Ние, пак, не сме од оние што отстапуваат и гинат, туку од оние кои веруваат и се спасуваат" (Откровение 3:4, 5; 2. Петрово 3:13, 14,17; 1. Солунјаните 3:12, 13; Евреите 10:38,39). {5С 692.4}

Со ова јасно е кажано кого Библијата го смета за избран. Овде се означени оние кои ќе бидат крунисани во Божјиот град како и оние кои нема да имаат дел со праведниците. „Блажени се оние што ги исполнуваат заповедите Негови, за да бидат достојни за дрвото на животот и да влезат во градот низ портите" (Откровение 22:14). {5С 693.1}

Третата приказна гласи дека на конференцијата во Минеаполис „сестра Вајт признала дека некои нејзини изјави на состанокот биле погрешни и дека покажала погрешен дух". И ова е без било каква основа. Јас не можев да се воздржам да нѐ ја предадам на конференцијата светлината што Бог ми ја даде. Ова го соопштував како во пораки, предупредувања и укори, така и во зборови на надеж и вера. Но јас не повлеков ниту еден збор изговорен на состанокот, ниту сум признала дека сум погрешила. Сѐ уште го набљудувам тоа прашање во истата светлина како во Минеаполис и имам исто

мислење за него. По состанокот уште појасно ги видов опасностите кои толку многу ме притискаа. Доколку подобро се запознавам со состојбата која владее во нашите цркви, дотолку сè повеќе увидувам дека беше неопходна она предупредување што го дадов во Минеаполис. {5C 693.2}

Тие приказни за Минеаполис имаа за цел да ја уништат довербата во сите укори и предупредувања кои ги дадов на народот. Ќе наведам еден пример: {5C 693.3}

Една сестра која работи во една од нашите мисии беше укорена заради влијанието што го врши на младината со која се дружи. Таа поттикнуваше дух на лекомисленост, несериозност и распуштеност, коишто постојано го жалостеа Божјиот Дух и ги деморализираше работниците. Кога дојде едно писмо од Минеаполис во врска со грешните постапки на сестра Вајт во кои се бараше признавање на истите, една роднина на сестра Т. веднаш изјави: „Ако сестра Вајт грешела во поглед на прашањата изнесени на конференцијата во Минеаполис и ако мора да се покае за тоа, тогаш веројатно погрешила и во пораката што ја испратила на мојата сестра, затоа според тоа и тоа треба да го повлече". И така е поддржуван виновникот во неговата вина. Меѓутоа, сестра, Т, потоа ги призна своите грешки заради кои беше укорена. Оние кои ги измислиле и ширеле овие приказни со тоа ги храбреа престапниците да ги отфрлат укорите и со тоа ги доведуваа душите во опасност. Сите кои земале учество во тоа нека внимаваат, за на големиот ден на Страшниот Суд на нив да не се најде крвта на душите. {5C 694.1}

Споменатите случаи покажуваат колку малку треба да се потпира на ваквите гласови во поглед на мојата работа и учења. Во својата работа на Господовото дело, никогаш не сум се бранела самата себе ниту сум се спротивставувала на вестите на луѓето кои за мене ги пренесуваа. Кога би го правела тоа, би губела време на штета на делото кое Бог ми го одреди. Ја ова го препуштив на Оној Кој се грижи за Своите слуги и Своето дело. {5C 694.2}

Но би сакала да им кажам на своите браќа да се чуваат и да не веруваат на ваквите вести. Спасителот им кажал на Своите ученици: „Внимавајте како слушате". Тој тоа сигурно им го зборува и на сите оние слушатели кои слушаат, но не сакаат да разберат, за да се обратат и бидат исцелени. На друго место, Тој кажува: „Внимавајте што слушате". „Секој кој е од Бога, Божји зборови слуша". {5C 694.3}

Оние кои ги слушале Христовите зборови го пренеле Неговото учење според духот којшто бил во нив. Така е со сите кои ја слушаат Божјата Реч. Начинот на кој ќе ја сфатат и примат зависи од духот кој е во нивното срце. {5C 694.4}

Мнозина го толкуваат на свој начин она што ќе го чујат, така што мислите изгледаат сосема поинаку од она што говорникот сакал да го изрази. Некои, измамени со своите предрасуди и занесеност, ги сфаќаат работите онака како што тие би сакале да биде - како што најдобро одговара на нивните цели - и така понатаму ги пренесуваат. Водени од побудите на непосветеното срце, тие го претвараат во зло она што би можело да доведе до големо добро кога правилно би се сфатило. {5C 695.1}

Потоа, изразот којшто потполно е точен и правилен сам по себе може потполно да се изопачи кога ќе помине низ пренесување на неколку љубопитни, невнимателни, злонамерни духови. И добронамерните луѓе често се невнимателни и прават тешки грешки, а за другите е уште помалку веројатно дека ќе пренесат поточно. Оној кој и самиот потполно не разбрал што сакал говорникот да каже ги пренесува изјавите или напомените во сопствена светлина. Тој влијае на оној на кого му пренесува според своите предрасуди и идеи. Оној кој го слуша, го пренесува тоа понатаму на трет, кој од своја страна додава уште нешто и понатаму пренесува. И пред било кој од нив да биде

свесен што работи, сите добро и послужиле на сатанската цел да посеат сомнеж, пакост и недоверба во духовите на мнозина. {5C 695.2}

Оние кои ја слушаат Божјата порака на укори, предупредувања или охрабувања додека срцата им се преполни со предрасуди нема да го сфатат вистинското значење на она што им е испратено да им биде животен мирис за живот. Сатаната е близу до нив и сè им прикажува во погрешна светлина. Но онаа душа која е жедна и гладна за божествено знаење ќе слушне правилно и ќе прими драгоцени благослови кои Бог сака да ѝ ги даде. Нејзините мисли ќе бидат под дејство на Светиот Дух и ќе чујат правилно. Срцата кои се очистени од себичноста и самољубието, ќе ја примат веста која Бог им ја испраќа. Нивната моќ на забележување и разбирање ќе биде изострена и облагородена. Сличните ги ценат сличните. „Кој е од Бога, тој ги слуша Божјите зборови" (Јован 8:37). {5C 695.3}

Сега би сакала да им кажам на сите оние кои копнеат за вистината: Немојте да им верувате на несигурните извештаи за тоа што направила, кажала или напишала сестра Вајт. Ако сакате да дознаете што открил Господ преку неа, читајте ги нејзините книги. Немојте желно да ги примате и пренесувате гласовите за тоа што кажала таа за некое интересно прашање, ако таа за тоа ништо не напишала. {5C 696.1}

---

83. ИМИТИРАЊЕ НА ЕДНО ЧУДО

Некои наидоа на тешкотии во усогласувањето на цитатот од „Сведоштва за Црквата" книга 1, стр. 292, со цитатот од „Големата Борба" страна 184. Овие цитати се однесуваат на напорите на маѓепсниците да го имитираат чудото кое Арон го извршил претворајќи го стапот во змија. Во Сведоштвото стои напишано: „Маѓепсниците не можеле да ги вршат сите чуда кои Бог ги извршил преку Мојсеј. Тие можеле да направат само некои од нив. Стаповите на маѓепсниците се претвориле во змии, но Ароновиот стап ги проголтал". Оваа последна реченица за која се расправа, е иста како и онаа во Библијата: „И секој од нив го фрли својот стап и тие станаа змии; меѓутоа, стапот Аронов ги проголта нивните стапови" (Излез 7:12). Цитатот во „Големата борба" е: „Маѓепсниците со своето вражење привидно направиле неколку нешта исти како оние кои Бог ги направил преку Мојсеј. Нивните стапови не станале вистински змии, туку со маѓии - со помош на големиот измамник - направиле стаповите да личат на змии, за да го имитираат Божјото дело". Овој цитат не се коси со претходниот, туку само го објаснува. {5C 696.2}

Во Сведоштвото не го дообјаснив тоа што сакав да го кажам. На страна 293. има една реченица која ја објаснува оваа смисла: „Маѓепсниците не го направиле тоа со сопствените вештини, туку со силата на нивниот бог - ѓаволот - кој смислено го извел своето дело на измама, имитирајќи го Божјото дело". Мојсеј со сила од Бога го претворил стапот во жива змија. Сатаната преку своите волшебници го имитирал ова чудо. Тој не можел да создаде жива змија, бидејќи нема сила да создава или да дава живот. Таа сила ја има само Бог. Но сатаната направил сè што било во негова моќ и го имитирал чудото. Со својата сила, преку своите волшебници, тој направил стаповите да добијат изглед на змии. {5C 697.1}

Цитатот дека стаповите на маѓепсниците станале змии значи дека тие само изгледале такви; за змии ги сметале фараонот и неговите дворјани. Тие однадвор немале никаква разлика од змијата која ја направиле Мојсеј и Арон; но нивната змија била вистинска, а другите биле само привидни. И затоа Господ направил вистинската змија да ги проголта лажните. {5C 697.2}

Фараонот сакал да ја оправда својата упорност во спротивставувањето на божествената наредба: тој барал некој изговор за да може да го омаловажи чудото кое Бог го направил преку Мојсеј. Сатаната му дал тоа што сакал. Со делото на маѓепсниците тој ги навел Египтјаните да поверуваат дека Мојсеј и Арон се само маѓепсници и гатачи и дека заради тоа веста која ја донеле не може да се смета за вест која доаѓа од повисоко Создавање. {5C 697.3}

Фараонот дури ниту фактот дека лажните змии биле проголтани не го сметал за нарочно дела на Божјата сила, туку мислел дека тоа е направено со некој вид маѓија која е помоќна од маѓиите на неговите слуги. Така тоа имитирање го охрабрило во неговата побуна, без да може да ја види својата вина. {5C 697.4}

Служејќи се со змијата како со посредник, сатаната ја покажал натприродната моќ со која го предизвикал падот на Адам и на Ева. При завршетокот на светот тој ќе прави уште поголеми чуда. Во границите на неговата моќ, тој ќе прави вистински чуда. Светото Писмо вели: „И ги мамеше жителите земни со чудата што му беа дадени да ги врши" (Откровение 13:14), не само оние за кои тој се претвора дека ги прави. Со овие зборови Светото Писмо укажува на нешто повисоко од проста измама. Меѓутоа, има граница после која сатаната не може да направи ништо. И тогаш тој се користи со измама и ги фалсификува делата за кои нема моќ да ги прави. Во последните денови тој ќе се појави на таков начин што луѓето ќе поверуваат дека е Христос кој по втор пат доаѓа на земјата. Тој ќе се претвори во ангел на светлината. Меѓутоа, тој само надворешно ќе биде сличен на Христа во сите детали, но нема да измами никој освен оние кои како фараонот се трудат да се спротивстават на вистината. {5C 698.1}

---

84. ТАЈНИТЕ НА БИБЛИЈАТА - ДОКАЗ ЗА НЕЈЗИНАТА ВДАХНОВЕНОСТ

„Можеш ли во длабочините Божји да проникнеш? Можеш ли да го достигнеш совршенството на Седржителот? Тој е повисок од небесата, - што можеш да направиш? Подлабок е од пеколот, - што можеш да дознаеш?" (Јов 11:7,8). „Моите мисли не се ваши мисли, ниту вашите патишта се Мои патишта, вели Господ. Но, како што небото е повисоко од земјата, така и Моите патишта се повисоки од вашите патишта, и мислите Мои повисоки од вашите мисли" (Исаија 55:8,9). „Зашто Јас сум Бог и нема друг Бог и нема подобен на Мене. Јас го навестувам на почетокот она што ќе биде на крајот, од старо време она што уште не станало" (Исаија 46:9,10). Ограниченият човечки ум не може во целост да ги сфати карактерот и делата на бескрајниот Бог. И за најпроникливиот, најсилниот и најобразованиот ум, тоа свето Создавање засекогаш ќе остане завиткано со таинственост. {5C 698.2}

Апостол Павле извикнал: „О, длабочино на богатство, мудрост и знаење Божјо! Колку се несфатливи Неговите судови и неистражливи Неговите патишта!" (Римјаните 11:33). Но иако „облак и мрак е околу Него; праведност и правда се основа на Неговиот

престол” (Псалм 97:2). Врз основа на Неговото постапување со нас, ние можеме да ги сфатиме побудите кои Го поттикнуваат на тоа и да согледаме дека безграничната љубов и милост се соединети со бескрајната сила. Ние можеме да ги сфатиме Неговите цели колку што е добро за нас да знаеме; но за сè што е над тоа мораме мирно да се довериме на силата на Семоќниот, на љубовта и милоста на Таткото на сите нас и Владетелот на сите. {5C 699.1}

Божјата реч, како и карактерот на неговиот божествен Автор, содржи тајни кои ограничените суштества никогаш нема да ги сфатат целосно. Таа реч ги насочува нашите мисли на Создателот кој престојува во светлина на која не може да ѝ се пристапи. Таа реч ни ги изложува Неговите намери кои ги опфаќаат сите векови на човечката историја и кои ќе се остварат само во бескрајниот период на вечноста. Таа го сконцентрира нашето внимание на прашања со бескрајна длабочина и бескрајно значење кои се однесуваат на Божјото владеење и на судбината на човекот. {5C 699.2}

Појавата на гревот во светот, Христовото отелотворување, новото раѓање, воскресението и многу други прашања изложени во Библијата се премногу длабоки тајни за човечкиот ум да може да ги објасни или пак да ги сфати потполно. Меѓутоа, Бог во Светото Писмо ни дал доволно докази за нивниот божествен карактер, и ние не смееме да се сомневаме во Неговата реч затоа што не ги сфаќаме сите тајни на Неговото провидение. {5C 699.3}

Деловите на Светото Писмо во кои се изложуваат тие големи прашања не смеат да се запоставаат како да немаат никаква корист за човекот. Сè што Бог сметал дека е потребно да го открие мораме да го прифатиме потпирајќи се на Неговата реч. Иако се изнесени само голи факти, без никакви објаснувања зошто или како се случило тоа; и иако ние не можеме да ги сфатиме потполно, треба да се задоволиме со тоа дека тоа е вистина, бидејќи тоа го кажал Бог. Сета тешкотија е заради слабоста и ограниченоста на човечкиот ум. {5C 699.4}

Апостол Петар во Светото Писмо кажува: „има некои работи тешки за разбирање, што неучените и неутврдените ги изопачуваат... за своја погибел” (2. Петрово 3:16). Скептиците ги земаат овие тешкотии како доказ против Библијата. Меѓутоа, наспроти тоа, тие претставуваат силен доказ за нејзината божествена вдахновеност. Кога Библијата не би содржела опис за Бога освен оној што ние можеме да го разбереме, кога Неговата возвишеност и величественост би можеле да ги сфатат ограничените умови, тогаш Библијата не би носела потврда за божествениот авторитет. Токму големината и таинственоста на изложените прашања треба да ја засилат нашата вера во неа како во слово од Бога. {5C 700.1}

Во Библијата се изложува вистина со едноставност и со совршено прилагодување на потребите и копнежите на човечките срца, што ги изненадува и маѓепсува и најобразованите умови, додека истовремено им овозможува на скромните и необразованите да го запознаат патот на спасението. А сепак овие едноставно искажани вистини опфаќаат предмети кои се толку возвишени, далекусежни и бескрајно над моќта на човечкото сфаќање, што можеме да ги прифатиме само затоа што Бог ги објавил. Тука планот на спасението е изложен на таков начин што секоја душа може да ги види чекорите кои треба да ги преземе во покајанието пред Бога и во верата на нашиот Господ Исус Христос, за да биде спасена на начинот што Бог го одредил. Меѓутоа, под тие вистини, кои многу лесно се сфаќаат, лежат тајни кои ја сокриваат Неговата слава - тајни кои го совладуваат умот на оној што се обидува да ги објасни, додека искрениот истражувач на вистината го вдахновуваат со стравопочит и вера.

Колку повеќе ја истражува Библијата, толку подлабоко е неговото убедување дека таа е реч на живиот Бог, и човечкиот ум се поклонува пред величествените божествени откритија. {5C 700.2}

Оние кои се подготвени на тој начин да го прифатат живото сведоштво за Божјиот авторитет се благословени со најјасна светлина. Ако од нив се бара да објаснат некои цитати, тие само ќе одговорат: „Така пишува во Светото Писмо". Тие се принудени да признаат дека не можат да го објаснат дејствувањето на божествената сила ниту покажувањето на божествената мудрост. Изгледа дека Бог така ги поставил некои нешта што треба да ги прифатиме само со вера. Да се сфати тоа, значи да се признае дека ограниченият ум не е во состојба да го сфати бесконечното, дека човекот со своето ограничено, човечко знаење не може да продре во намерите на Семожниот. {5C 700.3}

Скептиците и неверниците ја отфрлаат Божјата реч затоа што не можат да продрат во сите негови тајни. Од ова не се поштедени и оние што тврдат дека веруваат во Библијата. Апостолот кажува: „Браќа, гледајте да не би во некого од вас, да има зло и неверно срце, та да отстапи од живиот Бог" (Евреите 3:12). Тие што научиле да критикуваат, да се сомневаат и без причини да даваат примедби затоа што не се во состојба да продрат во Божјите намери „ќе паднат во слична непослушност" (Исто 4:11). Добро е ревно да се студираат библиските учења и да се продира во „Божјите длабочини", но само во тоа што е откриено во Светото Писмо. Бидејќи „она што е тајно, му припаѓа на Господа, нашиот Бог, а она што е јавно - нам и на синовите наши довека" (Второзаконие 29:29). Но сатаната се труди да ја изопачи моќта на распознавање на човечкиот ум. При проучување на библиските вистини често се појавува гордост, така што луѓето се чувствуваат поразени и стануваат нетрпеливи ако не можат да ги објаснат сите делови на Светото Писмо за свое задоволство. Да признаат дека не ги сфаќаат вдахновените зборови за нив претставува преголемо понижување. Тие не сакаат трпеливо да чекаат додека Бог не види дека се достојни да им ја открие вистината. Сметаат дека нивната човечка мудрост може и без помош да го сфати Светото Писмо, и бидејќи не успеваат во тоа, подготвени се да го порекнат неговиот авторитет. Точно е дека многу теории и учења за кои светот мисли дека се учења на Библијата немаат никаква основа во Светото Писмо, дека всушност се спротивни на гласот на вдахновението. Тоа предизвика сомнежи и збрканост во духовите на мнозина. Меѓутоа, за ова не е виновна Божјата Реч, туку човечкото изопачување на истото. Овие тешкотии во Библијата не фрлаат никаква сенка на Божјата мудрост; тие нема да бидат причина за ничија пропаст освен за оние кои би пропаднале и без да постојат тие. И кога во Библијата не би имало тајни кои на таквите би им давале повод за сомневања, тие заради недостатокот на духовно расудување сепак би нашле причина за сопнување и во најјасната Божјата реч. {5C 701.1}

Луѓето кои вообразуваат дека се надарени со толку високи умни способности што можат да ги објаснат сите Божји патишта и дела, со тоа копнеат да ја издигнат човечката мудрост, да ја изеднечат со божествената и човекот да го слават како Бог. Тие само ги повторуваат зборовите кои сатаната ѝ ги рекол на Ева во рајот: „Па ќе станете како богови" (Создавање 3:5). Сатаната паднал затоа што сакал да се изедначи со Бог. Сакал да проникне во божествените совети и намери, од што бил исклучен заради сопствената неспособност, бидејќи создаденото суштество не може да ја сфати мудроста на Бесконечниот. Славољубието и гордоста го турнале во бунт и тој настојува со исти средства и човекот да го одведе во пропаст. {5C 702.1}

Има тајни во планот на спасението - понижувањето на Божјиот Син Кој на себе земал човечко обличје, Божјата чудесна љубов и милост во жртвувањето на својот Син - кои и за небесните ангели се предмет на постојано воодушевување. Апостол Петар зборувајќи за откровенијата кои им биле дадени на пророците однапред да сведочат „за Христовите страдања и славата која иде по нив", кажува дека тоа се работи „во кои копнеат да уирнат ангелите" (1. Петрово 1:11, 12). Овие прашања ќе ги проучуваат откупените низ целата вечност. Додека го набљудуваат Божјото дело во создавањето и откупувањето, на нивниот воодушевен и восхитен дух постојано ќе му се откриваат нови вистини, и колку повеќе ја проучуваат Божјата мудрост, љубов и сила, толку нивното сфаќање ќе станува сè поопсежно, а нивната радост сè поголема. {5C 702.2}

Кога создадените суштества би можеле целосно да го сфатат Бога и Неговите дела, тогаш повеќе не би им било потребно истражување на вистината, растење во познанието и развивање на умот и срцето. Бог повеќе не би бил највозвишен, а луѓето, достигнувајќи ја границата на знаењето и совршенството, не би напредувале повеќе. Треба да му се заблагодариме на Бога што не е така. Бог е бесконечен; во Него се „сите богатства и знаења". Луѓето можат цела вечност да истражуваат и проучуваат, но сепак нема да ги исцрпат сите богатства на Неговата мудрост, добрина и сила. {5C 703.1}

Бог има намера уште во овој живот вистината постојано да му се открива на Неговиот народ. Ова знаење може да се добие само на еден начин. Ние можеме да ја сфатиме Божјата реч само со просветлување од Неговиот Дух преку кого е и дадено. „Па така и Божјото не го знае никој, освен Божјиот Дух"; „зашто Духот продира во сè, па дури и во длабочините Божји" (1. Коринтјаните 2:11, 10). Спасителот им ветил на Своите следбеници: „А, кога ќе дојде Тој, Духот на вистината, ќе ве упати во сета вистина... од Моето ќе земе и ќе ви јави" (Јован 16:13,15). {5C 703.2}

Бог бара од човекот со вежбање да ја засилува својата моќ на знаење, а Библијата го засилува и воздигнува духот повеќе од било која друга книга што се проучува. За човечкиот дух тоа е најдоброто умно и духовно работење. Меѓутоа, мораме да внимаваме да не го обожуваме разумот кој често е подложен на човечките слабости и колебања. Ако сакаме Светото Писмо да не ни е толку нејасно што нема да можеме да ги сфатиме и наједноставните вистини, тогаш мора да имаме едноставност и вера како мало дете, да сакаме да учиме и сесрдно да се молиме на Светиот Дух за помош. Чувствувањето на Божјата сила и мудрост, а и нашата немоќ да го сфатиме Неговото величие треба да нè направи понизни. Отворајќи го Светото Писмо, треба да чувствуваме свето стравопочитување, исто како да се наоѓаме во Негово присуство. Приоѓајќи ѝ на Библијата, разумот мора да признае дека постои авторитет кој е поголем од него и срцето и умот мора да се поклонат пред големиот ЈАС СУМ. {5C 703.3}

Ние ќе напредуваме во вистинското духовно сознание единствено ако ја сфатиме својата немоќ и својата целосна зависност од Бога. Сите што ѝ пристапуваат на Библијата со цел да се поучат од неа и кои со молитва во срцето ги проучуваат зборовите кои се сместени во неа, ќе примат божествено просветлување. Има многу нешта кои навидум се тешки или неразбирливи, но Бог ќе ги направи јасни и разбирливи на оние кои на тој начин се трудат да ги сфатат. {5C 704.1}

Често се случува луѓе со интелектуални способности, усовршени со образование и културни, да не бидат способни да разберат некои делови од Светото Писмо, додека необразованите и неуките чијашто моќ на разбирање се чини слаба сепак ја сфаќаат нивната смисла и наоѓаат сила и утеха во тоа што образованите го прогласиле за неразбирливо и безначајно. Зошто? - Ми беше објаснето дека вторите не се потпираат

на својот разум. Тие се обраќаат кон Изворот на светлината, кон Оној што го вдахнал Светото Писмо. Со понизно срце бараат мудрост од Бога и Тој им ја дава. Оние кои бараат сесрдно наоѓаат рудници на вистина. Христос ја прикажал вистината како богатство скриено во полето. Тоа не лежи на површината; мораме да копаме за да дојдеме до него. Но нашиот успех во барањето не зависи многу од нашите умни способности, туку од понизноста на нашето срце и од верата која ќе ја добиеме со божествена помош. {5C 704.2}

Ако не нè води Светиот Дух, постојано сме во опасност погрешно да го протолкуваме Светото Писмо. Мнозина го читаат Светото Писмо, но немаат никаква корист од тоа, а само штета. Ако Божјата реч ја отвораме без стравопочитување, ако мислите и љубовта не се насочени кон Бога и не се во согласност со Неговата волја, умот ќе им подлегне на сомневањата и таквото читање на Библијата уште повеќе ќе го засили сќептицизмот. На тој начин непријателот стекнува власт над мислите и го наведува разумот на неисправно толкување. {5C 704.3}

Секогаш кога луѓето не се трудат нивните зборови и дела да бидат во хармонија со Бога, тие се наклонети погрешно да го толкуваат Светото Писмо, без оглед колку се учени. Затоа е опасно да се потпираме на нивните објаснувања. Ако искрено се трудиме да ја вршиме Божјата волја, Светиот Дух законите на Неговата реч ќе ги направи начела на нашиот живот и ќе ги запише на плочите на срцето. Само оние кои одат во светлината што веќе е дадена можат да се надеваат дека ќе примат поголемо духовно просветлување. Ова јасно се согледув во Христовите зборови: „Ако некој сака да ја врши волјата Негова, ќе разбере дали ова учење е од Бога” (Јован 7:17). {5C 705.1}

Тие што ја читаат Библијата за во неа да пронајдат несогласувања немаат духовно познавање. Нивниот поглед е изопачен и затоа наоѓаат причини за сомневање и неверство во работите кои се потполно јасни и разбирливи. Додека оние што со стравопочитување ѝ пристапуваат на Библијата и се трудат да ја дознаат Неговата волја за да ја вршат, ја гледаат во сосема друга светлина. Тие ќе се исполнат со стравопочитување и восхитување набљудувајќи ја чистотата и возвишеното совршенство на откриените вистини. Сличностите се привлекуваат меѓусебно. Се почитуваат. Светоста се спојува со светост, верата со вера. Библијата е полна со светлина и мудрост за понизното срце и искрениот ум кој е желен за знаење. Тие што со таков дух ѝ приоѓаат на Библијата ќе бидат во друштвото на пророците и апостолите. Нивниот дух станува сличен на духот на Христа и тие копнеат да станат едно со Него. {5C 705.2}

Мнозина сметаат дека мораат да ги објаснат сите привидни тешкотии во Библијата, за да се спротивстават на нападите на неверниците и сомневачите. Меѓутоа, обидувајќи се да го објаснат она што не можат да го сфатат целосно, тие се изложуваат на опасност да ги збунат другите дури и за оние прашања кои се целосно јасни и кои се лесни за сфаќање. Тоа не е нашата задача. Не треба да тагуваме што постојат тие тешкотии, туку мораме да ги примиме како одобрени од божествената мудрост. Должни сме да ја прифатиме Неговата реч, која е јасна во сите прашања важни за спасението на душата, и да ги применуваме нејзините начела во практичниот живот, учејќи ги другите со зборови и со пример. Така светот ќе види дека сме поврзани со Бога и ќе стекне доверба во Неговата реч. Со побожен живот кој секојдневно е пример за исправност, благост и несебична љубов, ние ќе бидеме живо толкување на Божјата реч и еден доказ во корист на Библијата на кој малкумина ќе можат да се спротивстават. Тоа ќе биде најсилната брана на копнежите кон сќептицизам и неверство кои денес преовладуваат. {5C 705.3}

Ние мораме со вера да гледаме на идниот живот, држејќи се за Божјото ветување за развивање на интелектуалните способности ако ги соединиме човечката и божествената сила и ако во непосредна врска ги поврземе сите сили на својата душа со Изворот на светлината. Треба да се радуваме што тогаш ќе ни стане јасно сè што ни беше неразбирливо во Божјото провидение, што ќе се најде објаснување за нештата кои не сме биле во состојба да ги сфатиме. Таму каде што нашите ограничени умови гледале само нејасност и спречени намери тогаш ќе гледаат најсовршена и најубава хармонија. Апостол Павле кажува: „Сега гледаме како низ огледало, нејасно, а тогаш - лице в лице; сега спознавам делумно, тогаш ќе спознаам како што сум познат" (1. Коринтјаните 13:12). {5C 706.1}

Петар ги советува своите браќа: „Туку да напредувате во благодатта и во познанието на нашиот Господ и Спасител Исус Христос" (2. Петрово 3:18). Ако Божјиот народ напредува во благодатта, тој сè подобро и појасно ќе ја сфаќа Неговата реч. Секогаш ќе пронаоѓа нова светлина и убавина во неговите свети вистини. Ова се покажа како вистинито во историјата на црквата во сите времиња и така ќе биде и до крајот. Меѓутоа, секогаш кога ослабувал духовниот живот, се појавувал копнеж повеќе да не се напредува во познавањето на вистината. Луѓето се задоволуваат со светлината што веќе ја примиле од Божјата реч и ги одвратуваат другите од понатамошно истражување на Светото Писмо. Стануваат конзервативни и избегнуваат секаква расправа. {5C 706.2}

Фактот дека во Божјиот народ нема спротивставеност ниту расправања не треба да се смета како доказ дека сите цврсто се држат за правото учење. Тоа е причина за стравување дека тие не ја разликуваат јасно вистината од заблудата. Ако не се појавуваат никакви нови прашања поттикнати со проучување на Светото Писмо, ако нема никакви разидувања во мислењата, кои ќе ги натераат луѓето сами за себе да ја проучуваат Библијата за да се уверат дека ја имаат вистината, тогаш како што било и во старите времиња, мнозина ќе се држат до традицијата и ќе обожаваат нешто што ниту самите не го познаваат. {5C 707.1}

Ми беше покажано дека мнозина што тврдат дека ја познаваат сегашната вистина не знаат во што веруваат. Тие не можат да дадат докази за својата вера. Немаат правилно сфаќање за делото за сегашното време. Кога ќе дојде времето на неволи, луѓето што денес им проповедаат на другите, откако ќе ги испитаат своите ставови, ќе видат дека има многу нешта за кои не можат да дадат причина. Додека не се искушаат на тој начин, тие нема да знаат колкаво е нивното незнаење. Во црквата има многу такви кои мислат дека го разбираат она во што веруваат, а всушност не знаат колку се слаби додека не се појават разединувања. Кога ќе бидат разделени од своите браќа во верата и ќе бидат принудени сами да ја објаснуваат својата вера, ќе се изненадат кога ќе видат колку се замрсени нивните поими и идеи за тоа што го прифатиле како вистина. Сигурен е фактот дека меѓу нас дошло до одвојување од живиот Бог и до обраќање кон луѓе, затоа што на местото на божествената мудрост е поставена човечката. {5C 707.2}

Бог сака да го пробуди Својот народ; и ако тоа не успее со други средства, меѓу нив ќе се појават ереси кои ќе ги изрешетат и ќе го одвојат каколот од пченицата. Господ ги повикува сите што веруваат во Неговата реч да се разбудат од сонот. Дојде драгоцена светлина која е соодветна за ова време. Тоа е библиската вистина која укажува на опасностите кои се токму пред нас. Таа светлина треба да нè наведе трудољубиво да го проучуваме Светото Писмо и со најголема критичност да ги испитаме ставовите што сме ги заземале. Бог сака да се истражуваат сесрдно и истрајно сите темели и поставки на вистината. Верниците не смеат и понатаму да останат во двоумење во поглед на тоа што

ја сочинува вистината. Нивната вера мора цврсто да се заснова на Божјата реч, така што, кога ќе дојде времето на проба и кога пред судовите ќе мораат да одговараат за својата вера, да бидат подготвени за одговор на секој кој ќе ги запраша за нивната надеж, но тоа да го направат во кротост и со почитување. {5C 707.3}

Агитирајте, агитирајте, агитирајте. Веста која му ја донесуваме на светот мора да ни биде жива реалност. Мошне е важно во одбрана на учењето кое го сметаме за темел на својата вера никогаш да не користиме докази кои не се потполно јасни и доследни. Со нив можеби ќе можеме да ги замолкнеме противниците, но нема да ѝ укажеме чест на вистината. Ние треба да дадеме јасни докази кои не треба само да ги замолкнат противниците, туку и да го издржат најисцрпното и најстрогото испитување. Тие што се подготвуваат за расправање се во голема опасност да не ја користат Библијата совесно. Кога ќе наидеме на некој противник, треба да вложиме најсердни напори изложувајќи го својот став на тој начин што ќе пробудиме увереност кај него, а не само да ни поверува затоа што и ние веруваме. {5C 708.1}

Колку и е да развиен духовно човекот, тој ниту за миг не смее да помисли дека нема потреба ревно и постојано да го чита Светото Писмо и да не бара нова светлина во него. Како народ ние секој поединечно сме повикани да ги проучуваме пророштвата. Мораме усрдно да бдееме, за да го забележиме секој зрак светлина што Бог ни го праќа. Мораме да ги фатиме првите зраци на вистината за по пат на проучување и молитва да бидеме во состојба да примиме појасна светлина, која ќе можеме да ја предадеме на другите. {5C 708.2}

Можеме да бидеме сигурни дека Бог нема да му помага на Својот народ ако тој се задоволи со светлината што ја има сега. Тој сака да напредуваме непрестано и примајќи сѐ поголема и поголема светлина со која Тој нѐ осветлува. Бог не е задоволен со сегашната состојба на црквата. Владее самоувереност, заради која мнозина луѓе сметаат дека немаат потреба од повеќе вистина и поголема светлина. Живееме во време кога сатаната дејствува на сите страни околу нас, а народот сепак спие. Бог сака да се зачуе гласот кој ќе го повика Неговиот народ на работа. {5C 708.3}

Наместо да ги отворат своите срца за да примат зраци на светлина кои доаѓаат од небото, некои постапуваат сосема спротивно. И со литература и од проповедална се изнесувани мислења за вдахновението на Библијата кои не можат да се поткрепат со Божјата реч. Сигурно е дека ниеден човек или група не луѓе не смеат да почнуваат да проповедаат теории за толку важен предмет ако истите не можат да ги поткрепат со јасното „така зборува Господ”. Иако луѓето, се подложни во поголема или помала мера на човечките сабости и влијанијата на околината, оптоварени со наследните и добиените копнежи кои се далеку од тоа да ги направат мудри и наклонети на небесните работи - потфатите да ја изнесуваат пред судот Божјата реч и да судат за тоа што во неа е човечко а што божествено, тие тоа го работат без Божји совет. Господ нема да даде успех на таквата работа. Последиците ќе бидат поразни, како за оној го прави тоа, така и за оние кои тоа го примат како да е од Бога. Теоријата за природата на вдахновеноста пробудиле сќептицизам во духовите на мнозина. Ограничените суштества, со своите тесногради и кратковиди погледи, сметаат дека имаат право да го критикуваат Светото Писмо, зборувајќи: „Овој дел е потребен, а овој не е потребен ниту е вдахновен”. {5C 709.1}

Христос не зборувал така за Стариот завет, еден дел од Библијата, којшто народот го имал во она време. Неговите поуки имале за цел да ги насочат мислите на народот на Стариот завет и да ги осветлат со поголема светлина големите мисли кои во него се

прикажани. Со векови израелскиот народ сè повеќе се одвојувал од Бога и ја губел од вид драгоцената вистина којашто Тој му ја доверил. Овие вистини биле заклонети со суеверие и церемонии кои го криеле нивното вистинско значење. Христос дошол да ги отстрани напластените отпадоци кои го помрачувале нивниот сјај. Тој како скапоцени камења ги ставил во нови рамки. Тој покажал дека не дошол за да го презре повторувањето на старите, познати вистини, туку да ги открие во сета нивна сила и убавина, чијашто величина никогаш порано на ја сфатиле луѓето на Неговото време. Бидејќи самиот бил Автор на тие откриени вистини, Тој можел на народот да ја открие нивната вистинска смисла, ослободувајќи ги од лажните толкувања и теории кои ги усвоите нивните водачи, за истите да ги прилагодат на својот непосветен живот, полн со духовни неостатоци и љубов кон Бога. Тој го отстранил сето она што на тие вистини им го одземало животот и животната сила и и ги дал повторно на светот во сета нивна првобитна свежина и сила. {5C 709.2}

Ако го имаме Христовиот дух и ако сме Негови соработници, наша должност е да го продолжиме делото заради кој Тој дошол. Обичаите, преданијата и лажните учења повторно ја помрачиле вистината на Библијата. Лажните учења на популарната теологија Илјадници и Илјадници луѓе ги направиле сќептици и неверници. Многу грешки и недоследности, кои се огласуваат како учења на Библијата, всушност претставуваат лажни толкувања на Светото писмо, усвоени во вековите на папскиот мрак. Мноштво на луѓе се наведени да ги усвојат погрешните поими за Бога, како што и Еврите, заведени од заблудите и традициите на своето време, имале погрешна претстава за Христа. „Бидејќи кога би го познале, не би го распнале Господ на славата". Наша должност е на светот да го откриеме вистинскиот Божји карактер. Наместо да ја критикуваме Библијата, треба да се трудиме со учење и пример да ги прикажеме на светот нејзините свети, животворни вистини, за да можеме да „ги возвестите совршенствата на Оној Кој ве повикал од темнината во Својата чудесна светлина" (1. Петрово 2:9). {5C 710.1}

Злата кои постепено се вовлекле меѓу нас незабележливо навеле поединци и цркви да го отфрлат стравопочитувањето кон Бога и да ја изгубат силата која Тој сака да им ја даде. {5C 711.1}

Браќа мои, оставете ја Божјата реч онаква каква што е. Нека човечката мудрост не се осмелува да ја намали силата на ниеден навод од Светото Писмо. Свечените предупредувања во книгата на Откровението треба да ни служат како предупредување да не стапнуваме на таа почва. Во името на Учителот, јас ве повикувам: „Собујте си ги обувките од нозете, зашто ова место, на кое стоите, е света земја" (Излез 3:5). {5C 711.2}

---

85. СУДИР КОЈ ПРЕТСТОИ

На Божјиот народ му претстои голема криза. На светот исто така му претстои криза. Најзначајната борба на сите времиња е токму пред нас. Настаните за кои пред четириесет години велевме дека претстојат врз основа на пророчките зборови сега се исполнуваат пред нашите очи. Законодавачите на (американската) нацијата веќе предложија дополнителен закон за Уставот со кој ќе се ограничи слободата на совеста. Предметот на наметнување на неделата стана предмет од национален интерес. Ние

знаеме какви ќе бидат последиците на ова движење. Но дали сме подготвени да ги дочекаме? Дали верно ги исполнувавме должностите што Бог ни ги довери, односно да укажуваме на народот на опасноста која му се заканува? {5C 711.3}

Многу луѓе, дури и од оние кои се залагаат за насилно наметнување на неделата, се слепи за последиците до кои ќе доведе нивното делување. Тие не сфаќаат дека се борат директно против верската слобода. Има мнозина кои никогаш не ги сфатиле библиските барања во поглед на саботата и лажните темели на кои е заснована институцијата на неделата. Секое движење во корист на религиозното законодавство всушност е едно отстапување пред папството, кое со векови се борело против слободата на совеста. Празнувањето на неделата настанало врз основа на христијанската установа „тајна на беззаконието"; кога ќе се наметне присилно, тоа ќе биде вистинско признавање на начелата кои се камен темелник на католицизмот. Кога нашата земја ќе се одрече од своите уставни начела до таа мера што ќе го озакони празнувањето на неделата, протестантизмот со тој чин ќе му испружи рака на папството. Тоа не значи ништо друго освен повторно животот да се подложи на тиранијата, која долго чекала шанса повторно да се појави во активниот деспотизам. {5C 711.4}

Националното реформистичко движење, кое се залага за религиозно законодавство, кога ќе се развие ќе ја покаже истата нетрпеливост и тиранија кои владееле во минатите векови. Тогаш човечките собори за себе ја присвоиле божествената власт, и со својата деспотска сила ја задушиле совеста; а оние што се спротивставиле на нивните наредби ги очекувале затвор, прогонство и смрт. Кога ќе се поврати првобитната власт и сила на папството и на неговите начела, тогаш повторно ќе се запали огнот на прогонство против оние што нема да сакаат да ја жртвуваат својата совест и вистина и да им попуштат на популарните заблуди. Ова зло се заканува да стане реалност. {5C 712.1}

Бидејќи Бог ни подари светлина во поглед на опасностите кои ни претстојат, како ќе останеме чисти пред Него, ако не се трудиме со сите сили таа светлина да ја објавиме на народот? Можеме ли да го оставиме неопоменат да се соочи со овие значајни настани? {5C 712.2}

Нем ни претстои непрестана борба. Ние по цена на загуба на слободата, имотот, па дури и животот мораме да се бориме за да го одбраниме Божјиот закон, кој е фрлен под нозете на човечките закони. Во оваа ситуација светската политика ќе нѐ советува надворешно да се покориме на земните закони заради обезбедување на мир и слога. Дури има и такви кои тоа го поткрепуваат со цитати од Светото Писмо: „Секоја душа да им се потчинува на претпоставените власти, зашто нема власт што не е дадена од Бога, и оние што ги има се одредени од Бога" (Римјаните 13:1). {5C 712.3}

Но по каков пат оделе Божјите слуги во минатото? Кога учениците го проповедале распнатиот Христос по Неговото воскресение, властите им наредиле да не спомнуваат ништо или пак да поучуваат во името на Исуса. „Но Петар и Јован им одговорија и рекоа: 'Просудете дали е справедливо пред Бога вас да ве слушаме повеќе отколку Бог; зашто ние не можеме да не зборуваме за она што сме го виделе и чуле'" (Дела 4:19,20). Тие и понатаму продолжиле да ја проповедаат радосната вест за спасението преку Христа, и Божјата сила ја посведочила веста. Болните биле излекувани и Илјадници ѝ се придружиле на црквата. „Тогаш првосвештеникот и сите што беа со него, приврзаници на садукеите, станаа и се исполнија со завист, и ги кренаа рацете свои на апостолите и ги ставија во јавниот затвор" (Дела 5:17,18). {5C 713.1}

Но небесниот Бог, моќниот Владетел на вселената, ја презел работата во Свои раце; бидејќи луѓето се бореле против Неговото дело. Тој јасно им покажал дека има власт која е повисока од човечката и која мора да се почитува. Господ во ноќно време го пратил Својот ангел кој ја отворил вратата на затворот и ги извел луѓето на кои Бог им го доверил Своето дело. Властите рекле: „воопшто да не зборуваат, ниту пак да го учат народот во името на Исус" (Дела 4:18), но небесниот гласник што го пратил Бог рекол: „Одете, застанете во храмот и кажувајте му ги на народот сите зборови за овој живот" (Дела 5:20). {5C 713.2}

Тие што копнеат да ги присилат луѓето на покорување на една папска институција и на газење на Божјиот авторитет постапуваат исто како и еврејските водачи во деновите на апостолите. Кога законите на земните власти се во судир со законите на Највисокиот Законодавец во вселената, тогаш тие што се верни поданици на Бога ќе му останат верни Нему. {5C 713.3}

Ние како Божји народ не сме го извршиле делото што Тој ни го довери. Не се подготвивме за борбата која ќе мораме да ја издржиме кога неделниот закон ќе стапи на сила. Ние сме должни кога ќе ги забележиме знаците за опасноста која се приближува да станеме на работа. Никој нека не го очекува злото рамнодушно, тешејќи се дека делото ќе напредува затоа што така е пророчено во пророштвото и дека Господ ќе го штити Својот народ. Ние не ја вршиме Божјата волја ако седиме со скрстени раце и не правиме ништо за да ја сочуваме слободата на совеста. Треба да упатуваме сесрдни молитви кон небото за да се одложи тоа додека не го извршиме делото кое толку долго беше запоставувано. Да се молиме најсесрдно и потоа да го прифатиме делото во согласност со своите молитви. Можеби ќе ни се чини дека сатаната триумфира и дека вистината е помрачена со лаги и заблуди, дека народот кој има Божја заштита е напуштен и дека е напуштена земјата која е засолниште на Божјите слуги и на бранителите на Неговата вистина прогонети заради нивната совест. Меѓутоа Бог сака да се сетиме на Неговите постапки во минатото - како го спасувал Својот народ од непријателите. Тој Својата моќ за ослободување секогаш ја покажувал во крајна потреба, кога се чинело дека повеќе нема спас од нападите на сатаната. Човечката неволја за Бога е најдобра прилика да им помогне. Можеби со ова на Божјиот народ му е дадено време да се пробуди и да стане да свети. Кога присуството на десет праведници би можело да ги спаси безбожните градови во рамнината, зар не е можно Бог, одговарајќи на молитвите на Својот народ, да ги спречи намерите на тие што сакаат да го уништат Неговиот закон? Не треба ли да ги понизиме своите срца пред Бога, молејќи се пред престолот на милоста и барајќи од Него да ја покаже Својата голема моќ? {5C 713.4}

Ако нашиот народ и понатаму остане млак како досега, тогаш Бог нема да го излие Својот Дух на него. Тој не е подготвен да соработува со Бога, ниту е свесен за ситуацијата во која се наоѓа и за опасноста која му се заканува. Народот треба да ја согледа потребата за будност и за заедничка акција повеќе од било кога порано. {5C 714.1}

Посебното дело на Третиот ангел не е сфатено во целото негово значење. Божја волја е Неговиот народ да се наоѓа на многу повисок степен од оној на кој всушност е сега. Меѓутоа, денес кога дојде време да се тргне на работа, тој мора да се подготви за тоа. Кога националните реформатори почнаа да бараат мерки за ограничување на верската слобода, нашите водечки луѓе треба денес да станат свесни за ситуацијата и решително да се спротивстават на овие обиди. Спротивно на Божјата намера е да се сокрива светлината од народот - сегашната вистина која му е потребна токму во овие

денови. Меѓу нас има проповедници кои ја проповедаат веста на Третиот ангел, но не ја разбираат потполно. Некои сметаа дека движењето за национална реформа е толку безначајно што не обрнуваа никакво внимание на него, дури и мислеа дека во тој случај е непотребно да се занимаваме со прашања кои немаат никаква врска со веста на Третиот ангел. Господ нека им опрости на нашите браќа што на тој начин ја толкуваа веста која се однесува на ова време. {5C 714.2}

Треба да се пробуди народот и да му се укаже на опасноста во денешно време. Стражарите спијат. Ние назадувавме со години. Главните стражари треба да ја сфатат неодложната потреба од претпазливост, за да не ја пропуштат приликата која им е дадена за да ја забележат опасноста. {5C 715.1}

Нашите цркви ќе претрпат големи загуби, ако водечките луѓе во нашите Области и во мисионските полиња не ја прифатат веста што Бог им ја праќа и не се наредат во редови за акција. Ако стражарот кој го гледа мечот како се приближува, труби одреден звук, народот кој е нареден во редови ќе ја слушне оваа опомена и ќе ја пренесе понатаму, така што сите ќе имаат можност да се подготват за овој судир. Меѓутоа, водачите честопати се колебаат, како со тоа да кажуваат: „Не смееме да избрзаме. Можеби тоа е само недоразбирање. Мораме да внимаваме да не дадеме погрешен знак за тревога". Со самото колебање тие веќе учествуваат во викањето: „Мир и безбедност" (1. Солунјаните 5:3). „Не се возбудувајте. Не се плашете. На оваа измена на верскиот закон ѝ се дава многу поголемо значење од тоа што го има. Целата оваа вознемиреност ќе исчезне". Со ова тие практично ја порекнуваат веста што Бог ја прати и опомените кои треба да ги пробудат црквите не ја исполнуваат својата цел. Трубата на стражарот не дава соодветен звук и народот не се подготвува за борба. Стражарите нека бидат будни постојано за да не пропаднат душите заради нивното колебање и задоцнување, бидејќи во тој случај крвта на народот ќе се бара од нивните раце. {5C 715.2}

Ние веќе многу години очекуваме во нашата земја да се озакони неделата; и сега, кога ова движење е токму пред нас, ние се прашуваме: дали нашиот народ ќе ја изврши својата должност во тој поглед? Зар ние не можеме да учествуваме во издигањето на знамето и да ги повикуваме во редовите оние што ги ценат своите верски права и слободи? Брзо ќе се наближи времето кога тие што му се покоруваат на Бога повеќе отколку на луѓето ќе ја почувствуваат врз себе раката на прогонството. Треба ли тогаш да го обесчествуваме Бога со тоа што ќе молчиме додека Неговите свети заповеди се газат под нозете? {5C 716.1}

Додека протестантскиот свет му прави отстапки на Рим ние треба да се пробудиме и да сфатиме во каква положба се наоѓаме. Мораме да ја сфатиме сета големина на борбата која ни претстои. Стражарите нека го подигнат својот глас во објавување на вистината за ова време. Да му покажеме на народот каде се наоѓаме во историјата на пророштвата, да се потрудиме да го разбудиме духот на вистинскиот протестантизам, да му ја укажеме на светот сета вредност на верската слобода која толку долго ја имавме. {5C 716.2}

Бог нè повикува да се пробудиме, бидејќи крајот е близу. Секој час што минува овде, во небесните дворови означува едно дејство за подготвување на народот од земјата за да можат да учествуваат во големите настани што ни претстојат. Тие минливи моменти кои ни изгледаат толку безначајни имаат длабоко значење за вечните интереси. Во нив се одлучува судбината на душите за вечен живот или за вечна смрт.

Зборовите кои денес му ги зборуваме на народот, делата што ги правиме, вестите што ги носиме ќе бидат животен мирис за живот или смртен мирис за смрт. {5C 716.3}

Браќа, сфаќате ли дека од вашето подготвување за неволите кои ни претстојат зависи вашето сопствено спасение како и судбината на другите души? Ја имате ли онаа силна ревност, онаа побожност која ќе ве оспособи да останете непоколебливи кога против вас ќе се подигнат противења? Ако Бог некогаш зборувал преку мене, тогаш ви кажувам дека ќе дојде време кога ќе бидете изведувани пред собори и кога поединечно ќе се напаѓа секоја точка од вистината во која веруваме. Времето кое денес мнозина го поминуваат напразно, треба да го посветат на задачата што ни ја даде Бог - да се подготвуваме за кризата што доаѓа. {5C 716.4}

Вистинскиот Божји народ денес треба да го почитува и сака Неговиот закон повеќе од било кога порано. Денес е потребно повеќе од било кога порано да се повикуваат сите верници, мажи, жени, младинци и деца да се раководат според Христовите зборови: „Истражувајте ги писмата" (Јован 5:39). Проучувајте ја вашата Библија како никогаш порано. Вие нема да бидете подготвени за доаѓањето на нашиот Господ, ако не се издигнете на еден повисок и посвет степен во верскиот живот. Затоа што ни е дадена голема светлина, Бог очекува соодветна ревност, верност и побожност од Својот народ. Во работата за Неговото дело мора да има повеќе духовност, подлабока посветеност и поголема ревност од било кога порано. Треба многу часови да посветиме на молитва за облеките на нашиот карактер да се исперат и избелат во крвта на Јагнето. {5C 717.1}

Особено треба со непоколеблива вера од Бога да бараме на Својот народ да му подари благодат и сила. Ние не веруваме дека веќе настапи времето да се ограничат верските слободи. Пророкот видел: „четири ангела како стојат на четирите агли од земјата, држејќи ги четирите земни ветрови, за да не дува ветар ни на земјата, ни по морето, ниту на некое дрво. И видов друг ангел како се подигаше од исток кој имаше печат на живиот Бог. И тој извика со висок глас кон четирите ангели, на кои им беше дадено да ѝ пакостат на земјата и морето, велејќи: 'Не пакостете ѝ на земјата, ниту на морето, ниту, пак, на дрвјата, додека не им ставиме печат врз челата на слугите на нашиот Бог!'" (Откровение 7:1-3). Тоа укажува на делото кое треба сега ние да го извршиме. Мажите и жените од молитва во целата земја сега имаат една тешка одговорност. Таа одговорност се состои во упатување молитви кон Бога за да го отстрани облакот на зло и да го продолжи времето на милост за неколку години во кои ќе можеме да работиме за нашиот Учител. Да пекаме кон Бога за ангелите да ги задржат четирите ветришта додека мисионерите не заминат во сите краеви на светот за да ја објават опомената против непокорниците на законот на Јехова. {5C 717.2}

---

86. „АМЕРИКАНСКИОТ СТРАЖАР" И НЕГОВАТА МИСИЈА

Бог се служи со разни средства за да го подготви Својот народ за големата криза која ни претстои. Тој зборува преку Божјата реч (Светото Писмо) и преку Своите проповедници. Тој подигнува стражари и ги праќа со вести на опомени, укори и поуки за да го просветли народот. По заповед на Бога „Стражарот" беше одреден глас на труба кој укажа на опасноста и го предупреди народот да ја сфати истата и да го изврши делото

што е потребно да се изврши денес. Господ сака Неговиот народ да ги слуша стражарите што Тој му ги праќа. Тој е должен не само да ја прифати светлината што му се дава, туку и да ја пренесе понатаму, залагајќи се за неа со своето влијание, за нејзината сила во сета полнота да се почувствува во црквата и во светот. „Стражарот" слично на труба даде одреден звук и секој поединец во нашиот народ треба внимателно да го прочита, а потоа да го прати понатаму на некој свој роднина или пријател, за светлината што Бог ни ја подари да се искористи на најдобар начин. {5C 718.1}

„Стражарот" три години преку своите изданија на светот му праќаше јасна опомена, но неговите предупредувања за опасноста не влијаат како што треба ниту на оние кои тврдат дека веруваат во сегашната вистина. Ако нашите браќа го искористеа „Стражарот" според предимствата што им се дадени во тој поглед, ако сите сложно го препорачуваа на секоја конференција, како што Бог бараше од нив, ако вниманието на нашиот народ се обрнуваше на ова дело кое има голема важност за денешно време, ако беше ценета светлината која Бог на тој начин ја праќаше со опомени, совети и опишување на настаните кои треба да настапат, тогаш ние како народ денес не би заостанувале толку во нашето подготовување. Во ова време на опасност постои изненадувачка рамнодушност и неактивност. Вистината, сегашната вистина, тоа е она што му недостига на народот. Кога нашите браќа во секоја црква би го сфатиле запрепастувачкото значење на денешното движење во корист на верскиот закон, кога би сфатиле дека тоа движење значи директно исполнување на пророштвото, кое ги повикува да се пробудат во оваа криза, тие не би биле толку бесчувствителни како мртви. {5C 718.2}

Божјата реч не молчи во поглед на ова значајно време и неа ќе ја разберат сите што не се спротивставуваат на Неговиот дух, и кои одлучуваат да не слушаат, да не прифаќаат и да не се покоруваат. Нам со години ни се упатувани вести на светлина од Господа, но имаше такви кои индиректно настојуваа со своето влијание да ги направат безуспешни опомените кои доаѓаат преку „Стражарот", „Сведоштвата" и другите соопштенија кои Господ им ги праќа на Својот народ. Да не беа тие негативни влијанија, „Стражарот" би постигнал многу повеќе. Дури и ако не се зборува ништо против него, самото постапување на луѓето може да ја открие рамнодушноста со која се однесуваат кон него. А сè додека стражарите со трубата не дадат одреден звук, народот ќе биде спокоен и нема да ја гледа опасноста. {5C 719.1}

Божјиот укор лежи на нас затоа што не ги извршивме нашите свети должности. Тој го скрати Својот благослов затоа што оние што тврдат дека веруваат во сведоштвата не живеат според истите. О, кога би настапило будење на верата! Божјите ангели одат од црква до црква вршејќи ја својата должност и Христос чука на вратата на нашето срце за да Го пуштиме внатре. Но не се почитуваат орудијата со кои Бог ги задолжил да ја будат црквата и да укажуваат на нејзиното духовно сиромаштво. Во укорите се слушна гласот на Вистинскиот Сведок, но луѓето не му се покорија. Тие повеќе сакаа да одат по сопствените патишта, отколку по Господа, бидејќи во нив не беше распнато нивното сопствено „јас". Затоа светлината имаше само мало влијание на мислите и срцето. {5C 719.2}

Сака ли Божјиот народ сега да се пробуди од својата сетилна нечувствителност? Сака ли да ги искористи сегашните благослови и опомени и да не дозволи било што да се испречи меѓу нивните души и светлината што Бог им ја прати? Секој работник за Бога би требало да ја сфати оваа ситуација и да го истакне „Стражарот" во нашите цркви, објаснувајќи ја неговата содржина и укажувајќи на фактите и опомените што тој ги

содржи. Господ нека им помогне на сите добро да го искористат своето време! Никој нека не биде наведен да се спротивставува на апелите на Светиот Дух. Не го попречувајте патот на оваа светлина, не дозволувајте луѓето да ја отфрлаат или да ја запоставуваат како безвредна за внимание и доверба. {5C 720.1}

Ако чекате светлината да дојде на начин да на секого му биде според неговата волја, тогаш напразно ќе чекате. Ако чекате на погласни повици или поповолни прилики, светлината ќе се повлече и ќе останете во мрак. Примајте го секој зрак на светлината што Бог го испраќа. Луѓето кои се оглушуваат на повикот на Духот и Божјата реч, заради тоа што послушноста повлекува по себе крст, ќе ги изгубат своите души. Кога ќе се отворат книгите и кога Судијата на целата земја ќе ги испитува постапките и побудите на секој човек, дури тогаш тие ќе увидат каква загуба претрпеле. Секогаш треба да имаме чувство на страв Господен и свест дека како поедици стоиме пред Господа на војските и дека ниедна мисла, ниеден збор, ниедна постапка во врска со Божјото дело не смеат да оддишуваат со себичност или рамнодушност. {5C 720.2}

---

87. РАБОТНИЦИТЕ ВО БОЖЈОТО ДЕЛО

Фактот дека во црквата во Батл Крик е соберен толку голем број на членови и сконцентрирани многу значајни интереси го прави ова место едно необично важно поле за мисионска работа. Народот од сите краеви на земјата доаѓа во санаториумот, а многу момчиња од разни држави учат во колеџот. На ова поле му се потребни најпредадени, верни работници и најдобри методи на работа, за да може постојано да се одржува силно влијание за Христа и вистината. Ако со делото се раководи сообразно со божествената намера, спасоносната сила на Христовата милост ќе се манифестира меѓу оние кои веруваат во вистината и тие ќе бидат светлина меѓу оние кои веруваат во вистината и ќе бидат светлина за другите. {5C 721.1}

Но во самиот Батл Крик жалосно се занемарени многу можности за ова срце на делото да се одржи во здрава состојба. Од овој ценатар би требало да се почувствуваат силни отчукувања на срцето во целото тело на верникот. Меѓутоа, ако срцето е болно и слабо во својата функција, сите гранки на делото ќе бидат ослабени. Затоа од најголемо значење е во тој центар да постои една здрава и јака сила, за вистината да може да навлезе во сите краеви на светот. Знаењето за ова последно предупредување треба да стигне во сите краеви и до секое семејство; затоа е потребно мудро водство, за да се изработат планови и воспитаат луѓе кои ќе работат на делото. {5C 721.2}

Доколку делото од година во година сè повеќе се проширува, дотолку е сè поголема потребата за искусни и верни работници. Ако Божјиот народ се управува според Неговиот совет, таквите работници ќе се изградат. Иако треба за мудрост и сила цврсто да се потпираме на Господа, Тој сака ние да ги развиваме своите способности до највисок степен. Кога работниците ќе добијат умна и духовна сила и кога ќе се запознаат со намерите во Божјото дело, ќе добијат пошироки погледи во делото за ова време и подобро ќе се оспособат да создаваат и да ги извршуваат плановите за унапредување на истото. Така ќе можат да го држат чекорот со откриеното Божјо провидение. {5C 721.3}

Треба да се вложуваат постојани напори за придобивање на нови работници. Талентите треба да се распознаваат и ценат. Треба да се помагаат побожни и надарени луѓе да се образуваат, за да се оспособат за ширење на светлината на вистината. Сите кои се во состојба да работат треба да се посветат на некоја гранка на делото, според своите способности. {5C 722.1}

Во продолжението на работата на светото и значајно дело за ова време не треба сите напори да ги вложуваат само неколку одбрани луѓе кои и досега ги носеле сите одговорности. Господ нема да дозволи работата на делото да застане таму каде што ќе го остават оние луѓе кои Бог ги повикал да извршат една одредена задача според способностите кои им ги одредил. Тој во Своето провидение ќе повикува и други да се обединат со првите, за заеднички да постигнат уште подобри успеси и уште повеќе да го подигнат знамето. {5C 722.2}

Меѓутоа, има и такви кои не се развиваат паралелно со делото. Наместо да се прилагодат со барањата кои постојано се зголемуваат, тие дозволуваат толку да заостанат, што самите се чувствуваат неспособни да ги сфатат и задоволат потребите на времето. Ако луѓето кои Бог ги оспособува да примат на себе должност во Неговото дело во некои незначителни работи постапеа поинаку отколку што дотогаш се работело. постарите работници треба да бидат внимателни со своите постапки да не ги попречуваат овие работници ограничувајќи го полето на работа. Можеби некои нема да бидат во состојба да го сфатат значењето на некои мерки просто заради тоа што не ги гледаат потребите на делото во сите области и не чувствуваат товар којшто Бог нарочно го положил на другите. Оние кои не се нарочно оспособени да извршуваат извесно дело не треба да застануваат на патот на другите и да ги попречуваат во извршување на Божјите намери. {5C 722.3}

Случајот на Давид е добра поука. Тој сакал да изгради Господов храм и за таа цел собрал богати резерви материјал. Но Господ му рекол дека тој тоа не може да го направи, туку истото мора да го препушти на својот син Соломон. Големото искуство на Давида го оспособило да го советува и охрабри Соломона, но младиот човек морал да го изгради храмот. Старите работници кои се уморни и исцрпени можеби нема да можат секогаш да бидат во состојба да ја сфатат големината на делото и можеби нема секогаш да бидат поготвени да го држат чекорот со откриеното Божјо провидение. Затоа не смеат да ги прифаќаат сите одговорности. Тие можеби нема да бидат во состојба во работата да ги внесуваат сите особини кои се неопходни за неговото напредување, штом делото ќе биде забавено. {5C 723.1}

Заради недостаток на мудро управување, во Батл Крик и во целата држава Мичиген делото далеку заостанало зад онаа што би требало да биде. Иако е неопходно да ја сфатиме ситуацијата и потребите на странските мисии, исто така мораме да бидеме во состојба да ја разбереме и потребата за работа пред нашите сопствени врати. Предностите кои Бог ни ги ставил на располагање, ќе нè оспособат нас, ако правилно ги искористиме, да испратиме многу поголем број на работници. Во нашите цркви е неопходна пожртвувана работа. Треба да им се прикаже посебната вест која ни укажува на она што наскоро ќе се случи, да се објаснат должностите и опасностите на нашето време, и тоа не на безживотен начин, туку „во манифестирање на Духот во сила”. Членовите на црквите мораат да примаат одговорности. Мисионерскиот дух треба да се пробуди како никогаш порано; неопходно треба да се именуваат работници кои ќе работат како вистински пастири на стадото, кои со своите лични напори ќе ја издигнат

црквата на онаа висина на која нејзиниот духовен живот и дејност ќе се видат во сите насоки. {5C 723.2}

Многу талентирани луѓе беа изгубени за делото, затоа што одговорните луѓе не ги забележаа. Тие немаа доволно широк поглед и не сфатија дека делото стана преобемно за да може и понатаму да напредува само со истите работници. Уште не е направено многу, мошне многу од тоа што можеше да се направи затоа што поедини луѓе држеа сè во свои раце, наместо работата да ја распределат на повеќе членови, надевајќи се дека Бог ќе им помогне во нивните напори. Тие се обидуваа сè да направат сами, плашејќи се дека другите нема да бидат ревни како нив. Во многу гранки на делото се почитувало само нивното расудување и ние имавме големи загуби затоа што тие не беа во состојба да ги видат сите потреби на делото во неговите разни гранки. {5C 723.3}

Ние мораме да прифатиме една поука, а таа е дека не смееме да ги оставаме на страна парите кои Бог ги одредил за остварување на некоја цел и тогаш да чекаме да се случи некое чудо за да се надомести тој недостаток. Ако земјоделецот не ја изора и посее нивата, Бог нема со чудо да ги спречи последиците од неговото неработење. Неговите ниви ќе бидат пусти во времето за жетва - на нив нема да има пченица за жнеење, ниту снопови за собирање во амбарите. Бог се погрижи за земјата и за семето, за сонцето и за дождот; и ако домаќинот ги употребеше сите средства кои му се наоѓаа при рака, тој ќе имаше жетва во сразмер со трудот што го вложи. {5C 724.1}

Постојат големи закони кои управуваат со светот на природата, а со духовните нешта исто така владеат непоколебливи начела. Ако сакаме да ги постигнеме очекуваните резултати, мораме да ги употребиме средствата за постигнување на одредената цел. Бог на секој човек му ја одредил неговата задача во согласност со неговите способности. Со изградување и воспитување луѓето треба да се подготвуваат за пресрет со секој непредвиден случај кој би можел да се појави; исто така е потребно мудро планирање за на секој да му се одреди неговиот делокруг, во кој секој ќе може да стекне искуство кое ќе го оспособи да одговори на своите должности. {5C 724.2}

Меѓутоа, иако воспитувањето, обуката и советите не искусните луѓе се неопходни, работниците не смеат да се навикнуваат во целост да се потпираат на нечие расудување. Како слободни застапници на Бога, ние треба да бараме мудрост од Него. Ако ученикот во потполност се потпира на туѓите мисли и ако само ги прифаќа другите планови, тогаш тој гледа со туѓи очи и претставува само одек на туѓи мисли. Бог со луѓето постапува како со одговорни суштества. Тој со својот Дух делува на умот што му го дал на човекот, доколку човекот му даде можност и доколку ги сфаќа Неговите постапки. Божја намера е секој човек за себе да го употребува својот ум и својата совест. Тој не одредил некој човек да стане сенка на друг човек и да ги имитира чувствата на другите. {5C 724.3}

Секој треба да ги сака своите браќа и да ги цени и почитува своите водачи, но никој не смее своите товари да ги префрлува на друг. Ние не треба да ги исцрпуваме другите опсипувајќи ги со сите наши тешкотии и незгоди. „Ако некому од вас му недостига мудрост, нека ја побара од Бога, Кој на сите им дава изобилно и без приговарање - и ќе му се даде" (Јаков 1:5). Исус нè повикува: „Дојдете кај Мене сите изморени ии обременети и Јас ќе ве успокојам; земете го Мојот јарем на себе и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете мир за душите ваши; Зашто јаремот Мој е благ и бремето Мое е лесно" (Матеј 11:28-30). {5C 725.1}

Темелот на христијанството е Христос, нашата праведност. Луѓето поединечно му се одговорни на Бога, и секој треба да постапува како што го поттикнува Бог, а не да се поведува по мислењето на другите, бидејќи инаку нема да може да се влијае на душите,

ниту со нив да управува Духот на големиот ЈАС СУМ. Душите би биле ограничени и не би имале слобода на дејствувањето или слобода на одлучувањето. {5С 725.2}

Не е Божја волја Неговиот народ во Батл Крик да остане во сегашната состојба на студенило и неактивност, чекајќи некоја моќна чудотворна сила да го пробуди животот и активноста во Црквата. Ако сме мудри и совесно, побожно и благодарно ги искористиме средствата преку кои Бог праќа светлина и благослови на својот народ, тогаш нема да има сила која би можела да ни ги одземе тие дарови. Меѓутоа, ако ги одбиеме средствата со кои Бог се служи, не можеме да очекуваме од Него да прави чуда за да ни даде светлина, сила и моќ, бидејќи тоа никогаш нема да го направи. {5С 725.3}

Господ ми покажа дека луѓето на одговорни положби непосредно го спречуваат напредокот на Неговото дело, бидејќи мислат дека благословот мора да дојде или делото мора да се оствари само на еден одреден начин, и не сакаат да го сфатат тоа што доаѓа на некој друг начин. Браќа, Господ нека ви го изложи тој предмет каков што е. Бог не работи како што замислуваат луѓето или како што сакаат тие; Тој на таинствен начин ги врши своите чуда. Зошто да го отфрламе Господовиот начин на работа ако тој не е во согласност со гледишта? Бог има свои одредени канали на светлина, но тоа не мора да биде разумот на некои однапред одредени луѓе. Ако секој го заземе местото што Бог му го одредил во Своето дело и сесрдно бара мудрост и водство од Него, тогаш ќе постигнеме голем напредок во пренесувањето на светлината на овој свет. Кога луѓето ќе престанат да го попречуваат Божјото дело, тогаш Бог ќе работи меѓу нас како никогаш порано. {5С 726.1}

При правењето опсежни планови мора грижливо да се внимава рЗботата во секоја гранка на Божјото дело да биде во хармонија со другите гранки, за сето тоа заедно да сочинува совршена целина. Меѓутоа, премногу често се постапува спротивно на ова начело, и заради тоа во делото постојат недостатоци. Човекот кој раководи со одредена гранка на делото ги зголемува своите одговорности, така што таа гранка, според негово мислење, станува поважна од останатите. Кога ќе се заземе толку тесноградо гледиште, тогаш се врши силно влијание за и другите да се наведат да имаат исти погледи. Тоа е човечка природа, но тоа не е Христов Дух. Колку повеќе се спроведува таквото гледиште, толку повеќе Христос се потиснува од Божјото дело и сопственото „јас" се поставува на прво место. {5С 726.2}

Апостол Павле поставил начело според кое мораме да се раководиме како работници во Божјото дело. Тој кажува: „Ние сме Му соработници на Бога" (1 Коринтјаните 3:9). „И сè што правите, правете го од душата, како за Господа, а не за луѓе" (Колосјаните 3:23). А Петар ги предупредува верниците: „Служете си еден на друг, секој со дарбата што ја примил, како добри управители на разнообразната Божја благодат. Ако некој говори, нека знае дека зборува Божји зборови; ако некој служи, нека служи според силата која Бог ја дава, та во сè да се прослави Бог преку Исус Христос, чија слава и владеење се вечни" (1. Петрово 4:10,11). {5С 726.3}

Кога тие начела ќе завладеат со нашето срце, ќе сфатиме дека делото е Божјо, а не наше, дека Тој подеднакво се грижи за сите делови на големата целина. Кога на прво место ќе дојдат Христос и Неговата слава, кога себичноста ќе исчезне во љубовта за душите за кои Христос умрел, тогаш ниеден работник нема да се занесе во една гранка на делото за да ја изгуби од вид важноста на сите други. Себичноста е таа која ги поттикнува луѓето на помисла дека е најважен токму оној дел на работа на кој тие работат. {5С 727.1}

Исто така, себичноста е таа која ги поттикнува луѓето да сметаат дека нивниот суд е најсигурен и нивниот начин на работа најдобар, како и дека имаат право да влијаат на совеста на другите. Таков бил духот на еврејските водачи во Христовото време. Свештениците и рабините во својата самодоверба вовеле толку строги правила и толку многу формалности и церемонии така што со тоа ги одвратиле мислите на народот од Бога, не оставајќи Му никаква можност да работи за нив. Така се загубени од вид Неговата милост и љубов. Браќа мои, не одете по овој пат. Мислите на народот треба да бидат насочени на Бога. Оставете Му можност да работи за оние кои Го љубат. Немојте да му наметнувате на народот такви правила и прописи кои, ако им се покорува, ќе ги направат толку оскудни со Божји Дух како што брегoвите на Гелвуј биле оскудни со роса и дожд. {5C 727.2}

Јас овде го оплакувам недостатокот на духовност во нашиот народ. Големо дело мора да се изврши за него, за да стане она што Христос сака тој да биде - светлина на светот. Јас со години чувствувам голема болка за душите, бидејќи Господ ми укажуваше колку во нашите цркви недостасува љубов спрема Исуса. Постои дух на вообразеност и наклонетост кон борба за власт и положба. Видов како меѓу адвентистите на седмиот ден се одомаќинува самофалењето и исто така ми беше покажано дека - доколку човечката гордост не се понизи и не се издигне Христос, - како народ нема да бидеме во подобра состојба да го дочекаме Христа при неговото второ доаѓање отколку што биле Евреите при Неговото прво доаѓање. {5C 727.3}

Евреите го очекувале Месијата; но Тој не дошол онака како што тие го претскажувале. Кога би Го примиле како Ветениот, нивните учители би морале да признаат дека погрешиле. Овие водачи се одвоиле од Бога и сатаната влијаел на нивниот дух и преку нив го наведувал народот да го отфрли Спасителот. Тие со задоволство ги затворале своите очи пред сите докази на Неговото месијанство отколку да се одречат од својата гордост. И не само што самите ја отфрлиле веста на спасението, туку и срцата на народот ги направиле нечувствителни спрема Христа. Неговата историја треба да ни служи како сериозно предупредување. Никогаш не треба да очекуваме дека сатаната ќе биде рамнодушен кога Господ ќе има светлина за Својот народ и дека нема да се труди спречувајќи го да не ја прими. Тој ќе настојува да влијае на мислите поттикнувајќи недоверба, завист и неверување. Да се чуваме да не ја отфрламе светлината која Бог ни ја испраќа само затоа што ни доаѓа на начин кој не ни е пријатен. Да не дозволуваме да го изгубиме Божјиот благослов затоа што не го препознаваме времето на својата посета. Ако некој не ја види светлината и не сака да ја прими, не треба да го препорачува патот на другите. Нека за овој народ кој ужива толку голема милост не се каже како за Евреите кога им е донесена радосната вест за Божјото царство: „сами не влеговте, а и на оние што сакаат да влезат им попречивте” (Лука 11:52). {5C 728.1}

Ние сме поучени од Божјата реч дека во ова време треба да се очекува светлина од небото повеќе од било кога. Сега треба да очекуваме поткрепа со присуството Господово. Треба внимателно да внимаваме на движењето на Божјото провидение како што Израилската војска внимавала „Кога ќе чуеш шум како кога минува некој по врвовите на црниците” (2. Самоилова 5:24) што било знак дека небото ќе работи за нив. {5C 728.2}

Бог не може да го прослави Своето име преку Својот народ додека тој се надева на „човек и кој телото го смета за своја крепост” (Еремија 17:5). Неговата сегашна слаба состојба ќе трае сè дотогаш додека не почне да го возвишува само Христа и додека, како

Јован Крстител, не рече во понизност на своето срце: „Тој треба да расте, а јас да се смалувам” (Јован 3:30). Овие зборови ми се дадени да ги изговорам на Божјиот народ: Воздигнувајте го Него, човекот од Голгота. Нека луѓето се повлечат за Него, за да можат сите да го здогледаат Оној во кој се сконцентрирани сите нивни надежи на вечен живот. Пророкот Исаија кажува: „Зашто дете ни се роди - Син ни се даде; власта е на раменатa Негови, и ќе Го наречат: Чудесен Советник, Бог силен, Отец вечен, Кнез на мирот” (Исаија 9:5). И црквата и светот нека ги насочат своите очи на својот Откупител. Секој глас нека извикне со Јован: „Еве Го Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе” (Јован 1:29). {5C 729.1}

Изворот на живата вода им се отвора на жедните души. Бог кажува: ”Зашто ќе излеам вода врз жедната земја, и потоци врз исушеното” (Исаија 44:3). Светлината ќе им биде дадена само на оние души кои искрено бараат светлина и кои радосно го примаат секој зрак на божествено просветлување од Неговата реч. Преку тие души Бог ќе ја открие светлината и силата кои ќе го осветлат целиот свет со Неговата слава. {5C 729.2}

---

88. НЕПРОЦЕНЛИВ ПОДАРОК

„Нека биде благословен Бог и Таткото на нашиот Господ Исус Христо, Кој нè благослови со секаков духовен благослов од небесата во Христос, така што и нè избра преку Него... за да бидеме свети и непорочни пред Него во љубовта, предопределувајќи нè за посинување за Себе преку Исус Христос, зашто тоа Му беше по волја, за да биде фалена славата на Неговата благодат, со кој нè дарува преку Својот возљубен Син, во Кого имаме откуп преку Неговата крв, простување на гревовите по богатството на Неговата благодат” (Ефесјаните 1:3-7). {5C 729.3}

„Но Бог, Кој е богат со милост, поради големата Негова љубов, со која нè засака, иако бевме мртви поради гревовите наши, нè оживеа во Христос и нè воскресна со Него и нè постави на небесата во Исус Христос, за да им го покаже на идните векови преизобилното богатство на Својата благодат во добрина кон нас преку Христос Исус” (Ефесјаните 2:4-7). {5C 730.1}

Тоа се зборовите со кои „старецот Павле”, „затвореник за Исус Христос” (Филимон 1:9), пишувајќи од затворот во Рим, сакал на браќата да им го објасни тоа што не се објаснува со зборови – „неискажливото богатство Христово” (Ефесјаните 3:8), - ризницата на благодатта, која дарежливо им се нуди на паднатите човечки синови. Планот на откупувањето е утврден со жртвата, тоа е подарок. Апостолот кажува: „Бидејќи вие ја знаете дарежливоста на нашиот Господ Исус Христос, дека Тој, иако богат, осиромаши заради вас, да се збогатите и вие преку Неговата сиромаштија” (2. Коринтјаните 8:9). „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син” (Јован 3:16), а Христос „се даде самиот Себе за нас, за да нè избави од секакво беззаконие” (Тит 2:14). Круна пак на благословот е дарот Божји: „живот вечен, преку Исус Христос, нашиот Господ” (Римјаните 5:21). {5C 730.2}

„Она што око не видело, уво не чуло, ниту на човек на ум му дошло, тоа Бог го приготвил за оние кои Го љубат” (1. Коринтјаните 2:9). Сигурно е дека никој кој ги набљудува богатствата на Неговата благодат нема да може да се воздржи да не извика

со апостолот: „Да Му благодариме на Бога за Неговиот неискажлив дар!” (2. Коринтјаните 9:15). {5C 730.3}

Бидејќи планот на спасението почнува и завршува со подарок, тој мора на тој начин и да се оствари. Истиот дух на жртва со кој е откупено нашето спасение треба да живее и во срцата на сите што станале приматели на небесниот дар. Апостол Петар кажува: „Служете си еден на друг, секој со дарбата што ја примил, како добри управители на разнобразната Божја благодат” (1. Петрово 4:10). Кога ги пратил да работат, Христос им рекол на Своите ученици: „Бесплатно добивте, бесплатно давајте” (Матеј 10:8). Тој што е полн со љубов кон Христа во себе нема ништо себично ниту непристапно. Тој што пие жива вода ќе согледа дека е „извор на вода што тече во живот вечен” (Јован 4:14). Христовиот Дух нему му е сличен на извор во пустина чија вода ги окрепува сите, и во оние кои се подготвени да пропаднат поттикнува желба да се напијат од водата на животот. Истиот дух на љубов и самопожртвуваност кој бил во Христа го натерал и апостол Павле на неговите многубројни дела. „Должен сум”, кажува тој, „кон Елините и варварите, кон мудрите и кон неразумните” (Римјаните 1:14). „Мене, најмалиот од сите светии, таа благодат ми се даде - да им го проповедам на незнабошците неискажливото богатство Христово” (Ефесјаните 3:8). {5C 730.4}

Нашиот Господ сака Неговата црква да му ја покаже на светот сета полнота и богатство што ја наоѓа во Него. Ние непрестано ги примаме Божјите благодети, и учествувајќи во нив, треба на светот да му ја откриваме Христовата љубов и добрина. Целото небо е активно, праќа гласници на сите страни на светот за да помагаат во делото на откупување; затоа и црквата на живиот Бог исто така треба да соработува со Христа. Ние сме членови на Неговото симболично тело. Тој е глава која управува со сите делови на телото. И самиот Исус во Својата безгранична милост делува на човечките срца вршејќи во нив толку чудни преобразувања што и ангелите тоа го набљудуваат со чудење и радост. Истата несебична љубов која го карактеризирала Учителот ќе се види и во карактерот и животот на Неговите вистински следбеници. Христос очекува луѓето да учествуваат во Неговата божествена природа уште на овој свет, покажувајќи го со тоа не само отсјајот на Неговата слава или оддавајќи почест на Бога на тој начин, туку и осветлувајќи ја темнината на овој свет со небесните зраци. На тој начин ќе се исполнат Христовите зборови: „Вие сте светлината на светот” (Матеј 5:14). {5C 731.1}

„Ние сме Му соработници на Бога” (1. Коринтјаните 3:9), - „управители на разнобразната Божја благодат” (1. Петрово 4:10). Познавањето на Божјата милост, вистинитоста на Неговата реч, како и земните дарови - времето и парите, способностите и влијанието - сето тоа е аманет од Бога, кој треба да го искористиме за Негова слава и за спасување на луѓето. Нема поголема навреда за Бога кој постојано му ги подарува своите дарови на човекот отколку кога ќе види дека тој себично ги приграбува за себе тие дарови и не му враќа ништо на неговиот Дарител. Исус сега е на небото и ги подготвува престојувалиштата за оние што Го љубат; да, нешто повеќе од станови - царство кое ќе биде наше. Но сите кои ќе сакаат да ги наследат тие блаженства мораат да учествуваат во Христовото самооодрекување и самопожртвување за доброто на другите. {5C 731.2}

Денес потребата за сесрдна и пожртвувана работа во Христовото дело е поголема од било кога порано, бидејќи бргу се приближува крајот на времето за искушување и на светот треба да му се објави последната вест на милост. Мојата душа е трогната со маќедонскиот повик кој доаѓа од сите страни, од селата и градовите на нашата земја, од другата страна на Атлантикот и широкиот Пацифик и од морските острови: „Дојдете и

помогнете ни” (Дела 16:9). Браќа и сестри, ќе одговорите ли на овој повик велејќи: „Ние ќе направиме сè што можеме, ќе ви пратиме мисионери и пари. Ќе се откажеме од украсувањето на нашите домови и на самите себе, од задоволувањето на нашиот апетит. Парите што ни се доверени ќе ги дадеме за Божјото дело и целосно ќе се посветиме на него”. Нам ни се познати потребите на делото; празните каси најтрогателно апелираат и бараат помош од нас. Денес еден долар има поголема вредност за делото отколку што во иднина ќе имаат десет долари. {5C 732.1}

Работете, браќа, работете додека ви се дава прилика за тоа, додека трае денот. Работете, бидејќи „настапува ноќ кога не ќе може никој да работи” (Јован 9:4). Вие не сфаќате колку брзо ќе дојде таа ноќ. Сега уште има можности за работа, искористете ги. Тие што не можат лично да се посветат на мисионерската работа, нека живеат штедливо и нека помагаат со своите заштеди. Тие со приложување на своите пари можат да го помогнат ширењето на списанија и книги на оние што ја немаат светлината за вистината, како и во плаќањето на трошоците за воспитувањето на учениците кои ќе се посветат на мисионерската работа. Вложете го во небесната банка секој денар кој можете да го одвоите. {5C 732.2}

„Не собирајте богатства на земјата, каде што ги јаде молецот и рѓата, и каде што крадците ги поткопуваат и крадат; но собирајте си богатства на небото, каде што ни молец, ниту рѓа ги јаде, и каде што крадци не ги поткопуваат, ниту крадат. Зашто, каде што е богатството ваше, таму ќе биде и срцето ваше” (Матеј 6:19-21). {5C 733.1}

Тоа се зборови на Христа, Кој толку ве љубел што го дал и Својот живот за да можете да бидете со Него во Неговото царство. Не го обесчестувајте нашиот Господ со тоа што ќе ја запоставувате Неговата изрична заповед. {5C 733.2}

Бог ги повикува оние што имаат имоти и куќи да ги продадат и со парите добиени од тоа да помогнат во задоволувањето на големите потреби во мисионерското поле. Кога еднаш ќе го почувствуваат вистинското задоволство што го дава таквата постапка, тие својот канал ќе го држат отворен и средствата што Господ им ги доверил постојано ќе пристигнуваат во касата помагајќи го со тоа спасувањето на душите. А овие души од своја страна ќе го покажуваат истото самоодрекување, штедење и едноставност, заради Христа, за и тие да можат да ги принесат своите жртви на Бога. Со разумно вложување на овие таланти (средства) можат да се обратат и други души, со што делото ќе се унапреди и ќе се покаже дека се ценат овие Божји дарови. Дарителот ќе биде признаен и прославен со верноста на своите службеници. {5C 733.3}

Совесните души кои веруваат во вистината длабоко се поттикнати секогаш кога ќе им ги упатиме овие сесрдни повици за Божјото дело и кога ќе им ги објасниме потребите на нашите мисии. Како сиромашната вдовица што Христос ја пофалил, кога ги дала своите две лепти во Божјото ковчеже, така и тие одделуваат од своето сиромаштво и даваат до крајни можности. Таквите често се лишуваат и од вистинските животни потреби; меѓутоа, има мажи и жени кои имаат куќи и имоти, но со упорна себичност се држат за нивните земни богатства и немаат доволно вера во Бога и во оваа вест за да ги вложат своите средства во Неговото дело. На нив особено се однесуваат зборовите на Христа: „Продајте си ги имотите ваши и давајте милостина!” (Лука 12:33). {5C 733.4}

Има сиромашни мажи и жени кои ми пишуваат и ме молат за совет дали да ги продадат своите куќи и парите да ги приложат за Божјото дело. Тие кажуваат дека длабоко ги поттикнуваат повиците за приложување и сакаат да направат нешто за својот Учител кој за нив направил сè. На таквите им кажувам: „Можеби не сте должни сега веднаш да ги продадете вашите куќички; но обратете се самите на Господа, Тој сигурно

ќе ги услиши вашите срдечни молитви за мудрост и ќе ја сфатите вашата должност во овој поглед". Кога мудрост би барале повеќе од Бога, а помалку од луѓето, тогаш би примале многу поголема светлина од небото и Бог би ги благословил понизните молители. Меѓутоа, на оние што Бог им доверил богатство, на оние што имаат куќи и имоти, јас им кажувам: „Почнете да продавате и давајте милостина. Не одложувајте го тоа. Бог од вас очекува повеќе отколку што вие сакате да направите". Ве повикуваме вас кои имате средства во сесрдна молитва да се запрашате: „Какви се Божјите барања во поглед на мојот имот? Денес мора да се изврши едно дело, за Божјиот народ да се подготви да може да опстане во Господовиот ден. Мора да се вложат пари во делото на спасување на душите, кои и самите подоцна ќе работат за други. Бидете спремни да Му го вратите на Бога тоа што е Негово. Мнозина од вас го крадат Бога и тоа предизвика да имаме толку голем недостиг на Свети Дух. {5C 734.1}

Искуството на црквата во Маќедонија што го опишал Павле претставува една поука за нас. Тој кажува дека „најнапред сами себе Му се предадоа на Господ" (2. Коринтјаните 8:5). Потоа со радост ги давале своите пари за Христа. „Дека и покрај големото испитување во маката, нивната радост беше изобилна; и покрај нивната длабока сиромаштија покажаа големо богатство во нивната дарежливост, зашто според нивните можности, јас сум сведок дека тие даваа доброволно, нè молеа многу сесрдно да го примиме нивниот дар и учеството во прислужувањето на светиите" (Стихови 2-4). {5C 734.2}

Павле го поставува правилото како да се приложува во Божјото дело и ни кажува каков ќе биде исходот од тоа за нас и за Бога. „Секој да дава како што одлучил во срцето, а не со жал или принуда; зашто Бог го љуби оној што од срце дава". „Ова, пак, ви го велам: кој така скржаво сее, така скржаво ќе жнее; а кој богато сее, богато и ќе жнее". „А Бог може изобилно да ве дарува со секаков дар, секогаш да имате доволно за сè, да бидете од сè срце дарежливи во секое добро дело... А Оној Кој му дава на сејачот семе и леб за храна, Тој ќе го умножи и семето ваше, и ќе ви даде да изобилуваат плодовите на вашата правда, па во сè да се збогатите за секаква дарежливост, која преку нас предизвикува благодарност кон Бога" (2. Коринтјаните 9:7,6,8,10,11). {5C 735.1}

Ние не смееме да мислиме дека можеме да направиме или да дадеме нешто штом ќе стекнеме право на Божјата наклонетост. Апостолот кажува: „Што имаш, што не си примил? А штом си примил, зошто се фалиш, како да не си примил?" (1. Коринтјаните 4:7). Кога Давид и израелскиот народ собрале сè што било потребно за изградба на храмот, царот им го предал богатството на кнезовите и се заблагодарил на Бога со зборовите кои секогаш треба да бидат во срцето на Божјиот народ. „Тогаш го благослови Давид Господа пред целото собрание и рече: 'Благословен си Господи Боже Израелов, отсекогаш и засекогаш! Твое е, Господи, и величието, и силата и славата, и победата, и блесокот; и сè, што е на небото и на земјата, Твое е...во Твојата рака е и силата и цврстината, и во Твоја власт е да издигнеш и да зацврстиш сè. И сега, Боже наш, Те славиме и го фалиме Твоето величествено име. Зашто, кој сум јас, и кој е мојот народ, та можеме да жртвуваме толку? Но од Тебе е сè, и добиеното од Твојата рака Ти го дадовме; зашто ние сме туѓинци пред Тебе и придојдени, како и сите наши Татковци; нашите дни се како сенка на земјата, и нема надеж. Господи, Боже наш! Сето ова богатство, што го приготвивме, за да Ти изградиме дом Тебе, на Твоето свето име, е од Твоја рака, и сè е Твое. Знам Боже мој дека Ти го испитуваш срцето и ја сакаш искреноста; јас со чисто срце го жртвував сето ова, и сега гледам дека и Твојот народ, кој е собран тука, со радост жртвува за Тебе" (1. Летописи 29:10-17). {5C 735.2}

Бог на народот му дал земно богатство и Неговиот Дух направил да сакаат своите драгоцени предмети да ги донесат за изградбата на храмот. Сè било на Господа. Ако Неговата божествена моќ не влијаела на срцето на народот, сите напори на царот би биле напразни и храмот никогаш не би можел да се изгради. {5C 736.1}

Сè што добиваат луѓето од Божјото изобилство сè уште му припаѓа на Бога. Сите драгоцени и убави нешта на земјата Тој ги става во нашите раце за да нè испита - да ја испита длабочината на нашата љубов кон Него и да испита колку го цениме Неговото одобрување. Без разлика дали се работи за земно богатство, или за нашите интелектуални способности, треба сè како доброволна жртва да го положиме пред нозете на Исуса. {5C 736.2}

Никој од нас не може да направи ништо без благослов од Бога, но Бог, ако сака може да го изврши Своето дело без човечка помош. Меѓутоа Тој на секој човек му одредил работа и на луѓето им доверил земно богатство или интелектуални способности, како на Свои повереници. Според Својата милост и великодушност, Бог сè она што Му го враќаме го признава и пресметува како од верни повереници. Меѓутоа, ние треба секогаш да имаме на ум дека ниедно такво дело не е заслуга на човекот. Колку и да се големи способностите на човекот, тој не поседува ништо што Бог не му дал и што не би можел да му го одземе ако тие драгоцени залози на Неговата наклонетост не ги цени и ако истите не ги употребува како што треба. Божјите ангели чијашто моќ на сфаќање не е помрачена со гревот, знаат дека даровите од небото се дадени со намера да бидат вратени на начин кој ќе ја зголеми славата на Големиот Дарител. Добродетелството на човекот е поврзано со Божјата врховна власт. Божјата слава е радост и благослов на сите создадени суштества. Настојувајќи да ја зголемиме Неговата слава, ние настојуваме да го стекнеме највозвишеното добро што можеме да го постигнеме. Браќа и сестри во Христа, Бог бара секоја способност и секој дар што сте го примиле од Него да ги посветите во Неговата служба. Тој сака заедно со Давид да кажете: „Но од Тебе е сè, и добиеното од Твојата рака Ти го дадовме" (1. Летописи 29:14). {5C 736.3}

---

89. БОЖЈИОТ КАРАКТЕР ОТКРИЕН ВО ХРИСТА

Спасителот рекол: „А животот вечен е тоа, да Те познаат Тебе Единиот вистински Бог, и испратениот од Тебе Исус Христос" (Јован 17:3). А Господ рекол преку пророкот рекол: „Така вели Господ: мудриот да не се фали со мудроста своја, силниот да не се фали со силата своја, богатиот да не се фали со богатството свое. А кој се фали, нека се фали со тоа дека Ме разбира Мене и дека знае дека Јас сум Господ, Кој покажува милост, суд и правда на земјата; зашто само овие работи Ми се угодни, вели Господ" (Еремија 9:22,23). {5C 737.1}

Ниеден човек не може да го стекнува тоа познавање на Бога без божествена помош. Апостолот кажува: „Зашто светот не го позна Бога со мудроста своја" (1. Коринтјаните 1:21). А Христос „во светот беше и светот преку Него постана, но светот не Го позна" (Јован 1:10). Исус на Своите ученици им кажал: „И никој не Го познава Синот, освен Таткото; ниту Таткото Го познава некој освен Синот, и кому што сака Синот да Го открие" (Матеј 11:27). Во последната молитва за Своите следбеници, пред да влезе во сенката на Гетсиманската градина, Спасителот ги подигнал очите кон небото, и со

сожалување кон незнаењето на паднатиот човек рекол: „Оче праведен, светот не Те позна, Јас Те познав” (Јован 17:25). „Го објавив името Твое на луѓето, што си Ми ги дал од светот” (Стих 6). {5С 737.2}

Сатаната на почетокот имал план да ги наведе луѓето да го забораваат Бога, за со сигурност да ги приврзе за себе. Затоа настојувал лажно да го прикаже Божјиот карактер, да ги наведе луѓето да имаат погрешна претстава за Него. Тој на човечкиот ум му го прикажал Создателот опкружен токму со оние особини кои ги има самиот кнез на злото - го опишал како самоволен, строг и неумолив – за луѓето да се плашат од Него, да го избегнуваат и дури и да го мразат. Тој се надевал дека ќе предизвика таква побуна во умовите на оние што ги измамил, што тие нема да сакаат да знаат било што за Бога. Потоа настојувал да го избрише божественото обличје во човекот и да го втисне својот лик во неговата душа; целосно да ги обземе луѓето со својот дух и да ги направи робови на својата волја. {5С 738.1}

Сатаната ја навел Ева на грев со тоа што лажно го прикажал Божјиот карактер и поттикнал недоверба во Бога. Разумот на нашите прародители се замрачил заради гревот, нивната природа ослабела, а нивната претстава за Бога се приспособила на нивната тесноградост и себичност. И колку што станувале подрски во гревот, толку знаењето за Бога и за Неговата љубов сè повеќе исчезнувале од нивните срца и мисли. „Зашто, кога Го познаа Бога, тие не Го прославија како Бог, ниту пак, Му благодарија, туку се заблудија во своите помисли, и нивното неразумно срце им се помрачи” (Римјаните 1:21). {5С 738.2}

Понекогаш се чини дека настојувањето на сатаната да завладее со човечкото семејство е крунисано со успех. Во вековите кои претходеле на првото Христово доаѓање, се чинело дека светот речиси наполно паднал под власта на кнезот на темнината, кој владеел со страшна сила, како да стекнал полно право над овој свет поради гревот на нашите прародители. Дури и заветниот народ, кој го избрал Бог за да го сочува знаењето за Него на светот, толку се одвоил од Него што го загубил вистинскиот поим за Неговиот карактер. {5С 738.3}

Христос дошол на светот за да го открие Бога како Бог на љубовта, - полно со милост, нежност и сомилост. Откупителот на светот го растерал густиот мрак со кој сатаната го обвил Божјиот престол и Отецот повторно бил откриен на луѓето како светлина и извор на животот. {5С 738.4}

Кога Филип му се обратил на Исуса со барање: „Покажи ни Го Таткото, и доста ни е”, Спасителот му одговорил: „Толку време сум со вас, и зар не си Ме познал Филипе? Кој Ме видел Мене, Го видел Таткото, па како ти велиш: ‘Покажи ни Го Таткото?” (Јован 14:8,9). Христос изјавува дека е пратен во светот како претставник на Отецот. Во благородноста на Својот карактер, во Својата милост и нежно сочувство, во Својата љубов и добрина, Тој стои пред нас како отелотворување на божественото совршенство, слика на невидливиот Бог. {5С 739.1}

Апостолот кажува: „Зашто Бог го измири светот со Себе преку Христос” (2. Коринтјаните (5:19). Само ако длабоко размислуваме за големиот план на спасението можеме да стекнеме правилен поим за карактерот на Бога. И делото на создавањето било манифестирање на Неговата љубов. Меѓутоа, само Божјиот дар заради спасението на паднатиот и изгубен човечки род ја открива бескрајната длабочина на божествената добрина и сомилост. „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот” (Јован 3:16). Бидејќи Божјиот закон е одржан и одбранета Неговата правда, на

грешникот му е обезбедено проштевање. Даден е најскапоцениот дар којшто небото може да го даде, Бог да остане „справедлив и дека го оправдува секого што верува во Исус" (Римјаните 3:26). Благодарение на тој дар, луѓето се подигнати од пропаста и понижувањето на гревот, за да станат Божји деца. Павле кажува: „Го примивте Духот на посинувањето, преку Кого велиме: „Ава, Оче!" (Римјаните 8:15). {5C 739.2}

Браќа, јас со љубениот Јован ве повикувам: „гледајте колку голема љубов ни дал Отецот - да бидеме наречени чеда Божји" (1. Јованово 3:1). О колкава е таа љубов, каква беспримерна љубов - иако сме биле грешници и странци можеме да се вратиме кај Бога и да станеме членови на Неговото семејство! Смееме да Му се обраќаме со драгото име „татко наш", кое е знак на нашата љубов кон Него и гаранција на Неговата нежност и сродство со нас. И Божјиот Син, посматрајќи ги наследниците на милоста, „Исус не се срамува да ги нарече браќа" (Евреите 2:11). Тие се во посвето сродство со Бога отколку ангелите кои никогаш не паднале. {5C 739.3}

Сета родителска љубов која по каналите на човечките срца е пренесувана од поколение на поколение, сите извори на нежност кои се отвориле во човечките души, претставуваат само одвај видливо поточе спрема бескрајниот океан кога ќе се спореди со бескрајната, неисцрпна Божја љубов. Таа со зборови не може да се изрази, ниту со перо може да се опише. Можете за неа да размислувате секој ден од својот живот; можете ревно да го истражувате Светото писмо со цел за да ја разберете вистината; можете да ги употребите сите сили и способности коишто Бог ви ги дал; но преку сето тоа постои бесконечност. Таа љубов можете со векови да ја проучувате, а сепак никогаш потполно нема да можете да ја сфатите сета ширина и должина, длабочина и висина на Божјата љубов, Кој го дал Својот Син да умре за овој свет. Дури ни самата вечност никогаш нема да може во потполност да ја открие. Меѓутоа, кога ја проучуваме Библијата и размислуваме за Христовиот живот и за планот на искупувањето, сè повеќе ќе бидеме во можност да ги сфатиме тие големи предмети. И тогаш ќе го сфатиме благословот кој Павле го посакал на црквата во Ефес кога се молел: „Та Бог на нашиот Господ Исус Христос, Таткото на славата, да ви даде дух на мудрост и откровение за да Го познаете, и да ги просвети очите на срцата ваши за да увидите во што се состои надежта на повиканите од Него, колкаво е богатството на славата од наследството Негово во светиите, и колку е неизмерна величината на Неговата сила во нас, кои веруваме преку дејството на Неговата крепка сила" (Ефесјаните 1:17-19). {5C 740.1}

Сатаната постојано се труди мислите на луѓето да ги обземе со оние работи кои ќе ги спречат да добијат знаење за Бога. Тој настојува да им наметне мисли кои ќе го помрачат нивното сфаќање и да ги обесхрабри нивните души. Ние се наоѓаме во свет на гревот и расипаноста, опкружени со влијанија кои ги примамуваат и обесхрабруваат Христовите следбеници. Спасителот рекол: „и бидејќи беззаконијата ќе се умножат, кај мнозина љубовта ќе олади" (Матеј 24:12). Мнозина ги концентрираат своите погледи на ужасното беззаконие кое постои околу нив, на отпадништвото и слабостите кои преовладуваат на сите страни, и постојано зборуваат за тоа, сè додека нивните срца не станат обземени со тага и сомнеж. Тие обрнуваат најголемо внимание на работата на архи-измамникот и се задржуваат на обесхрабрувачките факти од своето искуство, а притоа се чини дека ја губат од вид моќта на Небесниот Татко и Неговата неспоредлива љубов; сатаната токму тоа го сака. Голема грешка е да се мисли за непријателот на правдата како за некој кој поседува голема моќ, а истовремено малку да се размислува за љубовта на Бога и за Неговата сила. Мораме да зборуваме за Христовата сила. Ние сме потполно немоќни сами да се спасиме од мрежите на сатаната; меѓутоа, Бог ни го

покажа патот по кој можеме да се спасиме. Синот на Највозвишениот доволно е силен за да се бори за нас; и преку Него „Кој нè возљуби” (Римјаните 8:37), можеме да бидеме повеќе од победници. {5C 740.2}

Во постојаното размислување за своите слабости и застранување и жалење заради моќта на сатаната, нема да најдеме никаква духовна сила. Во нашите мисли и срца како животно начело треба да се втисне големата вистина - дека жртвата поднесена заради нас донела плод, дека Бог може да ги спаси и дека ги спасува сите што Му пристапуваат, покорувајќи се на условите одредени во Неговата реч. Ние сме должни нашата волја да ја потчиниме на Божјата волја. Тогаш, преку крвта на откупението, стануваме учесници во божествената природа. Преку Христа стануваме Божји деца и имаме цврсто ветување дека Тој нè сака како што го сакал Својот Син. Ние сме едно со Исуса, затоа што одиме по патот по кој нè води Тој. Тој има моќ да ги растера мрачните сенки со кои сатаната ја покрива нашата патека и наместо мрак и обесхрабрување, нашите срца ги осветлуваат сончевите зраци на Неговата слава. {5C 741.1}

Нашата надеж постојано треба да ја поткрепува и засилува сознанието дека Христос е нашата правда. Нашата вера треба да лежи на тој темел, кој ќе постои вечно. Наместо да размислуваме за сатанскиот мрак и да се заплашуваме себеси со неговата сила, треба да ги отвориме срцата за примање на Христовата светлина и со таа светлина треба да го осветлиме светот, објавувајќи дека Христос е над моќта на сатаната, дека Неговата моќна рака ќе го поддржи секого кој се надева во Него. {5C 742.1}

Исус рекол: „Бидејќи Таткото Сам ве сака” (Јован 16:27). Ако нашата вера во Бога се зацврсти преку Христа, таа ќе се покаже „за нашата душа цврста и сигурна котва, и кој влегува дури зад завесата, каде што Исус влезе најнапред за нас” (Евреите 6:19,20). Вистина е дека ќе доживуваме разочарувања, дека мораме да очекуваме неволи, но сето тоа треба да му го препуштиме на Бога, без разлика дали е мало или големо. Тој нема да се збуни од нашите бројни и разновидни жалби, ниту нашето бреме ќе Му биде претешко. Тој се грижи за секое семејство и го штити секој поединец, Тој сочувствува со нас во секоја наша грижа и жалост. Тој ја забележува секоја солза и има сомилост кон нашите слабости. Сите неволи и искушенија што нè снаоѓаат, Тој ги дозволил од љубов кон нас, за да ги спроведе Своите намери, „да станеме учесници во Неговата светост”, а со тоа и соучесници во радоста што ја дава Неговото присуство. {5C 742.2}

„Богот од овој свет им ги заслепил нивните безверни умови, за да не ги осветли светлината на благовестието за славата на Христос, Кој е слика на невидливиот Бог” (2. Коринтјаните 4:4). Но Библијата со најодлучни зборови ни зборува колку е важно да се стекне познание на Бога и Христа. Петар кажува: „Благодатта и мирот со познавањето на Бог и Христос Исус, нашиот Господ, да ви се умножат. Бидејќи Неговата божествена сила ни подари сè што е потребно за животот и побожноста, а преку познанието на Оној Кој нè повика со Својата слава и совршенство” (2. Петрово 1:2,3). А Библијата нè повикува: „Запознајте се со Него и ќе најдете мир”. {5C 742.3}

Бог од нас бара: „Бидете свети, бидејќи Јас сум свет” (1. Петрово 1:16). А вдахновениот апостол кажува дека без посветување „никој нема да Го види Господа” (Евреите 12:14). Светоста е во хармонија со Божјата волја. Гревот го изобличил и речиси го избришал Божјото обличје во човекот. Задача на евангелието е повторно да го воспостави она што е загубено и ние треба да соработуваме со Божјата сила во тоа дело. Меѓутоа, како ќе дојдеме во хармонија со Бога, како ќе станеме слични на Него ако не го познаваме? Христос дошол на светот за да ни го открие тоа познавање. {5C 743.1}

Ограничените погледи на мнозина за возвишениот карактер и служба на Христа, го намалуваат нивното верско искуство, и во голема мера го спречуваат нивното напредување во живеење побожен живот. Личната вера на нашиот народ е на низок степен. Формализмот и верата само со зборови се застапени во голема мера. Нашето верско искуство мора да биде подлабоко и потрајно. Покрај изобилството можности и предности кои ги имаме, покрај нашите издавачки претпријатија, училишта и санаториуми, не би морале да се наоѓаме на многу повисок степен од сегашниот. Задачата на христијаните во овој живот е да го прикажуваат Христа на овој свет и во животот да го откријат Неговиот благословен карактер. Ако Бог ни дал светлина, ни ја дал за да ја откриеме на другите. Но, со оглед на светлината што ја примивме и можностите кои ги имаме за да допреме до срцата на другите, резултатите од нашата работа беа премногу незначителни. Бог сака вистината што ни ја откри да донесува повеќе плодови отколку досега. Но како ќе можеме да го прикажеме Христа на светот ако нашите мисли се исполнети со тмурност и незадоволство задржувајќи се само на злото и темнината што нè опкружуваат? Како ќе има сила нашето сведоштво за да ги придобиеме душите? Потребно преку лично искуство да го запознаеме Бога и силата на Неговата љубов која е откриена во Христа. Сесрдно и со молитва мораме да го прегледаме Светото Писмо и нашите срца мора постојано да се издигнуваат кон Бога со вера, надеж и непрестана благодарност. {5C 743.2}

Ние можеме да го усовршиме својот христијански карактер преку заслугите на Христа и преку Неговата правда кои ни се препишуваат со верата. Нашата задача за секој ден и секој миг е изразена во зборовите на апостолот: „Имајќи го пред очи Зачетникот и Свршителот на верата - Исус" (Евреите 12:2). Ако правиме така, нашите мисли ќе стануваат сè појасни, нашата вера сè посилна, а нашата надеж сè поцврста. Ние толку ќе се посветиме на набљудувањето на Неговата чистота, милост и жртва што ја поднел за да нè помири со Бога, што нема да имаме никакви склоности да зборуваме за сомнежите и малодушноста. {5C 744.1}

Изразувањето на Божјата љубов, Неговата милост и добрина и дејствувањето на Светиот Дух кој го просветлува и обновува нашето срце, преку верата нè доведува во блиска врска со Христа. Имајќи толку јасни погледи за Неговиот карактер, ние ќе бидеме во состојба да ги проникнеме мајсторските лукавства на сатанските измами. Угледувајќи се на Христа и надевајќи се на Неговите заслуги, ќе примиме благослов на светлина, мир и радост во Светиот Дух. Сфаќајќи ги големите работи што Христос ги направил за нас, ние ќе можеме да воскликнеме: „Гледајте колку голема љубов ни дал Таткото" (1. Јованово 3:1). {5C 744.2}

Браќа и сестри, ние ќе се преобразиме доколку гледаме на тоа. Размислувајќи за љубовта на Бога и на нашиот Спасител, набљудувајќи го совршенството на божествениот карактер и барајќи ја со вера Христовата правда, ние ќе се преобразиме во Неговото обличје. Затоа не треба да ги собираме непријатните слики - неправдата, расипаноста и разочарувањето, кои се докази за силата на сатаната и не треба постојано да ги држиме закачени во одаите на нашата меморија и да зборуваме за нив со жалење сè додека малодушноста не ги обземе нашите души. Малодушната личност е мрачно суштество кое не само што не прима светлина од Бога, туку истото го бара и од другите. Сатаната триумфира кога ќе види колкав успех постигнува со овие слики, кои ја прикажуваат неговата сила, а кои човечките суштества ги прават малодушни и неверни. {5C 744.3}

Фала му на Бога што постојат многу посветли и по утешни слики кои Господ ни ги прикажува. Затоа благословените докази за Неговата љубов треба да ги собираме како

драгоцено богатство, за секогаш да го имаме пред очите. Божјиот Син го оставил престолот на својот Татко и Својата божествена природа ја облекол во човечка за да го избави човекот од силата на сатаната. Неговата победа што ја извојувал заради нас, која ни ги отвора вратите на небото и ни овозможува да погледнеме во царството на божествената слава; подигањето на паднатиот човечки род од бездната на пропаста во која го фрлил гревот; поврзувањето на човечкиот род со Бога; победата на верните над искушенијата со вера во нашиот Спасител и нивното воздигање до Неговиот престол облечени во Неговата правда - тоа се сликите со кои Бог сака да ги украсуваме одаите на нашите души. И врз нас кои „не целиме кон видливото, туку кон невидливото" (2. Коринтјаните 4:18), ќе се исполнат зборовите: „Зашто нашите сегашни незначителни страдања ни донесуваат многу поодбилна и вечна тежина на славата" (Стих 17). {5С 745.1}

На небото Бог е сè во сè. Таму владее најголема светост и нема ништо што би можело да ја наруши совршената хармонија со Бога. Ако навистина патуваме таму, небесниот дух уште овде ќе ги исполни нашите души. Но ако сега не наоѓаме никакво задоволство во размислувањето за небесните работи, ако не се трудиме да го запознаеме Бога, ако не наоѓаме задоволство во набљудувањето на Христовиот карактер, ако светоста нема никаква привлечност за нас, - тогаш можеме да бидеме сигурни дека нашата надеж за небото е напразна. Совршената согласност со Божјата волја е висока цел која христијаните треба постојано да ја имаат пред очи. Тие тогаш со радост ќе зборуваат за Бога, за Исус и за домовите на блаженство и чистота кои Христос ги подготвува за тие што Го љубат. Кога душата размислува за овие нешта и наоѓа задоволство во благословените Божји ветувања, тогаш, според зборовите на апостолот, уште овде почнува да ја чувствува „силата на светот што доаѓа". {5С 745.2}

Последната битка од големата борба е веднаш пред нас, кога сатаната со „секаква сила и знаци и лажни чудеса" (2. Солунјаните 2:9), ќе се труди лажно да ни го прикаже Божјиот карактер, за да ги измами „ако е можно, дури и избраните" (Матеј 24:24). Ако некогаш постоел народ на кого му било неопходно постојано да прима сè поголема и поголема светлина од небото, тогаш тоа е овој народ, кој Бог го повикал во ова опасно време да биде чувар на Неговиот свет закон и да го оправда Неговиот карактер пред светот. Оние на кои им е доверено да го чуваат овој свет аманет мораат да бидат духовно облагородени, издигнати и оживеани со вистината во која тврдат дека веруваат. Но црквата никогаш немала поголема потреба, ниту Бог некогаш повеќе сакал таа да го стекне искуството кое Павле го опишал во посланието до Колосјаните: „Непрестано се молиме и сакаме да се исполните со познание на Неговата волја во секоја мудрост и духовно разбирање, та да постапувате достојно за Бога, угодувајќи Му во сè, принесувајќи плод во секое добро дело и да растете во познанието на Бога" (Колосјаните 1:9,10). {5С 746.1}

---

90. СЛОВОТО СТАНА ТЕЛО

Соединувањето на божествената и човечката природа е една од најдрагоцените и најтаинствени вистини во планот на спасението. Зборувајќи за ова, Павле кажува: „А, несомнено, голема е тајната на побожноста. Бог се јави во тело" (1. Тимотеј 3:16). {5С 746.2}

Оваа вистина била причина за многу сомнежи и неверства. Кога Христос дошол на светот - како Божји Син и Човечки Син - народот во тоа време не Го сфатил. Христос се понизил и на себе земал човечка природа, за да може да допре до паднатиот човечки род и да го издигне. Меѓутоа, гревот го помрачил разумот на луѓето, ги парализирал нивните способности и ја ослабил нивната моќ за сфаќање, така што тие не можеле да ја препознаат божествената природа под човечкото обличје. Овој нивен недостаток на правилно сфаќање бил голема пречка во делото што Тој сакал да го изврши за нив; и за да даде сила на Своето учење, Тој често бил принуден да ја образложува и брани Својата положба. Укажувајќи на Својот таинствен и божествен карактер, Тој се трудел нивните мисли да ги упати во насока која би била поволна за преобразувачката сила на вистината. Покрај тоа, Тој исто така ги користел и познатите појави од природата за да им ги прикаже божествените вистини. Така почвата на срцето била подготвена да го прими доброто семе. Тој настојувал Неговите слушатели да почувствуваат дека се грижи за нивното добро, дека Неговото срце ги чувствува нивните радости и болки. Истовремено, тие во Него виделе откровение на сила и совршенство кои далеку ги надминувале доблестите на нивните најугледни рабини. Христовите учења се одликувале со едноставност, достоинство и сила кои дотогаш им биле непознати, и тие без да сакаат зборувале: „Никогаш човек не говорел така како Овој Човек” (Јован 7:46). Народот со радост Го слушал; но свештениците и поглаварите - кои ја изиграле довербата што им била дадена како чувари на вистината - го мразеле Христа токму затоа што со своите доблести ги одвратил од нив масите народ, упатувајќи ги да одат по Светлината на животот. Под нивното влијание, еврејскиот народ, кој не можел да го сфати Неговиот божествен карактер, го отфрлил Откупителот. {5C 746.3}

Соединувањето на божественото со човечкото кое се покажало во Христа, го има исто така и во Библијата. Сите откриени вистини се „од Бога вдахновени”, но се изразени со човечки зборови и приспособени на човечките потреби. Така и за Божјата книга може да се каже истото што и за Христа, дека „Словото стана тело и се всели меѓу нас” (Јован 1:14). Овој факт, кој воопшто не е доказ против Библијата треба да ја засили верата во неа како во реч од Бога. Тие што велат дека Светото Писмо е вдахновено, а примаат само некои делови како божествени, а другите ги отфрлаат како човечко дело, преминуваат преку фактот дека и Христос, иако Божество, примил на себе човечка природа за да може д се приближи на човештвото. Во Божјото дело за спасување на човештвото божественото е соединето со човечкото. {5C 747.1}

Има многу места во Светото Писмо кои скептичните критичари ги прогласиле за невдахновени, меѓутоа, тие се милостиво прилагодени на човечките потреби, тоа се вести кои самиот Бог им ги упатил на Своите верни деца за да ги утеши. Убав пример за ова наоѓаме во историјата на апостол Петар. Петар се наоѓал во затвор и очекувал следниот ден да го однесат на губилиште. Таа ноќ тој спиел „меѓу двајца војници, окован во два пара синџири, а стражарите пред портата го чуваа затворот. И, ете, ангел Господов застана, и светлина блесна во затворот. Ангелот го потчукна Петар по ребрата и го разбуди, па му рече: ‘Стани брзо!’ И оковите му паднаа од рацете негови” (Дела 12:6,7). Петар кој наеднаш се пробудил, бил зачуден од светлината што ја осветлила затворската ќелија во која престојувала и божествената убавина на божествениот гласник. Тој не сфатил што се случува, но знаел дека е слободен. Во својата радост и возбудување, сакал да излезе од затворот без да се заштити од студениот ноќен воздух. Но Божјиот ангел ги забележувал сите детали и во нежна грижа му рекол на апостолот: „Препашај се и обуј си ги чевлите” (Стих 8). Петар послушал несвесно, но бил толку

занесен од откривањето на небесната слава што не се сетил да ја земе својата наметка. Тогаш ангелот му рекол: „Облечи ги алиштата свои и оди по мене!' И излезе и тргна по него, а не знаеше дека тоа, што го направи ангелот, е вистина, туку си мислеше дека гледа привид. Откако ја изминаа првата и втората стража, дојдоа до железната порта, што водеше кон градот, а таа им се отвори сама. Тие излегоа и преминаа преку една улица, и во тој час ангелот го снема (Стихови 8-10). Апостолот се нашол сам на улиците на Ерусалим. „Тогаш Петар, откако дојде на себе, си рече: „Сега знам дека навистина" - тоа не било сон или видение туку вистински настан - „Господ го пратил Својот ангел за да ме избави од рацете Иродови и од сè што очекуваше јудејскиот народ" (Стих 11). {5C 748.1}

Можеби скептиците ќе ја исмејуваат помислата дека возвишениот небесен ангел обрнувал внимание на такви безначајни нешта како што е грижата за обичните човечки потреби, и ќе ја стават во прашање вдахновеноста на оваа историја. Меѓутоа, овие нешта во светата историја се забележани со Божја мудрост, не за корист на ангелите, туку на луѓето, за кога ќе се најдат во неволја да можат да се тешат дека небото знае сè. Исус им рекол на Своите ученици дека ниедно врапче не паѓа на земјата без знаење на небесниот Татко и дека Бог, Кој се грижи за сите птици во воздухот, уште многу повеќе се грижи за оние што можат да станат граѓани на Неговото царство и кои со вера во Него можат да станат наследници на бесмртноста. О, кога човечкиот ум би го сфатил - колку што ограниченият ум може да го сфати планот на откупувањето - делото кое Исус го направил земајќи на себе човечка природа и што ќе се направи за нас со таа чудесна понизност, тогаш човечките срца би се преполниле со благодарност за големата Божја љубов и во понизност би ја славеле божествената мудрост која ја создала тајната на милоста! {5C 749.1}

---

91. БОЖЈАТА ГРИЖА ЗА НЕГОВОТО ДЕЛО

Исаија како млад човек бил повикан во пророчка мисија во време на големи неволи и малодушност. На неговата земја се заканувала целосна пропаст. Со престапувањето на Божјиот закон јудејскиот народ ја изиграл Неговата заштита и асирската војска се подготвувала да го нападне јудејското царство. Меѓутоа, опасноста од непријателот не била најголема неволја. Божјиот слуга најмногу бил притиснат од изопаченоста на неговиот народ. Со своето отпаднишство и со постојаните побуни тие ги предизвикале Божјите казни. Под такви околности, младиот пророк бил повикан да ја однесе веста на опомена и тој знаел дека ќе наиде на решителен отпор. Тој затреперил при помислата на тврдоглавоста и неверството на народот за кој требало да работи. И нему самиот му се чинело дека неговата задача нема никакви шанси за успех. Дали во таквото очајување требало да се одрече од својата мисија и да го препушти Израелот на неговото идолопоклонство. Зар со земјата да завладеат боговите на Ниневија, пркосејќи му на небесниот Бог? {5C 749.2}

Такви мисли минувале низ неговата глава додека стоел под тремот на светиот храм. Наеднаш се отворила вратата и се подгинала внатрешната завеса од храмот, и нему му било дозволено да погледне внатре, во светињата над светињите, во која дури ниту пророкот не смеел да застане. Пред него во видение се покажал Јехова седејќи на висок и возвишен престол, додека во Неговиот скут се наоѓала црквата. Од двете страни

на престолот лебделе серафими, кои со две крила летале, со две го покривале своето лице, а со две нозете. Овие ангели засолнувачи ги подигнале своите гласови во свечен повик: „Свет, свет, свет е Господ Саваот! Целата земја е полна со Неговата слава” (Исаија 6:3), сè додека праговите, столбовите и вратата од кедар не се затресоа од нивниот глас и целиот дом се исполнил со нивната благодарност. {5C 750.1}

Исаија никогаш порано не ја сфатил толку целосно големината на Јехова и Неговата совршена светост. Тој чувствувал дека во својата човечка слабост и недостојност мора да пропадне во присуството на Бога. „Тешко мене”, извикал тој, „зашто сум човек со нечиста уста и живеам среде народ исто така со нечиста уста, - а очите мои Го видоа Царот, Господ Саваот!” (Стих 5). Но еден серафим дошол кај него за да го подготви за неговата голема мисија. Тој ставил жив жар од олтарот на неговата уста и рекол: „Ете, тоа се допре до устата твоја - и твоето беззаконие се оттргна од тебе, гревот твој се очисти” (Стих 7). И кога се зачул Божјиот повик: „Кого да го испратам и кој ќе отиде за нас?” Исаија одговорил со света доверба: „Еве ме мене, испрати ме мене” (Стих 8). {5C 750.2}

Иако земните сили се собрале против Јудејското царство, иако Исаија морал да наиде на противење и отпор во својата мисија, - тој го видел Царот, Господа Саваот, тој го слушнал гласот на серфимот: „Целата земја е полна со Неговата слава” (Стих 3), и бил подготвен за делото што му било доделено. За сето време на својата долга и напорна мисија во себе го носел сеќавањето за ова видение. {5C 751.1}

На Езекиел, на ожалостениот пророк во прогонство во земјата Халдејска, му било дадено видение кое му ја донело истата вера во моќниот Израелов Бог. Додека се наоѓал на брегот на реката Хевара, му бил покажан силен ветер кој доаѓал од север, „и голем облак во него, а околу оган сјаеше; среде него светлина од злато и сребро” (Езекиел 1:4). Четири живи суштества придвижувале одреден број тркала на една чудна машина и се вкрстувале меѓусебно. Високо над нив „имаше нешто слично на престол, како да беше од каменот сафир; а на престолот - одозгора нешто слично на човек” (Стих 26). „Тие животни личеа на разгорени јаглени, на ламбади; огнот се движеше меѓу животните, и огнена светлина и светкавица излегуваше од огнот” (Стих 13). „А под крилјата на херувимите се гледаа подобија слични на човечки раце” (Исто 10:8). {5C 751.2}

Тркалата биле едни во други, и сè било толку комплицирано што на Езекиел сè му се чинело како страшна заплетканост. Но кога тргнале, се движеле во восхитувачка точност, а над сето тоа, на возвишениот престол од сафир седел Семожниот, чијшто престол бил опкружен со виножито, симбол на милоста и љубовта. Под дејство на страшната големина на оваа сцена Езекиел паднал ничкум на земјата, додека еден глас го повикал да стане и да ја слушне Господовата реч. Тогаш му била дадена веста на опомена за Израел. {5C 751.3}

Ова видение му било дадено на Езекиел во време кога неговиот дух бил полн со мрачни претчувства. Ја видел опустошената земја на своите татковци. Градот што некогаш бил полн со народ - сега бил пуст. Меѓу неговите ѕидови повеќе не се слушале гласови на радост и песни на благодарност. Самиот пророк бил странец во туѓа земја, каде владееле безобѕирно славољубие и дива свирепост. Неговата душа ја притискале човечката тиранија и злоба што ги гледал, и тој денонoќно горко тагувал. Но чудесните симболи што му биле покажани крај реката Хевар му ја откриле најголемата сила која е посилна од сите земни власти. Над гордите и свирепи цареви на Асирија и Вавилон на престолот седел Богот на милосрдието и вистината. {5C 752.1}

Тркалата кои, како што му се причинило на пророкот, се движеле во целосно безредие, биле управувани од рацете на Бесконечниот. Светиот Дух кој му се открил овде ги придвижувал и управувал со сите тркала и создал хармонија од безредието, така што целиот свет бил под Негова власт. Милиони возвишени суштества биле подготвени на Неговиот збор да ги покорат силата и намерите на злите луѓе и да донесат добро на Неговите верници. {5C 752.2}

Исто така кога Бог на саканиот Јован му ја открил историјата на Црквата во идните векови, тој му дал цврсто ветување за љубовта и грижата на Спасителот за Својот народ, покажувајќи му се како Син Човечки среде седум свеќници кои означувале седум цркви. Додека Јован ги гледал последните големи борби на Црквата со земните сили, исто така му било дозволено да ја види крајната победа и ослободувањето на верните. Тој ја видел Црквата во смртоносната борба против ѕверот и нејзината икона како и принудувањето за поклонување на ѕверот изнудено под закана на смртна казна. Меѓутоа, погледнувајќи над димот и борбената викотница на оваа битка, тој на гората Сион со Јагнето видел поворка спасени кои, наместо белегот на ѕверот „го имаа на челата името на Неговиот Татко" (Откровение 14:1). Потоа ги видел „оние што го победија ѕверот и неговата биста, неговиот белег и бројот на неговото име" (Исто 15:2), како стојат на стаклената море и имаат Божји харфи, „и ја пееја песната на Мојсеј, Божјиот слуга, и песната на Јагнето" (Стих 3). {5C 752.3}

Овие поуки се за наше добро. Треба да ја зацврстиме нашата вера во Бога бидејќи наскоро ќе дојде време на искушување на човечките души. Христос од Маслинската гора предупредил на страшните неволи кои ќе претходат на Неговото второ доаѓање: „Ќе слушате за војни и за повици за војни" (Матеј 24:6). „Зашто ќе се крене народ против народ, и царство против царство, и на разни места ќе има глад, помор и потреси; а сето тоа е почеток на страдањата" (Стихови 7 и 8). Овие пророштва делумно се исполниле со разурнувањето на Ерусалим, но повеќе се однесуваат на последните денови. {5C 753.1}

Се наоѓаме на прагот на големите значајни настани. Пророштвото брзо се исполнува. Господ е пред вратата. Токму пред нас е времето со необично големо значење за секое живо суштество. Ќе оживеат старите борби од минатото, ќе избијат нови судири. Дури и не се претчувствуваат настаните кои ќе се одиграат на овој свет. Сатаната работи преку своите човечки посредници. Тие што се трудат да го променат уставот и да донесат закон со кој присилно ќе се наметне празнувањето на неделата не согледуваат какви ќе бидат последиците од ова. Кризата е веднаш пред нас. {5C 753.2}

Меѓутоа, во оваа голема неволја, Божјите слуги не смеат да се надеваат само на себе. Во виденијата дадени на Исаија, Езекиел и на Јован гледаме колку небото е тесно поврзано со настаните што се случуваат на оваа земја, колку е голема Божјата грижа за Тие што Му се верни. Светот не е оставен без ниеден владетел. Текот на идните настани е во Божјите раце. Величеството на небото одлучува за судбината на народите и се грижи за Својата црква. {5C 753.3}

Ние дозволуваме да нè обземат премногу големи грижи, неволи и стравови во Божјото дело. Товарот на одговорноста не е препуштен само на смртните луѓе. Мораме да се надеваме на Бога, да веруваме во Него и да одиме напред. Неуморната будност на небесните гласници и нивната непрестана грижа за земните суштества ни покажуваат дека Божјата рака управува со движењето на тркалата. Божествениот Учител на секој што учествува во Неговото дело, како на Кир во старо време, му вели: „Јас те наоружав, иако не Ме знаеше" (Исаија 45:5). {5C 753.4}

Во видението на Езекиел, Божјата рака била под крилјата на херувимите. Ова е поука на Неговите слуги дека само Божјата сила може да им подари успех. Тој ќе соработува со нив, ако тие се одречат од секоја неправда и станат чисти во срцето и во животот. {5C 754.1}

Блескавата светлина која со брзина на молња се движи меѓу животните ја означува брзината со која на крајот ќе се заврши Божјото дело. Тој што не спие и што постојано работи на остварување на своите намери, ќе може да обезбеди хармоничен напредок на своето големо дело. Тоа што на ограниченият ум му се чини заплеткано и компликувано раката на Господа го одржува во совршен ред. Тој ќе најде пат и начин да ги осуети намерите на безбожните луѓе и да внесе забуна во советите на тие што работат тајно и коваат завери против Неговиот народ. {5C 754.2}

Браќа, сега немаме веќе време за негодување и очајување, ниту пак имаме време да се оддаваме на сомнеж и неверување. Христос сега не е Спасител во новиот Јосифов гроб, затворен со голем камен и запечатен со римски печат. Ние имаме воскреснат Спасител. Тој е Цар, Господ над војските; Тој седи меѓу херувимите и среде борбите и немирите помеѓу народите во овој свет сè уште го штити Својот народ. Нашиот Спасител владее со небесата. Тој го одмерува секое искушение и стражари покрај вжарената печка во која мора да се искуша секоја душа. И кога ќе се рушат тврдините на царевите, кога стрелите на Божјиот гнев ќе ги прободуваат срцата на Неговите непријатели, тогаш Божјиот народ ќе биде безбеден во Неговите раце. {5C 754.3}